Божидар Видоески

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Том 1

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

FOUNDATION "TRIFUN KOSTOVSKI"

Božidar Vidoeski

THE DIALECTS OF THE MACEDONIAN LANGUAGE

Vol. 1

SKOPJE 1998

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Божидар Видоески

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Том 1

СКОПЈЕ 1998

Одговорен уредник
акад. Зузана Тополињска

Картографска обработка
м-р Марјан Марковиќ

Фонетска и фонолошка транскрипција
Дејан Геговски

Библиографска обработка
Ангелина Панчевска

СОДРЖИНА

Table of Contents

Предговор (Foreword) I

ДЕЛ I (Part I)

ОПШТ ПОГЛЕД
(General Overview)

1. Дијалектна диференцијација на македонскиот јазик (The Dialectal Differentiation of the Macedonian Language) 9
2. Етапи во дијалектната диференцијација на македонскиот јазик (Stages in the Dialectal Differentiation of the Macedonian Language) 33
3. Формирањето на македонските дијалекти (The Formation of the Dialects of Macedonian) 39
4. Тенденции во развојот на македонските дијалекти во XIX и XX век (Tendencies in the Development of the Dialects of Macedonian in the 19th and 20th Centuries) 51
5. Основни дијалектни групи во Македонија (The Basic Dialectal Groups in Macedonia) 65
6. Македонските дијалекти во светлината на лингвистичката географија (The Dialects of Macedonian in Light of Linguistic Geography) 79
7. Проблеми на меѓудијалектниот контакт во преодни говорни области (Problems of Inter-Dialectal Contact in Transitional Dialect Regions) 95
8. Меѓујазичниот контакт (на дијалектно рамниште) како фактор за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик (Inter-Language Contact (on the Dialectal Level) as a Factor in the Dialectal Differentiation of Macedonian) 105
9. Социјалниот фактор во диференцирањето на македонските говори (Social Factors in the Differentiation of the Dialects of Macedonian) ... 123
10. Македонскиот јазик меѓу балканските словенски и несловенски јазици (тези) (The Macedonian Language Among the Balkan Slavic and Non-Slavic Languages (Theses)) 131

Библиографија (Bibliography) 133

ДЕЛ II (Part II)

МОНОГРАФИИ НА ОСНОВНИТЕ ГОВОРНИ КОМПЛЕКСИ
(Monographs on the Basic Dialectal Complexes)

ЗАПАДНОТО НАРЕЧЈЕ
(The Western Dialect Region)

1. Кон разграничувањето на полошките говори (Towards the Differentiation of the Dialects of Polog) 149
2. Кон разграничувањето на говорите во Скопско (Towards the Differentiation of the Dialects in the Skopje Region) 163
3. Централните говори (The Central Dialects) 189
4. Западните периферни говори (The Western Peripheral Dialects) 213
   4.1. Дебарските говори (The Dialects of the Debar Region) 213
   4.2. Охридско-струшките говори (The Dialects of the Ohrid-Struga Region) 245
   4.3. Преспанските говори (The Dialects of the Prespa Region) 277
5. Говорите на исламизираните Македонци во Западна Македонија (The Dialects of the Macedonian Muslims in Western Macedonia) 309
6. Македонските дијалекти во Албанија (The Dialects of Macedonian in Albania) 339

Библиографија (Bibliography) 353

In place of Summary 361

ПРЕДГОВОР

Книгата пред нас е првиот том од тритомното издание кое содржи монографски опис на дијалектите на македонскиот јазик. Пред да се сосредоточиме на самото издание, би сакала да кажам неколку збора за посебната улога што му припадна на македонскиот јазик во словенскиот јазичен свет. Се работи за дијалектен комплекс кој доживеал две различни стандардизации - првата, најрана, кирилометодиевската, која го описменила целото православно словенство, и втората, една од последните на словенската почва, која го воведе македонскиот јазик во кругот на модерните стандардни јазици. Пишувам „една од последните" а не „последна", иако често ја среќаваме во славистичките трудови формулацијата според која македонскиот е „најмладиот словенски стандарден јазик". Таа е оправдана ако за единствен важечки критериум го прифаќаме датумот на објавување на соодветната политичко-административна одлука. Меѓутоа, гледано од поширока перспектива, ова се чини недоволно и дури погрешно. Ми се чини дека поважна временска граница е онаа што ја определуваат првите обиди на една општествена заедница свесно да одбере и да кодификува свој заеднички јазичен стандард како одраз на своето духовно единство. Политичката шанса да се создаде еден центар на моќ кој ќе стави официјален печат врз таквите стремежи е нешто вторично и ретко кога зависи исклучиво од соодветната културна заедница. Гледан од таква перспектива, процесот на македонската стандардизација претставува интегрален дел од целиот пакет паралелни стремежи зародени во текот на првата половина на минатиот век, а кои довеле до словачката, украинската, бугарската кодификација, да ги именувам само процесите најтесно временски корелирани со македонското национално будење. Се разбира, датумот на официјалното озаконување претставува одлучувачки пресврт во животот на еден дијалектен комплекс кој тежи кон нормирање и кон легализација на својот стандарден израз, меѓутоа и самиот тој датум, самиот официјален акт е последица на долготрајни подготовки без кои нема шанси на успех.

Официјалното прогласување на македонскиот стандарден јазик во 1945 г. се случува во време кога многу видни претставници на славистичката наука веќе ја потврдиле и ја прогласиле неговата самостојност како резултат на нивните истражувања на македонските дијалекти. Тука спаѓаат имињата на Сандфелд (Sandfeld), Вајан (Vaillant), Мазон (Mazon), Малецки (Małecki), и др. Меѓутоа, разбирливо, дури по 1945 г. почнува истражувачката работа на првата генерација македонски дијалектолози, најкомпетентни во анализирањето на својот мајчин јазик. Меѓу претставниците на таа прва генерација централна улога му припаѓа на авторот на оваа монографија, Божидар Видоески. И сега, најпосле, можам да кажам зошто се решив овој мој текст да го започнам со забелешките сврзани со доцната официјализација на македонскиот стандарден јазик. Имено, доцното влегување на еден дијалектен комплекс и/или еден стандарден јазик во кругот на општо признатите јазици има и свои добри страни, под услов дека во текот на тој процес на соодветно место ќе се најдат соодветни луѓе. Во маке-

донскиот случај беше токму така - на славистичката лингвистичка сцена се појавија Блаже Конески и Божидар Видоески и знаеја, секој на свој начин, максимално интелектуално да го искористат фактот дека кон научната анализа и опис на македонската јазична стварност се пристапува во доба кога лингвистичката теорија нуди многу инструменти за реализацијата на таа цел.

На македонската дијалектологија ѝ се случи ретката и среќна коинциденција: анализата и описот на живите дијалектни системи, доскоро неподложни на влијанија на младиот стандард, станаа животна задача на научник кој суверено ја совлада современата лингвистичка теорија, а и дијалектолошката методологија и кој творечки и оригинално знаеше да ги применува. Видоески го познава до најситни детали македонскиот дијалектен јазик во целата негова диференцираност и кога ги обработува тие детали секогаш целата слика му е пред очи. Како резултат на таквата постапка, секој нов детаљ го збогатува синхронискиот мозаик а истовремено ја олеснува реконструкцијата на дијахронискиот пат на македонскиот дијалектен комплекс.

Македонските дијалекти претставуваат непроценлив извор на нови сознанија не само за славистиката и за балканистиката, туку и за општата лингвистичка типологија. Трудовите на Видоески претставуваат стручен и сигурен водич низ сето тоа богатство, при тоа максимално компетентен бидејќи многуте откритија како и нивната умесна синтеза претставуваат негова интелектуална сопственост.

На славистот-македонист трудовите на Видоески му нудат фасцинантен увид во минатото на изучуваниот јазичен материјал. Македонската дијалектна територија претставува периферија на словенскиот јазичен свет, и тоа една од старите периферии, од оние стари периферии каде што словенската (македонската) јазична граница со векови, иако бавно, постојано се повлекувала, на југ главно пред грчкиот, на запад главно пред албанскиот јазик. Истражувањата на Видоески ги збогатуваат нашите сознанија за патиштата на ова повлекување и - пред сè - за старата јазична состојба на ареалот од којшто се повлекле живите македонски дијалекти. Тој многу внимание им посветува на врските меѓу македонските и црногорските дијалекти кои оставиле бројни траги на денешната албанска јазична територија. Резултатите од овие проучувања го водат до сознание дека западномакедонското наречје, кое од најстариот период на самостојниот развиток претставувало ретко јак центар на ирадијација на јазичните иновации, порано било поставено поцентрално во однос на границите на македонската етничка и јазична територија и дури подоцна претрпело значителни загуби долж западната граница. Со ова се доградува и се зацврстува сликата на два поларизирани словенски јазични и културни центри на средниот Балкан во раниот среден век – западномакедонскиот и источнобугарскиот.

Славистот-компаративист во трудовите на Видоески ќе најде богато документирана потврда за сето она што инаку ни го кажува лингвистичката теорија за широко сфатените јазични периферии, имено, дека тука се пазат архаизми кои овозможуваат внатрешна реконструкција на постарите состојби, не само во македонскиот, туку и во најширока смисла во словенскиот јазичен дијасистем. Доволно е да се споменат - на фонолошки план - чувањето на старите фонетски вредности и фонолошки дистинкции во вокалните системи, зацврстените во одделни дијалекти етапи на еволуција на слоговните сонанти,

како и етапите на еволуција на акцентскиот систем од подвижен и слободен, морфолошки мотивиран акцент, до различни типови на фонетска стабилизација, да ги набројам само најважните и најкомплексните појави: - на морфосинтаксички план - чувањето на старите синтетски минати времиња, стабилизацијата и функционалната еволуција на тројниот систем на показните заменки, чувањето на присвојните придавки во генитивна функција, чувањето и еволуцијата на збирните именки како граматичка категорија, и др.; - најпосле на планот на лексиката - многуте немотивирани и мотивирани формации кои се загубиле во центарот на словенската територија, а се пазат во еден, два или дури повеќе периферни ареали, исто така многуте семантички архаизми, најпосле и некои стари заемки кои сведочат за јазичните контакти на Прасловените со не-словенските јазични заедници. Со еден збор: македонскиот дијалектен ареал, благодарение на својата периферна поставеност и вековен спонтан развиток, претставува олицетворение на познатата - а во однос на другите делови на словенскиот јазичен свет тешко применлива во резултат на другите историски текови - вистина дека јазичната географија претставува запис на јазичната историја. Свесен за тоа, Видоески знае овој факт максимално да го искористи.

Спомнав веќе дека македонските дијалекти претставуваат посебно важен извор на информации не само за славистите и македонистите, туку и за балканистите. Впрочем, сакал не сакал, секој македонист мора да биде и балканист.

Балканскиот јазичен сојуз е познат како класичен пример на заедница од дијалектни комплекси (дијасистеми) од различно потекло коишто со векови на конвергентен развиток постигнале значаен структурен паралелизам. Меѓутоа, ретко кој од теоретичарите коишто се служат со тој пример истовремено подвлекува дека се работи за прилично изолиран пример. Имено, во Европа, покрај, можеби, Кавказ, немаме друга јазична заедница од сличен тип. Се наложува заклучокот дека на Балканот специфичните историски услови на јазичниот и, пошироко, културниот развиток на повеќе етнички заедници создале една ситуација речиси без преседан. Токму таа ситуација, нејзиниот лингвистички аспект е предмет на истражување на лингвистите балканисти, а токму во македонските дијалекти соодветните процеси достигнале своја кулминација. Овде повторно треба да се спомене значењето на географскиот запис на историјата. Големата диференцијација на македонските дијалектни системи дозволува да се следат етапите на нивната „балканизација“ којашто е најизразена во денешниот централен ареал од западномакедонското наречје. Причината за тоа треба да се бара како во централната положба на тој ареал на Полуостровот, така и во интензивната симбиоза пред сè на македонското и ароманското население токму на тој ареал. Ова се познати факти, меѓутоа нивната сè побогата документација и сè попрецизна историска перспектива се должи токму на сестраната продлабочена анализа на македонскиот дијалектен јазик што ја водат за последните педесет години македонистите, а меѓу нив пред сè авторот на ова дело.

Лингвистичката балканистика е гранка на дијалектологијата. Младите балкански стандардни јазици во процесот на стандардизацијата или ги елиминираат балканизмите или го кочат нивниот натамошен развиток. Дури и на ниво на дијалектите новите политички граници претставуваат бариера за конвергентните иновации, меѓутоа во помали размери во пограничните зони

или во зоните каде што живее јазично мешано население „малата конвергенција“ продолжува, што наоѓа полн одраз во минуциозните анализи на Видоески. Прецизноста и сестраноста на неговите опсервации на балканистите-компаративисти им овозможуваат откривање на нови балкански паралелизми дури и кога самиот автор не ги спомнува.

Двете основни развојни линии на процесите на балканизација: (1) семантичката и морфосинтаксичката реструктурација на падежните односи и (2) семантичката и морфосинтаксичката реструктурација на аспектуално-темпоралниот и темпорално-модалниот систем, во сите детали се „запишани“ во македонската дијалектна географија и прецизно одразени во трудовите на Видоески.

Сите досега спомнати карактеристики на македонскиот дијалектен јазик го прават привлечен објект на анализа и за општите лингвисти, за теоретичарите заинтересирани за синхрониската и дијахрониската типологија, за механизмите на јазичната измена, за меѓусистемската интерференција и сл. Би сакала да набројам уште некои особини, по мое мислење посебно интересни од типолошка гледна точка. Сите тие остануваат во тесна врска со вековниот слободен, ненормиран развиток, без обединувачко влијание на некој заеднички „свој“ престижен код. Имено, таквата состојба дозволила извесни тенденции, инаку присутни и во другите словенски и несловенски средини, да се развијат до својот краен резултат, откривајќи ја на тој начин природната логика и хиерархија на многуте развојни механизми. Со други зборови: македонските дијалектни системи претставуваат необично богато опремена лабораторија за истражување на спонтаниот живот на јазикот како таков. Посебно интересни се оние тенденции кои ширејќи се хоризонтално на едно ниво од јазичната структура со време стекнуваат и вертикална димензија и предизвикуваат структурни измени на други, повисоки нивоа. На прво место би ја навела тенденцијата поврзана со карактерот на акцентот. Тоа е тенденција кон квалитативна и квантитативна редукција на вокалите која по пат на верижна реакција води кон секундарно долгите слогови, кон измени во слоговната структура на зборoформата, кон синкретизам на категоријалните морфолошки показатели, најпосле, кон реструктурација на категоријалните парадигми и губење на дел од граматичката (граматикализирана) информација. Меѓу процесите чие слободно ширење води кон далекусежни измени спаѓаат и некои аналошки израмнувања во областа на деривацијата. Тука пред сè треба да се спомене формалната имперфективизација со суфиксот *-ува* во сите негови морфонолошки варијанти, чие ширење во сите наследени зборообразувачки модели води не само кон формално упростување на глаголската морфологија, туку - зависно од лексичкото значење на глаголската лексема - предизвикува и измени во внатрешната структура на категоријата вид. И двете опишани тенденции со сите нивни далекусежни последици ни се познати од работите на Видоески.

Посебен комплексен проблем претставува начинот како македонските дијалектни системи реагираат на многуте импулси коишто во текот на секојдневната комуникација доаѓале, а делумно и доаѓаат, од дијалектните системи на другите јазици. Ние сите нив ги ставаме под заедничка шапка „балкански јазици“, меѓутоа, треба да бидеме свесни дека се тие (т.е. грчкиот, албанскиот, ароманскиот и мегленороманскиот, а на маргината на „балкан-

скиот сојуз“ и османлитурскиот и ромскиот) јазици со многу различно граматичко наследство. Се работи и за начинот како се присвојуваат туѓите синтагматски низи на сите нивоа на јазичната структура и - а, можеби, пред сè - за начинот како се присвојуваат туѓите граматикализирани функции и значења, т.е. како наследениот граматички и лексички материјал се оспособува за употреба во нови функционални мрежи.

Општиот впечаток од контактот со македонските дијалектни системи, пред сè со оние „најбалканските“, е дека, општо земено, сите измени предизвикани од балканската културна и јазична средина биле контролирани од прагматичкиот и/или семантичкиот фактор и воделе кон зголемување на транспарентноста на граматикализираната информација, т.е. кон олеснување на комуникацијата со претставниците на други јазични кодови.

Како што реков на почетокот на овој предговор, пред нас е првиот том од монографскиот опис на дијалектите на македонскиот јазик. Тој содржи општ, синтетски дел, т.е. низа студии кои ја опишуваат и ја објаснуваат дијалектната диференцијација на македонскиот јазичен ареал, како и серија монографии на дијалектните комплекси што го сочинуваат западномакедонското наречје. Она што во текот на самото истражување доаѓа на крајот - синтетичен поглед граден врз заклучоци од деталниот опис на одделните дијалектни системи - овде го добиваме како прв сегмент на описот, систематски преглед на онаа богата и сестрана проблематика којашто се обидов да ја претставам погоре. Само лингвист кој од сопствено искуство ја знае целата дијалектна територија и целата дијалектолошка проблематика на својот јазик може да понуди едно такво решение.

Книгата ја отвора еден општ синтетичен преглед на актуелната дијалектна диференцијација на македонскиот јазик придружен со дијалектна карта на Македонија. Наредните три глави носат една богато документирана реконструкција на етапите на дијалектната диференцијација на македонскиот дијасистем. Оваа реконструкција во двете глави што следуваат е крунисана со претставувањето на главните дијалектни групи кои се формирале како резултат на порано разгледаните процеси, карактерот на границите, односно на преодните зони меѓу тие групи, главните правци на изоглосите... По презентацијата и образложувањето на внатрешните дијалектни граници, во осмата глава предмет на анализа се односите меѓу македонските дијалекти и дијалектите на другите, соседни јазици и придонесот на меѓујазичната интерференција кон диференцијацијата на македонскиот дијалектен јазик. Следува еден поглед врз дијалектната диференцијација од перспектива на социјалната вертикала: односот меѓу селските и урбаните градски дијалекти, и влијанието на вероисповедта како фактор на диференцијацијата и сл. Општиот дел требаше да го затвори глава што врз основа на сите порано изнесени податоци би го определила местото на македонскиот јазик меѓу другите словенски и несловенски јазици на Балканот. За жал Авторот не го доврши тој текст - ги приведовме само главните тези врз кои таквиот текст во неговата замисла требаше да биде изграден.

Не ми е позната друга таква синтеза чиј предмет би бил еден словенски јазик во сите негови дијалектни разновидности, гледани како од синхрониска, така и од дијахрониска гледна точка. Обично одделно се објавува синхронис-

ката синтеза, т.е. актуелната дијалектна диференцијација на дадената територија, одделно дијахрониската синтеза, т.е. т.н. историска граматика каде што историјата на стандардниот јазик доминира над развојот на дијалектните системи, пак одделно – нацрт за социјалната диференцијација на дијалектниот јазик, итн. Во ова издание истиот огромен фактографски материјал којшто е предмет на опис и анализа е подложен на синтеза и протолкуван во сите горенаведени аспекти. Ова можел да го направи само автор кој суверено го владее материјалот и знае да го смести во широка теоретска перспектива.

Во вториот дел од овој том е претставено западномакедонското наречје. Вториот том од ова издание донесува монографски описи на дијалектните комплекси што го сочинуваат југоисточното наречје, како и преглед на северните говори. Третиот том содржи монографии на одделни структурни особини од клучно значење за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик.

Зузана Тополињска

Ова издание излегува по смртта на Авторот. Од него доаѓа концепцијата на првиот (општ) и на третиот дел (монографии на одделни структурни особини на македонскиот дијалектен јазик), додека концепцијата на вториот, централен дел (монографии на одделните дијалектни комплекси) е содржана во неговите најнови синтетски студии за поделбата на македонскиот јазичен ареал. Тој исто така имаше можност да се запознае со текстот на Предговорот.

Уредничките интервенции во Авторскиот текст се сведени на минимум, т.е. на: а) униформирање на фонетската транскрипција, б) униформирање на терминологијата, и в) униформирање на начинот како се приведува користената литература. Образец за сите тие интервенции претставуваа најновите трудови на Авторот. За да се одбегнат посериозни интервенции во авторскиот текст, а со оглед на фактот дека врз одделните фрагменти на своето дело Авторот работел во текот на целиот свој работен век, што само по себе предизвикало извесни измени во перспективата на гледање и на оцена на анализираната проблематика, решивме под секоја глава да го ставиме датумот кој кажува кога била оформена првата верзија на соодветниот текст.

Забелешки:

1. Дијалектните карти се приложени на крајот на сооодветната глава.
2. Дијалектните текстови се дадени во транскрипција според *Антологијата на македонските дијалектни текстови,* составувач Б. Видоески (во печат).
3. Фуснотите дадени со ѕвездичка (*) потекнуваат од Редакцијата.

Фонетска транскрипција

Вокали

		и		*ӥ*					*у*	
			ẹ					*ọ*		
				е		*ă*		*о*		
					ɛ	*ạ*	*ɔ*			
						ä	*å*			
							а			

Консонанти

п̄	*б*				*ф*	*в*		*м*			
					θ	*ð*					
т̄	*д*		*ц*	*ʂ*	*с*	*з*		*н*	*л*		
			ч	*ц*	*ш*	*ж*				*р*	
			ќ	*ѓ*				*њ*	*љ*		*ј*
к	*г̄*					*х*					

Функции на дијакритичките знаци:

- **назалност:** *ę, ą*
- **неслоговност:** *i̯, ў*
- **слоговност:** *р̩, л̩*
- **должина:** *а:*, *е:*, *и:*, *о:*, *у:*
- **лабијализација:** *å*
- **поместена артикулација кон напред:** *ä*
- **поместена артикулација кон горе:** *ạ, ẹ, ọ*
- **полузвучност:** *б̯, д̯, г̯, з̯, ж̯, в̯*
- **палаталност:** *т̄′*, *д′*
- **палатализираност:** *б’*, *п̄’*, *л’*
- **ослабена артикулација:** *с^{ă}рце, ле^{i}а, зме^{x}*
- **акцент:** *в'икам, уфч'ар, вик'аше, вод'еница*
- **споредeн акцент:** *в'ечерӈица, з'адушӈици, с'еверӈица*

ДЕЛ I

ОПШТ ПОГЛЕД

1. ДИЈАЛЕКТНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

1. Македонскиот јазик го зафаќа централниот дел на Балканскиот Полуостров. Го зафаќа сливот на реките Вардар и Струма и долниот тек на реката Места. На запад тој граничи со албанската јазична територија. Јазичната граница на тој дел во голема мера се совпаѓа со државната граница меѓу Република Македонија и Албанија. Неа ја сочинува планинскиот венец Кораб – Дешат – Јабланица, откаде што се спушта на југозападниот дел на Охридското Езеро. На овој дел на албанска страна остануваат триесетина македонски населби во долината на Дрим западно од градот Дебар и во областа Голо Брдо и три села на брегот на Охридското Езеро. Од јужниот брег на Охридското Езеро границата свртува на југоисток и преку планината Галичица се спушта на југозападниот дел на Преспанското Езеро, откаде што продолжува на југ и преку планината Мокра избива на Грамос, југозападно од градот Костур. На овој дел од границата на албанска страна остануваат десетина села на западниот брег од Преспанското Езеро и три села источно и југоисточно од градот Корча.

На југ македонскиот јазик граничи со грчкиот на целиот простор од планината Грамос па до реката Места во Тракија. Јазичната граница на овој дел навлегува значително подлабоко на југ од денешната државна граница меѓу Република Македонија и Република Грција. Македонска реч може да се чуе сè до линијата Грамос – Бер – Солун. Од Солун таа продолжува на исток, па преку областа Богданско, каде што се наоѓаат во словенската лингвистика добро познатите по својот архаичен дијалект селата Сухо и Висока, излегува на реката Места нешто малку североисточно од градот Драма. На исток македонскиот граничи со бугарскиот јазик. На овој дел имаме природна граница. Неа ја сочинува планинскиот венец Деспат – Рила. Од Рила границата свртува на северозапад нешто малку посеверно од Благоевград (Горна Џумаја) и излегува на државната граница меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

На север спрема српската јазична територија јазичната граница се поклопува со денешната граница меѓу Република Македонија и СР Југославија. И на овој дел имаме природна граница која ја сочинуваат планините Козјак – Руен – Скопска Црна Гора – Шар Планина – Кораб.

Овие се денешните граници на македонската јазична територија. Во минатото македонско словенско население имало далеку по на запад и по на југ од денешните граници. Многу историски извори говорат дека словенско население живеело во Јужна и во Средна Албанија, а на југ во Епир, Тесалија и на сето Егејско крајбрежје. Голем дел од топонимијата во тие области е словенска, особено микротопонимијата. Низ вековите јужната и западната граница сè повеќе се поместувале кон север, одн. кон исток на албанска страна,

како што било потискувано македонското словенско население. И тој процес на поместување на македонската етничка граница, респ. и јазичната, трае до најново време, а се врши и денеска.

На македонско-албанското јазично пограничје на еден не многу широк простор на правецот Скопје – Тетово – Дебар – Струга – Поградец – Корча живее мешано население – покрај македонското и албанско – со мајчин јазик албански. Во поголема мера тоа население е билингвално.

Исто така и на македонско-грчкото јазично пограничје и широк простор во Егејска Македонија живее мешано – македонско и грчко население. Македонското население превладува по бројот во костурско-леринското и воденско-пазарското подрачје. Во пописните документи од 1951 година на територијата на Грција живееле околу 250.000 Словени, респ. Македонци.

На југозападниот дел на пограничјето со албанскиот и со грчкиот јазик покрај македонското население живеат Грци, Власи и Албанци. Во многу пунктови на правецот Грамос – Рупишта – Негуш – Меглен населението е трилингвално. Македонците покрај својот мајчин јазик говорат и грчки, кој е за нив и службен јазик, и влашки.

Северната јазична граница е релативно стабилна. Разместувањето на населението низ вековите на тој дел се вршело сукцесивно и не оставило повидни траги на јазикот. Дијалектот на неколку села во областа Козјак кои се декларирале за Срби не се разликува ниту по една црта од говорот на македонското население.

Македонското население во областа Пиринска Македонија (околу 180.000 според пописот од 1956), која се наоѓа во составот на Р. Бугарија, освен со својот македонски дијалект се служи и со бугарскиот стандарден јазик како службен.

2. Македонскиот јазик генетски спаѓа во јужнословенската група јазици заедно со бугарскиот, српскиот/хрватскиот и словенечкиот. Сите овие јазици ги поврзуваат: развојот на групите **ort, *olt* во *rat, lat*, сп. мак. *расте, лакот*, замената на секвенците **tort, *tert – *tolt, * telt* во *trat, trět – tlat, tlět*, мак. *врана, брег, млеко*, замената на **ę* со *е*, мак. *пет*, резултатите на некои промени сврзани со т.н. втора палатализација на заднојазичните консонанти, консеквентната замена на **kv-, *gv-* во *цв-, зв-* пред **ě* и **i* од дифтоншко потекло, наставката **-оть* во инструменталот кај именките од м. и с. род од старите *о*-основи, сп. стсл. *работь, селомь*, *да* како елемент за граматичка зависност на реченичкиот исказ, во областа на деривацијата развојот на суфиксите со елементот *-ц-*, суфиксите **-al′ьka, *-ice*, како и редица лексички или лексикализирани особености.

3. Потесна целина во јужнословенската јазична фамилија сочинуваат македонскиот и бугарскиот. Од старите дијалектни особини од српскиот и хрватскиот нив ги диференцираат пред сѐ отворената (ниската) артикулација на вокалите **ě* и **ǫ*. Назалот **ǫ* по испаѓањето на еровите и по деназализацијата негова во македонскиот и во бугарскиот се изедначил со т.н. секундарен

ер (ъ$_2$)*, сп. мак. *рака – магла*, буг. *ръка – мъгла*, (: срп. *рука – магла*). Во бугарскиот јазик и на поширок ареал на македонската јазична територија прасловенските групи **tj, *dj* се рефлектирале во */шт, жд/*, во југозападните македонски говори, можеби, и во */шч, жџ/*, сп. мак. дијал. *гашти – гашчи, межда – межџа*, буг. *гащи, межда* : срп. *кућа, међа*.

Во историскиот развиток на Балканскиот Полуостров во македонскиот и во бугарскиот, како и во српскиот торлачки (призренско-тимочкиот) дијалект се развиле ред заеднички иновации под влијание на соседните балкански несловенски јазици. Меѓу поважните заеднички иновации спаѓаат: загубата на квантитетот и старите интонациони разлики, загубата на наследената синтетичка деклинација и преминување на аналитички начин на изразување на именските односи – со предлози и една општа форма (*casus generalis*), сп. *Го виде Марка, Му рече на Марка, Одев со Марка*, потоа појавата на граматичката категорија определеност која формално се изразува преку посебни членски морфеми, сп. *Го виде човекот*, во македонскиот уште и: *човекон, човеков,* аналитичкото степенување на придавките, сп. *подобар, најдобар*. Доста заеднички промени овие два јазика, делумно и торлачкиот дијалект, претрпеле и во областа на конјугацијата. Тие го загубиле инфинитивот, кој е заменет со *да*-реченици, а се развиле нови форми со помошниот глагол **xotěti*, сп. мак.: *ќе одам, ќе одев, ќе сум одел*, итн. Една важна структурна иновација во двата јазика претставува и удвојувањето на објектот, сп. мак. *Го виде човекот, Земи ја книгана, Му ја даде книгата на Петрета.*

Овие и уште ред други особини од областа на граматичката структура македонскиот и бугарскиот ги доближиле до несловенските балкански јазици – влашкиот (ароманскиот), албанскиот и грчкиот. Сите тие јазици денеска ја сочинуваат тн. балканска јазична лига.

Така македонскиот и бугарскиот, кои ја сочинуваат источната подгрупа на јужнословенските јазици, се оддалечувале постепено од западната – српскохрватско-словенечка подгрупа, која во најголем дел ја сочувала наследената словенска граматичка структура, а повеќето иновациони појави што се развиле на тој терен се од подруг карактер.

4. Во својот историски развој македонскиот јазик доживеал извесен број промени и во контактот со српскиот.

Еден број од најраните иновации настанати на српскохрватскиот ареал се раширила и на северниот дел од македонската јазична територија. Во еден дел од северните македонски говори **ъ* и **ь* се изедначиле како во српскохрватскиот дијасистем, сп. *сăн, дăн*. На тој терен се вкрстосуваат изоглосите на рефлексите */у/* и */а/* место носовката **ǫ*, сп. *рука – рака*, или: *рука*, општата форма *на руку* покрај *на рака*. Место **tj, *kt′, *dj* во апелативната лексика редовно се јавуваат континуантите */ќ, ѓ/: куќа, плеќи, веѓи, чаѓе*. Вокалното **ѫ* овде се рефлектирало како во соседните српски дијалекти – во */у/* и зад денталите во */лу/* во посеверниот појас, одн. во */лă/* на другиот терен од северната група, сп. *вук, слуза – слăза, длуго – длăго*.

---

* Овде и во натамошниот текст конвенционалниот назив "секундарен ъ$_2$" треба да се толкува како "секундарно вметната самогласка".

Северните македонски говори со граничните српски дијалекти ги поврзуваат уште цела серија други особености и од областа на граматиката и деривацијата.

Еден дел од тие црти, карактеристични за српското јазично подрачје, навлегле подлабоко на македонската територија. Така, на пример, фонемите /ќ, ѓ/ на местото на **tj, *dj* ги среќаваме во ред лексеми и морфеми дури во најјужните македонски говори. Така се случило на македонскиот терен место **tj, *kt′ – *dj* да се јави двојна замена – со /шт – жд/, одн. /шч – жџ/ и /ќ – ѓ/, сп.: *плеќи, плешка, синоќ, синошен, свеќа, свешник, меѓа, межник*. Некои лексеми, на пр. *веќе, среќа, несреќа, такуѓере, с(в)еѓере*, партикулата *ќе*, се раширile готово на сета македонска јазична територија. Со српското јазично влијание се објаснуваат во македонскиот и преминот на /ч/ во /ц/ во старите групи **čr-, *črě-*, сп. *црн, цркве, цревo*, заменката /у/ место **ǫ* во одделни лексеми, сп. *куќа, суд* и др., заменката *он*, предлогот *у*.

Како заедничка тенденција на македонскиот и на српскиот се истакнуваат замената на **ě* со /е/: *бел, леб, сено* и депалатализацијата на консонантите. Веројатно и јотувањето на групите *тј, дј, нј* би дошло во последнава група појави, сп. *браќа, луѓе, тркње*.

Интересно е да се укаже дека оние црти што се јавиле под влијание на српскиот јазик најдлабоко продреле во македонскиот јазичен ареал по долината на реката Вардар, каде што води и главната комуникација за Солун и Егејско Море.

Влијанието на српскиот јазик врз македонскиот до поголем израз доаѓа од крајот на XIII век, кога границите на српската држава се шират на југ.

Од друга страна и македонскиот во извесна мера повлијаел на граничните српски дијалекти. Како македонизми на призренско–јужноморавското подрачје од српската територија се сметаат: фонетскиот облик на глаголската морфема *-на-* /< **nǫ-*/, сп. *паднал*, протетичкото /ј/ пред почетното *у* < **ǫ* во примери од типот: *јуже, јутак, јузал*, тврдиот изговор на /л/ пред задните вокали и пред консонант: *лакат, лош, дал*, испуштањето на вокалите во проклитичките зборови кога следната зборoформа почнува со вокал, сп. *с-измu, м-изеде, д-умре* (*се измu, ме изеде, да умре*), заменските клитики *нѐ, вѐ,* глаголските форми *са* (во 3. л. мн. од *сум*), *биле*, глаголските морфеми *-(х)мо, -(х)те* во аористот-имперфектот, губењето на родовата диференцијација во множината на партиципот: *биле*. Но за разлика од србизмите, кои влегле подлабоко во јазичната структура на македонскиот, македонизмите во српскиот се задржале на неговата тесна периферија.

5. Македонскиот јазик, од друга страна, развил и ред иновации коишто ја насочувале граматичката структура во поинаков правец, различен од оној по кој одел процесот на бугарскиот ареал. На македонскиот терен се јавува ново иновационо огниште. Македонските иновации се јавуваат скоро паралелно со оние што ги истакнавме како источно-јужнословенски. Тие иновациони појави ја засегаат јазичната структура како целина.

Меѓу најстарите фонетски иновации со коишто се диференцира македонскиот јазичен ареал е замената на јаките ерови: **ъ* во /о/, **ь* во /е/, сп. **sъпъ* > *сон*, **dьпь* > *ден*. Во бугарскиот место **ъ* има /ъ/, сп. **sъпъ* > *сън*. Во српскиот /

хрватскиот двата ера се изедначиле: *ъ = *ь > /а/ во новоштокавскиот дијалект, сп. *сан*, *дан*. Оваа особина, зародена на македонското иновационо огниште, ја опфатила готово сета денешна етничка Македонија, со исклучок на еден поограничен појас со српската јазична територија на север и на крајниот југоисток на пограничјето со родопскиот дијалект на бугарскиот јазик. Подоцна таа во одделни морфеми се проширила и подалеку на североисток зафаќајќи и дел од бугарското јазично пограничје.

Во рамките на овој јазичен ареал, зацртан со замената на *ъ и *ь во /о/ и /е/, која е извршена уште во X–XI век, се наслојуваат низ вековите цела редица нови црти, коишто сè повеќе и повеќе го оддалечувале од другите иновациони центри на соседните словенски територии. Меѓу поважните иновации спаѓаат – во фонетиката: појавата на протетичко /ј/ пред иницијалното *ѧ, одн. неговите континуанти, сп. *јаг̄лен* (*јог̄лен*, *јӓг̄лен*, *јӓг̄лен* во одделни локални говори), изедначувањето на предниот назал *ѧ со *ѣ, на пр. *месо* и *мера* (во дијалектите: *мјӓсо, мјӓра*), затврднувањето на старите палатали, со што се отклонила опозицијата по признакот палаталност кај парните палатални консонанти, подоцна загубата на фонемата /х/, нејзината замена во /в, ф/ во западниот дел од јазичната територија, појавата на палаталните консонанти /ќ, ѓ/, јотувањето на консонантските групи *т̄ј, дј, нј* во /ќ, ѓ, њ/, во граматиката: множинските наставки кај именките *-ови* (*денови*) и *-иња* (со фонетските варијанти *-ина, -ијна*), сп. *т̄илиња, т̄расиња*, кај глаголите наставките *-ме* во 1 л. мн. кај сите глаголи, сп. *имаме, ораме, носиме, береме*, и *-ле* во множина на *л*-партиципот: *биле, зеле*, потоа: испуштањето на помошниот глагол во 3. л. во перфектот: *т̄ој бил, т̄ие биле*. Важни структурни промени во глаголскиот систем на македонскиот јазичен ареал внесле конструкциите со партикулата 'ќе' и со помошните глаголи 'има / нема' плус глаголската *н*/*т̄*-форма во среден род од типот: *имам дојдено, имав дојдено*, *сум имал дојдено*, негде дури и *бев имал дојдено* и 'сум' плус глаголската *н*/*т̄*-форма од сите глаголи, вклучувајќи ги и непреодните, сп. *сум дојден, бев дојден, сум бил дојден*, итн. Со нивниот развој и вклопување во македонскиот глаголски систем дошло истовремено и до распределба на функциите меѓу новите форми и наследените словенски облици.

Посебен белег на македонскиот јазик му даваат акцентот и структурата на ред синтагми. На македонскиот ареал се оформил нов акцентски систем. Лексичкиот акцент е фиксиран на третата мора во повеќесложните збороформи, сп. *бр'а̄т̄учед – бра̄т̄'учеди – бра̄т̄уч'едиве*. Освен тоа македонскиот акцент има синтагматски карактер. Цели синтагми се потчинуваат под еден акцент, сп. *М'ајка-му т̄олк'у-време не-беше-г̄о в'идела с'ина-си. Од-п̄р'ед-вра̄т̄а му-ја-з'едоа нова̄т̄а-к'ошула*. Во врска со местото на акцентот истовремено треба да истакнеме дека неакцентираните вокали не подлежат на квалитативна редукција со исклучок на еден мал број говори во југоисточна Македонија.

Посебност во македонскиот јазик во однос на околните словенски јазици е и можноста пред глаголот да стојат заменските и глаголските клитики, сп. *Му рече на бра̄т̄-му, Го викна де̄т̄ето, Сум му бил на свадбата*.

Приведениве јазични особености потекнуваат од едно иновационо огниште и најголем дел од нив останале во рамките на македонскиот јазичен ареал опфаќајќи помала или поголема територија. Нивните изоглоси образуваат затворени линии и имаат приближно ист правец на движење.

Така на денешната македонска јазична територија се оформил еден посебен дијасистем, но кој не ја прекинал врската ни со дијасистемот оформен во рамките на денешна Бугарија, и којшто постојано ги продлабочувал врските со дијасистемот на српскохрватскиот јазичен ареал.

6. Најголем дел од приведените иновации, а уште и ред други, се јавиле во резултат на меѓујазичниот контакт на македонскиот со балканските несловенски јазици, а пред сè со балканскиот латински. Балканските јазици влијаеле на два плана. Од една страна тие поттикнувале нови процеси, кои понатаму оделе по свој пат како што им го одредувал јазичниот систем на македонскиот, одн. микросистемот, ако појавата се вршела во рамките на еден помал ареал на македонскиот дијасистем. Од друга страна пак несловенските јазици успорувале некои јазични процеси во граматичката структура.

Како „балканизми", иновациони појави што се развиле во контактот со балканските несловенски јазици, во науката се прифатени: загубата на синтетичката деклинација, развојот на категоријата определеност кај именските зборови и во врска со тоа појавата на постпозитивниот член, аналитичката компарација, удвојувањето на објектот, модалните глаголски форми со 'ќе' и конструкциите со 'има / нема' и со 'сум'+глаголската *н/т*-форма. Овие иновации зафатиле поширок ареал на словенскиот Балкан. Повеќето од нив во помала или поголема мера присутни се и во бугарскиот дијасистем, а дел од нив и во торлачките дијалекти на српската јазична територија. Но еден добар дел од нив се задржал на македонскиот терен и длабоко навлегол во структурата на македонскиот јазик. Во западниот и во јужниот регион на македонската јазична територија се затврднале: препозитивната употреба на клитиките, сп. *Го виде Стојана, Му рече на Стојана, Си го изел лебот*, испуштањето на предлогот *во*, сп. *Ќе одам Битола, Отиде Прилеп*, искажувањето на директниот објект со предлогот *на* кај именките што означуваат живо суштество, сп. *Го викна на Марко*, генерализирањето на една кратка заменска форма – дативната за машки и среден род *му* како граматички сигнал за дативниот објект, сп. *Му рече на човекот, Му рече на детето, Му рече на жената, Му рече на жените / децата / мажите*. Многу сличности меѓу западните македонски дијалекти и аромански наоѓаме во употребата на предлогот *од* со посесивно значење, сп. *куќата од Марка*. На сета западна територија од Гостивар па до Корча и Костур под влијание на назалните сонанти /*м, н*/ вокалот /*а*/ се назализирал – *ą*, а потоа се рефлектирал како и стариот назал **ǫ*, сп. *снāга* (< *снага*), *знāм* (*знам*) во горнополошкиот, дебарскиот, охридско-преспанските, одн. *снога* во малореканскиот, *снāга* во дримколско-голобрдскиот. На еден тесен појас во југозападна Македонија се загубил *л*-партиципот, а со него и сите сложени форми што се образувале со него (перфектот, плусквамперфектот, потенцијалот). Функциите на тие форми ги презеле соодветните конструкции со 'има / нема' и со 'сум'. Во сушко-височкиот говор место партикулата 'ќе' за футур се употребува грчкото *за* : *за носа*. Ред балканизми на македонскиот терен наоѓаме и во областа на деривацијата, на пр. деминутивно-хипокористичкиот суфикс *-уле* : *детуле*, *брадуле*, и посебно во лексиката. Сите приведениве јазични особености распоредени се на западната и јужната периферија на македонскиот јазик, таму каде што се разграничува тој со албанскиот и со

грчкиот, и каде што има и денеска најголема концентрација на ароманско население.

„Влијанието на балканската јазична средина не се огледа само во промените што ги зафатиле од наследениот словенски граматички тип, туку и во одржувањето на поедини негови облици, во случаи каде што имало поклопување со балканските јазици“ (Конески, 1960 : 493). Така се објаснува зачувувањето на аористот и имперфектот, а во западно-македонските говори и дативот кај личните и роднинските имиња од машки и женски род.

7. Иновационите појави што се развиле на македонскиот јазичен ареал не се ширеле подеднакво и сите во еднаков правец.

Еден дел од нив, видовме, ја опфатиле сета македонска јазична територија и станале диференцијални црти на македонскиот по однос на српскиот и на бугарскиот, или само на еден од нив. Таков е случајот со континуантите на еровите.

Друга група иновации зафатиле само дел од македонскиот дијалектен јазик, а во другиот дел сè уште вреат старите особини кои се наоѓаат во отстапување. Тоа значи новиот процес или не завршил, или новата појава во некој микросистем е попречена. Ова се однесува, се разбира, каде што имаме унилатерални иновации и географски тие се опонираат со старите. Старите црти во такви случаи се одржуваат на периферијата. Така, на пример, на западната и јужната македонска јазична периферија сè уште среќаваме примери со запазен назализам, вистина не во првобитниот изговор, место носовките *ę и *ǫ, сп. *гранди, пенда* – во корчанскиот, *дăмбје, чендо* – во сушковисочкиот, во некои пунктови се одржал широкиот изговор на *ě : *р'ăка* или *рjăка*. Во одделни лексеми се задржало /ч/ во секвенци со *ŕ, сп. *чăрпи, чăрвец – чăрпи*. Во корчанскиот македонски говор, во Јужна Албанија, се пази старата дативна флексивна форма и во еднината и во множината. Таму наоѓаме остатоци од старата промена (деклинација) на членот, сп. *старцатого, старцутому*. Единствено во тој говор до денеска се задржала како посебен облик заменката *sь – *сој*. На поширок ареал во Западна Македонија се среќаваат дативни флексивни форми кај личните и роднинските имиња: *Стојану, Марку // Марко(в)е, Маре // Мари*. Кај глаголите се пази наставката *-т* во 3. л. на презентот, во повеќе говори во 1 л. едн. на презентот уште отсуствува наставката *-м*.

Сите приведениве црти, и уште цела редица други такви – стари, неизменети, денеска се јавуваат како дијалектна специфика на западните говори и стојат во опозиција со новите особености што се јавиле на нивно место во другите – источните, северните или јужните говори. Такви архаични црти се одржале и на источната периферија, како на пример, слободниот подвижен акцент, фонемата /х/, множ. наставки *-ове, -е, -ета* кај именките од м. и ср. род. Во југоисточните говори се задржала како фонолошки релевантна старата дистинкција по мекост кај консонантите.

Сепак паѓа в очи дека најголем број архаични црти се задржале на пограничјето со албанскиот, влашкиот и грчкиот, каде што има, од друга страна, и најмногу иновации настанати во резултат на меѓујазичниот контакт. Така западните и југозападните, делумно и јужните македонски дијалекти се одликуваат и со најмногу архаизми, а истовремено и со најмногу иновации. На

источната страна, на пограничјето со бугарската јазична територија, преминот кон бугарските дијалекти е поблаг.

Кај досега разгледуваниве унилатерални иновации се јавува едно иновационо огниште кое се наоѓа во централните области на македонската јазична територија.

8. Втората група иновациони појави релевантни за дијалектната диференцијација ја сочинуваат т.н. билатерални. Стара особина гине, на нејзино место се јавуваат две нови, се разбира, различни. Такви се, на пример: протетичкото /*j*/ во западните говори и /*в*/ во источните пред рефлексот на почетното **ǫ* : *j*(*адица*), *в*(*адица*), *j*(*а҃ток*) : *в*(*а҃ток*). Во такви случаи зборуваме за две иновациони огништа. Едното се наоѓа во централната област на западното наречје.

Не ретко се случува на местото на една стара особина во дијалектниот јазик да се развиле повеќе од две нови, кои секоја посебно функционира во својот микросистем. За илустрација да ги земеме, на пример, континуантите на носовката **ǫ*. Таа се дефонологизирала. Во едни региони исчезнала наполно изедначувајќи се со некоја од постојните фонеми: /*а*/ во централните, /*у*/ во северните, /*о*/ во малореканскиот. Во таквите случаи таа можела да помогне само во редистрибуцијата на фонемата со којашто се изедначила, или поточно во која се преточила. Меѓутоа, во повеќе микросистеми **ǫ* ја задржала својата самостојност во однос на другите вокални фонеми, го изменила само своето качество, а со тоа и своето место во системот. Со други зборови, се измениле нејзините составни елементи – дистинктивните признаци. Така, по македонската јазична периферија ги наоѓаме како континуанти за **ǫ* фонемите: /*ӓ*/, /*ă*/, /*å*/. Тие придонесле за формирање на три нови вокални системи. При вакви, да ги наречеме мултилатерални иновации, имаме повеќекратно теренско опонирање и зборуваме за повеќе микроиновациони огништа во рамките на еден дијасистем. Изоглосите на ваквите иновации во повеќето случаи претставуваат затворени линии. И овие иновациони огништа најчесто се наоѓаат на западномакедонскиот терен.

9. На македонскиот јазичен ареал се изделуваат јасно три поголеми групи говори или наречја: западно, југоисточно и северно.

9.1. Во *за҃падно҃то наречје* влегуваат говорите на западното пограничје од Шар Планина и границата со српската јазична територија па до јужниот брег на Преспанското Езеро. Источната негова граница од јужниот дел на Преспанското Езеро се движи кон североисток, поминува нешто малку посеверно од градот Лерин и избива на завојот на Црна Река од Пелагонија во Мариовската клисура. Оттука таа продолжува на север по планинскиот венец на Селечка и преку областа Клепа излегува на Вардар нешто малку позападно од утоката на Црна во Вардар. Го сече Вардар и источно од градот Велес сѐ по левата страна на Вардар продолжува на север, ја сече реката Пчиња кај Катланово, откаде што свртува во лак кон северозапад и излегува нешто малку северно од Скопје. Селата во подножјето на Скопска Црна Гора северно од линијата Арачиново – Радишани – Бардовци останува надвор од границите на

западното наречје. Северната граница оди приближно по правецот Скопје – Тетово – Шар Планина, каде што се затвора граничниот круг.

Најостра е границата меѓу западното и источното наречје на просторот меѓу вливот на Црна во Вардар па сѐ до Скопска Црна Гора. На северната страна изразито остра граница има на скопскиот дел, додека во Полог таа нешто се ублажува.

Западното наречје го карактеризираат две групи особини. Од една страна во него се чуваат некои стари црти и тој број расте како што се оди кон западното пограничје спрема албанската јазична територија. Повеќето од нив се од морфолошка природа. Меѓу помаркантните од нив спаѓаат: пазењето на стариот ген.-акуз. облик во функција на општа форма кај личните имиња од м.р. на консонант, на *-о* и *-е*, сп. *Го виде Стојана, Марка, Столета*, роднинските: *тетина, татка, чичета*, и изведените на *-ко* и *-ло* што означуваат лична црта на човекот: *Го викна грбла, мрсулка* (: ном. *грбло*, *мрсулко*). На нешто малку потесен ареал се пази и стариот дативен облик од синтетичката деклинација, исто така кај личните и роднинските имиња од машки род, како и кај имињата од женски род на *-а*, сп.: *Му реков Стојану / Илију / Марку*, одн. *Маркоту / Марко(в)е, Марко(в)и, Петрету / Петру / Петре(в)е / Петре(в)и*, ж.р. *Јани / Јане, тетки / тетке*. Како релативен архаизам да го земеме и чувањето на членските форми на *-в* и *-н*: *лебов, лебон*. На другата територија, ќе видиме, се јавува само членот *-от*. Според тоа западните говори познаваат троен член. Доста добро е запазен и вокативот со флексија: *брате / брату, зете, мажу, тетко, Ратке*. Кај личните и лично-предметните заменки исто така добро се пази дативниот облик: *мене ми, нему му, ним / ними им, кому, некому* итн., како и кај демонстративните: *овему, онему, овејзе / овејзи* и др. Овде се задржал системот од три вида демонстративни заменки, што е во согласност со три вида членски морфеми. Во вербалната флексија за ова наречје е карактеристична наставката *-т* во 3. л. едн. на презентот: *имат, носит*. Во 1 л. едн. на презентот во повеќето говори отсуствува наставката *-м*: (*ја – јас*) *кота, носа, бера*.

Изоглосите на споменативе особености одат приближно по означената дијалектна граница, негде наполно се поклопуваат со неа, на северната страна неколку изоглоси (на општата и дативната форма, на тројниот член) ја преминуваат дијалектната граница.

Неколку фонетски архаизми: пазењето на фонемата /*s*/, на неизменетото /*ч*/ во групите **čr̥-*, **črě-*, на крајните групи *-ст*, *-шт*, не се карактеристика на сите западни говори. Тие се јавуваат на еден тесен појас на пограничјето со албанскиот јазик.

Поголем дел од диференцијалните црти на западното наречје се иновации. Меѓу најзначајните дијалектни карактеристики на западното наречје спаѓа местото на акцентот како во одделни зборформи, така и во синтагмите. Овде е акцентот фиксиран во повеќесложните зборови на третата мора од крајот. Овој е единствен акцентски модел во словенскиот јазичен ареал. Сп.: *пл'анина–план'ината*, *бр'атучед – брат'учеди – брат'уч'едите*. Во случаите како *вод'ен̥ица, крост'аица, вол'оите*, секвенците [*аi̯, еi̯, оi̯*], иако се еднослоѓни, содржат по две мори.

Во ова наречје има широки можности да се образуваат акцентски целости. Именските и глаголските синтагми во обичната реч, кога не се врши посебно

маркирање на составните компоненти, најчесто се групираат под еден акцент, сп. *н'а-врата, преку-л'ивада, пр'еку-ден, бела-к'ошула, зимски-'алишта, горн'анива; го-з'еде : не-г'о-зеде, не-ќе-го-з'емеше, зошто-му-г'о-даде*? Од фонолошките карактеристики посебно се значајни: отсуството на фонемата /*х*/ и нејзиниот премин во /*в, ф*/ на крајот на слогот, сп. *греф, моф, беф, чевли, евла, бевме – бефме*, и загубата на интервокалното /*в*/ и на некои други консонанти. Како последица од оваа појава готово во сите западни говори дошло и до промени во дистрибуцијата на вокалите. Создадени се нови односи меѓу вокалите во рамките на една збороформа. Настанале бројни секвенци од по два, негде и од повеќе вокали, исти или различни, и како краен резултат настанале серија дифтоншки секвенци од различен вид. Особено на широк терен се јавуваат дифтонзите со [*ị*] како втора компонента: [*еị, аị, оị, уị*], сп. *леј, лебој , снај , муј* . Секвенците со еднакви вокали се контрактирале во долги фонови, па така се добил и нов квантитет, кој сè уште нема фонолошка вредност, сп.: *сна*: /< *снаа*/, *не:ста* (< *нееста* < *невеста*), *прого:ри* (< *прогоори* < *проговори*). И едната и другата појава придонесле за скратување бројот на слоговите на многу збороформи. Можноста да се образуваат дифтонзи овозможила да се скратат во ред случаи особено повеќесложните збороформи, како, на пример, во: *вод'еịница* (< *водеинца* < *воденица*, со извршена метатеза), *пол'оịна* (< *полоина* < *половина*), *сур'оịца* (< *суроица* < *суровица*), или споменатите *н'е:ста*, *прог'о:ри* (*невеста, проговори*).

Во резултат на општата тенденција да се скратуваат зборовните единици што подлежат на еден акцент, во западните говори широко е распространето испаѓањето на вокалите во клитичките зборови, кога стојат пред збороформа што почнува со вокал, сп. *г-остај* (*го остави*), *с-утепа* (*се утепа*), *н-угоре* (*на угоре*), *д-оит* (*да одит*), *ушт-еднаш* (*уште еднаш*).

Ограничувања има како за оваа, така и за горе приведените појави само кога се јавуваат некои фонолошки и семантички пречки.

Од морфолошките релевантни диференцијални особености најмногу доаѓаат до израз во говорениот текст: множинската наставка *-ови* со разновидноста *-оị*, сп. *лебови // лебоị*, личната заменка за 3. лице *тој* (*таа, тоа, тие*), и кај глаголите: испуштањето на помошниот глагол во 3. л. на перфектот, формата *се* во 3. л. мн. на през. од 'сум', и посебно развиените конјугации со помошните глаголи 'сум'+ *н/т*-партиципот*: сум дојден, бев дојден, сум бил дојден, бев бил дојден,* 'има'+ *н/т*-парт. во среден род: *имам одено, имав одено, сум имал одено, бев имал одено*, како и формите со партикулата *ќе* од типот: *ќе одев, ќе сум одел, ќе бев одел*, и понатаму со конструкциите со 'имам': *ќе има(м) одено, ќе имав одено, ќе сум имал одено*. Овие конструкции со својата честота во употребата и со семантичката разнообразност на западното наречје му даваат посебен белег во однос на другите македонски говори.

Западномакедонското наречје се одликува со богат репертоар на суфикси со деминутивно - хипокористичко значење. Покрај суфиксите: *-е, -це, -енце, -че, -иче, -ичка*, кои можат да се сретнат и во другите македонски говори, овде особено е продуктивен суфикост *-уле* со дериватите *-улче, -уленце, -ичуле,* сп. *брадуле, брадулче, детуленце*, покрај *детенцуле*.

Од синтаксичките особености важни во дијалектното диференцирање на македонскиот дијасистем е местото на клитиките, посебно заменските и гла-

голските, по однос на глаголот. Во западните говори тие можат да стојат и во препозиција дури и на почетокот на реченицата, што не е случај во повеќето источни дијалекти, сп.: *Му рече Стојану да го чекаш, Се фатија под рака, Те имам видено, Сум рекол нешто за тебе.*

Изоглосите и на овие појави, како и на претходните, одат во правецот на означената граница, многу од нив на поголем простор и се поклопуваат меѓу себе образувајќи на тој начин еден изоглосен сноп. Само по некоја од нив навлегува подлабоко на исток и на југ, како, на пример, изоглосите на множинската наставка *-ови*, на особеностите од глаголската флексија или на препозитивната употреба на клитиките по однос на глаголот. Тие зафаќаат и еден ареал од јужните говори на источното наречје. Од друга страна изоглосите на третосложниот акцент, на испаѓањето на интервокалното /*в*/, на синтетичкиот датив кај личните и роднинските имиња и кај личните заменки, на тројниот член и испуштањето на помошниот глагол – подлабоко продреле во северозападните говори.

Единството на западното наречје го разбиваат неколку фонетски особености, меѓу кои како најкарактеристични и најзабележливи се: континуантите на носовката **ǫ* и на вокалните **ŋ* и **ļ*, кои многу придонесле во оформувањето на одделни вокални системи, потоа присуството или отсуството на фонемите /*ф, s, ц*/, фреквенцијата и реализацијата на фонемите /*ќ, ѓ*/, реализацијата на групите /*шт, жд*/, во вокализмот реализацијата на неколку вокални групи, особено на /*еа*/, /*оа*/, /*ое*/. Во флексијата одделни локални говори се разликуваат главно по наставките за 3 л. мн. на презентот и минатото определено време, по образувањето на партиципите, распределбата на глаголите по конјугациските модели и некои глаголски суфикси.

Според овие црти јасно се изделуваат две говорни групи – една централна и една периферна.

9.1.1. Во *централните говори* (скопско-велешкиот, прилепско-битолскиот и кичевско-поречкиот) **ǫ* се рефлектирало во /*а*/: *рака*, *пат*, вокалното **ļ* е заменето со секвенцата /*ол*/ на поголемиот дел: *волна*, *долго*, *солза*, додека /*р̥*/ ја задржало својата силабична вредност *врф – врот, врој, прот, дрво*. Овие говори имаат петочлен вокален систем /*и, е, у, о, а*/ + силабемата /*р̥*/. Во консонантизмот е постигната прилична симетричност. Африкатите имаат оформени корелации: /*ц* : *s*/ и /*ч* : *ц*/. Фонемите /*ќ, ѓ*/ имаат релативно широка употреба. Кај денталните сонанти има тенденција да се ликвидира корелацијата по палаталност. Во повеќе локални микросистеми /*л'*/ се јавува како маргинална фонема, бидејќи се среќава главно во туѓи лексеми, додека старото **l'* затврднало и се изедначило со /*л*/, сп. *клуч, недела, пријател*, но *пел'те, тел'*. Само на некои мали ареали /*ф*/ нема статус на фонема. 3 л. мн. на презентот завршува на *-ат*: *викаат* [*вика:т*], *носат*, 3 л. мн. на аористот и имперфектот завршува на *-а* : *викаа* [*вика:*], *носеа*, *дојдоа*.

9.1.2. *Западните периферни говори* го пазат латералниот палатализиран сонант: *кл'уч*, *недел'а*, *пријател'*. Се чува и старото /*s*/ пред множинските морфеми, сп. *nose*/*nosu*, *бубresu*, *белesu*, *попrasu*. Фонемите /*ќ, ѓ*/ се поретки; место **tj, *dj* превладуваат примери со /*шт – жд*/, одн. /*шч – жц*/ во мало-

реканскиот, струшкиот, охридскиот. На еден потесен појас се пази /ч/ во групата *чере-*: *черево, черепна,* поретко и во групата *чăр*: *чăрвец, чăрпиш*. На целата западна периферија се пази наставката *-ш* во 3 л. едн. на презентот: *имаш, носиш,* а на поголем ареал се употребуваат наставките *-еш* во 3 л. мн. на презентот, сп. *имаеш // имееш* [*име:ш*], *носеш // носееш* [*носе:ш*], и *-е* во 3 л. мн. на простите минати времиња, сп. *дојдое*, *имае // имее*. Замената на **tj* во */шт, шч/* оставила траги и во фонетскиот облик на наставката за глаголскиот прилог, сп. *викаештu* – во дебарскиот, *викаешчи* во струшкиот, *викаешчем // виkе:шчем* во градскиот охридски, *викаешќум* во некои охридски села, и др.

Меѓутоа, на западната периферија носовката **ǫ* и вокалните **ɤ* и **ɻ* немале еднаков развиток во сите локални говори, а тие доста придонесле за дијалектната диференцијација на односнава област.

9.1.2.1. Во *ѓорнополошкиот, дебарскиот, струшкиот и охридскиот*, потоа во *преспанскиот*, **ǫ* се рефлектирало во коренските морфеми во */ă/*: *зăби, мăка, рăка*. Во ист правец одел и развојот на вокалните **ɻ* и **ɤ* ; **ɤ* во тие говори дало секвенца */ăр/*: *вăрба, ѓăрбаф, дăрво*, **ɻ* се изменило во */ăл/*: *вăлк, пăлно, сăлsa*. По овој начин во споменативе говори се оформил шесточлен вокален систем во кој вокалот */а/* добил свој парник по степенот на отворот. Во поодделни говори од овој тип има и други разлики. На пример во охридскиот говор кај постарите генерации уште можат да се сретнат случаи со */х/*. За него посебно е карактеристична неутрализацијата на изговорот на */а/* и */ă/* во неиницијален нагласен слог, сп. *м'аѓаре* : *маѓ'ăрето*. Во него и во струшкиот палаталниот назал се депалатизирал, сп. *којн*, *полина*. Во овие два говора има тенденција и за изделување на палаталноста кај фонемите */ќ, ѓ́/*, сп. *кујќа*, *л'ујѓ́е*.

9.1.2.2. Во *дримколско-ѓолобрдскиот ѓовор* од дебарската група **ǫ* > */å/*, **ɤ* > */åр/*, **ɻ* > */ål/*, сп. *рåка, пårсти, сålsa*. Новодобиената фонема */å/*, која има ограничена дистрибуција, образува корелација со */а/* по признакот заокруженост.

Истиот овој систем се оформил и на еден мал простор во југоисточниот брег на Преспанското Езеро (преспански **ǫ* > *å-ѓовор)*. Но овде има и вокално */ꙋ/*, зашто во */å/* се рефлектирале само **ǫ* и **ɻ*, сп. *рåка, сåза, дåѓо*, додека силабемата */ꙋ/* се задржала, сп. *пꙋрсти, срꙋ*.

9.1.2.3. Посебен развој **ǫ, *ɤ, *ɻ* имале и во говорот на неколку села во Струшко – *вевчанско-радошкиот ѓовор*. Во коренските морфеми зад нелабијална согласка **ǫ* > */ä/*, **ɻ* > */ял/*, **ɤ* > */яр/*, а зад лабијална согласка се развил лабијален парник */å/*, одн. */ål/* и */år/*, сп. *ѓрäди, рäка, дäрво, сäрце*, *ѓялташ*, но: *пåш, мåка, бåрдо, вåрба, вåлк, мålчиш*. Овде имаме и најбогат вокален систем во рамките на западното наречје.

9.1.2.4. Во *малореканскиот дебарски ѓовор* **ǫ* се рефлектирало во */о/*, додека **ɤ* и **ɻ* останале неизменети, сп. *рока, пот, дрво, прсти, влк, влна, слза*. Малореканскиот нешто малку отстапува од другите западни говори и во областа на консонантизмот; тој не ги познава звучните африкати *ѕ, џ*.

9.1.2.5. Посебен интерес за дијалектолозите побудува говорот на Торбешите (Македонци муслимани) во областа Река, Дебарско. Во *реканскиот торбешки говор* за *ǫ, *ѣ, *ļ, има по две вредности во коренските морфеми. Во еднослоҗни и двослоҗни збороформи под акцент *ǫ > /ǻl/, *ѣ > /ǻr/, *ļ > /ǻl/, додека во трислоҗни и повеќеслоҗни збороформи, и во еднослоҗни и двослоҗни кога не се акцентирани место *ǫ има /ă/, место *ѣ, *ļ – /ăr/ и /ăl/, сп. *пǻт, рǻка, гǻрб, вǻлк, вǻлна*, но: *рăката, пăтишча, дăрвото, вăлчица, вăлнено*, или: *н'а-пăт, н'а-гăрб, н'а-кăлк* (Жировница).

Со овие неколку црти во вокализмот западната јазична периферија се раздробила на неколку мали територијални единици. При тоа треба и да истакнеме дека фонемата /ǻ/, која ја констатиравме во неколку дијалектни пунктови, се јавува само на македонско-албанското пограничје.

9.2. *Југоисточното наречје* зафаќа значително поголема територија. Тоа се шири источно и јужно од погоре означените граници, а на север допира приближно до линијата Велес – Пробиштип, со тоа што на овчеполскиот дел границата со северното наречје е нешто повлечена кон југ готово до Богословец.

За разлика од западното наречје источното е помалку хомогено. Поголем дел од неговите особини, било да се тие запазени стари или се иновации, не претставуваат една компактна затворена целина, како што е случајот со западните говори. Повеќето од старите особини, како што се: системот со слободен акцент, фонемата /x/, множинската наставка *-ове* кај именките, на еден помал ареал и наставката *-е* кај именките од м.р. што завршуваат на мек или некогашен мек консонант, сп. *коне, маже, крае, сел'ане*, и наставката *-ета* кај именките од среден род, сп. *прасета, пилета*, издиференцираната множина на *-а* кај именките од машки род: *два, пет, сто леба*, пазењето на помошниот глагол 'сум' во 3 л. во перфектот, употребата на перфективен презент со повторливо значење, значително поархаичната конјугација по однос на западното наречје земено во целина, потоа структурата на синтагмата, местото на заменските клитики по однос на глаголот, источномакедонските говори ги поврзуваат во помала или поголема мера со граничните бугарски дијалекти. Овде ги имаме предвид, се разбира, и македонските дијалекти во Пиринска Македонија.

Добар дел од иновационите појави карактеристични за источните македонски дијалекти се среќаваат и во бугарските говори. Така на пример: протетичкиот глас /в/ пред рефлексот на иницијалното *ǫ, сп. *ваглен – вăглен*, појавата на секундарен вокал во групите *цв-, св-*, сп. *цафте – цафти, самне – савне*, прегласот на *ě во /а/ зад /ц/: *цал, цадило, цана*, изедначувањето на општата со номинативната форма кај личните и роднинските имиња, аналитичкото искажување на дативниот однос кај личните заменки: *на мене ми рече*, загубата на членските морфеми на *-в* и *-н*, и уште ред други црти што им се заеднички на источните македонски говори, а истовремено и диференцијални по однос на западните, немаат едно јасно оформено иновационо огниште на македонскиот ареал. Мнозинството и од тие црти зафаќаат пошироки ареали и на бугарскиот дијасистем, а дел од нив се протегаат преку Северна Македонија и во граничниот тимочко-јужноморавски дијалект или уште пошироко во источните српски дијалекти.

Во рамките на југоисточното наречје појасно се оцртуваат пет помали дијалектни индивидуалности.

9.2.1. Една поголема целина во рамките на југоисточното наречје чинат *штипско-струмичките говори*, кои го опфаќаат централниот негов дел од Беласица па до границата со северното наречје на север. Главна одлика на тие говори е слободниот парадигматски акцент, сп. *ж'ена – ж'ени – ж'ената – ж'ените, б'ерам – б'ереш – б'ере – б'ереме – б'ерете – б'ерат*. Носовката *ǫ овде е заменета со /а/ во сите позиции на зборoформите, сп. *мака, рака*, и оваа црта нив ги поврзува со централниот дел на западното наречје, како и вокалното /ꙑ/. Но тие ја познаваат фонемата /ă/, која е добиена како континуант на *ѣ сп. *гăта, сăза*, понегде на периферијата и /ăл/: *сăлза*. Во флексијата овие говори ги карактеризираат наставката *-м* во 1 л. ед. на презентот кај сите глаголи: *викам, берам, носам*, и слевањето на глаголите од *и*-група со глаголите од *е*-група, сп. *береш – носеш, бере – носе*.

9.2.2. Најблиску до штипско-струмичките стојат *тиквешко-мариовските говори*. Тие две групи ги поврзуваат континуантите на носовката *ǫ и на вокалните *ѣ и *ꙑ, сп: *рака, сăза, ꙑрсти*. Меѓутоа, тиквешко-мариовските говори развиле посебен систем на акцентирање. Во нив акцентот не може да стои на крајниот слог во парадигматските зборoформи. Со пренесувањето на акцентот од ултима на пенултима се добил еден потсистем со подвижен акцент, кој ги опфатил сите двосложни зборoформи што завршуваат со затворен слог, сп. *д'ꙑрвар – дрв'ари, 'елен – ел'ени, д'евер – дев'ери, з'елен – зел'ена, 'имал – им'ала, н'осен – нос'ена*. Има тенденција акцентот да се стабилизира на пенултима. Овој акцентски модел коегзистира со парадигматскиот акцент кај двосложните и повеќесложните зборoформи кои завршуваат на вокал, респ. отворен слог, и во презентските форми кај глаголите, сп. *'истина – 'истината, с'абота*, през. *в'икам – в'икаме – в'икате*. Интеграцијата на глаголите од старите *е-* и *и-* групи се извршила на овој терен на подруг начин отколку во штипско-струмичките. Се образувал мешан конјугациски тип, сп. *б'ериш – н'осиш, б'ериме – н'осиме, б'ерите – н'осите* : 3 л. едн. *б'ере – н'осе*.

9.2.3. *Малешевско–пиринските говори*, кои ја зафаќаат граничната област со бугарската јазична територија, по рефлексот на носовката *ǫ и по вокалното *ѣ исто така претставуваат единство со штипско-струмичките, сп. *рака, сăза*. Исто така тие имаат и вокално /ꙑ/ : *дꙑрво, ꙑрсти*. Меѓутоа, во овие говори има два акцентски модели – парадигматски, *б'аба – б'абата – б'аби – б'абите*, кај глаголите : *в'икам – в'икаме – в'икате*, и подвижен. Има неколку типа на подвижен акцент, сп. а) *жен'а – жен'ата – жен'ите* : *ж'ени, ребр'о – ребр'ото – ребр'ата* : *р'ебра*, б) *бр'ада – бр'ади* : *брад'ата – брад'ите, вăк – в'ăци* : *вăк'о* : *вăц'ите, дар – д'арове* : *дар'о – даров'ето,* кај глаголите: *ј'ада* : *јад'еш – јад'еме* итн. Малешевско-пиринските говори по однос на штипско-струмичките се поархаични. Кај именската флексија се пазат старите множински наставки *-е* за м.р.: *кон'е, дꙑвар'е, ꙑриј'ателе,* и *-ета* кај именките од с.р. од типот *тел'е – тел'ета, ꙑрас'ета*. Кај глаголите се пази старата морфемска дистинкција меѓу глаголите од *е-* и *и*-група, сп. *б'ера – бер'еш, н'оса*

– *н'осиш*. Во фонологијата овие говори ја пазат фонемата /*х*/, вистина со ограничена дистрибуција; консонантската група /*вн*/ е неизменета, сп. *равно*, превладуваат примери со /*шт, жд*/ место **tj*, **dj*: *каштa, гаштu – вежди, сажди,* одн. *кашча, вежџи* во некои локални говори. Стара е појава исто така прегласот на /*о*/ во /*е*/ во членската морфема за м.р. зад некогашните меки консонанти, сп. *кон – к'оне*, *маш – м'аже*, *дрв'ар – дрв'аре*. Појачана е палаталноста на крајното *-т́* (< **-ть*) во примери од типот *зеќ, паќ*. Иновација е палатализацијата на /*к, г*/ пред предните вокали и на /*к*/ зад палатален консонант, сп. *рак'ија, м'ајќа* / *м'аќа, сук'ал'ќа*.

9.2.4. Една поголема целина во источното наречје претставуваат јужните дијалекти, кои го исполнуваат просторот на правецот Кајлар – Воден – Пазар – Солун – Серез – Драма – Гоце Делчев (Неврокоп) и на север допираат до Беласица и Кожув пробивајќи се по долината на Вардар до близу Демир Капија. Рефлексот на носовката **ǫ* – /*ăл*: *рăка, пăт,* и на вокалните **ъ, *ь* – /*ăр – рă*/ и /*ăл – лă*/, сп. *прăсти, сăрце, вăлна, слăнце*, овие говори доста рано ги одделиле од централната зона на македонскиот јазик. Но како најмаркантна особина на јужните говори денеска се јавува редукцијата на неакцентираните вокали, која историски исто така се јавила доста рано во средновечјето (XIII в.), и елизијата како краен резултат на редукцијата, која е предизвикана, меѓу другото, и од брзото темпо на говорењето. Отворените вокали /*а, е, о*/ во тие говори во неакцентиран слог се редуцираат во многу затворени алофони [*ạ, ẹ, ọ*], а во повеќето локални говори тие и наполно се неутрализираат со соодветните затворени парни фонеми: /*е*/ > /*и*/, /*о*/ > /*у*/, /*а*/ > /*ă*/, сп. *ел'ен* > *ил'ен*, *пек'ол* > *пик'ол*, *г'уштер* > *г'уштир*, *гол'ем* > *гул'ем*, *бог'ат* > *буг'ат*, *чов'ек* > *чув'ек*, *разб'ој* > *рăзб'ој*, *раб'ота* > *рăб'ота*. Во одредени позиции во зборoформите (најчесто пред членските морфеми) редуцираните вокали и наполно се губат, сп. *п'ол'то – п'ол'ту* (< *полето*), *д'ето* (*детето*), *н'ифта* (*ниватa*), *ж'ента* (*женатa*), *рăб'отта* (*работатa*). Со оваа промена се изменила во многу случаи и структурата на зборoформите. Во ред локални говори многусложните зборови се скратуваат, до колку тоа, се разбира, го допуштаат фонолошките и семантичките услови.

Во непосредниот контакт со грчкиот и со ароманскиот во нив се јавиле, како и во западните и југозападните говори, значително повеќе балкански иновации, и со тоа уште повеќе се оддалечиле од централната група во источното наречје. На ова подрачје значително е поматена кај придавките и заменките разликата меѓу машкиот и средниот род. Почести се во конјугацијата формите со 'има / нема' и со 'сум'+*н*/*т*-партиципот. Во ек е развојот на т.н. *на*-објект кај личните и воопшто кај одушевените именки, сп. *Гу вид'е на д'ето*. Лексиката на овие говори обилува со грцизми и турцизми. Грчкото влијание се чувствува особено во т.н. службена лексика и службените зборови во граматиката. Од друга страна, пак, овде се задржале и бројни лексеми од словенскиот фонд кои во посеверните дијалекти веќе не се среќаваат. Во одделни пунктови во областа се среќаваат бројни примери со запазен назализам, сп. *мăнч* 'маж', *грăнди* 'гради', *гренда, чендо* – во сушко-височкиот говор.

Во зависност од акцентот овие говори можеме да ги поделиме на две подгрупи – солунско-воденска или долновардарска и серско-лагадинска.

9.2.4.1. Во *солунско-воденската* (*долновардарската*) има парадигматски акцент, кој претставува продолжување од штипско-струмичките говори, сп. *уфч'ар – уфч'ари – уфч'ариште*. Освен тоа овие говори покажуваат посебности и во образувањето на некои форми од глаголската флексија, како, на пример, 2 л. мн. на императивот со наставката *-ејте* : *бир'ејте*, *нус'ејте*, глаголскиот прилог со *-шчимица*, сп. *бегашч'имица*. Процесот на интеграцијата на глаголите започнат во тиквешко-мариовските говори овде ги опфатил и глаголите од *а*-група, и како краен резултат се добил еден заеднички конјугациски модел, сп.: *в'икум*, *б'ерум*, *н'осум – в'икиш*, *б'ериш*, *н'осиш – в'ике*, *б'ере*, *н'осе*.

9.2.4.2. Во *серско-лагадинските говори*, во која група спаѓа и драмскиот, како и гоцеделчевскиот во Пиринска Македонија, сè уште се пази подвижниот акцент, но нешто со поупростен вид алтернации во однос на малешевско-пиринскиот, сп.: *ж'ена – ж'ени* : *жен'ата – жен'ите*, како и *бр'ада – бр'ади* : *брад'ата - брад'ите*, итн. Освен тоа на теренот на овие говори има и двоен акцент, сп. *ц'арицата, л'обудата, гл'асувете*. Доста заеднички црти овие говори имаат со соседните родопски дијалекти на бугарскиот јазик, на пример, замената на **ě* со */а/*, негдегоде со */ä/*, кои ги палатализираат претходните консонанти, сп. *бр'ак*, *д'ал*, *с'анка*. Место стариот **ъ* овде има континуант */ă/* во коренската морфема на целата територија, а во афиксните морфеми само во крајните источни области, сп. *сăн, дăш*. Консонантскиот систем во овие говори е значително побогат, зашто диезноста се задржала, во некои случаи се јавила и нова мекост, така што сите тврди консонанти имаат свои палатализирани корелати. Добро се пази во овие говори и фонемата */х/*, додека */ќ/* и */ѓ/* се маргинални фонеми. Во сушко-височкиот говор се пази во акцентиран слог јат */ä/*, сп. *сн'äк*, *б'äл*, *м'äсто*, *р'äка*. Во него има бројни примери со запазен назализам. Во височкиот говор посебен развој имал и **у* сп. *бăк, бăл, рăба, сăн* (бик, бил, син, риба). Во сите говори од оваа група има лексички архаизми, но истовремено нивната лексика е богата и со грцизми и со турцизми.

9.2.5. Посебна дијалектна индивидуалност во југоисточното наречје претставуваат *костурско-корчанските говори*. По акцентските особености тие, заедно со *леринскиот*, се поврзуваат со тиквешко-мариовската група, со тоа што на костурскиот терен тенденцијата да се стабилизира акцентот на пенултима е поизразена.

На костурскиот терен се испреплетуваат неколку групи особености. И овде се јавува поголем број запазени архаични црти, како, на пример, остатоци од назализмот, сп. *грăнди, зăмби, дăмбја*. Основна замена за **tj*, **dj* се консонантските секвенци */шч/* и */жџ/* или само */ж/*, сп. *сфешча, лешча, межа, сажи, чужо*. Примери со */ќ, ѓ/* место споменативе групи се ретки, во јужниот појас и во корчанскиот нив скоро ги нема. Во корчанскиот говор уште се пази под акцент */ä/* место **ě* и **ę* : *бр^{ј}äк*, *п^{ј}äна*, *чов^{ј}äко*, *ч^{ј}äндо*, *гр^{ј}äнда*. Богат репертоар на архаични црти има во флексијата, како, на пример, дативот во еднината и во множината, остатоци од промената на членот, сп. *човекат'ого, човекут'ому*, заменката **sь* во формата *сој*, и др.

Посебно на ова подрачје најмногу доаѓаат до израз поновите балканизми, какви што се: губењето на предлогот *во*, употребата на предлогот *на* за изразување на двата објекта, сп. *Го в'иде на ч'овеко, Му р'ече на ч'овеко*. Заменските клитики преземајќи ја граматичката функција за објектот, тие ги загубиле во многу случаи признаците за категориите род и број, сп. *Му р'ече на ч'овеко, Му в'икна на ж'ената, Му се нал''уѓи на д'ецитѐ*. Вербалната флексија наполно се балканизирала, зашто со загубата на *л*-партиципот наполно се загубиле сложените форми што се образуваат со него (перфектот, плусквамперфектот, потенцијалот и др.), а нивната функција ја презеле формите со 'има / нема' и со 'сум'+*н*/*т* формата, а модалните значења ги покриваат формите со *ќе*.

Сето костурско-корчанско подрачје го карактеризираат неколку иновации што останале во рамките на овој терен. Меѓу нив како најкарактеристични ни се предлагаат именските образувања на *-тје* од типот *жен'етје, клан'атје*, множинската наставка *-нишча* кај именките од среден род: *морјен'ишча, полен'ишча*, во глаголската флексија суфиксите *-в-* и *–ив-* за образување на несвршени од свршени глаголи, сп. *купва / купви, за'одви, на'ожва / на'ожви – заборав'ива, оздрав'ива* и др.

Според рефлексите на **ǫ* и вокалните **ъ̯, *ь̯*, и на овој терен се изделуваат неколку помали говорни индивидуалности.

9.2.5.1. Со своите архаизми и балканизми посебно се изделува *корчанскиот говор*, кој го репрезентираат само две села: Бобоштица и Дреновени. За **ǫ* овде имаме */а/* или секвенци со назал */ан/* и */ам/*, последнава пред лабијален консонант, сп. *рака, замби, гранди,* место **ъ̯ – /ар/*: *варба, парсти*, место **ь̯ – /ал/*: *вална, салsа*. Меѓу иновациите него го карактеризираат замената на */х/* со */j/* на крајот на слогот во ред случаи, сп. *пр'аjци, р'екој, рек'ојме* (*рекох, рекохме*), и посебно стабилизираниот акцент на пенултима како завршен резултат од костурско-тиквешката тенденција, сп. *ж'ена – жен'ата, планин'ата, р'екој – рек'ојме*, и во синтагмите: *мајк'а-ми, с'ин-ти* : *син'ови* ; *синовит'и-ми*.

9.2.5.2. На поширокатa костурска област **ǫ* и вокалните **ъ̯, *ь̯* се континуирале како во другите јужни дијалекти – во */ă/* или */ăн-ăм/, /ăр/, /ăл/*: *ръка, грънди, зъмби, пърсти, вълна*.

Во северниот дел на костурското подрачје, на пограничјето со централните говори на еден тесен појас се јавува иницијален акцент, што претставува посебна карактеристика за овој регион, на пример: *пл'анината, м'остовите*, и во акцентски целости: *В'икнете-го* (с. Ошчима).

9.2.5.3. Во најјужниот дел на костурското говорно подрачје, во областа Костенарија и во дел од областа Нестрам, носовката **ǫ* се рефлектирала во */ън/* и */ъм/*: *рънка, гръндi, зъмби,* додека **ъ̯* се развило во двофонемната секвенца */ер/*, која се реализира како [ɛр], сп. *гѐрне, зѐрно, сѐрце*.

Ако треба да се изрази степенот на архаизмите, на грцизмите во лексиката и на балканизмите воопшто, тогаш за овој говор можеме да зборуваме само со *нај*. Во него се пази и фонемата */х/*, доста е голем бројот и на лексеми со лексикализирана редукција на */о/* во */у/*, поретко и на */е/* во */и/*.

9.3. Третата група ја сочинуваат *северните̄ го̄вори*, кои ја опфаќаат областа на пограничјето со српската јазична територија. Јужната нивна граница допира приближно до линијата Тетово – Скопје – Свети Николе (малку нешто појужно) – Пробиштип. На овој терен се вкрстуваат поголем број изоглоси на појави чие иновационо огниште се наоѓа на српската територија, и на црти зародени на македонскиот јазичен ареал. На северниот дел на областа завршуваат јужните изоглоси на континуантот /*лу*/ место вокалното **ļ* во позиција зад дентали, сп. *дълӯго, слуза, т̄луче*, на палаталното /*љ*/: *т̄ље, зеље, иљ'ада*, наставката *-у* во општата форма кај именките на *-а* : *жену, њиву,* наставката *-ога̄* во заменско-придавската парадигма: *т̄ога̄, њега̄, сăс доброга̄ коња*, потоа множинската наставка *-е* кај именките на *-а* : *куќе, убаве њиве*, и глаголските флексивни морфеми *-мо* во 1 л. мн.: *имамо*, *-в* во 3 л. мн. на презентот: *они имав, -ше* во 3 л. мн. на аористот: *рекоше*, и др. Нешто појужно во правецот што го оцртавме погоре поминуваат изоглосите на континуантот /*ă*/ место **ъ* и **ь*, сп. *дăш, дăн*, рефлексот /*у*/ место носовката **ǫ* : *зуби, рука* и место вокалното **ļ* : *вук, жӯто, кук*, и др. Северните говори, како што гледаме, ни се претставуваат како типични преодни говори.

Нивната внатрешна диференцијација во голема мера била условена од соседството на двете други македонски наречја.

Во источниот дел на северните говори (во Кумановско, Кратовско, Кривопаланечко) повеќе се чувствува присуството на источномакедонски особености. Парадигматскиот акцент, употребата на една членска морфема *-ăт̄*, удвојувањето на предлогот *со – сăс*, поствербалната употреба на заменските клитики, и не само тие, североисточните говори ги доближуваат до источното наречје.

Во западниот дел од северните говори (во скопско-црногорскиот и вратничкиот полошки говор) акцентот е западномакедонски – фиксисран. Во овие говори се губи интервокалното /*в*/, се испушта помошниот глагол во 3 л. на перфектот, се употребува троен член. Реченицте можат да почнуваат со кратка заменска форма, сп. *Гу виде женут̄у, Га фана пет̄ăлăт̄.*

На полошкиот дел бројот на западномакедонските особини е уште поголем особено на појасот околу градот Тетово.

10. Процесот на дијалектната диференцијација на македонскиот јазик може да се следи уште од XI век. Тој започнува заправо истовремено со појавата на првите иновации. Со дефонологизацијата на еровите (**ъ, *ь*) и со замената на јаките **ъ* и **ь* во /*о*/ и /*е*/ на северното пограничје и на крајниот југоисток спрема бугарската јазична територија останува еден појас непокриен со новите резултати. Тука започнува веќе формирањето на преодни говорни појаси меѓу македонскиот и бугарскиот на исток и македонскиот и српскиот на север. Тие појаси подоцна постепено ќе се пополнуваат со повеќе црти. Во северните говори ќе навлегуваат иновации од север и од југ и тука ќе се вкрстуваат, а на источното пограничје ќе се испреплетуваат изоглоси на појави зародени на бугарските иновациони огништа, а од друга страна на исток ќе продираат црти формирани на македонскиот терен, како што е случајот со континуантот /*о*/ од **ъ* во одделни морфеми, или рефлексот /*а*/ за **ǫ*, замената на **ě* со /*е*/, депалатализацијата на консонантите, и други, во некои западни бугарски дијалекти.

Како последица на загубата на еровите внатре на македонската територија се јавиле истовремено две иновации. По испаѓањето на слабиот **ъ(ь)* во групите **сvь-*, **svь-* во западниот дел на македонскиот ареал сонантот *в*, секако во тоа време уште билабијален, преминува во /*у*/, додека во источните говори во секвенците *цв* и *св* се развил секундарен вокал, кој ги раздвоил консонантските групи коишто биле тешки за изговор. Така се добиле две вредности: *цу-*, *су-*: *цӯш̄т̄и, осунӣш̄т̄и*, во западните, и *цав-*, *сав-*: *цав̄ш̄т̄и – цав̄ш̄т̄е*, *осавне – осамне*, во источните. Овие се секако меѓу најстарите диференцијални црти на македонскиот терен.

Во XII–XIII век на македонскиот терен се јавува цела серија промени како во областа на фонологијата, така и во флексијата. Меѓу фонетските промени, кои најмногу оставиле траги на дијалектното дробење на македонскиот јазик, спаѓа, без сомнение, деназализацијата на носовките **ǫ* и **ę*. Втората се совпаѓа со **ě* (= јат), што претставува посебност на македонскиот по однос на бугарскиот, а вокалот **ǫ* во разни региони на македонската територија се рефлектира различно: или се задржува неговиот темен изговор – /*ă*/: *рăка*, одн. *рăнка*, каде што се задржал назалниот призвук подолго време (во сушко-височкиот и костурскиот), или **ǫ* се преточува во еден од другите вокали во системот – /*а*/ на поширок ареал во средишниот дел на Македонија: *рака*, – /*о*/: *рока* во малореканскиот, – /*у*/: *рука* во северните, или пак таа развила нови дистинкции и дала нови вредности: /*å*/ – отворено *о*, кое го задржува признакот лабијалност, но како суштествен се јавува степенот на отворот, сп. *рå̈ка* во дримколско-голобрдскиот и во други пунктови на западната периферија што ги спомнавме порано; /*ä*/ – отворено *е*, кое има повисок степен на отвор од /*а*/, но поради тоа што во вокалниот систем на даденият говор нема друг преден вокал од широкиот отвор повишениот отвор е редундантен. Со новите вокали ниската фонема /*а*/ добила свои парници и се образувале три нови корелации: /*а ~ å*/ во едни говори, /*а ~ ä*/ во други, одн. /*а ~ ă*/ во говорите каде што се задржал темниот изговор. Во крајна линија место вокалот **ǫ* на македонскиот терен сме добиле вкупно девет различни резултати: /*ăл, ăн - ăм/, /ал, /ан - ам/, /ål, /ån - ăм/, /ä̈л, /ол, /ул*.

Во врска со носовката **ǫ* има уште две појави релевантни за дијалектната диференцијација. Пред почетното **ǫ* се јавиле два протетички гласа: /*ј*/ во западниот дел, сп. *ја̄глен* и /*в*/ во источниот: *ва̄глен – вă̄глен*. И второ, од познатото мешање на носовките во западните говори се запазиле траги, сп. **ję* > **jǫ* : *јăзик, јазик, јозик, јäзик*, додека во источното наречје место секвенцата **ję* имаме *(ј)е*, сп. *(ј)език*, *(ј)е̄т̄рва*, итн.

Во односниов период – до XIII век во рамките на македонскиот јазик се извршиле уште ред промени и фонетски и морфолошки, кои оставиле видни траги и врз територијалното расчленување негово. Во вокализмот врз дијалектното членење многу придонесле и рефлексите на вокалните**ļ*, **ŗ*. Во повеќето говори вокалниот дел на континуантите на **ļ*, **ŗ* совпаднал со рефлексот на **ǫ*, така што се ширел бројот на примерите со новите вокални фонеми. Во текстовите од односниов период наоѓаме примери што укажуваат и на редукцијата на неакцентираните вокали, една важна иновација, која ја продлабочила дијалектната диференцијација особено во јужниот дел на македонскиот дијасистем. Најверојатно во тоа време се оформиле во главни црти и

акцентските системи во дијалектите. Во консонантизмот започнал процесот на дефонологизацијата на меките парни сонанти и губењето на мекоста воопшто. Бројни иновации се јавиле и во граматичката структура на јазикот. Се забележува тенденција за диференцирање на наставките *-ове* и *-ови* – првата превладува како дативна во западните говори, а втората се наложува во множината, сп. денеска во дебарските говори: *тат̄ко(в)е* (дат.) и *синови* (мн.). Кај глаголите како иновација се оформува наставката *-ме* во 1 л. мн. и *-ле* во множината на активниот партицип: *биле* (: *били* – во источните говори). Во 3 л. едн. почнува да се испушта *-т̄*.

Така, кон крајот на XIII век веќе биле оцртани основните дијалектни групи во Македонија. Со подоцнежните иновации процесот на дијалектното членење само се продлабочувал, но во рамките на веќе зацртаните, негде и оформените територијални единици.

Во XIV век, како што спомнавме, се засилува српското јазично влијание со ширењето на српската држава и со поместувањето на нејзиниот центар кон југ, и во резултат на тоа влијание се зацврстуваат фонемите */ќ, ѕ́/*.

Уште повеќе процесот на дијалектно членење се продлабочува од XVI век, кога започнува во западните и во северните говори дефонологизацијата на */х/* и губењето на ред консонанти во интервокална позиција, меѓу кои особено */в/*. Како последица се јавуваат нови односи меѓу вокалите, а како резултат се јавуваат редица дифтоншки секвенци и фонетски долги вокали, за кои спомнавме порано. Но сега да истакнеме дека овие нови процеси повеќе го засегнале западното наречје и некои југозападни говори.

По овој начин западните говори се здобиле со нови диференцијални особини и уште повеќе се оддалечиле од источното наречје, но истовремено и во рамките на западното наречје дошло до поголемо диференцирање меѓу поодделни локални говори.

11. Резимирајќи го досега опишаното можеме да ги формулираме следниве констатации.

– Дијалектите на македонскиот јазик се чуваат доста добро. Најдобро дијалектната реч е сочувана во областите под Грција и во македонските оази во Албанија, каде што нормираниот јазик не е во поширока функција. Во Република Македонија во повоениот период, особено во последниве две децении под влијание на литературната норма се забележува во поголемите центри еден виден процес на унификација. Генерациите што завршиле македонски школи во голема мера го владеат литературниот стандард, иако нивната синтаксе и лексика сè уште носат белег на родниот дијалект.

– Најголема дијалектна диференцијација има на јужната и западната периферија, на пограничјето со албанскиот, грчкиот и влашкиот јазик. На пограничјето со српскиот јазик бројни дијалектни црти навлегле подлабоко на македонскиот јазичен ареал и се формирал еден појас на типично преодни говори. Преодот меѓу македонскиот и бугарскиот јазик е значително поблаг во однос на северната граница.

– Процесот на дијалектната диференцијација во Македонија започнал уште со првите иновации, кои можат да се следат од XI век наваму. Основните контури на денешните македонски дијалекти доста се видни уште на преломот

од XIII во XIV век. Еволуцијата на многу процеси започнати подлабоко во минатото продолжила и подоцна, а некои се наоѓаат уште во тек, уште се незавршени.

– Во голема мера врз дијалектното членење на македонскиот јазик придонесле балканските несловенски јазици, во помала мера и српскиот. Најголема дијалектна диференцијација е извршена во областите со мешано население – македонско и немакедонско, во западна и во јужна Македонија, каде што има најголем степен на интерференција, бидејќи населението во тие краишта е двојазично, негде и тријазично.

– Најдлабоки траги врз диференцијацијата на македонскиот јазик оставил акцентот. Ред дијалектни појави во областа на дијалектниот вокализам се условени од местото на акцентот, на пример, редукцијата на ниските вокали во јужните дијалекти, прегласот на /а/ во /ä/ или /е/, исто така во јужните и во југоисточните дијалекти, реализацијата на јат /ä/ во корчанскиот, сушко-височкиот, гоцеделчевскиот и разлошкиот говор. Во охридскиот и во полошкиот постои разлика во реализацијата на /а/ во зависност од местото на акцентот. Во акцентиран неиницијален слог во тие говори /а/ се неутрализира со изговорот на фонемата /ă/. Во повеќе говори (прилепскиот, дебарскиот, нестрамскиот, серско-лагадинските) под акцент вокалите /е/ и /о/ имаат затворени алофони [ę, ǫ], а во други говори вокалот /ă/ се изговара во неакцентирана позиција поотворено [ą], така во северните и во серско-лагадинските. Најверојатно акцентот придонесол и во двојната рефлексација на *ǫ во повеќе западни говори, сп. *рăка, йăт̄* : *обрач, йопраг̄, желад*. Во реканскиот торбешки говор имаме две реализации на континуантите на *ǫ и вокалните *ŗ, *ļ*, сп. *йå̄т, йå̄тот̄* : *н'а-йąт̄, сåнце* : *н'а-сąнце, вåрба* : *н'а-вąрба*.

Вокалните системи на македонскиот доста се зависни и од консонантското соседство. Под влијание на меките консонанти е извршен прегласот на /а/ во /ä, е/ во југоисточните и во некои јужни говори, на пример во корчанскиот, во поограничена мера и во костурскиот. Во вевчанскиот говор (Струшко) зад лабијална согласка носовката *ǫ и вокалните *ŗ, *ļ*, се рефлектирале, видовме, во лабијализирано /å/. По испаѓањето на консонантите /х, в, ј/ и некои други во поограничен степен, во интервокална позиција во западното наречје се образувале нови вокални секвенци, потоа се јавиле цела серија дифтонзи [еi̯, аi̯, оi̯, уi̯, – i̯а, i̯е, i̯о; е^{а}, о^{а}, а^{е}; ў̯а, ў̯е], се образувале нови фонетски должини [и:, е:, а:, о:], се јавиле промени во структурата на слогот, дошло во ред случаи до скратување на зборoформите, сп. *воденица* > *водеинца* > *водеi̯нца*, *йоловина* > *йолоина* > *йолоi̯на*, *невест̄а* > *нее:ст̄а* > *не:ст̄а* > *нест̄а*, *прог̄овори* > *прог̄оори* > *прог̄о:ри* > *прог̄ори*.

Влијанието на вокалите врз консонантите е доста ограничено. Нешто малку придонесле за палатализацијата предните вокали, сп. *ракија* : *рак'ија* // *раќија, лаг̄и* : *лаг̄'и* // *лаѓи,* како и за неутрализација на /л/ и /л'/. Во серско-лагадинските говори пред предните вокали сите тврди консонанти леко се палатализираат.

– Во дијалектните фонолошки системи на македонскиот значително е поголема диференцијацијата на вокалите отколку на консонантите. Побогати се оние вокални системи што се наоѓаат на јазичната периферија, посебно на западната и на јужната на допирот со несловенските јазици. Во тие системи

бројот на вокалите варира од 6 до 8. Најчести промени се вршени кај отворените вокали, на пример, редукцијата во јужните дијалекти.

Разликите во дијалектниот вокализам се доста стари. Погоре спомнавме дека најмногу за промените во инвентарот на вокалните фонеми придонесле назалот **ǫ* и вокалните **ŗ, *ļ*. Место **ǫ* наоѓаме цела една редица континуанти */у, о, а, å, ă, ä, ån - åм, ăн - ăм/*. Исто така и за вокалното **ļ* */ļ̊, ăл, лă, лу, ал, äл, åл, ол, у, å, ă/*.

Консонантизмот е релативно поустојчив. Кај сонантите промените повеќе биле насочени кон ликвидација на диезноста и тој процес се наоѓа уште во тек во повеќе дијалекти. Кај опструентите повеќе промени се извршиле во потсистемот на африкатите и кај веларите. Кај африкатите изразена е тенденцијата за пополнување на потсистемот (со *џ* и ново *ѕ*, негде и со палаталниот пар *ќ-ѓ́*), а кај веларите за упростување на потсистемот (со губењето на *х*). Не е наполно сталожен во некои региони на дијалектниот јазик ни потсистемот на уснените опструенти, бидејќи фрикативното */ф/* уште фонолошки не е стабилизирано.

– Дијалектната граматика е нешто поуедначена во споредба со фонологијата.

Во именската флексија македонските дијалекти се разликуваат пред сè по однос на формите за изразување категоријата определеност, по однос на формите за објектот, по некои граматички морфеми, и во повеќе случаи по морфонолошки појави. Во дел од источните македонски говори запазени се и акцентски алтернации. Поголема диференцијација покажуваат заменките. Разлики постојат и во инвентарот на формите и на одделни системи, на пример, кај демонстративните заменки, и во морфологијата на личните заменки.

Во глаголската флексија поголема разнообразност наоѓаме во граматичките морфеми, во инвентарот на формите, во однос на дистрибуцијата на старите и новите глаголски форми, особено во партиципските конструкции и форми.

Добар дел од разликите во флексијата се должат на фонетски промени што ги засегнале и флексивните морфеми. Колку далеку можела да се измени морфемската структура во одделни говори поради фонетски процеси најилустративно ни го покажуваат наставките за 1 л. едн. и во множината во сите лица во аористот и имперфектот. Во говорите каде што */х/* се загубило или се изменило во друга фонема, со нејзините промени се менувал и фонемскиот состав на морфемите. Така, на пример, во 1 л. едн. во македонскиот дијалектен јазик ги наоѓаме формите од 'рече': *рекох, реко, реку, рекоф, рекок, рекој*, онака како што се заменувало */х/* – со *ø, в-ф, ј, к*. Меѓутоа, процесот не застанал само на тоа. Поради настанатите омонимии со разни други форми се јавиле верижни промени, во кои биле вклучени и други граматички фактори.

Важна улога во глаголската флексија, па и воопшто во граматиката, одиграла аналогијата. По аналогија се создадени во редица дијалекти сума промени.

– Македонскиот јазик силни промени претрпел и во лексичкиот состав, како и во зборообразувањето. Дијалектната лексика особено била подложена на промени и диференцијација под влијание на балканските јазици, пред сè на грчкиот, но особено многу под влијание на турскиот. Некои од иновациите го покриле сиот македонски јазичен ареал, но добар број останал во рамките на

одделни локални говори и станал негова карактеристика. Во јужните говори, нешто и во западните, најмногу се напластиле туѓојазичните лексеми. Но од друга страна во тие говори и најмногу се запазиле словенски лексички елементи, кои на другата македонска територија биле истиснати.

Слична е состојбата и во зборообразувањето. Некои суфикси од туѓо потекло станале дијалектна особина на повеќе говори, на пример *-уле* со дериватите.

1996

ЛЕГЕНДА КОН КАРТАТА

9.1. *Зайадномакедонско наречје:*
- 9.1.1. Централни говори;
- 9.1.2. Западни периферни говори;
  - 9.1.2.1. Горнополошки, дебарски, струшки, охридски и преспански говори;
  - 9.1.2.2. Дримколско-голобрдски говор;
  - 9.1.2.3. Вевчанско-радошки говор;
  - 9.1.2.4. Малореканси (галички) говор;
  - 9.1.2.5. Реканси (жировнички) говор;

9.2. *Југоисточно наречје:*
- 9.2.1. Штипско-струмички говори;
- 9.2.2. Тиквешко-мариовски говори;
- 9.2.3. Малешевско-пиринси говори;
- 9.2.4. Јужни говори;
  - 9.2.4.1. Солунско-воденси (долновардарски) говори;
  - 9.2.4.2. Серско-лагадинси говори;
- 9.2.5. Костурско-корчански говори;
  - 9.2.5.1. Корчански говор;
  - 9.2.5.2. Костурски говор;
  - 9.2.5.3. Нестрамско-костенариски говор;

9.3. Северни говори

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК



2. ЕТАПИ ВО ДИЈАЛЕКТНАТА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

1. Процесот на дијалектната диференцијација на македонскиот јазик може да се следи уште од старословенскиот период. Веќе во текстовите од крајот на X и XI век се јавуваат некои иновации, како на пример: дефонологизацијата на *ъ и *ь и нивната замена во *о*, *е* во јака позиција, асимилацијата на вокалната група *-ае-* во *-аа-* кај глаголите (сп. ***подобаатъ***), губењето на епентетското **l′* (***на земи***), појавата на ново *s*. Во областа на морфологијата наоѓаме примери што укажуваат на зачестената употреба на множинската наставка *-ове* (***попове***), на губењето на наставката *-т̄*, во 3 л. едн. (***бѫдѣ***). Се забележува стремеж за обопштување на една наставка во 2 л. мн. на императивот кај глаголите со основите на *-е* и *-и* (***глаголѣтѣ, покажѣтѣ***). Кај глаголите се среќаваат и случаи во кои имперфектната наставка *-шете* да се заменува со аористната *-сте*.

Едни од споменативе појави подоцна се генерализирале на целата македонска јазична територија, а неколку се ограничиле на помали ареали и станале дијалектни диференцијални особености. Наставката *-т̄* во 3 л. едн. на презентот денеска се пази само во западните македонски говори, додека северните и источните неа не ја познаваат (сп. *носит̄* : *носи – носе*). Различно по говорите се оформила и императивната наставка во 2 л. мн. (сп. *берете*, *носете* : *бериме*, *носиме* : *берејме*, *носејме*).

Од најстарите фонетски иновации врз дијалектната диференцијација на македонскиот јазик најмногу се одразила загубата на *ъ и *ь. Како што е добро познато, јаките *ъ и *ь се замениле со *о* и *е*. Оваа појава, зародена секако во централните области на Македонија, станала општа особина готово на сета македонска јазична територија, со исклучок на источната и северната периферија, и важен диференцијален белег по однос на соседните словенски јазици – српскиот и бугарскиот. На јазичните пограничја надвладале оние процеси што имаат свои огништа на српската, односно на бугарската страна. На северното пограничје *ъ и *ь се изедначиле во *ă* (**sъпъ* > *сăн*, **dьпь* > *дăн*), како и во торлачките српски дијалекти, а на пограничјето со бугарската јазична територија *ь > *е,* а *ъ > *ă* (сп. *ден* : *сăн* во серско-лагадинските) или *а* (*сан*, *даш, бачва* во разлошкиот и во некои серски говори). Меѓутоа, на пограничјето и спрема српскиот и спрема бугарскиот јазик во резултат на меѓудијалектниот контакт се јавиле нови процеси. Континуантот *ă* место *ъ, *ь во северните и *ă* // *а* од *ъ во југоисточните говори се јавува, главно, во коренската морфема, а во суфиксите и во членската морфема превладале континуантите *о* < *ъ и *е* < *ь (сп. *сăн*, *дăн* : *пет̄ок, дăнот̄*, *сăнот̄, т̄ăмен*, *ласен* во тетовскиот и кривопаланечкиот, или *дăжд'о* во некои серски села, *дажд'о* во разлошкиот).

Така, на денешниов македонски јазичен регион уште со најстарите иновациони појави започнува и процесот на дијалектната диференцијација.

2. Нова етапа во дијалектната диференцијација на македонскиот јазик започнува со XII и завршува со XIII век. Во ова време македонскиот јазик претрпел ред промени во сите области на неговата структура. Во вокализмот се губат фонемите **у*, **ę* и **ǫ*. Се јавува редукцијата на неакцентираните вокали. Во консонантизмот настапува веларизацијата на меките консонанти и со тоа се отклонува дистинкцијата по мекост. Оваа појава понатаму предизвикала нови процеси и кај вокалните фонеми, како што се замената на **ě* со *а* зад веќе депалатализираните *ц* и *ѕ* (сп. **сě* > *ца*, **зě* > *ѕа*), асимилацијата на **ę* со **ǫ* зад **č*, **ž*, **š* (сп. ***жѧтва*** > ***жѫтва***, ***чѧдо*** > ***чѫдо***), потоа замената на **ę* со **ǫ* зад *ј* (сп. ***ꙗзыкъ*** > ***ꙗзыкъ***), веларизацијата на сонантот **l* (сп. ***плоꙋнавшѥ***). По губењето на **ъ*, **ь* настанале нови односи меѓу консонантите што предизвикало ред промени во дистрибуцијата нивна. Се јавиле сосема нови консонантни групи, дотогаш необични. Во резултат на сето тоа се зародуваат нови процеси, како: асимилацијата по звучност, испаѓање на некои консонанти (сп. *све* > *се* : ***сѣ житиѥ***, *вр̄* > *р̄*: ***нѣ прашаѥтъ***). Бројни иновации се јавиле и во граматичката структура на јазикот. Во некои текстови од XII век се забележува тенденција за диференцијација на наставките *-ове* и *-ови*: првата превладува како дативна (***Гєѡргиєвѣ***), а *-ови* во ном. множина (***сынови***). Се среќаваат примери што укажуваат на почетоци на аналитизмот. Кај глаголите како иновација се оформува наставката *-ме* во 1 л. мн. (сп. ***єсмѣ***, ***имамѣ***) и *-ле* во множината на активниот партицип (***былѣ***). Во синтаксата предлогот ***отъ*** сѐ почесто се јавува со нова функција – посесивна. Во една преписка во Битолскиот триод употребен е и сврзникот *оти̑*, преземен од грчкиот.

Приведениве иновации во текстовите од XIII век се уште почести, некои и сосема обични. А се јавуваат и ред нови. Кај именките од *а-* и *ја*-основа се забележува тенденција за генерализирање на една наставка во ном. мн. (сп. ***овьцы***). Се оформуваат посесивните заменски форми од типот 'негов' (сп. ***кѡговъ***). Кај глаголите наоѓаме примери со извршена метатеза на наставката *-хомъ* во *-хмы* во имперфектот (***работѣхмы***) и со замена на *-стѣ* со *-хтѣ* во 2 л. мн. на аористот (***посѣтихтѣ***). Во 3 л. мн. на аористот се наложила имперфектната наставка *-хж*. Понатаму кај глаголите се оформува нов суфикс *-ува* (***радоꙋвахѫ***), а се јавуваат и примери што укажуваат на засилена употреба на некои префикси (сп. ***припиши***). Последните проучувања покажуваат дека во XIII век бил сосем развиен аналитизмот како во деклинацијата, така и во компарацијата. Се среќаваат исто така и примери со удвоен објект. Членот бил исто така веќе изградена граматичка категорија.

Сето ова покажува дека во периодот од XI до XIII век македонскиот јазик претрпел големи структурни промени. Кон крајот на XIII век тој ни се претставува во едно ново качество.

Во тоа време се извршиле и најважните процеси што придонесле за неговата дијалектна диференцијација. Еден број од јазичните иновации се раширile на целата јазична територија и станале општа особина на македонскиот јазик, како, на пример: аналитизмот во деклинацијата, категоријата определеност, аналитичката компарација, удвојувањето на објектот, губењето на инфинитивот и други. Но поголем дел од иновациите што настанале во односниов период не го зафатиле целото јазично подрачје. Во некои географски региони старите црти продолжиле да егзистираат. По тој начин се

создале опозиции на стари и нови јазични особености со различна географска дистрибуција. Така, на пример, старата множинска наставка *-ове*, како и наставката *-е* кај именките од машки род, се задржала до денеска во некои области во источна Македонија (сп. *синове*, *ӣријаӣеле*, *ораче*). Во крајните источни говори во множината глаголската *л*-форма завршува на *-ли* (*били*). Во западна Македонија кај еднослоӝните именки се генерализирала поновата форма *-ови* (*синови* > *синои*), а во партиципот превладала наставката *-ле* (*биле*). Во други случаи имаме обратна појава: старите особености вируат на западната јазична периферија, како што е случајот со наставката *-ӣ* во 3 л. едн. на презентот, која во источните говори се загубила, и тоа доста рано, како што покажува материјалот од Струмичкиот апостол.

Од иновационите особини настанати во времето од XI до XIII век за дијалектното дробење на македонскиот јазик најмногу придонесле назалните самогласки и појавите сврзани со нив. Самиот процес на деназализацијата не се извршил наполно во сите македонски говори. На јужната периферија на пограничјето со албанскиот и со грчкиот јазик и денеска среќаваме примери со запазен назализам (сп. *ӷранди*, *кранк* во корчанскиот, *ӷрӑнди*, *крӑнӷо* во костурскиот и сушковисочкиот). Меѓутоа, дистинктивниот признак назалност ни во тие говори веќе не е релевантен. Паралелно со деназализацијата се менувала и вокалната компонента на назалите. Кај предниот назал **ę* дошло до снижување на артикулацијата; тој се доближил до артикулацијата на **ě* (= *ӓ*), а со отклонувањето на назалниот признак тој и наполно преминал во *ӓ*. Тоа го потврдуваат и примерите како *избавлѣ сѧ* (место *избавлѧ сѧ*) или *пѧтель* (место *пѣтель*), каде што се заменуваат **ě* и **ę*. Место носовката **ǫ* во коренската морфема на македонскиот терен денеска се среќаваат шест континуанти: *а* во централна Македонија, *ӑ* во јужниот и југозападниот дел, *о, å, åӏӓ* на западната периферија на пограничјето со албанскиот, и *у* во северна Македонија. Континуантите на **ǫ* одиграле најголема улога во формирањето на вокалните системи на македонските дијалекти. До колку **ǫ* по деназализацијата не се изменило во некоја од постојните самогласки (*а, о, у*), тоа дало нова фонема *(ӑ, å, ӓ*), развивајќи при тоа нови дистинктивни признаци. Во врска со назалот **ǫ* стои уште една појава, која исто така се одразила врз дијалектната диференцијација. Пред континуантот на **ǫ* на апсолутниот почеток се развил протетички глас, и тоа во западните говори *ј* (*јаӷлен, јӑӷлен, јоӷлен, јӓӷлен*), а во источните *в* (*ваӷлен, вӑӷлен*). И таа е стара дијалектна диференцијална црта.

Во дијалектното дробење на македонскиот јазик доста помогнале исто така секундарниот *ъ*$_2$ и континуантите на вокалните **ӏ̯* и **ɾ̯*. Таканаречениот секундарен *ъ*$_2$ се јавил во согласнички групи тешки за изговор, коишто настанале по губењето на слабите **ъ* и **ь* (сп. **tьgla* > *мӷла* > *мъ*$_2$*ӷла*), и пред сонантите на крајот на зборот (сп. **ogпь* > *оӷн* > *оӷъ*$_2$*н*, потоа *оӷӑн*, *оӷон*, *оӷан*, *оӷен*, *оӷин*). Овој глас (*ъ*$_2$) во почетокот на зборот се совпаднал со рефлексот на **ǫ*, секако уште кога **ǫ* звучело како *ӑ*$^{\text{н}}$. Тоа го потврдуваат и случаите со секундарен назализам запазен и денеска во Солунско и Корчанско (сп. *мӑнӷла* во Сухо, *манӷла* во Бобоштица). Понатаму овој глас се развивал како и **ǫ* (сп. во дијалектите: *мӑӷла*, *маӷла*, *моӷла*, *мӑӷла*, *мӑнӷла*, *манӷла*). На крајот на зборот развитокот на *ъ*$_2$ одел по самостоен пат во зависност од фонетските околности (сп. *добӑр*, *добар*, *добор*, *добер*; *седӑм*, *седам*, *седом*, *седум*, *седем*).

Пред *в* *ъ*$_2$ се јавил само во источните и во северните говори: *цӑфти*, *осӑмна*, одн. *цафте*, *да осамне*, *ќе осавне*, додека во западните дијалекти заедно со *в* тој се заменил во *у*: *цутит*, *ќе осуне*.

На крајот на XIII век, како што се гледа од приведениве податоци, се оцртуваат доста јасно основните дијалектни групи во Македонија. Една група иновации се јавуваат во западна Македонија и се задржуваат во рамките на тој географски регион, станувајќи негова дијалектна карактеристика. Меѓу тие најстари дијалектни диференцијални црти спаѓаат: појавата на протетичко *ј* пред почетното **ǫ* (*јаглен*), замената на *в* во *у* во случаите од типот *цутит*, замената на **ę* во **ǫ* зад *ј* (***ѩзыкъ > ѧзыкъ > јазик***), потоа генерализирањето на множинската наставка *-и* кај именките од машки род, наставката *-ови* кај еднозложните именки од машки род, множинската наставка *-ле* во партиципот (*биле*). Со овие црти западните говори во XIII век им се противставувале на источните. Во источното наречје како протетички глас пред **ǫ* се јавило *в* (*ваглен*). Пред согласката *в* во примерите како *цӑфте* / *цӑфти* се развил *ъ*$_2$ кој потоа во некои говори се изјаснил во *а* (*цафти*). Во него нема траги од мешањето на носовките (сп. *език*). Во множината кај именките од машки род се пазат старите наставки *-е* (*пријателе*) и *-ове* (*синове*), а во множината на *л*-формата се генерализирала наставката *-ли* (*били*). Од друга страна, во источните говори се развиле некои црти кои не се познати во другите реони. Видовме дека зад *ц* **ě* се заменило со *а* (*цал*). Доста рано таму се јавила редукцијата на неакцентираните самогласки. Потоа, во нив се загубила наставката *-т* во 3 л. едн. на презентот. Западните говори редукцијата не ја познаваат. **ě* редовно се заменува со *е* во сите позиции (сп. *цел*, *цена*). Во 3 л. едн. на презентот се пази *-т* (*викат*).

Во времето до XIII век некои посебности развиваат и говорите во северна Македонија. Наоѓајќи се на пограничјето со српската јазична територија во нив се развиле ред црти што се карактеристични за граничните српски дијалекти. Покрај изедначувањето на **ь* и **ъ*, во тие говори доста рано е извршена замената на **ǫ* во *у* (*куќа*, *рука*). За тие говори карактеристична е и замената на **ł* во *у* (*вук*) и во одделни фонетски позиции во *лу* (*слуза*) или *лӑ* (*слӑза*). Во морфологијата исто така превладале црти што се карактеристични за соседните српски дијалекти, сп. ги наставките *-мо* за множина (*имамо*), *-сте* и *-ше* во аористот (*рекосте*, *рекоше*) и др.

Во рамките на првите две групи говори, денеска две основни наречја во Македонија, според рефлексите на носовката **ǫ*, *ъ*$_2$, според континуантите на вокалните **ł* и **ŕ*, и уште по некои други особини, во односниов период се оформиле неколку помали дијалектни индивидуалности.

3. Бројни јазични иновации на македонскиот терен настанале и по XIII век. Во текстовите од XIV век се јавуваат примери со заменето *чр-* во *цр-* (***црьвник***), како и случаи со *ќ*, *ѓ* место *шт*, *жд* < **tj*, **dj*. Понатаму, наоѓаме примери што укажуваат дека акцентот во западна Македонија бил пренесен (сп. *ви́но, жи́вотъ*), а веројатно бил и стабилизиран уште во тоа време.

Од XV век наваму доста промени претрпел особено консонантизмот. Процесот на депалатализацијата ја зафатил и фонемата *њ*. Во ред говори во XVI век била загубена или се наоѓала во процес на губење фонемата *х* (сп.

оуфашахоусѣ – во македонскиот превод на Дамаскинот, Тетово – во запис од XVI век). Од ова време се среќаваат и примери со загубено *ј* во интервокална позиција (сп. *полс* – во костурскиот текст од XVI век). Веројатно тогаш започнал и процесот на губењето на интервокалното *в* во западна Македонија. Веќе во XVII век тој е потврден со бројни примери.

Губењето на *х* и на интервокалното *в* предизвикало нови процеси. Се јавиле ред нови односи во дистрибуцијата на вокалите. Сега се создале нови вокални групи, порано необични. Во некои говори во врска со новонастанатите вокални групи се јавиле разни видови асимилации, настанале нови дифтоншки групи (сп. во западните говори: *товар* > *тоар* > *то^{а}р* > *тор* / *твар*; *стреха* > *стреа* > *стреја* / *стрева* > *стре^{а}* > *стрја*, и др.).

Во односниов период се оформуваат и неколку иновации што ја засегнуваат граматичката структура на јазикот. Во текстовите од XVI век се јавува, на пример, множинската наставка *-ињa* (*долчињa - долчина*). Во Крнинскиот дамаскин кратките заменски форми стојат во почетокот на зборот пред глагол. Судејќи по изразот *имамъ гѡ афоресанъ* во приписка од 1706 година (Б. Конески, 1965 : 171) може да се претположи дека до крајот на XVII век во западните говори биле оформени наполно глаголските конструкции со 'има' како помошен глагол (тип: *има дојдено, имаше дојдено* итн.). Конструкциите со формите на помошниот глагол **xotěti* секако биле установени во системот многу порано.

Новите иновации уште повеќе ги продлабочиле дијалектните односи, создадени во времето од XI-XIII век. Интересно е да се одбележи дека повеќето од поновите црти настанале во западна Македонија. Со нив инвентарот на дијалектните диференцијални особини на западното наречје се зголемил. Западните говори од источните почнале да се разликуваат и со овие црти: со заменатата на краесложното *х* во *в*/*ф*, со загубеното интервокално *в*; самогласката *и* зад друг вокал редовно поминува во неслоговно *ј* (*мои* > *мој*, *снаи* > *снај*, *суи* > *суј*, *ореи* > *ореј*). Во западните говори се оформил нов акцентски систем со стабилизиран третосложен акцент. Во глаголскиот систем се јавиле нови форми – конструкциите со 'има': *има работено, имаше работено, имал работено, беше имал работено*. Во 3 л. на перфектот помошниот глагол се загубил (*тој дошол, тие дошле*). Во тие говори понатаму дошло до промени и во местото на заменските клитики (сп. *го видел, му рекол*). Во источните говори фонемата *х* се задржала во консонантскиот систем. Интервокалното *в* останало непроменето. Во повеќето источни говори се запазила и постарата акцентска состојба - со слободен и подвижен акцент, или до колку се извршиле некои измени, тие станувале во рамките на парадигмата, додека слободното акцентско место останало доминантно. Исто така во источните се задржал стариот однос на заменските клитики спрема глаголот. Во перфектот помошниот глагол најчесто се пази *(он е дојдел*). Во поглед на глаголските конструкции со 'има' источните говори од западните се разликуваат само до толку што во нив тие не се развиени комплетно до оној степен, како што ги среќаваме во западните. Источните говори по однос на споменативе црти се поконзервативни. Иновационите процеси започнале во западна Македонија. По таков начин во западна Македонија се оформило едно главно иновационо огниште. Од тоа огниште новите црти се ширеле во сите правци зафаќајќи различни ареали. Паѓа, меѓутоа, в очи дека еден добар број од тие иновации зафаќаат приближно еднакви

ареали. Нивните изоглоси претставуваат најчесто затворени линии и доста густо се распоредени едни до други. Сето тоа упатува на заклучок дека во западна Македонија се создале најповолни услови што придонесле за појавата на најголем број иновации. И токму тие иновации, зародени во тоа огниште, и најмногу придонесле за дијалектната диференцијација.

1974

3. ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ

1. Македонскиот јазик спаѓа во онаа група од словенските јазици што се одликуваат со голема дијалектна раздробеност. Скоро секој географски регион, секој град со својата најблиска околина со по некоја јазична особеност се разликуваат од соседните области. Дијалектната диференцијација особено е забележлива на јазичната периферија. За илустрација да го земеме само охридското говорно подрачје. На еден релативно тесен појас околу Охридското Езеро можеме да изделиме четири до пет говорни единици. Една говорна индивидуалност претставува градскиот говор со говорот на приезерските села. Во него назалот *ǫ е заменет со фонемата *ă* : *рăка*, *пăт*; место вокалното *ŗ има двофонемна група *ăр*: *пăрсти*. Во Дебарца за *ǫ наоѓаме *а* : *пат*, *рака*, а вокалното *ŗ се пази: *прсти, врф, врвот*. Па дури ни градскиот говор не е единствен. Во стариот дел на градот, Варош, фонемата *х* уште се среќава во бројни примери и во сите позиции, сп. *харо*, *Охрит*, *прах*. Во приградските населби Месокастро и Кошиште *х* се загубило во сите позиции како и во другите западни говори. На северниот и западниот брег на езерото се јавува друг дијалектен тип. Во говорот на селата Радожда, Вевчани и Мали Влај *ǫ се рефлектирало во широко *о* (*å*) зад лабијална согласка, а зад нелабијална дало широко *е* (*ä*), сп. *пåт* : *рäка*. Различни континуанти во споменативе фонетски позиции наоѓаме и место вокалните *ŗ и *ļ, сп. *пåрсти* : *сäрце*, *вåлк* : *кäлнит*. Во дримколските села *ǫ > *å*, *ŗ > *åр*, *ļ > *ål*: *рåка*, *дåрво, жåлто*. Во градскиот струшки говор *ǫ > *ă*, *ŗ > *ăр*, *ļ > *ăл*, како во Охрид. Меѓутоа, меѓу овие два говора има други разлики. Во струшкиот групите *-ое-*, *-оа-* се изменале во *-ве-*, *-ва-* : *тоар > твар*, *чоек > чвек*; 3 л. мн. на аористот и имперфектот завршува на *е* : *викае*, *дојдое*. Во охридскиот говор споменативе вокални групи се пазат неизменети: *тоар, чоек*, а во 3 л. во аористот и имперфектот има *-а* : *дојдоа*, *викаа*.

Вакво дијалектно шаренило на релативно мали ареали наоѓаме по целата периферија – на југ во Костурско, Солунско, на запад во Преспа, Дебарско и Полог, пак и на пограничјето спрема српската и бугарската јазична територија.

2. Во македонската дијалектна реч денеска наоѓаме повеќе од триста фонетско-фонолошки и граматички особености со кои се диференцираат меѓу себе поодделни локални говори. Некои од тие црти зафаќаат поголеми ареали, други се ограничени на помали или на сосем мали области.

3. Појавата на дијалектно-диференцијалните особености на историски план и во општи рамки може да се следи уште од старословенскиот период па до најново време.

Најголем дел од дијалектните особености настанале во периодот од XI до XV век. Во тој временски интервал се извршиле и најважните како фонетски така и структурни промени на македонскиот јазик. Тогаш се јавуваат ред ино-

вации, а готово секоја од тие иновациони појави во одредени рамки се оформила и како диференцијално-дијалектна особеност.

Меѓу најстарите иновациони особености спаѓа губењето на слабите ерови (*ъ̯*, *ь̯*) и замената на јаките во *о*, *е* : **sъ̯nъ* > *сон*, **dь̯nь* > *ден*. Оваа фонетска појава ја зафатила готово сета македонска територија со исклучок на северната и источната периферија. Промената на **ъ* > *о* и **ь* > *е* станала пред сѐ диференцијална црта на македонскиот по однос на српскиот / хрватскиот и бугарскиот. Со измената на еровите, од друга страна, се одвивал истовремено и процесот на дијалектната диференцијација во рамките на македонскиот јазик. На пограничјето спрема српската јазична територија фонетскиот процес одел во друг правец – **ь* и **ъ* дале една фонема: *ă*. На источното пограничје **ь* преминало во *е*, додека **ъ* се запазило како посебна фонема, како дифузен корелат на вокалот (*а*). Во разлошкиот говор, секако подоцна, овој глас преминал во *а*, сп. *бачва*, *даш*. – По губењето на еровите се развиле и други секвенци што оставиле траги врз диференцијацијата на нашиот дијалектен јазик. Така, на пример, во групите **cvь̯l-*, **svъ̯n-*, **zvъ̯n-* губењето на **ь* одн. **ъ* предизвикало два нови фонетски процеса: во западниот дел на Македонија *в* се вокализирало и преминало во *у*, сп. *цу̏тиш*, *да осунеш*, *суни̏ш*, а во источна Македонија се развило пред *в* секундарно *ă* кое после во некои говори приминало во *а*, сп. *цăфти̏, осăмнало* во кумановско-кратовскиот, *цафте*, *ќе осамне* во штипско-струмичките, одн. *да осавне* во малешевско-пиринските.

Различно се рефлектирал во одделни наши говори и *ъ*$_2$ што се јавил пред сонантите *р, л, љ, м, њ* на апсолутниот крај на зборот, сп. од **vĕtrъ*: *ве̏тер*, *ве̏тар*, *ве̏тор*, *ве̏тăр*; **ogn̥ь*: *о̄гин*, *о̄ген*, *о̄ган*, *о̄гон*, *о̄гăн*; **sedm̥ь*: *седам*, *седом*, *седем*, *седум* итн.

Од иновационите фонетски промени што се извршиле во XII–XIII век највидни траги во процесот на дијалектното дробење на нашиот јазик оставиле назалите **ǫ* и **ę* и вокалните **r̥* и **l̥*. – Процесот на деназализацијата не се вршел рамномерно на целата македонска јазична територија. Во крајните југозападни и периферните југоисточни говори и денеска наоѓаме запазен назализам, само со таа разлика што назалната компонента се изделува во посебна фонема, сп. *замбо*, *жа банди* (Бобоштица), *дȃмбје*, *ленд'ина* (Нестрам, Костурско), *гр̄ăнди*, *г̄овенд'ар* (Костур), *мăнч, дрăнг̄о* (Сухо).

Доста рано во нашиот јазик се јавиле и некои ограничувања во дистрибуцијата на назалите, особено на **ǫ* и неговите континуанти. Тој не можел да стои на апсолутниот почеток и поради тоа се јавиле протетички гласови, и тоа во западниот дел на Македонија како протетички глас се јавил *ј*: *ја̏ток* или *јăто̏к, ја̏ток, јăто̏к, ју̏так*, а во источна и јужна Македонија има *в*: *ва̏ток*, *вăто̏к*.

И мешањето на назалите во некои позиции оставило траги во процесот на дијалектизацијата. Зад согласката *ј* во западните говори место **ę* редовно наоѓаме иста вредност како за **ǫ*, сп. *јазик*, одн. *јăзик*, *јозик*, *ја̏зик*, *јăзик*, како *рака*, *рока* итн., додека во источните дијалекти **ę* редовно се заменува со *е* : *език*, *е̏тр̥ва*. – Во некои пунктови во Охридско и Преспанско остаток од старата замена на **ę* со **ǫ* наоѓаме и зад *ч*, сп. *чăдо* (стсл. *чѧдо*).

Особено важна улога во дробењето на македонскиот јазик на дијалекти изиграл назалот **ǫ*. На еден доста пространа ареал во централна Македонија

овој глас е заменет со *а* : *рака*. На граничниот појас спрема српската јазична територија **ǫ* > *у* : *рука*. Во јужна Македонија во коренската морфема редовно стои *ă* : *рăка*. На западната периферија како континуанти се јавуваат покрај *ă* (во Горни Полог, Дебар, Струга, Охрид) уште и: *о* во малореканскиот, широко *о* (*å*) во Дримкол и Голо Брдо, *а* или *ам* - *ан* во Бобоштица.

Паралелно со назалот **ǫ* се одвивале и процесите сврзани со т.н. секундарен *ъ*$_2$ во коренската морфема, како и развојот на вокалните **ɤ* и **ļ*. Секундарниот *ъ*$_2$ дал исти вредности како и **ǫ* : *а, ă, о, å,* сп. *маска*, *măска*, *моска*, *måска*. – Во повеќето говори со рефлексот на **ǫ* се изедначила и вокалната компонента од континуантите на **ɤ* и **ļ*, сп. *пāт̄* : *парст̄* : *далг̄о* во Бобоштица, *пăт̄* : *пăрст̄и* : *дăлг̄о* во Горни Полог, Струга, Костур, Воден, *рăка* : *пăрст̄и* : *вăк* во Дримкол. Вокално **ɤ* се задржало во северна и централна Македонија, а вокално **ļ* само во малореканскиот и во дел од кичевскиот говор.

Во периодот од XII до XIV век во границите на македонската јазична територија настанале уште ред иновациони појави, како на пример: замената на **у* со *и*, редукцијата на ненагласените вокали, депалатализацијата на некои консонанти *(ш-ж, ц-s*), замената на **ě* со *а* зад веќе затврдените *ц-s*, и др. Особено е голем бројот на иновационите црти во областа на граматиката. Да споменеме само некои од нив: ширењето на дативната наставка *-ове* : *му рече Марков*е, која е денеска карактеристична за дебарските говори, множинската *-ови* кај едносложните именки од машки род, кај глаголите: наставката *-ѫ* во 3 л. мн. на аористот, *-ме* во 1 л. мн. на презентот: *имаме*, *-ле* во множинската форма на активниот партицип: *биле*, потоа удвојувањето на објектот, промените извршени во именските и глаголските основи, аналитичкото степенување, и уште ред други. Најголем број од споменативе иновациони појави одразени се овде-онде во текстовите од односниов период со македонска провениенција. Според тоа до извесен степен можеме и да ја утврдиме хронологијата на иновационите појави.

Сите приведениве црти во помала или поголема мера, во зависност од нивната територијална распространетост, придонесле за дијалектното диференцирање на македонскиот јазик.

Процесот на дијалектното дробење на македонскиот продолжува и подоцна. Во XIV век се среќаваат веќе и примери со изменето *ч* во *ц* пред вокалното *р*: ***црьвик***. Во XIV и XV век се јавуваат ред иновации во врска со вокалот **ě*, потоа во системот на акцентирањето, па во деклинацијата. Има написи што укажуваат дека во тој период во северна и централна Македонија **ě* гласовно се изедначило со *е*. Во XV век во западна Македонија акцентот бил пренесен од последниот слог. Во деклинацијата наполно надвладеал аналитизмот. Може да се претположи дека во ова време во северните и централните делови на Македонија доста биле распространети и примери со *ќ, ѓ* место прасловенските **tj*, **dj*.

Некои од порано започнатите процеси се завршиле дури во XVI век. Од ова време имаме текстови, главно записи, во коишто е одразено губењето на фонемата *х* во некои позиции, како и наставката *-е* во 3 л. мн. на минатите определени времиња.

Во XVII век согласките *с, ш* пред африкатите *ц, ч* преминале во *х*. Наоѓаме потоа примери со изменето *к* пред *т̄* во *х*: ***хтытора***, или во *в*: ***швътои*** (***кь***). На

преломот од XVI во XVII век и во XVII-от се извршиле ред нови промени кои го засегнуваат претежно консонантизмот. Во одделни фонетски позиции, главно меѓу вокалите, се губат цела редица консонанти: *х, в, ј,* негде и согласките *д, г̄, ж* и други. Како последица од тоа губење настанале нови односи во дистрибуцијата на самогласките, кои потоа предизвикале нови промени: појава на хијатски гласови, сп. *снава, снаја*, образување на дифтоншки групи: *снаи* > *снај*, *столои* > *столој*, *полоина* > *полојна*, *јазоец* > *јазојц*, *г̄оедар* > *г̄ојдар*, разни видови асимилации: *тоар* > *тоᵃр*, *стреа* > *стрᵉа*, контракција на самогласките: *таа* > *та:*, *кући* > *кући:*, и уште многу други измени. Од консонантските промени извршени во ова време, а коишто имаат значење за дијалектизацијата на нашиот јазик, значајно место заземаат замената на *х* со *в, ф,* или *ј,* асимилацијата на групите *сц, сч, шч* во *хц, хч,* сп. *прасци* > *прахци*, *месце* > *мехце*, *крушче* > *крухче*, и др. Важни промени од дијалектен аспект се извршиле и во глаголскиот систем. Сѐ почесто се јавуваат нови глаголски форми настанати под влијание на соседните балкански несловенски јазици, како што се оние од конјугацијата со помошниот глагол 'има' од типот *има дојдено* и со 'сум': *сум дојден*. Нов граматички признак се јавува во распределбата на глаголите според основниот вокал. Важна улога во тој поглед на многу терени во Македонија изиграл карактерот на вокалот на општиот глаголски дел, сп. *сееш, ткаеш, чуеш, миеш – броеш* : *носиш – бериш, сечиш* и сл.

Процесот на дијалектното дробење на македонската дијалектна реч, како што гледаме, може да се следи од доста рано. Готово секоја иновација што се јавила во јазикот станала истовремено и дијалектно-диференцијална црта, зашто иновациите особености многу ретко ја зафаќале целата јазична територија.

Оние црти што се јавуваат денеска како најкарактеристични меѓу поодделни говори или групи говори настанале, главно, во периодот до XV век, и само неколку од нив се од поново време. Тоа покажува дека основната дијалектна диференцијација на македонскиот се извршила најдоцна до XV век. А тој е и многу значаен период во развојот на македонскиот јазик. Со извршените промени кон крајот на XV век тој се јавува во едно ново качество, како јазик со релативно нова структура во многу различна од структурата на старословенскиот. Се разбира, не се безначајни и оние промени извршени во поново време. На дијалектен план тие само ги дополнуваат контурите на веќе создадената дијалектна ситуација во Македонија*.

4. Дијалектните диференцијални црти по своето потекло се од два вида. Најголем дел од нив настанале како последица на внатрешниот развиток на македонскиот јазик. Во оваа група би можеле да ги земеме: вокализацијата на еровите, мешањето на назалите, деназализацијата, појавата на секундарен $ъ_2$ во разни фонетски услови, појавата на хијатските гласови *(в, ј)*, преструктурирањето на вокалните системи во одделни говори и др. Има, меѓутоа, и еден број појави што се јавиле под влијание на другите балкански јазици – како несловенските: ароманскиот (влашкиот), албанскиот, грчкиот, подоцна и турскиот,

* Иновациите појави во македонскиот хронолошки се класирани според Конески, 1965.

така и словенските. Влијанието на балканската јазична средина е најзабележливо во областа на граматиката и лексиката, помалку во фонологијата. Со влијание на балканските несловенски јазици се објаснуваат сите поважни структурни промени во македонскиот: губењето на деклинацијата и преминот на аналитичко искажување на падежните односи, појавата на постпозитивниот член, удвојувањето на објектот, искажувањето на директниот објект со предлогот *на* : *Го видов на Марко*, во областа на глаголот: појавата на сложените форми со 'има': *има дојдено*, *имаше дојдено* и сл., конструкциите од типот *сум дојден*, модалните форми со 'ќе': *ќе одев, ќе одел, ќе беше одел*, губењето на глаголската *л*-форма, потоа препозитивната употреба на клитиките: *Го виде Марка, Му рече на човекот, Сте го виделе детето*, испуштањето на предлогот *в* (*во*): *Одам Битола*. Уште е поголем бројот на лексичките дијалектизми од балканско потекло. Да го споменеме само суфиксот *-уле* : *дет̄уле*, *куќуле*, кој е особено продуктивен во западна Македонија. – Сите овие црти влегле длабоко во структурата на македонската дијалектна реч и се јавуваат како диференцијални особености меѓу поодделни локални говори или цели групи дијалекти.

Српското јазично влијание повеќе се чувствува во областа на фонологијата и лексиката. Со тоа влијание се објаснува екавизмот (замената на **ě* со *е*), дисимилацијата на консонантската група *чр-* во *цр-*: *црн̆*, *црево*, појава на фонемите *ќ*, *ѓ* место прасловенските **tj*, **dj*, палатализацијата на новите консонантски групи *ш̄ј*, *џ̄ј* (од **tьj*, **dьj*) во *ќ*, *ѓ*: *цвеќе*, *ливаѓе*, потоа континуантот *у* место **ǫ* во десетина лексеми (*куќа, вруќ, суд, гуска, гужва* и др.), некои зборообразувачки морфеми, на пр. *-иќи* во северните и централните говори, фонетската разновидност на предлозите **въ*, **възъ* – *у, уз*: *у село, уз него, помина ус куќа*, и повеќе лексички дијалектизми.

5. За дијалектната диференцијација на македонскиот јазик поголемо значење имаат, природно, оние иновациони особености што се јавиле во резултат на внатрешните процеси на јазикот. Според географската распространетост тие се од неколку типа.

Најголем број од тие црти се ограничени на македонскиот терен и не излегуваат надвор од рамките на македонската јазична територија. Повеќето од нив зафаќаат континуирани ареали. Тие се распоредени, главно, во централните и западните области. Така, на пример, веларизацијата на старото палатално **l′* (од **lj*) целосно се извршила во Прилепско, Порече, Велешко и Скопско, сп. *недела*, *луш̄и*, *клуч*, *прија̄тел*. На другата територија или се пази палатално *љ*: *недеља*, *кључ* – во северните говори, или тоа затврднало до степен на алвеоларно *л*': *недел'а*, *кл'уч*, *прија̄тел'* – во Полог, Дебар, Охрид, Битола, Костур, и во сите говори источно од Вардар. – Уште поголеми континуирани ареали во централна и западна Македонија зафаќаат: протетичките гласови *ј* и *в* во случаите како *јазик* и *визба*, измената на *в* во *у* во групите *цвь-, свь-, sвъ-*, промената на *и* во *i̯* зад друг вокал: *гла̄и* > *гла̄i̯*, губењето на интервокалното *в*, промената на краесложното *х* во *в* или *ф*: *нивно – нифно*, *чевли*, *врф*. Во тој дел на Македонија доследно е спроведена старата замена на **ję* во **jǫ*. На тој терен имаме фиксиран акцент на третиот слог. Вокалот од клитичките зборови се губи во живиот говор кога се тие ненагласени и следниот збор почнува со само-

гласка: *г̄-удри*, *ќ-оди*, *с-изми*, *м-изеде*, *ј-оста̄ј* (= *г̄о удри, ќе оди, се изми, ме изеде, ја оста̄ви*). Само за западните говори карактеристични се и заменските форми *је* за датив и акузатив од 'таа', демонстративноприсвојните *овег̄ов*, *онег̄ов*, *овејзин*, *онејзин*, *овивни*, *онивни*, презентската форма *се* во 3 л. мн. од 'сум', проширената партицинска форма *донесол*, испуштањето на помошниот глаѓол во 3 л. на перфектот, фонетските разновидности *ручек*, *ст̄ежер*, и др. – Изоглосите на споменативе црти затвораат пространи ареали од Тетово до Преспанското Езеро и на исток до Вардар и Црна Река. Западните и централните говори со овие особености се обединуваат во една поголема група, и истовремено со тие црти им се противставуваат на другите дијалекти. Географското единство и положба на овие особености, од друга страна, укажуваат дека тие настанале на западно-македонскиот терен, дека нивното огниште се наоѓа во западна Македонија.

На поограничени пространства во западна Македонија се среќаваат: појавата на секундарно *s* во група со сонантот *л*: *солsа*, наставката *-е* во 3 л. мн. на минатите определени времиња: *викае*, *дојдое*, *-ет̄* во 3 л. мн. на презентот: *викает̄*/*викет̄*, метатезата на гласовната група *-ни-* во *–ин-* во повеќесложни зборови: *вод'еница – вод'еинца – вод'ејнца*, фонетската измена на *у* во *в* во глаголскиот суфикс *–уе* / *-уа*, сп. *кӯуат̄ > кӯват̄*, *кӯует̄ > кӯвет̄ – кӯвит̄*, потоа обликот на партикулата *ќа*, заменските форми *ја, мие, т̄еа* и др. Некои од овие форми зафаќаат поголеми пространства (*ја* во сите говори северно од линијата Охрид – Велес). Има форми што ги поврзуваат охридско-дебарските со костурските (наставките *-е*, *-ет̄* кај глаголите, фонетската разновидност *кӯва – кӯви*, одн. *кӯвит̄*).

По јазичната периферија, особено на запад и на југ, можат да се сретнат уште ред други иновациони дијалектни особености, но кои се ограничени на релативно мали терени. На струшкото говорно подрачје вокалните групи *-иа-*, *-оа*, *-ое-*, покажуваат поособен развиток: *-иа- > -ја-*, сп. *ракиа > ракја > раќа* (во повеќесложни зборови), *-оа- > -ва-*: *т̄оар > т̄вар*, *-ое- > -ве-*: *јазоец > јазвец*, *г̄оедар > г̄ведар*. За костурскиот терен се сврзани глаголскиот суфикс *-ива*, сп. *заборав'ива*, именскиот *-нишча* : *т̄олен'ишча*, *морјен'ишча*, потоа глаголските образувања на *-т̄ује* од типот *жен'ет̄ује*, *осун'ат̄ује*, и др.

Некои диференцијални дијалектни особености се јавуваат во истиот облик на два или повеќе пунктови во рамките на македонската територија. На пример, краесложното *л* со лабио-веларна артикулација се среќава во Тетовско, Преспа, Меглен, Пијанец и Кратовско, сп. *доў*, *доўче*. Назалот **ǫ* со *ă* е заменет во јужна Македонија и на неколку говорни подрачја на западната периферија: во Горни Полог, Дебар, Струшко, Охридско и Костурско. Меѓу овие зони наоѓаме други вредности: *о* во малореканскиот, *å*/*ą* во реканскиот, *å* во дримколско-голобрдскиот, *å*/*ä* во радошко-вевчанскиот, *а*/*ам - ан* во бобоштенскиот, и пак *å*/*åм - ån* во нестрамскиот говор. Изоглосите на секоја од овие црти исто така ни се претставуваат како затворени линии, само со таа разлика што за една иста појава има повеќе ареали неповрзани меѓу себе. Во ваков случај не можеме да зборуваме за географско единство на односната појава и за единствено дијалектно огниште.

Не е мал бројот ни на диференцијалните дијалектни особености што ги преминуваат границите на македонската јазична територија. Овие црти се наоѓаат претежно на пограничјето со бугарскиот и со српскиот јазик.

На поголемо пространство во источна Македонија како иновациони дијалектни особености се јавуваат: секундарниот *ъ*$_2$ во консонантските групи *цв-*, *св-*, *сп*. *цӑфте* / *цафте*, *осӑмнало* / *осамнало*, замената на **ě* со *а* зад *ц*: *цал*, *цад'ило*, протетичкото *в* пред рефлексот на иницијалното **ǫ* : *ваⷮ'ок* / *вӑⷮ'ок*, разновидноста *са* во 3 л. мн. од глаголот 'сум', удвојувањето на предлозите *во* > *вов*, *со* > *сос*, фонетските разновидности на заменските форми *ниа*, *виа*, *г̄и*, *нејн*, *нини*, *вој*, *ној*, или проширени со партикулите *-ка*, *-зе* или комбинирани двете: *ниака*, *менека*, *јазека*, *ⷮизека*, потоа редукцијата на неакцентираните вокали во југоисточните говори, сп. *уфч'ар*, *г̄увид'ар*, парадигматичниот акцент и др. Со овие црти источните говори им се противставуваат на западните и се диференцираат од нив.

На еден потесен појас на источното јазично пограничје се среќаваат: прегласот на *о* зад палатален консонант во *е* во членската морфема, сп. *крај – крае*, *маж – маже*, палатализацијата на крајното *ⷮ*(*д*) во *ќ*: *зеⷮ* > *зеќ*, *паⷮ* > *паќ*, и на *к* во *ќ* зад палатален консонант: *мајка* > *мајќа* / *маќа*, *вујко* > *вујќо* / *вуќо*, *пријаⷮ'ел'ќа*, *прескⷮил'ќа*, дисимилацијата на назалната група *мн* во *вн*: *г̄увно*, *сⷮовна*, промената на фрикативните *с, ш* во *х* во група со африкативните *ц, ч*: *крушче* > *крухче, мосче* > *мохче*, множинската наставка *-е* кај именките од машки род што завршуваат на палатална или некогаш палатална согласка: *овчаре*, *пријаⷮеле*, *обичае*, *коне*. Со овие особености крајните источни говори – во Малешевско, Пијанец и Пиринска Македонија се изделуваат во посебна дијалектна индивидуалност во рамките на источното наше наречје.

Изоглосите на готово сите овие дијалектни диференцијални црти ги преминуваат границите на македонската јазична територија продолжувајќи на териториите на српскиот и бугарскиот јазик. Иновационите огништа на некои од приведениве црти се наоѓаат на македонски терен. Формите *ниа* / *миа*, *виа* и парадигматичниот акцент зафаќаат еден широк појас на линијата Солун – Штип – Куманово и само на север ја преминуваат јазичната граница. Поширок ареал зафаќа обликот *са*, но замената на **ǫ* со *а* укажува дека тој фонетски морал да се оформи во **ǫ* > *а* – говори.

Гласовните измени: *о* > *е*, *ⷮ′* > *ќ*, *к* > *ќ* зад палатален консонант, *мн* > *вн*, како и промената на *с*, *ш* пред *ц*, *ч* во *х* се среќаваат во малешевско-пиринските говори и во соседните бугарски дијалекти. Нивното огниште можело да биде дури и на самото јазично пограничје, сфатено тоа пошироко.

Територијално се најраспространети протетичкото *в*, удвоените предлози *сос* (*сӑс*) и *вов* (*вӑф, фӑф, уф*), секундарниот *ъ*$_2$ во групите *цӑв*, *сӑв*, потоа замената на **ě* со *а* зад *ц* и редукцијата на неакцентираните вокали. Првите се заеднички со бугарскиот јазик, во кој тие претставуваат општа особеност. Удвојувањето на предлозите, или поточно на предлогот *сос* (*сӑс*) и секундарниот *ъ*$_2$ во споменатите групи се јавуваат на широк простор и во граничните српски дијалекти. Групата *ца* и редукцијата се регуларни појави во сите југоисточни македонски говори и се среќаваат на голем простор на бугарската јазична територија. Сето ова укажува дека нивното огниште можело да биде и надвор од Македонија.

Како дијалектно-диференцијални црти на северното пограничје – спрема српската јазична територија се јавуваат: замената на двата ера со фонемата *ӑ* : *дӑн*, *сӑн*, замената на **ǫ* со *у* во сите позиции: *рука*, *на руку*, замената на **ļ* со *у* : *вуна*, *жӯто*, во морфологијата: множинската наставка *-е* : *жене*, заменско-придавската *-го̄а* : *ово̄га*, *добро̄га*, потоа глаголските наставки *-мо* во 1 л. мн., *-в* во 3 л. мн. на презентот: *викав*, имперфектните *-смо*, *сте* : *викасмо*, *викасте*, аористната *-ше*: *вик'аше*, партиципската *-ја* за машки род: *вик'аја*, и др. Со овие црти северните говори им се противставуваат на другите македонски дијалекти. Сите споменативе црти се карактеристични и за граничните српски дијалекти, а некои се и општа особина на српскохрватскиот ареал. Очигледно е дека нивното огниште се наоѓа на српската територија. Јужните нивни изоглоси допреле приближно до линијата Тетово – Скопје – Пробиштип.

6. Доста придонесле за внатрешното диференцирање на македонските дијалекти и оние иновациони особености што се развиле под влијание на балканските несловенски јазици.

Некои од тие црти ја опфатиле целата македонска територија и станале општомакедонски особености. Такви се: аналитизмот кај именските зборови, постпозитивниот член, отсуството на инфинитивот, категоријата определеност, повтореният објект и др. Овие црти карактеристични се и за бугарскиот, а се јавуваат и во источните и јужните српски дијалекти. Така тие станале општобалкански особености. Има, меѓутоа, извесен број јазични појави од овој тип (балканизми) што се јавиле на македонскиот терен и се задржале во рамките на македонската јазична територија зафаќајќи поголеми или помали ареали. Еден дел од овие црти влегле длабоко во структурата на дијалектната реч и станале релевантни во дијалектното диференцирање. Така, на пример, глаголските форми од конјугацијата со 'има' + *н/т̄* партиципот комплетно се употребуваат само во западните македонски говори. Колку што се оди по на исток и на север нивната честота се смалува. Во источна Македонија облиците од типот *имал дојдено* и *ќе имал дојдено* веќе се необични, а оние, пак, во составот на кои влегува плусквамперфектот: *беше имал одено, ќе беше имал одено,* воопшто не се употребуваат. Во северна Македонија се ретки и формите од типот *има дојдено* или *имаше дојдено*. Приближно вака стои положбата и со распространетоста на глаголските конструкции со помошниот глагол 'сум' + *н/т̄* партиципот. Најраспространети се формите *сум дојден* и *бев дојден*. Облиците од типот: *сум бил дојден, бев бил дојден*, и оние со партикулата 'ќе': *ќе сум дојден, ќе бев дојден* и сл. се ограничени, главно, на западномакедонскиот терен. Само во западните говори се јавува исто така и модалната форма од типот *ќе беше одел*, деминутивноекспресивниот суфикс *-уле,* употребата на предлогот *од* со посесивно значење: *куќата од мајка ми*, испуштањето на предлогот *во* : *Оди Битола*, употребата на заменската форма *му* и за женски род: *Му рече на жената*, негде и во множината: *Му рече на децата*, употребата на клитиките пред глагол на апсолутниот почеток на реченицата: *Го виде детето, Му рече нему, Сум ти рекол* и сл. На уште потесен простор се среќава употребата на предлогот *на* со директниот објект: *Го виде на детето*. Вака се искажува објектот кај одушевените именки во костурскиот и дебарскиот говор. Во Костурско, освен тоа, се загубила гла-

голската *л*-форма, поради што дошло до редукција на бројни сложени глаголски форми од системот. По губењето на перфектот, од една страна, се засилила употребата на формите со 'има', а од друга, ослабнала категоријата определеност кај глаголот, како и категоријата прекажаност. Во костурско-леринските и во охридскиот говор во процес се наоѓа и губењето на глаголскиот прилог. Со влијание на балканските јазици се објаснува и пазењето на дативот во бобоштенскиот, охридскиот, дебарските, кичевско-поречките и полошките говори. – Сите споменативе црти се вклопиле наполно во структурата на дијалектите каде што се употребуваат тие и станале нивни диференцијални особености. Изоглосите на повеќето од овие особености на исток и на север се вклучиле во изоглосниот сноп што ги дели западните говори од другите две основни групи – источната и северната. Огништето на приведениве иновациони дијалектни особености од „балканско" потекло се наоѓа во западна Македонија. Од својот центар тие се шират кон исток и север.

7. Иновационите црти што се јавиле на македонската територија под влијание на српскиот јазик немаат некое поголемо значење за дијалектизацијата на македонскиот. Тие и по својот број, видовме, не се многу. Повеќето од нив се наслоени во северните говори, потоа во централните, а колку што се оди по на југ и кон западната и источната периферија се среќаваат сè поретко. Најдлабоко во македонската територија продреле: групата *цр-*: *цр̏вен*, *црей*, фонемите *ќ*, *ѓ* добиени со новото јотување: *браќа, оґраѓе*, заменката *он* и фонетската разновидност *у* на предлогот **въ*. Последниве две се среќаваат во повардарските говори сè до Солунскиот Залив. Нивните изоглоси во облик на клин одат по правецот Тетово – Скопје – Велес – Воден – Солун, а на исток допираат до Петрич и Разлог. Изоглосата на групата *цр-* прави круг по целата западна и јужна периферија. Само на еден тесен појас покрај албанската граница се запазило неизменето *ч (чр-)*. Меѓутоа, во тие говори *ч* и не стои непосредно пред *р*, зашто пред *р* се јавил вокал, сп. *ча̏рпи̏т* во дебарскиот, *ча̏рпи̏т* во дримколско-голобрдскиот и реканскиот, *чарпи* во бобоштенскиот говор и во југозападните костурски села, а групата **črě-* се изменила во *чере-*: *черей, черево*. На јужната периферија старото *ч* во оваа позиција се пази ушт́е во серско-лагадинските говори, сп. *ча̏рн*. Таканаречената ново јотување на групите **tьj, *dьj* во *ќ, ѓ* најдоследно е извршено во северните и централните говори. Во кичевско-поречките, дебарските, охридско-преспанските и на југ во леринските и долновардарските покрај случаите со *ќ, ѓ* се среќаваат и примери со запазени *ѕ̏j*, *дj*: *браѕ̏ја*, *оґрадје*, или пак се јавуваат групите *ѕ̏ќ, дѓ*: *браѕ̏ќа, ливадѓе*, добиени негде со контаминација, а негде можеби и по пат на апстракција на елементите *-ќе* / *-ќа* и *-ѓе* како одделни граматички морфеми за збирна множина. Во костурскиот редовно има *ѕ̏j*, *дj*: *браѕ̏ја*, *сваѕ̏ја*, *дјавол*. – Приближно вака се распределени и континуантите на старите **tj, *dj*. Во северните и централните говори превладуваат примерите со *ќ*, *ѓ*, на периферијата доминираат *ш̏т, жд* и *шч, ж(ц)*. Меѓутоа, меѓу нив не може да се повлече една изоглоса на појава, зашто секоја лексема во фонетската разновидност со *ќ* има свои одредени граници. На најголемо пространство *ќ* се јавува во партикулата *ќе* и во наставката за глаголскиот прилог *-еќи* / *-јќи*. Во неколку примери во централните и западните говори се јавува и континуантот

у место **ǫ* : *куќа, гужва, гуска, суд* и др. Првите два во овој фонетски облик се среќаваат и далеку на југ. Но веќе во костурскиот наоѓаме *кăшча* или *кåшча, сăндач, сенди*, во Бобоштица: *кашча*. – Дијалектното огниште на сите овие особености се наоѓа надвор од границите на македонскиот јазик, т.е. на територијата на српскохрватското јазично подрачје.

8. Најголем број од јазичните иновациони особености, како што се гледа од претходново излагање, настанале во централна и западна Македонија, од својот центар тие се шириле во сите правци, само што тоа ширење на било рамномерно. На некои терени процесите се одвивале побавно, на други новите црти се шириле побрзо. Еден дел од дијалектните иновации се задржале на помали пространства внатре во рамките на јазичната територија; некои продреле на јазичната периферија, или само на еден нејзин дел, а помал број ја преминале јазичната граница.

Новите јазични особини, што станале и дијалектна одлика на областа каде што настанале, створиле опозиција со старите, коишто уште егзистирале во околните области. Со време некои од иновациите наполно превладеале, а старите црти исчезнале. Но има терени по јазичната периферија каде што старите црти продолжиле да вируваат. Најмногу такви архаични црти денеска наоѓаме на пограничјето со албанскиот и со грчкиот јазик. На целото тоа пограничје место прасловенските групи**tj*, **dj* се пазат старите рефлекси *шт, жд (шч, жж)* не само во коренската, туку и во деривационите и граматичките морфеми. Во крајните западни говори добро се пази старото *s* пред *е*, *и* : *блаsи, носи – носе*. Исто така се среќаваат и примери со неизменето *ч* пред **ŗ*: *чăрпит* или *чåрпит*, одн. *чарпит*. На појасот од Маврово до Костур доста добро се чува и крајното *т* во групите *-ст*, *-шт*: *лист*, *пришт*, *дошт*. На поголем ареал ја наоѓаме наставката *-т* во 3 л. едн. на презентот; кај личните имиња од машки и женски род се чува дативот: *Стојану, Мари* / *Маре*. – Во централните и другите наши дијалекти, како што веќе спомнавме, *чр* > *цр*; *s* е заменето со *з*; групите *-ст*, *-шт* се упростиле со испаѓање на крајното *т*; во 3 л. едн. наставката *-т* се загубила, а дативниот однос се изразува аналитички.

Уште е поголем бројот на архаични црти во говорот на Бобоштица, во костурските и лагадинските. Во тие говори се среќаваат и примери со запазен, но разложен, назализам, сп. *гранди*, *гренди* (Бобоштица), *дåмбје*, *јаремб'ица* (Нестрам), *мăнч*, *з'ăнт* (Сухо). Во бобоштенскиот и сушко-височкиот **ě* се задржало како посебна фонема, сп. *в'ăра*, *л'ăп*. Во лагадинските добро се пази и консонантот *х*, постарата состојба на акцентското место, мекоста на некои согласки, множинската наставка *-ент(а)* кај именките од среден род, некои заменски облици, на пр. *што* (< **къто*), *кутри* и др. – По овој начин се формирале два типа говори: *централни* и *периферни*. Централните со своите иновациони дијалектни особености ни се претставуваат како прогресивни, а периферните, во кои уште се јавуваат стари црти, како архаични. – Но кога зборуваме за архаични и прогресивни говори во рамките на македонскиот јазик, тоа определување треба да го сфатиме доста условно. Во таков однос говорите можат да се сопоставуваат само по одреден број црти. Меѓутоа, ако се земат предвид многубројните балканизми, кои се исто така нови феномени, и ако ги сопоставувавме дијалектите според нив (балканизмите), тогаш западната пери-

ферија се јавува како попрогресивна по однос на другите дијалектни области. И понатаму: западните и централните говори заедно се попрогресивни од источните и северните. Освен тоа, на периферијата, како што истакнавме еднаш и порано, има ред нови црти кои централните говори не ги познаваат. Тие црти не се опонираат веќе како нови спрема стари (архаични), ами како качествено нови по однос на соодветните иновации во централните говори. Најдобро ова може да се илустрира со рефлексите на носовката *ǫ и вокалното *ļ. Во централното дијалектно огниште *ǫ > *а*, а нему му се противпоставуваат рефлексите: *о, å, ă* во западните периферни говори, *ă (ăн – ăм)* во јужните, и *у* во северните. Вокалното *ļ во централните е заменето со *ол*. Со овој рефлекс во западните говори се опонираат *ål, å, ăл*, на исток има *ă*, во северните *у* или *ăл*, и во јужните *ăл / лă.*

9. Покажаната распределеност на дијалектните особености нè упатува на еден ваков заклучок.

Уште со појавата на старите иновациони јазични особености во западниот дел од македонската јазична територија почнало да се оформува едно главно иновационо огниште. Во историскиот развој на македонскиот јазик бројот на новите црти се зголемувал и со тоа тој (јазикот) сè повеќе се оддалечувал од прасловенскиот тип. Иновационите особености, кои истовремено станале и дијалектни диференцијални црти, со време се ширеле на поголеми простори. Паралелно со нивното ширење се зголемувал и ареалот на иновационото огниште, оформено сега како главно, основно дијалектно огниште. Дијалектната реч на ова огниште под определени историско-културни околности прераснува во основно, централно наречје во рамките на македонската јазична територија.

1970

4. ТЕНДЕНЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ДИЈАЛЕКТЕН ЈАЗИК ВО XIX И XX ВЕК

При периодизацијата на различните појави временските граници се доста релативни. Тешко е да се врши строго разграничување меѓу појавите што настанале, на пример, во крајот на 18 и оние на почетокот на 19 век, зашто ни една појава не настанува наеднаш. Нашата временска определба на јазичните процеси извршени на македонскиот јазичен ареал треба да се сфати како приближна, зашто времето на појавувањето на некои иновации поради немање на писмени потврди е определувано со логичка хронологија на процесите.

Јазичните процеси што се извршиле на македонскиот ареал во последниве две столетија можеме да ги поделиме во две групи.

Една група сочинуваат оние појави што се зародиле порано, пред 19 век, но процесот продолжил да се врши и подоцна, кај некои и уште трае. Тој вид појави се и најбројни. Повеќето од нив се релативно стари иновации, веќе отпоодамна стабилизирани во системот на некои локални говори, а сега се шират и на други подрачја, продираат во други микросистеми. Меѓу најактивните од нив од областа на фонетиката спаѓаат депалатализацијата на палаталните сонанти **l′*, **n′*, загубата на фонемата *х*, губењето на некои консонанти во интервокална позиција (*ј, в, ж, з, с, д, ш̄, г̄, к*), а од граматиката позабележителни се стабилизирањето на аналитизмот кај именките и заменките и ред појави во глаголскиот систем.

Процесот на депалатализацијата на меките **l′*, **n′*, започнат уште во стариот период од развојот на македонскиот јазик, не се одвивал рамномерно на целата македонска територија.

Затврднувањето на **l′*, а тоа значи и неговата дефонологизација, во централните говори, каде што треба да се претположи и огништето на појавата, е отпоодамна завршен процес, сп. *клуч, недела* (Конески, 1965 : 56). На другата територија, со исклучок на крајните северни говори гранични со српскиот јазик, каде што мекоста сè уште добро се чува (*п̄оље, кључ*), **l′* се депалатализирало до степен на алвеоларен изговор: *кл'уч* : *п̄ол'е* и во повеќе говори процесот тука застанал. Така во тие говори сме добиле опозиција на *л'* : *л*, но релевантен признак не е повеќе палаталноста.

Во поново време во поодделни говори се забележуваат две тенденции – или сосема да се ликвидира постојната опозиција или таа да се продлабочи. Во повеќе пунктови на дијалектниот јазик готово на целата периферија процесот на затврднувањето на **l′* продолжува и се наоѓа во фаза на превирање. Најпрво **l′* затврднува на апсолутниот крај на зборoформите. Во долновардарските говори, на пример, денеска не ретко ќе чуеме изговор *уч'ш̄ăл* (Чеган – Воденско), *сол, жал*, но *кл'уч*, *нед'ел'а* / *нид'ел'а*. Во кратовскиот градски говор, каде што процесот уште понапреднал, на крајот на слогот *л* се веларизирало, па имаме изговор *уч'ш̄еў, ж'еўка*, како во *доў, сеўски*, но: *нед'ела* : *кл'уч* (Видоески, 1952а

: 60). Таа тенденција за постигнување на единствен изговор особено е показателна во тиквешкиот говор. Во некои пунктови на ова подрачје најстарата генерација изговара алвеоларно *л'* : *кл'уч*, *п҃ост҃ел'а*, во говорот на средната и помладата може да се чуе изговор со разни степени на веларност: *кл'уч*, *чешел'* : *челат҃*, *нед'ела*, *б'озел* (Барово), *л'уп҃е*, *вр҃л'а* : *чешла*, но и: *соў* – како во *коў*, *кот҃оў* (Праведник). Во говорот на некои претставници се слуша среден изговор меѓу *л'* и *л*, кој ги обединува и двата гласа. Во говорот, пак, на Пијанец, област меѓу Кочани и Благоевград, дошло до поместување на артикулацијата на тврдото *л* во правец на билабијален изговор, додека алвеоларниот изговор добро се пази, сп. *сўама, ўук, г҃оў* : *л'ут҃*, *сол'*.

Во подолг временски период се одвива и процесот на депалатализацијата на назалниот палатал **n'*. Но тој оди по друг пат, се шири географски континуирано во правец југ–север и неговото огниште на зародување, без сомнение, се наоѓа на јужното јазично пограничје. Денеска процесот е наполно завршен во јужните македонски говори на целиот појас од Корча и Грамос до Солун и на север приближно до линијата Охрид – Прилеп – Демир Капија. На костурското подрачје тој бил доста напреднат уште во 16 век (сп. *кон* во текст од 16 век). Дека во тој говор депалатализацијата на **n'* започнала рано, најрано во однос на другите македонски говори, укажува и фактот што во костурскиот не се извршило новото јотување на групата *нј* (< **ньј*), сп. *т҃ӑрње, јаденје* : *кон, бана* (Конески, 1977 : 61). Во 18 век оваа појава ги зафатила и говорите во Пелагонија, сп. *коіни* во запис од 18 век (Селищев, 1933 : 221), но најмногу тој напреднал во последниве два века. Во прилепскиот говор денеска, може да се рече, процесот е веќе завршен и стабилизиран, особено во речта на помладите генерации (Конески, 1949 : 261). На охридско-струшкото подрачје, пак, тој се активирал дури во почетокот на минатиот век, и допрва сега се наоѓа во фаза на полна стабилизација (Тошев, 1970 : 160-167). Во речта на помладите во Струга и во Охрид **n'* наполно се депалатализирало, значи дефонологизирало: *којн, бајна - бана, јадејне* (Тошев, 1970 : 107). Во посеверните македонски говори мекото *њ* сè уште има статус на посебна фонема со ограничена дистрибуција и интензитетот на депалатализацијата е успорен под силното дејство на литературната норма. Дијалектниот материјал покажува дека затврднувањето се одвивало по доста сложен пат: *њ* > *јњ* > *јн* > *н* (*коњ* > *којњ* > *којн* > *кон*). Изделувањето на палаталниот елемент во посебна палатална фонема добро може да се следи и денеска, како и губењето негово, кое било условено од фонетската позиција. Најпрво *ј* се загубило во позиција зад *и*, сп. *п҃олина* : *којн*, а најдобро се пази во суфиксот *-јне* (< *ње*), каде што влегува во состав на морфемата: *т҃р҃јне*, *јадејне*.

Со депалатализацијата на **l'* и **n'* во споменатите македонски дијалекти се ликвидира и дистинктивниот признак по мекост, со што се намалува и бројот на дистинктивните признаци во тие микросистеми на македонската дијалектна реч.

Губењето на некои консонанти во интервокална позиција и дефонологизацијата на *х* спаѓаат меѓу најважните појави извршени во македонскиот дијалектен јазик во поновиот период, зашто тие со последиците што настанале по нивната загуба оставиле длабоки траги не само во продлабочувањето на дија-

лектната диференцијација, туку и во фонолошкиот систем на дијалектниот јазик.

Во интервокална позиција во бројни македонски дијалекти, особено во западна и јужна Македонија, се губат повеќе консонанти: *ј, в, с, з, ж, т̄, д, к, г̄*. Особено е раширена појава загубата на *ј* и *в*.

Интервокалното *ј* се губи во одредени вокални групи повеќе или помалку готово во сите македонски дијалекти, сп. *змии, змиа, мои, мое, моа, чио, т̄аа* и др. (Пореч̌е) (Видоески, 1950 : 30). Во некои говори во јужна Македонија тоа е веќе завршен процес, негде сè уште трае или се наоѓа во фаза на стабилизација.

Загубата на интервокалното *в* има поограничен ареал во однос на *ј*, но се врши подоследно. Тоа се губи во одредени вокални групи, најчесто во контакт со *о* и најдоследно во зборо̀форми со три и повеќе слогови, во западномакедонските дијалекти, со исклучок на малореканскиот и говорот на реканските Торбеши. Оваа појава во централните говори и во охридско-преспанскиот регион, каде што треба да се претположи и нејзиното огниште, била доста напредната во 18 век (Селищев, 1933 : 11). Но процесот на стабилизацијата продолжува и подоцна, а во одделни случаи тој се врши и во најново време. Денеска односнава појава може добро да се следи на пограничјето меѓу западното и источното наречје и на контактот меѓу западните и северните говори. Одделни случаи и морфеми со загубено *в* наоѓаме во тиквешкиот говор, сп. *т̄р'аам, ост̄'аам, ч'уам* (Филиповски, 1952 : 15). Особено бргу процесот напредува во северните говори што имаат стабилизиран акцент на третиот слог. Во говорот на Скопска Црногорија не се ретки примери без *в*, сп. *ќе т̄раим, остаено, боз'ојна, чоечк'о-месо*, но: *осн'ова, нат̄рав'иле, вол'ови, вар'иво*, – во говорот со двосложен акцент.

Значителен е бројот на примерите со загубено *в* дури и во говорот на Сретечка Жупа во Призренско, на српската јазична територија, кој исто така има третосложен акцент, сп. *рук'аја, в'олои* (Павловић, 1939 : 96). Ареалот на загубата на интервокалното *в* во многу се поклопува со ареалот на третосложното акцентирање, со исклучок на оние две оази во Дебарско.

Од другите консонанти на поширок ареал е позната загубата на *д*, сп. *војца* (*водица*), *г̄леаш* (*г̄ледаш*), *сеј̄т̄* (*седит̄*), *т̄родајт̄* (*т̄родадит̄*), *изјам* (*изедам*) (Дебарско), *лујт̄е* (*лудит̄е*), *војчка* (*водичка*) (Кукушко). Примери со загубено *д* можат да се најдат готово во сите западни дијалекти, во тиквешко-мариовскиот регион и во сите јужни говори на правецот Костур – Солун – Кукуш. Особено доследно таму се губи *д* во броевите (*дваесет̄ – двајсе*) и во глаголите (*дајш, вијш*).

Согласките *ж, с, т̄, к, г̄* се губат во одделни лексеми и претежно во западните дијалекти, сп. *лајца* (*лажица*), *моеш* (*можеш*) (Пореч̌е), *вăјчка* (*вăжичка*), *нојци* (*ножици*), *лăјш* (*лăжиш*), *лијш* (*лижиш*) *ст̄ријш* (*ст̄рижиш*) (Дојран), *флејш* (*флезиш*), *лојшт̄а* (*лозишт̄а*) (Кукуш) (Пеев, 1979), *т̄р'еечет̄* (Кичево), *т̄ојчам* (*т̄осечам*) (Преспа), *ојдоф, коа, сеа* (Дебар), *т̄реска* (*т̄ре́ска*), *зеам* (*земам*) и др.

Процесот на губењето на фонемата *х*, кој во северните и централните говори започнал кај 17 век, не престанал да се врши и во најново време. Од своето оништ̌е во северните области тој се шири во сите правци и особено напреднал во последниве два века. Во западна Македонија денеска *х* статус на

фонема со многу ограничена дистрибуција има уште во градскиот охридски говор и во две оази во централна Македонија – во с. Смилево во Битолско и Врановци и Мелница во Велешко, чие население е дојдено од Дебарско не порано од крајот на 17 век. Постабилна е неговата фонетска позиција само во југоисточните говори источно од линијата Кочани – Гевгелија – Воден, каде што на крајот на слогот сè уште добро се пази. Меѓутоа, во иницијална и интервокална позиција се загубило наполно, а во некои локални говори се наоѓа во фаза на исчезнување (Лагадинско, Серско, Гоцеделчевско).

Во врска со *х* има уште една појава особено важна за дијалектната диференцијација – неговата замена со *в* (*ф*) на крајот на зборот и во консонантска група: *чевли, г̄реф, беф / бев, бевме / бефме*. Оваа особина ја познаваат само западните дијалекти и доследно се извршила во говорите со третосложно акцентирање. Самиот процес добро може да се следи од крајот на 17 век до најново време. Во малореканскиот говор на почетокот на 19 век на крајот на слогот *х* уште добро се пазело, сп. *нихно, здихна, них, с̄трах, сиромах, бех, дојдохме* : *арно, убаф, рана, бее, изедое* во автобиографскиот текст на Ѓурчин Кокале (Белиќ, 1935 : 313). Веќе во материјалите на Пулевски и Ѓиновски од последните децении на 19 век, напишани исто така на малореканси, во оваа позиција редовно место *х* се употреува *в*, одн. *ф* (Белиќ, 1935 : 120-121). Уште пореље фно преминот на *х* во *в/ф* може да се следи во охридскиот говор, каде што процесот не е уште завршен, сп. *нихно, г̄рех, мех* : *чели, г̄ра* : *болфа, ореф*, и редовно *беф, бефме, бефт̄е*.

Од фонетските појави што оставиле видни траги врз дијалектната диференцијација а се извршиле во односниов период ќе ја спомнеме метатезата на секвенцата *ни* > *ин* во повеќесложните зборови, сп. *вод'еница* > *вод'еинца* (потоа *вод'ејнца*). Оваа појава денеска е ограничена на целата западна јазична периферија но само во ареалот на третосложното акцентирање.

Во областа на граматиката во овој временски интервал имаме главно хоризонтално поместување на постарите иновации и стабилизирање на незавршените појави. Така, на пример, аналитичкото искажување на дативниот однос кај личните имиња зазема сè поголем простор потиснувајќи ја границата на синтетичкиот датив на запад. Денеска во прилепскиот говор дативните облици од типот *Ат̄анасу, Николу, Сабот̄ку, Јанкулу, брат̄у*, или *Цвет̄е, мајке*, или во посесивна функција: *чедо Ат̄анасу*, кои во крајот на 18 век биле жива категорија, се сосема необични (Селищев, 1933 : 225-226). Нивната источна изоглоса е повлечена на правецот Крушево – Брод – Матка. Во крајот на 18 век во прилепскиот говор превладувал членскиот лик *-от̄* за машки род, сп. *лаг̄от̄, ковачот̄*, 3 л. на презентот завршувало на *-т̄*: *седит̄*, поретки се примерите без *-т̄* (Селищев, 1933 : 229) „Формата *-о* денеска решително надвладува" пишува Конески (Конески, 1949 : 286), а многу се поообични и формите без *-т̄* во презентот. Во овој век во истиов говор се завршил и процесот на дезинтеграцијата на *е*-групата кај глаголите, којшто во крајот на 18 век бил доста напреднат. Во почетокот на 20 век Д. Мирчев бележи форми како *п̄ише, п̄ие*, кои се денеска веќе необични. Тој тип глаголи преминале во *а*-група: *п̄ијаш, п̄ија*. Слична е положбата и во охридскиот градски говор во којшто исто така глаголите што им завршува општиот дел на *-и* преминале во *а*-група: *с̄тијаш, с̄тија*. Во речникот на Даниила (крај на 18 век) тие глаголи се од *е*-група: *шиеш*.

Во охридскиот говор можеме да го следиме процесот на стабилизирањето на наставката *-еш* во 3 л. мн. на презентот: *вике:ш*, *носе:ш*. Во крајот на 18 век превладувале формите на *-аш*: *се јадаш, работаш, имааш,* дури и *седааш, носааш, идааш,* покрај *сакаеш, слушаеш* (Kristophson, (ed.) 1974). Денеска во градскиот охридски говор и во говорот на приезерските села во 3 л. мн. се генерализирала наставката *-е:ш*, сп. *вике:ш, носе:ш*, *бере:ш*, која се добила фонетски – со контракција на вокалната секвенца *-ае-* > *е:* (*викаеш* > *викееш* > *вике:ш*), а после се пренесла и кај глаголите од *и*-група: *носе:ш*, *бере:ш*. Во говорот на Дебарца и во централните охридски села на *-е:ш* завршуваат само глаголите од *а*-група, додека кај другите се задржала наставката *-аш*, сп. *вике:ш*, *име:ш*, но: *носаш*, *мол'аш*, *сечаш*, *јадаш*.

Во последниве две-три столетија доаѓа до полна стабилизација во јужните и во западните дијалекти и на конструкциите со *ќе* од типот *ќе дојдеше, ќе дојдел / дошол, ќе беше дојдел / дошол,* и на конјугацијата со 'има' како помошен глагол (*има дојдено, имаше дојдено, имал дојдено* итн.), како и на формите од типот *сум (бев, сум бил) дојден*. Во северните и во источните говори облиците со 'сум' и 'има' + глаг. придавка и денеска е жив процес како на морфолошки така и на семантички план. Во северните и во дел од западните говори може добро да се следи и процесот на мофемското преустројување на формите од типот *ѣеше / ќеше да оди* преку *ќеше оди* во *ќе одеше*.

Посебна група сочинуваат оние иновации што се развиле во поново време, главно во последниве два века.

Најголем дел од нив се настанати како последица на загубата на консонантите во интервокална позиција, па затоа територијално се ограничени на оние ареали каде што се губеле консонантите. Тие појави претежно го засегнуваат вокализмот.

Со губењето на консонантите се создаваат нови вокални секвенци од по два исти или различни вокали кои во структурата на зборoформите доготаш биле необични во дијалектниот систем. Во секвенците со исти вокални фонеми во едни говори, на пример во северните, настанатиот зев се отклонил со епентеза на *в*, сп. *снаха* > *снава*, *имаха* > *имава*. Но на поголемиот дел од јазичната територија дошло до контракција во резултат на која се добиле нови фонетски должини, а во некои говори и фонолошки релевантни, сп. *аа* > *а:* - *г̄лава* > *г̄лаа* > *г̄ла:*, *снаха* > *снаа* > *сна:*, *одаја* > *одаа* > *ода:*, *ее* > *е:* - *невеста* > *нееста* > *не:ста*, *пре̄ѓеска* > *пређеска* > *пре:ска*, *ии* > *и:* - *змији* > *змии* > *зми:*, *оо* > *о:* - *про̄говори* > *про̄г'оори* > *про̄г'о:ри*, *г̄рохо̄т* > *г̄роо̄т* > *г̄ро:т*, *Радохожда* > *Рад'оожда* > *Рад'о:жда*. И веднаш да истакнеме дека на контракција подлежат вокалите во коренските морфеми и на границата со суфиксите и флексивните морфеми, бидејќи во тој дел на зборот обично се губат консонантите. На морфемската граница со префиксите продолжуваат старите односи, сп. *заака* < *за+ака*, *по̄ора* < *по̄+ора*, *прима* < *прӣ+има*.

Значително се посложени процесите што се извршиле во одделни говори во новодобиените секвенци од по два различни по образувањето вокали. Во северните говори и во таквите случаи непосредноста на вокалите се отклонува со хијатски глас, сп. *па̄ук* > *па̄вук*, *соа* (*соха*) > *сова*, *г̄раор* (*г̄рахор*) > *г̄равор*, *наоѓа* > *навоѓа, дојдоа* > *дојдова*, *киа* (*киха*) > *кива*, *чиа* (*чија*) > *чива*, *г̄луо* > *г̄лу-*

во, *јуа* (*јуха*) > *јува*, *муа* (*муха*) > *мува*, *ст̄реа* (*ст̄реха*) > *ст̄рева*, *леа* (*леха*) > *лева*. По таков начин во северните говори се задржала поранешната состојба во дистрибуцијата на вокалите.

Зевот во новодобиените вокални секвенци се отклонува со вметнување на *в* и *ј* и во некои појужни говори, но веќе во ограничени позиции, негде дури и во ограничен број случаи: *в* се јавува, главно, во групите со *у* како прв дел на секвенците на еден прилично пространа ареал на правецот Скопје – Велес – Прилеп – Битола – Лерин – Костур и на западното пограничје од Костур и Корча до Дебар, сп. *мува*, *суво* и др., а на еден тесен појас на скопско-велешкото подрачје и во други секвенци во 3 л. мн. на минатото определено време: *дојдова*, *имава*, *носева*. Хијатско *ј* се јавува, пак, во секвенци каде што една од компонентите на групите е вокалот *е*, сп. *двајесет̄*, *г̄оједо*, *чојек*, *мојет̄*, *изејеш*, *ст̄реја*, *беја*, понекогаш и зад *и* : *бијол*. Така е во некои локални говори на кичевско-поречкото и скопското говорно подрачје. Во 3 л. мн. на аористот и имперфектот вака добиеното *ј* во некои говори се генерализирало кај сите глаголи и влегло во состав на наставката, сп. *викаја*, *сошија*, *дојдоја*, *беја* (Охрид), *викн'аја*, *зг̄реш'ија*, *нус'еја*, *сич'еја* (Чеган – Воденско).

На другата територија каде што се добиле вокални групи со разновидни вокали се јавиле други процеси.

Секвенците во коишто има *и* како втора компонента образуваат дифтонзи, бидејќи во таа позиција вокалот *и*, кога не е на морфемската граница со префикс, ја губи својата силабичност. На тој начин настанале дифтонзите *еј, ај, ој, уј,* сп. *чиреи* > *чирej*, *снаи* > *снај*, *г̄лаи* > *г̄лај*, *кукаица* > *кукајца*, *лаица* (*лажица*) > *лајца*; *лебои* > *лебој*, *п̄олоина* > *п̄олојна*, *мои* > *мој*; *кожуи* > *кожуј*, *муи* > *муј*, *бог̄ороица* (*бог̄ородица*) > *бог̄ор'ојца*. Оваа иновација ги зафатила сите македонски дијалекти, но особено е раширена во западните и во јужните говори, каде што и најчесто се јавуваат вакви вокални групи.

Во некои дијалекти вокалот *и* се десилабизирал и во секвенците каде што се јавува тој како прва компонента. Така во струшкиот говор групите *иа*, *ио* дале нагорни дифтонзи: *ја*, *јо*, сп. *с'удиа* > *с'удја:*, *р'акиа* > *р'акја:* (после и *раќа*), *М'ариа* > *М'арја:*, *лошиот* > *лошјот̄*, *нег̄'овиот* > *нег̄'овјот̄*. Истиот процес во поограничена мера може да се следи и во некои пунктови во Гевгелиско, сп. *ист̄'орја*, *Македʼонја*, *уб'авјут̄* (*убавиот̄*) (с. Стојаково). По ваков начин добиеното *ј* во членската форма за машки род после се проширило како формант *-јот̄*, одн. *-јут̄* во говорите со редукција, во сите источни говори на линијата Кратово – Штип – Струмица – Кукуш – Солун и Солун – Воден – Кајлар.

Дифтонзи од овој вид во некои локални говори на западната периферија во централните области дале и секвенците со *е*, кое исто така се десилабизирало. Во прилепскиот говор групата *ае* > *аj*, *ое* > *ој*, сп. *клаенец* > *клајнец*, *дваесе* > *двајсе*, *г̄оедо* > *г̄ојдо*, *т̄р̄г̄оец* > *т̄р̄г̄ојц* (Конески, 1949 : 254), сп. и *јазојц*, *не мојше* (*можеше*), *ојше* (*одеше*), *г̄ојдо*, *заборајно*, *кабајт̄*, *п̄ојли* (*п̄овели*), *п̄ојчам* (*п̄осечам*), *чојк* (*човек*) во преспанскиот говор. Во прилогот *п̄ојќе* (*п̄овеќе*) и во броевите оваа појава е позната на поширок појас во западна и јужна Македонија, а во глаголскиот прилог *ј* се генерализирало готово на целата централна јазична зона, сп. *вик'аеќи* > *вик'а:јќи*.

Во струшкиот говор и некои охридски села *е* > *ј* и во секвенците *еа*, *ео*, сп. *сt̄реа* > *сt̄рја*, *неа* > *ња*, *беа* > *бја*, *г̄леаш* > *г̄лјаш*; *Петрео* > *Петрјо*, *черео* >

чер̄јо. Во другите говори, ќе видиме, сите вокални групи со *е* дале поинакви резултати.

Кога сме на проблемот на дифтонзите добиени со десилабизација на предните вокали, треба да истакнеме дека во говорите со третосложен акцент дифтонзите се по правило долги, содржат две мори. Тоа го потврдува и фактот што акцентот се задржува на истиот слог, сп. *по̄л'о:јна* : *по̄л'о:јната*, *син'о:је̄*, *суд'а:та̄* : *с'удја*, *дван'а:јсе*, *П'е̄тр̄ја:* : *Пе̄тр̄'а:та̄*, *вик'а:ј̀ки*. Така е и во случаите со должините, сп. *Рад'о:жда* (< *Радоожда*). Во тетовскиот говор должините потоа се скратиле, а тоа повлекло и промени во акцентското место, сп. *в'олоје̄*, *'остајте̄*, *в'икај̀ки*, *т̄'оп̄ејнца*, *п̄'олојна*.

На охридско-преспанското говорно подрачје се десилабизирал и вокалот *о* во секвенците *оа*, *ое*. Во таа позиција *о* > *в*: *т̄оар* > *т̄вар*, *т̄оа* > *т̄ва*, *б'укоа* > *б'уква:*, *д'ојдоа* > *д'ојдва:* (Пештани), *г̄оедо* > *г̄ведо*, *чоек* > *чвек*, *јазоец* > *јазвец*, *от̄'идое* > *от̄'идве:* (Струга). Преминот на *о* во *в*, кој секако одел преку едно неслоговно *ў* (*чоек* > *чўек* > *чвек*) е ограничен на струшкиот говор и на неколку приезерски охридски села (Пештани, Трпејца, Љубаништа), и по некој пример може да се сретне во селата на западниот брег на Преспанското Езеро.

Во повеќе говори вокалните секвенци со различни вокали се асимилирале и потоа се стегнале во долги вокали. Вакви асимилациони процеси можеме да следиме најмногу на југозападната периферија и во некои долновардарски говори.

Во кукушко-дојранското подрачје, делумно и во струмичкиот, гевгелискиот и еничевардарскиот, на асимилација подлежат готово сите вокални групи и таа се врши според првиот член во групата. Така имаме: *иа* > *и:* - *миам* > *ми:м*, *п̄иат* > *п̄и:т̄*, *т̄иа* > *т̄и:*, *ие* > *и:* - *п̄иене* > *п̄и:не*, *уб'иен* > *уби:н*, *рие* > *ри:*, *еа* > *е:* - *п̄еам* > *п̄е:м*, *дујд'еа* > *дујде:*, *неа* > *не:*, *ео* > *е:* - *челото* > *ч'еолто* > *че:лто*; *ае* > *а:* - *лае* > *ла:*, *ое* > *о:* - *мое* > *мо:*, *кое* > *ко:*, *оа* > *о:* - *т̄оа* > *т̄о:*, *кроам* > *кро:м*, *водата* > *воата* > *во:та̄*, *уа* > *у:* - *муа* > *му:*, *суата* > *су:та̄*, *обуам* > *обу:м*, *дуовд'ен* > *дууд'ен* > *ду:д'ен* (Пеев, 1979).

Во западното наречје на асимилација најчесто е подложена секвенцата *ао* која се асимилирала во *оо* > *о:*, значи асимилацијата тука се извршила според вториот вокал, сп. *убао* > *убоо* > *убо:*. Ваква контракција најчесто се врши кај придавките на *-ав*(*о*), а процесот можел да биде засилен и со придавските образувања на *-ово*, од типот *буково* > *букоо* > *буко:*. Ова може да биде веројатно барем за поречкиот, кичевскиот и прилепскиот говор, каде што во други случаи групата *ао* не се контрактира во *о*.

На охридско-преспанскиот терен асимилациони процеси се вршеле во повеќе случаи. Групата *ао* > *оо* > *о:* и во други позиции: *јаор* > *јо:р*, *г̄аол* > *г̄о:л*, *блаософ* > *бло:соф*. Во корист на вториот член во секвенцата во преспанскиот говор се асимилирале и групите: *ео* > *оо* > *о:*, сп. *неол'а*, *но:л'а*, *Смилео* > *Смил'о:* , *ое* > *ее* > *е:* - *чоек* > *чеек* > *че:к*, *ае* > *ее* > *е:* - *заек* > *зе:к*, *заедно* > *зе:дно*. Вокалот *а* се асимилирал во *е* во секвенцата *ае* и во охридскиот, сп. *нап̄р'аено* > *нап̄р'е:но*, *викае̄т̄* > *вике:т̄*. Должината на *е* во наставката *-е:т̄* потоа се проширила на сите глаголи: *бере:т̄*, *носе:т̄*. Но на охридскиот терен асимилацијата се вршела и во корист на првиот член на групата. Таков е случајот во групата *оа* која дала *о*: - *Јоан* > *Јо:н*, *осноа* > *осно:*, *коач* > *ко:ч*, *т̄оар* > *т̄о:р*, *соал'ка* > *со:л'ка*, *дојдоа* > *дојдо:*, исп. и *Наум* > *Но:м*, *Наумче* > *Но:мче*.

Новодобиените должини во споменативе говори станале важен фонетски фактор, а во некои говори и фонолошки, како на пример во дојранскиот, од којшто можеме да приведеме не мал број минимални парови, сп. *ми:* (*мие*) : *ми* (датив од *јас*), *три:* (*трие*) : *три* (број), *ме:сто* (*месото*) : *место*, *ма:ста* (*маса̄та*) : *маста* (*маст*), *до:* (*дое*) : *до* (предлог), *му:* (*муа*) : *му* (заменка). Така во овој говор бројот на вокалните фонеми во акцентирана позиција со добиените должини се удвоил, бидејќи квантитетот станал дистинктивен признак.

Нови вокални фонеми во некои централни говори во односниов временски интервал се добиле и по пат на контракција на вокалните групи без претходна полна асимилација. Така во прилепскиот говор секвенцата *оа* > *а̊* (широко *о*), *еа* > *ä* (широко *е*), сп. *леа* > *лä*, *пеа̄т* > *пǟт*, *смеа* > *смä* (: *сме* – 1 л. мн. од 'сум'); *коач* > *ка̊ч*, *основа* > *осна̊* (Конески, 1949 : 256). По овој начин во прилепскиот говор инвентарот на вокалните фонеми се зголемил со две нови фонеми. Фонетскиот процес се одвивал преку образување на дифтоншки гласови: *еа* > e^a, *оа* > o^a и во таа фаза процесот се задржал во некои крушевски и кичевски села.

Една важна особина на дијалектниот вокален систем претставува и испуштањето на вокалите во клитиките кога зборoформите почнуваат со вокал, сп. *да ода* > *д-'ода*, *ќе одам* > *ќ-'одам*, *ме истепа* > *м-'истепа*, *го оста̄ј* > *г-'оста̄ј*, *г-'удри*, *не изеде* > *н-'изеде*, *в-'излага̄*, *не умира* > *н-'умира*, *на орање* > *н-'орање*, *за инае̄т* > *з-'инае̄т*, *по убо:* > *п-'убо:*, или во случаи како: *уш̄т-'еднаш*, *ш̄т-'убо:*, *добр-'ӯтро*, *добр-ӯтру* (сите примери се од поречкиот говор). Оваа појава особено е раширена во говорите со стабилизиран акцент. Во текстовите напишани пред 19 век оваа црта не е одразена, што не мора и да значи дека е сосема нова.

Во консонантизмот понови иновации се веларизацијата на краесложното *л* и неговата замена со *в* (*ф*), палатализацијата на *к*, *г̄* пред предните вокали, преминувањето на групите *јн* и *нј* во *њ* и на *кј* во *ќ*, процесот на антиципацијата на мекоста кај *ќ*, *ѓ̄* (> *јќ*, *јг̄*), процесите сврзани со групите *ш̄т*, *жд*, упростувањето на некои консонантски групи и др.

Порано спомнавме дека *л* на крајот на слогот се веларизирало во кратовскиот, мегленскиот, во дел од охридскиот и тетовскиот говор, на преспанското подрачје и во неколку тиквешки села, и како краен резултат се добило билабијално *л* (*ў*) со алофонски статус спрема веларното *л*, сп. *коў*, *доў*, *доўче*, но *долго̄т*. Во сите овие говори процесот е доста напреднат и неговото ширење може да се следи и територијално и генерациски. Во почетна фаза се наоѓа оваа појава и во некои села во Скопска Блатија. Во говорот на тетовските муслимани во Јеловјане и Урвич во таа позиција *л* преминало во *в*, одн. *ф*, сп. *равник* (*ралник*), *сӑвза* (*сӑлза*), *пе̄теф* (*пе̄тел*), и тој е завршен процес (Видоески, 1973 : 27).

Во говорот на некои битолски села (Буково, Орехово) артикулацијата на веларното *л* се повлекува кон грлената празнина и се изговара тоа како звучен грлен спирант близок до *ј*, сп. *ɣакто̄* (*лакто̄*), *сɣама* (*слама*) (Koneski, 1983).

Палатализацијата на веларните *к*, *г̄* пред предните вокали, особено пред *и*, е доста раширена во повардарските говори на правецот Тетово – Велес, и тука процесот е најнапреднат. Со послаб интензитет таа е позната уште во Кратовско, Малешевијата, во повеќе изолирани пунктови во Охридско, Преспанско и Битолско, на костурско-леринското подрачје, и во ограничен број случаи во

Солунско. Во тетовскиот и велешкиот говор *к, г̄* особено пред *и* преминале во *ќ, ѓ*, сп. *руќе, ноѓе* (во тетовскиот), *сеќира, раќија, лаѓи* (лаги) (во велешкиот). Во југозападните говори имаме лесна палатализација, сп. *сек'ира*, *к'итка* (Охридско).

Палатализацијата на групата *кј* во *ќ* во струшкиот говор е директна последица од десилабизацијата на *и*, сп. *ракиа* > *ракја* > *раќа*. Во источните говори појавата е ограничена само на членуваната форма од машки род кај придавките: *вис'окиот* > *вис'окјот* > *вис'оќот*, сп. и *нисќо* (Дојран), *вис'оќут*, *јаќут* (Кукуш), *леќут*, *сичќут*, *длаб'оќут*, *нисќут*, *јаќут* (с. Амбар Ќој, Кукушко). Во говорот на Гуменџа од овие случаи издвоен елементот *-ќут* почнал да се пренесува место *-јут* и на други случаи, сп. *слепќут* (слепиот), *неч'исќут*, зад звучна согласка: *сл'абѓут*, *здр'авѓут* (слабиот, здравиот).

Како се користат некои фонетски појави на морфолошки план добро илустрираат и следниве примери од дебарскиот говор: *сноќе*, *нивѓе*, *колѓе*, каде што елементите *-ќе*, *-ѓе* се образувани според образувањата од типот *цвеќе*, *ливаѓе*.

Преминувањето на *нј* > *њ* е ограничено на поречкиот говор, сп. *вујна* > *вуња*, *вољик*, *Стоња*, *пол'оња* (*полојна*), *вол'оње* (*волојне*), *оња* (< *ојна* < *онја*). Во овој говор, каде што *њ* сè уште добро се пази, групата *јн* не може да стои (Видоески, 1950 : 20).

Во кратовскиот говор во *њ* се палатализирала и групата *нј* во членуваните форми на придавките од типот *црнио(т)* > *црнјо(т)* > *црњо(т)*, сп. и *зелењо*, *црвењо* и др (Видоески, 1952 : 64).

Интересни појави во македонските дијалекти се вршат кај фонемите *ќ, ѓ*. Во повеќе говори е започнат процес за нивна дефонологизација. Во прилепскиот и во струшкиот говор помладите генерации место *ќ, ѓ* изговараат *ч, џ* или како двофонемни групи *јч, јџ* – со антиципирана мекост, сп. *че*, *чотек*, *кујча*, *стрејча*, *брајча*, *домајчин*, *луџе* / *луџје* (Струга), *че*, *цвејче*, *луџје* покрај *свајќа*, *вејѓа* и *веќе*, *ноќ*, *меѓа*, *гаѓа*, и така најчесто во речта на постарите. Материјалот од прлепскиот говор го покажува и патот по кој се одвива процесот. Во првата фаза мекоста се изделува во посебна палатална фонема: *куќа* > *кујќа*. На овој степен од развојот појавата се наоѓа во јужните македонски дијалекти на линијата Лерин – Воден – Солун – Кукуш и на охридското говорно подрачје, сп. *врејќа, кујќа, вејѓа, сајѓи* : *ѓрѓа, раѓа* (Ениџе), *врујќ'ина*, *нус'ејќим*, *вејѓа* (Луковец – Воденско), *нојќ*, *срејќа*, *фајќа*, *мејѓа*, *изв'ајѓа* (Кронцелево), *цвејќе*, *л'ујѓе* : *виќе*, *ќи*, *дум'аќин*, *меѓу* (Чеган), *врејќа*, *кујќа* : *браќа*, *ќут* (Градобор – Солунско). Во втората фаза *ќ* > *ч*, *ѓ* > *џ*, па се добиле секвенците *јч, јџ*, какви што можат да се сретнат на кукушко-дојранскиот терен, сп. *вејџа*, *сајџи* : *раѓа* (Дојран) (Христов, 1936), и уште подоследно во струшкиот: *кујча, брајча, л'ујџе*. Во следната фаза во таквите секвенци *ј* се губи: *куча*. Во почетокот на зборoформите, каде што антиципацијата не се врши, *ќ* и *ѓ* преминале непосредно во *ч* и *џ*: *че*, *џон*.

Во врска со фонемите *ќ, ѓ* да споменеме уште една појава, а којашто не е од фонетска природа. Во повеќе говори на јужната и западната периферија, каде што новото јотување на групата *тј, дј* (од **тьј, *дьј*) не се извршило, наоѓаме секвенци *тќ, дѓ*, сп. *браќа, ливадѓе*, покрај *браќја*, *ливадје*, или *браќа, ливаѓе*. Таков изговор е констатиран на целото пограничје со централните говори од

Тетово до Охрид и Преспа, а групата *т̄ќ* ја познаваат и долновардарските говори на југ и беровскиот на исток. Веќе самата географска распространетост доволно упатува на заклучок дека овде се работи за вкрстување на два изговора: *брат̄ја* × *браќа* > *брат̄ќа, оѓрадје* × *оѓраѓе* > *оѓрадѓе*. Меѓутоа, истовремено можел да помогне и морфолошкиот момент: да се утврди заеднички фонетски лик за сите збороформи на односните лексеми: *брат̄-ø, брат̄-от̄, брат̄-ќа; ливад-а, ливад-и, ливад-ѓе*. Ова го потврдува и фактот што нигде немаме изговор *лудѓе*, бидејќи нема еднински облик.

Во фаза на превирање денеска се наоѓа во повеќе дијалекти преминот на *т̄* во *ч/ќ* и на *д* во *џ/ѓ* во секвенците *шт̄, жд*. Тој е активен процес во градскиот говор во Прилеп, Дојран, Штип, Берово, Делчево и Кратово, а веќе стабилизиран во малореканскиот, градскиот охридски говор и во југозападна Македонија на правецот Корча – Костур – Кајлар – Воден на север до Битола и Црна на мариовскиот дел. На меѓудијалектниот контакт меѓу *шт̄ / жд* и *шч / ж(џ)* – говори на охридско-струшкото подрачје доминира изговорот *шќ / жѓ*, сп. *врешќа, межѓа* (Пештани), *оѓнишќе, ѓлужѓој* (Рамне) : *ѓушчер, дожџот̄* или *дожот̄* (Охрид), *ѓуштер, дождот̄* (Дебарца). Во градскиот струшки говор паралелно се слушаат групите *шч / ж(џ)* и *шќ / жѓ*, сп. *шчица, шќица*, со таа разлика што последниве (*шќ, жѓ*) превладуваат во речта на помладите генерации. Секвенцата *шќ* во одделни лексеми констатирана е и во говорот на Гуменџа, сп. *шќица, ѓушќер*, а *пештера, прежда*. Изговорот *шќ / жѓ* во текстовите од Струшко од 19 век не е забележен.

Секако од поново време се и процесите на консонантските групи што настанале како последица од слоговната метатеза во долновардарските говори и елизијата на вокалите. Познато е дека во говорите со силна редукција се врши често преметнување на вокалот пред членските морфеми *-т̄а, -т̄о, -т̄е*, сп. *водата* > *воадта* > (*воатта*), *козите* > *коизте*, или пак вокалот непосредно пред тие морфеми се елидира, сп. *жената* > *жента, полето* > *пол'т̄о*. Како последица на тие појави се образуваат нови консонантски секвенци од исти или од различни консонанти. Истите консонанти, а тоа значи само *т̄*, се удолжуваат, сп. *водата* > *воадта* > *воатта* – *во:т̄:а*. Кога се консонантите различни, ако се трпат по законите за дистрибуцијата во односниот дијалектен микросистем, тие остануваат, сп. *козата* > *коазта* > *коаста* // *ко:ста*, *козите* > *коизте* > *којсте*; *жената* > *жеанта* > *же:нта*. Ако се создаде група од два или повеќе консонанти кои не можат да стојат во непосреден контакт, тогаш еден од нив се елиминира, сп. *браздата* > *брааздта* > *бра:ста*, *т̄естото* > *т̄естто* > *т̄е:сто*. Во случаите од типот *брашното, среброто, иѓлата,* каде што имаме консонантски секвенци со сонант (*ш, бр, ѓл*), поради фонетски пречки, вокалот пред членските морфеми во некои говори се задржал, во други испаднал но како компензација се јавил пред сонантот секундарен вокал: *иѓлата* > *иѓлта* > *и:ѓăлта*, *брашното* > *брашнто* > *бр'ашăнто*, *стреброто* > *стр'ебăрто* (с. Мутулово – Кукушко).

Меѓу најновите граматички иновации спаѓаат: губењето на наставката *-т̄* во 3 л. мн. на презентот во прилепскиот и во тетовскиот говор, сп. *викаа*, *носа* / *носаа* (Прилеп), промените извршени во морфемите за аорист и имперфект предизвикани од загубата на *х*, некои процеси во наставката за 2 л. мн. на

императивот, глаголскиот прилог, а кај именките образувањето на множинските наставки *-ениша* и *-ија*.

Наставката *-ениша* денеска се јавува како конкурентна со *-ина* (< *-иња*) во костурскиот и корчанскиот говор, сп. *морјен'ишча*, *полен'ишча* (: *морје*, *поле*), а *-ија* е локализирана на еден тесен појас на пограничјето меѓу битолскиот и прилепскиот говор, сп. *п'илија*, *пр'асија* покрај *п'илина*, *пр'асина* или *п'илијна*, *пр'асијна*. Процесот одел по следниот пат: *пилиња* > *пилијна* > *пилина* (со губењето на *ј*) или *пилија* (со загуба на назалот *н*).

Губењето на наставката *-т* во 3 л. мн. на презентот во тетовскиот говор претставува продолжување на појавата извршена во северните говори. Меѓутоа, во прилепскиот тоа е сосема нов процес поникнат на тој терен.

По загубата на *х* поголеми промени во македонските дијалекти претрпеле наставките на минатото определено време. Во говорите каде што *х* > *в (ф)*, или *ј* како регуларен фонетски процес, се оформиле нови наставки: *-в (ф)* во 1 л. едн., *-вме (-фме)*, *-вте (-фте)* во 1 и 2 л. мн. сп. *викав, викавме, викавте* (имперфект), *реков, рековме, рековте* (аорист), *в'икај, вик'ајме, вик'ајте*; *р'екој*, *рек'ојме*, *рек'ојте* (Бобоштица). Промената на *х* > *в* се извршила во ареалот на третосложното акцентирање, на *х* > *ј* во корчанскиот, каде што имаме двосложен стабилизиран акцент. Во говорите, пак, каде што *х* > *ø* на крајот на зборот и пред консонант, поради настанатата хомонимија меѓу аористот и имперфектот во 1 л. едн. и во множинските форми, кај некои глаголи настанале различни процеси. Во источните дијалекти што имаат слободен парадигматски акцент (кумановско-кратовските, штипско-струмичките и долно-вардарските) хомонимијата меѓу овие две форми се отклонува со местото на акцентот; во аористот акцентот редовно паѓа на тематската морфема, додека во имперфектот тој стои на коренската, сп. аор. *вик'а* (1–3 л. едн.) *вик'аме*, *вик'ате*, *вик'аа* (: имперфект *в'ика*, *в'икаше*, *в'икаше*, *в'икаме*, *в'икате*, *в'икаа*). Меѓутоа, во тие говори дошло до хомонимија меѓу имперфектот и презентот кај тој тип глаголи, сп. имперф. *в'ика*, *в'икаше*, *в'икаше, в'икаме*, *в'икате*, *в'икаа* : през. *в'икам*, *в'икаш*, *в'ика*, *в'икаме*, *в'икате*, *в'икат*. На поголем простор на кумановско-кратовското и штипското подрачје во 1 л. едн. на имперф. се проширила наставката *-ше* и со тоа се отклонила хомонимијата меѓу 3 л. едн. на презентот и 1 л. едн. на имперфектот, сп. имперф. 1–3 л. *вика-ше*. Во кривопаланечкиот говор наставката *-ше* се проширила и во множинските форми на имперфектот, значи во целата парадигма, сп. едн. 1–3 л. *в'ика-ше,* мн. *в'ика-шемо, в'ика-шете*, *в'ика-шев* : през. *в'икамо*, *в'икате*, *в'икав*. Во овчеполскиот и штипскиот во 1 и 2 л. мн. на имперфектот по губењето на *х* дошло до удолжување на претходниот вокал како компензација. Оваа фонетска должина после се искористила како диференцијален признак на тој начин што долгиот вокал се разложил на два кратки, од кои едниот влегол во состав на наставката. Значи, фонетскиот процес одел по овој пат: *в'икахме*, *в'икахте* > *в'ика:ме*, *в'ика:те* > *в'икааме*, *в'икаате*, (*вика-аме*, *вика-ате*); и кај глаголите од *е*-група: *н'осехме*, *н'осехте* / *б'ерехме*, *б'ерехте* > *н'осе:ме*, *б'ере:ме* > *н'осееме*, *б'ереме*, одн. *н'осеете*, *б'ереете* : през. *н'осеме*, *н'осете* / *б'ереме*, *б'ерете*. – Во радовишкиот и струмичкиот во 1 л. едн. *-х* се задржало, а во множинските форми се извршил истиот процес, сп. аор. *ор'ах*, *ор'а*, *ор'а*, *ор'аме*, *ор'а(х)те*, *ор'аа* : имперф. *'орах*, *'ораше*, *'орааме*, *'ораате*, *'ораа* : през. *'орам*, *'ораш*, *'ора*, *'ораме*,

'ора̄те, *'ора̄т* (с. Смолари – Струмичко). – Во долновардарските говори имаме уште посложена ситуација. Во 1 и 2 л. мн. на имперфектот *х* се задржало за да се избегне хомонимијата со презентот, додека во аористот тоа се загубило, сп. аор. *гле̄д'ах*, *гле̄д'а*, *гле̄д'а*, *гле̄д'аме*, *гле̄д'а̄те*, *гле̄д'аа* (со редукција: *гле̄д'аме*, *гле̄д'а̄те*, *гле̄д'аа*) : имперф. *гле̄л'едахме*, *гле̄л'едахте*, *гле̄л'едаа* : през. *гле̄л'едаме*, *гле̄л'еда̄те*, *гле̄л'еда̄т* или *гле̄л'едиме*, *гле̄л'едӣте*, *гле̄л'еда̄т* (Амбар Ќој – Кукушко); аор. *јад'еме*, *јад'е̄те* : имперф. *ј'адехне*, *ј'адехте* (> *ј'адихне*, *ј'адихте* – со редукција) : през. *ј'адиме*, *ј'адӣте* (с. Илиџиево – Ениџевардарско). Во говорите каде што *х* се загубило и во имперфектот, диференцијација меѓу имперфектот и презентот вршат консонантите *к* или *ј*, кои се јавуваат место *х* само во наставката за имперфект, сп. имперф. *в'икак*, *в'икше*, *в'икше*, *в'икакме*, *в'икакте*, *в'икаја* : през. *в'икам*, *в'икаш*, *в'ика*, *в'икме*, *в'икте*, *в'ика̄т* (с. Тресино – Мегленско); импеф. 1–3 л. едн. *в'икише*, мн. *в'икијме*, *в'икијте*, *в'икија* : през. *в'икам*, *в'икиш*, *в'ике*, *в'икиме*, *в'иките*, *в'ика̄т* (: аор. *викн'а* – *викн'аме*, *викн'а̄те*, *викн'аја*) (с. Струпино). – Во тиквешко-мариовските и костурско-леринските говори, каде што акцентот има тенденција да се задржи на пенултима, хомонимијата меѓу презентот и имперфектот е отклонета по тој начин што во презентот акцентот се задржал на коренската морфема а во имперфектот преминал на основниот вокал, сп. през. *в'икаме*, *в'ика̄те* : имперф. *вик'аме*, *вик'а̄те* (с. Зеленич – Леринско, с. Барово – Тиквешко). Овде нема опасност од хомонимија меѓу имперфектот и аористот, зашто аористот секогаш има друга основа, бидејќи се образува само од свршени глаголи. Значи, во тие говори временската функција на аористот и имперфектот се изедначила со видската диференцијација. И тоа е скорашна иновација. Таква тенденција постои и во говорите со стабилизиран акцент, каде што меѓу аористот и имперфектот во 1 л. едн. и во множината нема формални разлики.

И во глаголскиот прилог иновационите процеси се предизвикани, главно, од фонетски промени. Како што спомнавме веќе, вокалот *е* > *ј* на поширок ареал во централна Македонија: *викаеќи* > *викајќи*. Вака оформена наставката *-јќи* се пренесла и на другите глаголи сп. *носејќи*, *сечејќи*. Во некои дијалекти потоа *ј* пред палаталното *ќ* отпаднало и како наставка егзистира елементот *-ќи* (*-ќе*), сп. *вик'аќи*, *сед'еќи* во тиквешкиот, *работ'аќе*, *пе̄'еќе*, *од'еќе* / *од'еќи* во мариовскиот *сич'еќи*, *јад'еќи*, *нус'еќи* во долновардарските (Гуменџа – Ениџевардарско), *ор'аќе*, *ко̄'аќе* во поречкиот. На периферијата, пак, како наставка сè уште се пази *-еќи* (*-еќе*), сп. *бе̄г'аеќи*, *пла̄к'аеќи* во кумановскиот, *вик'аеќи* во говорот на Скопска Црногорија, *вик'аеќи*, *нос'ееќи* во малореканскиот, *сак'аешти* во Дебарско, *ко̄'аешчем* во охридскиот, *вик'аеќи* во пиринските. Во малешевско-пиринските говори во сите глаголи се генерализирал еден фонетски облик: *-аеќи* во пиринските, сп. *од'аеќи*, *сед'аеќи*, *-ееќи* во делчевскиот и пехчевскиот: *вик'ееќи*, *гле̄д'ееќи*, *од'ееќи*.

*
* *

Најголем дел од поновите иновации, како што гледаме, се од областа на фонетиката. Тука забележуваме две тенденции: од една страна се јавува стремеж да се упрости консонантскиот систем. Со губењето на *х* останува само

еден пар веларни консонанти, а со загубата на признакот палаталност во ред говори е ликвидиран редот на палаталните консонанти. Од друга страна, се проширува вокалниот систем. Во повеќе говори се јавуваат нови фонеми. Системот се збогатува и со дифтоншки секвенци од двата реда – нагорни и надолни. Се јавуваат нови должини кои во одделни говори стануваат и фонолошки релевантни. Сите тие иновации водат кон промени како во структурата на слогот, така и во структурата на зборот во целина.

На географски план најголем дел од поновите иновации и фонетски и граматички се јавиле во западните и во јужните македонски дијалекти, претежно во ареалот на меѓујазичниот контакт меѓу македонскиот и албанскиот, влашкиот и грчкиот јазик. Во најново време како иновациони огништа сè повеќе се јавуваат и градските центри.

Изоглосите на споменативе иновации во најголем дел се вклучуваат во изоглосните снопови формирани уште порано, во постариот период од развојот на македонскиот јазик.

Целта на ова излагање е повеќе да се укаже на поважните процеси и тенденции што сè уште се активни во нашата дијалектна реч, а не да се исцрпи инвентарот на постојните појави. Редица појави што се наоѓаат во почетната фаза од својот развој не се засегнати. А нив ги има не малку, особено во поголемите градски центри каде што по ослободувањето се концентрирало разнодијалектно население.

1977

5. ОСНОВНИ ДИЈАЛЕКТНИ ГРУПИ ВО МАКЕДОНИЈА*

Целта на оваа глава е да се покажат со методот на лингвистичката географија основните дијалектни типови на македонското јазично подрачје, да се одредат колку што е можно поточно нивните граници и да се означи правецот на движењето на изоглосите на оние црти што се јавуваат како диференцијални меѓу поодделните говорни групи. Нема да се впуштаме во дискусија во врска со досегашните обиди за класификација на нашите говори, нити пак ќе се задржуваме на проблемот за критериумот при изборот на дијалектните особености во поодделни дијалектни подрачја. На нив само ќе укажеме во забелешката на крајот на главата.

Уште веднаш можеме да истакнеме дека на македонската јазична територија можат да се изделат *три основни дијалектни групи*.

*
* *

I. Една дијалектна целост сочинуваат говорите во Северна Македонија, т.н. *северномакедонски говори* (в. карта I и III). Во оваа група влегуваат поточно говорите во северните полошки села и во Скопска Црногорија, а во Североисточна Македонија говорите во Кумановско, Овчеполско, Кратовско и Криволаланечко. На север тие граничат со српската јазична територија на целиот појас од Шар Планина па до бугарската граница. На еден тесен простор се допираат и со бугарските северозападни дијалекти. Од другите македонски говори северните се разликуваат со околу четириесет и пет-шест фонетски и граматичко-структурни особености.

Диференцијални фонетски црти се:

1. изедначувањето на етимолошките ерови во еден глас - *ă : бăчва, дăш, зăвре, петăк; дăн, лăн, котăл, конăц, јарăм, оцăт;*

2. вредноста *ă* место секундарната полугласка во сите позиции: *лăже, măгла, măска; бистăр, ветăр; осăм, седăм; пăкăл, пекăл, рекăл;*

3. развојот на **vъ, *vь* во *у* : *иде у Скопје*; *унесе, улезе, унутра,* или *унук, удовица, удовăц;*

4. замената на **ǫ* со *у* готово во сите позиции*: мука, рука, обруч, понуда, на руку, иду – иѓу, сољу, имау (имаў, имав);*

5. замената на старото вокално **ļ̥* со *у : вуна, вук, јабука, жуто, кук, пуно, спузне;*

---

* Главите 5 и 6 се темелат врз студиите пишувани во шеесетите години, пред Авторот монографски да ги обработи костурските говори и да стекне јасна слика за границите на западното наспрема југоисточното наречје. Следствено, во текстот на тие глави (и на приклучените карти кон глава 6) тој ја прифаќа предложената од Б. Конески граница меѓу западниот и источниот дијалектен комплекс.

6. а зад забновенечна согласка со *лу* или *лă* : *длуг̄о, слуза, слуба*, односно *длăг̄о, слăза, слăнце, т̄лăче (клăче);*

7. непрегласеното *а* во *т̄рава* и обликот *ора* (*ораф*);

8. широкиот изговор на акцентираните *е, о* : *бєло, лєг̄а, мєсо, мєра; кэса, нэг̄а, эса, эвца, п̄эст̄а, сэва, т̄эчи*;

9. отсуството на протетичко *в* во примерите како *уjко, уjна*;

10. чувањето на мекото **n′* пред предна самогласка: *њива, књиг̄а, њег̄а, њег̄ово*;

11. чувањето на старото меко **l′* во сите позиции: *љут̄и, недеља, кошуља, п̄оље;*

12. прејотацијата на иницијалното *е* : *jеш, jелен, jезик;*

13. губењето на гласот *х* во сите позиции: *ладно, соа, дуна, њино, г̄ра, сирома*;

14. jотувањето на групата *л+j* во случаите од типот *зеље, коље* (во jужниот појас од оваа област: *зеле, коле*);

15. пазењето на консонантската група *бн*: *дебне, sебне*;

16. дисимилацијата на *мн* во *мл: млог̄о, млозина*;

17. промената на *мj* во *мњ*: *земња, ламња*;

18. и полузвучниот изговор на крајните звучни согласки: *дуд̠, длăг̠, муж̠, суд̠* и др.

Знатен е бројот и на морфолошко-синтаксички особености и црти од областа на зборообразувањето:

19. именките на *-а* множина образуваат со наставката *-е* : *jабуке, куќе, судиje;*

20. како и атрибутските зборови кога се употребени со овој тип именки: *г̄олеме куќе, беле кошуље, црне сливе*;

21. именките од среден род на *-е* множина образуваат обично со наставката *-ики* (*-иќи*): *п̄илики - п̄илиќи, п̄расики - п̄расиќи, т̄елики - т̄елиќи*;

22. изброjана множина со наставката *-а*;

23. единствено во овие говори во Македонија се пази разликата меѓу општата и номинативната форма кај одушевените именки од машки род што завршуваат на консонант*: човек – човека*, со атрибутски збор: *добар човек – доброг̄а човека.*

Од другите македонски дијалекти северните говори ги изделуваат уште:

24. заменките *сваки* (*сваког̄а*, *свакакăв*);

25. заменските форми *њојзе*, *њојно* (спрема *нејзе*, *нејзино - нејно* во другите наши говори);

26. кратката заменска форма за женски род *г̄у* (поретко *г̄а*);

27. потоа формите *њег̄а, г̄а*;

28. како и наставката *-ог̄а* : *сваког̄а, неког̄а, никог̄а, доброг̄а*, итн.,

а кај глаголите:

29. изедначувањето на презентската основа во сите лица*: вика*, *вика-в; носи, носи-м, носи-в; иде, иде-м, иде-в*, покрај *носу, иду*, одн. *ношу, иг̄у* во 1 л. едн.;

30. множинската наставка *-мо* : *имамо, носимо, сечемо;*

31. наставката *-в* (*ў*) во 3 л. мн. на сегашното време: *имав, носив, идев*, одн. *имаў, носиў, идеў*;

32. имперфектно-аористните наставки за 1 и 2 л. мн. *-смо*, *-сте* покрај *-мо*, *-те* : *викасмо, викасте*, покрај *викамо, викате*;

33. наставката *-ше* во 3 л. мн. во аористот: *рекоше, дојдоше,* покрај *рекоа, дојдоа*;

34. образувањето на конструкциите од типот *теше* (*ќеше*) *да иде, теше* (*ќеше*) *да работи*;

35. или *тел (е) да иде, тел (е) да работи*, одн. *ќел (е) да иде*;

36. партиципската наставка *-ја*, која се употребува во еден дел од ова подрачје: *дошја* (и *дошаја*, *дошаја*), *имаја, носија,* покрај *дошал, имал*.

За овие говори карактеристична е и употребата на предлозите:

37. *уз*: *прође ус куќу, отишал уз реку, уз њега прође*;

38. *више : замина више село, више пут се накачи;*

39. *проз: прође прос село, проз њиву идеше;*

40. *из: врнаја се ис Скопје, кад отидоше из Врање*.

Употребата на сврзниците:

41. *буди* : *Буди сам сирома па сам и болан;*

42. *неголи* со компаративно значење: *поарно је да копам у рудник неголи да седим без работу.*

Употребата на именските образувања со суфиксите:

43. *-ача* : *вампирача, мрсољача, промењача, дебељача, крстача;*

44. *-уша : водаруша, овчаруша, козаруша, свињаруша;*

45. *-оња : лигоња, сивоња;*

46. *-оќа : лошоќа, глувоќа, староќа, простоќа, слабоќа, самоќа,*

47. и *-ија : добрија, јакотија, лошотија, самотија, убавија*.

Треба да се истакне дека сите приведениве особености се карактеристични и за граничните српски призренско-јужноморавски говори. Тој факт пак доволно јасно укажува и за односот и врската на нашето северно дијалектно подрачје со јужниот појас од српските торлачки дијалекти.

Границите меѓу северните говори и другата македонска јазична територија се движат приближно по правецот Тетово – Скопје – Свети Николе – Злетово. Така земено во општи црти. Но точна слика за јужната граница на северната говорна зона ќе ни покажат изоглосите на споменатите дијалектни особености.

Најгуст сноп на изоглоси се образува на скопскиот терен. Тука на релативно тесен појас (од 5 до 10 км.) малку нешто посеверно од Скопје поминуваат јужните изоглоси на околу четириесет фонетски и граматички црти. Само седум-осум изоглоси ја преминуваат реката Вардар и навлегуваат подлабоко на југ: изоглосите на формите *трава* и *ораф* (7), множинската наставка *-иќи* (21), предлозите *уз* (37) и *више* (38), сврзникот *неголи* (42) и суфиксите *-оќа* (46) и *-ија* (47).

Овој сноп со изоглоси нешто западно од реката Лепенец се растура на две помали групи. Една група од околу седум-осум изоглоси оди во правецот

југозапад и на полошкиот дел поминува јужно од градот Тетово меѓу селата Челопек и Стенче, каде што поминува и говорната граница меѓу горнополошкиот и долнополошкиот говор. Во тој правец одат изоглосите на вокалот *ă* место етимолошките **ь, *ъ* (1) и секундарниот $ъ_2$ (2), на рефлексот *у* од **vъ* (3) и место носовката **ǫ* (4), множинската наставка *-е* кај именките на *-а* (19), заменската форма *ѓа* за м. род (26) и множинската наставка *-мо* (30).

Друга група од близу дваесетина изоглоси врви северно од Тетово, меѓу селата Лешок и Вратница. Тука поминуваат јужните граници на вредноста *у* место старото вокално **ļ* (5), одн. *лă* од **ļ* зад дентална согласка (6), широкиот изговор на акцентираните *е, о* (8), на примерите без протетичко *в*: *уjко*, *уjна* (9), потоа изоглосите на палаталниот назал *њ* < **n′* пред предна самогласка (10), прејотацијата на почетното *е* (12), па изоглосите на *х* > *ɸ* (13), на групите *бн* (15), *мн* > *мл* (16), *мj* > *мњ* (17), на изброjаната множина со *-а* (22), заменските форми *сваки* (24), *њоjзе*, *њоjно* (25), *њеѓа ѓа* (27), на изедначувањето на општиот глаголски дел во презентот (29), како и на наставката *-в* (*-ў*) во 3 л. мн. на сегашното време (31), на формите од типот *ќеше* (*ѣеше*) *да иде* (34), сврзникот *буди* (41) и на суфиксот *-оња* (45).

Така во тетовската област се образува еден преоден дијалектен појас во кој се преплетуваат западномакедонски и северномакедонски дијалектни особености.

Повеќе од десетина изоглоси од овој сноп завршуваат на западната страна од Скопската котлина и не продолжуваат во Полог. Така, на пример, во полошките говори старото меко **l′* се изговара полумеко (11), новото jотување не ја опфатило групата *л+j* (15); звучните согласки на апсолутниот крај се изговараат безвучно (18); во множинската форма кај придавките се генерализирала наставката *-и* за сите три рода: *црни сливе* (20); кај одушевените именки од машки род нема разлика меѓу општата и номинативната форма (23); на тој дел не се среќава заменско–придавската наставка *-оѓа* (28), аористните наставки *-смо*, *-сѣе* (32), *-ше* (33), нити пак предлозите *прѣз* (39), *из* (40) и именските образувања со суфиксите *-ача* (43), *-уша* (44) и *-ињa* (47).

И источно од Скопје од основниот сноп се изделуваат две групи изоглоси. Една помала група ја сече реката Пчиња на просторот меѓу селата Г. Коњари и Пчиња и продолжува на исток. На кумановско-овчеполскиот дел изоглосите од оваа група одат приближно по долината на реката Крива. Карактеристично е дека во оваа област тие се движат во еден правец, во една доста права линија која на многу места се поклопува со географската граница меѓу областа Которлак и Овчеполието. Тука поминуваат изоглосите на широките *е, о* (8), на примерите од типот *уjко* (9), на гласот *њ* < **n′* во сите позиции (10) и на палаталното *љ* < **l′* (11), прејотацијата на почетното *е* (12), полузвучниот изговор на крајните звучни консонанти (18), потоа изоглосите на множинските наставки *-е* кај именките и придавките на *-а* (19, 20) и *-ики* (21), на именските форми од типот *човека*, одн. *доброѓа човека* (23), зам. *сваки* (24), аор. имперф. наставки *-смо*, *-сѣе* (32), и *-ше* (33), партиципската наставка *-ја* (36), како и на предлозите *прѣз* (39) и *из* (40). Приближно овде поминува и границата меѓу формите од типот *жену, женуѣу* и *жена, женаѣа* (општа форма).

На кратовското говорно подрачје некоjолку од овие изогласи: *њ* < **n′* (10), *љ* < **l′* (11), наставката *-ики* (21), општата форма од типот *човека* (23) и

примерите без протетичко *в* (9), како и зам. облик *сваки* (24) продолжуваат од свиокот на Крива кон исток, поминуваат едни над а некои под градот Кратово и излегуваат на Осоговската планина. Сите овие црти се среќаваат во кратовските села Г. Кратово, Мушково, Кнежево, Јамиште. Изоглосите на другите црти пак одат по долината на Крива сè до близу Крива Паланка.

Втората поголема група изоглоси (околу триесетина на број) од Пчиња одат кон југоисток; на овчеполскиот дел поминуваат малу нешто појужно од линијата Сопот – Св. Николе – Мечкуевци. И на овој простор тие одат сите во еден ист правец, но сега веќе не во права линија, и распоредени се доста густо. Во тој правец се движат јужните гранични линии на фонемата *ă* од **ъ, *ь, ъ₂* (1, 2), на вредноста *у* < **vъ* во случаите како *улезе* или *унук* (3), *у* < **ǫ* (4), *у* одн. *лă* < **ł* (5, 6), губењето на фонемата *х* (13), јотувањето на *л+ј* (14), изговорот на *бн* (15), промената на *мн* > *мл* (16) и *мј* > *мњ* (17), како и изоглосите на заменските форми од типот *њојзе*, *њојно* (25), *ѓу* (26), *њеѓа*, *ѓа* (27), израмнувањето на презентската основа (29), множ. наставка *-мо* (30) и *-в* (31), глаг. форми со *ќеше*, *ќел*, (34, 35), предлозите *уз* (37) и *више* (38), сврзникот *буди* (41), и номиналните суфикси *-ача* (43), *-уша* (44), *-оња* (45), *-оќа* (46), *-иња* (47). Знатно појужно одат изоглосите што се означени со броевите 7, 22, 37, 42.

На кратовско-злетовскиот терен готово сите приведениве изоглоси имаат еден правец, но се знатно пораштркани. Северномакедонски црти превладуваат дури во Злетово и околните села по долината на реката Злетовштица. За Злетово се карактеристични доста примери со *ă* од **ъ, *ь, ъ₂* (1, 2), со *у* од **ǫ* (4) и **vъ* (3); **ł* > *у*, *лă* (5, 6); *бн* се пази (15), *мј* > *мњ* (17); се употребуваат и овде заменките *њојно*, *ѓу* (25, 26), глаг. форми со *ќеше* (34), сврзникот *буди* (41) и суфиксните образувања на *-ача*, *-уша*, *-оќа, -иња* (43, 44, 46, 47). Но од друга страна во овие села се забележува силно влијание од кочанскиот говор. Особено во нив се чувствува отсуството на најкарактеристичните северномакедонски црти, како на пример: замената на **ǫ* во *у* и **ъ*, **ь* со *ă* во суфиксите, глаголските наставки *-мо* и *-в* и др. Изоглосите на овие црти поминуваат нешто посеверно од Лесново, со исклучок на изоглосата на наставката *-в* во 3 л. мн. на сегашното време која поминува западно од Кратово и со својот правец се изделува од другите изоглоси. Воопшто паѓа в очи дека во крајниот североисток од нашата јазична територија изоглосите на разгледуваните црти повеќе не се компактни. Тие полека се одделуваат од двата основни снопа и образуваат мрежа на изоглоси. И најпосле уште една констатација во врска со правецот на изоглосите: можевме да видиме дека тие одат во еден правец исток-запад или обратно. Освен тоа голем дел од нив на целата должина од нивното простирање се поклопуваат.

*

* *

II. Посебна дијалектна целина претставуваат говорите во Западна Македонија во литературата познати како *западномакедонски* говори или *западно наречје* (карта II и III). Нив ги сврзуваат повеќе од триесетина фонетско-фонолошки и граматички особености, кои се јавуваат истовремено и како ди-

ференцијални црти по однос на говорите во Источна Македонија. Такви диференцијални црти од фонетиката се:

1. замената на групата **cvь* во *цу* : *цут̄*, *цӯти*(*т̄*), *расцӯти*;

2. замената на **zvь* со *су* : *сунит̄*, *сункот̄*, *сумкат̄*;

3. преодот на **svь* во *су* : *осуна*, *осунување*;

4. промената на **ě* во *е* во сите позиции, и зад согласката *ц*: *цена*, *цедило*, *цепи*, *цевка*;

5. остатоците од некогашната замена на **jǫ* со **ję* : *јазик*, *јатрва*, *јачмен*, *зајак*, одн. *јозик*, *јäзик, јäзик* итн.;

6. појавата на протетичко *ј* пред рефлексот на иницијалното **ǫ* : *јаже*, *јаток*, *јаг̄лен*, одн. *јоже*, *јäже* во поодделни говори;

7. потоа третосложниот акцент: *вод'еница*, *воден'ицата*, *воден'ицава*;

8. и неговиот синтагматски карактер: *н'е-дојде*, *не-с'е-г̄леда*, *не-г̄'о-сака*, *не-му-с'е-г̄леда* и сл.;

9. јасниот изговор на неакцентираните вокали;

10. губењето на интервокалното *в*: *Јоан, оснoа, јаор, биол, с̄толој*;

11–12. отсуството на гласот *х* и неговата замена со *ф(в)* пред консонант и на апсолутниот крај на зборот: *јавна*, *бефт̄е*, *чевли*, *нивно - нифно*, *п̄ифт̄ија*, *офка*(*т̄*), *врф*, *п̄раф*;

13. и промената на спирантите *с, з, ш* пред *ц, ч* преку *х* во *ф(в): мофче*, *круфче, г̄рофче, мафца, п̄рафци* (од *п̄расе*).

Повеќе црти има и од областа на морфологијата, синтаксата и зборообразувањето:

14. кај именските зборови треба да се одбележи разликувањето на општата од номинативната форма кај личните и роднинските имиња од машки род што завршуваат на консонант, на *-о* и *-е* : *С̄тојан – со С̄тојана*, *Марко – на Марка*, *т̄атко – на т̄атка му*, *Крс̄т̄е – на Крс̄т̄ета*, *бат̄е – од бат̄ета*;

15. множинската наставка *-ови* > *оі̯* > *ој*: *волој* (*волови*), *долој*, *с̄толој*, *клучој* (*клучеви*);

16. тројниот член: *човекот̄, човеков, човекон; женат̄а, женава, женана; дет̄ето, дет̄ево, дет̄ено; луг̄ето, жените, децат̄а* итн.;

17. личната заменка за 3 л. *т̄ој* (*т̄аа, т̄оа, т̄ие*);

18. кратката множинска заменска форма *и* : *и виде луг̄ето*;

19. дативната форма за женски род *нејзе* (*нејзи*, *нези*), од која е образувана и посесивната *нејзин* (*незин*);

20. употребата на синтетичката дативна форма кај заменките: *мене ми, т̄ебе т̄и, нему му, нејзе - нејзи и (је), нам ни, вам ви, ним - ними им, кому, некому, никому,* дем. *овему, онему;*

21. и кај личните и роднинските имиња од машки и женски род: *С̄тојану, Марко(в)е* или *Маркот̄у, Пет̄ре(в)е* или *Пет̄рет̄у, Илију, Мари* или *Маре, т̄атко(в)е, т̄етки - т̄етке* и сл.

Во глаголскиот систем се јавуваат како дијалектно-диференцијални за ова подрачје:

22. наставката *-т̄* во 3 л. едн. на сегашното време: *имат̄, носит̄, јадет̄ (јадит̄);*

23. обликот *се* во 3 л. мн. од глаголот 'сум';

24. партиципската форма *донесол* (: *донел* во северните и источните говори);

25. широката употреба на конструкциите со 'има / нема' и глаголската придавка во среден род: *има работено, имаше работено, имал работено, ќе има работено, ќе имаше работено, ќе имал работено*;

26. честата употреба на формите од типот *е дојден*, *беше дојден* (глаголската придавка од непреоден глагол со формите од помошниот глагол 'сум');

27. на целото западно дијалектно подрачје предлогот **vъ* се среќава само во формите *в*, *во* : *во Скопје, в ѓрат, в село* (или *ф село*);

28. предлогот *со* не се удвојува: *со сила, со мака*;

29. додека *врз* не се употребува воопшто;

30. поголем дел од овие говори го познаваат и предлогот *кон*;

31. а *од* може да се употреби и за искажување посвојност: *детето от сестра ми, куќата од мајка ми;*

32. од суфиксите само за западното наречје е карактеристичен деминутивниот *-уле*, кој може да се комбинира и со некои други деминутивни суфикси *(-че+уле*; *-це+уле*) : *детуле, женчуле, крфчуле, брадичуле.*

Бројот на синтаксичките особености не е голем, но тие се доста забележливи.

33. Најкарактеристична особеност е местото на кратките заменски форми: тие по правило стојат пред глаголот дури и во почетокот на реченицата: *го викнав него, му реков Марко(в)е;*

34. во 3 л. во сложените глаголски форми со 'сум' помошниот глагол се губи редовно: *тој дошол, тие дошле, ќе дошол, ќе дојдел*;

35. презент од перфективен глагол со повторливо значење во нéзависни реченици овде не се употребува;

36. употребата на двојниот објект во западното наречје е регуларна појава.

Не е мал ни бројот на лексички и фразеолошки особености со кои се разликуваат западните говори од источните и северните, но тука нив не ги земаме предвид, бидејќи не сме во можност да ги одредиме поблиску нивните изоглоси.

*

* *

III. Третата дијалектна група ја репрезентираат говорите во источна Македонија, т.н. *источномакедонски говори* или *источно наречје* (карта II и III). Во оваа група влегуваат говорите што се наоѓаат јужно од линијата Скопје – Св. Николе – Злетово, вклучувајќи ги тука и солунско-воденските говори во Егејска Македонија и македонските говори во Пиринска Македонија.

1. Во сите овие говори место старата група **cvь* има вредност *цав-* (*цаф-*) : *цафте*, *прецафтело*;

2. место **zvь* има *зво-* : *звоне-звони*;

3. и место **svь – сав-*, одн. *сам-*: *осамнало – осавнало*, *самнушка*;

4. групата **cě* е заменета во овие говори со *ца : цаде, цало, цапе, цалина;*

5. на ова подрачје не среќаваме остатоци од мешањето на носовките, што значи источните говори не ја познавале оваа појава, сп.: *език, ечмен* или *ичимен, ече, е҃трва, заек;*

6. пред рефлексот на почетното *ǫ како протетички глас овде се развило *в*: *ва҃глен, ва҃ток, ва҃тор,* одн. *ва̏҃ток, ва̏҃тор*, и др;

7-8. акцентот по место е неопределен: може да стои на секој слог со помали ограничувања во некои говори и кај некои категории зборови, па следствено тој нема ни синтагматски карактер;

9. во овие говори акцентот во голема мера влијае и врз артикулацијата на вокалите: неакцентираните вокали обично се пократки и позатворени, а во јужниот дел од источното наречје тие дури и преоѓаат во соодветните затворени гласови, сп.: *го҃л'ем* или *го҃ул'ем*; *м'есец* или *м'есиц*; *ко҃л'иба҃т҃а, ко҃л'иб҃т҃а, кул'иб҃т҃а* и др;

10. интервокалното *в* се пази редовно во сите источни говори: *го҃ведар, јавор, го҃лава, јазовец;*

11. а на поголемо пространство од ова подрачје егзистира и фонемата *х*: *бех, кожух, бехме*;

12. таму пак каде што овој глас се загубил имаме поинаков резултат отколку во западното наречје: на крајот на зборот обично се губи без трага (*ме, вр, кожу*), а пред консонант до колку не се загубил сосема, тој е заменет со *ј*: *чејли, нијно*;

13. поинаков резултат во однос на западните говори овде има и место консонантите *с, з, ш* пред африкатите *ч, ц*: тие обично се пазат неизменети: *мосче, масца, месце*, или пак првите два гласа се измениле во *ш*: *мошче, кршче*, како *крушче, п҃ушче*.

Источните говори од западните знатно се разликуваат и по морфолошко-синтаксичките особености.

14. Кај имињата од машки род овде се генерализирала номинативната форма и како *casus generalis*: *Јован – на Јован, сос Јован*; *Марко – на Марко*; *Миле – на Миле*;

15. еднослоҗните именки од машки род во множината завршуваат на *-ове* : *волове, с҃толове, вирове, кл'учове*;

16. членски форми на *-ов* и *-он* нема;

17. како лична заменка за 3 лице се употребува само *он* (*она, оно, они);*

18. кратката акузативна форма од 'они' гласи *го҃и*;

19. посесивните заменски форми за 3 л. женски род се употребуваат без партикулата *-зи (-зе): нејн, нејна, нејно, нејни*;

20. дативниот однос се искажува редовно со *на* и кај заменките: *на мене ми, на т҃ебе т҃и, на го҃ го му, на нас ни, на ко҃го му рече;*

21. и кај личните имиња: *рече му на С҃тојан, на Марко, на Мара*;

22. во 3 л. едн. на сегашното време на целото источно подрачје отсуствува наставката *-т҃: вика, сече, носе - носи*;

23. 3 л. мн. од глаголот 'сум' гласи *са*;

24. место западномакедонскиот облик *донесол, (донесла, донесле*) овде имаме *донел (донела, донеле*);

25. формите од конјугацијата со 'има' се среќаваат во овие говори доста ретко, особено оние во составот на кои влегува глаголот 'сум' или партикулата 'ќе';

26. необични се исто така и конструкциите од типот *е дојден, беше дојден, бил дојден;*

27. кај предлозите треба да се истакне употребата на *у* место стариот предлог **ѫ*: *у гра̄т, у село*;

28. удвојувањето на *со* – како *сос* (*сус*): *сос нош, сос рака (сус рӑка);*

29. употребата на предлогот *врз*, кој може да се сретне негде и во обликот *врес*: *врс камен, врз не̄го,* или*: па̄дна врес камено*;

30. отсуството на *кон* (или пак се употребува мошне ретко);

31. предлогот *од* овде не врши присвојна функција; присвојноста се изразува исклучиво со *на*;

32. од суфиксите како диференцијален белег меѓу источните и западните говори се истакнува деминутивниот *-уле* со дериватите *-чуле*, *-улче*, за кој веќе нагласивме дека е ограничен само на западното наречје, додека во источните говори не се среќава;

33. во врска со местото на кратките заменски форми во источните говори има едно ограничување: тие не можат да стојат на почетокот на реченицата и обично идат зад глаголот: *караа се, рече му на Марка, расипа се работа̄та*;

34. во нив сè уште се пази, иако не доследно, помошниот глагол во 3 лице во перфектот: *он е донел, они са донеле (донели),* или во сложените форми од типот *ќе е донел, работӣл е бил, ќе е ӣграл бил*;

35. интересна е во ова наречје и употребата на перфективен презент во независни реченици со повторливо значење. Сп.: *Шчом флезе башчата ф кашчи, де̄те̄то се ӯплаши, земе кнӣга̄та и зафане да работӣ* (Берово). Во западните говори во такви случаи се употребуваат формите со *ќе*, особено обликот за идно-минато време;

36. и најпосле треба да ја одбележиме во говорите во Источна Македонија недоследната употреба на двојниот објект.

*
* *

Границата меѓу источното и западното наречје оди приближно по долината на реката Пчиња (јужно од с. Горно Коњари), Вардар и Црна. Во тој правец поминуваат изоглосите на најголем број од дијалектните особености што беа приведени погоре. Еден сноп од околу дваесетина изоглоси доста густо збиени тргнува од долниот тек на Пчиња на просторот меѓу скопските села Г. Коњари и Катланово, оди нешто малу поисточно од градот Велес па преку областа Клепа излегува во областа на планината Дрен (источно од Прилеп), од каде што се спушта после по реката Црна сè до нејзиниот влез во Пелагонија меѓу селата Брод и Скочивир (југоисточно од Битола). Јужно од Брод и Скочивир овој сноп се распаѓа на неколку изоглосни групи. Најголема група (околу десетина изоглоси) свртува кон запад, оди по правецот на државната граница меѓу нашата земја и Грција и излегува на јужниот брег на Преспанското Езеро. Тука поминуваат јужните изоглоси на третосложниот акцент (7, 8), на мешањето на

носовките (5), губењето на интервокалното *в* (10), замената на *х* со *ф, в* (11, 12), измената на *с, з, ш* пред *ч, ц* во *х* кое после дало *ф/в* (13), разликувањето на општата и номинативната форма кај личните имиња (14), тројниот член (16), заменката *нејзин* (19); синтетичкиот датив кај личните заменки (20), употребата на *од* со посесивно значење (31). Нешто малку појужно поминува и изоглосата на суфикост *-уле* (32).

Една помала група изоглоси од Црна Река продолжува право на југ кон Кајлар. Западно од Кајлар поминуваат изоглосите на заменките *тој - он* (17), *и - ѣи* (18), и на предлогот *во - у* (27), а источно, меѓу Кајлар и Негуш, изоглосите на *цу - цав* (1), *су - сам* (3), *со - сос* (28), западната изоглоса на предлогот *врз* (29) и источната на предлогот *кон* (30). Во кајларскиот говор доста се чести и примери со редукција на неакцентираните вокали (9).

Во крајниот југозападен дел од нашето јазично подрачје – меѓу Корча, Преспанското и Островското Езеро, како што се гледа, немаме јасна граница меѓу источното и западното наречје. Тука се испреплетуваат црти што се карактеристични и за западното и за источното наречје, па затоа овие говори (костурско–леринските) ги земаме како *преодни* меѓу источното и западното дијалектно подрачје.

Од главната изоглосна група, која ја означува границата меѓу западните и источните говори, се отклонуваат само неколку изоглоси. Позападно од неа одат источните граници на синтетичниот датив кај личните и роднинските имиња од машки и женски род (21) и на наставката *-ѣ* во 3 л. едн. на сегашното време (22), а источно изоглосите на *це – ца* (4), на формите *се – са* (20), на протетичките *ј – в* пред рефлексот на иницијалното **ǫ* (6), глаголските форми со 'има' и 'сум' + глаголската придавка (25), потоа изоглосата на употребата на помошниот глагол во 3 л. во перфектот (34) и употребата на перфективен презент со повторливо значење (35), како и местото на кратките заменски форми по однос на глаголот (33). Изоглосите на првите три црти поминуваат низ територијата на тиквешкиот говор, додека другите изоглоси одат зад Демир Капија и нешто малу поисточно од Воден и Негуш.

Треба уште да видиме каков е правецот на движењето на изоглосите на диференцијалните црти меѓу источното и западното наречје на територијата на северните говори. – Поголем дел од изоглосите на скопскиот терен северно од с. Катланово се вклопува во големиот сноп од изоглоси на северномакедонските дијалектни особености и продолжуваат на запад. Некои од нив завршуваат во северниот дел од Скопската котлина (изоглосата на *со – сос*, 28), а други продолжуваат во полошката област, на пример изоглосите на заменските форми *нејзин – нејн* (19), на глаголските форми од типот *има дојдено* (25), *е дојден* (26), на предлогот *врз* (29), кои поминуваат северно од Тетово, или изоглосите на *цу – цав* (1), **јѫ > (ј)е* (5), на групите *сч, сц, шч* (13), заменките *тој – он* (17), *и – ѣи* (18), на глаголските форми *се – са* (23), *донесол – донел* (24), употребата на *од* со посесивно значење (31), и на суфиксот *-уле* (32), кои поминуваат јужно од Челопек.

Друга група продолжува од главниот сноп кон север и излегува на Скопска Црна Гора западно од Куманово. Таков правец имаат изоглосите на третосложниот акцент (7, 8) и изговорот на неакцентираните вокали (9), тројниот член (16), синтетичкиот датив кај заменките (20), предглаголската позиција на крат-

ките заменски форми (33), употребата на помошниот глагол во сложените форми со 'сум' (34), употребата на повторлив презент од свршени глаголи (35).

Кон североисток се одделуваат само неколку изоглоси: изоглосата на *це – ца* (4), на протетичките *ј – в* во случаите како *јашток – вашток* (6), изоглосата на општата форма на *-а* кај личните имиња од типот *Јована – Јован*, *Марка – Марко* (14).

Распоредот на изоглосите во северниот дел од нивното простирање јасно го покажува односот меѓу источното и западното наречје од една страна и северните говори од друга.

Знатно е поголем бројот на особеностите што ги сврзува источните говори со северните, особено со североисточните. На целото северно дијалектно подрачје, како и во источните говори, групите **сvь* и **svь* се изменале во *цав*, *сам* (*сав*), одн. *цӑв, сӑм,* а **ję* во *је*; примери од типот на западномакедонското *суни* и овде нема; иста тенденција во источните и во северните говори има и во развојот на групите *сч, сц, шч.* Нив ги сврзуваат понатаму заменските форми *он* и *ѓи*, глаголските облици *са* и *донел*, предлозите *у, врз, сос*, употребата на *на* со посесивно значење и недоследната употреба на двојниот објект, отсуството на наставката *-ш* во 3 л. едн. на презентот, на конструкциите со 'има' и 'сум' и отсуството на суфиксот *-уле*. Кратовско-кривопаланечките и кумановско-овчеполските говори со источното наречје освен тоа ги сврзуваат местото на акцентот и квантитативната редукција на неакцентираните вокали, чувањето на интервокалното *в*, отсуството на членските форми со *в* и *н*, употребата на перфективен повторлив презент, пазењето на помошниот глагол во 3 лице во сложените форми со 'сум' и местото на кратките заменски форми по однос на глаголот. Само што изоглосите на сите приведениве црти не се задржуваат на северните граници на нашата јазична територија, туку тие продолжуваат и на територијата на српскиот јазик.

Во северозападниот дел се чувствува знатно влијание од западното наречје. Така во северните полошки села и во Скопска Црногорија се генерализирал западномакедонскиот акцент, па следствено нема ни редукција на ненагласените вокали. Со западното наречје овие говори ги сврзува освен тоа тројниот член, испуштањето на помошниот глагол во 3 лице во сложените облици со 'сум', употребата на кратките заменски форми пред глагол и во почетокот на реченицата и ограничената употреба на перфективен повторлив презент. Замената пак на **сѣ* со *це* и протетичкото *ј* пред рефлексот на иницијалното **ǫ* (*јушӑк, јуже*) се општа појава во сите северни говори. Изоглосите на овие две црти одат по говорната граница меѓу северното и источното наречје до Злетово, откаде што после продолжуваат на север по Злетовштица. Веќе во крајните источни кривопаланечки и кратовски села превладуваат примери со протетичко *в* (*вазел, вашток*, но *јужица* во Злетово) и со *ца* (*цалина* во Зеленград).

*
* *

Досега ги разгледувавме диференцијалните говорни особености меѓу трите основни дијалектни групи во Македонија и правецот на простирањето на изоглосите на тие особености. Да видиме сега каков е односот на дијалектните

иновации во поодделните говорни подрачја и во кое време приближно се јавуваат тие иновации. За нас е особено важна хронологијата на појавувањето на дијалектните црти во западното и во источното наречје.

Во овие две наречја, како што видовме, како диференцијални се јавуваат триесет и седум црти, од кои тринаесет се фонетски и дваесет и четири морфолошко-структурни. Најголем дел од фонетските особености се постари дијалектни иновации. Приличен број од нив ги наоѓаме повеќе или помалку одразени уште во писмените македонски текстови од XII и XIII век. Така примери со мешањето на носовките **ję* > **jǫ* се среќаваат во спомениците од крајот на XII век. Во Струмичкиот праксапостол (XIII в.) наоѓаме примери со *ца* место **cě* и примери што укажуваат на редукцијата на неакцентираните вокали (Koneski, 1960 :494). Приближно во ова време веројатно настанале и промените на **cvь* во *цу*, **ʒvь* во *зу*, **svь* во *су* во западните, одн. **cvь* во *цав*, **svь* во *сав* во источните говори, и се јавиле протетичките *ј* и *в* пред рефлексот на почетното **ǫ* (Vasmer, 1941 : 281, 298). Процесите пак што настанале во врска со акцентското место, загубата на интервокалното *в* и промените што ги претрпел гласот *х* и забните спиранти во западните говори се нешто понови во споредба со првите (настануваат од XVI век наваму) (Конески, 1948 : 111-128). Односот меѓу постарите и поновите морфолошко-структурни црти е нешто поинаков. Во постариот период од развитокот на македонскиот јазик како дијалектна црта за западното наречје се јавува демонстративната заменка *т̄ој* во функција на лична заменка за 3 лице место *он*, која се задржала во источните говори. Во текстовите од XIII–XIV век сè почесто се среќава множинската наставка *-ове* која после се генерализирала во источната дијалектна област. Меѓу постарите дијалектни диференцијални црти спаѓа и наставката *-т̄* во 3 лице еднина на сегашното време, а можеби и обликот за 3 лице множина од помошниот глагол 'сум'. Примери без *-т̄* во 3 лице еднина откриени се уште во текстовите од XIII век (во Струмичкиот апостол). Формата *са* за 3 л. мн., која е карактеристична денеска во источните и во северните говори, забележена е во почетокот на XIV век (Селищев, 1931а : 45). Поголем број од морфолошките црти по дијалектите се јавуваат во поновата историја на нашиот јазик, како, на пример: изедначувањето на општата со номинативната форма кај личните имиња од машки род, аналитичкото искажување на дативот кај личните имиња и личните заменки – во источните говори, појавата на конјугацијата со формите од глаголот 'има' + глаголската придавка и конструкциите од типот *сум дојден*, употребата на предлогот *од* со посесивна функција, удвојувањето на објектот, губењето на помошниот глагол во 3 лице во сложените глаголски облици со 'сум', употребата на кратките лични заменки во почетокот на реченицата пред глагол, појавата на суфиксот *-уле* и др. – во западните говори.

Врз основа на изложеново може да се заклучи дека процесот на дијалектната диференцијација меѓу западниот и источниот дел од македонската јазична територија започнал доста рано, негде кон крајот на XII век. Кон крајот на XIV век дијалектните разлики меѓу овие две подрачја биле веќе доста бројни. Овој процес на диференцирање продолжува и подоцна, и бројот на говорните разлики особено пораснува во периодот од XV–XVII век, кога и дефинитивно се оформуваат денешните територијални дијалекти на македонскиот јазик.

Нешто поинаку стои проблемот околу формирањето на северната група говори. Дијалектните диференцијални црти на овие говори, видовме порано, карактеристични се и за српските призренско-јужноморавски дијалекти и за дел од северозападните бугарски говори. Меѓу тие дијалекти и северното македонско говорно подрачје, особено пак североисточниот негов појас, разликите се толку мали, што е понекогаш доста тешко по говорните особености тие да се разграничат. Наоѓајќи се во непосреден допир сите споменати говори и на македонскиот, и на српскиот и бугарскиот дел без сомнение уште од најстариот период од нивниот живот во овие области имале сличен развиток. На тоа укажуваат не само денешната состојба на фонетско-фонолошките особености и нивната граматичка структура, туку и тенденциите во развојот на овие појави што се јавуваат денеска како диференцијални по однос на другите македонски дијалекти. Но од друга страна северните говори никогаш не ја прекинувале врската и со другите две наши наречја. Со источното и со западното наречје тие имале постојани и живи врски и, како што беше погоре истакнато, од нив стално се потхранувале. Поподробна слика за односот на северните говори и другите наши дијалекти во историскиот развој на македонскиот јазик и за нивната генеза останува да ни даде историската дијалектологија. Нашата историска дијалектологија исто така треба да ги открие и причините поради кои дошло до дробење на нашиот народен јазик како и под кои услови се образувани денешните месни говори во границите на македонското јазично подрачје.

*
* *

Прашањето за класификацијата на македонските дијалекти повеќе или помалку е засегнувано готово во сите поважни работи од областа на македонската дијалектологија и разгледувано е од разни аспекти. Сп., со хронолошки поредок, Новаковиќ 1889, Masing 1891, Цонев 1901, 1903, Селищев 1918, Ивковиќ 1921, Małecki 1934, Белиќ 1929, 1935, Ružičić 1937, Vaillant 1938, Бернштајн 1938, Koneski 1960.

Како критериум при поделбата се земани најчесто поодделни фонетски црти. Новаковиќ и Цонев, на пример, својата класификација ја прават според рефлексите на прасловенските групи **tj* и **dj*. На вредностите на споменатите групи подоцна особено инсистираат Белиќ и Ружичиќ. Но тие истовремено под внимание ги земаат и замените на групите **stj *skj* и **zdj *zgj*. Мазинг пак македонските говори ги дели според местото на акцентот. Овој критериум подоцна го прифаќаат и Цонев, Ивковиќ и Малецки. Важноста на граматичко-структурните особености при поделбата на нашите говори од испитувачите на македонските дијалекти прв ја согледува А. Селишчев. Блаже Конески исто така во својата класификација им дава еднаква важност како на фонетско-фонолошките така и на граматичко-структурните особености на дијалектите. Освен тоа тој води сметка и за синхронискиот и за историскиот аспект на диференцијалните дијалектни појави.

Поради различните критериуми природно е што се дошло и до различни резултати во поделбата. Цонев, Белиќ и Ружичиќ според вредностите на **tj *dj* на македонското јазично подрачје изделуваат две големи говорни групи. Во едната група ги земаат говорите северно од линијата Дебар – Охрид – Битола – Гевгелија и западно од вододелницата меѓу Вардар и Струма (*ќ, ѓ* – говори), а во другата говорите што се наоѓаат јужно, одн. југоисточно од спомената линија (*шт, жд*, одн. *ш̄, ж̄* – говори). Извесно неслагање меѓу Белиќа и Цонева има во поглед на третирањето на северните

наши говори. Цонев и нив ги зема во една група со централните дијалекти, додека Белиќ, а исто така и Ружичиќ, нив ги приклучува кон јужните српски штокавски дијалекти. Во крајна линија, како што се гледа, Белиќ и Ружичиќ во границите на македонската јазична територија разликуваат три говорни типа: северен, централен и југоисточен.

Уште помалку се единствени во своите заклучоци оние што ги делат нашите говори според акцентот. Мазинг македонските говори ги дели на две групи – источна и западна, т.е. на говори со слободен и со неподвижен акцент. Ивковиќ и Малецки изделуваат три групи, а Цонев пак шест. Ивковиќ во една група ги зема источните говори на целиот појас од Злетово до Солун и Кајлар (говори со разносложен акцент). Втората негова група ја сочинуваат тиквешко-мариовските и леринско-костурските говори (со ограничено-разносложна акцентуација), а третата западните говори (со установен акцент). Западните говори (со определен трисложен акцент) и Цонев ги разгледува како посебна група. На појасот Тиквеш – Лерин – Костур тој изделува две дијалектни групи: костурско-леринска (со определен двосложен акцент) и тиквешко-мариовска (со полуопределен двосложен). Говорите во Источна Македонија Цонев ги дроби на три групи: говори со неопределено-разносложен акцент (говорите источно од Кочани, Струмица, Кукуш и Солун), говори со ограничено-разносложен (говорите во Кочанско, Штипско, Радовишко, Струмичко) и говори со полуопределен двосложен (говорите во долниот тек на Вардар на просторот Солун – Воден).

Од прегледов на класификациите на македонските дијалекти според акцентот паѓа в очи дека западните говори кај сите автори фигурираат како посебен дијалектен тип. Во врска со нив нема ништо спорно. Повеќето од испитувачите (Мазинг, Ивковиќ, Малецки) се согласуваат дека и говорите во Источна Македонија до голем степен претставуваат компактна дијалектна група. Ивковиќ и Малецки, донекаде и Цонев, обрнуваат внимание на поврзаноста и на тиквешко-мариовските и леринско-костурските говори.

Со методот применуван од Селишчева и Конески при дијалектната класификација се добива нешто поинаква слика за односот на македонските дијалекти. Селишчев во Македонија изделува две основни групи: 1. западна и 2. југоисточна. Во западната група тој ги зема говорите западно од Вардар и Црна и северно од Преспанското и Охридското Езеро. Сите други говори што се наоѓаат јужно од Охрид и Преспа и источно од Вардар и Црна ја сочинуваат југоисточната група. Меѓу себе овие две дијалектни групи се разликуваат со ред фонетско-фонолошки и граматичко-структурни особености. Во склопот на овие две групи Селишчев не ги зема само крајните северни говори што непосредно граничат со српската јазична територија.

На две групи – западна и источна ги дели нашите дијалекти и Конески. Но тој истовремено изделува и еден преоден појас меѓу источното и западното наречје. Таков преоден тип сочинуваат тиквешко-мариовските и костурско-леринските говори, во кои се вкрстуваат западни и источни дијалектни особености.

Правецот на границите на дијалектните области добиени со комбинирање на фонетско-структурниот метод, како што се гледа, сличен е со правецот на границите на акцентските дијалектни подрачја, а се разликува од правецот на границите на дијалектните групи добиени според рефлексите на **tj* и **dj*. Погоре видовме дека границите меѓу *ќ ѓ* и *шт̄ жд̄* / *шч жџ* – говори одат по правецот запад – исток. Границите пак на главните говорни групи изделени според акцентот имаат друг правец: север – југ, одн. север – југозапад. Таков правец на простирање имаат и границите на двете основни дијалектни подрачја што ги изделуваат Селишчев и Конески.

1960


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Злетово
Тетово
Скопје
Кочани
Св.Николе
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гостивар
Велес
Штип
Радовиш
Пехчево
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санданski
(Св.Врач)
Мелник
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Струмица
Петрич
Прилеп
Валовиште
Драма
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Гевгелија
Дојран
Серез
Кукуш
Гумендже
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Ениџе-Вардар
Солун
Лерин
Негуш
Корча
Костур
Кајлар
Бер
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА I


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Скопје
Тетово
Гостивар
Кумановo
Крива Паланка
Кратово
Кочани
Св.Никола
Велес
Штип
Радовиш
Неготино
Кавадарци
Струмица
Прилеп
Кичево
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Демир Хисар
Гевгелија
Дојран
Валовиште
Петрич
Сандански (Св.Врач)
Мелник
Разлог
Банско
Благоевград (Г.Џумаја)
Гоце Делчев (Неврокоп)
Берово
Пехчево
Делчево
Струмица
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Ениџе-Вардар
Солун
Суво
Лагадина
Воден
Острово
Негуш
Бер
Костур
Корча
Кадар
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА II


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
I
II
III
Скопје
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Злетово
Тетово
Гостивар
Кичево
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Штип
Св.Николе
Кочани
Делчево
Радовиш
Неготино
Кавадарци
Струмица
Берово
Пехчево
Благоевград (Г.Цумаја)
Разлог
Банско
Сандански (Св.Врач)
Мелник
Петрич
Гоце Делчев (Неврокоп)
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Дојран
Гевгелија
Ениџе-Вардар
Солун
Сухо
Загадина
Острово
Воден
Негуш
Бер
Лерин
Корча
Костур
Капар
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА

КАРТА III

6. МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО СВЕТЛИНАТА НА ЛИНГВИСТИЧКАТА ГЕОГРАФИЈА

1. На македонската јазична територија има повеќе од триста само фонетско-фонолошки и граматичко-структурни појави кои се реализирани различно по дијалектите. Меѓутоа, сите тие не се подеднакво релевантни ни за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик, нити пак за класификацијата на неговите говори.

Некои од дијалектните особености се ограничени на сосем мали подрачја, така што нивните ареи, кои се обично затворени, зафаќаат едвај неколку десетици километри. Тие црти се наоѓаат најчесто на јазичната периферија, вреат како архаизми на стари процеси. Таков е случајот, на пример, со остатоците од назализмот во костурските и богданско-лагадинските говори (*дамбја – дăмбја, лендина*), со замената на **у* во *ă* во височкиот говор (*сăн* 'син', *бăл* 'бил'), пазењето на *ч* од групата **čŗt-* и крајните групи *-сѫ, -шѫ* во некои дебарски и костурски села *(чорф, чорпѫ, прпшѫ, масѫ)*, остатоците од палатализацијата во 1 л. едн. на сегашното време во скопско-црногорскиот говор (*ношу, мољу*) или во партиципот *(жењен)*, заменските облици *сој*, *соѓов* во Бобоштица и во струшкото село Радожда, остатоците од деклинацијата на членот во корчанскиот говор и во некои северни периферни говори (*старцатоѓо*, *старцутому*) и уште ред други.

Други вакви црти имаат нешто поголеми ареи, но се јавуваат на дијалектните пограничја. Како такви тие се најчесто незавршени, несталожени процеси, процеси на понови јазични промени. Во редот на овие појави би дошле, на пример, образувањето на дифтонзи и фонолошки должини во охридско-преспанското подрачје (*то^{a}р – то:р*, *смеа > сме^{a} – сме:*, *маала > ма:ла*), отвореният или затворениот изговор на средните вокали, отсуството (губењето) на фонемите *ѕ* и *џ*, промената на вокалните групи *оа*, *ое* во *ва*, *ве* (*тоар > твар*, *чоек > чвек*) и на *иа > ја* во струшкиот говор (*Македониа > Македонја*), лабиовеларизацијата на краесложното тврдо *л* во тетовскиот, охридско-ресенскиот, мегленскиот говор и во некои малешевски села (*вол > воў*), појавата на тврдо грлено *л* во битолското село Буково, палатализацијата на меконепчените *к, ѓ* пред предните вокали (*сек'ира, лаѓ'и*) и на сонантите *л, н* (*љето, љице, кањи* – во периферните северни говори), потоа промените во глаголските групи, проширувањето на имперфектните наставки за 1 и 2 л. мн. во штипскиот говор (*носееме, носеете*) и др. Јазичните феномени од овој вид многу често и немаат единствени ареи. Затоа тие имаат важност, како и појавите од првата група, за типологијата на помали говорни единици.

2. За дијалектизацијата на македонскиот јазик и за класификацијата на неговите говори поголема важност имаат оние јазични феномени што зафаќаат знатно поголеми ареи и на кои ареите им се единствени, неиспрекинати, како и

особеностите што се наполно оформени и сталожени. Дијалектните појави од овој вид ќе бидат и предмет на нашето понатамошно излагање.

Најголем број од овие дијалектно-диференцијални црти македонската говорна територија ја делат на два нерамни дела. Нивните изоглоси сврзуваат по две различни точки на спротивните страни од јазичната периферија.

Според правецот на простирањето на изоглосите дијалектно-диференцијалните особености можеме да ги поделиме на две основни групи. Една група сочинуваат оние појави чии изоглоси се простираат по правецот југ-север (Ј–С), односно југозапад-североисток (ЈЗ-СИ). Тие почнуваат од разни точки на јужната јазична граница и излегуваат на разни места на северната јазична граница. Некои од нив на северната граница и завршуваат, а некои продолжуваат на територииte на граничните српски или бугарски дијалекти.

Втората група појави има правец исток-запад (И–З), односно запад-исток. Тие се сконцентрирани главно во Северна Македонија. На источната страна готово сите изоглоси на особеностите од оваа група продолжуваат на српската или бугарската јазична територија. Само неколку изоглоси со овој правец поминуваат низ нашите централни и јужни области.

3. Изоглосите на појавите од првата група (со правец Ј–С и ЈЗ–СИ) на јужната јазична граница имаат три главни огништа.

Првото изоглосно огниште на линијата Корча – Солун се наоѓа јужно од Преспанското Езеро. Оттука тргнуваат неколку десетини изоглоси само на фонетски и граматички особености (в. карта I).

Најголем дел изоглоси од оваа група во вид на изоглосен сноп одат по долината на Црна Река и Вардар. Таков правец имаат источните изоглоси на: трисложниот (фиксиран) акцент (*л'ивада, лив'адата,* 1), кој е истовремено и синтагматски (*не-м'у-рече*, *не-г̄'о-виде*, *не-сум-г̄'о-видел*, 2), некогашната замена на **ę* со **ǫ* зад *j* (сп. денеска *јатрва*, *јачмен*, *зајак*, одн. *јатрва, јачмен*, 3), замената на гласовната група **зvъ* со *sy* (*сунит*, *сункот*, 4), губењето на интервокалното *в* (5), промената на краесложното *х* во *в* и *ф* (*праф*, *меф*, *чевли*, *бевме*, *бефте*, 6) како и на спирантите *с* (*з*) и *ш* пред *ц, ч* – пак преку *х* (*крфче* : *крс-т*, *мафца* : *мас-т*, *круфче* : *круша*, 7-8), понатаму изоглосите на членските форми на *-ов* (*лебов*, *куќава, пилево, куќиве*, 9) и *-он* (*лебон, куќана, пилено,* 10), синтетичкиот датив кај личните и лично-предметните заменки (*мене, тебе, нему, нејзе - нези, нам, вам, ним, кому, некому, секому,* 11), кратката акузативна форма *је* (*је виде жената*, 12), множинските заменски форми *ние, вие* (13), показните заменки *овој – овја*, *ова(ј)а*, *ова* (14), присвојната *нејзин*, *-а*, *-о*, *-и* (15), наставката *-т* во 3 л. едн. на сегашното време (*викат*, *носит*, 16) и *-ат* во 3 л. мн. кај глаголите од *а*-група (*имаат*, *викаат*, 17) партиципскиот облик *донесол* (*донесла*, *-ло*, *-ле*, 18) и употребата на предлогот *од* со посесивно значење (*куќата од Марка*, 19).

Источно и југоисточно од линијата Преспа – Вардар има појас со „полуопределен" акцент, а потоа настапуваат говори со неопределено акцентско место. Мешањето на **ę* со **ǫ* во тие говори не е одразено, така што денеска место **ę* зад *ј* има замена *е* (*език*), освен во одделни случаи, како, на пример *јанsa*, кои претставуваат импорт од западните говори. Нема случаи групата **зvъ* да преминува во *sy*. Интервокалното *в* се пази редовно. На поголема тери-

торија суштествува фонемата *х* (20), а до колку пак се губи на крајот на слогот, тоа не преминува во *в* или *ф*. Консонантите *с, ш* пред *ц, ч* или се пазат неизменети или пак преминуваат во *х* (в. т. 14). Во источните говори не се познати членски форми на *в* и *н* (9). Дативниот однос се изразува аналитички (*на мене ми рече, на неѓо му даде*, 11). Кратката акузативна форма од личната заменка за женски род гласи *ја* или *а* (12), множинските форми за 1 и 2 лице – *ни(ј)а, ви(ј)а* (13), посвојната за 3 лице женски род – *нејн, -а, -о, -и* (без партикулата *-зи*, 15), а демонстративната за блиски предмети *вој, ваа, во(в)а* (14). Презентската наставка *-т̄* (16) во сите источни говори се губи (*носи – носе, има*). Глаголите од *а*-група во 3 л. мн. завршуваат на *-т̄* (*они викаат̄, имат̄*, 17). Од глаголот 'донесе' глаголската *л*-форма гласи *донел* (18). Предлогот *од* нема посесивна служба (19).

Приближно по означениов правец се движи и западната граница на редукцијата на неакцентираните вокали (21). Говорите западно од Вардар и Црна и северно од линијата Црна – Преспа оваа појава не ја познаваат.

4. Споменатиов (преспански) изоглосен сноп компактно оди до реката Пчиња. Во Скопската котлина тој почнува да се растура и изоглосите дивергираат во разни правци. Извесен број изоглоси поминуваат источно од градот Скопје и излегуваат на Скопска Црна Гора, како, на пример, изоглосите на трисложниот акцент (1), губењето на интервокалното *в* (5), членските форми на *в* и *н* (9), дативните синтетички заменски облици (11) и заменките *ние, вие* (13) и *нејзин* (15).

Изоглосите пак на мешањето на носовките (3), замената на *х* (6) и *с, ш* пред *ц, ч* во *в* и *ф* (7, 8), акузативната заменска форма *је* (12), презентската наставка *-т̄* (16), глаголскиот облик *донесол* (18), и на предлогот *од* со присвојно значење (19) – одат по Вардар до Дервенската клисура од каде што свртуваат после на запад и преку полошката област (меѓу Гостивар и Тетово) излегуваат на западната јазична граница.

5. Со овој сноп до Вардар одат и источните изоглоси на општата форма на *-а* кај личните и роднинските имиња што завршуваат на согласка и на *-о* (*Милана, т̄етин̄а*; *Марка, вујка*, 22), наставката *-т̄а* кај имињата што завршуваат на *-е* (*Петрет̄а, т̄ат̄ет̄а, вујчет̄а*, 23), демонстративните заменски форми *овеѓа* (24), *онеѓа* (25), одн. *овоѓа, оноѓа*, и *овејзин – овезин* (26), *онејзин – онезин* (27). Од Вардар изоглосите на споменативе заменски форми продолжуваат на североисток, ја сечат Брегалница западно од Штип и излегуваат на јазичната граница источно од Крива Паланка. Изоглосите пак на именските наставки *-а* и *-т̄а* одат приближно по долината на Брегалница до Делчево од каде што продолжуваат кон Благоевград. Во источните говори односниве заменски облици не се употребуваат, а општата форма кај сите именки се изедначила со номинативната.

6. Извесен број изоглоси од основниот изоглосен сноп се одделуваат уште на просторот меѓу Островското Езеро и Црна Река. Изоглосите на протетичкото *ј* пред рефлексот на иницијалното **ǫ* (*јаѓлен, јат̄ок*, 28) и на заменските придавки *ваков, ваква, -о, -и* (29), *олкав, олкава, -о, -и* (30), *онолкав, -а, -о, -и*

(31) одат кон североисток, го поминуваат Вардар меѓу Неготино и Демир Капија и преку Штип и Радовиш излегуваат на јазичната граница во пијанечката област. Во источните и југоисточните говори како протетички глас пред *ǫ се јавува *в* (*ва̄ток*, *ва̄глен*), додека приведените заменски облици не се употребуваат или се јавуваат само спорадично.

Приближно во овој правец се движи и западната изоглоса на прегласеното *а* во *е* во лексемата *чеша* (32).

7. Едно купче од десетина изоглоси од преспанското огниште оди на север и северозапад. Западно од Прилеп и Велес поминуваат источните изоглоси на синтетичката дативна форма кај личните и роднинските имиња од машки и женски род (*Маркое – Маркове, Пе̄тре̄ту – Пе̄трее, Николу – Николое, сто̄рикое, те̄тину*; *Мари – Маре, те̄тки – те̄тке*, 33), заменските форми *овејзи – овејзе* (34), *онејзи – онејзе* (35), *ове̄гов, -а, -о, -и* (36), *оне̄гов, -а, -о, -и* (73), *овејзин – овезин* (38), *онејзин – онезин* (39), *овивен – овивни* (40), *онивен – онивни* (41). Северната јазична граница ја допираат на скопско-црногорскиот дел. Во македонските говори источно од линијата Преспа – Скопје дативниот однос се изразува аналитички – со предлогот *на* (*Му рече на Марка – на Марко, на Мара*). Со *на* се искажува и дативниот однос кај демонстративните заменки (сп. *на оваа – ваа, на онаа* или *наа*, доколку тие се употребуваат). Показно-присвојните заменки *ове̄гов, оне̄гов, овејзин* итн. во источните говори се необични или пак се воопшто непознати.

8. И најпосле има неколку црти од оваа група чии изоглоси завршуваат во Полог. Тие се изоглосите на промената на гласовната група *-ни-* (во повеќесложни зборови) во *-ин-* > *-јн-* (*воденица* > *водеинца* > *водејнца*, 42), губењето на *-м* во 1 л. едн. од глаголот 'сум' (*су, не су*, 43), потоа изоглосите на употребата на аористната форма од 'сум' (*биф, би, би, бифме, бифте, бија,* 44) и партиципските образувања на *-а̄т* кај глаголите од типот 'жени' *(женāт, канāт, сте̄мнāт*, 45).

9. Второто изоглосно огниште на јужната јазична периферија се наоѓа во кајларската област, меѓу планината Снежник и Кара Камен (в. карта II). Оттаму поаѓаат околу триесетина изоглоси, кои се движат во три правци.

Најголем број изоглоси од кајларското огниште се движи по правецот Ј–С. Таков правец имаат западните изогласи на: вредностите *сав – сам* место старата гласовна група **sv̆ь* (*осамна*, 46), *цав* од **cv̆ь* (*цавти – цавте, цафток*, 47), *ца* м. **cě* (*цал, цана, цалина*, 48), *и* место сек.$ъ_2$ пред *н* (*огӣн*, 49), метатезата на консонантската група *зј* > *јз* (*гро̄јзе, лојзе*, 50), и од областа на граматиката изоглосите на: личната заменка *он* (*она, оно, они,* 51), енклитичната *гӣ* за акузатив множина (*гӣ виде децата*, 52), обликот *са* за 3 л. мн. на сегашното време од 'сум' (53), наставката *-м* во 1 л. едн. на сегашното време кај глаголите од *е-* и *и-*група (*носам, берам*, 54), потоа изоглосите на аористниот облик од 'сум' (*бидо – бидох, биде…*, 55), полниот перфект (*он е имал, они са имале – имали*, 56), перфективниот презент со повторливо значење (57), изведените девербативни глаголски образувања од типот *о̄твара* (58), избројаната множина на *-а* (*два, пе̄т, пе̄десе̄т динара, леба, вола*, 59), на предлозите *врз* (60), *у* место стариот

**vъ* (*Отиде у село, у гра̄т,* 61), удвојувањето на предлогот 'со' – *сос* (62), како и изоглосите на реченичните искази во кои кратките заменски форми не можат да стојат на почетокот (*Видо го̄ дете̄то, Реко му на дете̄то*, 63).

Сите овие изоглоси северно од Островското Езеро се собираат во еден сноп и комплетно одат преку мариовската област до Црна. Во долниот тек на реката Црна тие се составуваат со изоглосите од преспанското огниште и со нив продолжуваат по долината на Вардар до Скопската котлина.

Еден дел изоглоси од оваа група од Скопската котлина свртува на запад и преку полошката област излегува на западната јазична граница југозападно и северозападно од градот Тетово. Изоглосите на вредностите *сам* или *сӑм* м. **svь* (46), *цав – цӑв* м. **cvь* (47), *о̄гин* м. **ognь* (49), потоа на заменката *он* (51), глаголскиот облик *са* (53), наставката *-м* (54), предлогот *у* (61), бројната множина на *-а* (59) поминуваат јужно од Тетово, а изоглосите на метатезата на *зј* (50), глаголските имперфективни образувања од типот *о̄твара* (58) и на предлогот *врз* (60) одат северно од Тетово.

Пет изоглоси од овој сноп се одделуваат во Скопската котлина и источно од реката Лепенец продолжуваат преку јазичната граница на север. Таков правец имаат изоглосите на перфективниот презент (57), полниот перфект (56), аористната форма од 'сум' (55), постпозитивната употреба на кратките заменски форми (63) и удвојувањето на предлогот 'со' (62).

На североисток дивергира само изоглосата на вредноста *а* м. **ě* зад *ц* (48), која од основниот сноп се одделува во долниот тек на Црна, поминува малу посеверно од Штип и Кочани и продолжува преку Пијанец на бугарската територија.

10. Во говорите што се наоѓаат западно од разгледаниов изоглосен сноп место гласовните групи **svь* и **cvь* има вредност *су* (*осуна*, 46) и *цу* (*цӯт, цӯтит – цӯти*, 47); **ě* е заменето со *е* во сите позиции, значи и зад *ц* (*цело, цена*, 48). Место секундарното $ъ_2$ пред *н* има вокал од заден ред (*а* или *о* : *о̄ган, о̄гон*, 49). Метатезата на *зј* овие говори не ја познаваат (*лозје, гро̄зје,* 50). Како лична заменка за 3 л. се употребува *то̄ј* (51), а кратката акузативна множинска форма гласи *и* (*И виде децата*, 52). 3 л. мн. од 'сум' во сегашното време гласи *се* (53). Во врска со наставката во 1 л. едн. на презентот западните говори не се единствени. Во периферните говори од Шар па до Кајлар кај глаголите од *е-* и *и-* група наставката *-м* готово не се среќава (*носа, сеча,* 54). Во некои од овие говори таа ретко се среќава и кај глаголите од *а*-група (*вика, скака, игра*), па дури и кај некогашните атематски глаголи (*Да има̄ пари ќе тӣ да*, место *имам, дам*). На дијалектното пограничје веќе превладуваат примерите со *-м*. Треба да истакнеме дека наставката *-м* кај глаголите од *е-* и *и*-група отсуствува и во северните говори на целиот појас од Лепенец до Крива Паланка и Осоговската планина. Во сите западни говори во 3 л. на минатото неопределено време помошниот глагол се испушта (*Тој бил, тӣе биле, рекле*, 56), а перфективен презент во главната реченица воопшто не се употребува (57). Во изведените несвршени форми од глаголите од типот 'отвори' кореновиот вокал во овие говори не се редува (сп. *о̄твора, за̄твора*, спрема свршениот *о̄твори, за̄твори*, 58); предлогот *врз* не се употребува (60), *со* не се удвојува (62), а стариот предлог **vъ* се јавува во формите *в, во* (61). Кратките заменски форми овде можат да

стојат и на почетокот на реченицата (*Му рече на детето, Го викна детето*, 63).

Говорите во Западна Македонија ги сврзуваат уште две црти чии изоглоси влегуваат во кајларскиот сноп. Тие се предлогот *кон* (64) и деминутивниот суфикс *-уле* (*детуле*, *брадуле*, 65). Во Источна Македонија не се познати, или се пак сосема ретки, и двете особености. Изоглосите на овие две црти од Скопје одат на запад, првата (*кон*) поминува северно од Тетово, а втората (*-уле*) јужно.

11. Од кајларското огниште по правецот ЈЗ–СИ се изделуваат изоглосите на разносложниот парадигматичен акцент (66), фонемата *х* (67), формата *един* (негде *адин*, 68) и заменската партикула *-зе* во формите на личните заменки (*јазе, тизе, назе, вазе* итн. 69). Западната граница на фонемата *х* оди по линијата Воден – Штип – Кочани. Приближен правец има и границата на партикулата *зе*, додека изоглосата на обликот *един* (*адин*) оди малку поисточно (по линијата Воден – Гевгелија – Делчево). И овие изоглоси на делот меѓу Делчево и Кочани ја минуваат нашата јазична граница. Изоглосата пак на парадигматичниот акцент од Демир Капија продолжува по левата страна на Вардар и излегува на Скопска Црна Гора источно од Скопје. Говорите што се наоѓаат западно од означенава линија не ја познаваат фонемата *х*, како ни партикулата *зе* кај споменатите заменки. За сите нив карактеристичен е обликот *еден*.

12. Неколку изоглоси од кајларскиот терен одат кон северозапад. Во тој правец се одделуваат западните изоглоси на гласовната група *цре-* место старата група **črě-* (*цревo*, *црешна*, 70), презентската наставка *-ат* во 3 л. мн. (*носат, викат,* 71), аористно-имперфектната наставка за 3 л. мн. *-а* (*носеа, имаа, рекоа*, 72). По западната периферија место **črě-* има *чере- (черево, черешна*). Во тие говори 3 л. мн. на сегашното време завршува на *-ет* (*имает – имет, носет, сечет*; во костурските говори се губи наставката *-т*: (*име, носе*), а 3 л. мн. на минатото определено време завршува на *-е* (*викае, рекое*). Изоглосите на сите три појави имаат еден правец, одат паралелно и завршуваат северно од Дебар.

На овој дел од нашата територија може да се следи и границата меѓу девербативните глаголски образувања со суфиксот *-ва* / *-ви*, кои се карактеристични за костурско-леринското и преспанско-охридското говорно подрачје (*зборват – зборвит*, одн. *зборва – зборви*, 73) и образувањата на *-ува*, како и границата на губењето на *е*-група кај глаголите што им завршува основниот дел на консонант (*сечи – сечит, можи – можит*, 74). Изоглосата на втората особеност оди по правецот Островско Езеро – Прилеп – Кичево – Дебар (и малу посеверно), а на глаголските форми од типот *зборва – зборви* по правецот Островско Езеро – Бигла – Дебарца – Дебар.

13. Ново изоглосно огниште на јужната периферија наоѓаме во солунската област, поточно на просторот меѓу реката Вардар и Лагадинското Езеро (в. карта III).

Изоглосите од ова огниште се разидуваат во два правци. Една група оди источно од Солун и преку разлошкото говорно подрачје продолжува на бугарската јазична територија. Ваков правец имаат западните изоглоси на фонемата

ä место **ě* која може да се јави во неколку варијанти (*л'ät, мл'äко* – Сухо, Висока, *млäко* – Негован, Разлог, *б'ал, б'ел'и* – Гоцеделчевско, 75), вредноста *ă/а* место етимолошкото **ъ* во коренските слогови (*дăш* – во гоцеделчевскиот, лагадинските и серските говори, *даш, д'аска* – во разлошкиот, 76), прегласувањето на етимолошкото *а* во *ä*, *е* зад *ч, ж, ш (жäба* во Сухо, *жеби* – Негован, *ж'äл'ба, ш'ем'ар'* – во гоцеделчевскиот, *вуденичăр, уфчер'е* во разлошкиот говор, 77), потоа изоглосите на остатоците од старото мешање на носовките зад *ч, ж, ш* (*ч'ăс, ч'ăсто, ж'ăтва* во гоцеделчевскиот, *шăта, жăтва, жăден* – во разлошкиот говор, 78), полумекиот изговор на *ч, ж, ш* (*ж'аба, ч'ас*, 79), палатализацијата на тврдите согласки пред предните вокали (80), пазењето на интервокалното *х* (81), како и изоглосите на демонстративните заменски форми *тос* (*тус, тузи, тас, този*, 82) и *нос* (*нус, нози,* 83) и на девербативните глаголски образувања со суфиксот *-ова* (*купова*, 84). Западно од линијата Солун – Разлог **ě* е заменето, како што е познато, со *е* (со исклучок на говорот во Бобоштица и Дреновени, каде што под акцент има *ä*), а етимолошкото **ъ* со *о*; *ч, ж* и *ш* се тврди гласови и зад нив, особено зад *ж* и *ш*, не се врши прегласување на вокалот *а*[1]). Во говорите што се наоѓаат западно од Солун и Разлог пред предните вокали можат да се палатализираат само веларите *к* и *г* (*к'ишка, лаг'и*). Тие не ги познаваат образувањата со суфиксот *-ова*, како ни заменските форми *тос*, *нос* (со партикулата *-зи, -з*).

Приближно по правецот Солун – Струма се движи границата меѓу личната заменка за 3 лице *тој*, која е карактеристична за крајните источни говори, и *он*, којашто превладува во дијалектите на просторот Струма – Вардар (85).

14. Вториот изоглосен сноп од солунското огниште оди право на север по правецот Кукуш – Берово. Бројот на изоглосите овде е поголем, но поголемо е исто така и растојанието меѓу крајните линии во снопот. Оваа изоглосна група ја сочинуваат западните граници на вредноста *рă* место вокалното **ŗ* (*грăд* – Висока, *брăс*, *врăх* – Петрич, Благоевград, 86), промената на вокалот *о* во *е* во членската форма за машки род (*мажо* > *маже*, *коне*, *разбојо* > *разбое*, 87), како и на палаталното *ќ'* во *ќ* на крајот на зборот (*зеќ'* > *зеќ, паќ, г'оспоќ* – во благоевградскиот, разлошкиот, петричкиот, негованскиот говор, 88), замената на спирантите *с, ш* пред *ц, ч* во *х* (*мохче, глухци, махца, крухче, пухче* – во петричкиот, малешевските, серските, солунските говори, 89), како и на гласот *к* пред *ќ* (*нохќи, лахќи*, 90), потоа изоглосите на акцентските типови *жен'а - ж'ени // жен'ата – жен'ите* (91), *бр'ада – бр'ади // брад'ата – брад'ите* (92), *седл'о – с'едла // седл'ото – седл'ата* (93), *с'ело – с'ела // сел'ото – сел'ата* (94), *дар – д'арове // дар'о – даров'ето* (95), *вол – вол'ове // в'оло – волов'ето* (96), *гној – гној'а* (97), кај глаголите: *п'ека – пек'еш, д'ржа – држ'иш* (98), *п'екох – п'ече* (аорист) и *пек'ех – пек'еше* (имперфект, 99) и др. Споменативе акцентски типови се среќаваат до линијата Солун – Дојран – Виница – Крива Паланка. На запад од оваа линија настапува друг акцентски систем – парадигматичен и разносложен.

---

[1] Само во костурските говори можат да се сретнат примери со прегласено *а* во *е* и тоа главно во топономијата, сп. Брешчени. Како лексикализирана црта ја наоѓаме во зборот *чеша* (в. т. 6).

Во македонските дијалекти што се наоѓаат западно од линијата Солун – Малешево промените на *о* во *е* и на *т́* во *ќ* не се познати. Тие не ја познаваат ни вредноста *рă* место **ŕ*. Што се однесува пак до групите *с, ш* + *ц, ч* и на *кт*, во тие говори има шаренило. На едно прилично широко подрачје во Источна Македонија, на запад до Вардар и Црна, согласките *с*, *ш* пред *ц, ч* остануваат неизменети (*прасци*, *мосче*, *крушче*), или пак промена претрпела само групата *сч*, која се асимилирала во *шч* (*мошче*).

Знатен е овде и бројот на изоглосите на граматички особености. По правецот Солун – Берово поминуваат изоглосите на множинската наставка *-ета* (*телета*, 100), партиципската множинска наставка *-ли* (*били*, *дали*, 101), сложените глаголски форми образувани со перфектот од глаголот 'сум' и глаголската *л*-форма (*работил сам бил – бил сам работил*, 102), и соодветната форма за прекажување на идни настани *(ќе сам бил работил*, 103). До оваа граница се среќаваат и презентски форми без наставката *-м* во 1 л. ед. (*носа, сеча* – кај глаголите од *е-* и *и*-група, 104), како и три глаголски групи (*има* : *носи* : *пече*, 105).

На запад од оваа граница наставката *-ета* забележена е единствено во корчанскиот говор. Глаголската *л*-форма во множината завршува на *-ле* (*биле*). Споменативе сложени глаголски форми не се познати. На подрачјето меѓу Вардар и Малешевијата и на југ до Солунскиот Залив *-м* е генерална наставка во 1 л. ед. на сег. време кај сите глаголи. На просторот меѓу Крива Паланка, Осоговската планина, Беласица и Вардар *и*-група е разложена, така што тука има само две глаголски групи (*има*, *носе*, *сече*). Во повардарските говори од Градско до Солун и Островското Езеро има ново прегрупирање на глаголите (сп. 1. *има*, 2. *носиш, печиш* : *носе*, *пече*, итн.).

На овој дел се разграничуваат најпосле и заменските форми *ние*, *вие* // *ниа*, *виа* (105[а]), акузативните *и* // *ги* (106), *мен*, *тебе* // *мене*, *тебе* (107), предлозите *воф – фоф* // *у* (108) и сврзникот, одн. прилогот *като* // *како* (109). Првите особености се карактеристични за говорите што се наоѓаат на исток, а вторите за штипско-струмичките и долновардарските говори.

На ова подрачје имавме можност досега да ги разграничиме лексемите *башта* и *татко* (110).

Кон северниот дел од овој сноп се вклучуваат уште западните изоглоси на предлогот *воз* (*оди воз рекатa*, 111), на промената на гласот *к* зад палатална согласка во *ќ* (*мајка* > *маќа*, *сукал'ка* > *сукал'ќа*, 112). Овие црти ограничени се главно на малешевско-пиринското говорно подрачје и немаат некоја посебна важност при дистрибуцијата на изоглосите од разгледуваната група.

На северната страна сите приведениве изоглоси ја преминуваат нашата јазична граница и продолжуваат на север преку граничните бугарски дијалекти.

15. Втората голема група изоглоси, рековме, оди по правецот З–И или СИ. Нивното огниште се наоѓа во Северозападна Македонија, на просторот меѓу Шар Планина и Скопска Црна Гора (в. карта IV). Од шарпланинското или полошкото огниште изоглосите тргнуваат во две купчиња.

Изоглосите на фонемата *ă* место етимолошките **ъ* и **ь* (*дăн, дăш,* 113), замената на **vъ* со *у* (*улезе*, *унесе*, *у*, 114), општата замена на носовката **ǫ* со *у* (*рука*, *пут*, 115), множинската наставка *-е* кај именките што завршуваат во еднината на *-а (жене*, 116), глаголската наставка *-мо* (*имамо*, *носимо*, 117) и за-

менката *ѓа* (118) на полошкиот дел поминуваат јужно од градот Тетово и преку планината Жеден излегуваат во Скопската котлина.

Друга група изоглоси во вид на збиен изоглосен сноп поминува северно од Тетово, меѓу селата Лешок и Вратница. Таков правец имаат изоглосите на рефлексите *у* и *лă* место вокалното **ļ* (*вук, ȳуно, жу̇то*; *длăк, слăнце* – вториов кога се наоѓа *л* зад забно-венечна согласка, 119, 120), фонемата *њ* од старото **nj* пред предните вокали (*њива, њеѓа*, 121), прејотацијата на иницијалното *е* (*јеш, јелен*, 122), заменските форми *сваки, -а, -о* (123), *свакакăв, -ва, -во* (124), *њојзе* (125), *њојăн, -на, -но* (126), *њеѓа, коѓа, некоѓа, свакоѓа* (127), *ѓу* (акузатив женски род, 128), презентската наставка за 3 л. мн. *-в* (*ў* : *викав, викаў*, 129), генерализирањето на еден основен вокал во сите лица во сегашното време (*носи* : *носи-м, носи-в, сече* : *сече-м, сече-в,* 130) сврзникот *буди* (131), номиналниот суфикс *-оња* (132). Приближно по овој правец оди и изоглосата на протетичкото *в* во случаите од типот *вујко, вујна* (133). И овие изоглоси преку Дервенската клисура излегуваат во Скопско поле северно од градот Скопје, каде што се составуваат со изоглосите од првата група образувајќи на тој начин голем изоголосен сноп.

Кон овој сноп на скопскиот терен се приклучуваат уште петшеснаесет нови изоглоси: на фонемата *љ* како континуант на старото **l′* (*недеља, кључ, ȳоље*, 134) и на *љ* добиено по новото јотување (*зеље, коље*, 135), полузвучниот изговор на крајните звучни согласки (*ѓуб̑, суд̑*, 136), множинската наставка *-е* кај придавките од женски род (*зреле крушке, наше куќе*, 137), потоа изоглосите на заменско-придавската наставка *-оѓа* // *-еѓа* (*доброѓа, нашеѓа*, 138), аористните наставки *-смо* (139), *-сте* (*рекосмо, рекосте*, 140) и *-ше* (*рекоше*, 141), одушевените именски форми на *-а* (*уважше једноѓа ѓолуба, убише човека*, 142), предлозите *из* (*доаѓа из Скоȳје*, 143), *ȳроз* (*иде ȳроз њиву*, 144) и на именските суфикси: *-ача* (*вамȳирача*, 145), *-уша* (*водаруша, свињаруша*, 145[а]) и *-ињa* (*самоȳтињa*, 146). Изоглосите од последнава група по долината на Лепенец продолжуваат и на север и северозапад преку граничните српски дијалекти.

16. Сите овие три изоглосни групи низ скопската низина одат како голем изоглосен сноп, кој кај реката Пчиња источно од градот Скопје се распаѓа на два дела.

Еден дел од овие изоглоси одат на исток по долината на Крива Река сè до нејзиниот изворишен тек. Во тој правец се движат изоглосите на протетичкото *в* (133), палаталните *љ* (134) и *њ* (121), прејотацијата на почетното *е* (122), полузвучниот изговор на крајните звучни согласки (136), изоглосите на множинската наставка *-е* кај именките и придавките (116, 137), општата именска форма на *-а* кај одушевените именки (142), заменките *сваки* (123), *свакакăв* (124), аористно-имперфектните наставки *-смо* (139), *-сте* (140), *-ше* (141) и предлозите *ȳроз* (144) и *из* (143).

Во оваа група се вклучуваат потоа изоглосите на партиципската наставка *-ја* (*рекја, бија, дошаја*, 147), која е карактеристична само за кумановската говорна област, и на множинската наставка *-ики* (*ȳрасики, ȶелики*, 148), која се изделува (во западен правец) од изоглосниот сноп југоисточно од Скопје и преку Пореч излегува на планината Буковик.

Извесен број изоглоси од Пчиња свртува на југоисток. Тие поминуваат јужно од Св. Николе, откаде што пак скршнуваат на североисток и по долината на Злетовската Река излегуваат на македонско-бугарската јазична граница, каде што се составуваат повторно со изоглосите од криворечкиот сноп. На овој дел од македонската јазична територија поминуваат околу триесет изоглоси. Тие се изоглосите на: фонемата *ă* < *ъ, *ь (113), замената на носовката *ǫ, вокалното *ļ и гласовната група **vъ* во *у* (115, 119, 114), јотувањето на *лј* (135), изоглосите на заменските облици *њојзе* (125), *њојно* (126), *њеґа*, *ґа* (127), *ґу* (128), израмнувањето на презентската основа (130), множинските наставки *-мо* (117) и *-в* (129), сврзникот *буди* (141), номиналните суфикси *-ача* (145), *-уша* (145[а]), *-оња* (132) и *-иња* (146). Освен тоа во оваа група на разгледуваниов терен влегуваат уште и изоглосите на предлозите *уз* (150) и *више* (149), кои во западните говори се среќаваат до линијата Скопје – Буковик – Влаиница (*више*), одн. до линијата Велес – Брод – Кичево (*уз*).

Само две изоглоси од полошкото огниште поминуваат јужно од Скопје: на непрегласеното *а* во зборот *т̄рава* (151) и вредноста *а* место **ě* (зад *р*) во зборот *ора* (*орав*, *орах*), мн. *ораси* (152). И двете изоглоси одат заедно, најчесто се поклопуваат. Споменативе форми на југ се среќаваат приближно до линијата Тетово – Кавадарци – Радовиш – Кочани. Јужно од оваа линија **ra* > *ре*, како и **rě* : *т̄рева, орев* (*орех*).

17. Важна улога при дијалектната диференцијација на македонскиот јазик одиграле освен досега приведениве црти уште и рефлексите на носовката **ǫ* (153), сек. *ъ*$_2$ (154) и вокалните **ŗ* (155) и **ļ* (156). Меѓутоа, изоглосите на овие појави не влегуваат ниту во едно од споменативе четири огништа (в. карта V). Замените на овие особености важни се поради нивното влијание на фонемскиот систем на поодделни наши говори, особено на бројот на вокалните фонеми.

Основни рефлекси место носовката **ǫ* во македонските говори се *а*, *ă, о* и *у*. По периферијата има и широко *о* (*å*), односно широко *е* (*ä*). Вредноста *у* како општа појава ограничена е на северната дијалектна област и нејзината јужна изоглоса, видовме (т. 15), има правец З–И. Рефлексот *а* превладува во средишниот дел од македонската јазична територија. Неговата јужна изоглоса оди по правецот Охрид – Лерин – Демир Капија – Петрич и југоисточно од Разлог продолжува на бугарската јазична терија. Јужно од оваа линија **ǫ* > *ă* (*ръ̆ка, т̄ă̄т̄*), а по периферијата на мали пространства може да се сретне пак *а* (сп. *рака* во корчанскиот говор, во некои јужни костурски села и во лагадинското село Илинец). Западната изоглоса не излегува на западната јазична граница. Од Охрид продолжува на север и преку Караорман, Бистра, Буковик и Сува Гора излегува на Вардар кај Скопје. По западната периферија од Тетово до Костур се јавуваат наизменично рефлексите *ă* (Г. Полог, Дебарско, Струшко, градот Охрид со приезерските села, Преспа), *о* (Мала Река, Голо Брдо, Дримкол, Долна Преспа, Нестрам), *å*/*ǫ* (Река), *ä*/*å* (во неколку струшки села, на пр. Радожда). Вокалното /*ŗ*/ се јавува во северните, централните, штипско-струмичките и пијанечко-малешевските говори. Со други зборови, се шири на целата северна и централна територија северно од линијата Лерин - Демир Капија - Струмица. На исток изоглосата на оваа фонема оди нешто позападно од реката Струма на

правецот Петрич - Благоевград. Во сите други наши говори вокалноста на *ŕ е ликвидирана. Во говорите источно од линијата Солун – Беласица, видовме, место *ŕ има две вредности - *ăр* и *рă*. *ăр* е единствена замена и во говорите на појасот Солун – Костур и Преспа, потоа во охридско-преспанските говори, во Дебарско и Горни Полог. Во другите говори по западната периферија наоѓаме *ор*, поретко *ер* (*керст͡ш*), или *ӑр*, *ӓр* (*сӓрце*, Радожда) и *ар* (*карф* – во Бобоштица и во некои костурски села, на пр. Галишта).

На најголем дел од македонската територија ликвидирано е и вокалното *ĺ. Во северните говори тоа е заменето со *у* и во некои позиции со *лă* (в. т. 15). Во другите дијалекти имаме *ол* или *о* и *ăл* или *ă*. Првиов рефлекс превладува во Западна Македонија. Неговата источна изоглоса на делот од Преспанското Езеро до Скопје влегува во преспанскиот изоглосен сноп (Црна – Вардар). Западната граница претставува доста искршната линија. Покрај западната јазична граница има и *ăл* (Г. Полог, Струшко), во некои говори и *ал* (во корчанскиот говор, во некои костурски села и во дебарска Река), а во галичкиот говор се пази и слоговно *ĺ (*п̄д̨но*). Источно и јужно од линијата Преспа, Црна Река, Вардар и јужно од Свети Николе и Злетово *ĺ дало *ăл (жăлт͡шо*), а источно од Солун и Разлог во одредени позиции се среќава и *лă*. Во говорите што се наоѓаат северно од Преспа – Островското Езеро – Дојран – Разлог консонантскиот елемент подоцна се загубил, па имаме *ă (жăт͡шо*).

18. Сите излезни пунктови на изоглосите на дијалектно-диференцијалните особености се наоѓаат на северната јазична периферија.

Најголем број изоглоси се собираат во северниот дел на полошката област и во Осоговијата (в. карта VI). Во овие два пункта се сконцентрирани над деведесет проценти од целокупниот број на изоглосите. На просторот меѓу Шар Планина и Скопска Црна Гора (северен Полог) на растојание од 40–50 км. поминуваат околу седумдесет изоглоси. Половината од нив идат од југ и југозапад, од кајларското и преспанското огниште, а половината од северозапад.

Приближен број изоглоси (70–80) се слеваат и во вториот излезен пункт, меѓу Крива Паланка и Делчево. Најголемиот дел од оваа група го сочинуваат изоглосите од северното (полошкото) огниште. Втората голема група иде од малешевската област, и неколку изоглоси поминуваат овде од вардарско-црноречкиот сноп. Сите изоглоси од осоговскиот пункт продолжуваат преку јазичната граница на север и североисток (Ивић, 1957-1958 : 179 нт; 1958 : 35-44, 54 нт).

Десетина изоглоси, како што се истакна и порано, македонската јазична граница ја минуваат во горниот тек на Места, во разлошката област.

Големата концентрација на изоглосите на дијалектните разновидности во скопско-полошката и осоговско-пијанечката област се објаснува, како што се гледа од претходното излагање, со тоа што баш на овие два терена се среќаваат, вкрстуваат или разидуваат и изоглосните снопови што идат од крајниот југ (од грчко-македонската, одн. албанско-македонската јазична граница) и изоглосните групи што идат од северозапад (од македонско-албанската, одн. српско-албанската јазична граница).

19. Изоглосите од полошко-осоговскиот сноп на целото свое простирање низ македонската територија се движат доста компактно. Најтесен појас тие образуваат во Скопската котлина, или поточно северно од градот Скопје. Ширината на изоглосниот појас на овој дел се движи меѓу 5–10 км. Во полошката и овчеполската област изоглосите се нешто порастурени, но нивното растојание ни таму не е поголемо од 20–25 км. Со нашата северна јазична граница споменатиов сноп затвора еден дијалектен пејзаж чија должина во правецот З–И изнесува до 150 км., а ширината од 20 (минимална на скопскиот терен) до 60 (максимална на линијата Козјак – Свети Николе). Јазичните феномени чии јужни изоглоси го образуваат разгледуваниов изоглосен појас оваа дијалектна област ја сврзуваат со граничните српски призренско-јужноморавски дијалекти.

20. Од јужните изоглосни снопови најголем е по бројот на изоглосите вардарско-црноречкиот (карта VII). Него го сочинуваат повеќе од четириесет изоглосни линии. Голем број од овие изоглоси или се поклопуваат (на целиот правец од простирањето или само на еден дел) меѓу себе, или пак одат паралелно на мали растојанија. Најголема густина на изоглосите се забележува во долината на Вардар од Велес до Скопје. Колку што се оди јужно од Велес, односно северозападно од Скопје степенот на разведеноста на изоглосите станува сè поголем, така што на југозападната и северозападната јазична периферија овој единствен сноп се распаѓа на по неколку изоглосни групи (в. погоре). Ширината на изоглосниот појас кај Велес достигнува до 10 километри а кај Скопје и до 5–6 километри. На скопскиот терен, северно од гр. Скопје, изоглосите од овој сноп се мешаат со изоглосите од северниот (полошко-осоговскиот) сноп, така што тука се групираат околу 70–80 изоглоси. Овде е постигната најголема концентрација на изоглоси на македонската јазична територија, а тоа значи и најголема густина на изоглосите.

21. Вардарско-црноречкиот изоглосен сноп македонската јазична територија ја дели на два дела – западен и источен, одн. на западна и источна дијалектна област.

Изоглосите од овој сноп со западната јазична граница образуваат затворени линии, а целиот сноп сочинува еден доста широк изоглосен прстен. Тој прстен на изоглоси, кои на западната страна сите се поклопуваат, а на источната образуваат тесен појас, во Западна Македонија затвора прилично големо јазично пространство, чија максимална должина по правецот Скопје – Костур преминува 200 км., а максималната ширина во правецот Велес – Дебар изнесува околу 120 км. Оваа говорна област ја обединуваат повеќе од педесет дијалектни особености, коишто се јавуваат истовремено и како диференцијални црти по однос на македонските дијалекти што се наоѓаат источно од Вардар и Црна.

Меѓу тие јазични феномени има и такви што претставуваат остатоци од стари црти, како, на пример, пазењето на синтетичната дативна форма кај личните и роднинските имиња од машки и женски род (*Стојану, Мари – Маре*), или пазењето на наставката *-ѿ* во 3 л. едн. на сегашното време. Но поголемиот дел претставуваат иновации, коишто влегле наполно во структурата на

говорот и оформиле свои јасно оцртани ареи. И токму тие јазични особености на разгледуванава дијалектна област ѝ даваат посебно обележје, единственост по однос на другите области, па дури и оригиналност. Во редот на оваа група појави спаѓаат, на пример, вредностите *цу, су, sy*, место старите групи **сvь, *svь, **зvь*, замената на **ę* во **ǫ* зад *ј*, појавата на *ј* како протетички глас пред почетното **ǫ*, одн. неговите рефлекси, загубата на интервокалното *в*, промената на *х* во *в* (*ф*), членот *-ов*, и воопшто тројниот член, ген.-акуз. наставка *-та* кај личните и роднинските имиња од м. р. на *-е*, личната заменка *тој*, глаголскиот облик *се*, предлогот *кон*, суфиксот *-уле*, потоа посесивната служба на предлогот *од*, губењето на помошниот глагол во 3 л. на перфектот, појавата на конјугацијата со *има* како помошен глагол и конструкциите со глаголот *сум* и глаг. придавка, како и препозитивната употреба на кратките заменски форми (*Го виде Стојана, Му рече Стојану*). Сите овие јазични иновации се формирале од крајот на XII до почетокот, некои и до крајот на XVII век (Koneski, 1960 : 494; 1948 : 111-128). Во другите македонски дијалекти тие или не се среќаваат воопшто или пак се наоѓаат во почетната фаза од развојот, на пр., конструкциите од типот *е дојден* и *има дојдено*. Појавите од вторава група, од друга страна, укажуваат и за еден поособен историски развоен пат по кој оделе западните македонски говори, се разбира, не напуштајќи ја врската со другата македонска територија.

22. Во источните македонски говори процентот на архаизмите во однос на западните говори е нешто поголем. Сп. фонемата *х*, пазењето на интервокалното *в*, заменката *он*, помошниот глагол во сложените форми со 'сум', местото на кратките заменски форми во реченицата, местото на акцентот и др. Но не само тоа. Во тој дел од нашата територија и иновационите појави веќе не се типични македонски. Готово сите тие се среќаваат и во граничните српски и бугарски дијалекти. Така, на пример, промените на **сvь* и **svь* во *цав*, *сав – сам*, одн. *цӑв, сӑм*, измените во акцентското место, предлогот *у* м. **vъ*, удвојувањето на предлогот **sъ* (*сос, сӑс*), заменката *ѓи* и некои други, се среќаваат на поголемо пространство и на бугарската и на српската јазична територија. Протетичкото *в* (*ваѓлен*), аналитичкото искажување на дативниот однос кај заменките, изедначувањето на општата форма со номинативната кај личните имиња од машки род, предлозите *врз* и *през*, проширувањето на партикулите *-зе* / *-зи* и *-ка* во формите на личните заменки (*јазе, тизе, назе, вазе, јазека, тизека, менека, тебека*), аористната форма *бидох – бидех* и сложените глаголски облици од типот *работил сам бил, ќе сам бил работил* и др. имаат широки ареи кои зафаќаат и големи делови од бугарската јазична територија. Гледани од аспектот на македонскиот јазик ареите на овие јазични појави имаат дифузна распространетост и како такви се помалу интересни. Но тие можат да бидат особено корисни при утврдувањето на јазичните влијанија (Ивиќ, 1960-1961 : 81-103).

23. Погоре споменавме дека неколку изоглоси (на гласовните групи *чере – цре* < **črě-*, презентската наставка за 3 л. мн. *-ат* // *-ет* и аористната *-а* // *-е*) од кајларското огниште одат по западната јазична периферија. На просторот од Преспанското и Охридското Езеро до Шар Планина и Сува Гора оваа група се

зголемува уште со неколку „локални“ изоглоси. По правецот Галичица – Караорман – Бистра – Буковик – Сува Гора одат западните изоглоси на рефлексот *а* место носовката **ǫ* (*рака*, 157) и секундарното *ъ*$_2$ (*маг̄ла*, 158), вокалното **r̥* (*п̄рво, ср̥це*, 159). Нешто малу позападно (западно од Кичево и Охрид) поминува и источната изоглоса на заменката *мие* (160), а поисточно изоглосата на веларното *л* место старото меко **l′* (*недела*, 161). Наместа во оваа група се вмешува и западната изоглоса на вредноста *ол* место **l̥* (*п̄олно*). Овие десетина изоглоси од западната дијалектна област одделуваат еден тесен говорен појас. На тој појас посебно обележје му даваат уште ред локални црти.

24. Изоглосите од солунското огниште со двата свои снопа – малешевскиот и лагадинско-разлошкиот – источната дијалектна област ја разбиваат на три дела во правецот Ј–С. Изоглосите пак на вредноста *а*//*ă* место **ǫ* и *ъ*$_2$, вокалното *р̥*//*ăр*, фонемата *ă*//*ăл* место **l̥*, потоа изоглосите на силната редукција на неакцентираните вокали и на заменските облици *ма, т̄а, са* (*мạ, т̄ạ, сạ*) по правецот ЈЗ–СИ неа ја делат на два нерамни дела.

25. Изоглосите на рефлексите на носовката **ǫ* и *ъ*$_2$, вокалните **l̥* и **r̥*, потоа секундарно назалираното *а* (сп. *снаг̄а* : *сног̄а* : *снăг̄а*) и уште некои други локални особености на повеќе делови ја расчленуваат и нашата западна периферија на целиот појас од Шар Планина до Грамос. И на овој терен изоглосите на споменативе црти имаат правец З–И.

26. Врз основа на изложениве дијалектни разновидности и распоредот на нивните изоглоси ние веќе можеме да ги набележиме најважните дијалектни групи и нивните граници (карта VIII).

На македонската јазична територија јасно се оцртуваат три основни дијалектни групи или наречја: 1. *зап̄адномакедонско*, 2. *ист̄очномакедонско** и 3. *северномакедонско наречје*. Границите меѓу овие наречја ги означуваат најголемите, најбројните со изоглоси снопови. Вардарско-црноречкиот сноп ја означува дијалектната граница меѓу западното и источното наречје, а полошко-осоговскиот сноп ја обележува границата меѓу овие две наречја и северното. На пограничјето меѓу основните дијалектни групи останува по еден говорен појас со разна ширина, каде што поминуваат изоглосите на дијалектните особености. Овие меѓудијалектни простори ги репрезентираат т.н. преодни говори. Меѓу источното и западното наречје како преодни говори ни се претставуваат костурско-леринските и мариовско-тиквешките, односно говорите што се наоѓаат во триаголникот меѓу преспанското и кајларското огниште и Велес, каде што се збираат сите изоглоси од овие две огништа во еден густ изоглосен сноп. Најголемото растојание на оваа преодна дијалектна област изнесува до 80 километри (на делот меѓу Преспанското и Островското Езеро).

Преодниот дијалектен појас во Северна Македонија е најтесен на скопскиот терен (изнесува и до пет километри), а најширок во Полог и во Овчеполието.

---

* Сп. ја фуснотата на стр. 65.

27. Во границите на источното наречје можат да се изделат четири помали говорни целости: 1. *штипско-струмички дијалект*, 2. *долновардарски*, 3. *малешевско-пиринski* и 4. *серско-лагадински дијалект*. Источната граница на штипско-струмичкиот и долновардарскиот дијалект ја означува малешевскиот изоглосен сноп, а границата меѓу малешевско-пиринскиот дијалект и серско-лагадинскиот, каде што спаѓаат и разлошкиот и гоцеделчевскиот (неврокопскиот) говор, набележена е од лагадинско-разлошката изоглосна група. Долновардарскиот дијалект ја исполнува областа меѓу солунското и кајларското огниште, а неговата граница спрема штипско-струмичкиот дијалект ја означуваат изоглосите што одат по правецот Кожуф – Беласица (рефлексот *а*//*ă* м. **ǫ*, итн., в. т. 24).

28. Четири до пет дијалектни индивидуалности можат да се изделат и во границите на западното наречје. Една целост образуваат говорите меѓу вардарско-црноречкиот сноп и изоглосната група што оди по правецот Галичица – Бистра – Сува Гора. Овие говори во литературата се познати под називот *централни говори* (1. *централен дијалект*). Посебни говорни индивидуалности потоа претставуваат говорите во Охридско и Преспанско (2. *охридско-преспански дијалект*), дебарските говори (3. *дебарски дијалект*), кои понатаму можат да се поделат на две-три помали групи, и 4. *горнополошкиот* (гостиварскиот) *говор*. Границите меѓу овие дијалекти ги одредуваат изоглосите на рефлексите на **ǫ*, *ъ*$_2$, секундарно назализираното *а* и вокалните **ŗ* и **ļ*.

Со ова ние ги набележивме само основните наречја и дијалекти на македонскиот јазик. Дефинитивно решение на проблемот за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик и класификацијата на неговите говори ќе даде македонскиот лингвистички (дијалектолошки) атлас.

1962


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Скопје
Велес
Прилеп
Битола
Охрид
Струга
Кичево
Гостивар
Тетово
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Злетово
Кочани
Штип
Радовиш
Неготино
Кавадарци
Гевгелија
Дојран
Струмица
Петрич
Делчево
Берово
Пехчево
Благоевград (Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Сандански (Св.Врач)
Мелник
Гоце Делчев (Неврокоп)
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумениџе
Ениџе-Вардар
Солун
Воден
Островo
Негуш
Бер
Кајлар
Костур
Корча
Ресен
Дебар
Брод
Св.Николе
Табановце
17
12-3,9,11,13,15
22-27
28-32
33-41
42-45
1-45
3,4,6-8,12,16,18,19
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА I


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Скопје
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Тетово
Гостивар
Св.Николе
Велес
Кочани
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Пехчево
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Радовиш
Струмица
Петрич
Дебар
Кичево
Брод
Прилеп
Неготино
Кавадарци
Валовиште
Драма
Сересе
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Гевгелија
Дојран
Кукуш
Гумендже
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Енидже-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Костур
Кајлар
Бер
Грција
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА II


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Благоевград (Г.Џумаја)
Тетово
Скопје
Кочани
Радовиш
Гостивар
Велес
Штип
Св.Николе
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Прилеп
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Струмица
Петрич
Сандански (Св.Врач)
Мелник
Разлог
Банско
Гевгелија
Дојран
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Сухо
Еницe-Вардар
Солун
Лерин
Острово
Воден
Негуш
Бор
Кайлар
Костур
Корча
Вардар
Струма
Црна Река
Брегалница
Пчиња
Треска
Радика
Бистрица
85-112
75-84
75-112
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА III


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Злетово
Скопје
Тетово
Гостивар
Св.Николе
Кочани
Делчево
Благоевград (Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Пехчево
Берово
Гоце Делчев (Неврокоп)
Сандански (Св.Врач)
Мелник
Петрич
Струмица
Радовиш
Штип
Велес
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Прилеп
Валовиште
Драма
Серез
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Гевгелија
Дојран
Кукуш
Гумендже
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Ениџе-Вардар
Солун
Негуш
Бер
Костур
Кајлар
Корча
119-133
134-146
140
116,118,121-124,133
134,136-144,147,148
113-118
148
149,150
151,152
113-115,117,119,
125,132-135,145,
146-149,150-152
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА IV


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Благоевград
(Г.Цумаја)
Делчево
Разлог
Банско
Кочани
Св.Николе
Скопје
Тетово
Гостивар
Велес
Штип
Радовиш
Пехчево
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санданski
(Св.Врач)
Неготино
Кавадарци
Струмица
Дебар
Кичево
Брод
Прилеп
Валовиште
Драма
Сер
Охрид
Ресен
Битола
Гевгелија
Дојран
Серез
Кукуш
Гумендже
Сухо
Лагадина
Острово
Водени
Енидже-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Костур
Кајлар
Бер
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА V


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Дебар
Брод
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Злетово
Кочани
Св.Николе
Велес
Штип
Радовиш
Неготино
Кавадарци
Прилеп
Битола
Ресен
Охрид
Струга
Струмица
Петрич
Сандански (Св.Врач)
Мелник
Разлог
Банско
Благоевград (Г.Џумаја)
Гоце Делчев (Неврокоп)
Берово
Пехчево
Делчево
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Гумениџе
Ениџе-Вардар
Воден
Островo
Лерин
Негуш
Бор
Кајлар
Костур
Корча
Кукуш
Солун
Лагадина
1-13,15-21,33-47
49-51,53-64,113-152
22-32,48,66-69
85-119,121-152
148
149-150
46-51, 53-69
85-112
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА VI


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Благоевград
(Г.Џумаја)
Тетово
Скопје
Кочани
Неврокоп
Разлог
Банско
Св.Николе
Пехчево
Гостивар
Велес
Штип
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Радовиш
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Струмица
Петрич
Прилеп
Валовиште
Драма
Гевгелија
Дојран
Струга
Охрид
Серез
Ресен
Битола
Кукуш
Гумениџе
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Енидже-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Костур
Кајлар
Бер
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ИЗОГЛОСИ

КАРТА VII


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Штип
Кочани
Велчево
Благоевград (Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев (Неврокоп)
Сандански (Св.Врач)
Мелник
Петрич
Струмица
Радовиш
Неготино
Кавадарци
Прилеп
Тетово
Скопје
Гостивар
Дебар
Кичево
Брод
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Демир Хисар
Берово
Пехчево
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Гумениџе
Кукуш
Сухо
Лагадина
Солун
Енидже-Вардар
Воден
Острово
Лерин
Негуш
Бер
Костур
Корча
Кајлар
1
2
3
4
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА
ГОВОРНА ГРАНИЦА

КАРТА VIII

7. ПРОБЛЕМИ НА МЕЃУДИЈАЛЕКТНИОТ КОНТАКТ ВО ПРЕОДНИ ГОВОРНИ ОБЛАСТИ

1. Во дијалектолошката литература добро е познато дека меѓу два дијалекта или две наречја на еден ист јазик, како и меѓу дијалектите на два соседни сродни јазика нема многу остри граници. Меѓу нив има еден појас кој може да биде потесен или поширок, во зависност од ред околности, каде што се среќаваат дијалектни особености и од двата соседни дијалекта, а на јазичните пограничја и особености од двата гранични јазика или нивните гранични дијалекти (Аванесов, 1949 : 202 нт; Šerech, 1953 : 45; Bělič, 1963 : 135 нт). На тој простор се разграничуваат голем број дијалектни диференцијални црти карактеристични за граничните области, па поради тоа тука се среќава и најгуста мрежа на изоглоси. Таквите дијалектни области познати се под називот „преодни", а говорите од таков вид се викаат „преодни" говори (Белић, 1905 : 26).

Но покрај овој вид особености во преодните области се среќаваат и бројни иновациони црти кои не се јавуваат ниту во еден од околните дијалекти. Со тие иновациони појави преодните области се изделуваат како посебни територијални говорни инидивидуалности и им се противставуваат на граничните дијалекти.

Иновационите појави во преодните дијалекти се од два вида. Едни се јавиле, како и во секоја друга територијална говорна единица, како резултат на внатрешните фактори што делуваат во процесот на стабилизацијата на фонолошкиот систем и граматичката структура на односниот дијалект. Други се предизвикани од различни надворешни фактори. Меѓу последниве посебно се изделува онаа група диференцијални особености што настанале како последица на меѓудијалектниот контакт.

Во понатамошното излагање ќе укажеме на некои од покарактеристичните иновациони особености на два типа преодни говори во Македонија – во северните говори, кои со граничните српски и делумно со граничните бугарски дијалекти сочинуваат една преодна меѓујазична зона, и во преодните говори меѓу двете основни македонски наречја – источното и западното.

2. Преодните дијалекти меѓу македонскиот и српскиот јазик зафаќаат еден доста широк ареал на целото денешно јазично пограничје од границата со Албанија па до македонско-бугарската граница на исток. Во тој ареал влегуваат сите северни македонски говори: долнополошкиот, скопско-црногорскиот, кумановскиот, кратовско-овчеполскиот и кривопаланечкиот, а на српската јазична територија: говорите во Призренско заедно со ѓаковичкиот, јужните косовски говори, потоа говорите по долината на Јужна Морава до Стубал и во горниот тек на реката Пчиња. На источната страна со оваа говорна област се разграничуваат бугарските дијалекти во Босилградско, Каменица, Ќустен-

дилско Краиште и Пијанец. Овој географски регион го исполнуваат пространи планински масиви – Шар Планина, Скопска Црна Гора, Руен, Козјак и Осогово.

Во јазичен поглед споменатата област е доста уедначена. Лингвистичка граница меѓу македонската и српската јазична територија скоро и не постои. И до колку зборуваме за јазична граница во овој регион, мислиме за граница на сферите на двата литературни јазика – македонскиот и српскиот. Тука се разграничуваат сферата во која се употребува македонскиот литературен јазик и сферата каде што се употребува српскиот литературен јазик. Границата на тие две сфери е истовремено и етничка граница, а денеска и државна граница меѓу Р. Македонија и СР Југославија. – На источната страна овие две сфери се разграничуваат од сферата во која се употребува бугарскиот литературен јазик. На македонско-бугарското пограничје јазичната (литературна) сфера се поклопува со етничката и државната граница меѓу Р. Македонија и Р. Бугарија, а на српско-бугарското пограничје јазичната граница, која е истовремено и етничка граница, не се поклопува со државната граница.

3. Дијалектните особености што ги обединуваат сите споменативе преодни говори во една целина во зависност од нивниот однос кон околните јазици и дијалекти можеме да ги поделиме на три групи.

Една голема група дијалектни особености преодните говори ги поврзуваат со другите штокавски дијалекти на српската јазична територија. Меѓу покарактеристичните од нив спаѓаат: изедначувањето на континуантите на *ъ и *ь во јака позиција: *сăн, дăн*; развојот на почетните **vъ* и **vь* во *у* : *унук*, *удовăц*, *унутре*, *улезе*; замената на **ǫ* со *у* : *рука, пут, у руку, иду, њу*; пазењето на палаталните *љ* и *њ*: *поље, њега*, *њива*; пазењето на непрегласеното *а* во *трава* и замената на **ě* со *а* во *ора - ораси* и *сваки*; замената на **jěd-* со *јед-* (*једе*); доследната замена на прасловенските палатални **t′*, **d′* < **tj*, **dj* со *ќ* – *ѓ*: *воќка, леѓа, обуќе, меѓњик* / *мед′њик, суѓенице*; јотувањето на **lьj* во *љ*: *зеље, коље*. Од областа на морфологијата преодните говори со штокавското наречје ги сврзуваат: множинската наставка *-е* кај именките на *-а* : *жене*; личната заменка *он*; заменско-придавските наставки *-га*, *-ога* : *њега, свакога, доброга*; глаголските морфеми: *-мо* во 1 л. на презентот: *викамо*, и *-ше* во 3 л. мн. на аористот: *рекоше*; потоа предлозите *из* и *уз*: *из Врање*, *иде уз реку*, и неколку суфиксни именски морфеми: *-ић* (< **-itjь*): *петлић, -оћа* (< **-otja*): *чистоћа*, *-ља* : *пикаља*, *-уља* : *магаруља*, *побегуља*, *-ача* : *вампирача*, *-уша* : *водаруша, овчаруша* и др.

Некои од приведениве особености претставуваат архаизми (сп. фонемите *љ*, *њ*, предлозите *из*, *уз*, аористната наставка *-ше*, споменатите именски суфикси), но повеќето се иновации што настанале на српската јазична територија, каде што се наоѓа и нивното иновационо огниште. Нивните јужни изоглоси ја преминуваат денешната српско-македонска јазична граница, а добар дел од нив на исток навлегуваат и на бугарската јазична територија на правецот Трн – Берковица и натаму (Ивић, 1956 : 14; 1957-1958 : 179 нт.). Јужната граница на повеќето од овие црти на македонскиот терен образуваат еден изоглосен сноп кој оди приближно по правецот Тетово – Скопје – Крива Река до Крива Паланка и бугарската граница. Една помала група изоглоси допира и до Свети Николе и Пробиштип. По таков начин во северна Македонија, но јужно од денешната српско-македонска јазична граница, се оформил густ изоглосен

сноп што јасно ја разграничува преодната дијалектна област од другите две македонски наречја. Надвор од тој сноп остануваат само неколку изоглоси: на фонетските разновидности *тр̄ава* и *ора*, наставката *-оќа* и предлогот *уз*. Предлогот *уз* во оваа форма се употребува уште и во Полог, во поречкиот говор, спорадично и во велешкиот. Исто така јужно од линијата Скопје – Велес – Штип поминуваат и изоглосите на формите *тр̄ава* и *ора*. Најдлабоко на македонската јазична територија продреле предлогот *у* (< **vъ*), заменката *он* и фонемите *ќ* – *ѓ́* место прасловенските **t′*, **d′* во одделни лексички единици. Нив ги наоѓаме во сите привардарски говори сè до Солунскиот Залив, а примери со *ќ* – *ѓ́* дури и на поширок ареал[1].

4. Втората група ја претставуваат дијалектни особености што ги поврзуваат преодните дијалекти со македонската јазична територија. Како потипични македонизми во преодните говори се сметаат: фонетскиот облик на глаголската морфема *-на-* (< **-nǫ*): *п̄адна, п̄аднале*; испуштањето на вокалите во проклитиките пред збор што почнува со вокал: *се изми* > *с-изми, ме изеде* > *м-изеде, да умре* > *д-умре*; појавата на протетичко *j* пред почетното *у* < **ǫ* : *јуже, јут̄ак, јузăл*; испуштањето на крајните *т̄, д* во група со фрикативните *с, з, ш, ж*: *пост̄* > *п̄ос*, *вешт̄* > *веш*, *гр̄озд* > *гр̄оз* / *гр̄ос, дăжд* > *дăж/ш;* обезвучувањето на крајните звучни консонанти; тврдиот изговор на *л*; и од морфологијата: заменските клитики *не, ве*, формите *са* во 3 л. мн. од 'сум', и *биде*, глаголските морфеми: *-(х)мо* во 1 л. мн. на аористот и имперфектот, *-еќи* во глаголскиот прилог: *седееќи,* губењето на родовата диференцијација во множината на партиципот: *биле, рекле;* испуштањето на помошниот глагол во 3. л. на перфектот: *Он ми казаја дека рип̄наја от̄ кола*; одделувањето на партикулата *не* од глаголот со заменски енклитики: *Не ми збори, Не се љут̄и на мене*, и др.

Огништето на оваа група особености се наоѓа на македонската територија. На север тие го преминуваат македонскиот јазичен ареал и се јавуваат во помала или поголема мера готово во сите гранични српски дијалекти. Сп.: *д-иде, дваес, рекомо, бидем, ќе дам, чекајќи* (Гњилане) (Barjaktarević, 1965 : 58 нт.), *ќе д-иде, п̄рс, цврс, п̄риш, не, ве, т̄ресомо, знајеќи* (Врање) (Барјактаревић, 1965 : 36 нт.), *бивол, п̄рос, п̄едесе, дошле, не ми казуј* (Бујановац) (Барјактаревић, 1966 : 180), *мос, п̄аднале, са* (Ѓаковица) (Стевановић, 1950 : 133 нт.). Северните изоглоси на повеќето од приведениве особености допираат приближно до линијата Ѓаковица – Гњилане – Стубал – Крива Феја. Тука тие се вклопиле во изоглосниот сноп на оние појави чиј центар се наоѓа во преодната зона (в. т. 6). Нешто посеверно од споменатава линија навлегле само неколку особености. Примери со елизија на вокалите и со загубени *т̄, д* на апсолутниот крај можат да се сретнат и во косовско-ресавските говори (Ивић, 1956 : 100). Во нив не се непознати и заменските форми *не, ве* и наставката *-(х)мо*.

[1] Примери со *ќ* - *ѓ́* < **tj, *dj* превладуваат во централните, штипско-струмичките и тиквешко-мариовските говори. Во западните периферни говори и во крајните источни дијалекти нивниот број се смалува; таму се јавуваат само во по неколку лексеми (*куќа, ќе*). Во југозападна Македонија единствено нив ги нема во Корчанско и во југозападните костурски села.

5. Граничните српски говори со македонската јазична територија уште повеќе ги поврзуваат т.н. балканизми, како што се: губењето на квантитативните разлики на вокалите и на нивните интонациски опозиции, аналитичкиот начин на искажување на падежните односи, аналитичката компарација, губењето на инфинитивот, образувањето на глаголските конструкции со партикулата *ќе*, удвојувањето на објектот и др. Меѓутоа, овие црти немаат поголема важност за одредување на дијалектните односи во преодните области.

6. Третата група особености во преодните говори ја сочинуваат дијалектните иновации што ги обединуваат тие говори, а истовремено нив ги диференцираат од сите околни дијалекти на сите три гранични јазични територии. Тие црти се развиле на овој терен и станале дијалектна карактеристика само на јазичното пограничје. Во таа група спаѓаат: широкиот изговор на акцентираните *е, о (ɛ, ɔ): лɛ̄то, сɛ̄но, лɛ̄жи – кɔ̄са, мɔ̄же, рɔ̄са* (Белић, 1911); фонемата *ӑ* како континуант на прасловенските **ъ, *ь* и секундарниот $ъ_2$ во сите позиции: *дӑж, сӑн, пе̄тӑк – дӑн, лӑн, пӑс, венӑц, – мӑгла, ве̄тӑр, осӑм, огāӑн*; фонетската измена на *у* во *в* во 3 л. мн. на презентот: *викаy > викав*; замената на вокалното **ļ* зад дентално-алвеоларен глас со *лу* : *длугō, слуза, слунце, тлуче*; вметнувањето на *в* и *ј* меѓу две самогласки: *тавук, тавун, снава* или *снаја*; силната палатализација на *л* и *н* пред предните вокали, особено пред *и*: *бељи, мољи, сољи, – брањи, пуњи, цењи*; континуиран ареал на јазичното пограничје имаат и резултатите од измените на консонантските групи: *мј > мњ*: *земња, ламња, мн > мл*: *млогō, тм > тн*: *отне, зм > зн*: *узне, ќњ-ѓњ > ћ′њ-д′њ*: *вот′њак, гат′њик, свет′њик, кут′њи, мед′њик* покрај *меѓњик, зј > јз*: *грōјзе, лōјзе,* како и групите *с, з + љ, њ > ш, ж + љ, њ*: *јешљив, рушњак, ижљуби, прикажња*. Широко е распространета во преодните говори непостојаноста на крајните вокали кога тие не вршат морфолошка функција, сп. *дек – дека, отуд – отуда, одовут – одовуда, оздол – оздола, озгōр – озгōра, сāк – сāга, тāк – тāга, кāт – кāда, топрв – топрва, истин – истина, тој – тоја, нек – нека, дом – дома, овам – овамо, там – тамо, как – како, полāк – полāко, укол – уколо, још – јоште, дур – дури, свак – сваки, позат – позади* и др. Значителен е и бројот на дијалектните карактеристики од областа на морфологијата. Како специфични за ова подрачје се јавуваат: множинската наставка *-ики* кај именките од среден род на *-е* : *пилики, телики*; заменските форми: *њума, њојзе, њија*, и кратките: *ву* за датив ж.р. и *гу* за акузатив; заменските партикули со *з, ј* во заменските облици и кај прилозите: *њојзе, њума, њумај, њија, свакој, свакоја, овуј, туј, онуј, овеј, теј, онеј, овија*, и др.; кај глаголите од *е-/и*-група во 1 л. едн. на презентот како наставка се оформила *-у* (континуант на **ǫ*): *носу/ношу, беру, иду, сечу*; во 3 л. мн. на презентот се генерализирала единствена наставка *-в* (*ў*): *викав, носив, берев*; во имперфектот наставката *-ше* од 2 и 3 л. едн. се пренесла и во 1 л.: *ја носеше, ја викаше*, а во јужноморавскиот и скопскоцрногорскиот говор таа се пренесла и во множинските облици: *носешемо, носешете, носешев*. На доста пространа ареал од оваа дијалектно подрачје се оформила нова партиципска наставка за машки род: *рекја – рекаја* (: *рекла, рекло*), *викаја, носија, браја, седеја*. Како дијалектна диференцијална особеност на

односниов терен се јавуваат и глаголските конструкции со формите на глаголот **хоtěti* : *теше да иде, теја да иде* и др.

Сите дијалектни особености од оваа група се иновации и нивното огниште се наоѓа на овој терен, на некои можеби дури и на самото денешно јазично пограничје. Оттука тие се шириле во сите правци. На југ, на македонската територија најдалеку допреле до Тетово, Скопје, Свети Николе и Кратово. Нешто малу посеверно од оваа линија останува само изоглосата на партицписката наставка *-ја*, која оди по правецот: Студена Бара – Орашац – Крива Река. Северните нивни граници допираат приближно до линијата Ѓаковица – Гњилане - Стубал (над Врање) – Крива Феја. На тој правец се образува еден нов изоглосен сноп. Надвор од тој сноп остануваат само неколку изоглоси: на фонемата *ă*, подвижните вокали, метатезата на *зј*. Овие особености се јавуваат и значително по на север од споменатава граница. Фонемата *ă* и подвижните вокали познати се во целата јужноморавска говорна област, во тимочко-лужничкиот дијалект и на еден широк појас на бугарското пограничје на правецот Трн – Берковица (Тодоров, 1936 : 201). Изменета на *зј* во *јз* ја познаваат и косовско-ресавските дијалекти (Ивић, 1956 : 100). Северната изоглоса на наставката *-у* во презентот оди нешто појужно од главниот изоглосен сноп. Во врањскиот говор спрема констатацијата на Барјактаревиќ пообични се презентските форми на *-м*: *носим* (Барјактаревић, 1965 : 41), а во говорот на Гњилане тие се и единствени во употреба, сп. *берем*, *бричим* (Mulaku – Bardhi, 1974 : 93). Наставката *-иќи*, која Белиќ ја забележил во врањскиот говор (Белић, 1905 : 366), во Гњилане Барјактаревиќ не ја наоѓа. Таму е во употреба наставката *-ета* со варијантата *-ети* : *момчета – момчети* (Барјактаревић, 1966 : 200). – На источната страна северните и јужните изоглоси се затвораат на пограничјето со бугарскиот јазик. Само неколку изоглоси ја минуваат јазичната граница. Силната палатализација на *л* и *н* ја познава и ќустендилскиот говор, сп. *кољиба, бељим, цањим* (Умленски, 1865 : 39). Во одделни случаи таму се јавува и хијатско *в*: *дува*, *ојд'ова*, *донес'ова* (Умленски, 1865 : 39). Во Краиште и Пијанец се чести и имперфектни форми со *-ше* : *раб'отешеа* (Умленски, 1865 : 109). Источната изоглоса на заменката *ву* ја зафаќа целата западна периферија на ќустендилскиот говор – Краиште, Каменица и Пијанец. Изоглосите на другите црти се сврзуваат западно од јазичната граница на просторот меѓу Крива Река (кај Крива Паланка) и Горна Пчиња. – На запад повеќе изоглоси одат сѐ до албанската граница. Во говорот на Ѓаковица М. Стевановиќ приведува примери од типот: *дăн, сăн, седăм, оґăн, слунце, снаје, стреје, даљеко, стољица, млоґо, пантти, лојзе, ґу, они имав, бија* (Стевановић, 1950). Готово сите овие црти констатирани се и во говорот на Сретечка Жупа, сп. *дăш, тавук, слуза, жењи, пантти, отне, коњшија, змичики, ву, ґу* (Павловић, 1939). Но во овие два говора веќе не се јавува наставката *-у* во 1 л. на презентот или е сосема ретка. Во сретечкиот не се познати ни наставките *-в* и *-ја*. Нивните изоглоси остануваат нешто поисточно од територијата на споменативе два говора. – Изоглосите на дијалектно-диференцијалните црти од оваа група претставуваат затворени линии. Тие линии на пограничјето со другите македонски дијалекти, како што видовме, се собираат во еден изоглосен сноп, во кој се слеваат исто така и јужните изоглоси на особеностите што доаѓаат од север (в. т. 3). Најголема концентрација на изоглоси наоѓаме

особено на правецот Скопје – Тетово – Призрен, каде што се разграничуваат преодните говори со западното македонско наречје. На тој простор во изоглосниот сноп се вклопуваат и изоглосите на диференцијалните црти меѓу западното и источното наречје. По тој начин тука се слеваат близу стотина изоглоси на различни дијалектни диференцијални особености – фонетски, граматички, зборообразувачки и лексички. Источно од Скопје, на пограничјето меѓу преодната зона и источното наречје изоглосите одат нешто поразредено, особено на просторот меѓу Куманово и Штип. Тие се расипуваат во две групи од кои едната оди по правецот Скопје – Пчиња – Крива Река, а втората по превецот Скопје – Свети Николе – Пробиштип – Кратово. Така порастурени тие одат готово до линијата Кратово – Крива Паланка, каде што се собираат пак во една погуста група на пограничјето со бугарската јазична територија. Поразредено овие изоглоси одат и на српската страна. Таму значително се смалува и бројот на диференцијалните црти меѓу преодните и другите српски дијалекти, а со тоа се намалува и густината на мрежата на изоглоси. Меѓутоа, и на оваа страна изоглосите на иновационите појави одат заедно со изоглосите на оние особености што се дојдени од југ и се обележени како македонизми.

7. Во преодната меѓујазична зона покрај погоре споменатите наоѓаме уште два вида иновациони појави.

Едни од нив се јавуваат во поодделни локални говори на преодната зона. Тој вид иновации формираат по периферијата на преодната област нови микроиновациони огништа и со тоа го нарушуваат дијалектното единство на областа. Во оваа група иновации би дошла, на пример, измената на краесложното веларно *л* во *в* во говорот на Сретечка Жупа, сп. *дал* > *дав* : *дала*, *стол* > *стов*, *столче* > *стовче* (Павловиќ, 1939 : 80). Во горанскиот говор *в* се обезвучува на крајот и пред безвучна согласка: *бил* > *биф*, *кăлк* > *кăфк*, но *сăвза*. – Во горанскиот торбешки говор, сосема периферен, како негови сопствени иновации се јавуваат прегласувањето на *о* во *у* пред загубен консонант, сп. *чуек, гуедар, куач, суел'ка, туар, пуас*, како и измената на крајното палатално *т'* во *ќ*: *зеќ, теќ, клеќ* и др. – Во јужниот појас на преодната област вокалното **ļ* зад дентално-алвеоларните консонанти се заменило со *лă* : *длăго, длăжан, слăба, слăза, тлăче - клăче*. На другата територија од оваа зона, како што веќе споменавме, во оваа позиција **ļ* > *лу* додека на јужното пограничје има *ол* (во тетовскиот), *ăл* (во скопските) или *ă* (во штипско-кочанските).

8. Поголема диференцијација во самата зона создаваат некои појави предизвикани од една иста причина, но различно реализирани во поодделни локални говори. Така, на пример, поради губењето на гласот *х* во сите овие говори се загрозила позицијата на имперфектната форма. Во говорите со парадигматичен акцент (кумановскиот, кратовско-овчеполскиот, прешевско-бујановачкиот и врањскиот) 1 и 2 л. на имперфектот кај некои глаголски типови се изедначиле со соодветните презентски форми. Таа омонимија во прешевско-бујановачкиот, врањскиот и кривопаланечкиот се отклонила со преструктуирање на имперфектната основа со помош на наставката *-ше* од 2 и 3 л. едн., која се проширила во сите лица, сп. *викаше-м, викаше, викаше, викаше-мо, викаше-те, викаше-в* (негде: *викаше-а*): през. *вика-м вика-ш, вика, вика-мо, вика-те,*

вика-в. Морфемата *-ше-* се јавува како единствен различителен морфолошки елемент, додека општиот дел и наставките се исти во двете форми (освен во 2 л. едн.). – Во кумановскиот говор пак наставката *-ше* се задржала само во еднината, додека во множината диференцијалната морфолошка функција ја презеле наставките *-смо*, *-сте*, *-ва* или *-сва*, сп. импф. *вика-ше, вика-ше, вика-ше, вика-смо, вика-сте, вика-ва* / *вика-сва* : през. *вика-м, вика-ш, вика-ф, вика-мо, вика-те, вика-в*. Во множината имперфектните наставки го добиле елементот *с* од 2 л. И овој процес се извршил на нашиов терен независно од другите дијалекти. – Во овчеполскиот и кратовскиот говор, како и во соседниот штипски, во 1 и 2 л. мн. по губењето на *х* дошло до удолжување на основниот вокал. Должината е искористена потоа за проширување на наставките на тој начин што од удолжениот вокал се излачуваат два кратки, сп. *в'икахмо* > *в'ика:мо* > *в'икаамо*; *н'осехмо* > *н'осе:мо*> *н'осеемо* : през. *в'икамо*. Во осоговските села се генерализирала единствена наставка: *в'ика-амо*, *в'ика-ате*, а според нив и: *н'осе-амо, н'осе-ате*, *б'ере-амо, б'ере-ате* : през. *в'ика-мо*, *б'ере-мо, н'оси-мо*. – Во сретечкиот говор, каде што е акцентот стабилизиран на третиот слог, имперфектната основа се преобразувала само со елементот *-ш-* од 2 и 3 л. едн., но се модифицирале истовремено и наставките за 1 л. едн. и во множината со додавање на елементот *-о-* преземен од аористот, сп. *идеш-о, идеш-е, идеш-е, идеш-омо, идеш-оте, идеш-оа* : аор. *ид-о, ид-е, ид-е, ид-омо, ид-оте, ид-оа*, а презент: *иде-м, иде-ш, иде-ф, иде-мо, иде-те, иде-т* (Павловиќ, 1939 : 193).

9. Вториот вид иновациони појави коишто се јавуваат на периферијата на преодната зона се т. н. контактни иновации. Тие претставуваат компромис на два резултата реализирани во граничните дијалекти. Овие иновации се среќаваат на самото пограничје меѓу преодната област и другите соседни дијалекти. По овој начин се добила, на пример, наставката *-ќа* во горанскиот говор, сп. *пилиќа, телиќа*, спрема *пилики, телики* / *пилики, телики* во соседниот призренски, и *пилиња*, *телиња* во полошките говори со кои граничи на југ. Во резултат на таков контакт настанала и сретечката множинска морфема *-иньчики* : *тевчиньчики*, која се употребува наспоредно со *-ики* (*унучики*) и *-ињa* (*унучињa*).

На јужната периферија на преодната зона, на еден многу тесен појас на целото пограничје од албанската граница и на исток сè до границата со бугарската јазична територија во 1 л. едн. на презентот се генерализирала наставката *-м* кај сите глаголи, како што е тоа и во другите соседни македонски дијалекти. Меѓутоа, во процесот на обопштувањето на *-м* истовремено дејствувала и тенденцијата да се генерализира еден основен вокал во целата презентска парадигма, како што е тоа и во другите преодни говори. Во резултат на тие две појави се образувал нов презентски облик – *нос-и-м* : *нос-и-ш, нос-и-мо, нос-и-в; бер-е-м* : *бер-е-ш, бер-е-мо, бер-е-в*. Доста материјал од овој вид можеме да најдеме и на пограничјето меѓу источното и западното наречје. Во велешкиот говор, кој се наоѓа на непосредниот контакт меѓу тие две наречја, наставките за 1 и 2 л. мн. на имперфектот гласат *-авме, -евме*, одн. *-авте, -евте*, сп. *вика-авме, вика-авте; носе-евме, носе-евте*. Добиени се со контаминација меѓу западномакедонските наставки *-вме*, *-вте* (*викавме*, *викавте*) и штипско-овчеполските *-аме, -ате*, одн. *-еме, -ете* (во овчеполскиот *-амо, -емо*): *вика-аме,*

носе-еме (Конески, 1965 : 76). – Во резултат на таков компромис образуван е посебен конјугациски модел кај глаголите од *е-* и *и*-група во тиквешко-мариовските говори, кои претставуваат преод меѓу источното и западното наречје. Во тие говори се добила една мешана група со основниот вокал *-и-* во 2 л. едн. и со *-е-* во 3 л., сп. *нос-и-ш, бер-и-ш* : *нос-е-ø, бер-е- ø*. Во граничните штипско-струмички говори *и*-група е наполно разложена (сп. *нос-е-ш, нос-е*), а во прилепско-битолските, со коишто се граничат тиквешко-мариовските на запад, ликвидирана е *е*-група (сп. *бер-и-ш, бер-и-т*).

10. Претходниот вид иновации се јавуваат главно во парадигмата која се стреми да постигне посиметричен модел. Во фонологијата меѓудијалектното и меѓујазичното влијание се изразува на малку поинаков начин. Фонетските појави се пренесуваат преку поодделни морфемски сегменти, и за оваа цел како најпогодни се покажуваат флексивните и зборообразувачките морфеми. Како се врши тој процес најрелјефно ни го покажуваат континуантите на прасловенските **ъ* и **ь* и на носовката **ǫ* во граничниот појас меѓу преодната зона и другите македонски дијалекти. – Во нашите северни говори, како и во целата преодна зона, јаките **ъ* и **ь*, видовме, дале *ă* во сите позиции, сп. *бăчва, лăн, сăбере, пештăк, плиштăк, пештăл, ражăн, гладăн, овăс, палăц,* / *прстăт*. На тетовскиот терен со ваква доследност споменативе два гласа се заменети во најсеверните села (вратнички говор). Во говорот на селото Теарце, кое се наоѓа неколку километри појужно од Вратница континуантот *ă* редовно се среќава само во коренските морфеми: *бăчва, вăшка, зăлва, тăгај, дăн, опăнок*, додека во суфиксите се јавуваат почесто *о* и *е*, сп. *тăнок, ручек, јарем, овен, ражењ, овес, оцет, конец,* но и: *удоац, старац, орал, пештал, болан, остањ*, а во членската морфема редовно има *о* : *волот, лебот*. Во говорот на с. Једоарце, кое се наоѓа јужно од Теарце во близината на Тетово, во суфиксите веќе *о* и *е* се регуларна појава: *орел, пештел, јарем, овен, оцет, живец, опăнок*; во коренот сè уште доминира *ă* : *дăска, дăш, дăн, вăздăн, лăк, тăмен*, и само во неколку случаи наоѓаме *е* м. **ь*: *пењушке, сеѓа, шепне*. Ваков распоред на континуантите на **ъ* и **ь* во помала или поголема мера е одразен на целото дијалектно пограничје, но посебно тоа е карактеристично на кривопаланечкиот терен меѓу другото и поради улогата на акцентот во одделни суфикси. Во говорот на селото Борово (во непосредната близина на Крива Паланка) наоѓаме ваква ситуација: *в'олăт, б'елиăт*; *'утăк, мом'ăк, ост'ăн, кот'ăл,* и потоа: *вен'ăц, свет'ăц* (под акцент), но: *п'алац, с'амац,* и *ј'арец, ст'арец, уд'овец, алб'анец*. Во соседното Конопница разграничувањето на континуантите се врши и според граматичкиот тип на зборовите, сп. *'утăк, п'ешак* (и редовно така кај именките), но: *р'ешок, т'ешок, кр'ошок*; во другите суфикси превладуваат *о, е*; *пет'ел, ор'ел, гл'аден, п'алец, к'онец, в'олот*. – Во некои говори, главно на западната периферија од преодната зона, разграничувањето на позицијата во врска со рефлексите на еровите е уште поизразена. Во сретечкиот говор, кој спаѓа на српската јазична територија, во суфиксите готово редовно има *о, е* како што се јавува редовно и *ă* во коренските морфеми, сп. *котев, орев, зајем, ражењ, белушок, заврзок, опăнок, белушец, венец, удовец, арен, беден, ситен* : *вăздăн, лăко, нăќве, тăгa*, и во префиксите: *разăпне, сăбор, сăстале се* и др. (Павловиќ, 1939 : 54).

Два резултата на контактот меѓу северните и другите македонски дијалекти наоѓаме и место носовката *ǫ : во коренските морфеми редовно *у* : *пӯт, рука, дуб*, во зборообразувачките и флексивните морфеми во посеверниот појас исто така *у* : *на руку, рукӯ, иду*, а во селата на самото тесно пограничје *а* : *на рака, рака̄та, викаа*, а во 1 л. едн. на презентот веќе по морфолошки пат се добил нов резултат (*идем*). Суфиксот *-на-* кај глаголите, видовме, се среќава и во преодните српски говори.

11. За да биде нашата претстава за состојбата во преодната дијалектна зона покомплетна, ќе истакнеме дека на овој терен се јавуваат голем број дублетни форми во сите области на јазичната структура, а особено во лексиката. Од друга страна, пак, во изобилството на иновациони појави во овие говори се запазиле и не мал број архаизми кои на другата јазична територија не се јавуваат или се сосема ретки. Да ги споменеме само остатоците од промената на членските морфеми во скопскоцрногорскиот и кривопаланечкиот говор (*коњо̄то̄го̄а, коњово̄го̄а, коњоно̄го̄а*), посесивниот датив (*Син му Марку Јовановому, куќа̄та Маре Марковези*) и др.

12. Истакнувајќи ги најважните и според нас најкарактеристичните дијалектни особености во преодната јазична област и одредувајќи ја нивната географска распространетост, сакавме да ја покажеме сета сложеност на јазичната проблематика во таков тип дијалекти. Но нашиов материјал може да биде показателен и за донесување на некои поопшти заклучоци во врска со меѓујазичните и меѓудијалектните односи. На прво место тој ја потврдува констатацијата дека меѓу сродните соседни јазици не можат да се повлечат секогаш некои појасни граници. Преодните јазични и дијалектни зони со своите иновации уште повеќе ја разблажуваат острината на јазичните граници. Исто така ни изоглосите на диференцијалните јазични појави секогаш не одлучуваат за актуелните меѓујазични граници, посебно кога се работи за сродни и гранични јазици. Границите на поодделни јазични особености се формирани во различни временски периоди, на различни етапи од јазичниот развој и под различни услови, и сосем е природно што тие не се поклопуваат меѓу себе, па природно не можат ни да претставуваат јазична граница. На македонско-српското пограничје, видовме, изоглосните снопови се формирани значително подалеку (на север или на југ) од денешната јазична граница. Таков распоред тие имаат и на српско-бугарското, и на македонско-бугарското јазично пограничје.

1973

8. МЕЃУЈАЗИЧНИОТ КОНТАКТ (НА ДИЈАЛЕКТНО РАМНИШТЕ) КАКО ФАКТОР ЗА ДИЈАЛЕКТНАТА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

1. Во рамките на западното македонско наречје јасно се оцртуваат два ареала – еден *централен*, кој зафаќа пошироко пространство и со незначителна внатрешна диференцијација, и еден *периферен*, којшто е иситнет со бројни изоглоси на десетици микросистеми.

Најголема раздробеност покажува граничниот појас со албанската јазична територија, а на југозапад на македонско-албанско-грчкото пограничје, каде што има и поголема концентрација на аромански етнички елемент.

На сето македонско-албанско пограничје од Шар Планина па до Корча и Грамос на југ по двете страни на границата живее мешано население и по јазичната припадност и во конфесионален поглед: Македонци христијани и муслимани, Албанци исто така од двете конфесии, на југозападниот дел уште Грци и Аромани (Власи). На сета таа територија населението е билингвално и/или мултилингвално.

1.1. Во оваа мултијазична средина денеска егзистираат неколку десетини микродијалекти само во рамките на македонскиот дијасистем. Дијалектната раздробеност во некои региони е толкава што еден говор опфаќа две или три села. Така, на пример, во Дебарско на релативно мал простор по долината на Радика и Дрим се изделуваат пет до шест говорни целинки: жировничкиот говор, кој го репрезентираат три села (Жировница, Болетин и Видуше), говорот на ростушките православци, говорот на муслиманите во Ростуша и неколку околни села, малореканскиот (галичкиот), дебарскиот говор со посебна варијанта на говорот на муслиманите во Дебарско, дримколско-голобрдскиот, исто така во две варијанти – на муслиманите и на христијаните. И на релацијата Струга – Охрид – Корча – Нестрам – Костур можат да се најдат разлики од село до село. Во охридско-струшката котлина со значителни посебности се разликуваат: градскиот струшки говор со неколку села во непосредната близина, радошко-вевчанскиот, кој го репрезентираат три села во самото подножје на пл. Јабланица (Вевчани, Радожда и Мали Влај), говорот на муслиманите во селата Лабуништа, Подгорци и Октиси, потоа градскиот охридски говор со кој е најблизок говорот на приезерските села сè до Пограделц на албанската страна. Четири говорни посебности се изделуваат и во Преспанско (горнопреспански или ресенски, долнопреспански, љубојнско-германски, штрбовско-арватски) и неколку на костурско-корчанското говорно подрачје (корчански или бобоштенски, нестрамски, костенариски, костурско-корешчански и леринскиј, кој исто така не е единствен во секој поглед). На северозападната периферија поголема блискост покажуваат говорите на Скопска Црногорија и Долни Полог

(Тетовско), додека во областа Гора, на западната страна од Шар Планина, има поголемо говорно шаренило.

2. Меѓу најкарактеристичните дијалектни диференцијални црти со кои се разликуваат периферните говори од централниот дијалект спаѓаат рефлексите на старомакедонската носовка *ǫ и слоговните *ŕ и *ĺ. Во централното дијалектно подрачје *ǫ се рефлектирало во /а/, сп. *рака, пат, заби*, *ŕ ја задржало слогообразната функција, сп. *дрво, прсти, срце, крф*, додека *ĺ на поголемо пространство се развило во двофонемна секвенца /ол/: *волк, волна, долго, жолто*.

Но рефлексите на споменатите старомакедонски гласови истовремено се јавуваат како диференцијални и во периферните говори.

Во скопскоцрногорскиот и долнополошкиот *ǫ > /у/ во сите позиции (*рука, зуби, пут, на руку, иду*), *ĺ > /у/ и /лу – ла/, вториве зад забновенечните согласки (*вук, пуно, жуто* : *слуза, длуго* и *слаза, длаго*), додека *ŕ останало неизменето (*прсти, врба, срце*).

Во малореканскиот (галичкиот) говор *ǫ се изедначило со етимолошкото /о/, сп. *рока, пот, гроди* (во коренските морфеми) и со /а/: *бера, паднал, неа* (во зборообразувачките и флексивните морфеми), а сонантите *ĺ и *ŕ се задржале неизменети (*прсти, грло, влк, жлто*).

Во сите други периферни говори во коренските морфеми развојот на споменативе три гласа одел заедно и тие се трансформирале во нови фонеми.

Во повеќето локални говори *ǫ > /ă/, *ŕ > /ăр/, *ĺ > /ăл/ : *рăка, пăт, сăбота; вăрба, пăрсти, дăрво*; *вăлна, жăлто, сăлза* – во гостиварскиот, дебарскиот, струшкиот, охридскиот, во северните и западните преспански села и во костурско-корешкиот говор. Сличен развој овие стари гласови имале и во горанскиот говор, но тој бил повеќе подложен на влијание на српските говори. Оттаму во него покрај рефлексот /ă/ за *ǫ наоѓаме и доста примери со /у/, сп. *гнăс, дăш, зăби, кăса, лăчи, мăти, нăтре*, но *јуже, кукол', муш – мужи, пут, скупо* и др., *ĺ > /ăл/ > /ăв/: *вăвна, жăфт, сăвза, длăго*, покрај *буе, вук, јабука, пуно,* а *ŕ се задржало со тенденција во некои позиции да се реализира како [ă̯р].

Во дел од костурско-нестрамските села како рефлекс за споменативе гласови се јавува *а̨* – фон со нешто поснижена артикулација од /ă/, но сепак различен од /а/, сп. *па̨т, ра̨ка, ка̨шча*; *ва̨лк, па̨лно, жа̨лто, да̨рво, па̨рсти, са̨рп*.

Во дримколско-голобрдското говорно подрачје и во говорот на муслиманското население во струшките села Лабуништа, Подгорци *ǫ > /å/ (еден вид лабијализирано *а*), *ĺ > /ål/, *ŕ > /år/: *дåш, зåби, рåка, сåбота*; *вålк, вålна, пålно, сålsa; бårдо, дårва, кårф*.

Таква вредност за *ǫ има и во нестрамскиот и костенарискиот говор во Костурско и во осум села на југоисточниот брег на Преспанското Езеро на правецот Љубојно – Герман, сп. *мåжи, рåка, кåшча* (Езерец), *вåтук, кåшча, рåце, скåпо* (Нестрам), *мåжи, пåт, грåди* (Љубојно). Сличен развој како носовката *ǫ имало и вокалното *ĺ: *вålк, вålна, пålно, дålго* (Нестрам, Езерец), *вålна, кålни* и *вåк, жåто, јабåко* (со асимилирано *л* – Герман). Нешто поинаку таму одел развојот на *ŕ; во љубојнско-германскиот *ŕ се задржало (*дрво, прсти, срце*), во костенарискиот се развило во /ер/, сп. *верба, герне, серце* (Езерец,

Сничени), а во нестрамскиот /ăр/ со алофонот [^{ă}р̯]: *вăрши, пăрсти, сăрце*, одн. *в^{ă}р̯ши, п^{ă}р̯сти, с^{ă}р̯це*.

Нешто посложена ситуација наоѓаме во жировничкиот и во вевчанскиот говор.

Во жировничкиот врз развојот на **ǫ* влијаеле и акцентот и бројот на слоговите во збороформите. Во едносложни и двосложни зборови **ǫ* > /ă/, кое во неакцентирана позиција и во збороформи со три и повеќе слогови без оглед на местото на акцентот се реализира како темно *а* [ạ], сп. *зăп – з'ăби*, *р'ăка*, *м'ăка*, но: *з'ạбите*, *р'ạката*, *м'ạките*, и: *н'а-зạп*, *п'о-зạби*, *н'а-рạка*. Истото важи и за рефлексите на **ļ* и **ŗ*: *вăлк – в'ălкот – в'ălци* : *в'ạлците*, *в'ălна* : *в'ạлната*, *в'ạлнено*; *вăрба*, *д'ărво*, *г̄ărп̄*: *в'ạрбата* и *н'а-вạрба*, *н'а-г̄ạрп̄*.

Во радошко-вевчанскиот говор **ǫ* > /ä/, **ļ* > /äл/, **ŗ* > /ăр/, одн. /ă/, /ăл/, /ăр/ зад лабијалните согласки /б-п̄, в-ф/, сп. *г̄рäди, г̄нäс, дäбје, зäби, јäже, кäде, кäпина, рäка* и *мăжи, мăтно, пăндар, пăт̄*; *г̄ăлтăт̄, жăлто, кăлнит̄, кăлк,* но: *вăлк, вăлна, пăлно, мăлsит̄*; *г̄ärне, дärво, зärно, кärстит̄,* и: *бăрдо, вăрба, вăрнит̄, пăрво, пăрсти*, *фăрл'ат̄*.

Заедно одел развојот на **ǫ* и **ļ*, **ŗ* и во корчанскиот говор, но таму рефлексите се совпаднале со етимолошкото /а/, сп. *г̄асен'ица, г̄насен, кап̄'ина, кашча, маш, рака*; *валк, вална, пално, малsи, жалто, салsа*; *г̄арло, зарна, сарце* (Бобоштица).

Меѓутоа, во корчанскиот и во костурските говори во врска со рефлексацијата на **ǫ* има уште една посебност: во тие говори пред звучните преградни согласки се задржала носовоста како одделна фонема и тоа /м/ одн. /ам/ пред лабијалните и /н/, одн. /ан/ пред нелабијалните согласки, сп. *г̄амба, дамбо, замби*, *самб'ота, г̄ол'амби*, и: *банди* 'биде', *г̄ранди, канд'ел'а, мандар, панди, канкол'*, *кранг̄о* и др. (Бобоштица), *г̄ăмба, зăмби, г̄рăнди, крăнг̄о* (Нестрам, Езерец), *дăмбја, г̄ăмба, măндро, кăнд'ел'а* (Костур).

Оваа констатација се однесува и за рефлексацијата на носовката **ę*, сп. *братуч'енди, г̄овенд'ар, ренд'ови, еремб'ица*.

Во врска со рефлексацијата на носовката **ǫ* во западните говори стои и секундарната назализација на вокалот /а/ во соседство со назален сонант. Во таа позиција /а/, одн. /ą/ совпаднал со рефлексот на **ǫ*, сп. *снăга, măќеа* во горанскиот и гостиварскиот, *знăјт̄, снăг̄а, снăжен, снăа, ăндон, ăндре, Căндре, măмит̄, măштеа, măчурек, одăмна* во дебарскиот, *măшча, знăјт̄, măмит̄, căна, Căндре* (Охрид), *măштја, măмит̄, măмејнца, măтика, снăг̄а, знăјт̄, măкар, познăјнца, măнг̄ал, măнг̄ар, căндак* (Струга), *Вăнг̄ел, знăјт̄, măштеа, снă: – снăј, снăг̄а, кăндило, Стăмбол, măтика* (Преспа), како во *рăка, măка, măтно*; во галичкиот говор: *мошчеа, сноа, зноет̄, сног̄а, рока*; во дримколско-голобрдскиот: *мăмит̄, măштеа, знă(м), кăнтар, ăнг̄ел, Căндре, ăндрија* (Луково), или *căна, măшчеја* во нестрамскиот (Видоески, 1989 : 52), *мăмит̄, мăмец, măштја,* но *знăме* (Вевчани). Приведениот материјал упатува на заклучок дека вокалот /а/ се назализирал под дејство на соседниот назален сонант и артикулационо совпаднал со рефлексот на **ǫ* уште кога тој се изговарал назално (*NaN* > *NąN* > *NăN*).

Во некои пунктови на југозападното пограничје се среќава и фонемата /ü/ во ограничен број примери, сп. *дüќан, бüразер, дüл'бер, üнер*, *üшир, дüшеме, кüмер, мüфтăр*, *мüрафет̄*, главно во туѓи лексеми и само во неколку словенски: *јü, клüч* (сите примери се од Бобоштица).

За бобоштенскиот говор и воопшто за корчанскиот карактеристичен е и назалниот изговор на вокалот /а/ во соседство со назален сонант, сп. *Вąнг̄ел, коп'ąнка, фрąнк, тапąнци, фąмбр'ика, шąндан*. Исто така со нагласена назалност се изговараат и вокалите */а, ă, е/* пред назалите */м, н/* добиени со рефлексација на **ǫ* и **ę* сп. *г̄ąмба, дąмбја, г̄рąнди, зј'ąнци, чęмбр'ица, лęнд'ина* (Видоески, 1981 : 752).

Меѓу покарактеристичните диференцијални црти меѓу централните и периферните говори спаѓаат промените што се извршиле во некои вокални секвенци.

Во охридско-преспанските говори групата /оа/ се изменила во еднослоен дифтоншки глас [o^a], сп. *бро^{a}т̄, т̄о^{a}р, нег̄о^a, осно^a,* или се асимилирала во долго /о/ – [о:] *т̄о:р, осно:, ко:ч* (*коач*), *т̄ро:* (*т̄роа*), *секо:* (*секоа*), *секо:ш* (*секоаш* < *секог̄аш*), *Јо:н* (*Јоан*), *бро:м* (*броам*) – во охридскиот, *т̄о^{a}р, со^{a}л'ка, воло^{a}р* и *т̄о:р, со:л'ка, воло:р* – во преспанските, а во еден тесен појас во Струшко и во приезерските охридски села, поретко и во некои преспански села, на промена подлегнал првиот член од групата: /оа/ > /ŭа/ > /ва/, сп. *коач* > *квач, т̄оа* > *т̄ва, т̄оар* > *т̄вар, нег̄оа* > *нег̄ва, чоа* > *чва, с̄тоа* > *с̄тва*, но *Јо:н, осно:* (поради фонетски пречки) (Струга), *т̄ва, т̄варка, никваш, г̄от̄ва* (*г̄от̄оа*), *реква* (*рекоа*) во говорот на Пештани, *т̄вар, т̄ва, свал'ка*, покрај *осно:, т̄о:, т̄ро:* во западните преспански села.

Во струшкиот говор по овој начин се разложила и групата /ое/ > /ве/: *чвек* (*чоек* < *човек*), *г̄ведо, јазвец, квел* (*коел*) *с̄твел* (*с̄тоел*), *рекве* (*рекое*), *зедве*, додека во преспанскиот, доколку не се задржала, таа се асимилирала во долго /е/, сп. *чоек* > *че:к*, *че:чки* (*чоечки*), во одделни лексеми преминала во [оi̯]: *г̄оi̯до* (*г̄оедо*), но *јазоец*.

Групата /еа/ на поширок ареал во охридско-струшките и преспанските говори се изменила во дифтонг /i̯а/, сп.: *леа* > *лi̯а, сi̯а* (*сеа* < *сег̄а*), *бi̯а* (*беа*), *маш̄тi̯а* (*маш̄теа*) – во ресенскиот, *с̄тр̄i̯а* (*с̄треа*), *бi̯а* (*беа*), *нi̯а* (*неа*), *Пет̄р̄i̯а*: (*Пет̄реа*), *смi̯а* – во охридскиот, *г̄лi̯а* (*г̄леа*), *чер̄i̯а:* (*череа* < *черева*) – во струшкиот.

На струшкото говорно подрачје на сличен начин се развивале и групите /ео/ > /i̯о/, /иа/ > /i̯а/, /ио/ > /i̯о/, /ие/ > /i̯е/, сп. *черео* > *чер̄i̯о, неол'а* > *њi̯ол'а, Столео* > *Столi̯о:, коприа* > *копр̄i̯а:, ракиа* > *ракi̯а:* > *ракi̯а* > *рака́*, *сечио* > *сечi̯о:, целиот̄* > *цел'i̯от̄*.

На западното пограничје е ограничена и метатезата на секвенцата *-ни-* во *-ин-* во повеќесложни збороформи, сп. во *вод'еница* > *вод'еинца* > *вод'еi̯нца*.

Во повеќе периферични говори вокалите /о/ и /е/ во акцентирана позиција се дифтонгизираат во [$^y o$], [$^{"}e$], сп. *м^{y}ос, л^{y}ошо, к^{y}ожа, с^{y}он* во дебарските (Белиќ, 1935 : 83), *б^{y}ос, к^{y}ожа, к^{y}оза, н^{y}ос, ^{y}оди, ^{y}око, ^{y}офца*; *м"есо, м"ера, л"ето, п"еро* (Нестрам, Видоески, 1989 : 48)

На западната периферија во повеќе лексеми како лексикализирана особеност може да се сретне преглас на /а/ во /е/, сп. *н'а-еве* (*на јаве*), *есен* (*јасен*), *обело*, (објало), *одеја* (*одаја*), *рает̄, печелит̄, чекија, челет̄, г̄ăрклен, еребица*, топ. *Житинени* (Дебарско), *г̄ăрклен, лишеј, челет̄, кăшеј, чеша, п̄олена, есен, есено: дăрво, баеч, баечка* (во некои западни преспански села, Видоески, 1989 : 24), *ж'еба, ж'елно, ш'ерен, ј'есен, ес'ика, 'илеч, ч'елет̄, ч'еша, шч'евеј, венч'ејне, воденич'ер, кост̄урч'ени, рупишч'ени* (Костурско, Видоески, 1989 : 53), *јер'емче*,

п'ојес, ч'елеш, к'очен, бел'ичеф, или во */ä/* во акцентиран слог: *јäгне, јäјце, јäскај, јäсшје, жјäба, жјäр, жјäлен, пријӓтел'* (во корчанскиот, Видоески, 1981 : 757).

Интересни се од историско-дијалектолошки аспект и неколку други лексикализирани стари фонетски промени, кои се локализирани на западната и југозападната периферија.

Во горанскиот, дебарскиот и во костурско-леринските говори во неколку случаи место носовката **ǫ* се јавува */е/*, сп. *ј'еток* (**ǫtъkъ*), *к'едел'а, ке, к'еде* (Гора, Видоески, 1986 : 50), *јеток, јеглен, греди* (**grǫdь*) во говорот на дебарските муслимани во с. Г. Папрадник, *п'еток, ед'ица, еж'ичка, 'еглен, еглен'ар* (во некои костурски и леринси села).

Познато е дека во западното македонско наречје старата замена на носовката **ę* во **ǫ* добро се задржала само зад */j/* и тоа најдоследно во централните говори. Меѓутоа, во неколку пунктови на периферијата има отстапувања. На пример, во говорот на муслиманите во Дебарско забележани се примерите: *јенsа, језик, јетро, јечиш, јечмен* – со *је* < **ję* (Г. Папрадник, Весі, 1974 : 66), а во лексемата *заек* и во други говори, сп. *зоек, зоеци* во галичкиот (Белиќ, 1935 : 82), *зäек* во дримколско-голобрдскиот, *зäк* (*заек*) во вевчанскиот.

Во охридските приезерски села и во некои пунктови во Преспанско остаток од старата замена на **ę* > **ǫ* е сочуван и зад *ч* во лексемата *чäдо* – *чäда* (Леска, Глобочани).

Нешто пошироко во периферните говори е претставен преминот на */о/* во */у/* во разни позиции и затемнувањето на */а/* во */ä/*.

Првата појава значително е поизразена во горанскиот говор, и тоа, главно, во случаи каде што се загубиле консонанти во интервокална позиција, сп. *гуедо, чуек, оснуа, муа, пуас* (*говедо, човек, основа, моја, појас*, Видоески, 1986 : 53). Од подруг вид е измената на */о/* > */у/* во дебарските и другите западни говори во примерите од типот *гувејш, убешки, улера, пешук, восук, попук, пасумце, пäрфуш* и др., *гулуп, улера, уфкаш, собур, бигур, јамбулија, бурија, увде, уши* (Поповски, 1970 : 22); во костурско-корчанските говори, каде што редукцијата на неакцентираното */о/* > */у/* бил активен процес, бројот на примерите со */у/* е значително поголем, сп. *уб'уви, уп'инци, уп'уша, уп'аши, уб'ешќе, куш'ул'а, пул'ица сув'ел'ка* (Видоески, 1981 : 759), *гуд'ина, гул'емо, кук'ошка, бур'ина, чур'аши, сл'адук, 'огнуш* и др. (Нестрам, Видоески, 1989 : 54).

Затемнувањето на */а/* во */ä/* како регуларна појава го познаваат охридскиот и гостиварскиот говор (се врши во акцентирани внатрешни слогови), сп. *маг'äреш* (: *м'агаре*), *бун'äриш* (: *б'унари*), *брад'äјца, ов'äј-чоек, деснаш'ä-ногa* (Охрид), *маг'äреш, гајд'äција* (: *гајдаџ'ијаша*), *млад'ä-жена* (Гостиварско, Поповски, 1970 : 20).

Во одделни лексеми */а/* се затемнува во повеќето периферни говори, особено кога се наоѓа во соседство со назален сонант, сп. *Л'äндре, С'äндре, 'ämбар, с'äндак, ам'äн, с'äнки, шам'äм, л'ämба* (Гостиварско, Поповски, 1970 : 21), *з'äек, им'äње, м'ächурек, з'äгар, зäш, ј'äзоец, ј'äгошка* (Дебарско), *м'äшика, м'äкар, м'äнгал, м'äнгар, с'äндак, к'äјче, 'одäјче, ј'äглика, ј'äгошка, ј'äсика, јäг'урина* (Струга).

Посебен развој во западните периферни говори имал и секундарниот *ер* ($ъ_2$) во лексемите 'лажица' и 'танок' (стсл. ***лъжица***, ***тънъкъ***). Во тие говори во

првиот пример развојот на *ъ*$_2$ се врзал за вокалното **ļ*: **lъžica* > *ѯжица* > *ăлжица* / *ål̈жица* / *олцица* (во Дебарско), а во **tъpъkъ* > *т̄нок* > *кнок*.

Во областа на консонантизмот западните периферни говори од централните се диференцираат: по рефлексот на старото палатално **l′* и рефлексите на прасловенските групи **tj*, **dj*, по фреквенцијата на употребата на африкатите /*s*/ и /*ц*/, по гласот /*х*/ и процесите сврзани со него, и уште со неколку други поситни особености.

На една континуирана зона на правецот Тетово – Гостивар – Дебар – Струга – Охрид – Костур – Лерин старото палатално **l′* гласовно се изедначило со *л*' - карактеристично за балканските несловенски јазици, сп. *л'ӯт, недел'а, при-ја̄тел'*. Во централните говори тоа затврднало пред задните вокали и на крајот на слогот: *клуч, недела, лӯт*. Во северозападните говори на правецот Гора – Вратница (во Полог) – Скопска Црна Гора пред предните вокали /*и, е*/ сонантот /*л*/ се изговара со нагласена мекост, како фон близок до српското штокавско /*љ*/, сп. *кољиба, мољим, цељива, јасље, т̄еље* (Гора, Видоески, 1986 : 52), се *ваљи, врљи, дељи, љеп̄и* (Вратница), *љивада, сљиве,* топ. *Маљи Рӯпе, г̄оље̄м, љеска, п̄ље̄је, рекље* (Одри – Полог) *бљижи, дељи, љице, сљика, бљека, г̄оље̄м, г̄љеда, љето, сље̄п* (Кучково).

На еден тесен појас во периферните говори доста добро се познати старите рефлекси /*ш̄т - жд*/, одн. /*шч - жц*/ на **tj, *dj,* сп. *леш̄та, межда* (Дебар, Голо Брдо, Радожда, Преспа), *сфешча, межца, вежци* (Жировница, Струга, Охрид, Корча, Нестрам, Костур).

Во тие говори не се извршила ни палатализацијата на /*ш̄j, дј*/ од старите групи **tьj, *dьj,* сп. *бра̄ја, цве̄т̄је, дјавол, водје* (Охрид, Нестрам, Костур).

На тој простор и фреквенцијата на звучните африкати е значително поголема; покрај старото /*s*/, кое доста добро се чува пред множинската наставка *-и* (*блаsи, белеsи, по̄лоsи, бубреsи, носи – носе, блазе*), во бројни случаи се добило /*s*/ и од /*з*/ зад сонантите, како и /*ц*/, сп. *ăлsица* / *олцица, сăлsа, мăлsӣт, вăрsи, наsрӣт, п̄ăлцаф, дăрци, дăлцина*, а /*ц*/ редовно пред деминутивната наставка *-е*, а и во други случаи исто така пред /*е*/, сп. *ноце, книце, сто̄це, бре̄це, целезо, сте̄цер*.

Централните говори фонемата /*х*/ не ја познаваат. Во иницијална и интервокална позиција таа се загубила, а на крајот на слоговите се изменила во /*в*/, одн. во /*ф*/ во некои случаи. Во периферните говори загубата на /*х*/ се наоѓа во процес. Така, на пример, во градскиот охридски говор во речта на постарите генерации /*х*/ може да се чуе готово во сите позиции, но не и во сите случаи, сп. *хира, хор, хунер, хăрчӣт, бухол, рухо, ухо, мухла, чехре, Влах, сτрах, мех, здих, т̄их, мох, г̄лух, вăрх*, но и: *ӣтар, оди, ле̄т, болфа, ореф, сиромаф, очуф,* и редовно /*ф*/ во наставките за аор.-имперф.: *беф, бефме, бефте*. Слична појава може да се следи и во горанскиот говор, сп. *хала, харен, хӣтер, ходим, хубаф, јаха, дихам, соха, чоха, бахча, бохча, охка, мехлем, г̄рах, орах, г̄рех, мех, мох, г̄лух*, во наставките: *бех, бехме, бехте*, но: *снăа – снăе, леа, сτреа* и *задуф, мувл'осан* (Урвич – Јеловјане, Видоески, 1973 : 24), *орах, г̄рах, мех, г̄лух, виках, викахме, викахте,* или со фарингално /*ɣ*/ пред сонантите: *ниɣно, беɣме, муɣлисано,* но: *арен, оца, уо, орае*, и *г̄рej, кожуф – кожуфи, суф* покрај *су* (Гора, Видоески, 1986 : 48, 56). Во ограничен број случаи /*х*/ може да се чуе уште во корчанскиот говор, сп. *харо, харам, хап̄и, хаир, хожа, хрјăн* – главно во иници-

јална позиција и претежно во туѓи зборови (Видоески, 1981 : 757) и во говорот на костенариските села во костурско, сп. *мех – мехоѓ – мех'ови, ґрех – ґрех'ови, змех, орех, мох – мохоѓ, брухал, ѓрохаф* (Езерец), но во бројни примери /*x*/ се загубило: *вєр, сиром'а, чели, мелем, р'еку, рек'о:ме* (Езерец), *ґроѓа* (*ґрехоѓа*), *реаѓ, ґра, ґрјä,* и во неколку примери место него има /*ф, в*/: *кожуф, ґлуфци, ѓувла* (Езерец), *уво, ѓаз'ува, суво, мува*, а во Бобоштица и /*j*/: *сѓрај, ґлујче,* и редовно во наставките; *р'екој, рек'ојме, рек'ојѓе* (Mazon, 1936 : 49, 50).

Како дијалектни карактеристики за периферните говори во описите се истакнуваат: чувањето на финалните групи *-сѓ* и *-шѓ* (*-шч*), сп. *лисѓ, мосѓ, брошѓ, вешѓ, ґăрсѓ, чисѓ, ґорешѓ, ношѓ* (Нестрам, Видоески, 1982 : 24), *бресѓ, ґосѓ* (Преспа, Видоески, 1989 : 56), и на /*ч*/ во старите групи **čŭ-* и **črě-* : *чăрпиѓ, чăрвец* (Жировница), *чăрвец, чăрпиѓ* покрај *цăрн, цăрвен* (Дебар), *чăрн, чăрвен, чăрвен'ик, чăрвец, чăрѓи* (Нестрам), и редовно во *чере-: черей, чер'ево, чер'есло, чер'еши* – во сите периферни говори од Жировница до Корча и Нестрам.

По некоја диференцијална особеност може да се најде и во дистрибуцијата на согласките. Во дебарско-голобрдските говори и во Корчанско во финална позиција не се необични покрај *-сѓ, -шѓ, -шч* и други консонантски групи, сп. *нокѓ, ниск* (: *ниска*), *сниск, ѓешк* (: *ѓешко*), *жешк* (*жежок*), *решк* (: *решка*), *ґорк* (: *ґорко*), *воск, дисѓ, моск* (*мозок*), *муск, сѓиск, ниск, ќошк, мушк, ѓјäшк, ґосѓ, сѓиѓц, ѓјänк, ѓрунк* (: *ѓрунґо*), *фрąнк, дąмѓ, зąмѓ* (Бобоштица, Видоески, 1981 : 756).

Во бобоштенскиот говор дијалектна посебност претставуваат гласовите *θ* и *ð*, кои се ограничени претежно на туѓи зборови, сп. *лив'аða, ѓварðо, марða, ðаск'ала, ðиастима, варði,* како и вметнувањето на /*б*/ во сонантските секвенци /*м + р, л*/: *мбравје* (мрави), *мбрамор* (*мрамор*), *умбри* (*умри*) *мблаѓ* (*млад*), и на /*м*/ пред групата /*бр*/: *фамбр'ика*. Вакви примери можат да се сретнат и во костурските говори.

2.1. Повеќето од приведениве фонетско-фонолошки особености можат да се следат и во албанските дијалекти и тоа не само на граничниот појас, туку некои и подлабоко на албанската јазична територија.

За фонемите /*ü*/, /*θ*/ и /*ð*/ во корчанскиот говор веќе спомнавме дека тие се јавуваат претежно во албански и грчки заемки и во многу ограничен број словенски лексеми.

Вокалите /*ä*/ и /*å*/ исто така се карактеристични во ред албански дијалекти, па и во некои аромански говори. Во албанските говори во областите Корча, Гора, Поградец, Девол и Опор вокалот /*ë*/ се реализира како среден звук меѓу *е* и *а* / $ë^a$/, сп. *këmba* (Десницкая, 1968 : 312). Еден вид отворено *е* – [*ä*] познаваат и дебарските албански дијалекти, сп. *därdh* (dardhë) 'круша', *bält* (baltë) 'блато', *kaläja* (kalaja) 'кале' (Десницкая, 1968 : 182); и во говорот во Лузни во одредени позиции, главно во соседство со палатално-алвеоларни согласки /*a*/ се реализира како [*ä*]: *i bärdh* 'бел' (Becі, 1974 : 228, 279). Според Селишчев ваков фон познаваат албанските говори на поширок ареал на правецот Охридско Езеро – Елбасан (Селищев, 1931б : 292). Токму на тој терен можел да се формира и македонскиот говор што го репрезентираат денеска жителите на струшките села Радожда, Вевчани и Мали Влај.

И вокалот /å/ има свој пандан во албанските говори. Во албанскиот дијалект во Дебарско назализираното /ą/, како и /a/ во соседство со назален сонант, се реализира како среден глас меѓу *а* и *о* [$ą^{o}$], сп. *Tirą^{o}n* 'Тирана', или пак преминува во [ǫ]: *nąna* > *nǫna* 'мајка' (Десницкая, 1968 : 181, Селищев, 1931б : 194). Во овој фонетски облик споменатава лексема е преземена во македонските говори во Дебарско, сп. *нона* во реканскиот. Слична појава познаваат и други албански дијалекти, на пример говорот на Пекин во долината на Шкумбини, сп. *na^{o}n* (< *nąnë*), *duha^{o}n* (*duhan*) (Десницкая, 1968 : 223), на Кавája (Çeliku, 1974 : 218) и во други говори во јужногегиската дијалектна зона, како и во областа на преодните говори и гегиските говори во Македонија (Десницкая, 1968 : 190, 223). Широки вокали /o/ и /e/ познаваат некои локални говори во Дебарско, сп. *ko^{a}ckë, ko^{a}c* 'коска', *ko^{a}pë* 'копа', *kaťo^{a}nd* 'село', *ke^{a}ç* 'јаре', *ve^{a}tllë* 'веѓа'.

Во ароманскиот говор во битолските села Гопеш и Маловиште вокалот /a/ се заменува со /o/. Таков процес се извршил, веројатно, и во македонскиот говор во соседните преспански села на правецот Љубојно – Герман (Конески, 1981 : 48).

Фонемата /ă/ претставува постара фаза од развојот на **ǫ*. За нејзиното конзервирање во споменатите македонски говори на македонско-албанското пограничје можеле да придонесат албанските и ароманските дијалекти (Конески, 1981 : 48).

Континуантот *ą* во југозападните костурски села (*ąka, ḡąnди*) претставува преодна варијанта меѓу костурското /ă/ и корчанското /a/.

Погоре приведовме поголем број примери во кои вокалот /a/ „се затемнува" во /ă/ во соседство со сонантите, поретко и зад други согласки (*мамиш̄* > *мăмиш̄*, *снаḡа* > *снăḡа*, *јасика* > *јăсика*, *заш* > *зăш*, *заḡар*). Оваа појава е пошироко позната и во албанските и ароманските дијалекти. Во албанскиот вокалот /ë/ во акцентирани слогови историски е добиен од назалното /ă/, а во неакцентирани слогови и од други вокали, сп. *këmbë* (camba), *këmgë* (canga) 'песни' (Десницкая, 1968 : 267), исто и во ароманскиот : *cîmp* (< *campus*), *cîntec* (*canticum*) (Конески, 1981 : 37). Во западните македонски говори назализираното /ą/ совпаднало со рефлексот на **ǫ*, сп. *снăḡа, зăек* : *рăка* во **ǫ* > /ă/-говори, *сноḡа*, *зоек* : *рока* во галичкиот, *снăḡа* : *рăка* и *мăмиш̄* : *мăка* во вевчанскиот, *снåḡа, мăмиш̄* : *рåка* во дримколско-голобрдскиот, *снåḡа, мăшчеја* : *рåка* во нестрамскиот, *снåḡа – снąḡаш̄а* како *рåка – рąкаш̄а* во жировничкиот.

Назализирањето на вокалите во соседство со назален сонант е широко застапено во албанските дијалекти, особено на гегискиот ареал. Под влијание на албанските дијалекти се развиле назални вокали во корчанскиот, сп. *Вąнḡел*, *коп̄'ąнка, ш̄ап̄'ąнца, фąмбр'ика, фрąнцко, шąндан*, веројатно и во примерите со запазен назализам од типот *ḡрęнди, дрęнк, ḡęмба, лęнд'ина*, до колку не се задржал органскиот изговор (Mazon, 1936 : 27), сп. алб. *kāmb* 'нога'*dhāmb* 'заб' (Десницкая, 1968 : 189).

Дифтонгизацијата на акцентираните /o/ > [^{y}o] и на /e/ > [^{ë}e] е заедничка особеност на македонскиот и албанскиот говор во Дебарско, сп. *b^{ë}oc* 'вид трева', *ç^{ë}orb* 'чорба', *v^{ë}orb* 'вид земјен сад' (Veci, 1974 : 278).

И западномакедонските дифтонзи во голема мера наликуваат на дифтонзите во албанските говори, сп. *dhaį* 'коза', *traį* 'три', *mōį* 'глушец', *shëį* 'дожд', *shoum* 'многу', *ktau* 'овде' во дебарските (Десницкая, 1968 : 182), *grua* 'жена', *diell*

'сонце' во корчанско-пограделчкиот (Десницкая, 1968 : 270) и др. Паралелизам меѓу македонските и албанските говори на правецот Дебар – Охрид – Корча се гледа и во тенденцијата некои од дифтонзите да се монофтонгизираат, сп. *gru:* (gruë), *mi:ll* (miell) 'брашно' во јужногегиските (Десницкая, 1968 : 200, 312), *du·r* (duer) 'раце', *mi:ll* (miell) во преодните говори (Десницкая, 1968 : 220), мак. *то:* (*тоа*), *то:р* (*тоар*), *че:к* (*чоек*), *забр'е:но* (*забораено*), *Но:м*, *Но:мче*, покрај *Ном*, *Номче* (*Наум, Наумче*), во охридско-преспанските.

Во овој контекст како дијалектна особеност во македонските говори се јавуваат фонетските должини и/или полудолжини, добиени во резултат на контракцијата на два вокала, сп. *бе:* (*бее*), *гла:* (*глаа* < *глава*), *прог'о:ри* (*проговори* < *проговори*), или: *то:р* (*тоар*), *осно:* (*основа* < *основа*) и др. Секогаш се долги или полудолги вокалните компоненти во дифтоншките секвенци, што се потврдува и со местото на акцентот, сп. *пол'о:јна* или *пол'о·јна* (*полоина* < *половина*), *леб'о:јте* (*лебоите* < *лебовите*), *негва:* (*негоа* < *негова*), *накв'а:лна* (*накоална* < *наковална*), *ракј'а:та* (*ракиата* < *ракијата*), *запј'а:ле* (*запеале*). Во вакви случаи може да се зборува за компензациска должина што се јавува по девокализацијата на една од компонентите во дифтоншката група.

Погоре констатиравме ваков вид долги вокали и во албанските говори во Дебарско, Пекин (*gru:*, *mi:ll*) и во други говори од гегиското наречје.

Во корчанско-костурските говори во бројни примери место вокалот /о/ во иницијални слогови има /а/, сп. *апет*, *лаб'ода, мат'ика, пан'уда, тап'ола*. Ваков фонетски процес познаваат и некои албански говори, сп. *gam'or, dall'ap*, *kat'ec, ap'et* во говорот на Каваја (Çeliku, 1974 : 218).

Консонантскиот систем во македонските периферни говори готово е идентичен со системот во граничните албански дијалекти.

Интерденталните *θ* и *ð* во корчанскиот македонски говор директно се преземени од албанскиот и грчкиот.

Фонемата /*s*/ во различни позиции секако била поддржувана од албанскиот и ароманскиот.

Вметнувањето на /*б*/ во секвенците /*м + р, л*/ е извршено според албанскиот изговор во корчанскиот говор и воопшто во тоскиските говори (Десницкая, 1968 : 267, 314).

И во албанските говори се чести согласнички групи во финална позиција (*-ск, -цк, -шк, -ст, -шт* и др.).

Согласничките секвенци /*шт, жд*/ како континуанти на **tj,*dj,* согласката /*ч*/ во групите *чр-* и *чере-*, *-ст* и *-шт* во финална позиција се јавуваат претежно во словенски заемки во албанскиот, па тие можеле да придонесат за нивното конзервирање во македонските говори, сп. *vreshtë, vresht'ar, bashlinë* 'имот', *grazhd* 'јасли', и цела серија топоними: *Peshtjan, Grazhdan,* /*ч*/ во *çeren, çerep, çereptar, çert, Çerenec, Çerenishti, Çerenik, Çermenina, Çermë, Çerava* и др. (Селищев, 1974 : 299-301).

Во говорот на Девол групата /*шт*/ преминува во /*ш*ч/, како во граничните македонски говори во Корча, Костурско, Охридско, Струшко и во дебарскиот реканси говор, сп.: *bashç* (basht) 'вретено', *selishçe* (selishtë) 'дворно место, градина', *shçatë* (shtatë) 'седум'. Десницка допушта можност оваа црта да е преземена од говорот на асимилираното македонско население во таа област (Десницкая, 1968 : 326).

Во гостиварскиот говор, во ограничен број случаи и во други западни говори, место /ѓ/ во одделни примери се јавува /j/, сп. *ѓрајани, оѓраја, пређа, паја* (*ѓраѓани, оѓраѓа, пређа, паѓа*). Оваа појава потсетува на сличен процес што се вршел во албанскиот говор, сп. *zojt* (zogjt) 'птица', и др.

Редукцијата на преградните /д, ѓ/, што се среќава во повеќе пунктови во македонските периферни говори, ја познаваат и граничните албански дијалекти, сп. мак. *ено, заено, сенае, пан'ае, за пани* (*падни*) *лен'ае* (*легнае*). (Нестрам, Видоески, 1989 : 56), *ено, сјани, пана* (Бобоштица, Видоески, 1981 : 774).

Во говорот на с. Локов во Малесија (Дебарско) забележани се примери со замена на /j/ со /ќ, ѓ/, во зависност од карактерот на претходната согласка, сп. *сноп'ке* (сноп'е), *нивѓе* (нивје), *зел'ѓе* (зелје), *кол'ѓе* (колје), *крилѓа* (крилја), *тарнѓе* (тарнје), *земѓа* (земја). Оваа појава многу потсеќа на промената на /j/ во /q/ и /gj/, (ć, ǯ) пред согласките *t, m, n* во тоскискиот говор во Лузини, сп. *miqtë* 'другари', *pleqtë* 'старци', покрај *mijtë, plejtë* (Десницкая, 1968 : 361). Од сличен карактер е промената на /j/ во /ќ, ѓ/ во дебарските албански говори зад лабијална согласка, сп. *pj* > *pq*, *bj* > *bgj* (Десницкая, 1968, : 185).

Значителна сличност во македонските и албанските говори покажува фонемата /x/ и процесите сврзани со неа. Погоре констатиравме фарингално /γ/ во одделни фонетски позиции во горанскиот говор, кое многу напоменува на албанскиот изговор на истиот глас. Во оние македонски пунктови каде што сè уште се чува гласот /x/ во некои позиции, тој се среќава и во соседните албански говори во приближно истите фонетски позиции. Во бројни албански дијалекти е констатиран и премин на /h/ во /f/. Така, на пример, во дел од албанските говори во Корча /h/ се загубило во сите позиции, сп. *sho* (shoh) 'гледам', *she* (sheh) 'видиш', *strë* (strehë) 'стреа'. Во говорот на Девол /h/ се загубило само во финална позиција, сп. *kra* (krah) 'рака', додека во другите позиции во говорот на муслиманите тоа се пази, а во говорот на христијаните се загубило, сп. *hekur* 'железо', *duhan* : *ekur*, *laemi* (lahemi) 'се миеме' (Десницкая, 1968 : 325). Во говорот на Берат во едни случаи се чува /h/, во други наполно се загубило, а во одделни случаи, претежно во глаголите, /h/ > /f/, сп. *hunda* 'нос', *duhan* : *ko* (kohë) 'време', *ën* (hënë) 'месечина', *sho* (shoh) 'видам' (Берат, Десницкая, 1968 : 284), но и *shof* (shoh), *rref* (rreh) 'знае' (Десницкая, 1968 : 299). Замената на /h/ > /f/ е позната на поширок ареал од албанскиот дијасистем, сп. *shof*, *njof* 'знам' *njifet* 'известен', *izref*, *rraf* 'удирам', *gjenof* и *gjinoh* (т. güneh) и др. во говорите во Дебарско и во Елбасанско (Десницкая, 1968 : 184, 202, 224).

3. Значителен е и бројот на граматичките диференцијални особености меѓу централните и периферните говори.

Во именската флексија во периферните говори доста добро се пази дативната флексивна форма кај личните и роднинските имиња од м. и ж. род (во гостиварскиот, дебарските, охридско-преспанските говори), а во горанскиот и во бобоштенскиот говор и дативната множинска форма, сп.: *Стојану, Марку* / *Маркои* / *Маркове* / *Маркое* / *Маркоје* / *Маркоту; Петреве* / *Петреи* / *Петрее*; *Маре* / *Мари*. Во бобоштенскиот и во горанскиот дативна форма имаат и општите именки и тоа и во определена и во неопределена форма, сп. *брат*, дат. *брат'у-ми*, *старец – старцу* / *старцут'ому*, мн. *старци – старцим* / *старц'итим*, *сестра – сестре* / *сестрj'атуj*, мн. *сестре – сестрем* / *сестрj'атем*, и кај

неодушевени именки: *сноӣе – сноӣем / сноӣ'етем, сарца – сарцам / сарц'атам* (Бобоштица), *Адем – Адему, цар – цару / царутому / царувому / царуному,* мн. *царо(в)и – царовим, старец – старцу / старцутому / старцувому / старцуному,* мн. *старци – старцим / старцитим / старцивим / старциним, сестра – сестри / сестрити / сестриви / сестрини*, мн. *сестре – сестрем / сестретем / сестревем / сестренем*, итн. Во костурско-корчанските говори и на север во скопско-црногорскиот и вратничкиот говор во Полог во жива употреба се и дативни форми со посесивно значење, сп. *царут'ому / цароӣ'ому шчерка, Петрет'ом дете* (Нестрам), *Ицету Кировому син, г̄а викав мужа је Маре Каровези* (Кучевиште, Ск. Ц. Гора).

Во еден дел од западните говори, подоследно во југозападните, избројаната множина се наоѓа во процес на губење, сп. *три син'ови, два йарст'ени* (Нестрам, Видоески, 1989 : 59), *два лебоӣ, два йетли* (Охрид, Струга).

Во неколку пунктови во Дебарско и Струшко, и на поширок ареал на правецот Корча – Костур – Солун – Серез – Драма директниот објект кај одушевените именки се изразува со предлогот *на*, сп. *г̄о видел на Столета, ќе а дăржиӣ на невестата, да ми г̄о оӣериӣ на детето* (Г. Папрадник, Дебарско); во костурските говори *на*-објектот наполно се граматикализирал кај одушевените именки: *г̄о виде на детето, а викна на женаӣа, ме виде на мене* (Нестрам, Видоески 1988 : 89).

На костурско-корчанското подрачје ограничена е множинската наставка *-нишча* кај именките од с. р. на *-е* : *морје – морјен'ишча, теле – телен'ишча* (Видоески, 1989 : 60).

Во неколку пунктови мн. ф. кај именките на *-а* се образува со наставката *-е* : *жене, сестре, ниве* (Нестрам), *офце – офцеӣе, кашче* (Бобоштица), *г̄лаве, козе* (во голобрдскиот), *куќе, офце* (Жировница) *г̄лаве, дејќе, куќе* (Гора, Тетово, Вратница, Скопска Црна Гора).

Кај заменките како покарактеристични диференцијални црти меѓу разгледуваниве две групи говори се јавуваат: множинската форма *мие* во говорите на правецот Струга – Дебар – Полог – Гора (: *ние* во централните), отсуството на демонстративните заменки со основите *ов-* и *он-* во костурско-корчанските и долнопреспанските говори, чувањето на старата демонстративна заменка *сој* (*сос*, *сас*, *сази*, стсл. ***сь***) во корчанскиот, граматикализирањето на заменската форма *му* за изразување на дативниот однос, сп. *му рече нему, му рече на неа / на женаӣа, му рече на жените / на децаӣа*, во костурско-леринските говори, делумно во преспанските и охридско-струшките, додека во гостиварскиот говор и во дел од поречкиот оваа форма се обопштила само во еднината за сите три рода, а во множината се задржала кратката заменка *им*, сп. *нему му рече, нејзе му рече,* но *ним / ними им рече* (Поповски, 1970 : 70). Во повеќето периферни говори посвојната заменка *свој* се наоѓа во процес на исчезнување (Тополињска, 1985 : 10, 43). Во југозападните говори и заменката *сиоӣ* сè повеќе му отстапува место на обликот *цел*, сп. *се собра цел нароӣ, целе деце, цели чуйе* (Нестрам, Видоески, 1989 : 62).

Од службените зборови вниманието на дијалектологот го привлекуваат испуштањето на предлогот *во* (*в*) во повеќе периферни говори (Конески, Видоески, 1966 : 7, к. 8) и употребата на предлогот *на* со значење на правец и место (место предлогот *во*), сп. *оди на Солун, беше на Солун.*

Во областа на глаголската флексија разликите меѓу централниот дијалект и периферните говори се однесуваат, главно, на наставките во 1. и 3. л. еднина и 3 л. мн. на сег. време, во образувањето на 3 л. мн. на минатото определено време и на глаголскиот прилог.

На поширок појас на западната периферија во 1 л. едн. отсуствува наставката *-м* (*носа, бера, сеча, вика, су*), а во 3 л. се чува старата наставка *-т* (*носит, викат, имат*).

На правецот Гора – Дебар – Струга – Корча и Костур 3. л. мн. на сег. време се образува со наставката *-ет*, одн. *-е* во костурско-корчанските говори, сп. *берет, носет, викајет* (Гора, Видоески, 1986 : 68), *сечет, тлејет, викает,* но *носит* (во галичкиот), *викает / вике:т, носет / носе:т, берет / бере:т* (во дебарските и охридско-струшките), *вике, носе, бере* (во долнопреспанските, костурските и корчанскиот).

Во сите тие говори, со исклучок на горанскиот, 3 л. мн. на имперф. -аор. завршува на *-е* : *викае, носее, дојдое.*

Во голема мера со ареалот на наставката *-ет* во 3 л. мн. сег. време се поклопува и ареалот на наставката *-ешти* (*-ешчи, -еште, -ештем / -ешчем)* во глаг. прилог, сп. *береешти, викаешти (*Дебарско*), играешчем, лежеешчем* (Охрид), *даваешчем, носеешчем* (Костур, Корча, Нестрам). Во одделни пунктови можат да се сретнат и други форми, сп. *викаештин, сечеештин* (во говорот на муслиманите во Дебарско, Видоески, 1968 : 78), *викајќум, виканичкум* (Преспанско), *седеничкум* и *седеничким* (Костурско, Видоески, 1989 : 68). Во централните говори 1 л. едн. сег. време завршува на *-м*, во 3 л. едн. отсуствува наставката *-т*, 3 л. мн. завршува на *-ат*, аор. -имперф. на *-а*, глаг. прилог на *-јќи*. Во западните говори конјугацијата со 'има / нема' е наполно стабилизирана, сп. и форми од типот *има имано, има бидено* (во охридскиот и струшкиот). Во костурските и корчанските говори класичниот перфект готово се загубил или се наоѓа во процес на губење, а *л*-формата, до колку се пази, во корчанскиот презела функција на адмиратив. Со загубата на *л*-формата во тие говори се редуцирале и сите сложени облици што се образувале со неа (перфект, плусквамперфект, потенцијал и др.) и по тој начин глаголскиот систем е во голема мера балканизиран. Во помаркантните диференцијални дијалектни особености во областа на конјугацијата ќе ги спомнеме уште глаголските именки со наставката *-тје* од типот *стан'атје, жен'етје*, кои се карактеристични за костурско-корчанските говори, и продуктивните образувања со суфиксот *-в-* од типот *купвет* (во дримколско-голобрдскиот) *купвит, менвит* (во охридско-преспанските), *купви, кажви* (Костурско), одн. *купфа, турва* (во леринскиот).

3.1. Добар дел од морфолошките особености што ги приведовме претставуваат или калки од несловенските балкански јазици или тие се развивале со наслон на слични модели во тие јазици. Конјугацијата со 'има / нема' + *н/т*-парт. е општопозната балканска црта. Глаголски именки со наставката *-тје* (*стан'атје, осун'атје, легнув'атје*, Видоески, 1989 : 68) познава и албанскиот, сп. *kositje, paditje, renditje, roitje, ronitje, selitje, çepkatje* (главно со словенски корени). По балкански модел се предава и глаголскиот прилог, како и модалните форми со глаголот *сака* од типот *сака да греди, сака да носи* во костурските

говори. Испуштањето на предлогот *во/в*, *на*-објектот, граматикализирањето на кратката заменка *му* за изразување на дативен однос, употребата на предлогот *на* со споменатите значења се карактеристични за албанскиот и за ароманскиот, сп. аром. *mi duc Skopje* 'одам Скопје', *'e vidzui pi Taki* 'го видов на Таки' (Конески, 1981 : 127), алб. *shkon në karund* 'оди на село'. Загубата на присвојната заменка *свој* во некои локални говори во Костурско и Леринско можела да се јави под влијание на грчкиот јазик (Илиевски, 1988 : 188; Тополињска, 1995). Употребата на заменката 'цел' место 'сиот' е особеност на ароманскиот. Не е исклучена можноста и множинската наставка *-е* кај именките на *-а* во бобоштенскиот и нестрамскиот да се јавила под влијание на албанскиот и ароманскиот (Конески, 1981 : 140). Во голобрдскиот и жировничкиот таа може да се објасни и како реликт на особеност што била карактеристична за словенските говори во долината на Дрим. Албанскиот и ароманскиот можеле да придонесат и за задржување на дативната форма со флексија и посебно нејзиното посесивно значење.

Од сферата на деривацијата заслужуваат да бидат истакнати суфиксот *-уле*, кој е особено продуктивен во дебарските говори, сп. *дѣтуле*, *женуле*, и *-ар* за образување на жителски имиња од типот *нестрамар* (: *Нестрам*), *корчар* (*Корча*), *костурар* (*Костур*) и др. Вториов е доста продуктивен во корчанскиот и костурските говори и е карактеристичен за албанскиот. Суфиксот *-уле* има латинско-романско потекло (Конески, 1981 : 217).

4. Важно место во дијалектната диференцијација меѓу западните периферни говори и централните заземаат и лексичките дијалектизми. Нив можеме да ги поделиме во три групи.

4.1. Една група претставуваат словенски лексеми кои во централните говори стануваат веќе необични или воопшто не се среќаваат. Но од друга страна добар дел од нив се употребуваат во албанската дијалектна реч. Тие се стари словенски заемки во албанскиот и секако многу придонесле за нивната стабилизација и во македонската дијалектна реч. Ќе ги приведеме само оние што ги одбравме како покарактеристични заедно со албанските еквиваленти: *бл'уд(о)* (bludë), *вада* бразда за вода (vadë), *вис* мало возвишение (vis), *гал'а* / *галица* (galë), *забел* забран (zab'el), *зазабица* болест на забите (zambicë / zimbicë), *клека* растение слично на смреката (klekë), *кадеш* чад, *кади* чади (kadis), *када* каца (kadë), *кат* / *кант* агол (këndë), *коложек* јануари (kollozhek), *кика* врв, чукар (kikë), *косор* вид секира (kostrë), *кат* спрат (kat), *кобел* дрвен сад за млеко, ведро (kob'el), *копран* дел на остенот (kopr'an), *котар* заградено место за чување свињи (kot'ar), *кторок* мачка, мачор (kot'ele), *кланик* (< *тланик*) камен со кој е заградено отворено огниште (kllanik), *кариш* каменлива месност (kërshë), *каленица* земјена чинија (kalenicë), *капица* куп сено (kapicë), *котец* кокошарник (kot'ec), *копан* / *копанка* корито (kopanj), *лапа* густа чорба (llapë), *лигавец* гол полжав (ligav'es), *листопат* октомври (listopadh), *лисник* исушени лисја од шума што се употребуваат за исхрана на ситен добиток (lisnik / lesnik), *ложник* вид волнен покривач (loznik), *лашка* млада крава, овца пред време отелена, ојагнета (llashkë), *магула* / *магила* (mag'ilë / mag'ulë), *матка* матица (matkë), *маторник* бразда низ нива за собирање вода при пороен дожд (matornik), *мелица* направа

за коноп (mel'icë), *мочал* мочурлива месност (moçal), *мома* (momë), *музга* леплива земја (muzgë), *обор* (ob'or), *овал* (ov'al), *окит* замрзнат снег на дрвја (okitë), *опута* (aputa), *отава* сено од второ косење (otavë), *отреш* дел на плуг (otresh), *опет* / *апет* (opet / apet), *плоска* сад за вино (plloskë), *прашта* дел на самар (prashtë), *под* рамен терен (pod), *рогач* скитник (rrugaç), *риза* (rizë), *скапец* стрмно место (skupec), *скарка* непроодно место, (skërkë), *сол* возвишение (sop), *сотина* сотови кај пчелите во кошниците (sotinë), *трап* бразда во бавча, *поток* (trapë), *челник* водич (çelnik), *чука* (çukë), *череп* (çerep), *чупа* (çupë). Констатирани се уште следните лексички архаизми: *блана* (**bolna*), *брак* свадба, *варт* / *вардт* градина, *вабел* / *вамбел* / *јабел* извор, *господин* домаќин, *гачка* приказна, *годинасе* годинава, оваа година, *гребе* чешел, *греди* / *гренди* иде, *грешт* (**greždь*) врзулец, *губа* кора од баничка, *дрдга* / *дрдга* (**drǫga*) пат на снежен нанос, *дрдг* – *дрдго(т)* (**drǫgъ*), *завор* / *заорна* / *заварна* (стсл. **заворъ**), *замет* ум, *косел'* смрдлив извор, *костура* џепен нож, *крагуј* јастреб, *латка* / *латва* / *латвица* (**латьвь, латьва**), *леп,-а* убав, *лепос* убавина, *обет* (**obědъ*), *пеш* / *пешт* (**пѣшть**), *прас* – *празо(т)* нескопен овен (**prazъ*), *рот* образ, лице, *рутиште* алиште, облека, *слота* лошо време, *топор* вид сечиво, *тес(т)* (**tъstь*), *тешта* / *тешча* (**тьшта**) и др.

Најголем дел од овие лексеми се употребуваат во корчанскиот, костурските и охридско-преспанските говори, во поограничена мера во Дебарско.

4.2. Посебна група лексички дијалектизми претставуваат албанските заемки. Во одделни говори во дијалектолошките студии се забележани следниве лексеми: *ала* тетка (alla), *барца* бела овца (barxhë), *бир*, дем. *бире* син (bir), *беса* (besë), *бренда* затвор (brenda – внатре), *буза* усна (buzë), *бук* леб (bukë), *бабо* татко (babë), *буаре* оџак (buhare), *бишч* опашка (bisht), *вокра* калеша овца (voker, -ra), *вајза* ќерка (vajzë), *гропа* дупка (gropë), *дамалук* плуг со две рачки (damalug), *дајо* вујко (dajë), *даш* овен (dash), *ѓал'* дечко (gjallë), *зотни* господин (zotni), *жур* глужд (zhur), *журиште* нанос од вода (zhurishtë), *иман* вера (алб. iman, т. iman), *јакуцка* гуна (jakouce), *кабар* плускавец (kabar), *кацал* кочан од пченка (kacol), *какарда* измет од овци, кози (kakërdhi), *кеч* терање на кози (keç – јаре), *крепа* стена, *крш* (krep), *коца* црна коза (косё), *кока* („удри ја малку коката") глава (kokë), *кокарец* варена пченица (kokareç), *кушерија* сосед (kushëri), *кушак* вид појас (kushak, т. kuşak), *кут*, дем. *куте* пес, куче (kutë), *кундри* чевли (kundër, т. kundura), *куфија* меѓа (kufi), *л'але* постар брат (при обраќање) (lalë), *л'опар* говедар, простак (lopar), *л'опа* крава (lopë), *лоа* локва (lohë), *л'уле* цвеќе (lule), *мургаш*, *мурго* пес со мрки влакна (murgash, ром. murg), *мотра* сестра (motrë), *мицо* вујко, стрико (mixhë), *нуса* невеста (nusë), *нона* мајка (nona), *огич* / *угич* овен (ogiç), *пус* бунар (pus, ром. puţ, балк. лат. puteus), *пајанда* мал потпор на кој стои голема греда во зграда (pajandër, т. payanda), *преш* праз (presh), *пороже* мало јаже (porozhë), *пул'че* јаричка (pulë), *рипа* стрмнина (rrip̈ë), *руга* плата на момок (rrogë), *сепетка* (sepetkë т. sepet), *тарчук* вид кожена торба (tarçuk), *теза* тетка по мајка (tez-), *туричка* рило на свиња (turi), *ќафе* превој, врв (qafë, qafalik), *ќепе* женско градниче (qep – скут, шев, раб), *ќен* пес (qen), *цикна* слана, мраз (ciknë), *цуца*, дем. *цуце* девојка (cucë), *чапа* чекор (çap), *чул*, *-а* адј. за овца со потсечени уши (çullë), *чибан* чир, гнојниче (çiban, т. çiban), *чакар* разрок (çakërr), *џацо* стрико (xhaxha, xhaxho), *џунка* / *џумка* израсток на

глава (xhungë), *шаров* шарен пес (sharov), *шенлија* радосен (shend – радост, веселба), *шкамѣ* каменливо место (shkëmp – стена), *шкеѣе* крпа, шамија, *шкумба* пена (shkumbë), *шуле* клепе за затворање врата (shul), *шкор / чкор* парче дрво (shkorrë, shkurrë), *шорѣ* среќа (short, лат. sortem), *шуриѓа* (shurigë), *шилѣе* вид постилачка во муслиманска куќа (shilte), во говорот на Нестрам уште: *бија* (bijë) покрај шчерка, *ѓур* камен, *кушерија* роднина (kushëri), *шѣина* плеќи (shpinë), *шѣела* спила (shpellë) (Видоески, 1989 : 73).

Еден дел од овој лексички материјал е познат пошироко во западните говори, особено лексемите од областа на сточарската номенклатура, како што се, на пример: *барџа, вокра, даш, какарда, кеч, коца, кушак, куѣ, лашка, мурѓо, уѓич, руѓа, ѣарчук, чул, шаров*. Лексемите од областа на роднинската и обичајната, посебно од конфесионалната терминологија ограничени се на говорот на муслиманската конфесија во Гора и Дебарско. Во таа група спаѓаат: *бабо, дајо, л'але, моѣра, мицо, нуса, нона, ѣеза, цуца, цаце, иман, шенлија, буаре, ѣајанда, шуле* и др.

Неколку лексеми се употребуваат на потесен појас и со понагласено стилистичко-пејоративно значење, на пр. *бир, бире, бренда, бук, ѓал', зоѣни, зоња, кока, л'оѣар, моѣра, чаѣа*. Лексемите: *буза, жур, чуѣа, ѣреш* зафаќаат нешто поширок ареал во западното наречје.

Приведениве лексеми се среќаваат особено во населбите со македонско население што се наоѓаат на самото пограничје и/или во рамките на албанската територија. Бројот на албанизмите секако е поголем од нашиов список, посебно во преспанските македонски села во Албанија и во Корчанско. Изоглосите на приведениве лексеми имаат правец север–југ со помали или поголеми скршнувања во правец кон централните области на Македонија.

4.3. Во југозападните периферни говори на релацијата Охрид – Корча – Костур бројот на лексичките дијалектизми се збогатува и со бројни „балканизми", лексеми познати во два или повеќе балкански несловенски јазици. Тука ги земаме предвид само оние лексеми што имаат поограничени ареали во македонскиот дијасистем. Ќе дадеме неколку од нив и тоа само во македонската дијалектна форма, сп.: *анѓула / енѓул'а, андарин* (нгр, алб), *варуле* буре за вино (гр, алб), *веленце* вид ќилим (нгр, алб, аром), *жужелец* вид инсект (гр, алб, аром), *заркада* срна (нгр, алб), *калива / кулива* (нгр, аром, алб), *кумбар / кумбара* кум (алб, гр), *кукумјафка / кукувајка* (нгр, алб, аром), *карѣус* лубеница (нгр, алб, т), *крачун* бадник, божиќ (аром, алб), *куцур* пенушка (нгр, алб, аром), *леѣиѣка* нож без рачка (алб, гр), *лангида* вид баница (гр, аром), *лелек* штрк (алб, гр, т), *луканик / луканки* колбаси (нгр, алб), *мамалиѓа* качамак (аром, алб, гр, т), *марѣир* сведок (нгр, алб, аром), *миска* мисирка (аром, алб), *мисур* чинија (нгр, алб, аром), *нун, нунко* кум (нгр, алб, аром), *омја* лице (нгр, алб) и глагол *омјаса, ѣаѣаѣи* компири (гр, алб), *ѣаламида* вид плевел (нгр, аром), *ѣепон / ѣепун* дињa (гр, алб), *ѣјаѣо* (нгр, алб, аром, ит), *ѣлај* планинска страна (алб, гр, аром), *ѣсун / ѣцун* јадење без леб (аром, нгр, алб), *ѣоѣир* чаша (гр, алб, аром), *ѣриѣ / ѣриќе* подарок, чеиз (гр, алб), *роска* патка, *росак* патор (аром, алб), *рофја* гром (нгр, аром, алб), *скеѣар / шкеѣар / шќеѣар* вид тесла (нгр, алб), *скама* пена од сапун, сапуница (нгр, алб), *скурѣ / шкурѣ* кус (алб, аром), *шѣела / сѣила* (нгр, алб), *сѣис* сид (нгр, алб, аром) и глагол *сѣиши* сида, *сѣрунѓа /*

стрáнга ограда, отвор на ограда (нгр, аром, алб), *тартабик* дрвеница, тавтабита (т, алб, аром), *трифил* детелина (нгр, алб), *фортуна* / *фáртума* (гр, алб, аром,т), *фунда* дно, газер (нгр, алб), *чупа* девојка (алб, аром, гр), *шегун* волнен покривач (алб, нгр). Сите овие лексеми се употребуваат во македонските говори во Корчанско, Костурско, Леринско, Долна Преспа, делумно во западниот дел од охридско-струшкото подрачје, вклучувајќи ги тука и македонските оази во Албанија. Еден дел од оваа лексика е карактеристичен и за јужните македонски говори на правецот Костур – Кајлар – Воден, Солун – Кукуш – Сер – Драма. Во селата што се наоѓаат подлабоко на грчката територија, каде што е грчкиот јазик во службена употреба и каде што е населението поизмешано, бројот на грчките, албанските и ароманските заемки е уште поголем. За илустрација ќе приведам уште неколку такви заемки во селата Нестрам и Слимница (Шлибница) во областа Грамос, сп. *асмо* враг, *ап'орен* свршеник, *ајд'има*, *атр'ој* лекар, *авгерин'ос* ѕвезда северница, *анг'истра* јадица, *б'анго* маса, *бат'ани* валавица, *бат'уни* чизми, *бибе, буб'уки* пупки, *вазмул'* јазовец, *воитос* помошник, *враг'ија* леа, *генар* јануари, *гитон* сосед, *ејмон'ик* лубеница, *елефтер'ија* слобода, *епитр'опи* комисија, *емборио* трговија, *ир'ини* мир, *калим'ана* кума, *калит'ата* кум, *кат'истра* оглав, *кар'о* кола, *кајт'ица* зеленатa кора на орев, *кид'ија* закоп, *колас* пекол, *кар'екла* стол, *карв'елка* леб пешник, *комка* причесна, *корда* кошара, трло, *катар'акта* водопад, *кул'естро* првото млеко од овца, крава и сл., *кунѕур* стебло, пенушка, *лавдар* олтар, *лепра* вид плевел, *ли'кија* возраст, *лихн'о* виделце на гас, *мар'ингo* бочвар, *нај'азмо* светена водица, *нис'ија* остров, *ном* закон, *олим'ер* рачна воденица, *пал'ка*, *папа* поп, *пад'ило* велосипед, тркало, *панцарја* цвекло, *пар'адис* рај, *паскал'ица* бубамара, *пат'ома* патос, *пелив'ор* градина, *спилј'а*, *хаф* супрашка, *сакул* / *сакуле*, *саранд'опа* стоножница, *сурва* првиот ден на нова година, *фармак* лек, *фрута* овошје, *фултак* плик на кожа, *фурца* четка, *халин'ари* узда, *хели* јагула, *шкофа* маторица и др. Сите овие примери се добиени при анкетирањето по „Прашалникот за македонскиот дијалектен атлас“.

5. Дијалектните диференцијални црти меѓу централните и западните периферни говори, како што се гледа од приведениов материјал, можат да се сведат во две главни групи.

Една група сочинуваат словенските архаизми, меѓу кои како покарактеристични ги истакнуваме: чувањето на јат (*ä*) и на стариот изговор на носовката **ę* во одредени фонетски позиции, фонемата /*ă*/ како првичен рефлекс на **ǫ*, остатоците од стариот назализам, старите рефлекси /*шт, жд*/ /*ш, ж*/ на прасловенските групи **tj* / **dj*, мекото *л'*, африкатот /*s*/, пазењето на /*х*/ во некои позиции во неколку пунктови и на /*ч*/ во групите *чр-* / *чере-*, чувањето на финалните секвенци *-ст*, *-шт*, во именската флексија: чувањето на дативната форма со флексија заедно со посесивниот датив и на флексивната ген.-акуз. форма кај личните и роднинските имиња од м.р., остатоци од деклинацијата на членот, заменката *соj* (< **sь*), во конјугацијата: наставката *-т* во 3 л. едн. сег. време, отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн., и бројни лексички архаизми.

Во втората група влегуваат иновации иницирани или директно преземени од балканските несловенски јазици, како што се: вокалите /*ü*/, /*ä*/ и /*å*/, согласките /*θ*/ и /*ð*/ со ограничена дистрибуција, назализираниот изговор на некои во-

кали, пред сѐ на /*а*/ во непосредно соседство со назалните сонанти, дифтонгизацијата на акцентираните /*о*/ и /*е*/, образувањето на дифтонзи и тенденцијата за нивната монофтонгизација, разни видови на редукции и на вокалите и на консонантите, промената на /*х*/ во /*ф*/, одн. во /*ј*/ и /*к*/ во некои говори во одделни позиции и случаи, образувањето на нови консонантски секвенци особено во финална позиција, вметнувањето на /*б*/ во или пред сонантите од типот *умбре*, и значителен број нови појави и процеси во областа на граматиката, покрај другите: губењето на избројаната множина кај именките од м.р., граматикализација на заменката *му* за изразување на дативен однос, како и на предлогот *на* за директниот објект, загубата на присвојната заменка *свој* и генерализирањето на обликот *цел* место количествената заменка *сиот*, испуштањето на предлогот *во* (*в*) во некои ситуации, употребата на предлогот *на* место *во*, ред појави во глаголската флексија, кои се локализирани во периферните говори или во дел од нив: губењето на *л*-парт., а со него и на сите соодветни сложени глаголски форми, па и категоријата засведоченост. Но од друга страна, се зацврстуваат формите со помошниот глагол 'има / нема' + глаг. придавка, кои наполно се граматикализирале, како и модалните облици од балкански тип, меѓу кои и начинските облици со глаголот *сака* како помошен (*сака да јаде, сакаше да јаде)*. Погоре приведовме и еден подолг список на лексички балканизми, кој не е и дефинитивен. Со нови истражувања, веруваме, бројот на балканизмите на сите нивоа на јазичната структура ќе се зголемува.

1993

*Континуанти на носовката *ǫ



*Јазичната расцепканост на западната периферија најдобро ја илустрира географијата на континуантите на *ǫ

9. СОЦИЈАЛНИОТ ФАКТОР ВО ДИФЕРЕНЦИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ

1. Големата дијалектна разнообразност на македонската јазична територија во науката е доволно позната. Причините за дијалектното диференцирање се различни – и надворешни и внатрешно-јазични. Најважен надворешен фактор е влијанието на околните балкански јазици. Од словенските, како што е познато, најмногу повлијаел во дијалектното диференцирање српскиот јазик. Ред фонетски појави, на пример, групата *цр* место *чр, ќ, ѕ́* м. **tj, *dj, у* од **ǫ* и **ļ* и др., навлезени од српското јазично подрачје, станале општа особеност во повеќе северни и централни македонски говори, а истовремено и диференцијални по однос на појужните дијалекти.

Исто така нерамномерно се шириле на македонскиот терен и оние појави што се издиференцирани како балканизми. Тие се најбројни и најсталожени во јужните и југозападните области на Македонија (Koneski, Vidoeski, Jašar-Nasteva, 1966). Во тие говори тн. балкански јазични црти наполно се вклучиле во системот и станале диференцијални по однос на другите македонски дијалекти.

2. Во процесите сврзани со внатрешното диференцирање на македонските говори покрај други фактори (племенски, економско-политички, географски и др.) важна улога има одиграно и социјалното диференцирање на македонското население. Со оглед на тоа дека овој проблем досега не е посебно разгледуван на македонскиот терен, во натамошното излагање нашето внимание ќе го запреме на него.

3. Социјалното диференцирање како фактор за дијалектно диференцирање во Македонија добро може да се посматра на два примера; а) во односот на говорот на градот и селото и б) во односот на говорот меѓу македонското христијанско-православно население и исламизираното, т.н. Торбеши.

Во некои дијалектни подрачја во Македонија, особено во нејзиниот западен дел, каде што има поразвиени градски центри, констатирани се извесни разлики меѓу говорот на градското и на селското население. Тие разлики се поизразени во градовите со поголема културна традиција, како што се Прилеп, Битола, Велес, Охрид. На прилепскиот терен Б. Конески како диференцијални црти на градскиот говор ги истакнува присуството на фонемата *ф* (*фурна*, *фес*), која говорот на околината не ја познава, и пазењето на гласот *в* во членските форми за женски и среден род *(женава*, *дет̄ево* : *женаа, дет̄ео* во селата) (Конески, 1949 : 258). Градскиот битолски говор, според нашите посматрања, усвоил еден балканизам, кој во говорот на селата е необичен. Мислиме на употребата на определените минати времиња на местото на перфектот.

4. Тенденцијата за диференцирање на градскиот говор од селските уште повеќе е изразена на охридскиот терен. Тука јасно се издиференцирани две говор-

ни индивидуалности – говорот на најстариот дел на градот (Варош) и говорот на околината (селата). Градскиот говор од говорот на околината се разликува пред сѐ по артикулацијата на нагласените *е, о*. Тие се изговараат пошироко во споредба со нивниот изговор во селата: *дєнес, јєг̄ри, п̄єро, п̄єјт̄, п̄єт̄то, п̄рєска, т̄рєто, чєсто, г̄арнєта, модєрно; вт̄эро, кэзјо, окт̄эмбар*. Самогласката *о*, од друга страна, пак кога е нагласена но во друга фонетска позиција, пред *ј*, се изговара затворено: *бо̄г̄ор'о̤јца, божик'о̤јости, вол'о̤јте, ласт̄'о̤јчина, 'о̤јте, по-л'о̤јна, слив'о̤јца*. Акцентираното *а*, кога не е во почетниот слог, клони кон *ă* : *ар'ăмија, даск'ăлица, маг̄'ăрето, оп̄'ăшката, брад'ăјца, ик'ăјца*. Оваа особина другите говори во Охридско не ја познаваат. Во областа на вокализмот градскиот говор се разликува и по континуантите на **ǫ*, *ъ₂* и **ɣ*. Назалот **ǫ* е заменет со фонемата *ă* : *зăп̄, јăзик, кăндро* (со запазен назализам). Иста вредност наоѓаме и место *ъ₂*: *măг̄ла, măска*, како и место секундарно назализираното *а* : *снăг̄а, сăна* (од *снаа*). Темен глас се јавил и пред *р*: *дăрво, п̄ăрс*. Едно во градскиот говор е запазен остаток од старата замена на **ę* зад *ч* во **ǫ*, сп. *чăдо*. – Во говорот на селата сите споменативе стари гласови се заменети со *а* : *п̄ат̄*, *маска*, а **ɣ* е слоговно: *дрво*. – И во областа на консонантизмот градскиот говор покажува некои отстапувања. Консонантските групи *т̄ј, дј* во него останале неизменети: *брат̄ја, п̄рат̄је, водје, дјакон*, спрема *браќа, воѓе, ѓакон* во селата. Во него во бројни примери се пази фонемата *х*, сп. *храна, хира, хулит̄, бухол, ухо, чоха, бухна, сахнит̄, крехко, нихно, т̄ехно, вăрх, г̄рах, г̄рех, г̄лух, здих*, додека на другата територија се загубило, одн. преминало во *в(ф)*. Говорот на градот покажува специфичност и по однос на консонантските групи *сц, сч, шч*. Тука *с, ш* најчесто се пазат неизменети: *месо – месце, круша – крушче*, одн. *с* пред *ч* се асимилирало во *ш*: *г̄уска – г̄ушче, клас – клашче, măска – măшче, фес – фешче*. На другата охридска територија, и во целото западно наречје, *с* и *ш* во оваа позиција се заменети со *в*(*ф*): *мефце, фефче, круфче*. Мали диференцирања меѓу градот и селата можеме да посматраме и во врска со местото на акцентот во поновиот пласт на интернационалната лексика. Во говорот на селата третосложното акцентирање е спроведено со поголема доследност, сп. *б'омбона, к'оманда, 'офицер, т̄'елефон, т̄елеф'онират̄*, спрема *бомб'она, ком'анда, офиц'ер, т̄елеф'он, т̄елефон'ират̄* во градот. – Во другите области на јазикот разликите се помалку забележливи. Како покарактеристични за градскиот говор можеме да ги одбележиме наставките: *-ешчем* во глаголскиот прилог: *вика-ешчем, оде:шчем, -ет̄* во 3 л. мн. на презентот: *вике:т̄, носе:т̄, зборве:т̄, стое:т̄*, и *-ја* во 3л. мн. на аористот и имперфектот: *носеја, дојдоја, викаја*. На другата територија глаголскиот прилог завршува на *-јќи*, 3 л. мн. на *-ат̄* (кај глаголите од *е-* и *и*-група): *носат̄, сечат̄*, но *вике:т̄*, а во 3 л. мн. на минатите определени времиња *ј* не влегува во наставката: *дојдоа* > *дојдо*^{a}, *носеа* > *носи̯а*, *имаа* > *има*:. За стилистичко диференцирање во градот се искористени некои деминутивно-хипокористични суфикси, сп. *п̄иле – п̄ил'уле* и *п̄ил'че, г̄уска – г̄ушче* и *г̄ускуле, п̄ăрст̄ – п̄ăршче, п̄ăрст̄е, п̄ăрст̄уле, п̄ăрст̄ул'че, п̄ăрст̄енце*. Разлики можат да се набројат и во лексиката. Образувањата од типот *сужолт̄, сузелен, суцăрн*, кои се карактеристични за градскиот говор, во селата се необични. Зборовите *т̄ест̄, т̄ешча, крăк* покрај *бл'ут̄, луг̄а* 'пепелница', така обични во градскиот говор, во селата денеска се веќе ретки.

5. Меѓу споменативе дијалектно-диференцијални особености има архаизми, кои се запазиле или само во градскиот говор, или се среќаваат и во некои западни периферни области. Редукцијата на *а* и широкиот изговор на *е, о* досега не се констатирани во другите околни говори. Фонемата *х* освен во говорот на мијачката оаза Смилево (Битолско) во западна Македонија се загубила. Остатоци од мешањето на **ę* со **ǫ* зад *ч* исто така во западните говори не се забележени, како ни прилошки образувања на *-ешчем*. Примери со запазено *т* во крајните групи *-ст*, *-шт* можат да се сретнат уште во југозападната костурска област и во говорот на Торбешите во Дебарско. На поширок ареал се јавуваат консонантските групи *тј, дј*. Друга група диференцијални црти овој говор го сврзуваат со струшкото подрачје и со говорите што се наоѓаат на западниот и јужниот дел на Охридското Езеро. Такви се: континуантот *ă* за **ǫ* и *ъ₂*, *ăр* од **ŕ*, изговорот *шч жц*, презентската наставка *-ет* и уште неколку лексикализирани фонетски појави и форми, како *чужина, цăрков*, и сл.

6. Овие две групи особености што му даваат на градскиот говор посебно обележје во охридската група укажуваат доволно јасно како треба да се третира процесот на неговата диференцијација. Охридскиот говор во една постара етапа од неговиот развој – кога уште не биле започнати процесите сврзани со гласот *х* и консонантските групи *тј дј, -ст, -шт, сц, сч, шч* – претставувал една целост со струшкиот и со говорите околу брегот на Охридското Езеро. Изоглосите **ǫ* > *ă* и **ǫ* > *а* оделе знатно поисточно од источниот брег на езерото. Потврда за ова наоѓаме и во топонимијата. Од почетокот на XVI век кон градот и езерото сè повеќе се спушта население од планинските области, од дијалектната зона што ја познава замената на **ǫ* со *а*. Во XVI–XVII век до самиот град се формира од придојденото население приградската населба Месокастро, а во XVIII–XIX век и Кошишта (Урошевиќ, 1957). Приближно во ова време настанале и турските и влашките маала, последниве нешто малу подоцна. На овој начин средновековниот дел на градот, денешните Варош и Канео, се нашол заграден не само со градските ѕидови, ами и со два појаса нови населби – едниот со македонско население од друга дијалектна зона, а вториот со турско и влашко население. Со доаѓањето на новото население во приезерскиот појас постепено се менувала и дијалектната слика на тој терен. Границата меѓу **ǫ* > *ă* и **ǫ* > *а* - говори се повлекувала поназапад, а градскиот говор се нашол откинат од својата дијалектна основа. Во понатамошниот негов развој во новото дијалектно опкружување се јавиле нови процеси на кои многу повлијаела и социјалната издиференцираност на населението. Градското население, кое играло важна улога како во економскиот така и во културниот живот во целата област, во стремежот да го диференцира својот „повисок“ стил од „простиот“ говор на селаните, инсистирало на оние црти што го разликувале градскиот говор од говорот на селата. Потпирајќи се донекаде и на писмениот јазик градското население запазило бројни особености кои во околните говори биле изменети или се наоѓале во процес на губење. Тие особености се токму оние што ги изделивме како архаизми (гласот *х*, групите *т д+ј, с ш+ч, с+ц, -ст, -шт, шч, жц* место **tj *dj,* редуцирањето на *а*, глаголските морфеми *-ет, -ешчем* и др.) Стремежот за диференцијација се забележува и во развојот на новите појави. Ред иновации во градскиот говор се развивале побавно во споредба со говорот на околината.

Така, на пример, вокалните групи *оа, ое, еа,* кои во околните говори се стегнале и се измениле во *а̊, о̨, е̨а*, сп. *т̄оар* > *т̄а̊р*, *г̄оедо* > *г̄о̨до*, *ст̄реа* > *ст̄р̨а*, во градот или се пазат неизменети (*ое, еа*) или пак процесот допрва започнува (*оа*), сп. *чоек*, *јазоец, леа* или *ле̨а*, *т̄оар*, покрај *т̄а̊р*. Во 3 л. мн. на минатите определени времиња во оваа позиција пред наставката *-а* се јавило *хијат̄ско ј*, кое влегло во состав на морфемата: *имаја, рекоја, носеја*. Исто така во градот процесот на лабијализацијата уште не го зафатил сонантот *л* на крајот на слогот, сп. *ст̄ол*, *ст̄олче*, како што е случајот во околните говори: *ст̄оў, ст̄оўче*. Од друга страна, во градскиот говор се развиле нови особености, кои во селата не се среќаваат. Во него се генерализирало *-м* како општа наставка во 1 л. едн. на сегашното време: *викам*, *носам*, *речам*. Аналитичкото искажување на дативниот однос превладало и кај личните и роднинските имиња: *Му рече на Марка, на Ст̄олета, на Ана*. – Од сето ова јасно се гледа дека градскиот говор и во новото дијалектно опкружување, благодарејќи на економската моќ и големата културна и општествена улога на неговите претставители, ја запазил својата индивидуалност. И не само тоа. Во извесна мера тој и влијаел врз говорот на она население што непосредно живеело до градот (во Месокастро и Кошишта). Влијанието на градскиот говор особено е осетно во Месокастро, кое се наоѓа најнепосредно до стариот дел на градот и со кое граѓаните повеќе комуницирале.

7. Интересен материјал на овој план ни дава и говорот на Торбешите во западна Македонија. Под определени економско-политички услови во XVI–XVIII век, а и подоцна, еден дел од македонското словенско население на целото пограничје со Албанија се исламизирало и се формирало како посебен етнос во рамките на постојната македонска етничка група. На овој начин на една иста територија во рамките на една единствена етно-социјална средина се создале две верски групации: христијанско-православна и мухамеданска, кои потоа се издиференцирале во две етно-социјални групи со верското како главно обележје: македонско-православна, со жива словенска традиција и народносно издиференцирана, и торбешко-мухамеданска, народносно неопределена. Овие две групи на поголемо пространство и денеска живеат заедно, на иста територија. Некои населби се само христијански, некои само торбешки, а во бројни села живее мешано население – и православно и мухамеданско, најчесто разделени во маала. До исламизацијата населението на некои подрачја било единствено во сите етно-социјални и производствени манифестации. По извршената исламизација врските меѓу групите лабаваат. Во извесен период од нивниот живот контактите во производствениот процес се манифестирале, главно, на пазарот, додека во сите други области на животот торбешкото население се држело доста затворено. Еден дел од торбешката група кон крајот на XVII век и во почетокот на XVIII-иот, во времето на големите миграциони движења во Македонија, ја напуштило старата територија (Дебарско) и се преселило во централните области на Македонија. Така се формирале шест торбешки села во Скопско (Пагаруша, Д. Количани, Држилово, Цветово, Елово, Умово) и две во Велешко (Г. Врановци и Мелница). Ова население во новата христијанска средина се нашло уште поусамено, така што било упатено да живее уште позатворено.

8. Промените што настанале во религијата, а во врска со неа и во ред други области на животот (во обичаите, бракот, носијата, домашната архитектура), оставиле видни траги и во јазикот. Во рамките на истата дијалектна средина со време се издиференцирале две говорни варијанти, кои одговараат на двете етно-социјални групации. Дијалектни разлики денеска наоѓаме дури во говорот на едно исто село, ако во него живее мешано население. Како илустрација ќе го приведеме реканското село Ростуша, во кое соодносот меѓу торбешкото и христијанското население денеска изнесува 1:1, а пред 1960 г. тој изнесувал 1:5. Говорот на ова село во основата е дебарски од мијачки тип. Православното население по основните дијалектни особености карактеристични за ова подрачје готово не се разликува од малореканската мијачка група: **ǫ* е заменето со *о*, сек. *ъ*$_2$ исто така со *о* во сите позиции (*моска, итор, огон, седом*), *р̥* е слоговно, фонемата *њ* се пази, *х* преминало на крајот на слогот во *ф*. Отклонување од малореканскиот имаме само кај рефлексот на вокалното **l̥*, кое е овде заменето со *ол* (*полно* : *дно* во малореканскиот). Меѓутоа, бројот на диференцијалните црти со торбешкиот говор во истото село е многу поголем. Во торбешкиот говор, на пример, за назалот **ǫ* наоѓаме две вредности кои одговараат на две фонетски позиции: *å* (широко *о*) во еднозложни и двозложни зборови и *ą* во три- и повеќезложни форми, сп. *рåка, рåче*, но *рąката, рąцете, пåт, пåтот* спрема *пąтишта*. Вакво двојство наоѓаме и во континуантот за вокалното **l̥*: *вåлк* но *вąлците*, *вąлчица*. Поинаку се рефлектирал овде и *ъ*$_2$: *мåска* / *мąската*, *оган*, *итар*, *седум, осум*, *снåга* / *снąгата*. Консонантските групи *шт, жд* се пазат, *њ* затврднало: *којн, пилина*. Овој говор го карактеризираат и уште некои запазени архаични особености: се пази групата **čr̥-*: *чăрвец, чăрпит*, како и крајните *-ст*, *-шт*: *сист, пришт, дошт*; 3 л. едн. од 'сум' гласи *ести*. Во областа на лексиката овие две варијанти ги диференцира, главно, религиозната терминологија. Во говорот на Торбешите превладуваат турски лексички елементи, одн. арапски или персиски. Турското лексичко влијание во торбешкиот говор е поизразено и во други области на лексиката, на пример, во терминологиите сврзани со облеката, забавниот и духовниот живот, внатрешното уредување на куќата, во роднинската терминологија и др. Во овие области на лексиката може да се најде и по некој албански збор, како што се, на пример: *цуца* 'девојка', *нона* 'мајка' покрај *ана*, и др. – Вакви диференцирања меѓу говорот на Торбешите и македонското христијанско население во рамките на една населба во иста дијалектна област можат да се посматраат и на другите терени во западна Македонија, каде што има исламизирани Македонци (во Кичевско, Пореч е, Прилепско, Струшко).

9. Во говорот на селата со чисто торбешко население бројот на дијалектните диференцијални црти е знатно поголем. Во говорот на торбешкото село Жировница (во Горна Река, Дебарско) освен оние црти што ги истакнавме како карактеристични во говорот на ростушките Торбеши (континуантите *å–ą* за **ǫ*, *åл – ąл* за **l̥*, пазењето на **čr̥-*, *-ст*, *-шт*, глаголскиот облик *ести*) како диференцијални по однос на малореканскиот се јавуваат континуантите *år – ąр* за **r̥*: *пårст – пąрстите*, замената на сек. *ъ*$_2$ пред *м* во *а* : *осам*, пазењето на групите *тј, дј* во примери од типот *браќа, цвеќе, ливадје, оградје*, депалатализацијата на *њ*, пазењето на *ч* и во групата **čvr̥-*: *чвårст чвąрстина*. Во консонантиз-

мот особено сакаме да ги истакнеме процесите што настанале во врска со гласот *х*. На крајот на зборот зад *а, о* обично *х* се губи: *вра, гра, стра, сирома, вор, мо* покрај *моф*, зад *е* тоа се изменило во *ј*: *грej, мej*, понекогаш и зад *у* : *глуј, суј, пердуј*, но и *буф, кожуф*. Пред консонант најчесто е заменето со *ф* (*в*): *бувна, тивна, бофча*, и редовно така во наставките *-вме, -фте*. Само пред сонантот *л х* се загубило оставајќи должина на следната согласка како компензација: *ел:а, мел:ем, мол:а, чел:и*. Консонантските групи *с+ц, ч* и *ш+ч* овде, како и во градскиот охридски, останале неизменети: *бресче, восче, гросче, класче, масца, крушче,* во одделни примери се извршила само асимилација на *с* во *ш*: *квашче* (од *квас*). Во морфологијата жировничкиот од говорот на околните реканси села се разликува по множинската наставка *-е* кај именките на *-а* : *главе, еребице*, по наставката *-м* во 1 л. едн. на сегашното време: *викам, носам, сечам*, по промените во основниот вокал кај глаголите од *е-* и *и*-група, сп. 2 л. *бериш, сеиш, ткаиш, пиш, доржиш, броиш*, 3 л. *берет, пеет, ткает, спиет, чует, доржет, седет, броет*, во множината: *береме, седеме, берете, седете, берет, седет*.

10. Уште е посилна диференцијацијата во торбешките села што се наоѓаат во друго дијалектно опкружување. Говорот на Торбешите во велешките села Мелница и Г. Врановци, како и говорот на селото Долно Количани во сливот на Маркова Река (Скопско), ги има готово сите карактеристики на жировничкиот говор. Но во Мелница и Врановци во одделни примери сè уште се слуша слабо *х*: *зме*^{х}, *глу*^{х}, *су*^{х}, покрај *зме, су, бо*^{х}*ла, кре*^{х}*ко, ме*^{х}*лем, ни*^{х}*но, Ме*^{х}*мед, ти*^{х}*ко, зди*^{х}*на, ки*^{х}*нет, ма*^{х}*ни,* покрај *бо:ла, ме:лем, ни:но*.

11. И во говорот на Торбешите во споредба со матицата, како во охридскиот, можеме да посматраме два вида појави. Во прв ред се истакнува еден број архаични црти, кои во говорот на православното македонско население еволуирале и дале поинакви резултати. Такви се: **čŗ-*, **čvŗ-* (*чвáрст*), консонантските групи *-ст, -шт*; постар степен на еволуцијата претставуваат и групите *шт, жд (шч, жц)* место **tj *dj*, гласот *х*, групите *тј, дј, сц, сч, шч,* глаголскиот облик *ест-* во *есте*. Во говорот на православните села готово сите овие црти еволуирале: **čŗ-* > *цр* (*црви*), **čvŗ-* > *цвр* (*цврс*), *-ст* > *-с* (*лис*), *-шт* > *-ш* (*приш*), *х* > *ø* или *в*(*ф*), *тј* > *ќ*, *дј* > *ѓ*, *сц* > *фц*, *сч* > *фч*, *шч* > *фч*, (*мафца, мофче, круфче*); во нив превладуваат и примери со *ќ, ѓ* за **tj, *dj*, особено во афиксите.

Чувањето на поголем број архаични особености во торбешкиот говор нè упатува на заклучок дека во нив, по извршената исламизација и по изделувањето на Торбешите во посебна социјално-етничка групација, некои од порано започнатите процеси се развивале побавно отколку во говорот на православното население, кое повеќе контактирало и со другите македонски дијалектни подрачја. Така ред појави и до денеска останале во стадиум на развој, уште незавршени и несталожени. Најилустративен материјал во овој поглед ни дава гласот *х*. Во разни торбешки групи него го наоѓаме на разни степени од еволуцијата. Во мелничкиот говор, видовме, во некои позиции сè уште се среќава *х* во вид на слаба аспирација. Во говорот на скопските Торбеши и во некои реканси села тоа се загубило наполно. Во Жировница пак во одделни лексеми место *х* наоѓаме *в*, во други се развило *ј*.

12. Вториот вид го сочинуваат дијалектни особености што се развиле на торбешкиот терен и во рамките на тие говори се задржале како нивна специфичност. Во областа на фонетиката интересни процеси се откриваат при развојот на назалот *ǫ, секундарното ъ$_2$ и вокалните *ļ и *ŗ. Во говорот на православните мијачки села, вклучувајќи ги тука и мијачките оази во Велешко (Папрадиште и Ореше) и во Битолско (с. Смилево) во коренските слогови *ǫ и ъ$_2$ се заменети со *о* : *зоп̄, зоби, зобиṯе, зоп̄чиња*; *моска, москаṯа*; така и: *сноґа – сноґаṯа*. Во торбешките говори, видовме, овие два гласа се заменети со *а̊* и со *ạ*, во зависност од бројот на слоговите, т.е. од должината на зборот, негде и од местото на акцентот. Сонантите *р̥* и *л̥* во малореканскиот имаат вокална функција (*дрво, п̄но*), додека во торбешките говори пред сонантот се развил вокал кој обично се совпаѓа со континуантите на *ǫ и ъ$_2$: *а̊р - ạр, а̊л - ạл*. Повеќе иновации наоѓаме во морфологијата и во лексиката. Како морфолошка иновација во говорот на реканските Торбеши може да се истакне прегрупирањето на глаголите по основниот вокал, сп. *сечиш, носиш : сечеṯ, носеṯ*, множинската наставка *-е* кај именките на *-а*, дативната наставка *-еṯу* кај личните имиња на *-е* : *Сṯоле – Сṯолеṯу* (: *Сṯолеве* во малореканскиот). Во жировничкиот говор иновациони појави се уште: наставката *-м* во 1 л. едн. на сегашното време, заменските облици *нимнин, овимнин, онимнин, оваков, ниим,* употребата на предлогот *на* со директен објект (*ја п̄рашал на женаṯа*). – Лексиката на торбешките говори, се истакна погоре, е подновена со еден пласт зборови примени заедно со мухамеданската религија од турскиот јазик, а нешто малку и од албанскиот. Врз база на тој фонд се правени подоцна со словенска деривација и некои нови хибридни образувања, како на пример, спрема *мицо* ‘стрико’ и *мицојца* ‘стрина’, спрема *дајцо* ‘вујко’ – *дојцојца* ‘вујна’ и др. Важна лексичка диференцијација претставува во торбешкиот говор антропонимијата, која е целосно муслиманска.

Бројот на иновационите појави е уште поголем, особено во лексиката, во оние торбешки групи што рано се отцепиле од својата матица и формирале населби во друга дијалектна средина.

13. Процесите што настанале во дијалектното диференцирање и на охридскиот градски говор и на торбешките говори се многу слични. Од една страна, ред појави во тие говори останале незавршени и денес ни се претставуваат како архаизми во споредба со истите појави во другите македонски дијалекти. Од друга, се јавиле иновации што во матичните дијалектни зони не се познати и како такви станале особина само на тие говори (градскиот охридски, торбешките). Причините и во двата случаја се слични: тенденција односната социјална група (во едниот случај градска, во другиот религиозна) да го диференцира својот говор од говорот на другата група на истото дијалектно подрачје.

1968

10. МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК МЕЃУ БАЛКАНСКИТЕ СЛОВЕНСКИ И НЕСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ (ТЕЗИ)

Според концепцијата на Авторот, првиот дел од изданието "Дијалектите на македонскиот јазик" требаше да го затвори текстот под наслов "Македонскиот јазик меѓу балканските словенски и несловенски јазици". Тој го подготвуваше овој текст за XII меѓународен конгрес на славистите во Краков (август-септември 1998), но за жал не го доврши. Текстот реконструиран од белешките е објавен во македонските материјали посветени на Конгресот (Видоески, 1997). Овде ги приведуваме главните тези коишто Авторот планираше да ги елаборира во дефинитивниот текст.

Јас сакам да се задржам на две прашања од историјата на македонскиот јазик: на издвојувањето и почетоците на самостојниот развој на македонскиот дијасистем и на тоа што и колку иновационите процеси во натамошниот развој на тој систем им должат на соседните словенски и несловенски јазици. Првото од тие прашања е тесно поврзано со големиот настан во историјата на целиот словенски свет - подигнувањето на еден словенски дијалект до рангот на писмен јазик на словенската црква.

Македонскиот јазик се оформил врз говорот / говорите на словенските племиња што ги населиле географските области Македонија, Епир, Тесалија и областите на денешна јужна и средна Албанија. Нагласувам дека тој се оформил од **говорите**, што упатува на заклучок дека словенскиот јазик на овие терени и воопшто на Балканот во времето на неговата кодификација во 9 век егзистирал како **дијалектен** јазик со локални племенски разновидности кои, најверојатно, не биле големи.

Јазикот на словенските преводи солунските браќа го нарекле *словенски*, а во науката денеска тој се нарекува *старословенски* (најчесто) во опозиција на новите словенски јазици, негде *старацрковнословенски*, поради неговата многувековна функција во црковната богослужба. Кодификаторите јазикот го знаеле само како *словенски* (не бугарски, не македонски или под некое друго име).

Во времето на романтичарските заблуди бугарските лингвисти него го нарекувале *старобугарски*. А ако треба на тој јазик да му се менува името, тогаш најадекватно име и од географски и од историски мотиви би требало да биде *старомакедонски*. Тој термин го употребуваат некои лингвисти во алтернација со старословенски (A. Vaillant, Z. Gołąb).

Не е случајно дека во старословенскиот период токму македонскиот дијалектен комплекс, кој благодарение на зафатената територија бил во најблизок контакт со јазиците на високата култура и цивилизација, грчкиот и латинскиот, им го дал на Словените првиот писмен јазик и со тоа ги вклучил во кругот на европската цивилизација.

На територијата населена со македонските племиња рано се создало јако иновационо огниште кое довело до оформување на самостојниот македонски

дијасистем, кој во текот на својот развиток останувал во близок контакт со своите словенски и несловенски соседи.

Спомнатото старо иновационо огниште на територијата на македонското западно наречје, на денешната територија на т.н. централни говори, било активно низ целиот историски пат на македонскиот дијасистем и токму говорите затворени во тој круг со важни македонски иновации станале база на денешниот стандарден македонски јазик.

1998

БИБЛИОГРАФИЈА

АВАНЕСОВ, Р. И.
Очерки русской диалектологии, Москва 1949

БАРЈАКТАРЕВИЋ, Д.
Фонетске и морфолошке особине врањског говора, Врањски гласник, књ. 1, Врање 1965

БАРЈАКТАРЕВИЋ, Д.
Прешевско-бујановачка говорна област, Врањски гласник, књ. II, Врање 1966

БЕЛИЋ, А.
Галички дијалекат, Српски дијалектолошки зборник, књ. VII, Београд 1935

БЕЛИЋ, А.
Дијалекти Источне и Јужне Србије, Београд 1905

БЕЛИЋ, А.
О дијалекатском материјалу О. Броха у књизи "Die Dialekte des südlichsten Serbiens", Српски дијалектолошки зборник, књ. II, Београд 1911

БЕЛИЋ А.
Штокавски дијалекат, Станојевић: Енциклопедија, књ. IV, с. 1064-1077, Београд 1929

БЕРНШТАЙН, С.Б.
Македонский язык, Большая советская энциклопедия, XXXVII, с.743-744, Москва 1938

ВИДОЕСКИ, Божидар
Говорот на полошките торбешки села Урвич и Јеловјане, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, с. 21-32, Тетово 1973

ВИДОЕСКИ, Божидар
Говорот на селото Нестрам (Костурско), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XIV, 2, с. 47-78, Скопје 1989

ВИДОЕСКИ, Божидар
Југозападните македонски дијалекти со посебен осврт на битолскиот говорно подрачје, Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото, МАНУ, с. 87-97, Скопје 1988

ВИДОЕСКИ, Божо
Кумановскиот говор, Скопје 1962

ВИДОЕСКИ, Божидар
Македонскиот јазик меѓу балканските словенски и несловенски јазици, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XXII, 1-2, с. 7-14, Скопје 1997

ВИДОЕСКИ, Божо
Местото на акцентот во кратовскиот говор, Македонски јазик, III, 2, Скопје 1952а

ВИДОЕСКИ, Божидар
Околу придавките ***германски, немски, романски и румунски,*** Македонски јазик, III, Скопје 1952б

ВИДОЕСКИ, Божо
Поречкиот говор, Скопје 1950

ВИДОЕСКИ, Б.
Прилози за македонската дијалектологија: Гласот ***х*** *во охридскиот говор*, Македонски јазик, VI, 2, с. 113-123, Скопје 1955

ВИДОЕСКИ Божидар
Фонолошки описи на македонските говори, Fonološki opisi srpskohrvatskih/hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, Sarajevo 1981

ДЕСНИЦКАЯ, А. В.
Албанский язык и его диалекты, АН СССР, Ленинград 1968

ИВИЋ, П.
Дијалектологија српскохрватског језика, Нови Сад 1956

ИВИЋ, П.
Значај лингвистичке географије за упоредно и историско проучавање јужнословенских језика и њихових односа према осталим словенским језицима, Јужнословенски филолог, XXII, књ. 1-4, Београд 1957-1958

ИВИЋ, Павле
Основни аспекти структуре дијалекатске диференцијације, Македонски јазик, XI-XII, кн. 1-2, с. 81-103, Скопје 1960-1961

ИВКОВИЋ, М.
Акценатски системи српско-македонских говора, Јужнословенски филолог, II, 1921, с.254-271; IV, с. 46-71, Београд 1924

ИЛИЕВСКИ, Хр. Петар
Балканолошки лингвистички студии, Скопје 1988

ЈАШАР-НАСТЕВА, О.
Албански зборови во македонските тајни јазици, Македонски јазик, IV, Скопје 1953

ЈАШАР-НАСТЕВА, О.
Поглед врз туѓата лексика во македонските говори од костурско-корчанското дијалектно подрачје, Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото, МАНУ, с. 151-169, Скопје 1988

КОНЕСКИ, Б.
Загубата на интервокалното в во западномакедонските говори, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Историско-филолошки оддел, I, с. 111-128, Скопје 1948

КОНЕСКИ, Блаже
Историја на македонскиот јазик, Скопје 1965

КОНЕСКИ, Б.
Историја на македонскиот јазик, Поправено и дополнето издание, Скопје 1981

КОНЕСКИ, Блаже
Прилепскиот говор, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 2, Скопје 1949

НОВАКОВИЋ, Стојан
Ћ и ђ у македонским народним дијалектима, Глас Српске академије, XII, с. 1-53, Београд 1889

ПАВЛОВИЋ, Миливој
Говор Сретечке жупе, Српски дијалектолошки зборник, VIII, Београд 1939

ПЕЕВ, Коста
Дојранскиот говор, Македонистика 2, Скопје 1979

ПОПОВСКИ, Аритон
Македонскиот говор во гостиварскиот крај, Гостивар 1970

ПОПОВСКИ, Аритон
Реканскиот говор, Македонски јазик, X, 1-2, с. 107-154, Скопје 1959

РУЖИЧИЌ, Г.
Оцена на Белићевиот Галички дијалект, Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор, XVII, 1, с. 153-174, Београд 1937

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Говоры области Скопья, Македонски преглед, VII, 1, с. 45, София 1931а

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Македонские кодики XVI-XVIII веков, Очерки по исторической этнографии и диалектологии Македонии, София 1933

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Очерки по македонской диалектологии, I. Казань 1918

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Полог и его болгарское население, София 1929

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Славянское население в Албании, София 1931б

СТЕВАНОВИЋ, М.
Ђаковачки говор, Српски дијалектолошки зборник, књ. XI, Београд 1950

ТОДОРОВ, Цв.
Северозападните български говори, Сборник за народни умотворения и книжнина, кн. 41, София 1936

ТОПОЛИЊСКА, Зузана
За прагматичната и семантичката мотивација на морфосинтаксички балканизми, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XVI, с. 119-127, Скопје 1991

ТОПОЛИЊСКА, Зузана
Македонските дијалекти во Егејска Македонија, кн.1: *Синтакса*, I дел, МАНУ, Скопје 1995

ТОПОЛИЊСКА, Зузана
Статусот на формите ***свој, си*** *т.е. на т.н. повратна заменка во посвојна служба во јужномакедонските говори*, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, X, 2, с. 61-67, Скопје 1985

ТОШЕВ, Крум
Некои иновации и доразвивање на некои црти во градскиот струшки говор, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, I, 1, Скопје 1970

УМЛЕНСКИ, И.
Кюстендилският говор, Българска академия на науките, София 1865

УРОШЕВИЌ, А.
Охрид, Географска монографија, Филозофски факултет на Универзитетот – Скопје, Посебни изданија, кн. 8, Скопје 1957

ФИЛИПОВСКИ, Илија
Неготинскиот говор, Скопје 1952

ФРИДМАН, Виктор
Адмиративот во балканските јазици: Категорија против употреба, Македонски јазик, XXX, с. 125-129, Скопје 1980

ХРИСТОВ, П. Георги
По-забележителни особености на кукушко-дойранския говор, Македонски преглед, X, 1-2, София 1936

ЦОНЕВ, Б.
Към историята на българския език: А. Преглед върху българските говори, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, XIX, с. 1-88, София 1903

ЦОНЕВ, Б.
Увод в историята на българския език: А. Преглед върху българските говори, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, XVII, с. 354-425, София 1901

BARJAKTAREVIĆ, D.
Govorne osobine Gnjilana, Gjurmime albanologjike, Albanološka istraživanja 2, Priština 1965

BECI, Bahri
E folmja e Luznisë së Dibrës shqiptare, II, Tiranë, 1974

BĚLIČ, J.
Hranice mezi příbuznými jazyky a pomezni nářečni izoglosy, Československé přednášky pro V. mezinárodni sjezd slavistů v Sofii, Praha 1963

ÇELIKU, M.
Të folmet e Kavajës, Dialektologjia shqiptare, II, Tiranë 1974

GIANELLI, Ciro - VAILLANT, André
Un lexique macédonien du XVI-e siécle, Paris 1958

GOŁĄB, Z.
Conditionalis typu bałkańskiego w językach południowosłowiańskich ze szczególnym uwzględnieniem macedońskiego, Kraków 1964

IVIĆ, P.
Die serbokroatischen Dialekte, I, The Hague 1958

JAŠAR, O., KONESKI, B., VIDOESKI, B.
Les contacts entre les parlers macédoniens et albanais, Skopje 1974

KONESKI, B.
A Historical Phonology of the Macedonian Language, Heidelberg 1983

KONESKI, B.
Makedonski jezik, Enciklopedija Jugoslavije, t. 4, Zagreb 1960

KONESKI, B., VIDOESKI, B., JAŠAR-NASTEVA, O.
Distribution des balkanismes en Macédonien, Skopje, 1966

KRISTOPHSON, J. (ed.)
Das Lexikon Tetraglosson des Daniil Moschopolitis, Zeitschrift für Balkanologie, X, 1, München 1974

MAŁECKI, M.
Cechy bałkańskie w językach Macedonji, Sprawozdania PAU, XL, 2, Kraków 1935

MAŁECKI, M.
Drobiazgi z Macedonji, Lud słowiański, III, 2, Kraków 1934

MAŁECKI, M.
Systemy wokalne języków bałkańskich, Sprawozdania PAU, XXX, Kraków 1933

MASING, L.
Zur Laut und Akzentlehre der macedonischen Dialekte, St. Petersburg 1891

MAZON, A.
Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, Paris 1936

MULAKU, L. - BARDHI, M.
Mbi të folmen shqipe të peshterit, Gjurmime albanologjike, 2, Prishtinë 1974

RUŽIČIĆ, G.
Genetički dualizam maćedonskih govora, Księga referatów II Międzynarodowego Zjazdu slawistów, Sekcja I: Językoznawstwo, s. 105-107, Warszawa 1934

SAWICKA, Irena
Uwagi w związku z wokalizacją słabych jerów w południowej słowiańszczyźnie, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XVI, 1, с. 109-112, Скопје 1991

ŠERECH, J.
Zur ukrainisch-weissruthenischen Sprachgrenze, Orbis, Bulletin Internationel de Documentation Linguistique, t. II, 1, Louvain 1953

VAILLANT, A.
L'évangéliaire de Kulakia: Un parler slave du Bas-Vardar, Paris 1938

VASMER, M.
Die Slaven in Griechenland, Berlin 1941

ДЕЛ II

МОНОГРАФИИ НА ОСНОВНИТЕ ГОВОРНИ КОМПЛЕКСИ

Врз овој, централен дел на „Дијалектите на македонскиот јазик“ Авторот работел до своите последни денови. Со монографски студии целосно е покриено западното наречје и ареалот на северните говори, додека за југоисточното наречје недостасуваат синтетски студии за некои преодни говорни комплекси, како и за деловите од територијата обработувани од учениците на Авторот – сп. го подеталниот коментар во воведот кон „Југоисточното наречје“ во вториот том од ова издание.

Распоредот на материјалот во овој втор дел од трудот „Дијалекти на македонскиот јазик“ е утврден според авторизираната од Б. Видоески концепција на поделбата на македонскиот јазичен ареал претставена во првата глава од првиот дел на овој том (сп. ги сс. 9-31 и приклучената карта).

Монографиите на одделните говорни комплекси се даваат во оригинална форма, што значи дека секоја од нив покрај диференцијалните црти што го карактеризираат соодветниот говорен тип носи и преглед на сите особини што го поврзуваат тој тип со другите дијалекти на македонскиот јазик и што го одредуваат неговото место меѓу нив. Оттука извесни повторувања и преклопувања меѓу одделните глави. Веројатно Авторот, да можел сам да го уредува овој дел од изданието, би знаел на минимум да ги сведе повторувањата. Сепак, со оглед на фактот дека од перспектива на различни говорни типови истите структурни особини имаат различна вредност и различно се вместуваат во целоснатa слика на дадениот систем, на мислење сме дека извесна редунданција во описот не само што не претставува пречка, туку може и да придонесе за покомплетно претставување на опишуваните состојби.

ЗАПАДНО НАРЕЧЈЕ

Монографијата на западното наречје ја отвораат две глави во кои Авторот ги утврдува северните граници на тоа наречје: во Полог и во Скопско. Ipso facto предмет на описот и анализата во тие глави се и граничните говори од северната група. Деталниот опис на северните скопско-црногорски говори е даден и во главата посветена на северните говори во вториот том од ова издание, додека оној дел од Полог што според лингвистичката класификација им припаѓа на северните говори е претставен само овде во рамките на „Западното наречје".

Следат главите посветени соодветно на централните и на периферните: дебарските, охридско-струшките и преспанските.

Описот на западното наречје го затвораат глави посветени на говорите на исламизираните Македонци во западна Македонија и на македонските говори во Албанија. Говорите на исламизираните Македонци во голема мера се опфатени и во претходните две глави (3 и 4). Сепак, главата 5, која ги опфаќа и директно ги конфронтира сите нив, дозволува многу попрецизно и посистематски од типолошка гледна точка да се претстават паралелите и разликите во говорот на исламизираните Македонци и нивните православни соседи, како и да се следи процесот на вековното преместување на носителите на македонските дијалекти на правецот: запад > исток.

Што се однесува до македонските говори во Албанија, повеќето од нив му припаѓаат на западното наречје и се претставени во главите 3 и 4, меѓутоа главата 6 носи подетален опис, а ги опфаќа и најјужните македонски говори во Албанија коишто директно се надоврзуваат на костурскиот говорен комплекс од југоисточното наречје.

Забелешка: за да се олесни следењето на текстот, врз содржаниот во него опис на границите на одделните говорни разновидности, направени се шематски карти за главите 2, 3, 4.2., 4.3. и 6.

1. КОН РАЗГРАНИЧУВАЊЕТО НА ПОЛОШКИТЕ ГОВОРИ

Иако за полошките говори се има пишувано релативно најмногу во споредба со другите македонски дијалекти (сп. Ивановъ, 1909 : 61-66; Селищев, 1915 : 1-33, 1929 : 281-437; Павловић, 1932 : 168-178, 1933 : 253-254; Стаматоски, 1956 : 210-242, 1957 : 91-115), ние сè уште немаме јасна слика колку говорни типа егзистираат на ова подрачје и како одат нивните граници. Целта на оваа глава е да се покаже со методот на лингвистичката географија дијалектната диференцијација на оваа област, обрнувајќи особено внимание на оние говорни единици и на оние појави што се најмалку познати[1].

Можеме веднаш да констатираме дека на полошката јазична територија јасно се изделуваат три говорни типа, од кои двата се основни и едниот преоден (в. карта 1).

Една поголема говорна целост образуваат селата во Горни Полог (тип *А* или *гостиварски говор*).

Вториот основен тип (тип *Б* или *вратнички говор*) го сочинуваат т.н. подгорски села. Тука спаѓаат крајните северни долнополошки села: Рогачево, Старо Село, Вратница (кое е најголемо во оваа група села), Беловиште, Одри, и како гранични села се Јелошник, Доброште, Брезно и Теарце.

Третиот говорен тип (*В* или *тетовски говор*) го репрезентира градскиот тетовски говор и говорите на тетовските села што се наоѓаат меѓу реката Маздрача, која го дели Полог на две географски целини – горни и долни, и Дервенската Клисура.

*
* *

Гостиварскиот говор и по фонетските особености и по својата граматичка структура спаѓа во западното македонско наречје. Со другите западни говори него го сврзуваат покрај:

I 1. третосложниот акцент;

2. јасниот изговор на вокалите независно од акцентската позиција;

3. губењето на интервокалното *в*;

4. отсуството на фонемата *х* и замената на овој глас на крајот на зборот и пред консонант со *в* или *ф* (*меф, кожуф, јавна*);

5. појавата на протетичко *j* пред рефлексот на **ǫ* во иницијална позиција (*јăже, јăток*);

6. тројниот член;

---

[1] Материјалот што ќе биде приведен забележен е од мене за време на дијалектните испитувања во 1956, 1959 и 1960 година.

7. разликувањето на општата форма од номинативната кај личните и роднинските имиња од машки род (*Милан – Милана, Марко – Марко̄та, Пе̄тре – Пе̄трета* итн.);

8. употребата на глаголските форми со 'има /нема' + глаголската придавка во среден род;

9. употребата на глаголски форми од типот *сум дојден*;

10. патронимичниот суфикс *-овци / -евци*;

11. употребата на предлогот *од* за изразување посвојност;

уште и следниве црти:

II 12. замената на *ъ, *ь со *о, е* во сите позиции;

13. предлогот *в* (*во*);

14. појавата на протетичко *в* во примерите како *вујко, вујна, визба*;

15. замената на групите **сvь* и **звь* во *цу-, су-* (*цӯт, цӯтит, осуна*);

16. мешањето на носовките зад *ј* (сп. *јӑзик, јӑчмен, јӑтӑрва, јӑг̄ул'а, јӑнsа, зајак*);

17. рефлексот *о* место сек. $ъ_2$ пред *л* (*рекол, пе̄кол*);

18. развојот на согласничките групи *с, з, ш* + *ч, ц* (*мафца, мофче, опафче*);

19. промената на консонантската група *бн* во *мн* (*демне, семне*);

20. затврднувањето на старото **п'* пред предните вокали (*не̄го, нива, кнӣга*);

21. обликот *уште*;

потоа:

22. множинската наставка *-и* кај именките што завршуваат во еднина на *-а* (*жени*);

23. заменската форма *то̄ј* во својство на лична заменка;

24. акузативниот облик за машки род од оваа заменка *не̄го, ̄го*;

25. акузативните форми *неа, ја* или *је* за женски род;

26. кратката заменска форма *и* во акузатив множина (*нив и*);

27. дативниот облик за женски род *нејзи – нејзе*;

28. заменката *свекој*;

29-31. глаголските наставки *-ме* (*носиме*), *-вме* (*носивме*) и *-т̄* во 3 лице множина на сегашното време (*носа̄т*);

32. образувањето на идното-минато и идното прекажано време;

33. деминутивниот суфикс *-уле* (*де̄туле, устӯле*) и др.

Извесен број црти гостиварскиот говор го сврзуваат посебно со кичевско-поречкиот и дебарските говори.

Со кичевско-поречкото подрачје го сврзуваат:

III 34. вокалот *у* место сек. $ъ_2$ пред *м* (*седум, осум, сум*);

35. пазењето на консонантските групи *сто̄р, здр* (*сестра̄, здравје*);

36. вметнувањето на нови *т̄, д* меѓу *с - р, з - р, ж - р,* (*стра̄м, стреда, здрел, ждребе*);

37. фонетската измена на групата *-ница* во *-јница* (*водејница, то̄пејница*);

38. употребата на кратката заменска форма *му* и во датив за женски род (*му рече на жената, му рече Мари*);

39. акузативниот облик *је* место литературното *ја* (*еленчето је лижало то̄полата*);

40. пазењето на синтетичката дативна форма кај личните и роднинските имиња од машки и женски род (*му реков Стојану, Николу, Јошету, татко, Стефки, стрини*);

41. факултативната употреба на наставката *-м* во 1 л. едн. на сегашното време (*вика-м, носа-м*);

42. наставката *-т* во 3 лице еднина на сегашното време (*викат, носит, јадет*);

43. предлогот *кон* со значење правец на движењето.

Цртите под бројот 36–43 карактеристични се и за дебарските говори.

44. Без сомнение дебарска е особеност и предлогот *кеј* (или *кај*) кој се среќава во целиот Полог;

45. во југозападниот дел на овој говор се среќаваат глаголски образувања од типот *купоат, кажоат* (Вруток), кои во Западна Македонија ги познаваат уште некои дебарски говори;

46–47. личните заменки *ја* за 1 л. едн. и *мие* во множината;

48. императивната наставка *-ите* кај глаголите од *е-* и *и*-група (*носите, јадите*);

49. и затврднувањето на старото палатално **l′* до полумек изговор (*недел'а, л'утит*), карактеристични се и за поречко-кичевските и за дебарските говори, но исто така нив ги наоѓаме и на целата долнополошка говорна област.

На горнополошкиот терен можат најпосле да се изделат и неколку дијалектни особености со кои гостиварскиот говор се разликува од сите околни говори.

IV 50. Носовката **ǫ* овде е заменета со *ă*: *гнăс, грăди, дăт, зăби, јăже, јăдица, кăде, мăжи, прăчка, рăка, скăпо, сăдој* – и редовно така во коренските слогови, освен во *голут, муќејница* и во оние случаи што се среќаваат со *у* и во појужните наши дијалекти (како *гуска, гужва* итн.).

51. Се разбира ваква вредност има и место *ъ*$_2$: *бăдник, măгла, măска, лăже* (Вруток, Сретково).

52. Посебен развиток, различен од соседните говори, овде имало и **ļ*. Пред сонантот *л* се развило *ă* кое ја презело слоговната функција од *ļ*: *вăлк, вăлна, гăлтат, дăлго, жăлто, кăлнет, кăлк, сăлза, ăлцна* и др., значи во сите позиции имаме вредност *ăл*, освен во *бăа* и *сăнце* (покрај *буа*), каде што се загубило *л* подоцна пред сонантите *в* и *н*, и во зборот *Бугарин*.

53. Сличен развој преживеало и **ŗ*: *бăргo, дăрво, дăржит, пăрсти, цăрно* и др.

54. Сек. *ъ*$_2$ пред крајното *р* се заменил овде со *е* : *бистер, ветер, итер, јадер, модер*. Оваа црта, ќе видиме подоцна, се проширила и на еден дел од долнополошкото подрачје.

55. Во оваа група особености посебно сакам да ги истакнам примерите како: *знăм, снăга* (покрај *знам, зна*), каде што место *а* наоѓаме *ă*. Јас овде не би рекол дека повишувањето на артикулацијата на *а* накај *ă* дошло под влијание на соседниот назален консонант. Повеќе сум склон да верувам дека вокалот *а*

се назализирал, се добило *ą* како што претполага Белиќ за галичкиот говор (Белић, 1935 : 81), кое после се развивало како и рефлексот на носовката **ǫ*.

*

* *

Вратничкиот ѓовор (наш тип *Б*) како по денешниот фонетско-фонолошки и граматички состав така и по тенденциите во развојот на ред појави покажува неоспорна генетска врска со нашите северни говори и со граничните српски дијалекти. Со северните говори него го сврзуваат околу педесет само фонетски и граматичко-структурни црти. Северномакедонски црти во него се следните.

I 1. И во овој говор како во северните полугласките **ъ, *ь* дале еднаква вредност – вокалот *ă* кој во неакцентирана позиција се изговара знатно пошироко (*ạ*), поблиску до *а*, но кој сѐ уште не е *а*. Ваков резултат место споменативе два гласа наоѓаме не само во коренските слогови, туку и во афиксите. Сп.: *дăш, бăчва, вăшка, зăлва, кăт, сăн, сăт, мăкне, тăкне, мăф, тăкмо; дăн, дăнăска, вăздạн, дăњом, дăница, Велидạн* покрај *Велидан, Митроан, Петроан, лăсно, лăко, полăко, лăн, пăкал, опăнци, пăс, тăмно, тăмница; сăпка, сăпне, сăбери, ќе ѓа сăшије, сăкри ѓа, сạбл'ечи се; јутạк, ручạк, петạк, песạк, ретạк, чуекạт, патлижанạт, шамарạт; орạл, котạл, петạл, мрдоạц, слепạц, конạц, јазоạц, тетоạц; едạн, ѓладạн, жедạн,* но и: *петак, квасац, едан, пресан* и др.

Неколку исклучоци, на пример, *сеѓа, пењушка, шепнем* или *собор*, предлогот *со* – можат да се објаснат лесно; *овос* (после и *овозạн*) е ново преобразување извршено на овој терен.

Доследна замена на споменативе два гласа со *ă* наоѓаме сѐ до селото Одри. Јужно од ова село се среќаваат паралелно и примери со *о* < **ъ*, *е* < **ь*, особено во афиксите. Во Теарце имам забележано: *бăчва, вăшк'е, зăлва, тăѓа, дăш, сăн, дăн, лăн, лăко, пăсјо,* но веќе *б'озојна, бос, моф*; покрај *зăвре, сăпна, сăбрало* и *одопне, собуеш, сосема*. Во суфиксите пак превладуваат рефлексите *о, е*, поретко се јавува *ă*, во некои случаи и *а*, сп. покрај *петак, – четвăрток, снисок, тăнок, опăнок, ручек,* редовно *лакăт, нокăт, петал, орал*; покрај *болан, едан* и *ѓладен, жеден, овен*, покрај *остањ* и *ражењ*, потоа *јарем, овес, оцет, палец, живец, конец*, но *старац, мрдоац*. Јужно од Теарце во суфиксите вокалот *ă* како замена за **ъ, *ь* готово не се среќава, а во коренските слогови во поодделни случаи како лексикализирана појава го наоѓаме дури во Челопек. Спрема тоа во поглед на оваа црта на полошкиот терен можеме да поставиме три изоглоси: едната поминува малу нешто јужно од Вратница, втората – која го разграничува рефлексот *ă* и *о, е* во суфиксите – поминува јужно од Теарце, и третата јужно од Челопек, од каде што почнува ареата на *о, е* како единствена замена за **ъ, *ь*.

2. Ваква вредност има и место сек. $ъ_2$ во примерите од групата *бăдњик, лăже, лăжѓо, мăѓла, мăска, тăнко* (исклучок претставува зборот *лојца* со изведениците *лојчка, лојчарник*);

3. потоа пред крајното *л*: *рекạл, секạл, улеѓạл*;

4. и во групата *-*trъ*: *бисạр, ведạр, ветạр, ветạр, добạр, итạр, модạр, мокạр, осạр*, во посеверните села уште и *ѓабạр, свекạр*.

Изоглосите на последниве две црти поминуваат јужно од Теарце но северно од Тетово и Лешок.

5. **vъ* > *у* : *иде у Тетово*:; *унесе, уденуаш, улаѓам* (= 'влегувам'), *упила*, *унутра*, *унук*, *'удојца*.

6. Место групите **cvь-* и **svь-* има *цӑф-, сӑв-*: *цӑфти, осӑмна*. Оваа црта северните говори ги поврзува со источното наречје.

7. Носовката **ǫ* дала *у* и тоа не само во коренските слогови туку и во ред случаи во афиксите: *ѓ'усенце, желудаць, зазубица, јуже, јутак, јутур, кудел'а, куснем, кукул', кутњи зуби, куде, лук* (= лака), *лучимо*, *мудро, м'уќенца, се омужи, обруч, потрук, путац, двапута, пупак, понуда, пруќе, паук, паучина, сруѓа, трут, отудаја, удица, углењ, унутра* и др.

Поинаква вредност за **ǫ* во оваа позиција се среќава само во примерите *ѓӑс, ѓнӑс, ѓрӑди* и нивните деривати, сп. *ѓӑзӑрӑк, назӑдѓӑзом*, *подѓӑзник, наѓӑзачк'и*. Но овие примери не чинат исклучок само на овој дел од северните говори, туку се јавуваат готово на целиот појас од Шар до Осоговските планини. Во посеверните подгорски села *у* место **ǫ* има и во општата форма кај именките на *-а* : *викни ѓу Стојну*, *имам добру куќу*, *истерај ѓу кокошкуну* (Рогачево).

8. Мешањето на носовките овде не е одразено: *јетрва, једро, јечи*, *јечмењ, језик*, *јеѓул'а*, *јетро* (во орев); *јанsа* и *зајак*, множина *зајци*, во оваа форма се јавуваат на целиот македонски север.

9. Во развојот на вокалното **ļ* меѓу вратничкиот и другите северни говори постои апсолутна идентичност: зад денталните согласки има вредност *лӑ* : *длӑѓо, длӑбоко, слӑза, слӑнце, слӑпка, слӑбица, тлӑцањ*, зад неденталните *у* : *буе, вуна, вук, јабуке, музе, пуно, пужел', пуф, жуња, жутац* (во јајце), *кук, кучиста*, но *кӑлне, ѓлита*. Јужната изоглоса на овие два рефлекса не се поклопува. Примерите со *у* превладуваат до линијата Доброште – Јелошник, а веќе јужно од овие села сѐ се почести случаите со *ӑл*, додека *у* се задржало само во неколку збора. Во Теарце забележив *вӑлна, вӑлк, мӑлзница, пӑлжењ, пӑлӑн, пӑлно, кӑлк, ѓӑлта, кӑлчиста, жӑлчка, жӑлња,* но *буа, јабука, пуф*. Изоглосата пак на *лӑ* < **ļ* допира дури до с. Милетино во Горни Полог.

10. Од вокализмот за овој говор карактеристични се уште формите *трава* и *ора*, во Теарце *ораф*,

11. и поширокиот изговор на нагласените *е, о* : *бєло, лєѓав, ѓлєжањ, Пєткојца, сєдив; дэпира, кэса, рэса, сэба*. И двете црти им се заеднички на сите северни говори.

Од областа на консонантизмот вратничкиот говор со северните го сврзуваат:

12. чувањето на мекото *њ* во сите позиции, сп. *њива, њеѓа, њеѓова, њему, њу, њојзе, пењушка, књиѓа, заврањ* итн.;

13. појавата на аналошко *њ* во многу случаи: *камењ, корењ, прстењ, бршлењ, пршлењ, черењ, ремењ, ѓребењ, ражењ, остањ, бутињ, трњ, троњ*;

14. прејотацијата на почетното *е* : *јечмењ, језик, јеш, језеро, јела, јелењ, јесењ, јелек*;

15. силната палатализација на *к, ѓ* пред предните вокали: *вӑшк'е*, *јабук'е, сојк'е, к'ирија, к'ипка*, вок. *Ратк'е, Менк*'е, дат. *мајк'е, тетк'е, – књиѓ'е, ноѓ'е, друѓ'и, блаѓ'и*;

16. пазењето на групите *сч, сц, шч: квасче, восче, крсче, месце, ѓрошче, ношче, опашче*;

17. како и на групата *бн*: *дебне* (Вратница, Теарце);

18. дисимилацијата на *мн* > *мл*: *млоґо*, *млозина*;

19. отсуството на протетичкото *в* во *ујко*, *ујна*, *изба*;

20. промената на *мј* > *мњ*: *земња*, *Дамњан*, *тамњан* покрај *тамјан*, *ламња*;

21. промените настанати во примерите: *пламња*, *ґламња*, – *коњшија*;

22. сличен развој со другите северни говори покажува и гласот *х* на крајот на зборот и пред консонант: *Вла, ґра, сра, пра, ора, сирома*, – *прна*, *да издинем*, *буна водата*, *дуна ветарат*, *мана*, *мул'осан, нино, мел'ем, чере*. Не се непознати меѓутоа и примери со *в* (*ф*): *крефко, пифтија*; редовно тоа се јавува во граматичките морфеми: *реков, зедов, бевмо, рековмо* одн. *беўмо, рекоўмо*, и спорадично во говорот на постарите *беумо, рекоумо*. Примери со билабијално *ў* (во наставката *-вмо*), кое е понекогаш и доста слабо артикулирано, не се ретка појава во разгледуваниов говор. Ги имам слушано дури и во тетовските села Ратае, Сиричино, Прељубиште. Изговорот пак *γ*, кој е констатиран и од Селишчева (Селищев, 1929 : 323), се среќава само спорадично во говорот на постарото поколение.

Во вратничкиот говор во врска со гласот *х* има и една иновација која е локализирана само на крајните северни села (Вратница, Рогачево). На апсолутниот крај на зборот зад вокалот *е х* > *ј*: *ґреј, мej*, а зад *у* место *х* редовно стои *в*: *ґлув, кожув, пердув, сув*. Зад *а*, видовме, *х* > *ϕ*.

Не е мал ни бројот на граматичките особености што го сврзуваат говорот на вратничката група села со северната дијалектна зона.

23. Дативната форма кај личните и роднинските имиња од женски род завршува на *-е* како во Скопска Црногорија: *речи је Јаґоде*, *Стојанице*, *је дадов Коце паре*, *мајк'е ми*, *сестре ти*.

24. Жив е на овој терен и посесивниот датив: *Речи му на детето Јоану Чауш. – Чиво је она дете? Славету Шаро. – Чива је куќава? Матоту Савев.*

25. Именките на *-а* множина образуваат со наставката *-е* : *дејк'е*, *жене*.

26. Обични се и овде множинските образувања со наставката *-ики* : *капачик'и, полик'и, телик'и*, *кучик'и,* покрај *телиња* итн.

27. Покрај *-офци* како патронимичен суфикс се употребува и *-ови* > *оі*: *Ванчоі, Марко і, Николоі. Марко од коа фамилија е? Од Маринкоі.*

28. Лични заменки за 3 л. се: *он, она, оно, они*.

29. Општата форма од *он*, *оно* завршува на *-а* : *њеґа*, кратката *ґа*; сп. и: *овоґа, оноґа, тоґа, некоґа, коґа*.

30. Место западномакедонската форма *нејзе* (*нејзи*) овде се употребува *њојзе* : *њојзе је рекле*, сп. и *овојзе, онојзе, њојзин, овојзин*, *онојзин*. На југ овие облици спорадично се јавуваат до линијата Лешок – Јегуновце.

31. Акузативните форми од *она* гласат *њу, ґу*. Изоглосата на оваа црта минува во близината на с. Теарце. Но во ова село можат да се сретнат наспоредно и *њејзу*, *ґо* : *Њу сом ґо видела*, *Иди викни ґо Донка*, *Њејзу ґо* (*ґу*) *видоф*.

32. Исто така на југ до Теарце се простира и ареата на множинската акузативна форма *њи*, додека јужната граница на *ґ'и* допира до линијата Милетино – Горјане.

33. Од другите заменки интересни се за дијалектното диференцирање општата *сваки, свакоа, свакое*;

34. прашалната *чив, чива, чиво, чиви*;
35. посвојните *њин, њина, њино, њини*;
36. и кратката дативна форма *је* (*речи је Јаѓоде*).

Разликите меѓу северните говори и другите македонски дијалекти во конјугацијата се однесуваат главно на презентските наставки во 1 л. едн. и 1 и 2 л. множина, потоа на аористните и имперфектните наставки, како и на образувањето на формите за идно-минато и идно прекажано време. Вратничкиот говор во повеќето од споменативе случаи се слага со северните говори.

37. Во 1 л. едн. генерализирана е наставката *-м*;

38. 1 л. множ. завршува на *-мо* : *имамо*, *работамо*,

39. а 3 л. множина на *-в*, кое најчесто се изговара билабијално (*ў*): *имаў, викаў, носиў, ткајеў, идеў*. Не се непознати и форми со *у* : *береу*, *збирау*.

40.Како што се гледа од приведениве примери, во сите лица на сегашно време се генерализирал еден основен вокал: *носи-м, носи-мо, носи-ў*, или *ткае-м, ткае-мо, ткае-ў* (*ткаје-у*).

Формите на *-в* (*ў*) во 3 л. мн. можат да се сретнат на југ до Теарце, а наставката *-мо* обична е дури и во Челопек.

41. Третото лице мн. од помошниот глагол 'сум' гласи *са* (*ѧ*). Оваа форма продрела и во горнополошките села.

42. Идното-минато време најчесто гласи како во западните говори: *За малку ќе паднев*, *ќе гу окршив ногата*; *он ќе паднеше, они ќе паднеа* (Вратница). Или пак со *да* : *Он за мало ќе да паднеше. Уш за мало колава ќе да пропаднеше. Ќе да се потепаја да ги не отмаўмо* (Теарце). Но не се непознати и примери со *ќеше* и презентот со *да* : *Ќеше да падне колата, ако не гу потпреше*, *Се нал'ути, ќеше да га удри, За двапри ноќа ќеше да умре, Да не беше Тито, Г'ерманија ќеше да не обере* (Вратница).

43. Идно прекажано време се употребува мошне ретко. Таму каде што се употребува тоа во западните говори, овде ќе дојде најчесто потенцијал. Сп.: *Да беше дал пари, би ти чуал патлицани. Да можев, би дошла*, или: *Да сам можела, би дошла.*

44. Исто така ретки се и формите од типот *има дојдено* и *е дојден*. Перфектот овде е основен облик за искажување минати резултативни дејства.

Од службените зборови заслужуваат внимание:

45. предлозите *врз*, *више* и *уз*, кои се среќаваат и во горно-полошкиот говор;

46–48. и сврзниците: *чим* со временско и причинско значење *(Чим га виделе побегнале)*, *неголи* со начинско-поредбено (*Поарно је да копам у рудник неголи да седим без работа*) и *буди* во ваков тип искази: *Буди сам сирома, па сам и болан* (Вратница). Изоглосите на првите два сврзника ги преминуваат границите на полошките говори. Сврзникот *буди*, познат и во другите северни говори, може да се сретне спорадично уште во тетовскиот говор.

Патем да споменам дека сврзникот *оти* овде не се употребува.

49. Во поглед на зборообразувањето интересно е да се одбележи северномакедонскиот суфикс *-оња* : *лигоња* ('лигуш, лигле'), *сивоња*;

50. *-оќа* : *лошоќа, чистоќа* (покрај пообичните *лошотија, чистотија*);

51. широката употреба на образувањата со *-етина* : *женетина, бабетина, куќетина, краветина*;

52. и отсуството на деминутивниот суфикс *-уле*.

Тие се главно најкарактеристичните северномакедонски дијалектни црти во вратничкиот говор.

Треба посебно да се истакнат и неколку особености што се јавуваат како диференцијални по однос на другите полошки говори, а не се типични ни за северниот дијалектен појас.

II 1. На прво место заслужуваат внимание некои акцентски специфичности. И во студиите на Селишчева (Селищев, 1929 : 382) и кај Стаматоски (Стаматоски, 1956 : 242) истакнато е дека во долнополошките говори во сите случаи каде што по фонетски пат дошло до скратување бројот на слоговите во повеќесложните зборови акцентот се префрлил за еден слог кон почетокот со тенденција да се задржи на третиот слог по општото правило. На пример: *л'убенца, м'уќенца, бог'ороіца, Сп'ироіца, 'удоіца, в'етроіте, в'олоіте, кал'аісање, н'апраіле, раб'отаіќи*. Во овие и слични други случаи нема сомнение дека префрлањето на акцентот настанало по извршената промена на слоговната структура (во гласовите).

2. Вратничкиот говор, како и тетовскиот, од западното наречје отстапува и во поглед на акцентирањето на синтагматските споеви од предлог и именка (заменка). Во него, како и во скопскоцрногорскиот говор, во такви состави акцентот не преоѓа на предлогот, сп. *Иде от-п'оле, ѓа фрли у-дв'ор, шета низ-гр'ат, се враќа од-д'ома, стои пред-њ'ега, тргнале со-т'ебе*.

3. Гласот *л'* пред предните вокали се изговара нешто малу помеко отколку во другите полошки говори: *дел'и, л'ивада, л'ице, л'исица, мол'и, сл'ива, сол'и, – гол'ем, л'ето, л'епи, кол'е, сл'ело*. Оваа појава се наоѓа уште во процес. Од другите околни говори констатирана е досега само во некои југозападни црногорски села.

4. Порано истакнавме дека судбината на согласката *х* на крајот на зборот била условена од фонетската позиција: зад *е* таа се изменила во *ј* (*грејо, мејо*), зад *у* дала *в* (*ф*), а зад *а* се загубила наполно.

5. Посебен развој овде имал и сек. *ъ*$_2$ пред *м*: *седом, седомдесе, осом, сом* (и *сам*). Ваква вредност за *ъ*$_2$ во споменатава позиција се среќава во сите подгорски села, вклучувајќи го тука и Теарце. Во Лешок веќе приведениве примери се употребуваат во формата со *у* : *седум, осум*.

6. Преградните *т, д* во групите *стр, здр* редовно се губат: *сесра, срук, сруже, срана, зраф*.

7. Локализирани се на овој терен демонстративната заменка за машки род *таја* (*таја-чуек*) образувана спрема *овја, онја (оња)*,

8. и кратката дативна форма *јем* (*ним јем дадов*). Последнава се употребува редовно и во Теарце (почесто без *ј*: *ем*), а поретко може да се чуе и во градскиот тетовски говор.

9. Именките *ора, рукав* множина образуваат со наставката *-е* : *орае, рукае*.

10. Глаголите на *-ува* овде одат по *а*-група: *веруаш, кажуам, се збунуаш, купуа, се свр̄туа, отиднуамо, утепуамо*. И во црногорскиот и во тетовскиот говор овој тип глаголи се од *е*-група.

За да се добие еден општ преглед на вратничкиот говор, ќе ги споменам на крајот и оние црти што се диференцијални на полошкото говорно подрачје. Такви се:

III 1. Вредноста *и* место *ъ*$_2$ во зборот *ог̄ињ*;

2. затврднувањето на мекото **l′* до неутрално, средно *л'*: *кл'уч, л'уди, дел'а*;

3. рефлексите *ќ, ѓ* < **tj, *kt′, *dj*: *божиќ, вруќ, маќија, пом̄оќ, имуќӑн, меѓњик* итн., освен во *пл̄ешка, синошни* (*г̄ра*), *понапрешни*;

4. изговорот *шт̄, жд*: *ог̄ништ̄е, дӑждој̣*;

5. губењето на интервокалното *в*: *дејче, неест̄а, неол'а, жиот̄иња, за п̄раина, п̄оесмо, п̄рао, коем, п'олој̣на, чуек, напраа, озрае*;

6. губењето на интервокалното *ј* во некои случаи: *п̄оас, моа, т̄воа, свакоа*;

7. пазењето на согласките *т̄, д* пред африкатите *ч, ц*: *рит̄че, жит̄це, корит̄це*;

8. губењето на консонантот *п̄* пред *ч, ц*: *ченца, ченка, ченкар'ан-леп̄, цојса,* но *цп̄уе* (= *т̄цуе*; за да не се деформира зборот се извршила метатеза);

9. губењето на крајните *т̄, д* во согласничките групи *-ст̄, -шт̄, -зд*, *-жд*: *болес, веш, дӑш*;

10. согласничката група *зј*: *лозје*, *г̄розје*;

11. обезвучувањето на крајните звучни согласки;

12. генерализирањето на множинската наставка *-ови* > *-ој̣* : *крајој̣, рој̣ој̣*;

13. промената на граматичкиот род кај именките од типот *ноќ, ст̄арос* итн.: *ноќат̄, п̄ролет̄ат̄, лош ст̄арос*;

14. проширувањето на акузативната наставка кај личните имиња од типот *Марко – Маркот̄а*, а после и во датив: *Маркот̄у, Ст̄ојкот̄у*;

15. множинската наставка *-и* во сите три рода кај придавките: *ст̄ари жене, бели офце, г̄олеми п̄планине*;

16. множинските заменски форми од показните заменки на *-ја* : *т̄ија, овија (овја), онија (онја, оња)*;

17. разликувањето на три глаголски групи (*има, носи, бере*);

18. наставката *-јќи* во глаголскиот прилог: *раб'от̄аќи, с'едеќи*;

19. глаголската форма *донел*,

20. и образувањето на глаголската придавка *(женет̄, легнат̄)*.

*

* *

Тет̄овскиот̄ г̄овор (*В*-тип) ни се претставува како преоден говор меѓу гостиварскиот и вратничкиот. На неговата територија се вкрстуваат горнополошки, а тоа значи и западномакедонски, и северномакедонски црти. Само неколку особености можат да се сметаат сопствено тетовски.

Северномакедонски црти во овој говор се:

I 1. замената *у* < **ǫ* во слоговите од основата (*г̄улуби, г̄'усенца, јуже, обруч* итн.);

2. немешањето на носовките (*језик*, *је̄тро*, *једро*);

3. замената на **ѫ* со *у* : *иде у го̄ра̄*, како и во почетокот на зборот: *'удоји̯а*, *унута̄ра, удене, ӯтера* (Челопек, Сиричино, Тетово);

4. вредноста *ц̆а̄ф-*: *ц̆а̄фта̄и* (Тетово, Челопек);

5. рефлексот *лӑ* место вокалното **ļ* зад денталните согласки: *длаго̄*, *слӑнце, слӑбица, та̄лӑчник* (Сиричино, Челопек);

6. примерите *та̄рава, ораф*;

7. силната палатализација на *к, го̄* пред предните вокали: *к'исел, рук'е*, *дру-го̄'и, ног̄'е*;

8. пазењето на групите *сч, сц, шч: фесче, пра̄сци, мӑшче*;

9. дисимилацијата на *мн* > *мл*: *млого̄*, *млозина* (Тетово, Сиричино, Челопек);

10. префрлањето на акцентот во случаите од типот *М'аркоји̯а*, *в'икаји̯ќи* итн.;

11. множинската наставка *-е* : *го̄лаве, кошуле*;

12. заменката *он* (покрај *то̄ј*);

13. дативната форма *њојзи је*;

14. промените во основниот вокал во 1 л. на сегашно време кај глаголите од *е-* и *и*-група: *молим*, *сто̄им*, *речем*;

15. множинските наставки *-мо* и *-вмо* : *имамо*, *имавмо*;

16. отсуството на *-то̄* во 3 л. едн. на сегашното време;

17. сврзникот *буди* : *Буди сум сиромав па̄ сум и болен* (Тетово);

18. отсуството на суфиксот *-уле*.

Приближен е и бројот на цртите што го сврзуваат овој говор со гости-варскиот:

II 1. **ъ, *ь* > *о, е* : *бочва, вошка, дождо̯ј, зоўва, ко̄гај, моф, то̄кмо*, – *пе̄њушка, се̄га, ше̄тне*, и редовно така во суфиксите и префиксите. На тетовското говорно подрачје поинаква замена (*ӑ*) се среќава само во поодделни примери. Колку што се оди на југ од Теарце нивниот број стално се смалува, така што на просторот меѓу Тетово и с. Челопек вокалот *ӑ* се среќава уште во зборовите: *дӑн*, *вӑзда̯н* спрема *Велиго̄ден*, *лӑсен, лӑн, тӑмно, о̄пӑнок, лӑска, сӑн* и во некои нивни деривати.

2. Сек. $ъ_2$ пред крајното *л* е заменето со *о* : *рекоў*, *текоў*;

3. пред *м* со *у* : *седум, осум, сум*;

4. а пред *р* со *е* : *ве̄тер, ве̄пер, ӣтер, модер*.

5. Место *њ* во почетокот на зборот обично има *н*: *нива, него̄, ниф*.

6. Еднаков развиток со горнополошкиот говор имала и согласката *х*: *дувна, мавна, нивно, чевре, кожуфче, моф, ниф, го̄реф, го̄луф, суф, ораф, сиромаф, пра̄ф, сраф,* покрај *сра,* но *го̄ра*;

7. како и согласничката група *бн* > *мн*: *демне* (Сиричино).

Од морфолошките особености овие два говора ги сврзуваат:

8. акузативните форми на *-го̄* кај заменките: *него̄* (*њего̄*), *кого̄*, *некого̄*;

9. заменката *свекој, свекоа*, итн.;

10. дативната наставка *-и* кај личните имиња од женски род: *Злати*, *Мир-јани*, *Киски*;

11. наставката *-т̄* во 3 л. мн. на сегашното време*: носат̄, земат̄,* покрај *носа* (в. подолу);

12. глаголските образувања од типот *купуе, бендисуе, седнуе*;

13–14. образувањето на минато-идно и идно прекажано време: *ќе викаше, ќе викаў*;

15. Образувањата како *сум дојден* и *имам дојдено* овде се знатно почести, пообични отколку во подгорските села.

16. За дијалектните граници кај нас има важност и прилогот *уш̄т̄е*. Во овој говор се јавува во формата со *у* како во горнополошкиот, додека во вратничкиот го имам забележано со *о* : *ош̄т̄е*.

Овде нема потреба да ги набројуваме и оние западномакедонски црти што се општи за сите говори во Полог и коишто веќе беа истакнувани порано.

Најпосле можеме да изделиме и трета група црти кои се карактеристични за тетовското подрачје а коишто горнополошкиот (гостиварскиот) и вратничкиот говор не ги познаваат или пак се јавуваат во нив спорадично.

III 1–2. Во вокализмот на тетовскиот говор се забележуваат две тенденции: прво, лека редукција на неакцентираното *а* (Силянов, 1894 : 582-585; Селищев, 1929 : 290; Стаматоски, 1956 : 220), и второ, повишување артикулацијата на вокалите *а, е, о* пред палаталните консонанти, особено пред *ј*. Меѓутоа, треба веднаш да се нагласи дека и едната и другата појава се реализираат само во одделни случаи. Сп.: *дẹ̄ч̄е, п̄ọ̄ј̄ќе, г̄ọ̄ј̄до, в'олọ̄ј̄т̄е, бог̄'орọ̄ј̄ца, п̄раḹ* (прави), *бр'адạ̄ј̄ц̣а, к'укạ̄ј̄ц̣а, с'абạ̄ḹе*. Во врска со оваа појава стои и промената на *о* во *у* во примерите *чуек, ќуше*.

3. Зад неденталните согласки место вокалното **ļ* на целата територија од Челопек до Лешок има вредност *ол* или *оў* : *воўк, воўна, г̄оўт̄а, жоўт̄о, коўк, моўзе, п̄оўно, п̄оўжав* (Тетово, Челопек, Сараќино), со исклучок на *буа* и *јабука*, кои со *у* се среќаваат, како што видовме, и во некои гостиварски села. Северната изоглоса на оваа црта оди по правецот Лешок – Ратае. Во Прељубиште и во Теарце во приведениве случаи има замена *ăл*.

4. Веларното *л* на крајот на слогот се изговара со поактивно учество на двете усни и без преградата карактеристична за овој глас: *биў, рекоў, воўна, воў, зеў*. Северната изоглоса на оваа црта оди по правецот Варвара – Лешок – Сараќино, значи во истиот правец со изоглосата на рефлексот *ол* < **ļ*. Спрема гостиварскиот говор таа минува меѓу Челопек и Стенче.

5. Во гостиварскиот говор, видовме, групите *ст̄р, здр* се пазат. Во тетовскиот говор, како и во подгорските села, *т̄, д* во оваа позиција се губат: *срана, срико, зравје*. И на оваа црта изоглосата поминува под Челопек.

6. На еден тесен појас во јужниот дел на тетовскиот говор се губи крајното *-т̄* во членската форма за машки род: *лебо, чуеко, носо, бреḡо* (Челопек). Оваа црта зафаќа и еден дел од северните гостиварски села, сп. *умо, п̄ăт̄о, чоеко* во Стенче (Ивановъ, 1909 : 73).

За тетовскиот говор типични се и две морфолошки црти:

7. заменската форма *неḡа*, кратката *ḡа* во акузатив од ‘она’ спрема гостиварските *неа*, *је* и вратничките *њу*(*а*), *ḡу*;

8. и губењето на наставката -*т* во 3 лице множина на сегашното време: *они бера дӑрва* (Лешок), *се мол'а* (Ратае), *копаа, врша* (Сиричино), *чекаа, јада, сеја* (Челопек, Тетово). Примери без -*т* имам запишано и во Теарце, каде што се среќава во оваа форма на крајот и *ў*, дури и *у*, на пр.: *викаа, седа* покрај *викаў, седеу*. Со ова ние укажавме и на северната граница на разгледуваната црта. На југ таа се среќава до Милетино.

9. Таму каде што се губи -*т* во 3 л. мн. на презентот кај глаголите од *а*-група, во 3 л. мн. во имперфектот се јавува пред наставката -*а* гласот *ј*: *копаја, викаја* (Сиричино, Прељубиште), *викаја аргати* (Теарце), *даваја, гледаја, имаја* (Тетово, Челопек). Негде пак ова *ј* се проширило и во другите глаголи: *броеја, носеја* (Ратае).

*
* *

Прегледот на особеностите на разгледуваниве три говорни типа недвосмислено ја потврдува нашата констатација дека гостиварскиот говор има генетска врска со западното македонско наречје, додека пак вратничкиот говор претставува дел од северната дијалектна зона. По однос на овие два говора нема ништо дискусионо. Нема некои поособени проблеми ни во врска со тетовскиот говор. Тој е типичен граничен говор меѓу две различни дијалектни групи. Во него изделивме две основни групи дијалектни особености: едната група црти него го сврзуваат со северните говори и се јавуваат диференцијални по однос на западните говори, а втората група пак ова подрачје го сврзува со западното наречје и го разделува од северната говорна област. Разликата во бројот на особеностите од I и II група е минимална. Нема голема разлика ни во пропорцијата на цртите од гледна точка на нивната важност.

Интересно е од лингвистичка гледна точка во ваков тип преодни говори да се доловат оние црти и процеси што настанале во резултат на мешањето на цртите од две различни дијалектни зони. На некои такви иновации во тетовскиот говор обрнавме внимание.

За целите пак на лингвистичката географија таквите области можат добро да послужат за утврдување распоредот и густината на изоглосите на јазичните феномени. Што ни дава во тој поглед тетовскиот говор? Посматрајќи ја приложената карта (бр. 2) прво паѓа в очи правецот на изоглосите – сите тие имаат еден правец: исток – запад или обратно (запад – исток). Второ, изоглосите се распоредени главно во три снопа. Најгуст сноп изоглоси поминува на просторот меѓу селата Стенче, кое со право Селишчев го зема во горнополошкиот говор, и Челопек, коешто има тетовски говор. Оддалеченоста меѓу овие села изнесува помалу од 10 километри. На овој релативно тесен појас поминуваат близу триесет изоглоси, и тоа следниве (бројот на појавите одговара на бројот од изоглосите на картата): (1) *в, во* : *у* < **vъ*, (2) *в* : *у* < **vъ*- како префикс, (3) *цу-* : *цӑф-* од **cvь*, (4) *јӑ-* : *је-* од **ję* (мешање на носовките), (5) *ӑл* : *лӑ* од **ł* зад дентал, (6) *ӑл* : *оў* < **ł*, (7) *о, е* : *о, е* и *ӑ* < **ъ*, **ь* (во коренските слогови), (8) *ӑ* : *у* < **ǫ*, (9) *л* : *ў* (*стол, столче* : *стоў, стоўче*), (10) *фц, фч* : *сц, сч, шч* (тип *мафца, мофче, круфче* : *масца, мосче, крушче*), (11) *мн* : *мл* (*многу* : *млогу*), (12) *стр, здр* : *ср, зр* (*стрико, здравје* : *срико, зравје*), (13) *стр, здр, ждр*

: *ср, зр, жр* (*ст҃реда, здрел, ждребе* : *среда, зрел, жребе*), (14) *ки, ке, г҃и, г҃е* : *к'и, к'е, г҃'и, г҃'е*, (15) *чоек, ќоше* : *чуек, ќуше*, (16) *жени* : *жене*, (17) *т҃ој* : *он*, (18) *неа* : *нег҃а*, (19) *ја, је* : *г҃а* (акузатив од *она*), (20) *му* : *је* (датив од *она*), (21) *и* : *г҃'и* (акуз. од *они*), (22) *носа, сеча* : *носим, сечем*, (23) *носиме, носивме* : *носимо, носисмо*, (24) *викаат҃, носат҃, сечат҃* : *викаа, носа, сеча*, (25) *-уле* : ∅ (употребата на суфиксот *-уле*), (26) ∅ : *буди* (употребата на сврзникот *буди*), (27) *вод'е̯ица, вол'о̯и̯т҃е* : *в'оденца, в'оло̯и̯т҃е* (акцентот), (28) *н'а-г҃лава* : *на-г҃л'ава* (акцентот). Добар дел од овие изоглоси меѓу себе се поклопуваат.

Вториот сноп изоглоси се формира меѓу градот Тетово и селото Теарце. Бројот на изоглосите овде е знатно помал (16) и тие не се така густо распоредени. Само шест изоглоси што поминуваат меѓу Теарце и Лешок меѓу себе се поклопуваат. На овој терен поминуваат изоглосите: (29) *рекоў* : *рекал* (*о* : *а* < *ъ*$_2$), (30) *седум* : *седом* (*у* : *о* < *ъ*$_2$), (31) *ветер* : *ветӑр, ветар* (*е* : *ӑ, а* < *ъ*$_2$), (32) *ол, оў* : *ӑл, у* < **l̨* (зад недентална согласка), (33) *стоў, стоўче* : *стол, столче*, (34) *нег҃а, нива* : *њег҃а, њива* (*н* : *њ* < **n'*), (35) *еш* : *јеш* (∅ : *ј* пред почетното *е*), (36) *мн* : *бн* (*демне* : *дебне*), (37) *вујко* : *уйко*, (38) *Мари* : *Маре*, (39) *њејзи, нејзи, нејзин, овејзин* : *њојзе, овојзе, њојзин*, (40) *њејзи* : *њојзе*, (41) *т҃илиња* : *т҃илик'и* (употреба на наставката *-ики*), (42) *им* : *јем* (кратка заменска форма во датив множина од *он*), (43) *свекој* : *сваки*, (44) *имаа, седа, сеча* : *имаў – имау, седиў, сечеў* (3 л. мн. на сегашно време).

Северно од линијата Теарце – Јегуновце започнува нова група изоглоси. Меѓу Доброште и Вратница поминуваат околу петнаесет нови изоглоси, и тоа е последен сноп на изоглоси на полошката територија; овде завршуваат изоглосите на (45) *о, е, ӑ* : *ӑ* < **ъ, *ь* (во коренските слогови), (46) *о, е* : *ӑ, а* < **ъ, *ь* (во афиксите), (47) *ӑл* : *у* < **l̨* (зад дентална согласка), (48) *'е, 'о* : *'ę, 'ǫ* (изговорот на акцентираните *е, о*), (49) *ле, ли* : *л'и* (изговорот на *л* пред предните вокали), (50) *меф, сиромаф, кожуф* : *мej, сирома, кожуф* (судбината на *х* на крајот на зборот), (51) *Мара* : *Мару* (општата форма), (52) *офцат҃а* : *овцут҃у* (општата членска форма), (53) членот *от҃, ов, он* : *ӑт҃, ӑв, ӑн*, (54) *нег҃о, њег҃о, г҃о, ког҃о* : *њег҃а, г҃а, ког҃а* (акузативна форма од *он*, *кој*), (55) *нег҃а, њег҃а* : *њу, њуа* (акузатив од *она*), (56) *г҃а* : *г҃у* (кратката акузативна форма од *она*), (57) *т҃ој* : *т҃аја* (демонстративна заменка за машки род), (58) *ќе носеше* : *ќеше да носи* (минато идно време), (59) образувањето и употребата на идно прекажано, (60) *кажуе* : *кажуа*.

Како што се гледа, на територијата на тетовскиот говор се разграничуваат околу 60 само фонетски и граматичко-структурни црти. Изоглосите на тие 60 црти распоредени се меѓу селата Стенче и Вратница и групирани се, видовме, во три снопа, кои ја означуваат јасно границата не само на полошките говори, туку и границата меѓу западното наречје и северните говори на овој дел од македонската јазична територија.

1961


ШАР ПЛАНИНА
Љуботен
Рогачево
Вратница
Б
Теарце
Тетовска река
Лешок
ТЕТОВО
Сиричино
ЖЕДЕН
В
ВАРДАР
Челопек
СУВА ГОРА
Маздрача
Стенче
ГОСТИВАР
Вруток
А
БУКОВИК
Маврово
КАРТА 1
Гостиварски говор
Тетовски говор
Вратнички говор


Љуботен
Рогачево
Вратница
Б
III
45-60
Теарце
Лешок
II
29-45
Тетовска река
ТЕТОВО
Сиричино
ШАР ПЛАНИНА
ЖЕДЕН
В
ВАРДАР
Челопек
I
1-28
Маздрача
Стенче
ГОСТИВАР
СУВА ГОРА
Врутоκ
А
Маврово
БУКОВИК
КАРТА 2
Граница на полошката говорна област
Изоглоси

2. КОН РАЗГРАНИЧУВАЊЕТО НА ГОВОРИТЕ ВО СКОПСКО

I

Еден општ поглед за говорите во Скопско ни даваат трудовите на А. М. Селишчев (Селищев, 1931а : 33-82), на Рада Угринова (Угринова, 1951) и на Божидар Видоески (сп. во вториот том од ова издание). Во сите три студии е прикажана структурата на одделни локални говори, во некои со повеќе материјал, во други во поопшти црти. Нашата цел овде е да ги утврдиме, колку што е можно попрецизно, границите меѓу поодделните локални говори, задржувајќи се посебно на оние црти што се јавуваат како диференцијални на целото скопско говорно подрачје, со исклучок на говорот на скопските Муслимани (Торбеши) во полите на Карадица, бидејќи неговите претставници потекнуваат од друга дијалектна област (Река во Дебарско).

Скопската говорна област се наоѓа на пограничјето на трите основни дијалектни зони – западното, југоисточното и северното наречје. Со поголемиот дел (градот Скопје со областите Блатија, Дервент и Каршијак) таа влегува во состав на западното наречје. Говорот на црногорските села повеќе гравитира кон североисточната група дијалекти. Така низ скопскиот терен поминуваат и се разминуваат изоглосите на неколку десетици дијалектни особености. Тоа него го прави посебно интересен за македонската дијалектолошка наука.

На скопското говорно подрачје јасно се изделуваат два дијалектни типа – скопскоблатски или скопски и скопскоцрногорски говор.

Скопскоблатскиот говор ги опфаќа градот Скопје со денешните приградски населби Влае, Тафталиџе, Злокуќани, Бардовци, Нерези, Водно, Кисела Вода, Усје, Сопиште, Г. и Д. Лисиче, Инџиково, Бутел, селата во клисурата на Треска – Глумово, Шишево, Матка, каршијачките села Барово, Говрлево, Света Петка, Г. и Д. Солње, Ракотинци, Добри Дол, Варвара, Маркова Сушица, Осинчани, Јаболци и Нова Брезница, полските села по десната страна на Вардар – Драчево, Огњанци, Морани, Орешани, Зелениково, Градовци, потоа блатските села – Кожле, Летевци, Бадар, Блаце, Катланово, Таор, 'Ржаничино, Кадино Село, Јурумлери, Марино Село, Миладиновци, Белимбегово, Ајватовци, Бунарџик, Арачиново, Брњарци, Страчинци. Селата Бујковци, Мршевци, Бучинци, Дељадровци, Агино Село, како и селата на левата страна на Пчиња – Горно Коњари, Сушица и Дивље репрезентираат еден преоден говор меѓу скопскиот блатски и кумановско-овчеполскиот.

Скопскоцрногорскиот говор го репрезентираат селата што се наоѓаат на полите и во подножјето на Скопска Црна Гора: Кучково, Орман, Волково (Вучи Дол), Ново Село, Бразда, Глуво, Чучер, Горњане, Бањане, Мирковци, Кучевиште, Побожје, Бродец, Љубанци, Љуботен, Раштак, Г. Оризаре, Радишани, Булачани, Црешево и Стајковци[1].

[1] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Ар(ачиново), Бањ(ане), Бард(овци), Бел(имбегово), Бл(аце), Брод(ец), Бул(ачани), Волк(ово), Глу(во),

Скопскоблатскиот и скопскоцрногорскиот говор меѓу себе се разликуваат во повеќе правци – и типолошки и по својот историски развој. Во областа на фонологијата тие се разликуваат: по реализацијата на фонемите /*e*/ и /*o*/ во акцентирани слогови, по фреквенцијата и дистрибуцијата на фонемата /*ă*/, по честотата и дистрибуцијата на палаталните сонанти /*љ*/ и /*њ*/ и на африкатите /*ќ, ѓ*/, и на историски план: по континуантите на етимолошките и секундарните ерови **ъ, *ь, ъ*$_2$, по резултатите од замената на секвенцата **vъ / *vь*, на носовките **ę* и **ǫ*, по континуантите на вокалното **l̥*, по резултатите сврзани со загубата на фонемата /*x*/ и по цела редица други гласовни промени.

Вокалите /*e*/ и /*o*/ во скопскиот говор се реализираат како и во стандардниот јазик, како во акцентирана позиција, така и во неакцентирани слогови, сп. *село, мест̄о, п̄оле, коса, г̄оло*. Во скопскоцрногорските села, особено во посеверниот дел, во акцентирана позиција тие имаат нешто поотворена артикулација, така што за нив има по два алофона – [*e*], [*o*] во неакцентирана позиција и [*ɛ*], [*ɔ*] во акцентиран слог, сп. *'бɛре, 'бɛг̄а, ве'чɛрав, 'дɛп̄е, – 'вɔда, 'дɔма, 'кɔза, 'п̄ɔле*. Јужната изоглоса на отворените алофони се поклопува со говорната граница.

Фонемата /*ă*/ на скопскоблатското подрачје е ретка, и до колку се јавува, таа е ограничена на градскиот говор и потесното подрачје на Блатијата, и со многу ограничена дистрибуција. Таму таа се јавува претежно во заемки од турскиот јазик место вокалот *ı*, сп. *балдăза, фăстан,* и во ограничен број лексеми место носовката **ǫ* : *г̄ăзер, г̄ăзечки, г̄ăс, г̄нăсно* Ск. Во говорот на Каршијак оваа фонема не се среќава, турското *ı* се заменува со /а/: *балдаза*.

Во скопскоцрногорските села /*ă*/ има широка употреба и дистрибуција. Се јавува како во коренски, така и во зборообразувачки и флексивни морфеми, дури и во финална позиција, сп. *дăнăт̄, мă – мăăт̄ (*тъхъ)*. Овде таа може да стои во секвенци со други вокали (на морфемска граница), сп. *кожуăт̄, стрăйт̄, мейт̄*, може дури и да се удвојува, сп. *мăăт̄*. Историски на овој терен /*ă*/ се јавува како континуант на етимолошките **ъ, *ь*, место сек.ъ$_2$, и во турски лексеми место турскиот вокал *ı*.

Етимолошките **ъ, *ь* во овој говор се изедначиле во /*ă*/ во сите позиции на зборформите, како и во другите северни говори, сп. *бăчва, дăш, зăлва, сăн, сăбереш, сăстане, узăврело, сăс овце, п̄ет̄ăк, т̄ăнăк, дăнăт̄, вăздăн, дăње, лăн, т̄ăмница, шăп̄не, овăс, оцăт̄, стрăйц, орăл, мирăн, лăсăн*.

Во скопскоблатскиот говор **ъ* и **ь* се рефлектирале како во другите македонски дијалекти: **ъ* > /*o*/, **ь* > /*e*/: *дош, сон, собере, п̄ет̄ок, везден, овес, мирен, орел*. Северната изоглоса на рефлексите /*o, e*/ место **ъ, *ь* допира до линијата Бардовци – Бутел – Белимбегово – Миладиновци – Катлаково. Северно од оваа линија на еден тесен појас на правецот Кучково – Орман – Радишани – Црешево – Стајковци место **ъ, *ь* во суфиксите и во членската морфема за

Гор(њане), ГЛис (= Горно Лисиче), ГСол (= Горно Солње), Говр(лево), Град(овци), Див(лье), Драч(ево), Зел(ениково), Јаб(олци), Кат(лаково), Куч(евишта), Куч(ково), Лис(иче), Љуб(анци), МСуш (= Маркова Сушица), Мир(ковци), Мил(адиновци), Нер(ези), НБ (= Нова Брезница), НС (= Ново Село), Ог(њанци), Ор(изаре), Поб(ожје), Рад(ишани), Рак(отинци), 'Рж(аничино), СК(опје), Сол(ње), Соп(ште), Ст(ајковци), Чуч(ер), Цр(ешево), Шиш(ево).

машки род има /a/, сп. *ручак, пе̄сак, овас, болан, конац, пе̄тал, ста̄ријат, дӑна̄т,* но *бӑчва, дӑн,* и др.

Нешто е поинаква географската дистрибуција на резултатите од замената на **ъ, *ь* во секвенци со *в (*vь, *vъ).* Старите предлози **vъ* и **vъzъ* се јавуваат готово на сета скопска територија во фонетските разновидности *у, уз,* сп. *о̆тиде у Скопје, про̄јде ус куќу / куќа*. Само во каршијачките села покрај формата *у* може да се сретне и *во* (*в*): *беше во Скопје, во нашево село* НБ.

Во префиксите и во други случаи во иницијална позиција во скопскоцрногорските села место **vь, *vъ* редовно има *у* : *улеґӑл, ува̄ти, уведе, улезе, удовӑц, унук, унутра, јучера*. Изоглосата на формите со *у-* оди по правецот Кучково – Бразда – Црешево – Миладиновци – Г. Коњари – Дивље. Меѓутоа, во одделни лексеми вредноста *у* во односнава позиција може да се сретне и во блатските села, сп. *удовец, ӯтера, удене, унесе* Град, *удојца* Таор, *унук*, *удоец* Нер, Шиш, *уденуе* Драч.

Место сек. *ъ*$_2$ во коренските слогови на зборо̀формите во скопскоцрногорскиот редовно се јавува /ă/: *лӑже, лӑжа, мӑґла, мӑска, т̄ӑнӑк, цӑф̄ти*. Исклу̀чок претставува само *ложица* со изведените *ложичарник* / *ложишарник*. На скопскиот терен, особено во говорот на Каршијак, регуларна замена за сек. *ъ*$_2$ во оваа позиција е /a/: *лажица* Рак, Нер, Бел, *лајца* НБ, *лацица* Кат, *лаже, лаґа* Зел, *лажа* НБ, *лажґо* Ск, *т̄анок, магла, маска, бадњик*. Само во граничните села со Црногоријата во одделни лексеми се јавува и /ă/, сп. *лӑжичка, лӑжица, лӑже, лӑґа, мӑґла, мӑска* Бард. Формата *т̄ӑнок* се среќава на поширок ареал во Блатијата (Бард, Бел). Во 'Ржаничино забележав *т̄ӑнок* и *т̄енок*.

Место сек. *ъ*$_2$ пред финалните сонанти во скопскоцрногорскиот исто така има /ă/: *бистӑр, ве̄тӑр, ґабӑр, добӑр, едӑр, итӑр, остӑр, мокӑр, мудӑр; пӑка̄л, пекӑл, рекӑл; седӑм, осӑм, оґӑн*, а во јужните села и /a/: *бистар, ветар, рекал, оґањ, седам* Куч, Ор, Бул, Ст. Јужно од линијата Бардовци – Радишани – Стајковци – Миладиновци на скопскиот терен пред *н* / *њ* се јавува /u/: *оґин – оґињ*, одн. *о́ґин, о́ґињ,* и во НБ *оґон*; пред *м* редовно има /y/: *седум*, *осум*. Во поглед на вредноста на сек. *ъ*$_2$ пред *р* нема единство. Во крајните јужни блатски села во сите случаи во оваа фонетска позиција има /e/: *бистер, вепер, ветер, добер, итер, јадер, остер*. Во селата северно од линијата 'Ржаничино – Драчево во едни случаи има /e/, во други /a/. Редовно вокалот /e/ се јавува во лексемите *вепер, ветер*, додека другите примери во едни села се јавуваат во формите со /e/, во други места во формите со /a/, сп. *остер* : *добар*, *бистар*, *итар* Рж, *бистар*, *итар*, *остар* Бел, Лис, *бистер*, *итер*, *остер* : *ведар*, *добар* Драч, *бистар*, *добар*, *итар*, *остар* : *мудер* Говр, *бистер*, *добер*, *итер*, *јадер*, *мудер*, *остер* : *модар* Рак, *остер, ветер, вепер, ведер, итер, модер: добар, јадар, остар* ГСол. Во говорот на НБ и во оваа позиција *ъ*$_2$ > /o/: *ведор, ветор, итор* итн.

Важна диференцијална особина меѓу скопскиот и црногорскиот претставува рефлексот на носовката **ǫ*. Во скопскоцрногорскиот **ǫ* > /y/ во сите позиции на зборо̀формите: *рука*, *на руку, дигни ґу рукуту*, *иду* (1 л. ед. презент). Во скопскиот говор основна замена за **ǫ* е /a/, како во централните говори, со исклучок на некои случаи во градскиот и во посеверните села на Блатијата. Една генерализирана изоглоса меѓу овие два рефлекса може да се повлече по правецот на селата Бардовци – Бутел – Арачиново – Катлановo. Меѓутоа, оваа граница не важи за сите случаи. Во јужните црногорски села во граматичките мор-

феми не ретко за *ǫ има /а/, сп. *викни ѓу женаѓа*. Во градскиот говор и во селата на југ до линијата Драчево – 'Ржаничино – Дивље во коренските морфеми превладува рефлексот /у/, сп. *ѓруди, ѓусеница, зуби, зублес, зазубица, јуѓок, јуже, кудела, клуѓче, куѓина, куѓник, лучи, муѓно, мудер, мужи, обруч ѓуѓ, ѓуѓок, ѓорубуе, рука, ѓаучина, ѓонуда, рубоѓ, рукавица, сѓуѓало, скуѓо, суботаѓа, ѓуѓан, унуѓра* : *ѓнас, ѓнасен, ѓнасоѓија, даѓ, дабовина и ѓăс, ѓăзер, ѓăзечки* Ск. Колку што се оди понајуг и поназапад од градот бројот на примерите со /у/ се намалува и превладуваат примерите со рефлексот /а/. Меѓутоа, во блатските села сè уште надвладуваат случаите со /у/. Во најјужниот скопски пункт Градовци со /у/ се забележани лексемите: *ѓулуѓ, желуди, кукол, мука* (не ги земаме предвид случаите како *ѓуска, ѓусѓо, куќа, вруќина* и др., кои се среќаваат подлабоко на југ на нашата територија). Во с. Катланово покрај приведениве примери со /у/ се забележани и: *муќук, мучник, муќеница, скуѓ*, во 'Ржаничино уште и: *ѓруди, ѓусеница, дубје, зуби, куѓина, мужи, обруч, ѓуѓ, ѓуѓок, ѓаук, рука, ручка, удица*; во Белимбегово бројот на примерите со *ǫ > /у/ го збогатуваат уште: *желуѓ, куѓњак, муѓи, ѓуѓ, ѓуѓец, рубови, рукаѓка, рука, суботаѓа, сучка, ѓуѓа*. Во говорот на с. Бардовци рефлексот /а/ < *ǫ во коренска морфема е ограничен на примерите: *јаѓок, јаѓорец, ѓасеница, ѓазер, ѓнас, кадрав, желаѓ, ѓрачка, сѓаѓица*, потоа во: *јазик, јаѓула, јачмен, јаѓрва, јачи*. Во сите други примери место *ǫ има /у/. Во говорот на каршијачките и дервентските села и во привардарските на правецот Усје – Драчево – Зеленико-во превладуваат во значителна мера примерите со *ǫ > /а/, сп. *ѓради, ѓазер, ѓас, ѓнас, ѓасеница, дабја, дабоіца, драк, даѓа, заби, зазабица, јазол, јадер, јаѓор, јадица, каѓник, кадела, клаѓче, каклица, каѓина, лака, лаѓовно месѓо, мажи, мака, ѓаѓ, ѓаѓец, ѓајак, ѓајажина–ѓајачина, ѓрачка, ѓаѓук, рака, ракав, раѓ, ракаѓка, саботаѓа, сѓраѓа, скаѓ, сѓаѓалка, ѓаѓа* Говр, Рак. Рефлексот /у/ во тој дел од скопското подрачје е ограничен на неколку примери: *ѓолуби, ѓолубарник, желудец, клуѓец, кукол', муќеница, мужи, ручка, ѓуѓка, сѓрук, чубрица* Нер, *ѓолуѓ, мука, муќеница*, и паралелно со *ѓруди, зуби, рука* можат да се чујат и формите *ѓради, заби, рака* Рак, *ѓолуѓ, мука, муќук, ѓонуда, ѓуѓка, чубрица, скуѓо, скуѓоѓија* ГСол.

Очигледно на скопското говорно подрачје во многу случаи односната појава се лексикализирала. Изоглосите на рефлексите /а/ и /у/ кај повеќето лексеми (со *ǫ) не се поклопуваат. Најмногу отстапуваат од заедничкиот изоглосен сноп изоглосите на континуантите на *ǫ во лексемите *ѓас, ѓнас* и нивните деривати. На еден тесен појас на правецот Шишево – Скопје – 'Ржаничино – Дивље тие се јавуваат во фонетските разновидности *ѓăс, ѓăзечки, ѓнăсен* Ск, *ѓăзечки* Рад, *ѓăзар* Ар, *ѓăзоі, наѓăзачки* Куч, *ѓăс, ѓăзар* Бел, покрај *ѓас, ѓазер, ѓнас* на другата скопска територија јужно и западно од Нерези – Лисиче – 'Ржаничино – Катланово.

На скопскиот терен завршува северната изоглоса на протетичкиот глас /ј/ пред рефлексот на почетното *ǫ, сп. *јаѓлен, јаѓок, јаже, јажица, јаѓрк, јадица, јазел – јазол*, или *јуже, јуѓлень, јужица, јузел* Бард. Во скопскоцрногорскиот северно од линијата Кучково – Радишани – Црешево и источно од Миладиновци – Дивље – Цидимирци превладуваат примерите без протеза, сп. *удица, уѓăк, узăл, уѓор, уѓл'ав*, покрај *јуже*.

Скопскиот од скопскоцрногорскиот се разликува и по континуантите на вокалното *ļ. Во скопскоцрногорските села *ļ се заменило со /у/: *бува, вук, вуна, жучка, жуња, јабука, куне, кук, музе, обуче, ӣужел, ӣуно, ӣуф,* зад денталите (*д, с, т̄*) во /лу/: *длуг̄о, слуба, слуза, слунце* – во посеверните села, и /лӑ/ во јужниот појас на овој говор: *длӑг̄о, длӑжен, слӑза, слӑнце*, исто и во *г̄лӑт̄а, г̄лӑт̄ка, злӑчка – жлӑчка*. Рефлексот /лӑ/ во споменатава позиција и во приведениве примери се јавува и во северниот дел на Блатијата на правецот Бардовци – Скопје – Белимбегово – Миладиновци.

Јужната изоглоса на континуантот /у/ од *ļ оди нешто појужно од говорната граница меѓу скопскиот и скопскоцрногорскиот. Во градскиот говор и во селата на правецот Бардовци – Бутел – Белимбегово – 'Ржаничино зад лабијалните согласки, понегде и зад други консонанти место *ļ има /у/: *бува, вук, вуна, јабука, музе, музница, ӣужаф, ӣуно* Ск, Бард, Бел, Рж, *жуња, жучка, жуӣица, кук, ӣучник* Бард. Во одделни случаи /у/ може да се сретне место *ļ и во појужните блатски села, сп. *вук, вучки, музница, јабука, јабукница, ӣужајка* Кат.

На другата скопска територија *ļ се рефлектирало во /ол/ – во селата што се наоѓаат западно од Вардар, и /ӑл/ – во јужниот дел на овој говор јужно од линијата Огњанци – 'Ржаничино – Дивље, а во одделни лексеми и во дервентските села, сп. *болва, јаболкница, волна, молзе, ӣолн, ӣолф, г̄олт̄а, долг̄о, должина, жолт̄, жолчка, жолња, колк, колка, со(л)нце, засолне, ӣолче, ӣолчник* Нер, Рак, Драч; – *вӑлк, вӑлна, г̄ӑлт̄а, дӑлг̄о, дӑлбок, жӑлт̄, жӑлчка, кӑлк, кӑлка, мӑлска, мӑлзе, мӑлзница, ӣӑлн, ӣӑлжави, сӑлза, сӑлнце, зӑлва* (по аналогија) Град, Таор, *бӑлва, вӑлк, г̄ӑлт̄а, дӑлг̄о, жӑлт̄о, кӑлне, кӑлчка, мӑлска, сӑлза, сӑлнце, ӑлцна,* но *јабука, јабукица, ӣужајка* Кат, и во дервентските села: *бӑлва, вӑлк, вӑлна, г̄ӑлт̄а, дӑлг̄о, дӑлбоко, жӑлт̄о, кӑлк, мӑлчејќи, ӣӑлф, сӑлза, сӑлнце, ӣӑлчник*, покрај *бува, јабука, вук, жуч, жуӣица, ӣужаф* и *ӣӑлжаф* Шиш. Во говорот на с. Нова Брезница се јавуваат континуантите /ӑл/ и /ол/: *јаболко, колк, молзеӣ, ӣолжаф, солза, – бӑлва, вӑлк, вӑлна, г̄ӑлт̄аӣ, жӑлчка.*

Од областа на вокализмот за дијалектната диференцијација на скопското подрачје имаат значење и фонетските разновидности на лексемите 'јаребица, јаде, уште, вчера, јагода'.

Лексемата 'јаребица' се среќава во разновидностите *јаребица* во градскиот говор и во селата на правецот Нерези – Говрлево. На другата територија се употребува формата *еребица* Бард, Рак, ГСол, НБ.

Глаголот *јаде* во оваа форма се јавува на сето скопско подрачје на север до линијата Кучково – Радишани – Црешево. Северно од оваа линија превладува изговорот (*ј*)*еде*.

Прилогот *уште* во односната форма се употребува на сето подрачје на скопскоблатскиот говор. Северно од линијата Кучково – Радишани – Булачани – Миладиновци – Дивље се во употреба разновидностите *оште, ош, ошӣе*.

Лексемата 'јагода' во северозападните скопски села на правецот Шишево – Нерези – Ракотинци – Драчево се употребува во фонетската разновидност *јаг̄уда*. На другата територија превладуваат формите *јаг̄ода* и *јаг̄отка*.

Прилогот 'вчера' во скопскоцрногорскиот се употребува во формите *јучер, јучера, јучерка*, а во скопскиот во обликот *чера*. Границата меѓу овие

разновидности оди по правецот Кучково – Радишани – Црешево – Миладиновци.

Скопскиот од скопскоцрногорскиот говор се разликува и по резултатите од развојот на старото палатално **l′*. Во скопскоцрногорските села на југ до линијата Бразда – Радишани – Црешево се пази /љ/ во сите позиции, сп. *по̄ље, невоља, љӯт, кључ, совељка* Гор, Мир, Поб. Во ред случаи се пази и епентетско *љ*: *сабља, шкра̄пља, јавља, оста̄вља по̄правља, упра̄вља* Поб, Куч, Гл. На овој терен се добило и ново палатално *љ* со т.н. ново јотување: *зеље, коље.*

Во јужниот појас на Црногорија̄та на правецот Кучевиште – Орман – Радишани – Миладиновци – Дивље старото **l′* затврднува до степен на алвеоларно *л*': *л'ӯт, кл'уч, недел'а, бр̥шл'ан, прӣјате̄л*'.

На скопскиот терен по правило палаталното **l′* затврднало и се изедначило со тврдото *л*, освен во северните блатски села, каде што може во одделни случаи сè уште да се чуе алвеоларно *л*', сп. *л'ӯпи, вр̥бл'ак, сабл'а, кукул', шта̄вел'*, но *кудела, вр̥ла, чешла, клуч, стӯпалка, совелка, бозел, прӣјате̄л* Бард, *л'ӯпи, кл'ун, жел'ӯт, бр̥шл'ан, вр̥бл'ак, кукул'* : *кошула, по̄стела, мул, мулосан, јаг̄ула, совелка, дро̄пла, ча̄пла, шкра̄пла, бозел, шта̄вел* Бел, *кл'уч, кл'ун, вр̥бл'ак, г̄р̥кл'ан, какол'* : *лӯпи, јаг̄ула, по̄стела, ста̄палка, прӣјате̄л* Нер. Колку што се оди поназапад бројот на примерите со *л*' опаѓа. Во каршијачките села тоа може да се сретне уште во одделни лексеми од туѓо потекло и во коренот *л'уб-*, сп. *вӣпил', ил'ач*, но: *лӯпи, клуч, клуњ, желӯт, кадела, недела, јаг̄ула, вилушка, г̄редел* Драч, Рак. На скопскоблатскиот терен и бројот на примерите со епентетско **l′* е значително помал во однос на скопскоцрногорскиот. Тука се констатирани лексемите: *дро̄пла, ча̄пла* Бел, *чкра̄пла* Зел, *шкра̄пла* Рак, *сабл'а, ча̄пла* Бард, *вр̥бл'ак* Бард, Нер, *шумл'ак* Бел, *жабл'ак* Кучк. На скопскиот терен завршува и јужната изоглоса на *л*', одн. *л* добиено со асимилација на групата *-лј-* : *по̄л'ак* Ар, *зел'е, кол'е* Бард, Ск: *зел'је* Нер, *зејле* (< *зеље*) Бел.

Меѓу блатските и скопскоцрногорските села постојат разлики и во дистрибуцијата на фонемата /њ/. Во блатскиот /њ/ не може да стои пред предните вокали на почетокот на зборо̄формите. Во таа позиција старото палатално **n′* затврднало, сп. *нива, не̄го, не̄гово*. Исто така тоа се депалатализирало и во глаголската придавка: *бране̄т, жене̄т*. Во Црногорија̄та *њ* се пази во сите позиции, сп. *њега̄, њего̄в, њија, књига̄, бра̄ње̄т, жење̄т*. Јужната граница на овие форми допира до линијата Кучково – Орман – Радишани – Булачани – Миладиновци.

Од друга страна, во поголем дел од скопското говорно подрачје се генерализирало крајното *њ* кај именките од типот *камењ, корењ, о̄стењ, пламењ, ремењ, пр̥стењ, ражењ, черењ, г̄р̥клањ, коштањ, лештањ, нишањ, чекањ, др̥моњ, клуњ, таруњ, бутињ, тр̥њ*. Најдоследно *њ* во оваа позиција се јавува во привардарските села и во градскиот говор; на север границата на оваа особеност допира до Кучково – Орман – Радишани – Белимбегово, во одделни случаи нешто и посеверно, а западната граница допира до Шишево и Ракотинци. Во позападните каршијачки села превладуваат примерите со *н*: *бр̥шлен, г̄ребен, ко̄стен, пламен, черен, др̥мун, тарун*, но *бла̄гуњ, чклањ* НБ. Во блатските села *њ* се јавува место *н* и уште во ред други случаи и во други позиции, сп. *бу-*

њиште, огњиште, гламња, племња, црења, гуња, пења, срња, жолња Нер, Зел. Бел.

Една доста јасна изоглоса меѓу скопскоцрногорскиот и скопскиот говор даваат резултатите од загубата на согласката *х* во интервокална позиција и на крајот на слогот. Во скопскоцрногорските села во интервокална позиција место *х* редовно се јавува *в*, како и во другите северни говори, сп. */аа/ мавало, равати, савати, саван, снава, /ао/ гравор, /оа/ навоѓа, доваѓа, сова, чова, /еа/ лева, маќева, стрева, /иа/ кива, /оо/ гровот, /уа/ бува, дува, јува, мува, сува, сувар, /уо/ глуво, суво, уво.* На другата скопска територија јужно од Кучково – Оризаре – Црешево – Миладиновци доследно *в* се јавува само во секвенците со *у* како прв член, сп. *јува, мува, сувар, дува, руво, уво.* Во другите вокални групи може да се сретне тоа само во одделни случаи во градскиот говор и во посеверните блатски села, сп. *кива, превоѓа, привоѓа*, но *прооѓа, заоѓа* Бард, *јава, мава, доваѓа, навоѓа* и во 3 л. мн. аорист-имперфект *бева, дојдова* Ск.

На крајот на зборoформите и пред консонант *х* > /в/, како во централните говори, сп *Влаф, греф, меф, ниф, моф, страф, врф, полф, буф, глуф, задуф, кожуф, очуф, пердуф, суф* (: *гревот, стравот*), – *мевлен, нивно, евла, бувна, мавна, крефко*, и редовно во наставките за минато определено време: *реков* > *рекоф*, *рековме*, *рекофте* Нер, Рак, Бел. Во скопскоцрногорските села северно од линијата Кучково – Бутел – Стајковци и источно од Ајватовци – Миладиновци – Г. Коњари – Катланово во споменативе позиции *х* > ø: *Вла, гра, стра, гре, ме, вр, кожу, очу, перду, трбу, отидо, јанал, мелем, њин, исанало, чере.* На еден тесен појас на правецот Белимбегово – Миладиновци – Бучинци – Бујковци покрај формите *ора*, мн. *ораси*, се среќава и *орас – ораси*, каде што е *с* пренесено, очигледно, од множинската форма. Во тие села се јавуваат и формите *пердул, пастул* Бел, Мил, покрај *пердуф, пастуф*, а во каршијачките села втората лексема се среќава уште во обликот *пастук*, мн. *пастузи* НБ, Соп, Нер.

Како диференцијална особеност на скопскиот терен се јавува и фонемата /ф/. Како посебна фонема таа се јавува само во градскиот говор и во ограничен број случаи во дервентските села, сп. *фес, фитил', фанела, фурна* Ск, Нер, Шиш. Во блатскиот говор и во црногорските села *ф* има алофонски статус – се среќава место /в/ на крајот и пред безвучна согласка, сп. *крф, праф, офца,* но *ванела, вастан, ваќа, венер, вес, винцал, вурна* Рак, Зел, Кат, Бел, Љуб, Куч.

Во поглед на состојбата со интервокалното *в* скопското подрачје во целина оди со западното наречје. Примери со загубено *в* можат да се сретнат на исток сè до линијата Љубанци – Булачани – Миладиновци – Дивље – Цидимирци. Меѓутоа, постои извесна разлика меѓу каршијачките и дервентските села, од една страна, и блатските, од друга, во степенот на напреднатоста на оваа појава. Во Каршијак процесот на загубата на *в* е значително напреднат, сп. *чоек, гоедо, јаор, коач, тоар, накоално, оснoа, соалка, сноат,* во множинската наставка *-ови* : *лебоі, мостоі*, во суфиксните образувања од типот *јазоец, удоец, тргоец, јалоіца, ракаіца, полоіна, варио, сечио, таткоа, буко:* (*букоо*) Рак, Нер. Колку што се оди понаисток и понасевер од Вардар бројот на примерите со загубено *в* опаѓа, сп. *биол, гоедо, јазоец, тегаец, капаіца, јалоіца, лебоі*, но: *јавор, основа, ковач, товар, девојка, сечиво, ноќева, роеви* Бард, *гревоі, мостоі, биол* : *човек, јавор, ковач, говедо, товар, совелка, основа, јазоец, удовец, дабовица, јаловица, вариво* Бел. Секоја лексема со *в* има своја посебна изоглоса. Така, на пример,

лексемите со суфиксите *-овица*, *-авица* со загубено *в* се среќаваат приближно до линијата Кучково – Бардовци – Драчево – Зелениково. Множинската наставка *-ови* во фонетската варијанта *-ои* (> *оi*) превладува сè до Катланово – Белимбегово и на север до линијата Стајковци – Оризаре – Кучково.

Од консонантските групи за дијалектната диференцијација на скопското подрачје имаат важност */бн*, */мн*/, */мј*/, */ш̄ш*/, како и секвенците */с + ц, ч*/ и */ш + ч*/ на морфемската граница

Групата */бн*/ се пази неизменета во скопскоцрногорските, дервентските и каршијачките села, сп. *дебне, себне, сибне* Куч, Љуб, Бул, *себне* Шиш, *издебнеш̄, себнеш̄* НБ, Рак. Во градскиот и блатскиот говор јужно од линијата Нерези – Бардовци – Белимбегово – Миладиновци односната група се асимилирала во */мн*/: *демне, семне, симне* Бард, Драч, Кат.

Иницијалната група */мн*/ во лексемата *мноѓу* се јавува само во Каршијак. На другото скопско подрачје лево од Вардар таа се дисимилирала во */мл*/: *млоѓу* Бард, Бел, Таор, *млоѓо, млозина* Куч, Бањ, Цр.

Место иницијалната група */ш̄ш*/ има две вредности – */ш̄ч*/ во блатскиот и каршијачкиот говор на север до Шишево – Бардовци – Белимбегово – Миладиновци – Дивље, сп. *ш̄ченка, ш̄ченица*. Северно од оваа граница таа се упростува со редукција на прегradната компонента (*ш̄ш* > *ш̄ч* > *ч*): *ченка, ченица* Куч, Бул, Бард, Шиш, Драч, Кат. Во градскиот говор можат да се сретнат и двете разновидности: *ш̄ченка, ш̄ченица* и *ченка, ченица*.

Консонантските секвенци */сц*/, */сч*/ и */шч*/ на морфемска граница во скопскиот говор јужно и западно од Бардовци – Страчинци – Миладиновци – Дивље се измениле (преку *х + ц, ч*) во */ф + ц,ч*/, како во повеќето западни говори, сп. *мефце, ш̄ојафче, клафче, обрафче*. Во скопскоцрногорските села северно од споменатата граница */сч*/ најчесто се асимилира во */шч*/, додека */сц*/ и */шч*/ остануваат неизменети, сп. *брешче, клашче, кр̄шче, кошче, лишче, ш̄р̄шче* (: *брес, клас, кр̄с, коска, лис*), – *масца, месце, крушче, чашче* (: *чаша*). По некој пример со ваков резултат може да се сретне и во градскиот говор и во граничните блатски села, сп. *ѓушче, дошче* (: *ѓуска, дожд*) Бард, *мосче, фесче, ш̄ојасче,* покрај *мофче, ш̄ојафче* Ск, *ѓушче* Нер.

Консонантските групи */ст̄р, здр*/ се пазат на сето говорно подрачје: *ст̄ража, ст̄рана, здраво*. Само во с. Таор се забележани форми со испуштени */т̄, д*/: *сесра, среа, зраф, озраве*. Во скопскоцрногорскиот, во градскиот и во северните каршијачки села и групите */ср*/ и */зр*/ се пополнуваат со прегradните */т̄, д*/, сп. *ст̄ребро, здрел, здрак* Град, Бел, Ск, Бул, но: *среда, среќа, зрел, зрак* во Шиш, Нер, МСуш, Драч, Зел.

Од случаите со извршена метатеза вреди да се истакне групата *зј* > *јз* во лексемите *ѓројзе, лојзе*. Овие форми се констатирани во скопскоцрногорскиот, во градскиот говор и во Блатијата. Во дервентските села и во Каршијак западно од Вардар превладуваат неметатезираните форми: *ѓрозје, лозје* Шиш, Нер, Рак, Драч.

Како диференцијални црти кај именската флексија на скопскиот терен се јавуваат: флексивната дативна форма кај личните и роднинските имиња, разликувањето на општата и номинативната форма кај одушевените именки од машки род на консонант, образувањето на множинските форми кај именките на *-а*, како и образувањето на избројаната множина. Во областа на заменската флек-

сија најголемо разнообразие покажуваат формите на личните и демонстративните заменки.

Синтетичката дативна форма се задржала само во западниот дел на Црногорија северозападно од линијата Љубанци – Бразда – Волково, и во крајните западни каршијачки села на правецот Шишево – Јаболци. Имињата од м.р. на консонант, на *-а* и на *-е* во датив завршуваат на *-у* : *Кажи му Душану, Илију, Николу, Милету* НБ, Шиш, Куч, Поб, Брод. Во црногорските села наставката *-у* се генерализирала и на именките на *-о* : *Речи му Петку, Бојку, Трајку*. Во Шишево кај овој тип именки дативната наставка е проширена со елементот *т*, сп. *Маркоту му рече*. Во Јаб и НБ датив завршува на *-е*, како во соседните поречки села: *Маркое, Трајкое, Перое*.

Личните и роднинските имиња од ж.р. датив образуваат со наставката *-е* (во скопскоцрногорскиот) и *-и* во западните каршијачки села, сп. *Кажи је Анѓе, Ратке, тетке* Брод, Куч, Мир, – *Мари, тетки* НБ.

Во скопскоцрногорскиот датив со флексија се задржал и кај презимињата образувани од придавки: *Марку Марковому*, *Цвете Марковези*. На другата скопска територија источно и јужно од линијата Нова Брезница – Шишево – Бразда – Љубанци дативниот предмет се изразува со предлогот *на* : *Му рече на Марка, је рече на Мара*.

Во образувањето на општата форма кај личните имиња посебност покажуваат само црногорскиот говор и некои дервентски села. Во Шишево и Кучково кај имињата од м.р. на *-о* општата форма завршува на *-ота* : *Марковта, Стојкота го виде* (: ном. *Марко, Стојко*) Шиш. Во црногорските села северно од линијата Волково – Црешево сите именки на *-а* во општата форма завршуваат на *-у* : *Викни га Николу, викни гу Цвету*, *виде једну лисицу*, и членувани: *Викни гу женуту, женуну, женуву*. Во скопскиот, како и во другите западни говори, општата форма е еднаква со номинативната освен кај личните имиња од м.р. на консонант, на *-о* и на *-е*, сп. ном. *Стојан, Марко, Крсте*, општа форма (*го виде*) *Стојана, Марка, Крстета*.

Категоријата одушевеност кај именките од м.р. е задржана само во скопскоцрногорскиот, сп. *Викнале попа, поклања брава, од вука е појака лисицата*, и со атрибутска одредница: *има сина ученога, видо едногa старога човека* Бањ. Исто така и во членуваните форми: *докарај петлотога, га пуштил коњотога, на царотога син му, продај ми га волоногa црногa, закољи га вепротога* (: *петлата, коњата, волан*). Јужната изоглоса на овие форми оди по правецот Кучково – Бразда – Љуботен.

Во скопскоблатскиот говор именките на *-а* множина образуваат со наставката *-и* : *куќи, книги*, додека во скопскоцрногорскиот северно од линијата Кучково – Бразда тие имаат наставка *-е* : *куќе, књиге*, и со атрибутска одредница: *црне сливе, диве гуске, жуте дуње*, членувано: *жутене крушке*.

Избројаната множина на *-а* кај именките од м.р. здраво се држи само во црногорските села северно од правецот Кучково – Волково – Миладиновци – Дивље, сп. *два леба, пет бивола, педесет војника*. На другото скопско подрачје таа е расколебана.

Во категоријата број уште две црти ги диференцираат скопските говори – наставката *-ики* и множинските форми од именките 'рака, нога'. Наставката *-ики* кај именките од с.р. на *-е* превладува во црногорскиот говор, сп. *јарики, пи-*

лики, додека во блатскиот се пообични множинските форми со наставката *-ињa* : *ѓилињa, јарињa.*

Старите дуални форми од именките 'рака, нога' – *раце*, *нозе* се пазат само во каршијачките села. На другата територија, вклучувајќи го и градскиот говор, тие множина образуваат со *-и* : *раци, нози – нози*, одн. *руки, ногѓи* – на север до линијата Кучково – Бразда – Љуботен. Северно од оваа граница се употребуваат формите *руке, ногѓе.*

Од дијалектен аспект важна е и морфонолошката карактеристика на овие две именки. Старата алтернација /к/ – /ц/ во 'рака' и /ѓ/ – /з/, одн. /s/ во 'нога' се запазиле на скопскиот терен на север до линијата Шишево – Нерези – Лисиче – 'Ржаничино – Дивље, сп. *раци* Кат, Зел. Лис, Рак, *раце* НБ, Говр. *нози* Кат, ГСол, *нозе* НБ, Шиш, *нози* Зел, ГЛис, Рак.

Кај личните заменки меѓу скопскиот и скопскоцрногорскиот разлики покажуваат формите за 1 л. мн., за 3 л. едн. и мн., формите за изразување на дативниот објект, формите за општата форма кај заменките за 3 л. едн., како и општата заменка.

За 1 л. мн. се употребуваат формите *ми*, *мије, мија* во скопскоцрногорскиот и во северните блатски села и *ние, нија* на другата територија во Скопско. Границата меѓу облиците со *ми-* и *ни-* оди по правецот Ракотинци – Горно Лисиче – Дивље. Формите со партикулата *-ја* (*мија, нија*) ограничени се на североисточните села источно од линијата Катланово – Миладиновци – Булачани.

Заменката за 3 л. гласи *он* (*она, оно, они*) готово на сето скопско подрачје со исклучок на крајните западни села (ГСол, НБ, Јаб), каде што се употребува и заменката *тој* (*таа, тоа, тие*). Во каршијачките села можат да се сретнат и двете форми – *он* и *тој* Драч, Говр, МСуш.

Во поглед на искажувањето на дативниот предмет кај личните заменки се оцртуваат три ареали. Старата дативна флексивна форма ограничена е на селата што се наоѓаат на десната страна на Вардар, сп. *мене ми рече, тебе ти кажа, нему му се смееја* Град, Зел, Соп, Шиш. Во блатскиот дел на север до линијата Кучково – Ново Село – Бутел – Стајковци – Ајватовци – Миладиновци со дативна функција се употребува полната акузативна форма, а како морфолошка одредница служи краткиот облик на заменката, сп. *него му рече, нив им даде* Ск. Бел, Шиш, Драч. Во скопскоцрногорските села североисточно од линијата Кучково – Бутел – Стајковци – Миладиновци дативниот однос се искажува аналитички, сп. *на мене ми рече, на него му даде.*

Полната дативна форма за ж.р. во скопскиот говор се јавува во следниве разновидности: *нејзе* Ск, Бард, *незе* во каршијачките и блатските села, *нејзи* Јаб, НБ. Во скопскоцрногорските северно од Орман – Оризаре – Црешево превладуваат формите од старата тврда основа: *њојзе, њојзи.* Посебна изоглоса даваат завршоците *-зе* и *-зи.* Облиците на *-зи* (*нејзи*, *њојзи*) ограничени се на крајните северозападни периферни села.

И кратката заменска форма за дативен објект се јавува во две варијанти: *и* и (*ј*)*е*. Вторава е карактеристична за скопскоцрногорскиот и за крајните западни скопски села Јаболци и Нова Брезница. На другата територија јужно од линијата Волково – Оризаре – Булачани се употребува формата *и.*

Полните акузативни форми во едн. и мн. се еднакви на сета територија, сп. *мене ме, тебе те, нас не, вас ве*. Кај кратките форми некои разлики во однос на литературната норма покажува скопскоцрногорскиот, во кој во множината се генерализирала дативната форма *ни* : *нас ни виде* Поб, Љуб. Во говорот на с. Нова Брезница во мн. се генерализирала еднинската форма *нас ме виде*.

Акузативната форма има две варијанти: *него, го* во скопскоблатскиот и *њега, нега га* во скопскоцрногорскиот северно од селата Волково – Ново Село – Стајковци – Бујковци.

Полната акузативна форма за ж.р. *не(ј)а* превладува во селата што се наоѓаат на десната страна на Вардар; не е непозната и во градскиот говор. Во Блатијата превладува формата *нејзе* со разновидностите *незе*, *незе*, а пообична е и во градскиот говор. Во Црногоријата северно од селата Волково – Г. Оризаре – Црешево – Миладиновци – Дивље се употребува обликот *њума*, во Кучково и *њува*.

Кратката акузативна форма *гу* ограничена е за скопскоцрногорскиот: *њума гу виде* Мир, Поб, *њува гу* Куч. Јужно од линијата Волково – Црешево – Миладиновци – Дивље се употребуваат формите *ја* и *је*; вторава е почеста во селата од десната страна на Вардар, сп. *неа је* Зел, Град, Драч. Во множината во скопскоцрногорскиот покрај обликот *њи(ја)* за директен објект се среќава и дат. *ним(и)*, одн. *њим(а)*. Јужно од Кучково – Црешево се употребува *нив*. Кратката акузативна форма *ги* се употребува на сето скопско подрачје, со исклучок на крајните западни села Јаболци и Нова Брезница каде што е пообична разновидноста *и*, сп. *нив ги виде* Ск, Драч, Кат: *нив – ними и виде* НБ, Јаб,: *њима ги виде* Поб, Љуб.

Од заменката *кој* и сложените *некој*, *никој* општата форма во скопскоцрногорскиот гласи *кога, некога, никога,* понегде *којега, некојега*, *никојега*. На другата територија јужно од селата Волково – Ново Село – Г. Оризаре – Црешево – Миладиновци се употребуваат облиците *кого*, *некого, никого*. Општата заменка за лице се јавува во фонетските разновидности: *свекој* во скопскиот, *свакој* Куч, *свак(и)* северно од Волково – Г. Оризаре – Миладиновци – Дивље.

Демонстративните заменки се среќаваат во следниве форми: *овај (оваја, овој), онај (онаја, оној), тај (таја, тој),* мн. м.р. *овија, онија, тија*, ж.р. *овеја, онеја, теја* и *овеј, онеј, теј* – во скопскоцрногорскиот на југ до линијата Бразда – Раштак; *овја, онја, тија* за м.р. – во с. Кучково; *ов'ој, он'ој, тој*, ж.р. *ов'ај, он'ај, тај,* с.р. *ов'оје, он'оје, тоје*, мн. *ов'ија, он'ија, тија* – на пограничјето меѓу скопскоцрногорскиот и блатскиот на правецот Булачани – Црешево – Стајковци – Страчинци. Најголем ареал зафаќаат формите: *овој, оној, тој,* ж.р. *оваја, онаја, таја*, с.р. *ова, она, тоа* или *овоа*, *оноа – онова, това*, мн. *овија, онија, тија*. Овие форми се употребуваат на сиот скопски терен јужно од линијата Ново Село – Бутел – Арачиново – Миладиновци – Дивље. На тој терен извесна географска диференцијација може да се следи само кај формите за с. род. Во Каршијак и во дервентските села тие форми гласат *ова*, *она*, додека во Блатијата се употребуваат разновидностите *овоа, оноа – онова, това*. Во блатските села на правецот Белимбегово – Ајватовци – Бунарџик познати се и формите *ове, оне, тове*. Во говорот на крајните југозападни села Осинчани, Јаболци и Нова Брезница забележани се и заменските форми: м.р. *овија, онија, тија*, ж.р. *оваа, онаа, таа*, с.р. *ова, она, тоа*, мн. *ови(ј)е, они(ј)е, ти(ј)е*.

Општата форма од демонстративните заменки за м.р. во скопскоцрногорскиот гласи: *овоѓа, оноѓа, тоѓа* или *таѓа* (вторава во Горњане, Глуво), во Кучково: *овајѓа, онајѓа, тајѓа*. Во скопскиот дел јужно од Волково – Стајковци – Миладиновци се употребуваат формите *овеѓа, онеѓа, тојѓа,* а паралелно со нив во градскиот се среќаваат и *овојѓа, онојѓа, тојѓа.* Општата форма за ж.р. во скопскоцрногорските села гласи: *овуј, онуј, туј – овују, онују, тују* – на појасот Горњане – Бањане – Кучевиште – Побожје – Бродец, *овају*, *онају, тају* – во Кучково, и *овоју, оноју, тоју* – во Љубанци. На другата територија јужно од Волково – Оризаре – Радишани општата форма е еднаква со номинативната.

Посебни дативни форми од разгледуваниве заменки се среќаваат само во каршијачките села, сп. *овему, онему, нему*, ж.р. *овези, онези*, *не(ј)зи* НБ, ГСол, и спорадично во северозападните црногорски села во формите: м.р. *овому, оному, тому*, ж.р. *овојзи, онојзи – овојзе, онојзе* Гор, Кучк : *на овуја, на онуја* Љуб, *на овују, на онују* Куч.

Нема полно единство на скопскиот терен ни во поглед на формите на демонстративните заменки за качество и количество. Качествените заменки во скопскоцрногорскиот се јавуваат во формите: *ов'акав, он'акав*, *т'акав – ов'аква, он'аква*, *т'аква – ов'акво, он'акво, т'акво*, или *ов'аквоје, он'аквоје*, *т'аквоје*, мн. *ов'акви, он'акви*, *т'акви*. Јужно од линијата Бразда – Булачани тие се употребуваат во разновидностите: *ваков, онаков, таков – ваква, онаква, таква – вакво, онакво, такво*, а во пограничните села во Црногоријата се среќаваат и облиците: *вакваја, онакваја, такваја*.

Формите на количествените заменки гласат: *олкав*, *-а*, *-о* во Каршијак, *волкав*, *-а*, *-о* во градскиот и блатскиот јужно од Бардовци – Белимбегово, *оволʹики*, *-а*, *-о*, *онолʹики*, *-а*, *-о*, *толʹики*, *-а -о*, за прашања *колʹики*, а во граничните села со Блатијата на правецот Булачани – Црешево забележани се и формите *оволкав, онолкав, толкав.*

Присвојните заменки за 1 и 2 л. и за секое лице се исти на сето скопско подрачје: *мој, твој, свој – моја, твоја, своја – мо(ј)е, тво(ј)е*, *сво(ј)е*, *наш, ваш.* Формите за 3 л. во скопскиот гласат: *неѓов, -а, -о, нејзин*, *-а, -о*, мн. *нивни, -а, -о*, во Градовце: *нимни, -а, -о*. Во скопскоцрногорскиот северно од линијата Ново Село – Стајковци – Миладиновци – Дивље тие се јавуваат во формите: *њеѓов, -а, -о,* ж.р. *њојан, њојна, -о,* мн. *њин, -а, -о.* Во појужните села се среќава и формата *њојзин, -а, -о*. Во скопскиот говор на север до линијата Бардовци – Белимбегово – Миладиновци се употребуваат и посесивните заменки со демонстративно значење: *овеѓов, онеѓов, тоѓов,* ж.р. *овејзин, онејзин, нејзин*.

Во глаголската флексија како диференцијални црти на разгледуваниов терен се јавуваат: наставките за сегашното и минатите прости времиња, формите на помошниот глагол ‘сум’, наставката на глаголскиот прилог, образувањето на идното-минато време и некои морфонолошки појави кај одделни глаголски форми.

Наставката *-м* во 1 л. едн. презент кај сите глаголи се јавува готово на сета територија на скопскоблатскиот говор: *викам, носам, берам*. Само во селата Јаболци и Нова Брезница можат да се сретнат и форми без *-м*, како во поречкиот, сп. (*ја*) *вика, носа, бера*. Таа се генерализирала и во јужните црногорски села на север до линијата Бразда – Мирковци – Љубанци, сп. *викам, носим, берем* Куч, Бул, Цреш. Северно од споменатава линија *-м* е ограничено

само на глаголите од *а*-група, додека глаголите од *е-* / *и*-група завршуваат на *-у*, сп. *викам* : *беру, ношу* Бањ, Куч, Поб.

Во 3 л. едн. наставката *-т̄* се запазила само во говорот на с. Нова Брезница: *викат̄, носит̄ берет̄.*

Наставката *-ме* во 1 л. мн. е општа за сиот скопскоблатски терен. Северно од линијата Кучково – Волково – Оризаре – Радишани – Црешево – Бучинци – Г. Коњари – Дивље се употребува наставката *-мо*, карактеристична за северните говори: *викамо, носимо, беремо*.

Во 3 л. мн. презент наставката *-т̄* се јавува на сиот скопскоблатски терен на север заклучно со селата Бардовци, Бутел, Белимбегово, Арачиново: *викаат̄, носат̄, берат̄*. Во јужните каршијачки села и во полските десно од Вардар можат да се сретнат и форми со испуштено *-т̄*: *викаа, носа, бера* Рак, Соп, Драч. Во скопскоцрногорскиот и во граничните села со кумановскиот североисточно од линијата Кучково – Радишани – Бујковци, Г. Коњари – Дивље – Цидимирци 3 л. завршува на *-в*: *викав, носив, берев*.

Во јужните црногорски села на правецот Кучково – Оризаре – Радишани – Миладиновци во презентот се генерализирал еден основен вокал низ целата парадигма и кај глаголите од *е-* / *и*-група, сп. *бере-м, бере-ш, бере-ф, бере-мо, бере-т̄е, бере-в, носи-м, носи-ш, носи-ф, носи-мо, носи-т̄е, носи-в*.

На дијалектен план интерес претставуваат и некои морфонолошки појави кај глаголите во 1 л. презент. Кај глаголите од *и*-група што им завршува општиот дел на забно-венечна согласка (*л, н, з, с, д, т̄*) во 1 л. едн. тие гласови алтернираат соодветно со *љ, њ, ж, ш, ѓ, ќ,* сп. *браниш* : *брању, молиш* : *мољу, носиш* : *ношу, ѓазиш* : *ѓажу, плет̄иш* : *плеќу, видиш* : *виѓу*. Оваа појава е карактеристична за скопскоцрногорскиот на југ до линијата Бразда – Раштак.

Помошниот глагол ‘сум’ се јавува во формите; *сум, си, (ј)е, сме, сте, се* – во скопскоблатскиот, *су, си, е, сме – сне, сте, се* – во Нова Брезница, и *сам, си, је, смо, сте, са – су* – во скопскоцрногорските и во граничните села со кумановскиот говор северно од линијата Ново Село – Радишани – Црешево – Миладиновци – Дивље – Цидимирци. Обликот *су* во 3 л. мн. се јавува наспоредно со *са* во најсеверните црногорски села (Чучер, Кучевиште, Побожје). Границата меѓу формите *се* и *са* оди по правецот Матка – Бардовци – Арачиново – Катланово.

Аористните основи се исти на сето скопско говорно подрачје: *дојдо – дојде, викна, замоли, зајре*.

Формите на аористот во скопскиот говор гласат: *дојдов, дојде, дојде, дојдовме – дојдовне, дојдоа – дојдова*; *викнав, викна, викна, викнавме – викнавне, викнавт̄е, викнаа – викнава*. Разновидностите со наставката *-вне* (*-фне*) во 1 л. мн. се јавуваат во НБ, Јаб, а наспоредно со наставката *-вме* тие се употребуваат и во каршијачките села сè до Вардар, сп. *зедовне, рековне* Град, Зел, Драч.

Наставката *-ва* во 3 л. мн. покарактеристична е за градскиот и блатскиот говор. Во селата западно од Вардар превладуваат формите без *в*, сп. *дојдоа, т̄аднаа,* понегде се јавува и *-ја* кај глаголите од *и*-основи: *се скрија, удрија* НБ, Говр; *зедоа* Шиш, *викнаа* покрај *викнава* Нер.

Во скопскоцрногорскиот северно од линијата Кучково – Г. Оризаре – Радишани – Арачиново – Г. Коњари – Дивље аористната парадигма гласи: *дојдо, викна, изѓоре – дојдовмо – дојдомо, викнавмо – викнамо, дојдост̄е – дојдовт̄е, дојдоше, викнаше* и *дојдова, викнава*. Наставките *-вмо, -вт̄е* во 1 и 2 л. мн. огра-

ничени се на јужните црногорски села на појасот Кучково – Орман – Оризаре – Радишани.

Имперфектните основи се исти на сета скопска територија, сп. *викаше, броеше, носеше, береше*.

Во скопскоблатскиот говор имперфектната парадигма гласи како и во другите централни говори: *викав, викаше, викаше, викавме – викавне, викавте, викаа – викава*; *носев, носеше, носеше, носевме – носевне, носевте, носеа – носева*. Во скопскоцрногорскиот северно од селата Кучково, Радишани, Стајковци и во граничните села во кумановскиот североисточно од линијата Миладиновци – Г. Коњари – Дивље имперфектната парадигма гласи: *викаше* (1–3 л. едн), *викашемо – викавмо, викашете – викашесте – викавте, викашев – викава*; *носеше, носешемо – носевмо, носешете – носешесте, носешев – носева*. Јужната изоглоса на наставката *-ше* во 1 л. едн. оди во правецот на селата Кучково, Орман, Оризаре, Стајковци, Миладиновци, а на североисток таа допира сè до Дивље. Множинските наставки *-шемо, -шете (-шесте)* и *-шев* превладуваат во севрниот дел на Црногоријата, додека во селата Орман, Радишани, Оризаре, Стајковци се употребуваат формите со наставките *-вмо, -вте, -ва*.

Тоа што е речено во претходната точка се однесува и на образувањето на имперфектот на глаголот 'сум', како и за географската дистрибуција на неговите форми.

Во образувањето на *л*-партиципот нема формална разлика меѓу блатскиот и црногорскиот. Меѓутоа, треба да се истакне дека во црногорските села *л*-формата од имперфектната основа се образува претежно од глаголите од *и*-основи, сп. *молел, носел* (: аор. *л*-ф. *молил, носил*), додека кај глаголите од *е*-група такви форми се ретки, сп. *брал, драл, рекăл* (необични се формите *берел, речел, идел*).

Глаголскиот прилог се јавува во две разновидности – со наставката *-еќе (-јќе, -ќе)*: *копаеќе, береќе, одејќе*, и со *-еќи (-јќи, -ќи)*: *викаеќи (викајќи, викаќи), носееќи (носејќи, носеќи)*. Формите на *-еќи (-јќи)* се покарактеристични за северните скопскоцрногорски села северно од линијата Љуботен – Бразда, потоа во градскиот говор и во крајните југозападни села на Блатијата на правецот Зелениково – Градовци – Катланово, сп. *викаеќи* Чуч, *носејќи* Бард, *одееќи* Град. На другата територија превладуваат формите на *-еќе (-јќе)*, сп. *копаеќе* Рад, *бере:ќе* Куч, *носејќе, одејќе* Див, Бел, Драч, Рак, Нер, НБ.

Кај глаголската *нѣ*-форма како диференцијална црта во црногорскиот се јавува пазењето на палаталот *њ* кај глаголите од *и*-група што им завршува општиот дел на *-н*, од типот *кани, жени*, сп. *жењеѣ, кањеѣ, нарањеѣ, напуњеѣ, промењеѣ, рањеѣ*. Јужно од линијата Кучково – Бразда – Раштак овие форми се јавуваат со *н*: *женеѣ, ранеѣ, канеѣ*.

Полни презентски форми од глаголот 'оќе' (стсл. **хотѣти**) се употребуваат само во црногорскиот говор: *оќу, оќеш, оќе, оќемо, оќете, оќев*.

Во 2 л. мн. на императивот кај глаголите од *е-/и*-група се генерализирала наставката *-ете* : *кажете, носете* на сета територија на разгледуваниов говор.

Кај сложените глаголски форми посебност покажува скопскоцрногорскиот при образувањето на идно-минатото време. Во него оваа форма се образува како и во кумановско-кратовските говори – со партикулата *ќеш(е)* и презентот

со *да* : *ќеш(е) да ѓадњу, ќеш да ѓаднеш, ќеш да ѓадне*, поретко и без *да* во посеверните села: *ќеше умру, ја ќеш ѓе ѓепам*.

Од службените зборови на скопскиот терен се разграничуваат предлозите *из, ѓроз, вдз, у*. Предлозите *из* и *ѓроз* се карактеристични само за скопскоцрногорскиот говор. Нивните јужни изоглоси допираат до Кучково, Оризаре, Црешево, Бујковци, сп. *Искочил ис шуму, ис казарме, он је ис Чучер*.

Предлогот *вдз* има нешто поширок ареал; се јавува и во блатските села, а не е непознат и во Каршијак, иако е таму редок. Во Јаболци и Нова Брезница не е констатиран.

На скопскиот терен завршува западната изоглоса на предлогот *у* (м. **vъ*). Таа оди по правецот на селата Шишево – Г. Солње – Добри Дол – Драчево – Градовци. Во каршијачките села тој се употребува наспоредно со *во* (*в*).

Удвоениот предлог *сос* (*сăс* во црногорските села) превладува во градскиот и во блатскиот говор на запад до Вардар. Во каршијачките села обична е формата *со*.

II

Дијалектните диференцијални црти на скопското говорно подрачје можеме да ги поделиме по однос на територијата, прво, на две основни групи.

Една група особености ограничени се на скопскоцрногорскиот терен. Во таа група спаѓаат: широкиот изговор на акцентираните вокали /*е, о*/, фонемата /*ă*/ како континуант на јаките ерови (**ъ, *ь*), замената на сек. $ъ_2$ со /*ă*/ во сите позиции, замената на секвенцата **vъ, *vь* со /*у*/, замената на секвенцата **ję* со /*је*/, континуантот /*у*/ место носовката **ǫ*, замената на старото вокално **ļ* со /*у*/, зад забновенечните согласки со /*лу*/ или /*лă*/, прегласот на старата група **ја* во /*је*/ во *једе*, замената на **ě* со /*а*/ во лексемата *ора – ораси*, непрегласеното /*а*/ во зборот *ѓрава*, појавата на протетичко *ј* во лексемата *јучер(а),* пазењето на палаталното **l′* во сите позиции (*ѓоље, недеља*), јотувањето на групата *лј (*lьј)* во *љ* (*зеље*), пазењето на епентетското **l′* во повеќе случаи (*ѓоѓравља, сабља*), чувањето на палаталното *њ* во сите позиции на зборoформите (*њива, њеѓа*), консеквентната замена на прасловенските **tj, *dj* во /*ќ, ѓ*/ во апелативната лексика, загубата на фонемата *х* во иницијална, финална позиција и пред консонант и нејзината замена со /*в*/ во интервокална позиција (*снава*), редуцирањето на *в* во секвенци со *л* (сп. *лакно, ладика, лас, лачи*), асимилацијата на *с* со *ш* пред африкатот *ч* на морфемската граница (*мошче* < *мосче*), пазењето на категоријата одушевеност кај именките од м.р., пазењето на старата флексивна форма на *-а* кај одушевените именки од м.р. (*уваѓи ѓоѓа ѓепла*), како и нивните определени форми (*уваѓи ѓепловоѓа, ѓепловоѓа, ѓеплоноѓа*), множинската наставка *-е* кај именките на *-а (жене*, членувано *женеѓе*), множинската наставка *-ики* кај именките од с.р. на *-е* (*ѓилики*), пазењето на избројаната множина на *-а* кај именките од м.р. (2, 5, 10 *леба*), кај заменките: облиците *њојзе* за датив, *њума* во акузатив од 'она', кратката дативна форма *је*, кратките акузативни множински форми *ни, ви* (*нас ни виде, вас ви виде*), наставката *-а* кај заменската флексија (*њеѓа, свакоѓа, нашеѓа*), фонетските варијанти на заменките *свак(и), свакој, овај, онај, овакăв, онакăв, оволики, ѓолики, онолики,* посесивните форми *њојăн – њојна, њин,* кај глаголите: наставките *-мо* во 1 л.

мн., *-в* во 3 л. мн. презент (*викамо, викав*), аористните наставки *-смо, -сте, -ше* (*дојдосмо, дојдосте, дојдоше*), генерализирањето на наставката *-ше* во сите лица во едн. на имперфектот (*ја викаше, ти викаше, он викаше),* негде и проширувањето на имперфектната основа со елементот *-ше-* (*имаше, имашемо, имашете, имашев*), футурско-модалните конструкции со *ќеше (ќеше викам, ќеше да викам*), потоа предлозите *више, из, проз, исод,* и уште неколку зборообразувачки типови. Сите приведени особености карактеристични се за целата Црногорија. Нивните јужни изоглоси во густ сноп допираат приближно до селата Кучково, Радишани и Црешево. Од Црешево и Стајковци изоглосниот сноп продолжува по правецот на селата Бујковци – Дивље – Цидимирци на скопско-кумановското пограничје. Овој изоглосен сноп ја сочинува јужната граница на скопскоцрногорскиот говор.

Со по неколку црти од правиот скопскоцрногорски говор отстапуваат само јужните села Волково, Орман, Ново Село, Г. Оризаре, Радишани, Црешево, Стајковци и Булачани. На тој појас во суфиксните и флексивните морфеми место **ъ, *ь* има рефлекс */а/*, сп. *јутак, ручак, конац, болан, ражањ, витал, чешал', какав, човекат, старијат,* како и место секундарниот *ъ*$_2$: *огањ, рекал, ведар, сам,* освен пред *м* во броевите 7, 8 каде што се јавува редовно */у/*: *седум, осум*. Во таа фонетска позиција поинаков резултат наоѓаме и место носовката **ǫ*, сп. *на рука, га виде Вера*. Во споменативе села се почести и дифтоншки секвенци со *и* од типот [*еи̯, аи̯, ои̯*], сп. *лоиа, удоиа*. Место вокалното **ļ* зад забновенечните согласки има рефлекс */ла/*: *длаго, длабок, слаза, слапце, слазбица, тлачник*. Етимолошкото палатално **л'* се реализира како алвеоларно */л'/*: *л'уди, пријател', они мел'ав*. Во областа на морфологијата исто наоѓаме во овие села неколку отстапувања од правиот црногорски говор. Така, на пример, во нив кај именките на *-а* општата форма е еднаква со номинативната, сп. *имам сестра удовица*. Множинската форма кај тој тип именки се образува со наставката *-и* : *години, куќи, њиви.* Кај именките од среден род на *-е* множината почесто се образува со наставката *-ња* : *дечиња, тилиња*. Кај одушевените именки од м.р. општата определена форма е еднаква со номинативната, сп. *Јани га коњат*. Кај глаголите во 1 л. едн. на презентот наставката *-м* се генерализирала кај сите три групи глаголи: *носим, берем, викам* (: *ношу, беру* во посеверните села). Кај глаголите од *е-/и*-група основниот вокал се изедначил во сите лица во презентската парадигма: *носи-м, носи-ш, носи-ф, носи-мо, носите, носи-в*; *бере-м, бере-ш, бере-ф, бере-мо, бере-те, бере-в*. Со настанатите измени во основниот вокал кај глаголите од *и*-група е отклонето и редувањето на консонантите */л, н, т, д, с, з/* во 1 л. едн., сп. *молим, каним, платим, видим, носим, газим* (: *мољу, кању, плаќу, виѓу, ношу, гажу* во посеверните села). Во јужниот појас на Црногоријата не се среќава веќе наставката *-ше* во 3 л. мн. аорист, превладува наставката *-ва* : *дојдова*. Во Кучково, Волково и Радишани можат да се сретнат и аористни форми со наставките *-в, -вмо, -вте* : *дадов, дадовмо, дадовте* Рад. Не се необични и имперфектни форми со наставката *-ва* во 3 л. мн.: *берева* Рад, Ст, *бева* Кучк.

Во југоисточните села на правецот Раштак – Булачани – Црешево – Стајковци бројот на диференцијалните црти во однос на посеверните црногорски села е уште поголем. Во нив егзистираат два акцентски модела – со утврден акцент на пенултима и парадигматски, сп. *ј'унак – јун'аци, 'унук – ун'уци, м'ај-*

стор – мајст'ори, ст'уден – студ'ена – студ'ени, г'олем – гол'емо, пок'анет – покан'ети, н'осил – нос'ила – нос'иле; *нош – ноќ'ови, прод'ава – продав'амо – продав'аше, н'оси – нос'ете*. На овој дел од Црногорија значително е помал бројот и на случаите со загубено */в/* во интервокална позиција. Дативниот однос кај личните имиња се изразува аналитички, сп. *Му рече на Стојана*. Демонстративните заменки таму се јавуваат во формите: *ов'ој, тој, он'ој,* ж.р. *ов'ај, тај, он'ај*, с.р. *ов'оје, т'оје, он'оје* (: *овај, тај, онај – оваја, таја, онаја* на другата црногорска територија). Единството на овој говорен ареал го нарушуваат уште фонемата */ф/* и наставката за глаголскиот прилог. Фонемата */ф/* во слободна позиција се јавува спорадично во југоисточните села и тоа најчесто во туѓи лексеми, сп. *фењер, фронт* Цр, додека на другата територија од разгледуваниов говор таа може да се сретне само како алофон. Туѓото *ф* се заменува со *в*: *витил, вута, венер, вурна*. Исто така *в* редовно се јавува место групата **xv*: *ваќи, уваќи, се вали*. Глаголскиот прилог овде се образува со наставката *-еќе (-ќе, -јќе)*: *беѓаеќе* Цр, *копаеќе* Ст, *работаќе* Кучк.

Поголемиот дел од приведениве диференцијални дијалектни особености јужните скопскоцрногорски села ги доближуваат до блатскиот говор. Такви се: вокалот */у/* место сек. $ъ_2$ пред *м* во броевите *седум, осум*, множинската наставка *-и* кај именките на *-а*, глаголските наставки: *-м* во 1 л. едн. презент, *-а*, одн. *-ва* во 3 л. мн. во минатото определено време, *-еќе (-ќе, -јќе)* во глаголскиот прилог. Отсуството на фонемата *ф* е исто така една особеност која пошироко ги поврзува блатскиот и црногорскиот говор. Има, меѓутоа, и неколку иновациони појави коишто настанале на овој терен во резултат на меѓудијалектниот контакт, како што се: замената на еровите **ъ,*ь* со *а* во суфиксните морфеми, замената на вокалното **ļ* со */лă/* зад забновенечните согласки, депалатализацијата на **l′* во алвеоларно */л'/*, како и промените извршени во акцентскиот систем.

Сите приведениве особености во јужните скопскоцрногорски села карактеристични се и за говорот на скопските села во долината на Пчиња на граничниот појас со кумановско-овчеполското говорно подрачје. Нивните изоглоси од с. Црешево и Стајковци продолжуваат по правецот на селата Бујковци – Г. Коњари – Дивље – Џидимирци.

Втората голема група дијалектни диференцијални црти се карактеристични за скопскоблатскиот говор.

Една група од тие особености го зафаќа сиот блатско-каршијачки регион и образува територијално-дијалектна опозиција со скопскоцрногорскиот говор. Во оваа група спаѓаат следните особености: неразликувањето на акцентираните од неакцентираните */е, о/*, отсуството или ограничената употреба на фонемата */ă/*, замената на **ъ,*ь* со */о, е/*, пазењето на *в* во префиксираните глаголи и во други лексеми, замената на носовката **ǫ* со */а/* на поширока територија (*рака, на рака*), вредноста */ја/* место старата група **ję* (*јазик, јаѓрва*), протетичкото *ј* пред рефлексот на иницијалното **ǫ* (*јаже – јуже*), замената на **ě* со */ја/* во глаголот *јаде*, затврднувањето на старото палатално **l′* (*луѓо, клуч, пријател, молам*), затврднувањето на палаталното **n′* пред предните вокали во иницијална позиција (*неѓо, нива*), замената на фонемата *х* со */в/* на крајот на слогот (*бев, бевме*), алтернациите на фрикативните */с, ш/* пред африкатите */ц, ч/* со */в/* во случаите како *месо* : *мевце*, *појас* : *појавче*, *круша* : *крувче*, загубата на *в* во лексемата *чера* (< *вчера*), загубата на интервокалното *в* во бројни зборо-

форми и во одделни позиции; во морфологијата: отсуството на категоријата одушевеност кај именките, разбивањето на избројаната множина со *-а* кај именките од машки род, множинската наставка *-и* кај именките од ж.р. на *-а,* заменските облици *нејзе, неа*, заменските клитики *не, ве* за директен објект, заменско-придавската наставка *-го̄* (*него̄, овего̄*), фонетските форми на заменките: *секој – свекој*, *овој, оној, то̄ј, ваков, та̄ков, онаков, олкав, нејзин, нивен,* присуството на присвојно-демонстративните заменки *овего̄в, онего̄в, то̄го̄в*, во глаголската флексија: генерализирањето на наставката *-м* во 1 л. едн. (*носам, берам*), наставката *-т* во 3 л. мн. презент (*носат, имаат*), обликот *се* во 3 л. мн. од 'сум', аористно-имперфектните наставки: *-в, -вме, -вте, -(в)а,* отсуството на предлозите *из, про̄з, испод,* како и фиксираниот акцент на третиот слог. Во основата таков акцентски систем има и скопскоцрногорскиот, со исклучок на крајните југоисточни села, но во него има и редица отстапувања.

Северните изоглоси на овие црти спрема скопскоцрногорскиот и на североисток спрема кумановскиот допираат приближно до селата Бардовци, Бутел, Брњарци, Миладиновци, Катланово, а неколку од нив, видовме погоре, допираат и до линијата Кучково – Бразда – Раштак. Така на тој простор се образува еден нов, многу густ изоглосен сноп со над педесетина изоглоси на фонетски и граматички особености. Овој изоглосен сноп претставува граница меѓу скопскоблатскиот и скопскоцрногорскиот и кумановско-овчеполскиот говор на североисток, а тоа значи истовремено и граница меѓу централните говори, респ. западното наречје, и северната група дијалекти.

Скопскиот говор по своите основни фонолошки и структурни особености спаѓа во западното наречје. Со другите западни говори него го поврзуваат: фиксираниот акцент на третиот слог и неговиот синтагматски карактер, цела серија дифтоншки секвенци со вокалот /*и*/, сп. *снаи̯, лебои̯, стреи̯* (< *снаи, лебои, стреи*), замената на *х* со /*в*/ на крајот на зборо̀формите и пред консонант во средината, протетичкиот глас /*ј*/ пред континуантот на иницијалното **ǫ* (*јаже*), загубата на интервокалното *в* во одделни позиции, тројниот член, испуштањето на помошниот глагол 'сум' во 3 л. на перфектот, потоа изразувањето на присвојноста и со предлогот *од*, употребата на заменските и глаголските клитики на почетокот на реченицата пред глагол, сп. *Сум го̄ видел него̄, Му рече на Марка, Го виде Марка.* На поголем дел од скопскиот говор има остатоци од старата замена на **ę* во **ǫ* зад *ј,* сп. *јазик*, *јачмен.*

Изоглосите на повеќето од приведениве црти на североисточниот дел на скопското подрачје одат по правецот на селата Рудник (Велешко) – Катланово – Миладиновци – Арачиново – Страчинци. Од Страчинци овој изоглосен сноп се дели во два крака. Изоглосите на рефлексот /*а*/ од **ǫ* < **ję,* на замената *х* во /*в*/ на крајот на слогот продолжуваат по пограничјето меѓу скопскоцрногорскиот и блатскиот говор на правецот Брњарци – Радишани – Волково. Изоглосите на протетичкото /*ј*/ пред рефлексот на **ǫ* (*ја̀ток*), на загубата на интервокалното *в*, на тројниот член, на предлогот *од* во присвојна функција, како и изоглосата на превербалната употреба на заменските и глаголските клитики, ги зафаќаат и скопскоцрногорските села. Изоглосата на стабилизираниот третосложен акцент влегува малку подлабоко во скопскоцрногорскиот говор. Југоисточните црногорски села Црешево, Стајковци, Булачани, Раштак во ред случаи имаат фиксиран акцент на пенултима. Изоглосата на испуштањето на

помошниот глагол во 3 л. на перфектот оди нешто поисточно од скопското говорно подрачје.

Единството на скопскиот блатски говор го разбиваат десетина црти. Еден дел од тие црти распоредени се по периферијата на односниов говор и зафаќаат мали или релативно мали ареали. Така, на пример, рефлексот /о/ за сек. *ъ*$_2$ пред крајните *р* и *н*, сп. *ветор, итор, огон,* дативната синтетичка форма од личните и роднинските имиња од м. и ж. род, сп. *Му рече Стојану, је рече Анѓи,* кратката дативна форма *је* од заменката 'таа', кратката множинска форма *и* за директен објект: *и виде децата* – ограничени се на селата Јаболци и Нова Брезница. Само во овие села се пази и наставката *-т* во 3 л. едн. презент: *носит, викат*, а во 1 л. ед. од истата форма отсуствува наставката *-м* кај глаголите од *е-* и *и*-група: *ја носа, да зема*. Со овие црти говорот на споменативе села се доближува до поречкиот.

Во северниот дел на Блатијата на правецот Шишево – Нерези – Бардовци – Арачиново и во градскиот говор наоѓаме неколку особености коишто се карактеристични за скопскоцрногорскиот, и воопшто за северните говори. Такви се: рефлексот /у/ место *в* од старите секвенци **vь,*vъ* во лексемите *удо-(в)ец, удо(в)ица, унутра*, и кај неколку глаголи: *удене, уденуе, улезе,* како и во предлозите *у* и *уз*, потоа континуантот /у/ за носовката **ǫ* во коренските слогови во најголем број случаи, сп. *рука, пут*, рефлексите /у/ и /лă/ за вокалното **ļ*, алвеоларното /л'/ во еден број лексеми, епентетското *л* во лексемите *дропла, чапла, сабл'а врбл'ак, шумл'ак,* кај именките множинската наставка *-иќи* : *пилики*. Готово сето скопско подрачје го покриваат: личната заменка *он* (*она, оно*), предлозите *више, у, уз*, фонетските облици *ора(в)* и *трава*, и уште цела редица други лексикализирани фонетски црти и одделни лексеми. Изоглосите на овие црти имаат правец, главно, исток–запад. Некои од нив го зафаќаат само северниот дел на скопскоблатскиот говор, на пр. континуантите /у/ и /лă/ на вокалното **ļ*, а некои навлегуваат подлабоко во Блатијата. Формите *удо(в)ец, удо(в)ица, удене* познати се на целиот блатски простор и во поголемиот дел на Каршијак, сп. *удоец, удоица* МСуш, Рак, *уденуе* Нер, ГСол. Само во крајните западни каршијачки села се јавуваат и формите *довец, доица, вдене* Говр. На запад до линијата Горно Солње – Маркова Сушица допира и изоглосата на формата *унатре* Рак, одн. *унутра* Шиш, Нер. Во западните каршијачки села се употребува веќе фонетскиот облик *внатре* ГСол, Јаб, НБ. Во Каршијак завршува и западната изоглоса на предлогот *у* : *Отиде у едно село* Рак : *Отиде во Скопје* Говр, НБ. Предлогот *уз* во овој облик се употребува во сите каршијачки села. Неговата западна изоглоса преминува на поречкиот терен.

Континуантот /у/ од носовката **ǫ* во коренските морфеми е општа карактеристика на градскиот говор и северните блатски села на правецот Бардовци – Арачиново – Миладиновци, сп. *вруќ, вруќина, гулаш – гулаби* Ск, *гулуш* Бел, *груди, зуби, зазубица жел'уди, јуже, јужар, јуток, јузел, југлењ – југлење* Бард, *клупец* Бел, *клупче* Ск, *кутник, кудел'а – кудела, купина, кукул', лучи, мука, мутно, муда, мужи, муќеница, муќко јајце, муќок, обруч, пут, путмара, путец, пупок, пупка, понуда, паук, паужина, пуди, рут, рука, рукави, рукаветка, рукатка, рукавица, ступи, ступалка, ступица, скут, субота, сучка, прут, труба* (*платно*), *туга, тупан, удица, унутра, чубрица*. Колку што се оди понајуг и поназапад бројот на примерите со /у/ < **ǫ* опаѓа. Во с. Лисиче во нашата анкета

забележани се со /у/ само: *голуби, кукул, скуп, туп,* покрај *гужва, гуска, желудец, куќа, ручек, вруќ, вруќина*, кои се среќаваат на поширок ареал во Македонија. Во Катланово и Блаце со /у/ се забележани лексемите: *мучник, муќеница, гулуби, муќук, скуп, чубрика.* И во каршијачките села бројот на примерите со /у/ место **ǫ* е незначителен, сп. *вруќ, вруќина, голуби, мука, муќук, понуда, скуп* ГСол, *желуди, груди, мудер, муќеница* МСуш, *зуби, рука* и *рака* Рак, но: *раце, мака, макеница, гулаби, внатре* Говр. И во дервентските села се мешаат примери со /у/ и со /а/, сп. *голуби, голубарник, желудец, кукол, клупец, мужи, ручка, муќци* Нер, *груди, зуби, јуже, клупче, мука, обруч, паучина, тупан, скупо* Шиш. Наспоредно од исти лексеми можат да се сретнат во исто место, дури од исти информатори, и форми со /а/, сп. *пајак* : *пајачина* и *паучина* Шиш.

Во градскиот говор и во најсеверните блатски села во поголем број лексеми вокалното **ļ* е заменето со /у/, а зад дентално-алвеоларните согласки (*д, т, с*) во /лă/, како во црногорскиот, сп. *бува, вук, вуна, жуња, жуто, јабука, кук, музе, – длăго, длăжина, длăбоко, длăбина* (овде превладал коренот **dļb-*), *длăжен,* покрај *дужен, слăнце, слăнчоглет, слăза, тлăче* покрај *туче, тлăчник, слăба* и *слуба*, и /ăл/ во лексемите *кăлка, кăлчишта* Ск, Бард. Во Арачиново и Белимбегово /у/ се јавува, главно, зад лабијалните согласки, сп. *бува, вук, вуна, јабука, музе, музаќна крава, пужав, пуно,* и уште *кук*. Во другите лексеми со **ļ* има рефлекс /ăл/: *гăлта, кăлне, кăлчишта, дăлбок, дăлбина, тăлчник, тăлче,* и /лă/ во *длăго, длăжина, злăчка* и *жлăчка, слăза, слăбина*. Рефлексот /ăл/ се наложил и во лексемата *зăлва*. Одделни примери со /у/ место **ļ* можат да се сретнат и во најјужните блатски села, во кои како општ рефлекс се јавува /ăл/, сп. *бува, јабука, јабукница, вук, вуна, жучка, жуто* Рж, *јабука, пужајка* Кат.

Фонемата /л'/ има доста ограничена теренска дистрибуција. На сета територија на скопскоблатскиот говор таа се јавува само во туѓи лексеми, сп. *ил'ач, витил', метил', тел', бензил',* и др., како и во лексемите со коренот *л'уб-*: *лу'бов, Л'убе*. Во северниот дел на Блатијата, на пограничјето со Црногоријата, во одделни лексеми /л'/ се јавува како континуант на палаталното **l'*, сп. *л'ути, кукул', штавел'* Бард, *кл'уч, кл'ун, л'ути, л'уто, пл'уканица, кудел'а, недел'а, сел'анин, чешл'а* : *мелам, солам, сол, молба* Ар, *вил'ушка, чел'ат, жел'уд, брил'ан, кукул', врбл'ак, шумл'ак, сабл'а, пол'ак* Бел, *гркл'ан, кошул'а, л'уд, л'ушта, кл'уч, кл'ука, пл'ука, кашл'а, сел'ани, бозел', гредел'* Нер, *кодел'а, кошул'а, кл'ун* Шиш, *вол'а, невол'а, дрл'ача, сел'ак, пол'ак, чапл'а, бозел'* Рак, Говр. Во неколку одделни случаи /л'/ може да се сретне и во појужните блатски села: *бозел'* Рж, *шупел'ка, пол'ак, лул'аче, ул'аник* Кат, *вол'а, кл'уч, кукол'* Таор.

Во примерите: *сабл'а, дропл'а* Кат, *чапл'а* Говр, Рак, *врбл'ак, шушл'ак* Бел, Нер се задржало епентетско **l'*. Овде не дошло до разлагање на старото палатално **l'* во случаите како: *пол'ак, сел'ак* Кат, Рак, *вол'а, невол'а* Рак, *ул'аник, лул'аче*. Групата *лј* обично се одбегнува. Тоа го потврдува и метатезата во *зејле* Бел, Кат, Таор, *појл'ак* покрај *пол'ак* Кат. Примерите како *зел'е, бил'е* во блатските села потврдуваат дека новото јотување на секвенцата *лј* било порашрено на скопското подрачје.

Западната изоглоса на заменката *он* (*она, оно, они*), видовме, поминува низ Каршијак. Во западните каршијачки села може да се сретне и *тој* (*таа, тоа*), а во Јаболци и Нова Брезница последнава форма надвладува.

Во Каршијак завршуваат и западните изоглоси на фонетските разновидности на лексемите *орав* и *трава*. Во МСуш, Јаб и НБ се употребуваат само формите со *е* : *орев – ореси* МСуш *орев – ореи, трева* НБ.

За блатскиот и градскиот говор посебно се карактеристични: рефлексот /*е*/ место сек. *ъ*$_2$ пред крајното *р*, сп. *бистер, вепер, ветер, добер, итер, јадер, модер, мокер,* континуантот /*и*/ во лексемата *огин* Бел, *огињ* Рак, *оги́њ* Шиш, Нер, *оги́н* Кат, Драч, Ск, употребата на *њ* место *н* во финална позиција, сп. *коштањ, нишањ, чекањ, гребењ, камењ, корењ, кремењ, остењ, прстењ, пламењ, ремењ, ражењ, дрмоњ, таруњ, трњ* Зел, Град, *ремењ, дрмоњ, троњ, клуњ, оги́њ* Драч, *бршлењ, јачмењ, прешлењ* Рак, *јаглењ, лештањ, тиганъ, тарујњ* Нер, метатезата на секвенцата *зј* > *јз*: *гројзе, лојзе*, во морфологијата: множинските форми *раци, нози*, одн. *руки, ноги,* кратката акузативна множинска форма *ги*, дативната форма *и* од заменката 'она', наставката *-м* во 1 л. едн. презент: *викам, носам, сечам*, наставката *-ва* во 3 л. мн. аор. имперф.

Некои од овие црти се протегаат и на каршијачките и дервентските села. Формите од типот *ветер, итер*, и сл. се јавуваат наспоредно со разновидностите *ветар, итар* скоро во сите источни каршијачки села, сп. *добер, итер, мудер, вепер, јадер, остер* Рак, *вепер, ветер*, но и *добар, итар*, *мокар, остар* Говр, *ветер, ведер, модер* : *добар, јадар, остар* ГСол, *вепер, ветер, итер* : *ведар, јадар, остар* МСуш. Западната изоглоса на рефлексот /*е*/ во одделни примери допира до линијата Градовци – Маркова Сушица – Говрлево – Шишево. Во истиот правец оди и изоглосата на континуантот /*и*/ во лексемата *огин – оги́њ*.

Во каршијачките и дервентските села сè до линијата М. Сушица – Говрлево – Шишево превладуваат и формите со финално *њ* кај именките од м.р.: *пламењ, јаглењ, бутињ, цивуњ* ГСол, *коштањ, кремењ, трњ* Рак, Говр.

Метатезата на групата *зј* во *јз* во лексемите *гројзе, лојзе* ограничена е на градскиот и блатскиот говор. Западно од линијата Градовци – Огњанци – Драчево – Г. Лисиче – Нерези – Бардовци превладуваат неметатезираните форми.

Множинските форми *раци, нози*, одн. *руки, ноги* карактеристични се за градскиот и говорот на Блатијата вклучувајќи ги тука и дервентските села. Во Каршијак западно од селата М. Сушица, Добри Дол и Усје во употреба се двоинските *раце, нозе.* Алтернациите /*к*/: /*ц*/ и /*г*/: /*з*/, одн. /*s*/, сп. *рака* : *раце*, *нога* : *нозе – нозе – нози* се јавуваат на сето скопско подрачје на север до линијата Шишево – Нерези – Г. Лисиче – 'Ржаничино. Северно од оваа линија се употребуваат формите без алтернации: *руки, ноги* Ск, Бел, Бард.

Кратката дативна форма *и*, множинската *ги* и наставката *-м* во 1 л. едн. презент се употребуваат во Каршијак на запад до Јаболци и Нова Брезница. Во овие села датив од 'таа' гласи *је*, кратката акузативна форма во множината *и* (*и виде децата*), а во 1 л. едн. презент, како што рековме погоре, отсуствува наставката *-м*.

Меѓу покарактеристичните диференцијални црти на скопско-блатското подрачје спаѓаат: континуантот на носовката **ǫ* и на сек. *ъ*$_2$ во коренските морфеми, рефлексот на вокалното **ļ*, фреквенцијата и дистрибуцијата на фонемата /*ă*/, употребата на фонемата /*ф*/, промените во консонантските групи *бн, ср, зр* и *стр, здр,* во флексијата: личните заменски форми за дативен предмет, наставката за 3 л. мн. презент, како и наставките за 3 л. мн. на минатите прости времиња и на глаголскиот прилог.

Во градскиот говор и во северните блатски села во коренските морфеми место носовката *ǫ, видовме, во најголем број случаи се јавува /у/. Јужно од линијата Шишево – Нерези – Белимбегово основна замена за *ǫ е /а/, сп. *баботи, ґради, ґас, ґнасен, ґазер, ґасеница, дай, дабица, желади, заби, зазабица, јаже, јажица, јаток, јадица, јазол – јазел, каклица, капина, кадела, лачи, маде, мажи, мати, маќеница, обрач, пат, патец, папук, пајак, прат, прачка, попрак, рака, ракав, ракатка, рабо(в)и, саботa, стапалка, страґа, траба, трат, унатре*. Северно од споменатава линија со /а/ се констатирани примерите*: дай, ґас, ґазечки, ґнасен, јаток, јаґорец, желади, прачка, стапица, унатре,* како и случаите со *јǫ од *јę : *јазик, јачка, јачмен, јатрва, јаґула* Бард, *ґнас* покрај *ґнăс, ґнасотија, дабје, јазик, јанsа, јачменче, јадро, јатрва, зајак* Ск. Нешто повеќе примери со /а/ м. *ǫ се забележани во Белимбегово и Арачиново, сп. *ґасеница, дай, дабица, даґа, јазик, јанsа, јачка, јатрва, јачмењ, јажица, јазел', јатор, јаток, јаґорец, јаґула, јадица, зајак, капина, пајак, пајажина, прачка, рачка, стапало*. Овде поминува изоглосата на замената на *јę > јǫ > /ја/ во лексемите 'јачмен' и 'зајак', сп. *зајак, јачмењ*, но: *заечко, ечменик, ечменов леј* Бел.

Во неколку лексеми во градскиот говор и во околните села место *ǫ се јавува и /ă/, сп. *ґăс, ґăзечки, ґăзер – ґăзар, ґăсеница, кăсни, ґнăс, кăклица* Бел.

Нема единство меѓу градскиот и блатскиот говор ни во поглед на замените на сек. *ъ*$_2$ во почетните слогови. Во градот и во околните села во поголем број примери место сек. *ъ*$_2$ има /ă/: *лăґа, лăже, лăжґо, лăжичка, лăжица, мăґла, мăска, тăнок* : *бадник* Бард, *цăфти, сăмне, тăнок, мăзґа* : *лаже, лажичка* Бел, *лăжґо, лăжица, тăнко : лажґо, бадник, магла, маска* Ар. Во јужните села и во овие случаи редовно има /а/ : *лаґа, лаже, лажица, магла, маска* Драч, Зел. Посебна изоглоса има рефлексот /ă/ во лексемата *цăвти*. Таа допира сè до Вардар. Десно од Вардар на еден тесен појас се јавува разновидноста *цуфти* Рак, Драч, *расцуфти* Нер, која претставува контаминација на формите *цăвти (цăфти)* и *цути*. Вторава форма (*цути*) превладува во каршијачките села. Приближен ареал зафаќа и фонетската разновидност *сăмне*, сп. *ќе осăмне* Зел, Ог : *се осунало* ГСол, НБ.

За вокалното *ļ покрај рефлексот /у/, кој е карактеристичен за градскиот говор и северните блатски села, има уште два континуанта – /ăл/ и /ол/. Рефлексот /ăл/ се јавува во блатскиот говор јужно и источно од линијата Драчево – Лисиче – Белимбегово, сп. *бăлва, дăлґо, дăлбок, ґăлта, зăлва, кăлца* 'пипер', *кăлк, сăлза, ăлцна* Кат, *жăлчка, вăлна, вăлк, мăлзе, мăлзница, тăлжаф, мăлска, тăлно, жăлт,* но и *јаболко, колчишта* Зел, *бăлва, вăлк, ґăлта, дăлжина, жăлчка, зăлва, кăлк, кăлне, кăлка, јабăлко, тăлче, тăлчник* Таор.

Западно од Вардар во Каршијак и во дервентските села *ļ > /ол/: *болва, волна, долґо, молзе, засолни, со(л)нце, толчник* Рак, Говр, *ґолта, жолчка, колк, солза* Драч, *волна, жолтица, јаболко, колне, молзница, полжав, полно* ГЛис, *волна, ґолта, должина, жолња, жолчка, засолне, полф,* но и *вук, јабука, музница* Нер. Во Шишево покрај примерите со /у/ и /ол/ се среќаваат и лексеми со /ăл/, сп. *бува, жуч, жутица, јабука, тужав, туно* : *јаболкница, жолчка : вăлк, ґăлта, дăлжина, мăлзе, мăлзница, тăлжав* и *тужав, сăлчоґлет*.

Фонемата /ă/ самостојно се јавува во градскиот говор и во северните блатски села во ограничен број случаи место *ǫ во лексемите *ґăс, ґăзер*, место сек.

ъ$_2$ во *лаг̑а, лаг̑е, лаг̑ичка, маг̑ла, маг̑ска, тиг̑нок, цаг̑фти, сам̑не, пасам̑це,* и во турски лексеми место вокалот *ı* : *фаг̑стан – ваг̑стан, зам̑ба, балдаг̑за* и др.

Фонемата /*ф*/ ја познава градскиот говор, сп. *фаг̑ти, се фали, фаг̑стан*. Во дервентските села и во неколку североисточни блатски села таа може да се сретне наспоредно со /*в*/ во исти лексеми, сп. *фанела, фес, фитил', филџан,* покрај *ванела, вута, врла* Нер, *се фали* Шиш. На другата територија *ф* се јавува само како позициона варијанта на /*в*/, сп. *крф, офци*, но *ванела, ваќа, се вали, васт̑ан, вес, вит̑ил, вурна*.

Групата *бн* во лексемите *дебне, себне, сибне* се задржала во западниот дел на говорот. Источно од Бардовци – Водно – Усје – Драчево таа се асимилирала во *мн*: *демне, семне, изземне, симне* Рж, Кат.

Групите *ср, зр* во примери од типот *сребро, среда, зрак, зрел* се пазат во југоисточните скопски села. Во Каршијак и во некои северни скопски села тие се пополнуваат со плозивите /*т̑, д*/, сп. *ст̑ребро, ст̑реда, здрак* НБ, Говр, Рак, Бард, Бел.

Во градскиот говор и во Блатијата полната акузативна форма на личните заменки се употребува и за дативниот предмет, сп. *нег̑о му рече, нив им даде* Ск, Рж, Кат, а од личната заменка 'она' за директен предмет се употребува полната дативна форма: *нејзе ја виде* Ск, *незе ја викна* ГЛис, Драч. Во каршијачките села западно од линијата Шишево – Усје – Драчево – Зелениково – Градовци се употребуваат полните дативни форми, сп. *нему му, ним им, нам ни*, а за директниот објект од 'она' формата *неа*, а кратката гласи *је*, сп. *неа је виде*.

Во каршијачките села на правецот Ракотинци – Драчево често се испушта наставката *-т̑* во 3 л. мн. презент: *викаа, копаа, сакаа, имаа*.

Во минатото определено време 3 л. мн. во блатскиот говор, вклучувајќи го тука и градскиот, по правило завршува на *-ва* : *викава, копава, имава, дојдова, бева*. Во каршијачките и во дервентските села почеста е наставката *-а* : *носеа, береа, дојдоа,* поретко *носева, дојдова*.

Наставката за 1 л. мн. аорист-имперфект се јавува во разновидностите *-вме* : *бевме, рековме* – во скопскиот градски говор и во селата северно од линијата Маркова Сушица – Драчево – 'Ржаничино, и *-вне* : *бевне, беревне* Кат, Град, Зел, Драч, НБ.

Заповедниот начин се образува како и во стандардниот јазик – со наставките *-јт̑е* и *-ет̑е* во 2 л. мн.: *дајт̑е, бројт̑е, носет̑е, земет̑е*. Само во крајните западни каршијачки села 2 л. мн. кај глаголите од *е-* и *и*-група завршува на *-ит̑е* : *носит̑е, купит̑е* Јаб, НБ.

За глаголскиот прилог, видовме порано, има две наставки: *-еќе* со аломорфите *-ќе* и *-јќе* и *-еќи* (*-јќи*). Формите на *-еќи* (*-јќи, -ќи*) превладуваат во јужните блатски села, сп. *носејќи, викајќи – викаеќи* Кат, Таор, Зел, во градскиот говор со околните села: *орајќи носејќи* Ск, Бард, Шиш. Во централниот дел на правецот Говрлево – Ракотинци – Драчево – Белимбегово превладуваат формите со наставката *-еќе* (*-јќе*): *носејќе, сечејќе, сакајќе* Бел, Нер, Драч, Рак.

За дијалектната диференцијација на скопското подрачје имаат значење и фонетските ликови на лексемите: 'песна', 'визба', 'јаребица', 'многу', 'земја', 'ламја', 'стожер', 'вчера', како и консонантските групи /*т̑ч/, /с + ц, ч/* и */ш + ч/*.

Лексемата ‘песна’ во Каршијак и во северните блатски села се јавува во фонетската форма *п̄есма*.

Формата *визба* карактеристична е за говорот на Каршијак и селата од десната страна на Вардар. Источно од Вардар доминира источномакедонскиот облик *изба* Бард, Бел, Кат.

Лексемата ‘јаребица’ се среќава и во фонетскиот облик *еребица*. Првата се среќава во северозападниот дел на областа. Југоисточно од линијата Говрлево – Водно – Скопје во употреба е разновидноста *еребица*.

Дисимилацијата на групата *мн* во *мл* во лексемата ‘многу’ е позната на целиот блатски терен на запад до селата Шишєво, Водно, Сопиште, Морани, сп. *млоґу*, *млозина* Бар, Рж, Зел, ГЛис. Западно од споменатава линија се употребува обликот *моґу*.

Формата *земња* го покрива сето скопско говорно подрачје, со исклучок на западните каршијачки села, каде што се употребува разновидноста *земја* ГСол, Јаб, НБ. Таков географски распоред имаат и варијантите *ламња* и *ламја*.

Лексемата *с̄тожер* Кат, Ск, Бл, Таор се јавува и во формите *с̄тоџар* во каршијачките и дервентските села, *с̄тожар* во Блатијата и *с̄тежер* во НБ, Јаб.

Прилогот *вчера* во овој фонетски облик се среќава само во западните каршијачки села на правецот Горно Солње – Јаболци – Нова Брезница. На другата територија се употребува во формата *чера* Ск, Нер, Рак, Драч, Кат. Во блатските села може да се сретне и формата *јучер*(*а*), која е карактеристична за скопскоцрногорскиот говор.

На скопскиот терен се разграничуваат и формите *унук, унука* Шиш, Нер, Бард, *нук, нука* Бел, Кат, Таор, *фнук, фнука* МСуш, Град, и *внук, внука*.

Групата *п̄ч-* во лексемите ‘пченица’, ‘пченка’ се упростува во неколку западни каршијачки села, сп. *ченица* Говр, *ченка* Шиш, Нер, Говр.

Доста е неуедначен скопскиот говор и во поглед на резултатите од развојот на групите */с + ц, ч/* и */ш + ч/* на морфемската граница со суфикси. На поширок ареал фрикативните */с, ш/* во таа позиција алтернираат со */в > ф/*: *мефце, мафца, ґуфче* (: *ґуска*), *о̄пафче, мофче, круфче* Ск, Нер, Рак, НБ, Драч, Град, Кат. Во северните блатски села овој процес не е наполно завршен. Во с. Бардовци забележани се формите: *мефце, мафче, п̄ојафче*, но: *восче, мӑшче* (: *мӑска*), *кр̆лешче, ґушче*; сп. и: *мосче п̄ојасче, фесче* : *круфче, т̄рофче, мефце, мафца* Ск, *ґушче* : *обрафче, о̄пафче, п̄ојафче* Нер, *ґушче, крушче, лишче, брешче* : *клафче, ґлуфци* Шиш.

Во блатскиот говор редовно се испушта крајното *-т̄* во десетичните броеви, сп. *двaесе, п̄едесе, деведесе* Кат, Рж : *п̄едесет̄, деведесет̄* НБ.

Изоглосите на приведениве диференцијални црти во рамките на скопско-блатското подрачје се раштркани низ целиот простор од Скопје до Катлановo и Таор на југоисток и имаат различни правци на простирање.

Една група изоглоси зазема правец североисток – југозапад. Во таа група спаѓаат изоглосите на континуантот */ăл/* за **l̥*, испуштањето на *п̄* во секвенцата *п̄ч (ченка* : *п̄ченка*), на епентетските *т̄* и *д* во групите *-ср-, -зр-* (*ст̄реда, здрел* : *среда, зрел*), како и северната изоглоса на заменката *ние*. Неколку изоглоси се простираат по правецот југоисток–северозапад и се распоредени на тесниот појас по текот на Вардар. Таков правец имаат изоглосите на рефлексот */а/* м. **ǫ* (*рака* : *рука*), на фонетските облици *цут̄и, цуфт̄и* (: *цăфт̄и*), потоа на формите

зајак (: *заек*), *јаго̄да* (: *јаго̄уда*), *лозје* и *го̄розје* (: *лојзе*, *го̄јзе*), на дативните заменски форми *нему*, *нејзе* (: *него̄ му*).

Поголемиот број изоглоси имаат правец југ – север. Еден број од тие изоглоси ги одделуваат западните каршијачки села од другото скопско подрачје, како, на пример, изоглосите на формите *внатре* (: *унутра*), *орев* (: *орав*), *тре̄ва* (: *тра̄ва*), *земја*, *ламја* (: *земња*, *ламња*), *вчера* (: *чера*), *доец* (: *удовец*), на синтетичките дативни форми кај роднинските и личните имиња (*Стојану* : *на Стојана*), изоглосите на заменката *то̄ј* (: *он*), на кратката акузативна форма за ж.р. *је* (: *ја*) и множинската форма *и* (: *го̄и*), на отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн. презент (*носа* : *носам*), на наставката *-вне* (: *-вме*) во 1 л. мн. аорист-имперфект (*дојдовне* : *дојдовме*), на фонетскиот облик на предлогот *со* (: *сос*).

Нешто поисточно, но пак на каршијачкиот терен, поминуваат изоглосите на фонетските форми *јаребица* (: *еребица*), *визба* (: *изба*), *пе̄сна* (: *пе̄сма*), *мно̄гу* (: *мло̄гу*), *дебне* (: *демне*), на множинските форми *раце*, *нозе* (: *рации*, *нози* или *руки*, *но̄ги*), на наставката *-ва* во 3 л. мн. аорист-имперфект (*бева* : *беа*), на завршокот *-то̄* во десетичните броеви (*пе̄десето̄* : *пе̄десе*).

III

На скопскиот терен, како што покажува претходниот материјал и распоредот на изоглосите на дијалектните диференцијални црти, покрај скопско-црногорскиот говор, кој по својата денешна структура и по својот историски развој се сврзува со северната група дијалекти, доста јасно се оцртуваат уште две говорни целини коишто меѓу себе се тесно поврзани и генетски и структурно и не се остро разграничени.

Една целина претставува говорот на Блатијата, да го наречеме *блато̄ски го̄вор*. Во него се среќаваат значителен број особености кои се карактеристични за северните говори. Тие се присутни во говорот на северните блатски села на појасот Нерези – Лисиче – Кадино, а колку што се оди понајуг и југозапад превладуваат западномакедонски особености. Меѓу покарактеристичните северномакедонски црти спаѓаат: рефлексот /у/ место носовката **ǫ*, вредностите /у/ и /лă/ место вокалното **ļ*, замената на старите секвенци **vь*, **vъ* во /у/ во лексеми од типот *удовец*, *унутра*, *удене*, алвеоларното /л'/ како континуант на старото палатално **l'*, фонетските разновидности *тра̄ва*, *орав*, *цăвто̄*, *осăмне*, промената на групата *мн* во *мл*; во граматиката: множинската наставка *-ики* кај именките од с.р., заменските форми *он* (*она*, *оно*), *мије* (во северниот дел), *то̄ва*, *онова*, *волкав*, наставката *-ва* во 3 л. мн. аорист-имперфект, футурско-модалните форми од типот *ќеше* (*да*) *работо̄*, удвојувањето на предлогот *сос*. На блатскиот терен пошироко се распространети: рефлексот /е/ место сек. *ъ*$_2$ пред финалното *р* (*ито̄р*), широката употреба на гласот *ѣ* во финална позиција (тип *камењ*), употребата на полните акузативни форми на личните заменки во дативна функција (*него̄ му рече*, *нив им даде*).

Сите споменативе особености ги познава и градскиот говор. Освен нив за градскиот говор карактеристични се фонемите /ă/ место **ǫ* во неколку лексеми и фонемата /ф/.

Нешто поинаку споменативе црти се реализираат во говорот на каршијачките села – *каршијачки го̄вор*. Во него бројот на примерите со /у/ место **ǫ* е

сведен на минимум. Основна замена за *ǫ во него е вокалот /а/. Вокалното *ł во сите фонетски позиции е заменето со секвенцата /ол/. Старото палатално *l′ затврднало и се изедначило со забно-алвеоларното л (*клуч, недела*). Овој говор не ја познава метатезата на групата зј (*лозје*), ниту дисимилацијата на *мн* во *мл*. Во него превладуваат западномакедонските фонетски разновидности на лексемите *орев*, *тр̄ева*, *цӯти* покрај *цуфт̄и, зајак, внатр̄е*. Процесот на загубата на интервокалното *в* е многу понапреднат отколку во блатските села. Фрикативните /с, ш/ редовно алтернираат со /в/, одн. /ф/ пред африкатите /ц, ч/. Од морфолошките особености за каршијачкиот говор карактеристични се: множинските форми *раце*, *нозе*, дативната флексивна форма кај личните заменки, а во еден дел и кај личните именки, потоа личната заменка *т̄ој* (*т̄аа, т̄оа*), кратката заменска форма за директен објект *је* (од *т̄аа*), дативните заменски форми *овему*, *онему*, *овези*, *онези*, и посесивно-демонстративните *овег̄ов*, *онег̄ов*, *овејзин*, *онејзин*, во еден дел од овој говор, видовме, отсуствува наставката *-м* во 1 л. едн. презент, а во 3 л. едн. се задржало *-т̄*; 3 л. мн. аорист-имперфект завршува на *-а* (без *в*).

Меѓу блатскиот и каршијачкиот говор нема остри граници. Повеќето изоглоси на диференцијалните црти на овие два говора се разминуваат и вкрстуваат во селата што се наоѓаат на десната страна на Вардар на појасот Нерези – Усје – Драчево – Зелениково. По едни црти говорот на овие села е поблизок до каршијачкиот (консеквентната замена на сек. $ъ_2$ со *а* во пр. од типот *лаг̄а*, *маг̄ла*; *ł > ол; *l′ > л; *цӯти – цуфт̄и*, 3 л. мн. презент *носа*, *викаа*), а по други тој се поврзува со блатскиот (сек. $ъ_2 + р > е + р$, *оѓињ, камењ, нег̄о му, бева* и др.).

*

Од претходново излагање произлегува следниов заклучок:

1. На скопското говорно подрачје се разграничуваат два дијалектни типа: скопскоцрногорскиот, кој структурно и генетски спаѓа во северномакедонската група дијалекти, и скопскоблатскиот, кој спаѓа во западното наречје.

2. На пограничјето на овие два дијалекта се изделува со неколку посебности еден преоден појас на правецот на селата Волково – Црешево – Г. Коњари – Дивље.

3. Во рамките на скопскоблатскиот говор се изделуваат две помали говорни целини – блатскиот и каршијачкиот говор.

1985

Разграничување на говорите во Скопско



3. ЦЕНТРАЛНИТЕ ГОВОРИ

0. Централните говори зафаќаат најголемо пространство во рамките на западното македонско наречје. Во оваа група влегуваат говорите во Пелагонија, во Кичевската, Поречката и Скопската котлина (без Скопска Црногорија) и на велешкиот терен говорите по долините на реките Тополка и Бабуна.

Источната граница на централната група говори се поклопува со границата меѓу западното и источното наречје. На скопскиот терен таа започнува од с. Миладиновци, ја сече реката Пчиња кај с. Катланово и продолжува на југ по правецот на селата Брезница – Лугунци – Кумарино, го сече Вардар нешто малку југоисточно од Велес и преку областа Клепа (на правецот Црнилиште – Подлес – Попадија – Никодин) и превојот Плетвар продолжува по планинскиот венец на Селечка сѐ до завојот на реката Црна во близина на с. Скочивир. На југ спрема леринското говорно подрачје дијалектната граница оди приближно по актуелната државна граница меѓу Република Македонија и Република Грција сѐ до пл. Баба. На запад спрема охридско-преспанско-дебарската група говори границата се протега по правецот на планинскиот венец Баба – Бигла – Караорман – Бистра – Буковик, а планинскиот синџир Буковик – Добра Вода – Сува Гора и Жеден централните говори ги разграничува од полошките. Северната граница на скопскиот терен допира до линијата Рашче (под Жеден) – Ново Село / Волково – Радишани – Брњарци – Миладиновци. На овој дел од Скопската котлина има еден тесен појас со т.н. преоден говор меѓу централните и скопскоцрногорскиот и кумановскиот, кои спаѓаат во северната група говори.

0.1. Дијалектно-диференцијалните особености на централните говори можат да се поделат во три групи.

Една група претставуваат оние особености што ги поврзуваат централните со другите западни говори во рамките на сето западно наречје, и коишто се истовремено и диференцијални по однос на говорите од источното наречје.

Меѓу најкарактеристичните црти од оваа група на типолошки план спаѓаат: фиксираниот акцент на третата мора (слог) од крајот во зборoформите со повеќе од три мори (слога) и неговиот синтагматски карактер, сп. *вод'еница – воден'ицата, бр'ашучет – браш'учеди – брашуч'едите, з'еми-го, зем'и-му-го, земе'-му-го, не-му-с'е-гледа, кого-г'о-виде, кај-го-в'идофте, кому-му-р'екофте,* – отсуството на фонемата *х* и нејзината измена во */в, ф/* во финална позиција и пред согласки, сп. *граф, греф, врф, суф, јуф, чевли, евла, беф – бефме – бефте,* – испуштањето на */в/* во меѓувокална позиција во одредени фонетски услови, сп. *тоар, чоек, оснoа, волоар,* – во областа на флексиите: разликувањето на номинативната и општата форма кај личните и роднинските имиња од м.р. што завршуваат на согласка, на *-о* и на *-е*, сп. *Стојан – го виде Стојана, беше со Стојана, Марко – го виде Марка, Спасе – го виде Спасета, се врати кај Спасета, тетин – го виде тетина, вујко – беф кај вујка, бате – беф со батета,* – мно-

женската наставка *-о(в)и* : *леѓ – лебој*, – три вида членски морфеми: *леѓ – лебоф (лебов) – лебоѓ – лебон, книѓава – книѓата – книѓана*, мн. *книѓиве – книѓите – книѓине, дѣтево – дѣтето – дѣтено*, – личната заменка *тој* (*таа, тоа, тие – тиа*) за 3 л., – кратката заменка *и* за директен објект во множина, сп. *и виде децата*, – употребата на синтетички дативни форми кај заменките, сп. *мене ми* (*рече*), *нему му* (*даде*), *нејзе* / *нејзи јелѝ*, *нам ни, вам ви, ним(и) им*, – системот од три вида демонстративни женски форми: *овој (овај, оваа, ова, овие), тој (таа, тоа, тие), оној (онаа, она, оние)*, и со посесивно значење: *овеѓоф (овоѓоф, овеѓоа, овеѓоо, овеѓој), неѓоф (неѓоа, неѓоо, неѓој)* / *тоѓоф, онеѓоф (онеѓоа, онеѓоо, онеѓој)*, ж.р. *ове(ј)зин, нејзин, онејзин*, – во глаголската флексија: наставката *-т* во 3 л. едн., сп. *викаш, носиш*, – обликот *се* во 3 л. мн. од 'сум', – широката употреба на глаголските конструкции со помошните глаголи 'има' и 'сум' од типот: *има дојдено, имаше дојдено, имал дојдено, беше имал дојдено*, одн. *е дојден, беше дојден, бил дојден, беше бил дојден*, и разгранетиот систем од конструкции со партикулата *ќе* (*ќа*): *ќе носиш, ќе носеше, ќе носел / носил, ќе беше носел / носил, ќе имаш носено, ќе имаше носено, ќе имал носено*, – редовното испуштање на помошниот глагол во 3 л. едн. и мн. во перфектот: *тој дошол – тие дошле*, – отсуството на презент од свршени глаголи со повторливо значење, – во синтаксата: регуларната употреба на двоен објект, сп. *ѓо виде Стојана, мене ме виде, му рече на дѣтето, ѓо зеде лебоѓ*, – препозитивната употреба на заменските и глаголските клитики во синтагми од типот: *ѓо виде Петреѓа, му рече на дѣтето, е дојден* и др.

На историски план како диференцијални меѓу западната и источната група дијалекти се покажуваат: остатоците од старата замена на секвенцата **ję* во **jǫ*, сп. *јазик (јѧзик, језик, јѫзик), јачмен, јатрва*, – протетичкото *ј-* пред рефлексот на иницијалното **ǫ*, сп. *јаже (јѧже, јѫже, јоже), јаѓлен, јаток*, – вокализацијата на *в* во *у* во старите секвенци **cvь-, *svь-, *zvь-* во примери од типот *цутиш, ќе осуниш, суниш*.

Сите овие особености, и уште редица други, централните говори ги поврзуваат со другите западни дијалекти.

Втората група ја сочинуваат оние црти со кои централните говори се диференцираат од западните периферни дијалекти. Меѓу позначајните типолошки особености во оваа група ги изделуваме: петочлениот вокален систем (*и, е, а, о, у*), слоговното *р̥*, сп. *р̥ш, р̥ѓа, зар̥ѓа, пр̥сти, вр̥ф, вр̥от, вр̥он, вр̥ој, пр̥ут*, заменската форма *ние*, наставките *-ат* во 3 л. мн. сегашно време (*викаат, носат, сечат*) и *-а* во 3 л. мн. минато определено свршено и несвршено време (*викаа, носеа, дојдоа*), а на дијахрониски план: рефлексите /*а*/ за **ǫ*, сп. *пат – патот – патишта, рака*, и /*ол*/ за **ł*: *волк, волна, жолто, полно*; етимолошкото **l′* во поголем дел од централните говори затврднало, сп. *лут, клуч, недела, пријател*; место *ч* во старите групи **čr̥-* и **črě-* редовно се јавува /*ц*/: *цр̥н, цр̥вен, цр̥ви, цр̥пка, црешна, црепна, цресло*; во централните говори фонемите /*ќ*/ и /*ѓ*/ се пофреквентни во однос на другите западни дијалекти – побројни се примерите каде што се јавуваат место **tj* / **kt′* и **dj*, а нови се добиени со палатализација на групите *-тј-, -дј-* (< **tьj, *dьj*), сп. *цвеќе, браќа, луѓе, ливаѓе, оѓраѓе, ѓаол, лаѓа*.

Повеќето од приведениве особености (рефлексот на **ǫ* > *а*, вокалното *р̥*, наставките *-ат* и *-а*, замената на *ч* со *ц* во споменатите консонантски групи, па-

латализацијата на *tj* и *dj* во *ќ, ѓ*) централните говори ги поврзуваат со источните, делумно и со северните (*ꙗ, ќ, ѓ, *tj* > *ќ*, *dj* > *ѓ*, наставката *-а*).

Во третата група ги земаме дијалектните особености што ги диференцираат локалните говори во рамките на централната група: фонетската реализација на самогласките */е, о/* во акцентирана позиција, реализацијата на секвенците */еа, ео, оа, ое/*, појавите сврзани со меките согласки */њ, ќ, ѓ/*, континуантите на сек. *ъ*$_2$ пред финалните *-р* и *-н*, фонетската реализација на согласничките групи */шт, жд/*, во флексијата: фонетскиот облик на членот *-от*, множинските форми од именките 'нога' и 'рака', дативната наставка кај личните и роднинските имиња од м. и ж.р., некои заменски форми, кај глаголите: наставките за 1 и 3 л. едн. и мн. на сегашно време, наставките за 1 л. мн. на минати определени времиња и за глаголски прилог, распределбата на глаголите во конјугациски модели, како и бројни лексички особености.

Врз основа на реализацијата на приведениве диференцијални црти, централните говори можеме да ги поделиме во три групи: 1. прилепско-битолска (пелагониска), 2. кичевско-поречка и 3. скопско-велешка.

1. *Прилепско-битолска група говори.* – Прилепско-битолската група говори ја зафаќаат целата област Пелагонија на југ до денешната државна граница меѓу Република Македонија и Република Грција.

Како диференцијални особености на ова говорно подрачје по однос на другите централни говори се јавуваат следните.

Секвенцата */еа/* се реализира како дифтонг [*е*^{а}], во некои локални говори како широко [ɛ] или како долго [*е:*], сп.: *не*^{а}, *стре*^{а}, *бе*^{а}, *носе*^{а}, *Петре*^{а} (во прилепскиот), *ле*^{а}, *сме*^{а}, *ѓре*^{а}*м*, одн. *ле:*, *стре:*, *носе:* (во битолскиот).

Групата */оа/* се реализира како дифтоншка секвенца [*о*^{а}] или како отворено [ɔ], во битолскиот понегде и како долго [*о:*], сп.: *то*^{а}, *бро*^{а}*м*, *сто*^{а}*(т), гото*^{а} (во прилепскиот), *то*^{а}*р, осно*^{а}, одн. *то:р*, *осно:*. *со:л'ка*, *јадо:* (во битолскиот).

Во прилепскиот говор на дифтонгизацијата подлежи и групата */ео/*, сп. *ме*^{о}, *време*^{о} или *време*^{а}.

Вокалните групи */ае/*, */ое/* се дифтонгизираат по друг начин – со десилабизација на */е/* > */i̯/*: *дваi̯се, тринаi̯се, инаi̯т* (*инает*), *знаi̯ше* (*знаеше*), *ѓоi̯до* (*ѓоедо*), *тꙗгоi̯ц* (*тꙗгоец*).

Заедничка особина на овие два говора е тенденцијата за депалатализација на **n'* што се врши најчесто со антиципација на мекоста во */ј/*, сп. *кој̀н, бај̀на, се клај̀на, сирејне*. Оваа појава се наоѓа во процес, уште незавршена; кај постарите генерации во прилепскиот Конески слушал сè уште палатален изговор: *кој̀ните, беѓај̀ње* (Конески, 1949 : 261). Целиот процес на депалатализацијата од *њ* до *н* и *ј* е изразен во битолските локални говори, сп. *кон̀, бања, јадење* (во говорот на правецот Ѓавато – Кукуречани – Скочивир), *кој̀н, бај̀на, тꙗрње* (во јужните битолски села) – и: *тилија* (< *тилиња*), *јагнија, прасија, телија* – во наставката *-иња* (во западните битолски села, сп. Видоески, 1985 : 19, 29).

Во врска со дистрибуцијата на согласките, говорите во Пелагонија ги карактеризираат две посебности. Групите */шт/* и */жд/* се реализираат како */шч/* и */жџ/*, одн. */шќ/* и */жѓ/* во југозападните битолски села, сп. *ѓушчер, клешчи,*

оѓнишче, дожџо, нужџа (Прилеп), *ѓушќер, лешќа, вежѓа, ѓл'ужѓо* (Дихово, Битолско).

Согласката /с/ во група со /к/ во суфиксот *-ск(и)* во позиција зад согласка се африкатизира во /ц/, сп. *селцки, прилепцки, старцки*, но: *кически, тетоски* (зад самогласка).

Во областа на граматиката како дијалектни особености за ова подрачје се јавуваат: загубата на *-т* во членската морфема за м.р. *-от*, сп. *ѓрадо, лебо, оѓно,* заменската форма *јас*, во битолскиот говор *јас* и *јаска* покрај *ја*, употребата на заменскиот облик *му* (место *им*) во индиректниот објект во множина: *ним му рече, му рече на жените*, во глаголската флексија: генерализирањето на наставката *-м* во 1 л. едн. на сегашно време кај сите глаголи, сп. *викам, носам, сечам, се^{а}м, бро^{а}м*, испуштањето на *-т* во 3 л. мн. *ѓледа:* (гледаа), *бера:*, поретко *бера:т* (во прилепскиот); во битолскиот говор оваа појава се наоѓа во процес, сп.: *врла:* (врлаа), *вика:*, *беѓа:*, но: *јадат, видат, чујат, кројат, пеат* (кај глаголите од *и*-група) во источниот и југозападниот дел од битолскиот говор, но и: *вика:т, иѓра:т, носа:т* во селата на правецот Кукуречани – Ѓавато.

И во двата говора е дезинтегрирана *е*-групата на тој начин што глаголите што им завршува тематскиот дел на согласка преминале во *и*-група, а глаголите со тематски вокал *-и-*, *-у-* се интегрирале во *а*-група во прилепскиот говор, додека во битолскиот на поголем ареал се задржале во *е*-група, сп.: *бериш, сечиш, пијаш, шијаш, блујаш, труја(т), но сеји, пеји, знаји* (< *сеиш, знаиш* < *сееш, знаеш*) (во прилепскиот), *сечиш, бериш,* но *чуеш, миеш* (во битолскиот).

Помошниот глагол 'сум' во 3 л. едн. најчесто се јавува во обликот *је(т)*, а во множината покрај формите *сме, сте, се* се среќаваат и *сне, све, сет*.

На целата говорна област глаголскиот прилог освен со наставката *-јќи* има форми и на *-јќум* и *-јќим*, сп. *викајќум, одејќум*, одн. *викајќим, одејќим, носејќим,* покрај *викајќи, одејќи.*

Локалните разлики се претежно од фонетски карактер.

1.1. Во *прилепскиот ѓовор* акцентираните */е, о/* по правило се реализираат како затворени фонови [ę, ǫ]: *'ęсен, л'ęт, 'ǫко, н'ǫѓа*, а во селските говори тие се дифтонгизираат, сп. *^{и}ела, ^{и}еден, д^{и}едо, к^{ў}оѓа, ^{ў}осум* (Конески, 1949 : 254). На поширок ареал отсуствува фонемата */ф/*, со исклучок на градскиот говор; туѓото *ф* се предава со *в*: *вурна, вилцан, вира, вустан, каве,* но: *фрла, фес, фенер, фурна* во градскиот говор. Фонемите */ќ, ѓ/* се реализираат во некои позиции (најчесто пред задните вокали) со доста изразена фрикација, сп. *куќа, свеќа, паѓа, меѓа,* односно: *кујќа, цвејќе, нојќе, вејѓа, мејѓа, лујѓе, прејѓеска* – со антиципирано *ј,* а во говорот на помладата генерација и *цвејче, лујце*.

Во областа на флексијата прилепскиот говор се разликува од битолскиот по суфиксот *-ув(а)* за образување на имперфективни глаголи: *купува, кажува*.

1.1.1. На прилепскиот терен со неколку посебности се изделува говорот на Македонците муслимани во селата Дебреште, Лажани и Пешталево, ќе го наречеме *дебрешки ѓовор*. За разлика од говорот на православните прилепски села, во дебрешкиот вокалните групи */еа/* и */оа/* не подлежат на асимилација, сп. *стреа, беа, жнеам, тоар, осноа, коач.* Фонемата */њ/* се пази во сите позиции:

коњ, бања, орање, тр̥ње, тилиња. Гласот /з/ во група со сонантите како втора компонента се африкатизира во /s/: *молсит, бенсин*. Во областа на консонантизмот карактеристична е за овој говор аспирацијата место гласот *х,* сп. *ˣалва, ˣарно, ˣојт, ˣарамија* (во иницијална позиција), а секундарна аспирација се јавува пред *р*, исто така во иницијална позиција, сп. *ˣр̥ш, ˣр̥бет, ˣр̥кулец, ˣр̥кат* (сп. Видоески 1950 : 25). Фонемата /ф/ стои стабилно во системот*: фаќат, фр̥ламе, фурна*, *Фазлија*. Во областа на флексијата како диференцијални по однос на прилепскиот говор се јавуваат: членот *-от* (*коњот*), наставката *-т* во 3 л. едн. сегашно време, сп. *имат, носит, молсит, јет* (од *сум*), наставката *-ише* во 2 и 3 л. едн. на имперфектот кај глаголите од *и-*/*е*-група: *носише, берише, јадише, идише, неќише*, наставката *-ите* во 2 л. мн. на заповедниот начин кај глаголите од *е-*/*и*-група: *носи – носите, бери – берите, земите*; во 3 л. мн. сегашно време кај глаголите од *е-*/*и*-група наставката *-ат* се генерализирала по аналогија на глаголите од *а*-група, сп.: *има-ат, вика-ат* и: *носа-ат, бера-ат, тија-ат*, одн. *има:т, носа:т, ида:т.* Глаголите од *и*-група во аористот се повеле по глаголите од *е*-раздел: *се вратеф, се врате, фр̥леф, се качеф, се г̄остеф*, според нив и во *л*-партиципот: *се врател, се качел*.

1.2. Во битолското говорно подрачје (*битолскиот г̄овор*) како покарактеристични дијалектни особености се истакнуваат: фонемата /л'/ како континуант на старото палатално **l'*, сп. *Битол'а, сел'ани, бл'ут, кл'уч, пријател'*, и место **ль*: *жал', сол',* глаголските образувања со суфиксот *-в(а)* од типот *купва, кажва, менва, осунва, зајдва, фатва, родва*, заменскиот облик *јаска*, како и пофреквентната употреба на глаголските форми со 'има / нема' од типот *има дојдено*, *имаше дојдено*, и со 'сум': *сум дојден, беше дојден,* и др.

По однос на прилепскиот говор *битолскиот* е значително поразводнет. На битолскиот терен се разиздуваат бројни изоглоси на појави чии центри се наоѓаат на западната и/или на јужната јазична периферија. Така, на пример, на јужниот дел на овој говор, приближно јужно од линијата Брусник – Паралово допираат повеќе особености што се карактеристични за леринскиот говор и пошироко за леринско-костурското говорно подрачје. Меѓу тие како покарактеристични ги истакнуваме: континуантите /ăл, ă/ за вокалното **ĭ*, сп. *бăа, вăк, г̄ăта, жăт, мăчи, сăза,* одн. *вăлна, тăлн, сăлза*, замената на сек. *ъ*$_2$ пред *р* со /е/: *бистер*, *ветер, итер, јадер, модер,* депалатализацијата на /ањ/ во /н/ или со антиципација на мекоста преку *ј*, сп. *тр̥асина, телина, чупина*, одн. *бајна, којн, седејне, свијна*, а примерите од типот *дренје, тр̥ње* покажуваат дека новото јотување до овој терен не допрело. На овој терен лабијализираниот алофон /л/ што е карактеристичен за охридско-преспанските говори веќе не се јавува. Во граничните села со мариовскиот говор показните заменки се употребуваат во фонетските облици *вој, ној* (: *тој*). Во најјужните битолски села членските форми на *-ов* и *-он* веќе се необични.

Со неколку црти говорот на селата во граничниот појас со леринскиот и со мариовскиот говор од централното и северното подрачје се разликува и во областа на глаголската флексија. Во него наставката *-м* во 1 л. едн. се јавува само кај глаголите од *а*-група, додека кај глаголите од другите групи таа отсуствува, сп.: *бег̄ам, иг̄рам, фатвам, купвам*, но: *носа*, *теја, сеча, броја, крија*. Во 3 л. мн. наставката *-т* отсуствува кај глаголите од *а*-група: *бег̄а:*, *ора:*, *вика:*,

спрема *носаш, одаш, пеаш, бераш*. За јужните битолски села се карактеристични и: обликот *су* во 1 л. едн. (: *сум* на другата територија), аористните форми од типот *дојду, реку, јаду, донесу*, негде и: *рекуф, дојдуф, јадуф, рекуф* (1. л. едн.) и во мн.: *зедоме, паднаме, дојдоме*. Во тој дел на говорот суфиксот *-в(а)* се генерализирал како општ формант за образување на имперфективни глаголи, сп. *фаша, плаша, сеша, веша, родва, најдва, видва, менва, грешва* (: *фаќа, плаќа, сеќава, веќава, раѓа, наоѓа, виѓа, мењава, решава* – во централното и северозападното подрачје). Категоријата прекажаност кај глаголите колку што се оди кон југ станува сè понеобична, бидејќи и класичниот перфект со 'сум' ретко се јавува; на негово место доминира балканскиот перфект со 'има / нема'.

Во селата на пограничјето со леринскиот говор доминира акцентски систем со иницијален акцент, сп. *г'ушчерица, ј'аребица, з'адушници, в'ерверица, м'аторица, ф'албација, в'исочина, м'есечина, ј'агурида, ј'агошка – ј'агошката, п'адина – п'адината, в'одејнца, пр'ијатели, 'оломнани*, а понегде се јавува тенденција за појава на вторичен акцент на пенултима, сп. *в'ечерњица, з'адушњици, с'евернњица*.

Во западниот и северозападниот дел на областа завршуваат изоглосите на некои појави што се карактеристични за охридско-преспанските говори, меѓу кои како покарактеристични од дијалектен аспект ги истакнуваме: билабијалниот алофон на фонемата /л/ на крајот на слогот, сп. *воў, воўна, сеўце*, односно *воу, воуна, коше* (: *коли*), *биоу, биоуче* (: *биоли*), *уани, уош, гоуо* (еден вид спирант со задна артикулација) во селата на правецот Буково – Орехово (Конески, 1982 : 70), потоа: девокализацијата на /е/ > [ј] во секвенцата /еа/, сп. *беа* > *бја, пеаш* > *пјаш, стреа* > *стрја, машшеа* > *машшја*, палатализацијата на /к, г/ > /к', г'/ пред /и/: *пиперк'и, сек'ира, селск'и, благ'и, лага – лаг'и*, метатезата на секвенцата /ни/ > /ин/, сп. *гасејнца* (< *гасеинца* < *гасеница*), *лизгајнца, шупајнца*, чувањето на синтетичкиот датив кај личните имиња од м. и ж. род, сп. (*му рече*) *Стојану, Божину, Крстету, Петрејце, Убафке*, чувањето на наставката *-ш* во 3 л. едн. сегашно време, формите *јеш* и *сеш* во 3 л. едн. и мн. од 'сум', наставката *-фне / -вне* во 1 л. мн. на минато определено време: *викнавне, чувне / викнафне, чуфне*, и уште неколку други помалку значајни црти.

2. *Кичевско-поречката група говори* распоредени се по долината на реката Треска и нејзините притоки од изворишшето па до влезот на клисурата северно од с. Здуње (Пореше). Од скопското и велешкото говорно подрачје нив ги дели планинскиот венец Караџица – Даутица (Солунска Глава), а јужната граница спрема говорите во Пелагонија оди приближно до делницата меѓу сливот на Треска и Црна Река.

Во овие говори вокалните групи /еа/ и /оа/ не подлежат на асимилација, сп. *неа, загреа, беа, Јоан, шоар, коач, оснаа*. На поширок ареал се задржало вокалното /ѫ/, сп. *вѫк, сѫза, жѫто* (во фонетска реализација *в^{ă}ѫк, с^{ă}ѫза, д^{ă}ѫго*). Палаталниот назал /њ/ добро се чува и се јавува во сите фонетски позиции, сп. *коњ, коњи, бања, се клањаш, шрње*. Секвенците /шш/ и /жд/ не подлежат на промени: *гушшер, огнишше, пришшош, дождош, глуждој*. Во овие говори добро се чува синтетичката дативна форма кај личните и роднинските имиња од м. и ж. род, сп. *му рече Јоану, Стојану, Илију, Благоју, Петрешу, Ацешу, Марко(ј)е Арсо(ј)е* или *Маркошу, Арсошу, је рече Илинки, Марии, Косари*, кај

роднинските: *тат̏ко – тат̏ко(ј)е, дедо – дедо(ј)е му кажаф, баби је кажаф*. На сето ова говорно подрачје добро се чуваат избројаната и збирната множина, сп. *два коња, три биола, тр̏н – тр̏ње, сноп̏ – сноп̏је, врата – враќе, огра̏ге, ливаг̏е, нивје, планиње*. Членската морфема *-от̏* во овој фонетски облик се јавува на целата територија, сп. *лебот̏, ножот̏*. Од заменските форми карактеристични за овие говори се формите: *ја* (за 1 л.), *је* за датив и акузатив ж. р., сп. *не(ј)а је виде, не(ј)зи је рече*; полните форми за датив и акузатив во 1 и 2 л. мн. се изедначиле: *нас ни рече, нас нѐ виде,* одн. *вас ви рече, вас ве виде*, а во 3 л. се наложила дативната форма: *ними и виде, ними им рече*. Дативните и акузативните форми се запазиле и кај демонстративните заменки, сп.: *овја / овај – овему, овега̄*; *онај – онему му, онега̄ го (виде),* за ж.р.: *ова: / овája – овези / овезе је рече, онези / онезе,* и со посесивно значење: *овег̄оф, онег̄оф, нег̄оф; овезин, онезин, незин.* Како архаизам може да се сретне и заменската форма *вес*: *го г̄ледаш, вес тат̏ко му*.

Како дијалектни посебности во овие говори во однос на другите од централното дијалектно подрачје се јавуваат: отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн. сегашно време: *носа, бера, пера, сеча, бро(ј)а, се(ј)а, зна, ора, копа,* не ретко ќе се чуе и: *су, несу, има*; потоа наставката *-т̏* во 3 л. едн. сегашно време: *имат̏, носит̏, броит̏, се(ј)ет̏ / сеит̏, зна(ј)ет̏ / знаит̏, неќет̏ / неќит̏*; формите *сне, сфе* за 1 и 2 л. мн. од ‘сум’, наставката *-фне* за 1 л. мн. аорист-имперфект: *бефне, рекофне*, поретко *бефме, рекофме*. За разлика од прилепско-битолските говори на кичевскиот и поречкиот терен доминира суфиксот *-у* за образување на несвршени глаголи, сп. *купу(ј)ет̏, кажу(ј)ет̏*. Доста е продуктивна и групата несвршени глаголи со завршокот *-ина-*: *препинат̏, легинат̏, секинат̏, текинат̏*.

На сето кичевско-поречко говорно подрачје во негираните искази во сложени глаголски форми партикулата *не* стои непосредно пред основниот глагол, сп. *сме не знаеле, сме не чуле, није сме не биле тамý, беше го не видел*.

Во рамките на кичевско-поречкото говорно подрачје со по неколку црти се диференцираат локалните говори во потесното кичевско подрачје (*кичевски г̄овор*), во областа Дебарца (*дебаречки г̄овор*), во северозападните кичевски села што се наоѓаат на падините на пл. Бистра и Буковик (*тајмишки г̄овор*) и во Пореч̏е (*поречки г̄овор*).

2.1. Во *кичевскиот г̄овор* сек. *ъ*$_2$ пред финалните *-р* и *-н* се рефлектирал во */а/*: *ведар, вепар, ветар, бистар, модар, – ог̄ан*; групите */ср/* и */зр/* се пополнуваат со плозивите */т̏, д/*: *стребро, стреда, стреќа, здрак, здрел*, и на тој начин се изедначиле со етимолошките */стр, здр/*: *страф, здраф*. Во дел од кичевското подрачје формите за директниот и дативниот објект од именките од м. р. на *-о* се изедначиле со соодветните форми на именките на *-е,* сп. *г̄о виде Маркота, му рече Маркоту // г̄о виде Петрета, му рече Петрету*. Чести се на овој терен дативни форми со посесивно значење, сп.: *Речи му на брат̏ му Андону, син му Стојану ојшол на работа ф Кича:*, *тат̏ко је Даници г̄о викна в опшина* (Вранештица). На кичевскиот терен се разграничуваат дативните наставки *-и* и *-е* кај личните и роднинските имиња од ж.р.; во Горна и Долна Кичевија доминира наставката *-и* : *је рече Цвети, Илинки, Фроси*, додека во крастинските и западните копачки села превладуваат формите со наставката *-е* : *је рече Цвете, Фросе, Илинке*. Во овој говор многу е продуктивна наставката *-је* за збирна множи-

на, сп. *вир – вирје, ридје, кȕп – кȕпје, дȓмуње, сȍт – соќе, брȕт – бруќе, рачуње, бозје, дабје* и др., кај именките од ж.р.: *колиба – колибје, кошарје, ливаѓе, оѓраѓе, кочиње, долиње, ѓодиње* и др. Избројаната множина со наставката *-а* овде се среќава само со бројот *два* : *два коња, два леба,* но: *три коњи, пет лебој, десет биоли, пет камење, десет колје, три праќе.*

На поширок ареал на кичевското подрачје глаголите од *е*-група се интегрирале во *и*-група, сп. *берит, сечит, моịт* (< *можит*).

Во југозападните кичевски села во областа Краста на правецот Цер – Црско – Простране – Велмевци вокалните секвенци */еа/* и */оа/* се реализираат како во демирхисарскиот говор; */еа/* > */е^{а}/*, сп. *беа* > *бе^{а}*, *не^{а}*, *сме^{а}*, *бере^{а}*, *Митре^{а}*, *Петре^{а}*; */оа/* */о^{а}/* понегде и [*о:*], сп. *Јо:^{а}н* / *Јо:н*, *то:^{а}р* / *то:р*, *со:л'ка* (*соал'ка* < *совалка*), *бро^{а}т* / *бро:т*, *зедо^{а}* / *зедо:*, *зато^{а}* / *зато:*; како дифтоншки секвенци се реализираат и групите */о, а, е* + *е/*, сп. */ое/* > [*оị*] *ѓоедо* > *ѓоịдо*, *чоịк, јазоịц, покроịц* (*покроец* < *покровец*); */ае/* > [*аị*]: *клаịнче* (*клаенче* < *кладенче*), *кабаịт* (*кабает*), *ост'аịни* (*остаени*), */ее/* > [*еị*]: *Патеịц* (*Патеец* < *Патевец*), *сеịше* (*сееше* < *седеше*). На овој терен завршува и северната изоглоса на сонантот */л'/* < **l'*, сп. *жал', пријател', кл'уч, молịа, чел'ат*; од М. Црско границата на оваа црта продолжува по правецот Јудово – Подвис. Во западните кичевски села на сето пограничје со Дебарца и на југ со Демирхисар во повеќесложните зборформи секвенцата *-ни-* се метатезира во *-ин-*, сп. *воденица* > *водеинца* > *водејнца*, *сипајнца*, *топејнца*. Оваа појава е широко распространета по целата западна јазична периферија.

2.2. *Говорот на Дебарца.* – Кон централната група го приклучуваме и говорот на селата во областа Дебарца. Тој претставува заправо преод меѓу централната и охридско-преспанската група говори.

Со централните говори него го поврзува пред сè петочлениот вокален систем (*и, е, а, о, у*) и вокалното *р̥*, сп. *врȕф, ѓрȕне, прȕсти, срȕце*, а на историски план — рефлексот */а/* на носовката **ǫ*, сп. *ѓради, јатȍк, капина, пат, рака, саботa* и др. Фонемите */њ/* и */ќ, ѓ/* и на фонетски и на дистрибутивен и на историски план се реализираат како во централните говори, сп. *кoњ, бања, јадење, пилиња*; *ќерка, ѓаќи, куќа, ноќ, сфеќа, ќут, ќутит, браќа, враќе, праќе, – веѓа, ѓраѓанец, меѓа, преѓа, туѓо, раѓат, виѓат, ливаѓе, оѓраѓе, л'уѓе.*

Рефлексот на вокалното **ļ* – */ол/*, сп. *болва, волк, волна, жолто, молчит*, рефлексите на сек. *ъ*$_2$ пред финалните сонанти: */о/* во *оѓон*, */у/* во *седум, осум, су(м), /а/* пред *р*: *ветар, итар, модар*, потоа фонемата */л'/* како континуант на **l'*, сп. *кл'уч, л'уѓе, недел'а, постел'а,* и место старата група **lь*: *сол', жал', мол'ба*, дебаречкиот говор го поврзуваат и со охридско-преспанските и со битолскиот. На целиот терен на Дебарца групата */еа/* се реализира како дифтонгоид [*ịа*], сп. *леа* > *л'ịа, неа* > *н'ịа, стреа* > *стрịа, Павлеа* > *Павл'ịа, беа* > *бịа, живеан* > *живịан*, а групата */оа/* како дифтонг [*о^{а}*] или како долго *о:* – *тоар* > *то^{а}р* / *то:р*, *коач* > *ко^{а}ч* / *ко:ч*, *осноа* > *осно^{а}* / *осно:*, *соал'ка* > *со^{а}л'ка* / *со:л'ка*, *боро^{а}*, *бро^{а}т*, *дојдо^{а}* / *дојдо:*.

Првата црта (*еа* > *ịа*) карактеристична е за говорите во Охридско и Преспанско, а нејзината источна изоглоса ги зафаќа и западните кичевски села, додека асимилацијата на */оа/* во [*о^{а}, о:*] е позната на поширок ареал на охридско-преспанскиот терен и во говорите во Пелагонија. – Гласот [*ф*] во овој говор

има статус на алофон на фонемата /в/, сп. *офца, мафца, беф*, но *вр̥л'ат, вати, вурна, витил'* – како во охридско-преспанските и во дел од пелагониските говори. Во југозападниот дел од овој говор сонантот /л/ на крајот на слогот се реализира како билабијален фон [ў]: *поўноќ, боўно, воўна, беў, доў*. И со оваа особеност тој се поврзува со охридско-преспанските говори.

Во областа на флексијата за ова говорно подрачје карактеристични се: генерализирањето на заменската клитика *му* како морфолошка одредница за дативниот објект за сите лица во едн. и мн., сп. *му рече на мажот, му даде пари на мајка му, му даде вода на пилињата*, – отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн., сегашно време, сп. (*ја ќе*) *работа, носа, ора, седа*, наставката *-ет* во 3 л. мн. кај глаголите од *а*-група: *имеет, викеет, иг̑реет, копеет*, но: *носат, земат, берат, јадат, ткат, сі̑ат* (кај глаголите од *е-* и *и*-група). Источната изоглоса на наставката *-ет* кај оваа група глаголи допира приближно до селата Врбјани – Сливово – Слатино – Велмеј. По однос на глаголските групи треба да нагласиме дека и во овој говор како во охридскиот од *е*-група се задржале само глаголите што им завршува општиот дел на *-и-* и на *-у-*, сп. *се миет, пиет, спиет, обует, чует*, додека другите глаголи од старата *е*-група се интегрирале во *и*-група: *сечит, јадит, зна̑ит* (< *знаит*), *се̑ит* (< *сеит*).

2.3. *Тајмишкиот г̑овор* го репрезентираат селата: Тајмиште, Букојчани, Мидинци и Лешница, кои се наоѓаат на падините на планините Бистра и Буковик (Букојќ) на кичевската страна.

Меѓу покарактеристичните диференцијални црти на овој говор спаѓаат: континуантот /о/ на носовката **ǫ*, сп. *вноп̑ре, г̑нос, г̑оба, г̑ожва, г̑ос – г̑озот, г̑озер, г̑роди, дот – добје, зоб – зоби, јог̑лен, јот̑ор, јоже, јожица, јот̑ок, коде, копина, косат, котник, пот, *ję > *jǫ* : *јозик, јочмењ, јот̑рва*, и редовно така во коренските морфеми (: *неа, бера, берат, носат, желади, обрач, пајак, пајажина, зајак* – во други позиции), како и на т.н. сек. *ъ*$_2$ во истата позиција, сп. *бодник, лојца, мог̑ла, моска*, континуантот /е/ за сек. *ъ*$_2$ пред сонантите /р, њ/ во финална позиција: *ведер, вепер, ветер, итер, остер, ог̑ењ*, потоа: фонемата /л'/ како континуант на старото палатално **l'* и секвенцата **lь*, сп. *кл'уч, недел'а, мол'а – мол'ат, пријател', жал', сол', мол'ба, жал'ба*, широката дистрибуција на фонемата /њ/ особено во финална позиција, сп. *ваг̑ањ, г̑аврањ, г̑р̥кл'ањ, камењ, корењ, ремењ, черењ, бутињ, кл'уњ, г̑ламња, земња, црепња, црешња, мењат, бодињат, затињат*; место групите *-тј-, -дј-* (од старите **tьj, *dьj*), кои во кичевскиот се палатализирале во *ќ, ѓ* (*цвеќе, ливаѓе*), во тајмишкиот има секвенци *-тќ-, -дѓ-*, сп. *братќа, протќа, пролетќе, цветќе, г̑рамадѓе, ливадѓе, ог̑радѓе*; секвенците *-ќа, -ќе, -ѓе* се сфатиле како наставки и се налепиле на основата од еднинската форма: *брат-ø, – брат-ќа, цвет-ќе, ливад-ѓе* (како во *ливад-и*). Според овие образувања после се преобразувани и формите *протќица* и *сфетќа*. Етимолошките групи *-ср-, -зр-* и *-стр-, -здр-* се пазат неизменети: *бистро, страна, здравје – среда, сребро, зрак, зрел*.

Во областа на граматиката тајмишкиот говор од кичевскиот се разликува по дативната наставка *-е* кај именките од м.р. на *-е* од типот *Кр̥стее, Матее, Милее, Петрее* (како *Маркоје*), множинската наставка *-ики* кај именките од с.р. на *-е* : *теле – телики, прасики, дејчики*, множинските форми *ног̑и, роки*, заменските облици *ми(ј)е, нејзи му* (*му рекоф Цвети*), *неа је* (*је видоф Цвета*),

наставката *-вме* во 1 л. мн. на аорист-имперфект (*рековме*, *имавме*); глаголите од типот 'купува' овде се од *а*-група *купуат, кажуат*; наставката *-м* кај глаголите од *а*-група се јавува факултативно: *копа(м), вика(м),* но: *носа, сеча,* и редовно така кај глаголите од *е-/и*-група; множинската форма во императивот се образува со наставката *-ите* кај глаголите од *е-/и*-група: *купи – купите, носите, месите*, *колите*; добро се пазат *е-* и *и*-група: *носа – носиш, јада – јадеш, сеча – сечеш;* 3 л. мн. од глаголот 'сум' гласи *са*, од глаголот **byti* има и аористна и имперфектна форма, сп. *биф, би, би, бивме, бифте, бија* (аор.) и *беф, беше, бевме, бефте, беа* (имперф.).

Со дел од приведениве црти (рефл. *о* < **ǫ*, дативната наставка *-ее* (< *еве*): *Петрее*, заповеден начин со наставката *-ите*, глаголите од типот *купуат*, заменката *мије*) тајмишкиот се поврзува со малореканскиот, додека формите од типот *ветер*, *оґень*, наставката *-ики*, дативната наставка *-и* кај именките од ж.р., обликот *са* го поврзуваат со гостиварскиот. Како посебност на овој говор се јавуваат групите *-тќ, -дѓ,* сп. *цветќе, оґрадѓе*. Со овие особености тајмишкиот говор ни се претставува како преоден меѓу кичевскиот, од една страна, и малореканскиот (галичкиот) и гостиварскиот, од друга. Тој е преоден меѓу овие три говора и на географски план: Бистра го дели од малореканскиот, Буковик од гостиварскиот.

2.4. *Поречкиот ґовор* по најголем број особености се поклопува со кичевскиот. Со неколку особености од кичевскиот отстапува говорот на северните поречки села што се наоѓаат распрскани по долината на реката Црнешница, лева притока на Треска (Голема Река). Централно во таа група е селото Самоков. Како диференцијални црти по однос на кичевскиот и долнопоречкиот на тој терен се јавуваат: рефлексот /*о*/ на сек. *ъ*$_2$ пред *р* и *н*, сп. *бистор, ветор, итор, модор, Дебор, оґон*, рефлексот /*ол*/ место вокалното **l̥*: *волк, волна, ґолтат, жолчка, колнет*, дури и во лексемите *смолк, смолква* (*смок, смоква*), палатализацијата на секвенцата /*јн*/ во /*њ*/, сп. *вујна* > *вуња, воњик, сроњик*, *оња* покрај *ојна*, *пол'оња* (*полојна*), *уб'ања, вол'оње* (*волојне*), *Стоња* (*Стојна*); во најсеверните села северно од линијата Самоков – Брест се чува „мекото" /*л'*/: *бл'ујеш, л'уѓе* / *л'уди, мол'а – мол'ат* (северно од линијата Ботушје – Гостеш); таму се задржале нејотувани и согласничките групи *-тј-, -дј-,* од старите секвенци **tьj, *dьj*, сп. *братја, пратје, пролетје, работје, ливадје, оґрадје, л'удје* покрај *л'уди*; во групите *стр*, *здр* плозивите се испуштаат: *срана, сесра*, *срина, зравец*; именките од с.р. на *-е* множина образуваат со наставката *-ики* : *пилики, јарики, телики*, но *полиња, морија*; во флексијата на заменките како дијалектни по однос на јужниот дел од поречкиот говор се јавуваат: мн. форма *мије*, кратката дативна форма *му* за ж. р. (*нези му*, *му рече Стоњи*), потоа демонстративните заменски форми *овја* / *ојва*, *оња* / *ојна,* мн. *тија, овја:, оња:*; на овој терен добро се пазат сите три глаголски групи, сп. *викат, купујет, берет, носит*, со исклучок на говорот на селото Тажево, каде што глаголите од *е-* и *и*-група се интегрирале во еден комбиниран конјугациски модел, сп.: *пера, периш, перит* / *носа, носиш, носит,* но: *переме, перете, перат*, и: *носеме, носете, носат*. Глаголскиот прилог на сето поречко подрачје се образува со наставката *-ќе*, сп. *им'аќе, коп'аќе, од'еќе, нос'еќе*, а во северните села можат да се сретнат и форми со наставката *-ќу* и *-ќум*: *од'еќу, вик'аќу,* и *викаќум*, *одеќум*.

Негацијата *не* во сложените глаголски облици секогаш стои непосредно пред глаголот, сп. *су не јал, сме не зеле*. Не се необични пошироко на поречкиот терен глаголски форми од типот *ќе да одеф, ќе да одефме* / *-фне*, сп. *да не завр̥неше, ќе да одеф на др̥ва*, покрај пообичните без *да*: *ќе појдеф на работа да ме викнеа*. Во северниот дел на поречкиот говор се употребуваат предлозите *више* (*помина више куќа*), *уз* (*ус куќа замина, уз него стојеше*), *изучи* (*не се работит изучи недел'а*), и покрај стариот предлог *у* се употребува и *ву* (комбинација на *у* и *во*): *работата је ву мене а не кај вас*.

Повеќето од споменативе особености карактеристични се и за скопското говорно подрачје.

Во јужниот дел на поречкиот говор приведениве црти се јавуваат во други фонетски и морфолошки форми, сп.: *бистар, ветар* (со замена на сек. *ъ*$_2$ во *а*); вокалното **l̥* се реализира како во кичевскиот, сп. *в^{ă}л̥к, ж^{ă}л̥то*; таму има и *л̥* од секундарно потекло (од секвенцата *ол*): *рас̥ница, Топ̥ница, см̥ница, см̥к – см̥ци, см̥ква* (: *смолк, смолква* во северните села), *им̥кат*. Глаголите од *е*-група во најјужниот дел на говорот се интегрирале во *и*-група: *јадит, берит, колит*, 2 л. мн. на императивот се образува со наставката *-ете* кај глаголите од *и*-група: *носете, јадете*, додека во северните села завршува на *-ите* : *носите, јадите*.

2.5. Со неколку црти од кичевскиот и поречкиот говор отстапува *говорот на исламизираните Македонци* во селата Пласница, Преглово, Лисичани, Челопеци. И во овој говор, како во дебрешкиот во Прилепско, се чуваат траги од гласот *х* во вид на аспирација, главно во иницијална позиција, сп. *^{x}арно, ^{x}алва, ^{x}итар, ^{x}ич, ^{x}оца, ^{x}убо, ^{x}унер, ^{x}р̥т*, поретко во други позиции: *ја^{x}ат, са^{x}ан, пр̥^{x}ут, е^{x}ла, ме^{x}лем*, но и *лет, рана, маана, раат, муа*. Вокалното **l̥* е заменето со */ол/*: *боа – бој, волк, полно*; согласката */з/* во група со сонантот *л* преминува во *s* (*лз* > *лс*), сп. *молсет, солса*, сп. и *носи, блази*; групите *-стр-, -здр-* се упростуваат со испуштање на плозивите *т, д*: *бисро, осро, јасрет, зравје, зравец*. Во флексијата како посебност во овој говор во однос на кичевскиот и поречкиот се јавуваат: дативната наставка *-е* (< *-ве*) кај именките од типот *Муче, Петре*, сп. *му рече Мучее, Спасее*; заменката *вес* (**vьsь*), сп. *вес е на мајка му*; глаголите од *и*-група се преинтегрирале во *е*-група, сп. *се молеш, носеш – носет, вареш – варет, делет*, во 3 л. мн. сегашно време се генерализирала наставката *-ат* во сите глаголски групи, сп. *носет – носаат, бераат, одаат, пијаат* (спрема *имаат, викаат*) (фон. *бера:т, носа:т, вика:т*); глаголите од *о-* и *и*-раздел во аористот преминале во *е*-раздел, сп. *напасеф – напасе, г-истресеф, овршеф, сфареф, ме фате дождот*, од истата основа и во *л*-партиципот *напасел, истресел, овршел*.

Повеќето од овие црти карактеристични се и за говорите на дебрешките и дебарските муслимани.

3. *Скопскиот говор* се простира по долината на Вардар од Жеденската клисура на северозапад па до Таорската клисура на југоисток, или поточно до утоката на Пчиња во Вардар. Северната граница спрема скопскоцрногорскиот и кумановскиот говор оди приближно по правецот на селата Рашче – Бардовци – Миладиновци – Д. Коњари, каде што ја сече реката Пчиња, и потоа продол-

жува по долината на Пчиња до Вардар. Ова е граница, главно, меѓу рефлексите /*a*/ и /*y*/ место **ǫ*, и меѓу рефлексите /*o*, *e*/ и /*ă*/ место **ъ* и **ь* во коренските морфеми. Но треба веднаш да истакнеме дека не станува збор за остри граници. На еден не така тесен појас се вкрстуваат бројни дијалектни особености карактеристични за северните и за централните говори. Така, на пример, непрегласеното /*a*/ во лексемите *трава, ора* / *ораф* и во префиксот *пра-* (*прадедо, прабаба*), предлогот *у* место **vъ* (*оди у школо*), личната заменка *он* (*она, оно*), кои се карактеристични особености за северните говори, продреле длабоко на југ на скопското говорно подрачје, а некои од нив уште подалеку по долината на Вардар. Низ скопскиот терен поминуваат и јужните изоглоси на рефлексот /*y*/ за **ǫ* во бројни лексеми, вредностите /*y*/ и /*лă*/ место вокалното **ł* и /*y*/ место старите секвенци **vъ* / **vь* во лексемите *удовец, унутра, удене,* удвојувањето на предлогот *со – сос*, обликот *са* во 3 л. мн. од 'сум', и уште неколку други црти.

Како диференцијални црти во рамките на скопското говорно подрачје се јавуваат: присуството / отсуството на фонемата /*ă*/, рефлексите на носовката **ǫ* (во коренските морфеми) и на **ł*, рефлексите на сек. *ъ*$_2$ во разни позиции, присуството и отсуството на епентетското *л*, дистрибуцијата на сонантите /*њ*/ и /*л'*/, присуството / отсуството на фонемата /*ф*/, и уште неколку фонетски особености од кои повеќето како лексикализирани појави, и во морфологијата: наставките за 1 л. едн. и 3 л. мн. сегашно време, за 1 и 3 л. мн. на минатите определени времиња, наставката за 2 л. мн. на императивот, образувањето на глаголскиот прилог, и неколку заменски облици.

Зависно од географската дистрибуција на диференцијалните особености, на скопското подрачје појасно се издиференцирани две говорни разновидности.

3.1. Една поголема целина претставува говорот на селата што се наоѓаат на десната страна од р. Вардар во областа Каршијак на правецот Кисела Вода – Ракотинци – Брезница, условно ќе го наречеме *каршијачки говор*. Овој говор непосредно се надоврзува со поречкиот на запад. Во него основна замена за **ǫ* е /*a*/: *гради, мака, пат, рака* и др., а бројот на примерите со /*y*/ е сведен на минимум. За вокалното **ł* има рефлекс /*ол*/ готово во сите случаи, сп. *болва, волк, волна, долго, голта, жолто, јаболко, колк, молзе, засолни, солза, со(л)нце, толчник.* Фонемата /*л'*/ се среќава, главно, во туѓи лексеми, сп. *пел'те, тел'*, а од домашните во коренот *л'уб-*, сп. *л'убоф, Л'убе*, и во некои лични имиња, сп. *Ил'о, Кол'о, Мил'ан*; старото *ль* затврднало: *лут, клуч, луѓе, недела, пријател, молат.*

Во правите каршијачки села сек. *ъ*$_2$ пред *р* се развил во /*a*/: *ветар, итар, модар, мокар, остар, јадар,* поретко се среќаваат форми со /*e*/, сп. *ветер, модер,* но *јадар, остар* (во говорот на исто лице). На каршијачкиот терен поминува и западната изоглоса на обликот *огин,* потоа на /*њ*/ во финална позиција во примерите од типот *нишањ, корењ, дрмоњ, тарунь, трњ* и сл.; во позападните села овој тип примери имаат на крајот *н*: *корен, трн*, и сл. Консонантските групи *-зј-* и *мн-* овде не подлежат на измени, сп. *лозје, многу*, а групите *-ср-, -зр-* редовно се пополнуваат со соодветен плозив: *стребро, стреда, здрак.* Во западните каршијачки села превладуваат фонетските облици *трева* и *ореф*, потоа *цути, осуна* (: *цăфти, осăмна* во блатскиот); примери со *у* м. **vъ* / **vь* скоро не се јавуваат, со исклучок на предлозите *уз* и *у* покрај *в* / *во*, сп. *вдене*, но *довец*,

довица. За разлика од блатскиот говор, во Каршијак, кај именките 'нога' и 'рака' се пазат старите дуални форми: *раце, нозе* / *нозе*; личната заменка за 3 л. гласи *тој* (поретко ќе се чуе *он*); се пазат полните дативни форми кај заменките: *нему му, овему, онему, нези, овези, онези*; енклитичките форми од заменката *таја* гласат *и* во датив (*нези и рече*) и *је* (*неа је виде*). Кај глаголите во 1 л. едн. сегашно време отсуствува наставката *-м* (*носа, јада*), а во селата на правецот Драчево – Ракотинци се испушта *-т* во 3 л. мн. кај глаголите од *а*-група: *викаа, копаа, сакаа, имаа*; во имперфектот во истото лице кај овој модел глаголи има наставка *-ва* : *викава, имава*, додека кај глаголите од *е-/и*-група *в* може и да отсуствува: *носеа, береа*, поретко *носева*, *јадева*. Во 1 л. мн. на аорист-имперфект превладува наставката *-вне* : *бевне, рековне*.

Во крајните западни каршијачки села (Н. Брезница, Јаболци) се јавуваат и некои особености што ги истакнавме како карактеристични за поречкиот говор, како, на пример: рефлексот /*о*/ место сек *ъ*$_2$ пред *р* и *н*: *вотор, итор, модор, јадор, огон,* наставката *-т* во 3 л. едн.: *имат, носит, перет*, флексивните дативни форми кај личните имиња од м. и ж.р., сп. *му рече Стојану, је рече Анѓи*. Таму веќе не се среќава заменскиот облик *ѓи*, сп. *и виде децата, и фрли камењата*. Кај глаголите од *е-/и*-група во 2 л. мн. се наложила наставката *-ите* : *седите, јадите, донесите*. Во глаголскиот прилог превладува наставката *-јќе* : *копајќе, носејќе*.

3.2. Посебна дијалектна група претставуваат селата по долината на Вардар во географската област Блатија на југ до составот на Пчиња во Вардар заедно со градскиот скопски говор и со говорот на селата во клисурата на р. Треска (Глумово, Шишево, Матка). И овој говор ќе го именуваме според географското име – *скопскоблатски говор*.

И во овој дел од скопското говорно подрачје како основен рефлекс за **ǫ* е /*а*/, меѓутоа бројот на примерите со /*а*/ и со /*у*/ варира. Во јужниот дел на областа и во селата од десната страна на Вардар на правецот Усје – Драчево – Зелениково – Градовци превладуваат примери со рефлексот /*а*/, сп. *ѓради, ѓазер, ѓас, ѓнас, ѓасеница, дабја, даѓа, заби, јазол, јатор, јадица, каклица, лака, рака, скапо, саботa,* и др., а како се оди кон север на правецот Катланово – 'Ржаничино – Белимбегово бројот на примерите со /*у*/ се намножува, сп. во Катланово: *ѓулуп, желуди, кукол, мука, муќук, скуп*, во 'Ржаничино уште и: *ѓруди, ѓусеница, дубје, зуби, купина, мужи, обруч, пут, пупок, паук, рука, удица,* во Белимбегово уште повеќе се зголемува: *желут, кутњак, мути, пут, путец, рубови, сучка, туѓа,* а во Бардовци со /*а*/ се забележани само: *јатак, јаѓорец, ѓасеница, ѓазер, кадрав*, а во градскиот говор и во северните блатски села на правецот Скопје – 'Ржаничино – Дивље констатирани се и неколку примери со /*ă*/: *ѓăс, ѓăзечки, ѓнăсен, ѓăзар, кăсам*. Во тој дел од блатскиот говор со /*ă*/ се забележани уште и примерите со сек. *ъ*$_2$: *лăже, лăжѓо, măѓла, măска, тăнок*, спрема *бадњик, лажица, маѓла, маска, танок* во појужните села. На скопскиот терен завршува и северната изоглоса на протетичкото *j-* пред рефлексот на иницијалното **ǫ*, сп. *јуже, јужица, јузел, југлень* (Бардовци).

Место вокалното **ļ* има три вредности: /*ол*/ во западните блатски села на правецот Нерези – Драчево, како во каршијачкиот говор, сп. *болва, волна, молзе, полно, полф, јаболкница, долго, жолто, жолња, колк, толче,* /*ăл*/ и во

неколку примери /у/ во јужниот дел јужно од линијата Огњанци – 'Ржаничино, сп. *вăлк, вăлна, мăлзе, мăлска, пăлн, пăлжави, гăлта, дăлго, сăлза, ăлцна*, но и *јабука, бува*, и во дервентските села на северозапад: *бăлва, вăлк, гăлта, дăлго, кăлк, мăлчејќи, сăлнце, тăлчник,* покрај *вук, жуч, пужаф* (Шишево). Во градскиот говор и во говорот на северните блатски села северно од Белимбегово – 'Ржаничино превладуваат примери со /у/, и тоа подоследно зад лабијалните согласки, сп. *бува, вук, јабука, музе, музница, пужаф, пуно, жуња, жучка, кук, тучник.*

На блатскиот терен се разграничуваат и рефлексите на сек. $ъ_2$ пред финалните *-р* и *-н* (*-њ*): во јужните блатски села пред *р* има рефлекс /е/, сп. *бистер, вепер, ветер, добер, итер, јадер, остер,* а во северниот дел северно од линијата Драчево – 'Ржаничино се среќаваат и примери со /а/, сп. *итер, остер, бистер* и *ведар, добар* (Драчево), *бистар, остар, итар* (Белимбегово, Лисиче), и редовно /ар/ во селата на правецот Бардовци – Стајковци: *бистар, ветар, вепар, остар, итар*. Во лексемата *огин / огињ* на сета територија има рефлекс /и/.

Во консонантизмот како покарактеристични дијалектни особености за ова подрачје ги истакнуваме: отсуството на фонемата *ф*, со исклучок во градскиот говор, сп. *ванела, ваќа, се вали, витил, вурна*, честотата на /њ/ во финална позиција, сп. *гребењ, камењ, корењ, пламењ, прстењ, остењ, коштањ, нишањ, чекањ, дрмоњ, таруњ, трњ* (: *камење, коштање, трње*), но *елен, есен*, потоа: дисимилацијата на групата *мн* > *мл* : *млогу*, асимилацијата на *мљ* > *мњ* во *земња*, метатезата на секвенцата *-зј-* > *-јз-* во *лојзе, гројзе,* сп. и *јучера / чера, здравје, страф*, примери со зачувано епентетско *л* : *дропла, чапла, чкрапла, сабл'а, врбл'ак, жабл'ак.*

Во областа на флексијата блатскиот говор по однос на околните дијалекти го карактеризираат: множинската наставка *-и* кај именките *нози / ноги, раци / раки / руки,* наставката *-иќи*, покрај *-ања* кај именките од с.р. на *-е* (кај одушевените именки), сп. *јарики, пилики, прасики, телики*, заменката *он* (*она, оно, они*) за 3 л.; дативната флексивна форма ограничена е на селата од десната страна на Вардар, додека на другата територија со датив функција се употребува полната акузативна форма а како морфолошка одредница служат датив-ните клитики, сп. *него му рече, нив им даде*. Полната дативна форма од заменката *она* се јавува во разновидностите *нејзе* во градскиот, *незе* во блатските села, *нојзе* во северните блатски села; кратката датив форма гласи *и* : *не(ј)зе ѝ рече, ѝ рече на Соња*; полната акузативна форма од *она – не(ј)а* превладува во селата на западната страна на Вардар, а во блатските села се наложила дативната форма, сп. *не(ј)зе ја виде* (: *нејзе ѝ даде*); кратката акузативна форма *ги* се употребува на сета територија, сп. *ги виде децата*; сп. и: *овој, оној, оваја, онаја, таја*, с.р. *ова, она, това и овоа, оноа*, мн. *овија, онија, тија, овега, онега, тојга, нејзин* и *нојзин.*

Во глаголската флексија за овој говор карактеристични се: наставките *-м* во 1 л. едн. сегашно време, сп. *носам, седам, копам, јадам*, *-вме* во 1 л. мн. и *-ва*, во 3 л. мн. аорист-имперфект: *бевме, бева, -ете* во 2 л. мн. императив: *носете, земете*; глаголскиот прилог се јавува со наставките *-јќи* и *-јќе*; вторава превладува во централниот појас, сп. *носејќе, сечејќе, копајќе* (Белимбегово – Драчево). Во овој говор можат да се чујат во речта на постарите и конструкции со

ќеше, поретко *ќеше да* + презент, имперфект, сп. *он ќеше да работи*, *за малку ќеше да падне*, *ќеше да паднеф на праг от*.

На поширок ареал на скопското подрачје се употребуваат предлозите *више, уз, у* : *помина више куќа, уз нег о се прот на*, *у Скоп је*.

3.3. Градот Скопје како стопански и културен центар во регионот во својот историски развој перманентно бил подновуван со население од поширокатa околина. Најмногу кон градот се слевало население од дервентските и црногорските села поради притисокот што го вршел несловенскиот етнички елемент. Новодојденото население го прифаќало локалниот говор (градскиот), но внесувало и елементи од својот дијалект, особено понекоја фонетска особеност преку одделни лексеми. Така може да се објасни присуството во актуелната скопска реч еден број особености кои се карактеристични само за северните македонски говори. Го имаме предвид пред сè поголемото присуство на лексеми со рефлексот /*у*/ место **ǫ* во коренските морфеми, сп. *г улу , г руди, ду , желу , зу , јуже, јузел*, *ју ок, кукуљ, ку ина, ку ник, клу че, мужо , мука, се мучи, му и, му ен, му ќеница, обруч, пу ук, пу , пуди, пу ка, пу и, рука, рукави, ру – руб , поруби, руска, рука ка, ст пало, ст рук, ску , суб та, су – судо , сучка, ст пне, т га, т пан, се т ќа, т руба* (*пла но*), *т ру , унутре* и др. Дел од овие лексеми во фонетско-фонолошкиот облик со /*у*/, видовме, навлегле подлабоко во блатскиот говор. Со /*а*/ се задржале, главно, лексемите во кои **ǫ* е добиено од **ę*: *јазик, јадро, ја рва, јачмен*, *зајак, па ак,* и во неколку примери се јавува /*ă*/: *г ăс – г ăзо , г ăзар, г нăсен, г ăсеница,* покрај *г усеница, кăса, кăсне, длăбок*(!). Со поддршка од северните говори се објаснуваат и примерите со /*ă*/ за сек. *ъ*$_2$ во лексемите: *лăже, лăжг о, лăжица, мăг ла, мăска, т нко*, како и рефлексите на вокалното **ļ*: /*у*/ во *вук, вуна, јабука, пуно, бува, музе, жу о, туче,* /*лă*/ *во длăк – длăг о, длăжина, слăнце*, а примерите со /*ăл*/: *г ăлт а, кăлне, кăлка, сăлза* се карактеристични за дервентските села. Во градскиот говор и во околните села нашле место и неколку лексеми со рефлексот /*у*/ место **ъ*, сп. *удоец, удоица, унутре, удене, унесе,* покрај *внук, влезе*, и во предлозите *у* (*у Скоп је, у село*) и *уз* (**ъz ъ*): *уз нег о, ус куќа*.

Во резултат на надворешни фактори во градскиот говор се затврднала и фонемата /*ă*/, вистина во ограничен број лексеми и со ограничена дистрибуција; се јавува во погоре приведените примери на местото на носовката **ǫ* и сек. *ъ*$_2$, сп. *г ăс, г ăзер, г нăсен, кăсне, лăже, мăг ла, мăска, т нко,* во секвенците /*ăл – лă*/ место вокалното **ļ*: *длăг о, слăнце*, *г ăлт а, кăлне*, и во неколку турски заемки: *балдăза, налăни, зăмба* и др.

Во скопското говорно подрачје, вклучувајќи ги тука и црногорските села, единствено градскиот говор ја познава фонемата /*ф*/, сп. *се фали, фаќа, фес, фурна* и др.

Интересен материјал градскиот говор ни нуди и во врска со фонемата /*л'*/; старото меко **l'* во најголем број случаи затврднало, но процесот како да не е наполно завршен – покрај *кудела, кошула, по тела, при ател, фрлам*, Угринова приведува и примери со *л'*: *недел'а, сел'анка, г ал'ам, жал'ам, кол'ам, л'у то, л'у там, л'у ќе* (Угринова, 1951 : 18). Во говорот на северните блатски села на правецот Орман – Радишани – Црешево – Миладиновци *л'* се чува подоследно, сп. *л'у т, кл'уч, кудел'а, фрл'а*, во повеќе примери е сочувано и епентетско *л'*:

врбл'ак, шумл'ак, дропл'а, сабл'а, чапл'а, шкрапл'а. Северно од споменативе села во црногорскиот говор доминира палатално *љ*: *љут, кључ, недеља* итн.

Во градскиот говор значително е пофреквентна употребата на фонемата /*њ*/, сп. *бања, дуња, пењушка, буњиште, оґњиште, стрњиште, племња, земња,* редовно во глаголите од типот *бодиња, препиња*, и на крајот на зборoформите од типот *камењ, корењ, лимоњ* и др. Мали отстапувања по однос на каршијачкиот и блатскиот говор градскиот покажува и во врска со загубата на /*в*/ во интервокална позиција; се чини дека процесот на загубата понапреднал во повеќесложните суфиксни образувања, додека во основните делови на зборoформите *в* е постабилно, сп. *капаица, удоец, удоица, убаина, зимоиште, лекоита вода*, но: *бивол, ґоведо, јавор, ковач, товар, човек*.

3.4. Скопскиот блатски говор на север и североисток гранични со скопскоцрногорскиот и кумановскиот од северната група говори. Меѓутоа, таа граница не е така остра. Меѓу тие говори има еден тесен појас на правецот на селата Кучково – Орман – Радишани – Црешево – Миладиновци – Дивље каде што се допираат, вкрстуваат или разидуваат јазични особености карактеристични за скопскиот, респ. централните и северните говори. Тие се наречени преодни меѓудијалектни прстени во кои се разлеваат изоглосните снопови. На тој појас завршува најголем број изоглоси на диференцијалните црти на северните говори, но по некоја од нив навлегува подлабоко на скопскиот терен. Некои од тие црти веќе ги спомнавме, на пр. рефлексот /*у*/ за **ǫ* и вокалното **ļ*, еден број примери со /*у*/ место **ъ* и со непрегласено /*а*/ во лексемите *трава* и *орав* / *орас*. Кон нив треба да ги додадеме: удвојувањето на предлогот *со* > *сос*, замената на *х* со *в* во интервокална позиција во еден број примери, сп. *снава, раваш, доваґа*, и редовно во наставката за 3 л. мн. аорист-имперфект: *бева, имава, појдова, носива,* фонетските облици *цăфти, осăмна* (: *цути, осуна* во централните) и др. Меѓутоа, во тој преоден појас се зародиле и некои нови процеси и појави што не се карактеристични за соседните говори. Еве само неколку покарактеристични од тие иновации. Место сек. *ъ*$_2$ пред финалните *-м, -н, -р, -л* на тој терен има рефлекс /*а*/, сп. *седам, осам, оґань, ветар, добар, итар* (: *седăм, оґăњ, ветăр, рекăл* во северните, одн. *седум, оґињ – оґин, итер, рекол* во блатскиот). Место етимолошкото **l′* редовно се јавува /*л'*/: *л'ут, кл'уч, недел'а* (: *лут, недела* во централните, и палатално *љ* во северните: *љут, кључ, недеља*, дури и во *поље* и др.). На тој простор се употребуваат паралелно синтетички и аналитички дативни форми кај личните заменки, сп. *мене ми рече, нему* / *неґо му рече, нас ни даде* и: *на мене ми рече, на вас ви даде*. Во 1 л. едн. презент наставката *-м* се генерализирала на сите глаголи и истовремено се оформила во едн. форма со единствена основа, сп. *нос-и-м, бер-е-м*, како во *вик-а-м* (: *викам, беру, ношу* во северните, и *викам, носам, берам* во блатскиот). Интересен лингвистички феномен во преодниот појас претставува новиот акцентски модел. Имено, кај парадигматските зборoформи акцентот во некои категории зборови се стабилизирал и/или има тенденција да се стабилизира на пенултима, сп. *ј'унак – јун'аци, ч'овек – чов'еци, м'ајстор – мајст'ори, п'рстен – прст'ени, 'орач – ор'ачи* (: *'орачот – ор'ачите*), *ґ'олем – ґол'ема* / *ґол'емо* / *ґол'еми, ст'уден – студ'ена* (: *ст'удениот – студ'ената*), *д'ојде – дојд'ова* (: *јун'ак – јун'аци, м'ајстор – м'ајстори – м'ајсториште, дојд'о – дојд'ова* во кумановскиот). Овој

акцентски модел го среќаваме на сето пограничје меѓу централните, одн. западните и источните говори – во Велешко во говорот на Клепа, и на поширок ареал во Тиквешијата и во Мариово.

4. *Велешкото* говорно подрачје, како и скопското, не е единствено. И на овој терен можеме да изделиме два говорни типа.

4.1. Една поголема целина претставува говорот на селата што се наоѓаат западно од Вардар и од патот Велес – Прилеп и градскиот говор, тоа би бил правиот *велешки ѓовор*. На тоа подрачје доминира третосложниот акцентски модел со сите познати отстапувања, сп. *л'ивада – лив'адата, краст'авица – краставʼицата*. Фонемата *х* отсуствува, а на крајот на слогот преминала во /*в*/: *бевне, врф – врвот*. Таму се почести случаите со испуштање на /*в*/ во интервокална позиција. Фонемата /*ф*/ во слободна позиција отсуствува, а туѓото /*ф*/ е заменето со /*в*/: *вурна, вута, венер, врла*. Вокалното **ѣ* на поширок ареал е заменето со /*ă*л/: *ăлна, ăлк, јабăлко, дăлѓо, кăлне, пăлно*. Старото меко **l'* затврднало: *недела, ключ, пријател*, а во група со *ј* (*лј*) не подлежи на асимилација, сп. *зел'је, лил'јак*. Фонемите /*ќ, ѓ*/ се реализираат без антиципација на мекоста, сп. *куќа, свеќа, меѓа, лаѓа*, и место старите секвенци **tьj-*, **dьj-*: *браќа, цвеќе, праќе, луѓе, ливаѓе*. Фонемата /*њ*/ е стабилна, а во бројни примери се јавува и место /*н*/, особено на крајот на основата, сп. *коњ – коњи, бања, свиња, корење, камење, трње, пилиња*, потоа во *диња, дуња, задњи, предњи, крајњи, с(т)редњи, камењ, дрмоњ, троњ*. Групите /*шт*/ и /*жд*/ се чуваат добро: *оѓњиште, пиштот, дождот*, како и консонантските секвенци *вд-, мн-, вн-* во иницијална позиција во лексемите *вдовец, вдо(в)ица, многу, внук, внука*. Во областа на флексијата како диференцијални особености по однос на околните, или на дел од околните говори, се јавуваат: членската морфема за м.р. *-от*: *мажот, ножот*, множинската наставка *-еви*, сп. *ежеви, ножеви, кошеви, дождеви, јазеви, плазеви, постеви, судеви*, заменските облици: *ја, ни(ј)е, нам ни, вам ви* (: *нас не, вас ве*), *овој, оној, волкаф*, чувањето на *е*-група кај глаголите, сп. *береш – бере, тра(ј)еш – тра(ј)е, чу(ј)еш, ми(ј)еш*, како и суфиксот *-у-* за образување на несвршени глаголи од типот *купу(ј)е, кажу(ј)е*.

Единството на ова говорно подрачје го разбиваат десетина особености.

4.1.1. Говорот на селата што се наоѓаат по долината на сливот на реката Тополка (*Ќумурци кол*) и градскиот велешки говор заедно со најблиските села по неколку црти се надоврзуваат на скопскиот блатски говор. Сек. $ъ_2$ пред финалното *р* овде е заменето со /*а*/: *итар, јадар*, а во лексемата *оѓињ* / *оѓињ* е заменето со /*и*/; лексемите *ораф* и *трава* се јавуваат со непрегласено /*а*/; во градскиот говор и во говорот на најблиските села веларите /*к, ѓ*/ пред предните самогласки преминуваат во /*ќ, ѓ*/: *ќитка, раќија, сеќира, оѓињ, ќе заѓине*; етимолошките групи *-стр-, -здр-* се пазат, а со нив се изедначиле и групите *-ср-, -зр-*, сп. *страм, стреќа, среда, здрел*, освен во градскиот говор, каде што *-ср-, -зр-* се пазат неизменети: *среда, зрел*. Множинските форми од 'рака' и 'нога' се образуваат со наставката *-и* : *раци, нози*. За овој подговор карактеристични се наставките *-м* во 1 л. едн. сегашно време: *ѓледам, носам, седам, јадам*, и *-вме* во 1 л. мн. на минато определено време: *влеѓовме, бевме*; поретко во северните села можат

да се сретнат и форми со наставката *-ва* во 3 л. мн.: *бева, имава*. На овој терен се разграничуваат заменските облици *тој* (*таја*, *тоа* – *това*) и *он* (*она*, *оно*) и предлозите *в*/*во* и *у* (*во Велес* : *у Велес*). Во градскиот говор за идно-минато време се употребуваат покрај формите со *ќе* + имперфект *(ќе одеше*) и форми со *ќеше* од типот *ќеше да оди, ќеше да одат*, и/или *чеше да работи*.

4.1.2. Говорот на селата во областа *Азот* (во изворишниот дел на реката Бабуна на север и исток до линијата Бистрица – Мартолци – Поменово – Степанци) со повеќе црти се поврзува со поречкиот говор. Таму сек. *ъ*$_2$ пред *-р* се рефлектирал во */о/*: *ветор, итор, јадор, модор*, како и во лексемата *огон*. На тој терен се разграничуваат формите *ореф, трева* и *ораф, трава*. Согласките */к, г/* не подлежат на палатализација пред */и, е/*: *китка, гине*. Испуштањето на */в/* во интервокална позиција е поинтензивно. Именките 'рака' и 'нога' ги чуваат старите двоински форми: *раце, нозе*. Заменските форми, *он, она, оно* и предлогот *у* не се среќаваат, туку превладува заменката *тој* во функција на лична заменка за 3 л. Кратката акузативна форма од *таја* гласи *е* (*неа е виде*) и за мн. обликот *и* (*и виде луѓето*). Во глаголската флексија, за разлика од говорот во потесното велешко подрачје, во Азот отсуствува наставката *-м* во 1 л. едн. сегашно време: *седа, ода, носа, су, неќу*, а во 1 л. мн. на аористот и имперфектот наставката гласи *-вне* : *бевне, рековне*. 2 л. мн. заповеден начин се образува со наставката *-ете* кај глаголите од *е-*/*и*-група: *одете, земете, носете*. Патем да ги спомнам и фонетските форми на лексемите: *ручек, стежер, плевна*, *здовец*, покрај *вдовец*, кои во велешкиот се јавуваат во подруги фонолошки облици.

Забелешка: Жителите на селата Ореше и Папрадишта во Азот и Мелница и Горно Врановци што се наоѓаат во подножјето на Бабуна и Голешница на велешката страна се преселници од Дебарско и ги репрезентираат дебарските говори (орешани и папрадиштани малореканскиот, а Мелница и Г. Врановци реканскиот – жировничкиот говор).

4.2. Говорот на селата во областа Клепа (источно од линијата Црквино – Грнчиште – Владиловци па до Црна Река и преку Вардар уште селата Уланци и Ногаевци) се јавува како преоден меѓу централната и тиквешката група говори. Во тој говор доминира тиквешкиот акцентски модел – со ограничено слободен акцент кој во парадигматските зборoформи има тенденција да се стабилизира на пенултима, сп.: *л'еп – леб'ови, ст'ол – стол'еви, 'език – ез'ици, 'обрач – обр'ачи, уч'ител – учит'ели, воден'ичар – воденич'ари, 'орај – ор'аи, в'исок – вис'ока, д'ебел – деб'ели, л'енин – лен'ина* / *лен'ино* (*платно*), *кв'асен – квас'ено мл'еко*; сите именки на *-а* имаат акцент на пенултима (во неопределената форма) : *ег'ула, кад'ела, кол'иба, мак'еа, јат'рва, подн'ица, чубр'ика, сир'атка*, со четири слога: *вервер'ица, визгод'ина, јареб'ица, ластав'ица, матен'ица, пепер'уга* и др.; меѓутоа, во членуваните форми акцентот не го менува местото: *леб'ови – леб'овите, уч'ител – уч'ителот, д'ебел – д'ебелиот* / *д'ебелот*, *деб'ела – деб'елата, јат'рва – јат'рвата*. Кај сложените именки од типот *дом'азет, кол'ожик* (*коложег*), *лист'окап, пас'инок, сред'орок, стар'осват – старосв'аши* исто така акцентот паѓа на пенултима, додека кај придавките со зеро суфикс тој се чува на ултима, сп.: *белол'ик, гологл'аф, горогл'ет, кривовр'ат, црно'ок*.

Во глаголската флексија на пенултима акцентот паѓа само во формите на аористната и имперфектната парадигма, сп. *в'ика – вик'аме – вик'ате – вик'аа,*

из'еду, из'едоме, д'ојду – дојд'оа, н'осе – нос'еше – нос'еме – нос'ете – нос'еа, како и во *л-* и *н/т*-партицип: *в'икал – вик'ала – вик'але, ј'аден – јад'ена, п'аднат – пад-н'ата – падн'ати.*

Во презентската парадигма акцентот е неподвижен: *н'оса – н'осиме – н'осите, ј'адиш – ј'адиме, отв'ара – отв'араме*, а во императивот секогаш паѓа на иницијалниот слог: *н'оси – н'осите, п'ечи – п'ечите / п'ечете*, и *'испечи – 'испечите / 'испечете.*

Двоен акцент е констатиран во сложенки од типот: *гр'озјебрдање, с'уворѧека, ш'урепѧече.*

Од другите особености на овој говор, диференцијални по однос на другото велешко говорно подрачје, како покарактеристични ги истакнуваме: рефлексите */е/* за сек. *ъ*$_2$ пред финалните *-р* и *-н*: *бистер, ветер, итер, модер, остер, одер, оѓен* покрај *'оѓињ*, и */ă/* место вокалното **ļ*: *бăја, кăк, măска* (веда), *сăза*; на овој терен превладуваат примери со */е/* како рефлекс на **ję* : *език, ечмен, заек, паек*, но *јатѧрва*; во финална позиција *х* наполно се загубило: *вла – власи, гра, стра, ме, бу – бу'ови*, но и *'орај – ор'аи, моф, суф*. Во именската флексија бројни се примерите со наставката *-еви* кај едносложните зборови, сп. *сој – со'еви, нош – нож'еви, жар – жар'еви, воз'еви, јаз'еви, лоз'еви, сот – сод'еви, сат – сад'еви, стол'еви, мост'еви,* покрај *бој'ови, зме'ови, звер'ови* и др.

Во глаголската флексија во говорот на Клепа, како и во тиквешкиот, глаголите од *е-* и *и*-група се интегрирале во еден модел, сп. *н'оса – носиш – н'осе – носиме – носите – носат,* и *бера – бериш – бере – бериме – берите – берат, мија – миш – мие, траја – траш – трае*; во 1 л. едн. кај овие глаголи отсуствува наставката *-м*; посебност по однос на велешкиот говор покажуваат и парадигмите на аористот и имперфектот, сп.: *дон'есу, донес'оме, донес'оте, донес'оа, н'осе, нос'еше, нос'еме, нос'ете, нос'еа*; од глаголот 'сум' во 1 л. едн. покрај обликот *бе* се употребува и *беше.*

Во североисточните велешки села на правецот Ветерско – Лугунци – Иванковци (источно од Вардар и Пчиња) превладуваат особеностите што ги истакнавме како посебност на говорот на Клепа. И овде доминира тиквешкиот акцентски модел (на пенултима), сп. *к'овач – ков'ачи, воден'ичар – воденич'ари, з'елен – зел'ени.* Превладува рефлексот */ă/* место вокалното **ļ*, сп. *вăк, сăза, măзиме, дăк* покрај *длăк*, но *вăлна*. Во бројни примери *х* во финална позиција наполно се загубило, сп. *вла, гра, пра, стра*; фонемата */ф/* е стабилна: *фурна, фаќа, фрла*. На овој терен се разминуваат изоглосите на рефлексите */е/* и */ја/* место **ję* сп. *ечмен*, но *јазик.*

1995

ИЛУСТРАТИВНИ ТЕКСТОВИ

Скопско
Нова Брезница

Немушти јазик

'Имало некој-'овчар во н'екоа пл'анина, и-п'асол 'овците. 'Арно пл'анинава се-зап'алила. П'иштит н'ешто пред-'огнот д'обога. Пр'ишол 'овчарот. "Ч'екај да-в'ида – р'екол – шт'о-пиштит". Кога-в'идел, зм'ија п'иштит. Ст'анал је-'угаснал 'околу зм'ијата. Му-в'елит зм'ијава: "Што-ме-к'уртули од-'огнов, шт'о-сакаш б'акшиш да-ти-д'а?" Шт'о-има[т] т'и б'акшиш да-ми-д'аеш?" "С'акај т'и – р'екла зм'ијата – па-ќе-в'ида". Р'ече 'овчарот: "Н'ишто н'ејќу др'уго, с'амо ј'азик да-р'азбера к'ое как'о-зборит". Зм'ијата р'ече: "Ако-с'акаш ј'азик да-зн'аеш, к'амо в-'уста да-ти-д'уфна". "Е н'е – р'ече – ми-ј̣е-стр'аф, ќе-ме-'укасаш". "Ако-ти-е-стр'аф, д'ај-го к'афалот, н'ис-кафал ќе-ти-д'уфна". И д'уфнала. И р'ече зм'ијава: "Ј'а ќе-ти-к'ажа, ќе-зн'аеш ј'азик, 'ама ако-к'ажеш др'угему, ќе-'умреш". И т'ој св'е с'ега р'азбират. И му-в'икат ж'ена-му (т'аа б'ила од-ј'абана н'егде): "М'ажу, ќе-ме-в'одиш н'а-гости кај-т'атка". "Да-те-в'ода" – р'ече. Спр'емај-ги к'он'от и коб'илата, ќе-ги-ј'аваме". Коб'илата б'ила ждр'ебна, ж'ената б'ила тр'удна. Кин'исале да-'одат. К'он'ов з'астанал, коб'илаа зам'инала. И в'иснала коб'илата, р'екла: "Т'и две-д'уши н'осиш, па н'азат 'остана, а ј'а ч'етири н'оса, п'а н'апрет 'ода". И м'аж-ј̣е р'екол: "Ж'ено-бре, з'апри-ја коб'илата". Т'аа ја-з'апрела коб'илата. "Сл'езн – р'ече – от-коб'илата, к'ачи-се на-к'он'ов". И ж'ена-му го-спот'ерала да-му-к'ажет: "Ќе-ми-к'ажеш, т'и р'азбра н'ешто", му-в'елит т'аа. "Н'е, м'ори, н'ишто не-с'у-разбрал". 'Отишле, п'осле се-вр'атиле д'ома. Му-в'икат ж'енава: "Ќе-ми-к'ажеш, ч'ајре н'е ј̣е". М'ажот ј̣е-в'елит: "Ќе-ти-к'ажа, ама ј'а ќе-'умра". "'Ум-ри – му-в'елит ж'енаа – ама ќе-ми-к'ажеш". "'Арно – в'елит т'ој. С'амо т'и да-з'а-колеш еден-'овен, да-св'ариш пч'еница и ј'а ќе-л'егна, ќе-'умира". 'Арно, п'етелот на-ч'асот си-п'еет, а п'есот в'иет и в'икат (на-п'етелот му-в'икат): "Т'и п'ееш 'уште, а н'е-знаеш дом'аќинот ќе-ми-'умрет". "Ако-е-б'удала, нека-'умрет – му-в'елит п'етелот. Ј'а сед'умдесет ж'ени в'ода и м'ожа да-ги-п'овела, а т'ој 'една и н'е-может да-ј̣е-п'овелат. К'амо да-з'емет еден-ст'ап, да-ј̣е-в'икнет, да-ј̣е-изн'ате-пат 'убо:, м'есото в'ас пц'и да-ви-го-д'адет, а н'ас к'окошки да-ни-ј̣а-н'афрлат пче-н'ицана што-ј̣е-св'арила ж'ена-му". М'ажов сл'ушат. И-ј̣е-ст'анал со-с'акот, н'е-колку п'ати ј̣е-испр'оменил 'убо:, м'есото им-го-т'урил на-пц'ите, пчен'ицата на-кок'ошките. И т'ака в'ише не-го-пр'ашала ж'ена-му што-р'азбират т'ој (м'ажот) во-в'екот.

Велес

За вампирот

У-т'аја к'уќа к'ајшто 'има в'ампир не-д'одева – у-т'ова м'аало, к'ајшто-је, т'аму по-к'уќите д'одева. З'имал врчв'ичин'а м'ас 'от-куќи и н'осел у-к'уќата к'ајшто с'едел. Се-'ис... у-п'екмезот и м'едот. Да-си-н'ајдел р'абота, маг'арето го-ч'ешал у-т'аја к'уќа, к'ајшто 'отишол, низ-дв'орот го-раз'одуајал или го-ј'аал. "Се-н'асластил како-в'ампир на-п'екмес", 'има 'една р'еч. На-ж'ени кад'елќите им-ѓи-з'имал, ѓи-вл'екол по-чард'аците и по-дв'орот, и на-ср'ет-соба си-ѓи-нав'оѓале. "М'ори, гл'едаќме на-св'еќата н'оќеска се-трк'алаше кл'опчето, ч'орапот се-вл'ечеше и с'аани испрев'ртени на'опаку си-ѓи-н'ајдоб̀ме". С'офра, с'ито, с'е што-му-д'ојде д'о-рака ќе-т'ури на'опаку и мн'огу др'узи п'акости пр'ави. У-'еден п'етелот 'от-куќа му-го-'извадил 'от-потон и го-'оставил на-дв'орот, с'акал да-го-'однесе на-н'екаде з'ар. Вл'езуе и ф-с'оба, к'ајшто 'има м'аш и ж'ена, и з'а-гуша н'оќно вр'еме ѓи-ф'аќал. За-да-н'е-идел, на-вр'атата му-ст'авиле т'рн'е. Др'уѓипак и-'околу л'еглото ст'авале, оти-от-т'рн' го-стр'аело н'огу. Вамп'ирите им-ја-п'ијат к'рфта на-д'ецата от-п'алците на-н'озите од-н'октите. К'ајшто 'има в'ампир, со-д'ајрин'а, со-ќем'анин'а (и т'амбура) му-св'иреле, 'он ќе-д'ошол да-'игра, вампирџ'ијата ќе-го-'утепал и п'ихтија к'рф ќе-ст'ане. Со-вр'ела в'ода ќе-го-п'опарат да-не-се-повамп'ирила к'рфта. Ч'умата кога-б'ила, к'ажујат ст'ари, мн'огу в'ампири 'имало – т'огај еѓ'упците се-повампир'уеле. В'ампир ќе-те-н'алегне к'рфта да-ти-ја-'испие, и ч'овек 'умира. Н'еде Б'елје 'откај К'ојник б'еше к'ажујал: "н'оќеска 'еден в'ампир ме-н'алегна, та-т'ежина, т'ежина вр'и 'у-мене и н'е-можеф да-се-п'омрднам и 'издишам, го-б'уцнаф со-т'рн' и п'ихтија ст'ана".

Прилеп

От камчиња манџа

'Отишол 'еден сп'аија во-н'екое с'ело и к'ондисал во-'една к'уќа н'а-конак. Дом'аќинот со-с'ите к'уќни л'уѓе 'отишол в-п'оле на-р'абота, а д'ома беше-ост'аиле 'една б'аба за-да-в'ардит к'уќата. Вр'емето б'ило за-р'учек, та п'осакал спа'ијата од-б'абата р'учек. Му-ст'авила б'абата ржана п'огача и с'олпипер. "П'овели, сп'аио, л'еб и с'ол, што-ни-д'ал Г'оспот; ако-б'еа нев'естите 'овде, м'ожи да-ти-напр'аиа и н'ешто р'учек, 'ама за-н'екаќсмет от'идоа на-р'абота", му-р'екла. "'Ов, м'ори б'або, м'ори м'ајче, 'ами кога-'имат рж'ан-лебец н'е-берам г'ајле ј'ас зам'анџа и к'ога 'имат к'амчиња белутр'ачиња 'од-нив ј'ас м'ожам да-н'апраам 'една м'анџа, што п'рстите да-си-и-'изеиш от-сл'адина! Ј'а п'ојди 'еден ч'ас п'онадвор, та с'обери тр'оа к'амчиња белутр'ачиња к'олку 'еден г'рс и 'изми-ӷ со-н'еоколку в'оди, за-да-се-'очистат 'убао, п'осле кл'ај во-'една т'ава тр'оа в'ода да-з'оврие и гл'еај с'еир шт'о-манџа ј'ас ќе-ти-н'апраам п'рстите да-си-'изеиш". Кога-ч'ула с'ирота б'аба от-спа'ијата т'ој-збор, от'рчала и н'абрала к'амчиња, зап'алила 'огон и ја-н'атерал б'абата да-д'онесит тр'оа м'ас и тр'оа бр'ашно, без-н'икаква џ'ефа, ч'унќи ќе-се н'аучи б'аба от-к'амчиња да-пр'аит м'анџа.

'Опржил спа'ијата 'една к'аша и и-т'урил камч'ињата вн'атре, се-пов'ариле м'алку со-к'ашата и је-кл'ал т'авата на-т'рпеза за-да-р'учаат, а б'абата т'уку се-ч'удит како-ќ'е-бидат камч'ињаџа и како ќе-с'е-јадат.

И-в'икнал на-б'абата спа'ијата за-'и-таја да-р'учат м'анџа от-к'амчиња, и со-г'олем к'еф б'аба с'еднала да-ј'ади. З'аватил спа'ијата да-м'ака от-к'ашата и нег-д'е-годе си-в'адел по-н'екое к'амче, изл'ижи-го ч'инел и 'остај-го на-т'рпеза. Из-в'аила б'аба 'и-таја 'едно к'амче, в'атила да-го-џв'ака, џв'акала, џв'акала, н'ишто ж'иво не-м'ожела да-го-с'оџвака и-т'аја го-ост'аила на-т'рпеза и му-р'екла наспа'ијата: "'о-о-о-в м'оре к'утри сп'аио, д'али в'ака ќе-напр'аеше от-к'амчиња м'анџа, 'ами за-к'аша к'ој н'е-знаит да-н'апраи, камч'ињата и-кл'аде к'олку за-'урвокос а н'е 'оти за-да-се-ј'адат, за-к'олку да-ми-ст'ориш м'ене п'акос, за-да-си-ск'ршам з'абот. 'Ете т'ој м'арифет 'имала м'анџата тв'оја, со-к'амчиња што-ја-н'апраи, за-д'ека п'усти 'еден з'аб 'имав 'и-тој да-го-н'емам, тој-м'арифет ја-н'аучи п'устата б'аба тв'оја. И др'уго си-ја-п'оарџив м'авцата што-ќе-ја-ј'адевме сет'а-ку-ќа, 'ето тој-м'арифет н'аучив, сп'аио м'оре", му-р'екла б'абата нал'утена.

Битола

Качка Каличка

Си-б'еше шо-не-с'и-беше. Си-б'еше една-б'аба и еден-д'едо. Си-н'емале д'еца. Си-н'ашле едно-ч'упе и му-го-клале името К'ачка К'аличка. Еден-д'ен д'едото и б'абата 'оиџоја ц'рква и му-р'екле на-ч'упето да-не-т'арашва ф-к'уќи, да-с'еди м'ирна дури-да-д'оаˢт. На-м'ангало 'имало едно-г'рне со-гр'а да-се-в'ари. К'ачка К'аличка в'идела на-п'олицата на-s'идо едно-ј'аболко и се-к'ачила на-ст'олето да-го-з'еми. Се-сл'изнала и п'аднала во-г'рнето со-гр'а и се-поп'арила. Ко-се-вр'атиле б'абата и д'едото 'от-црква, тр'опале, тр'опале на-п'ортата да-му-'отвори К'ачка К'аличка, 'ама н'икој не-му-'отвори. Ја-ск'ршиле п'ортата и вл'егле дома. Ч'екале, ч'екале да-доџ ч'упето да-р'учаат, ама н'е-дошло. С'еднале да-р'учаат. Си-т'уриле гр'а во-п'аџнцата да-ј'адат. Ко-си-т'уриле по-фт'ор-пат, оти-б'иле н'огу гл'адни, во-паџнцата шл'уп! п'аднала К'ачка К'аличка. Ф'атиле да-пл'ачат, да пл'ачат и од ж'ал' 'умреле. Кога-сл'ушнала к'уќата, од-ж'ал' си- и-ист'урила ќерам'идите. Д'ошла стр'ачката и ја-пр'ашала к'уќата з'ошто и-'истурила ќерам'идите. К'уќата му-р'екла: "К'ако да-не-и-'истурам? Н'е-знаџш шо-с'е-стори? К'ачка К'аличка в-г'рне се-п'опари. Ст'арите пл'акаја и 'умреја и 'ете ј'ас ќерам'идите". Кога-сл'ушнала стр'ачката, од-ж'ал' му-п'аднала оп'ашката и л'етнала. 'Ошла кај-кр'ушата и му-р'екла: "Ш'о-е 'ова н'а-тебе, с'амо кр'уши р'аќаш а н'е-знаџш шо-с'е-стори?" Кр'ушата ја-пр'ашала шо-с'е-стори. Стр'ачката му-р'екла: "К'ачка К'аличка г'рне се-п'опари, ст'арите пл'акаја – 'умреја, к'уќата – ќерам'идите и 'ете ј'ас оп'ашката." Кога-го-сл'ушна т'оª кр'ушата и гррр! – с'ите кр'уши и-'истури н'а-земи од-ж'ал'. П'отаму стр'ачката в'идела едно-б'ајче кај-шо-си-п'аси тр'ева и му-р'екла: "Ш'о-праџш т'и, само-п'асиш, а н'е-знаџш шо-с'е-стори?" И му-к'ажала с'е по-р'ет. Т'огај на-б'ајчето од-ж'ал' му-се-изр'онале с'ите з'аби. П'осле стр'ачката 'ошла ц'рква кај-шо-п'еџше п'опо и му-р'екла: "Т'и, п'опе, само-п'еџш, а н'е-знаџш шо-с'е-стори?" И му-к'азала с'е по-р'ет: "К'ачка К'аличка г'рне се-п'опари, ст'арите пл'акаја – 'умреја, к'уќата ќерам'идите, стр'ачката оп'ашката, кр'ушата кр'ушите, б'ајчето з'абите, а т'и само-п'еџш". Т'огај п'опо си-го-'изваџ н'ожето од-џ'ебо и тр'ак! си-го-пр'есече мали'о-прс од ж'ал'. 'Ошол д'ома и поп'ајата го-пр'ашва з'ошто си-го-пр'есекол п'рсто. П'опо му-р'екол: "'Е к'ако да-не-си-г'о-сечам! К'ачка К'аличка г'рне се-п'опари, ст'арите пл'акаја и

'умреја, к'уќата ќерам'идите, стр'ачката оп'ашката, кр'ушата кр'ушите, б'ајчето з'абите, ј'ас п'рсто, а т'и с'амо пр'едиш." Т'огај поп'ајата како-шо-пр'едела соф'урката, ја-з'ела и ја-ск'ршила н'а-две и ја-ф'рлила.

Кичево

Цароф син се жена

Си-б'ил еден-ст'ар ч'ојк. Т'ој си-'имал тр'и ќ'ерки. Ќ'ерки-му ст'ално тк'аеле пл'атно, а т'ој го-б'елел. 'Еднуш т'уа п'оминал с'ин-му от-ц'арот и му-р'екол: "Ког'а-падна сн'егот и кога-прок'опнеа? До-в'утре ако-не-м'и-кажеш, ц'елат ќете-ст'ора". Го-преч'екала ќ'ерка-му пост'арата и-го-пр'ашала: "Шт'о-си 'олку, б'або:, н'апукан?" Т'ој ѝ-к'ажал какв'а-му-е м'аката, 'али т'аја не-зн'аела шт'о-значит т'оа и не-м'ожела да-му-к'ажет. Други'од-ден п'ак д'ошол с'ин-му от-ц'арот и с'еа му-д'ал м'увлет до-други'од-ден. Ко-се-вр'аќал н'азат, го-преч'екала посреднат'а-ќерка. И-т'аја го-пр'ашала како-и-пост'арата шт'о-е н'апукан, 'али 'и-таја не-зн'ајла да-му-к'ажет како-да-одг'оорит прет-с'ина-му от-ц'арот. Натреќи'од-ден п'ак з'аминал да-б'елит пл'атно. Д'ошол с'ин-му от-ц'арот и п'ак муд'ал уште-еден-д'ен м'увлет. На-вр'аќан'е го-преч'екала најмалат'а-ќерка и го-запр'ашала: "Шт'о си 'олку н'апукан, б'або?" Т'огај т'ој ѝ-р'екол: "Шт'о дека-ќети-к'ажа, ко-н'е-мојш да-ми-п'омогнеш. Не-м'ожеа да-ми п'омогнат пост'арите да-т'и". Отко-ѝ-к'ажал в'о-што-е раб'отата, т'ај му-р'екла: "Ќе-му-р'ечеш на-с'инот от-ц'арот оти-'има три-г'одини откако-п'адна сн'егот, а с'ега прок'опнојт, оти-т'ој с'акат да-те-пр'ашат кога-ј'а-пуште бр'адата, а ког'а-почна да-поб'елојт".

Коа-му-одг'оорил ст'ариот на-с'ин-му от-ц'арот, т'ој го-з'апрашал кој-го-н'аучил т'ака да-одг'оори. Ко-му-р'екол оти-му-к'ажала најмалат'а-ќерка, т'ој му-е-п'обарал за-ж'ена. Т'ака најмалат'а-ќерка се-ом'ажила за-царски'от-син.

Пореч
Лашо (Лашово)

Сланштани и мечката

Сл'анштани пос'ејале пч'енка во-С'елце. Се-на'учила м'ечката и ст'ално имје-ј'ала пч'енката. 'Еднаш се-с'обрале сел'аните да-се-дого'араат како-да-ј'е-плашат м'ечката да-им-је-н'е-јадит Пч'енката. 'Еден од-сел'аните ст'анал и-р'екол: "'Утре ј'а ќе-г-одведа К'араца (в'олот), ќе-го в'рза т'амо кај-што-ј'адит м'ечката, б'елки ќе-с-'уплашит 'од-него". – "Ej-'убо:" – р'екле сел'аните. Другат'а-ден г-'одвеле К'араца и-го-в'рзал кај-што-ј'ала м'ечката. С'утринден ко:-'отишол да-го-в'идит в'олот, в'олот го-н'емало. 'А м'алу п'отаму, гл'еат вл'ак. И сед'алдисал по-сел'аните: "'Ej, 'ела да-в'идите кај-ј'е-туркал К'араца м'ечката нар'ого:ј". Коа-'ојт уште-м'алу, што-ќ'е-видит – с'амо р'ого:ј. М'ечката г-'изела в'олот, ост'анале само-рог'о:јте. Т'ака сл'анштани и-пл'ашат м'ечките.

БИТОЛСКО-ПРИЛЕПСКИ ДИЈАЛЕКТ



КИЧЕВСКО-ПОРЕЧКИ ДИЈАЛЕКТ



СКОПСКО-ВЕЛЕШКИ ДИЈАЛЕКТ



4. ЗАПАДНИТЕ ПЕРИФЕРНИ ГОВОРИ

4.1. ДЕБАРСКИТЕ ГОВОРИ

1

1.1. Дебарските говори ја опфаќаат областа во сливот на Црни Дрим (северно од с. Глобочица) и Радика. Тоа е котлински предел заграден со високи планински венци.

Во рамките на таа област се изделуваат осум помали географски целости.

Делот околу градот Дебар (53)[1] се вика *Поле*. Во него спаѓаат селата: Рајчица (51)[2], Елефци (Татар Елефци, Град Елефци, 52), Бомово (54), Конари (55), Селокуќи (56), Спас (57), Крифци (58), Хаме (59), Баништа (60), Сушица (55а), Трнаник (54а), и неколку села во Албанија: Блато (61), Клобучиште (62), Крчишта (63), Процести (64), Маќеларе (65), Алајбегија (66), Граѓане (67), Попинаре (68), Еребар (69), Решане, Обоки, Песјак, Чернени, 'Рбеле, Деољане, кои се распределени по северната периферија на оваа област.

На југоисток преку Радика па до планината Стогово и до Малесија се шири областа *Жупа* (*Џупа*), која се дели на Долна и Горна Жупа. Во границите на оваа област има 18 села. Во Долна Жупа спаѓаат: Праленик (42), Кочишта (63), Житинени (со Пејофци и Вапа, 44), Бајрамофци (45), Мал и Голем Папра(д)ник (46), Броштица (47), Горенци (49), Пареше (48), Баланци (50), Власиќе, Црно Обоце, а во Горна Жупа: Осолница (41), Долгаш (35), Долно Елефци, Евла (36), Горно Елефци (37), Но(в)аци (Новак, 38), Коџаџик (39) и Брештани (40).

Од Горна Жупа на југ продолжува *Малесија* со селата: Присовјани (28), Збажди (29), Локов (30), 'Ржанов (31), Буринец (32) и Селци (33).

Од левата страна на реката Дрим до планината Јабланица се шири *Дримкол*, во кој спаѓаат селата: Лакавица (1), Јабланица (2), Пискупштина (3), Безово (4), Нерези (5), Луково (6), Модрич (8).

Областа што се наоѓа северозападно од Дрим па сѐ до Поле на север се вика *Голо Брдо*. Се дели на Горно Голо Брдо (или Рамна Гора или Планина) и Долно Голо Брдо. Оваа област ги опфаќа селата: Дренок (9), Џепишта (10), Манастирец (34), Отишани (11), кои се наоѓаат во границите на Р. Македонија, и Стеблево (12), Гиневци (Гинеец, 13), Клење (14), Себишта (Себишча 15), Окштун (16), Лешничани (17), Големо Острени (18), Мало Острени (19), Требиште (Требишќе, 20), Тучепи (21), Радовиште (Радоешта, 22), Пасинки (23), Вла-

[1] Бројот во загради го означува односниот пункт на картите.

[2] Имињата на селата се дадени според изговорот на месното население. Во врска со тоа консултирана е и следнава литература: Русиќ, 1953, 1954, 1957; Филиповиќ, 1940, 1939; Смиљаниќ, 1925.

димирица (Ладимирица, Ладомирица, 24), Српетово (Серпетово, 25), Торбач (Трбач, 26), Љуболези (Љуболеш, 27), Горица, Врбница (Врмница).

Областа по текот на Радика до Гореничкиот Мост се вика *Река*. Се дели на Горна Река, Река (или Голема Река) и Мала Река. Во *Горна Река* влегуваат селата: Сенце (92), Врбјани (93), Беличица (94), Кичиница (95), Волковија (96), Врбен (97), Богдево (98), Кракорница (99), Ничпур (100), Бродец (101), Жужње (102), Нистрово (103), Бибај (104), Рибница (105), Нивиште (106), Грекај (107), Тануше (108). Во *Река* спаѓаат: Горно и Долно Мелничани (70), Горно и Долно Косо(в)расти (71), Могорче (72), Скудриње (73), Присојница (74), Аџиефци (75), Јанче (76), Ростуше (77), Велебрдо (78), Битуше (79), Требиште (80), Видуше (81), Болетин (82), Жировница (83), а во *Мала Река*: Осој (84), Гари (85), Лазарополе (86), Сушица (87), Тресонче (88), Росоки (89), Селце (90) и Галичник (91).

1.2. Население. – Населението во целата дебарска област во етнички поглед не е единствено. Има Македонци, Албанци, Турци и национално неопределени, т.н. Торбеши (Македонци по вера мухамедани)[3] [карта 1].

Турскиот етнички елемент живее во Жупа – во селата: Коџаџик, Новаци, Брештани, Елевци, Евла, Долгаш, Осолница и Праленик, и во градот Дебар.

Албанско население најмногу има во градот Дебар и во неговата најблиска околина. Само Албанци живеат во селата Хаме, Спас, Селокуќи, Конари, Сушица, Бомово, Кривци, Трнаник во Поле. Само албанско население живее исто така во оние села што се наоѓаат на албанска територија, а коишто во постарите статистики се означени како македонски. Во областа Жупа Албанци има во селата Власиќе, Баланци, Житинени и Броштица. Во последниве три села тие живеат заедно со Торбеши. Албанско население доминира и во северните голобрдски села, како и во Горна Река. Чисти албански села во Горна Река се: Нивиште, Жужње, Врбјани, Тануше и Грекај.

Торбеши има готово во сите села во Река, Жупа и Голо Брдо. Само со Торбеши се населени денеска Жировница, Видуше, Болетин, Аџиефци, Присојница, Скудриње, Горно Косоврасти (во Река), 'Рковци, Кочишта, Мал и Голем Папрадник (во Жупа), Отишани, Лешничани, Требиште, Српетово, Торбач, Љуболези, Владимирица, Тучепи (во Голо Брдо). Заедно со македонско христијанско население Торбеши живеат и во селата: Могорче, Требиште, Велебрдо, Ростуше, Јанче, Долно Косоврасти (во Река), Горенци, Житинени (во Жупа), Џепишта, Себишта, Пасинки, Големо и Мало Острени, Требиште (во Голо Брдо), Обоки, 'Рбеле (во Поле), а со Албанци во селото Боланци (Жупа).

Во малореканските села, Малесија и Дримкол живеат само Македонци. Во Поле чисти македонски села се Рајчица и Елевци, а во Жупа Пареше. Македонско христијанско население освен тоа има во Требиште, Ростуше, Велебрдо, Јанче, Аџиефци, Долно Косоврасти, Мелничани, Баништа, Дебар, Броштица, Житинени, Џепишта, Себишта, Пасинки, Врмница, Големо и Мало Острени (во Поле, Жупа и Голо Брдо).

---

[3] Составот на населението во поодделни села е даден според пописот на населението од 1953 и 1961. За селата во Поле, Жупа, Малесија и Голо Брдо користени се и податоците од приведените антропогеографски студии на Бранислав Русиќ и Миленко Филиповиќ.

Во областа Горна Река живеат Македонци и Албанци. Македонски села се Беличица, Кичиница и Кракорница, а мешано население живее во Врбен, Волковија, Богдево, Бродец, Бибај, Ничпур, Нистрово, Рибница и Сенце.

1.3. Јазик. – И во јазичен поглед дебарската област не е единствена. Населението од албанска и турска националност е претежно двојазично. Покрај мајчиниот јазик (албанскиот за Албанците, турскиот за Турците) го познава во помала или поголема мера и македонскиот, како што, од друга страна, и Македонците во мешаните села се служат често и со албанскиот. Двојазичноста кај нив е уште поизразена особено во селата каде што живеат и Албанци и Торбеши. Во горнореканските села доминира албанскиот јазик во комуницирањето не само меѓу Албанците, туку и меѓу Македонците. Македонското население во оваа област е изразито двојазично, бидејќи еднакво се служи и со двата јазика [карта 2].

Предмет на понатамошните наши посматрања ќе биде македонскиот говор со кој денеска комуницираат Македонците и Торбешите во целата дебарска област, како и говорот на Торбешите и мијачките оази во централна Македонија, чиј говор се наоѓа во генетска врска со дебарскиот.

1.4. Досегашни проучувања на дебарските говори и литература. – Дебарските говори биле предмет на испитувања на повеќемина лингвисти. Најдобро е проучен малореканскиот говор. Опширно тој е разгледан во монографскиот опис на Марко Григоров (Григоров, 1907 : 201-304) и во книгата на Александар Белиќ (Белић, 1935). Во општи црти е прикажан говорот на селото Галичник, заедно со дебарското село Обоки и голобрдското Клење, во студијата на Ватрослав Облак (Oblak, 1896). Некои белешки за малореканскиот даваат уште И. С. Јастребов (Јастребов, 1889) и М. Веселиновиќ (Веселиновић, 1903 : 450-504).

Реканскиот говор е претставен во статијата на Михаил Петрушевски (Петрушевски, 1951 : 56-67) и во работата на Аритон Поповски (Поповски, 1959 : 107-154).

Од другите дебарски говори нешто повеќе ни е познат говорот на градот Дебар. Тој е разгледан во општи црти во прилогот на Панче Михаилов (Михаилов, 1954).

Неколку општи податоци за потеснатa дебарска област, Голо Брдо и Дримкол даваат Ватрослав Облак (Oblak, 1896), Милош Ивковиќ (Ивковић, 1934 : 25-30) и Миливој Павловиќ исто така во два свои извештаи (Павловић, 1940а : 424-430, 1940б : 262-281).

Еден сумарен преглед за целото дебарско говорно подрачје дава Лазар Димитров (Димитров, 1905 : 263-274).

Неколку помали прилози му се посветени и на говорот на торбешките и мијачките оази во централните македонски области. Миливој Павловиќ (Павловић, 1937 : 433-449) укажува на неколку дијалектни особености на говорот на скопските Торбеши. Во општи црти тој е разгледан и во работата на Радмила Угринова (Угринова, 1951). – Говорот на велешките торбешки села Мелница и Врановци исто така во општи црти е разгледан во статијата на Божо Видоески (Видоески, 1951 : 201-209).

Дијалектни проучувања во мијачките села Ореше, Папрадиште (Велешко) и Смилево (Битолско) има вршено Воислав Илиќ. Некои резултати од тие ис-

питувања Илиќ има објавено (Илиќ, 1960 : 467-468; 1959 : 400-403; 1961 : 213-227; 1961-62 : 103-109).

Бројот на работите посветени на дебарската говорна област, како што гледаме, не е мал. Но и покрај тоа денеска сè уште немаме полна претстава за дијалектната положба во Дебарско. Нашите знаења се особено оскудни за дијалектните прилики во областите Поле, Жупа, Малесија, Дримкол и Голо Брдо. Нешто повеќе материјал има за реканскиот говор, а најдобро ни е познат, благодарејќи на исцрпната студија на Белиќа, малореканскиот (галичкиот).

Во овој прилог ние ќе се потрудиме да дадеме еден општ преглед на говорите во Дебарско. Особено внимание ќе биде посветено на разграничувањето меѓу поодделни локални говори и на оние дијалектни особености и појави што досега беа малку познати. Повеќе илустративен материјал ќе приведуваме од областите што се најмалку проучени, како, на пример, Поле, Жупа, Малесија, Дримкол и Голо Брдо. Исто така во посебен осврт ќе се задржиме на говорот на Торбешите во Скопско и Велешко, како и на говорот на Мијаците во Битолско, Крушево и Велешко.

Дијалектниот материјал што ќе биде приведен во најголем дел е нов, изворен, забележен од мене на самиот терен во периодот од 1950 до 1968 година. Освен тоа консултиран е материјалот од анкетите за *Македонскиот дијалектен атлас* пополнети во селата Косоврасти, Голем Папрадник и Смилево, како и сиот досега публикуван јазичен материјал од споменатите подрачја.

2

2.1. Дебарските говори претставуваат дел од западното македонско наречје. Со другите западни говори ги сврзуваат следниве особености: третосложниот акцент, сп. *п̄л'анина п̄лан'ината, мес'ечина, месеч'инава*; синтагматскиот карактер на акцентот: *п̄'од-ног̄а, кисел'о-млеко, г̄о-з'еде – не-г̄'о-зеде, му-г̄о-з'еде – нему-г̄'о-зеде*; елизијата на самогласките во акцентски целости кога следниот збор почнува со самогласка: *се изми* > *с-изми*, *ме укаса* > *м-укаса*, *г̄о изеде* > *г̄-изеде, ве ӯт̄еа* > *в-ӯт̄еа*, *да ој̄т̄* > *д-ој̄т̄*; самогласката *и* зад друга самогласка во иста лексичка или акцентска единица ја губи слоговноста и преминува во неслоговно *ј̯*: *снаи* > *снај̯*, *ст̄реи* > *ст̄реј̯*, *сои* > *сој̯*, *суи* > *суј̯* , освен во случаи кога претходната самогласка влегува во состав на некој префикс: *з'аиг̄ра*, *п̄'оиг̄ра*. И во овие говори наоѓаме примери што укажуваат на старото мешање на носовката **ę* со **ǫ* зад *ј*: *јăзик*, одн. *јозик, јăзик*. Како протетички глас на апсолутниот почеток пред континуантот на **ǫ* се јавило *ј*: *јăг̄лен, јăдица, јăже*, а пред *и* редовно се јавува *в*: *визба*, *вист̄ина*. Согласката *в* од старите групи **cvь, *svь, *zvъ* е заменета со *у*: *цут̄, цут̄и, осунит̄, сунит̄*. Гласот *х* на крајот на слогот преминал во *в*(*ф*); *чевли, врф*. И дебарските говори познаваат троен член и имаат систем од три демонстративни заменски форми: *ножов*, *ножон, ножот̄*; *овја нош, оња нош, т̄ој нош*. Лична заменка за 3 л. е *т̄ој*. Дативниот однос кај заменките се изразува синтетички: *мене ми, т̄ебе т̄и, нему му, кому, некому, овому, ономy* итн. И овие говори познаваат цел систем заменски форми со демонстративно-посесивно значење*: овог̄ов, оног̄ов, т̄ог̄ов*. Кратката акузативна форма од 'тие' гласи *и*. 3 л. мн. од глаголот 'сум' гласи *се*. Во 3 л. на перфектот помошниот глагол се испушта: *т̄ој дошол*, *т̄ие дошле*. Дебарските говори, ка-

ко и другите западни, познаваат цел систем сложени глаголски форми со 'има'. Посесивноста се изразува и со предлогот *од*: *детето од Марка*. Со другите западни говори ги сврзува целата структура на синтагмата и реченицата. Реченицата може да започне со кратка заменска форма и со глаголска партикула: *го зеде лебот, му рече на детето, сме го виделе детето*.

2.2. Уште потесна врска дебарските говори покажуваат со горнополошкиот, кичевскиот, охридскиот и струшкиот со кои непосредно граничат. Сите тие говори ги поврзува „полумекиот" изговор на континуантот на старото палатално **l'*: *недел'а, кл'уч, мол'ба, пријател'*. Гласовната група *-ни-* во повеќесложните зборови се изменила во *-јн-*: *воденица* > *водејница*. Во сите тие говори се пази старата дативна форма кај личните и роднинските имиња од машки и женски род: *Маре, Николу, Стојану, тетину*. Личната заменка за 1 л. едн. се јавува во обликот *ја*. Кратката дативна форма од заменката 'таа' се јавува во разновидноста *је* : *Је рече Маре*. Кај глаголите во 1 л. едн. на сегашното време наставката *-м* отсуствува: *носа, сеча, бера*, а 3 л. ед. завршува на *-т*: *носит, сечит, викат*. Од глаголот 'сум' има посебни форми и за аорист и за имперфект: *бив, би, би…* и *бев, беше, беше*. Во сите споменативе говори, вклучувајќи го и поречкиот, наоѓаме систем од четири глаголски форми со 'ќе': *ќа (ќе) носит – ќа (ќе) носеше – ќа (ќе) носел – ќа (ќе) беше носел*.

Поголемо единство дебарските говори чинат со охридскиот и струшкиот. Во сите нив старата група **črě-* се разложила во *чере-*: *черепна, черешна, чересло, черемша, чере(в)о*. Место групите **tj, *dj* почесто наоѓаме *шт, жд (шч, жџ; ш, ж),* додека бројот на примерите со *ќ, ѓ* е минимален. Дативната форма кај личните имиња од машки род на *-о* се образува со наставката *-ое* (*-ове, -оје*), а кај имињата од женски род со наставката *-е* : *Му рече Маркое* (*Маркове*, *Маркоје*), *је рече Цвете*. Личната заменка за 1 л. мн. во дебарските и во струшкиот се јавува во формата *мие* (*мије*). Во областа на глаголот овие говори од другите западни се разликуваат по наставките за 3 л. мн. на сегашното и на минатите определени времиња. 3 л. мн. на сегашното време завршува на *-ет*: *викает* / *вике:т, носет* / *носе:т*, а 3 л. мн. на аористот и имперфектот на *-е*: *викае, дојдое, носие, носее*. Глаголите од *и-* и *е*-група во 2 л. мн. на заповедниот начин завршуваат на *-ите* : *носите, сечите*. Во глаголскиот прилог самогласката *-е* од морфемата *-ејќи* (*-ејчи, -еќи*) се пази: *викаејќи, носеејќи* (*викаејчи, викаеќи*). За сите говори од дебарското и од охридско-струшкото подрачје карактеристичен е предлогот *кон*, кој се јавува и во фонетската разновидност *кун*.

Некои од приведениве особености се ограничени на дебарскиот и струшкиот терен, на пример, наставката *-е* во 3 л. мн. на минатите определени времиња. Други имаат поширок ареал. Наставката *-ет* во 3 л. мн. на сегашното време ја познава и охридскиот. Изоглосите на именските наставки *-ое* и *-е*, на заменката *мие* и на императивната наставка *-ите* зафаќаат и дел од кичевско-поречката говорна територија.

Една група особености е ограничена само на дебарскиот терен. Такви се: заменските форми *теа, овеа, онеа* за среден род; дативните форми за женски род *овојзе, онојзе* и за машки *овому, оному*; акузативниот облик на демонстративните заменки за м.р. *ового, оного, того*; партикулата *ќа*. Овие црти ги повр-

зуваат сите говорни разновидности во Дебарско и истовремено се јавуваат како диференцијални по однос на околните говори.

Погоре ги истакнавме оние црти што се јавуваат како општи, заеднички за целото дебарско говорно подрачје и коишто го одредуваат местото на дебарската група во рамките на западното македонско наречје. Тој број, како што гледаме, не е мал. Но не е мал исто така и бројот на особеностите што го разбиваат единството на дебарската дијалектна област. Меѓу поважните диференцијални црти спаѓаат континуантите на носовката *ǫ и вокалните *ŕ, *ĺ, и некои морфолошко-синтаксички особености. Според тие црти во рамките на дебарската област можеме да изделиме четири помали говорни индивидуалности. Една таква целост претставува говорот на селата во *Поле, Жупа*, и *Малесија*, заедно со градскиот. Посебна целина сочинува *говорот на селата во областа* ***Дримкол и Голо Брдо***. *Говорот на* ***малореканските села*** се разликува и од дебарскиот и од *говорот на* ***Торбешите во областа Река*** [карта 2а].

3

ДЕБАРСКИОТ ГОВОР

3.0. Дебарскиот говор зазема централно место во дебарската група. Него го сочинуваат, како што спомнавме веќе, градскиот говор и говорот на Македонците и Торбешите во Поле, Жупа, Малесија и јужните реканси села Могорче, Горно и Долно Мелничани и Горно и Долно Косоврасти.

3.1. Самогласки. – Фонолошкиот систем на дебарскиот говор се состои од 6 самогласки и 25 согласки.

Самогласни фонеми се: *и, е, ă, а, у, о*.

Во споредба со другите дебарски говори како карактеристична структурна особеност на вокализмот во дебарскиот се јавува фонемата *ă* [карта 3]. Фонетски таа се определува како среднојазичен глас. Средниот дел на јазикот артикулира во правецот на граничната зона меѓу тврдото и мекото непце и при тоа тој се издигнува средно. Има ист степен на отвор како самогласките *о, е*, но таа не е ни лабијализиран, ни палатален глас. Фонолошки *ă* се јавува како корелат на фонемата *а* по признакот висок ~ низок отвор. Во врска со дистрибуцијата треба да истакнеме дека *ă* не може да стои ни на апсолутниот почеток, нити во афиксите. Со други зборови, таа се среќава само во коренската морфема, сп. *гр̆ади, јăже, пăт, р̆ака*.

Самогласниот систем, според изложеново, на фонолошки план можеме да го претставиме по овој начин:

и		*у*
е	*ă*	*о*
	а	

На историски план фонемата *ă* се јавува како континуант на носовката *ǫ, секундарниот $ъ_2$ и во група со *р* и *л* како рефлекс на вокалните *ŕ, *ĺ.

3.11. **ǫ > ă*: *внӑтра – нӑтра, грӑди, гнӑсно, гӑба, гӑзер, гӑжва* (Селци), *дӑп – дӑбје, дӑга, дрӑк – дрӑго̄т, зӑп – зӑби, јӑже, јӑтор, јӑдица, јӑглен, кӑде, кӑј, кӑклица* (: *кӑрклица*, Г. Папрадник), *се кӑпӣт, кӑшӣт, кӑтник, кӑдел'а, кӑсат, кӑпинки, лӑчӣт, мӑка, мӑчно, мӑш – мӑжи, мӑшко, мӑдро, мӑтка, мӑштӣјница, мӑтӣт, прӑт, рӑка, смӑт, сӑк, сӑжен, сӑбо̄та, сӑдој, стӑпал'ка, стрӑга, трӑба, тӑга, тӑпан, трӑт* [карта 4].

Со запазен назализам забележени се: *кӑндро* (Локов), *стрӑнга* (Г. Папрадник).

Во оваа позиција (во коренската морфема) само во неколку случаи место **ǫ* наоѓаме *о*: *гло̄бок, кло̄пче, кло̄пко, то̄пук, о̄тоде, своно̄ќ, свозима* (на целата територија). Во поодделни населби бројот на примерите со *о* е поголем, особено во периферните области. Сп. *собо̄та* (Дебар), *кодраф*, *ко̄пинка, сто̄пало, то̄пан, по̄дит, исто̄дит* (Баниште), *божилок, до̄п*, *зоби, можите, модро, мо̄тна вода, скопија, то̄га, троба* (Селци).

Во неколку случаи во говорот на Торбешите во Голем Папрадник **ǫ* е заменето со *е* : *је̄глен, јеже, јежица, је̄то̄к*, еднаш имам забележено *гре̄ди* : *ме болет гре̄дӣте*, покрај *грӑди*.

Паралелно со *кӑде* се среќаваат и разновидностите *кеде, кеј, ке*.

Во другите позиции на зборот (во некоренските слогови) **ǫ*, како и во другите западни говори, редовно е заменето со *а* : *желадок* ('Ржанов), *желади, желадник, обрач, по̄нада, по̄расu, панал, бера, неа* и др. Во *го̄ло̄ј – го̄лоби о* е добиено со асимилација од *а* : *го̄лаб > го̄лоб*. Во некои места под влијание на лабијалната артикулација на *б* самогласката *о* се изменила во *у* : *го̄лӯ – го̄луби* (Г. Папрадник) [карта 5].

Во почетокот на зборот со *ă* е заменето и **ǫ* добиено од **ę* зад *j*: *јӑдор*, *јӑгул'а, јӑзик, јӑнsa, јӑтро, јӑтӑрва, јӑчмен, јӑчӣт* (Баниште) *јӑдар* ('Ржанов). Во Малесија почесто наоѓаме *о* : *јого̄л'а, јозик, јонsa, јо̄тка, јочӣт, јочменец* (Селци). Лексемата *јого̄л'а* со *о* се среќава и во Жупа, а наспоредно со *јӑгул'а* и во Поле. Само во говорот на Торбешите во Г. Папрадник во сите приведениве случаи наоѓаме *е* : *јенsa, језик, је̄тро*, *је̄тӑрва, јечӣт, јечмен,* но *јого̄л'а*. *Јенsa* и *ечӣт* спорадично можат да се сретнат и во другите торбешки села (М. Папрадник, Горенци).

Во неакцентиран слог редовно се јавува *а* во *па̄јак, па̄јачина* (на целата територија [карта 7], во Малесија и во *зојак* (Селци). Меѓутоа, во другите села во последниов збор наоѓаме редовно *е* : *зе̄к* (Дебар, Горенци, Г. Косоврасти), *зоек* (Г. Папрадник). Формата со *е*, ќе видиме подоцна, се јавува и во другите дебарски говори [карта 6].

Случаите со *о* место **ǫ* се јасни: внесени се од оние говори каде што е **ǫ* заменето со *о* (малореканскиот, дримколскиот, голобрдскиот). Не е јасно, меѓутоа, како се добило *е* во споменатите примери во Г. Папрадник. Овде треба прво да ја исклучиме претпоставката дека е самогласката *е* директна замена на **ę* и зад *j*. Тоа го потврдуваат и случаите како *је̄то̄к*, *је̄глен* и сл., каде што наоѓаме *е* место **ǫ*. Исто така *е* не би можело да се добие фонетски од *ă*, посебно во примерите *гре̄ди*, *кеде*. Останува да побараме објаснување во контактот со другите околни говори. Ваков резултат за **ǫ* познава само говорот на струшките села Радожда, Вевчани, Мали Влај и Лин. Во говорот на овие села,

како што е познато, зад нелабијална согласка *ǫ во коренските слогови редовно се заменило со *ä* (широко *е*), а зад лабијална со *å* (широко *о*), сп. *гр̄ади, кäде, рäка, jäже, jäг̄лен, jäзик* и др., но *п̄åт̄, п̄åдит̄*. Не е невозможно говорот на с. Г. Папрадник во еден постар период да имал непосреден контакт со радошко-вевчанскиот. Нив ги сврзувал пред сѐ континуантот на носовката *ǫ. Подоцна во новата средина фонемите *ä, å* биле заменети со *ă*, освен во споменатите случаи, во кои *е* се задржало како архаизам, но веќе не како широко *е*. Најдоследно тој постар изговор се запазил зад *j*. – Ова што го рековме не се однесува и на зборот *зäек* (*зоек*), бидејќи тука се работи за друга фонетска позиција. Тој или е внесен од појужните наши говори, кои не ја познаваат замената на *ę со *ǫ, и после е раширен на целата дебарска област, или пак *е* се добило фонетски на дебарскиот терен, а така можело да се добие само од *а*. Зад *j*, ќе видиме, самогласката *а* и во други случаи се прегласува во *е*. Во *п̄ајак* прегласувањето на *а* во *е* било попречено од претходното *а*. Веќе во малореканскиот, каде што почетното *а* се изменило во *о*, прегласувањето на *а* во *е* се извршило и во овој збор, сп. *п̄оек* [карта 7].

3.12. *ъ*$_2$ > *ă* : *бăдник, мăг̄ла, мăска, снăг̄а, т̄ăст̄, т̄ăшт̄а* [карта 8], *лăјца* (Селци). Последниов збор се јавува и во разновидностите *лојца* (Локов, Збажди), *олцица* 'слабинка' – *олsица* 'лажица' (Г. Косоврасти), *олsица, олцичка* (Г. Папрадник), *олдица* (Дебар). Се работи за две различни фонетски појави. Во *лăјца, лојца* има секундарен *ъ*$_2$. Другите форми се изведуваат од **lъžica* > **lžica* > **ǰžica*, сп. *ăл // олжица*, и потоа со дисимилација *олsица, олцица, олдица*. Така настанала и разновидноста *олг̄а* (< **lьga*) [карта 9].

Посебен развој на овој терен имала и придавката **tьпъkъ*. Тука не се развил сек. *ъ*$_2$, бидејќи согласничката група *-т̄н-* може да стои, сп. *т̄нок* (Цепиште), или пак се разедначила во *-кн-*: *кнок, кночко* (Дебар, Обоки), *кноко* (Селци, Горенци) [карта 22].

3.13. Сек. *ъ*$_2$ на крајот на зборот пред сонантите *р, л, л', м, н* и пред *в* имал поинаков развој. Пред *л, н, в*, тој редовно се заменува со *о* : *рекол, ог̄он, мăрт̄оф* [карта 11]. Пред *л'* се развил во *е* : *шупел'ка*. Пред *м* среќаваме две вредности – *о* во Малесија: *седом, осом* (Селци, Присовјани), и *у* на другата територија: *седум, осум* (Г. Косоврасти, Баништа, Обоки, Г. Папрад) [карта 10].

Различни вредности наоѓаме и за *ъ*$_2$ пред *р*. Во Поле и во Малесија *ъ*$_2$ > *о* : *бист̄ор, вет̄ор, добор, ит̄ор, свекор* (Дебар), *вет̄ор, ит̄ор* (Присовјани). Во торбешкиот говор во Жупа и граничните реканси села заменето е со *е* : *вет̄ер, мăдер, ит̄ер* (Г. Папрадник), или со *а* : *добар, ит̄ар* : *вет̄ер* (Г. Косоврасти), а во говорот на православните најчесто со *а* : *бист̄ар, вет̄ар, ит̄ар, ост̄ар, свекар* (Горенци), *вет̄ар, ит̄ар, свекар, ост̄ар* (Селци), *jăдар* ('Ржанов) [карта 12].

3.14. **ŗ* > *ăр*: *ăрт̄, ăрват̄, бăрг̄о, вăрнит̄, вăршит̄, мăрша, п̄ăрст̄ен, п̄ăрле, фăрл'ăт̄, г̄ăрне, дăрво, зăрно, кăрст̄, сăрп̄, т̄ăрчит̄, цăрно*. Вокално *р̥* во овој говор нема[4] [карта 13].

[4] П. Михаилов (1954 : 13) не е во право кога тврди дека во градскиот дебарски говор *р* се изговара вокално.

3.15. **ļ* – Вокалното **ļ* најчесто се заменува со *ол* : *болва, волна, волк, долго, жолто, жолчка, јаболко, колчишта, молчит, молкум, молзит, полно, солза, столцаф* (Дебар), *жолња, молња, столцаф, полф, олцкат* (Цепишта), *волк, солза, голтат, толчник* (Селци, Локов). Не се непознати и примери со континуантот *ăл*. Повеќе и почесто тие се среќаваат во граничните села со реканскиот говор и во Жупа, сп. *жăлчка, јабăлко, кăлчник* (Г. Косоврасти), *бăла, бăл'вење, кăлк, се кăлнит*, но: *волна, долцина, молзница, жолток, солзи, полно* (Г. Папрадник) *вăлк, дăлк, жăлтица, кăлнит* (Могорче), *гăлтат* : *молња* (Горенци). На целата територија наоѓаме *сăнце* – со испуштено *л* [карта 14].

3.16. Во бројни примери фонемата *ă* ја наоѓаме место *а* во почетните слогови и во соседство со назална согласка, сп. *знăјт, снăга* [карта 15], *снăжен, снăа*, во туѓите зборови *ăнгел, кăнтар, кăндисат, мăнгар, сăндак, сăндали*, во личните имиња: *ăндре* (Андре), *ăндон* (Андон), *сăндре* (Сандре), *сăндрејца* (Сандрејца), потоа во *мăмит, мăмешко, мăштеа, имăње, мăчурек, 'одăмна – одăмна, зăмба* (Баништа). Во неколку случаи *а* е заменето со *ă* и зад согласките *з* и *ј*: *зăгар, зăек, зăш; јăзоец, јăсен, јăсика, јăготка, јăсенојца* (Баништа), *јăсика* ('Ржанов). Подоцна ќе видиме дека во сите приведениве примери во другите дебарски говори се јавува *о*, одн. *å*, во зависност од тоа како се рефлектирало **ǫ*.

3.17. Како дијалектна диференцијална особеност на дебарскиот терен од областа на вокализмот се јавуваат прегласувањето на *а* во *е* и разни видови асимилации.

Самогласката *а* се прегласува во *е* најчесто во соседство со *ј*: *на еве* (Дебар), *на јеве* (Баништа), *есен* < *јасен*, *есено: дăрво* (Г. Папрадник), *јесено:* (Селци), *обело* (< *објало*, Цепишта), *рает, одеја* (*одаја*, Г. Папрадник), и зад *ч*: *печелит, чекија* (Селци). Но од друга страна имаме: *јасно, чаша,* дури и *чакат* (Дебар), *чакај, чакаештин* (Г. Папрадник) [карта 16]. Последниов пример со непрегласено *а* се среќава во Поле и Жупа, додека во Малесија се јавува редовно со *е* : *чекат*. Прегласувањето на *а* во *е* зад *л'* во *бăршл'ен, гăркл'ен, чел'ет* е редовна појава на целата територија на овој говор. Зад *њ* прегласување имаме во месното име *Житинени* (< *Житињани*). – На овој начин веројатно се добило *е* и во *еребица* (< *јаребица*), иако има основа да се претположи и асимилација.

Во резултат на асимилациони процеси настанале овие измени: *а* > *о* : *локто* (овде уште и под влијание на *нокти-и*), *о* > *е* : *стежер* (можеби и по пат на мешање со глаголот 'стега'); *е* > *о* : *чокор* (Г. Папрадник), *четорок* (Баништа).

Интересни се процесите што се извршиле во зборовите *гојадо, гојадар* (Збажди, Баништа), *гојачко* (Локов), *чојак* (Селци), *појасмо* (< *повесмо*). По губењето на интервокалното *в* пред *е* се развило хијатско *ј*: *говедо* > *гоедо* > *гоједо*. Меѓутоа, поради нестабилноста на *ј* во оваа позиција, и за да се задржи слоговната структура на основната морфема, самогласката *е* се изменила во *а* (тврда самогласка како во другите слогови). Така може да се објасни и промената извршена во зборот *понејалник* ('Ржанов: *понеделник* > *поneелник* > *понејелник* > *понејалник*), покрај *поне:лник*, каде што се извршила контракција на двете *е*.

Во повеќе примери промените на самогласките можат да се објаснат морфолошки. Формата *тежек ~ тешка, тешко, тешки* е преобразувана спре-

ма *лесен ~ лесна, лесно*. – Зборовите *п̄ираj* (< *п̄ирej* Збажди), *сераj* (*сереj*), *шт̄аваj* (*шт̄авеj*) се преобразувале спрема другите зборови што завршуваат на *-аj*, сп. *к̆ăсаj, лишаj, рат̄аj*. По овој начин се оформил еден зборообразувачки модел. Така може да се објасни и *кавел* (од *кавал*) ~ *кобел, чешел* и др. или со семантичко сврзување со *шуп̄ел'ка*.

Во резултат на вакви аналогии со слични форми во некои придавки дошло и до испуштање на вокалот *о* во формата за машки род, сп. *ниск – ниска, ниско, сниск, жешк, т̄ешк, т̄ифк – т̄ифко, рет̄к – рет̄ко* и сл.

Зборот 'дрмон' се среќава во варијантите *дăрмен* (Г. Косоврасти), *дăрман* (Г. Папрадник). – Формата *оп̄инек* е карактеристична за торбешкиот говор.

Од другите промени на самогласките заслужува да се истакне замената на *о* со *у* пред сѐ заради бројот на примерите. Редовно и на целата територија на дебарскиот говор со *у* (од *о*) се употребуваат зборовите: *г̄увеjт̄, дури, п̄уздер, рог̄ус, убет̄ка, улера* (*колера – холера*), *уг̄ул', уш̄т̄е* [карта 17]. Во бројни примери *о* > *у* и во крајниот слог: *бел̄т̄ук, жăлт̄ук, восук* (Баништа), *п̄ет̄ук* (Г. Папрадник), *п̄оп̄ук* (Бан., Г. Папр.); сп. уште: *п̄ăрфут̄, еднуш, п̄асумце* и редовно *бумба, п̄умп̄а, кумит̄а, због̄ум, молкум, ничкум* и др.

3.2. Согласки. – Системот на согласните фонеми во дебарскиот ни се претставува во следниов вид:

б	*д*			*г̄*
п̄	*т̄*			*к*
в	*з*	*ж*		
ф	*с*	*ш*		
	s	*ц*	*ѓ*	
	ц	*ч*	*ќ*	
м	*н*		*њ*	
	л	*л'*		
		р		
			j	

Во поглед на бројот на согласните фонеми и нивниот квалитет дебарскиот во споредба со другите западни говори не покажува ништо посебно. Во него наоѓаме само некои специфичности на планот на дистрибуцијата на фонемите *s, ц, ќ, ѓ, њ*.

3.21. Фонемата *s* освен во веќе познатите случаи во дебарскиот редовно се јавува место *з* зад сонантот *л*, сп. *солsа – солsи, молsит̄, олsица*, и пред множинската наставка *-и* : *белеsи, бубреsи, носи, кофчеsи, п̄олосu, чифлuсu* и сл.

3.22. Зад сонантот *л* и *ж* преминува во *ц*: *сто̄лцаф, долцина*. Исто така *ц* место *ж* редовно стои пред деминутивниот суфикс *-е* : *враце, по̄враце, малку снеце, бубреце, кофчеце, ноце, шилеце, по̄лоце, сто̄це, книце*.

3.23. Фонемите *ќ, ѓ* овде имаат нешто поограничена дистрибуција отколку во централните говори. Редовно се јавуваат место групите **tьj, *dьj* во формата на збирна множина: *браќа, бруќе, прӑќе, цвеќе*; *греѓе, ливаѓе, ограѓе, л'уѓе,* во одделни примери: *тре̄ки, лаѓа, по̄паѓа*. Ова значи дека новото јотување на групите *-тј-, -дј-* на дебарскиот терен се извршило доследно.

**tj *kt' - *dj*. Место старите групи **tj, *kt', *dj* согласките *ќ, ѓ* ги наоѓаме во поограничен број примери. Сп. *веќе, домаќин, ќерка, ноќ, ноќеска, ноќни, по̄лноќ, синоќ, неќӣт, ќа, меќава – меќа:, вреќа, куќа, сваќа, свеќа, сто̄реќа, гаќи; ӑрѓа, згоѓа, меѓу, тӯѓо, тӯѓина, та̄куѓере, свеѓере, преѓе, виѓе, ој̄т на виѓе* 'трета вечер'; на составот на морфеми: *враќа̄т, плаќа̄т, фаќа̄т; виѓа̄т, гаѓа̄т, паѓа̄т, раѓа̄т – роѓа̄т, доса̄ѓа̄т* [карта 18]; *белграѓанец, граѓанин, ориѓанец*. Во овој број примери спаѓаат и *божик* и *синојка*, во кои е извршена декомпозиција на палаталниот елемент: *синоќка* > *синојка*. Во *божик* поверојатно *к* е внесено од *бӑдник*.

Во другите случаи за **tj, *kt'* има *ш̄т (ш),* а за **dj – жд (ж)*. Така, покрај примерите: *гореш̄т, горешт̄ина, брош̄т, гашник, мошне, пешт̄ера, плешка, по̄мош, свешник; межник, напрежен, нужда,* кои се јавуваат во оваа форма и во централните говори, на дебарското говорно подрачје ги наоѓаме и: *лешт̄а, мӑшт̄еа, мӑшт̄ејница, паштерка, плешт̄и; вежди, межда* (Баништа, Горенци, Г. Папрадник), *пра̄шт̄а, пешт̄а, прежда, сажди* (Г. Папрадник), *гоеждо месо* (Селци), и редовно во наставката за глаголски прилог: *викаеш̄т̄и, седееш̄т̄и* и др. Сп. и во топонимите *Брош̄т̄ица* (апелатив *брош̄т*), *Збажди - Збаждѝ* (од ЛИ *Събѫдъ*).

3.24. *ш̄т, жд – шч, жџ – шќ, жѓ*. – Во Малесија групите *ш̄т, жд* се среќаваат и во фонетските разновидности *шч, жџ*, кои се карактеристични за струшкиот говор, и *шќ, жѓ*, кои се познати на поширок појас во Дебарца и североисточните охридски села. Сп. *горешќина, мӑшќејница, ношќи, пешќерка, межѓа, прежѓа, сажѓи, Збаӂѓи, огнишќе, нишќи* (Локов) [карта 19].

3.25. Фонемата *њ* се јавува, како и во литературниот јазик, главно во морфемите *-ње, -ња, -иња*, и во одделни случаи во коренот, сп. *камење, камења, пилиња, бања, сања, жолња, дења, коњ*.

3.26. Гласот *х* како и во другите западни говори на крајот на слогот преминал во *в* (*ф*), сп. *буфне, крефко, вӑрф, граф, ореф*. Но има и примери каде што тој и во оваа позиција се загубил наполно: *буне, здине, мелем, мулосан, чели* покрај *чевли, тӯла*. Примери со загубено *х* во оваа позиција почесто можат да се сретнат во говорот на Торбешите.

3.27. Консонантски групи. – Старата група **čr-* се јавува во разновидностите *чӑр-* и *џӑр-*, сп. *чӑрп̄ӣт, чӑрвец, чӑрвојадина*, но: *џӑрн, џӑрвен* [карта 20].

Крајните групи *-ст, -шт* најчесто се пазат, особено во еднослоżни зборови, на пр.: *кӑрст, лист, маст, цист, чист*; *брошт, вешт, дошт, пешт, пришт*; во повеќесложните крајното *т* може и да се испушти: *болес, радос* и др. [карта 21].

Групите *-стр-, -здр-* се пазат неизменети: *стрела, здравје*. Меѓу *с - р* и *з - р* се јавуваат дури секундарни *т, д*: *стреда, здрел*.

Од консонантските промени како карактеристични за ова говорно подрачје се јавуваат: асимилацијата на *лж* > *лс*, одн. *лд*, сп. *олсица, олдица* (< *олжица*) или *черга* > *церга*; дисимилацијата на *дл* > *гл*: *глобок, тн* > *кн*: *кнок, кночко* (< *тнок*) [карта 22], *тл* > *кл*; *тланик* > *кланик*. Разносложна дисимилација имаме во *sизд – цизд – цист* и во *желездо – целездо* (*железо*).

Со извршена метатеза најчесто се среќаваат зборовите: *лојзе, гројзе, чепурка, покират*.

Како дијалектна особеност на овој терен се јавува и пазењето на консонантските групи *с(з) + ц, ч* и *ш(ж) + ч*: *гусче, класче, крушче, пушче*. Но наоѓаме исто така и примери со извршена асимилација: *квашче, клашче,* дури и со изменети *с, ш* во *ф*: *префче* (*преж*), *мофче, грофче, опафче, мефце, мафца,* пак и во префиксите: *ифчисти, рафчисти* покрај пообичните *исчади, исчеша, расцепи, ќа расцутит*.

Посебно за говорот на селото Локов (Малесија) е карактеристична измената на согласката *ј* во *ѓ, ќ* (во зависност од карактерот на претходниот глас) во морфемите *-је, -ја* : *снопќе, зел'ѓе, кол'ѓе, нивѓе, тӑрнѓе, крил'ѓа ~ снопје, зелје, колје, нивје* итн. во другите села. Очигледно е дека се работи за аналогија со зборовите од типот 'ограда – ограѓе, работа – рабоќе'. Завршоците *-ќе, -ѓе* сфатени како збирни морфеми се пренесле и на другите случаи. Така според моделот *ливада – ливаѓе* настанале и *нива – нивѓе* (м. *нивје*). Потоа *ј* почнало да се заменува со *ѓ(ќ)* насекаде каде што се наоѓало тоа во состав на соодветна морфема или се сфаќало како такво, на пример: *земѓа* (*земја*), *зел'ѓе* (*зелје*), дури и *овѓа, онѓа* покрај *овја, онја – оња*.

3.28. Губењето на согласките во овој говор е честа појава.

Во интервокална позиција се губат, како и во другите западни говори *в, х, ј,* сп. *гојадо, чоек, не:сти, кажоат* и др. – Доста често во оваа позиција се губат и согласките *д, ѓ, ж,* сп. *понеалник – поне:лник* (*понеделник*), *оглеало, војца* (*водица*), *богородјца* (*богородица*), *глеаш* (*гледаш*), *јајш, јајт, јајме, јајте* : *јадет, дајш, дајт* : *дадет, дојт* : *дојда, сејш, сејт* : *седа, клајш, клајт* : *клада, најш, најт* : *најда, појт, појме* : *појда, зеоф* (*зедов*); *вијат* (*виѓат*), *преска* (*преѓеска*), *мојш, мојт, мојме, мојте* : *может*.

Во група со други согласки се губат:

в пред сонантите *р, л* во почетокот на зборот: *рапче* (*врапче*), *лакно* (*влакно*, Баништа), *лачит* (< *влачит*, Горенци), *Ладе* (*Владе*);

д и *ѓ* во соседство со *н*: *ена, ено* (*едно*), *пана* (*падна*), *сена* (*седна*), *тӑрни се* (*тӑргни се*);

п во група со *ч*: *ченка, ченкан лет, чејница*.

3.29. Секундарни согласки нема многу. Забележени се следниве случаи:

н: *тӑрпенsа*,

j: *вијат* (< *виат* < *виѓат*);

т, д редовно се јавуваат во групите *с - р, з - р, ж - р*: *страм, среда, стреб-ро, здрело, ждребе*.

Од секундарно потекло е и согласката *з* во *зиздат, зиздар* и *џ* во *џелездо*.

3.3. Именки. – **3.31.** Личните и роднинските имиња од машки и женски род ги имаат следниве форми:

Номинатив:	*Стојан*	*Марко*	*Митре*	*Никола*	*Цвета*
Датив:	*Стојану*	*Марко(ј)е*	*Митреја / Митрее / Митрету*	*Николу*	*Цвете*
Општа фор.:	*Стојана*	*Марка*	*Митрета*	*Никола*	*Цвета*

Не е единствен овој говор само во поглед на дативната форма кај имињата на *-е* (тип *Митре*). Наставката *-ее* е ограничена на говорот на Малесија, сп. *Гавее, Митрее, Петрее му рече*. Формата на *-ету* превладува во говорот на Жупа: *Гавету, Спасету, Петрету, Милету* (Горенци). Дативната наставка *-а* со разновидноста *ја* е карактеристична за градскиот говор и за западниот дел на дебарската област: *Му рече Гавеа, му се смеј Јанеа* (Дебар), *му кажале Спасеја, Митреја волот м-о изел волкот* (Цепишта) [карта 24]. Оваа наставка (*-а*) се јавила веројатно според општата форма, а за да се избегне омонимијата меѓу дативот и номинативот што би настанала по контракцијата на двете *е* (дат. *Петрее* > *Петре:* > *Петре* : ном. *Петре ~ Петрета ~ Петреа*, одн. *Петреја*, со хијатско *ј*).

3.32. Во потесната дебарска област (Поле, Жупа) паралелно со синтетичкиот датив се употребуваат и аналитички форми: *му рекол на Аврама, му викнал на Салета, му дал сто банки на Никола* (Баништа).

На споменатиов терен често се среќава и аналитичко искажување на директниот објект – со предлогот *на*, сп. *го̄ видел на Сарета, го̄ поведе на Исл'ама* (Цепиште), *да ми го̄ оперит на детето, ќе а дăржит на невестата* (Г. Папрадник).

Предлогот *на* со вакво значење се употребува главно со лични и роднински имиња, поретко со други одушевени именки, но не и со неодушевени. Ова ограничување на неговата употреба со одушевени именки укажува и на процесот како ја проширувал тој својата граматичка функција и како станал општ граматички знак за одушевениот објект во поширока смисла на зборот. Така, денеска на дебарскиот терен ги наоѓаме следниве модели за искажување на објектот:

	дативен објект:		директен објект:
а.	*му рече Стојану*	а.	*го̄ виде Стојана*
	му рече на детето		*го̄ виде детето*
б.	*му рече на Стојана*	б.	*го̄ виде Стојана*
	му рече на детето		*го̄ виде детето*

в. *му рече на Стојана*
му рече на детето

в. *го виде на Стојана*
го виде на детето

Граматичката диференцијација меѓу дативниот и акузативниот објект ја вршат кратките заменски форми. При такви околности предлогот *на* добил признак на формален граматички белег и тоа му овозможило да ја прошири својата функција и за искажување на директниот (акузативниот) објект.

3.33. Множински наставки се: *-и, -ој* (< *-ови*), *-овци* / *-евци* (за машки род), *-и* (за женски), *-а, -иња* (за среден), *-је, -ја, -ишта* (за збирна множина). Фонетската разновидност *-ој* (< *-ови*) се проширила на сите именки, сп. *грошој, кошој, царој, крал'ој, кл'учој, крајој, чајој, змејој, шејој, бројој,ројој,* дури и во *вујкој, шурој* покрај *вујчеј, шуреј* одн. *вујкофци, шурофци.*

Во женски род наставката *-и* се проширува и на именките *нози, рăци.*

3.34. Преглед на флексивните морфеми кај именките

а) основна флексија

Род	Еднина				Множина		
	Ном.	Дат.	Опш. ф.	Вок.	Обична	Збирна	Избројана
Машки	*-ø* *-а, -ја* *-о* *-е*	*-у* *-ое* *-ету* / *-ее* / *-еа*	*-а* *-ета*	*-ø* *-е* *-у*	*-и* *-оі* / *-еі* *-овци/-евци*	*-је* *-ја* *-ишта*	*-а*
Женски	*-ø* *-а, -ја*	*-е*	*=Ном.*	*-ă* *-о*	*-и*	*-је* *-ја*	
Среден	*-о* *-е*				*-а* *-иња*		

б) членски морфеми

Род	Еднина	Множина	
		Обична	Збирна
Машки	*-ов (-оф)* *-от* *-он*	*-ве* *-те* *-не*	*-во -ва* *-то -та* *-но -на*
Женски	*-ва* *-та* *-на*	*-ве* *-те* *-не*	*-во -ва* *-то -та* *-но -на*
Среден	*-ва -ве* *-та -те* *-на -не*	*-во* *-то* *-но*	

3.4. Заменки. – **3.41.** Личните заменки ги имаат овие форми:

ја	*– мене ми*	*– мене ме*
ти	*– тебе ти*	*– тебе те*
тој	*– нему (му)*	*– него (г)о*
те(ј)а		
таја	*– нејзе је*	*– неа је/ја (нејзе ја)*
мије	*– нами ни (нас ни)*	*– нами не (нас не)*
вије	*– вами ви (вас ви)*	*– вами ве (вас ве)*
тије	*– ними им*	*– ними и*

Формата *го* се јавува во западните села и во фонетската разновидност *о* : *него о виде, о виде Малиќа* (Цепишта).

Кратката заменска форма *ја* (за директен објект) се среќава во градскиот говор и само спорадично зад императивен облик на глаголот во некои западни села. На другата територија се употребува формата *је*, како и во дативот. Сп. *ајшти је кравана* (Г. Папрадник), *је зеде* (*момичката*) *за ари* (Баништа). И формата *нејзе* за директен предмет може да се сретне само во градот.

Двојни форми се јавуваат и во акузатив и датив множина. Првите (*нами, вами*) во употреба се во Поле и Жупа, додека во Малесија се среќаваат *нас, вас*: *нас не виде, нас ни даде*. – Тенденција е во овој говор да се генерализира една полна форма и во датив и во акузатив множина. По тој начин кај заменките за прво и второ лице и во еднината и во множината се генерализирала по една полна форма со функција на „општа форма“. Таква тенденција – за изедначување на акузативната и дативната форма – се забележува и во 3 лице.

3.42. Лично-предметни заменки се:

кој – кому(му) – кого (го)
која, ко(ј)е, коі (< *кои*)
некој – некому (му) – некого (го)
некоја, неко(ј)е, некоі (< *некои*)
никој – никому (му) – никого (го)
никоја, нико(ј)е, никоі (< *никои*)
с(в)екој – свекому (му) – свекого (го)
с(в)екоја, с(в)еко(ј)е, с(в)екоі

што – чуму / чиму
нешто
ништо
с(в)ешто

чиф, чива, чиво, чиви
нечиф, нечи(в)а, нечи(в)о, нечи(в)и

ничиф, ничи(в)а, ничи(в)о, ничи(в)и
с(в)ечиф, с(в)ечи(в)а, с(в)ечи(в)о, с(в)ечи(в)и

3.43. Показни заменки:

овја / оја – овому (му) – овоѓо / овеѓа (ѓо)
ова – овојзе (је) / овејзе
ове(ј)а / ове
ови(ј)е

тој – нему (му) – неѓо (ѓо)
таја – нејзе (је)
те(ј)а
ти(ј)е

оња – ономy / онему (му) – оноѓо / онеѓо (ѓо)
она – онојзе / онејзе(је)
оне(ј)а / оне
они(ј)е

Формата за машки род *оја* покрај *овја* се среќава претежно во торбешкиот говор во Жупа. Во говорот на селото Локов (Малесија) се среќава и фонетската варијанта *овѓа, онѓа.* – Во среден род покрај *овеа, онеа* во Малесија и Жупа се среќаваат и формите *ове, оне*: *ове дете, оне дете* (Г. Папрадник). – Разновидностите *овему, онему* и *овеѓо, онеѓо* се јавуваат многу поретко и само во јужниот појас на дебарската област. Во говорот на Малесија имаме интересен компромис: дат. *овому, ономy* ~ акуз. *овеѓа онеѓа*, и во женски род: *овејзе, онејзе.*

3.44. Показно-присвојни заменки се:

оваѓоф, оваѓоа, оваѓо:, оваѓоі
онаѓоф, онаѓоа, онаѓо:, онаѓоі
(таѓоф, таѓоа, таѓо:)

овојзин, овојзина, овојзино, овојзини
онојзин, онојзина, онојзино, онојзини
(нејзин, -а, -о, -и)

овимни, овимна, -о, -и
онимни, онимна, -о, -и
(нимни, нимна, -о, -и)

Во говорот на Цепишта формите за машки род гласат: *оваѓов*, *онаѓов*, а за женски род: *овејзин*, *онејзин*.

3.45. Присвојни заменки:

мој, моја, мо(ј)е, мои̯ (< *мои*)
т̄вој, т̄воја, т̄во(ј)е, т̄вои̯
свој, своја, сво(ј)е, свои̯
не̄гоф, не̄гоа, не̄го: (< *не̄гово*), *не̄гои̯* (< *не̄гови*)
нејзин, нејзина, нејзино, нејзини
наш, наша, наше, наши
ваш, ваша, ваше, ваши
нимни, нимна, нимно, нимни // нивни, нивна, -о, -и // нифни, нифна,-о,-и

Разновидноста *нивни* забележена е во градскиот говор, а на другата територија се употребува формата *нимни*.

Заменката *свој* има доста ограничена употреба.

Во говорот на селото Горенци заменките 'мој' и 'твој' во определената форма се јавуваат во разновидностите: *мојо̄т, т̄војо̄т* и *мое̄т, т̄вое̄т*, сп. *мое̄т коњ, т̄вое̄т син*. Се работи веројатно за морфолошко израмнување спрема обликот за среден род: *мое̄то, т̄вое̄то*.

3.46. Заменки за качество и количество:

какоф, каква, -о, -и
некакоф, некаква, -о, -и
никакоф, никаква, -о, -и
с(в)екакоф, свекаква, -о, -и
вакоф / акоф, ваква, -о, -и
т̄акоф, т̄аква, -о, -и
онакоф, онаква, -о, -и

кол'каф, кол'ка: (< *колкава*), *кол'ко:* (*колкаво*), *кол'каи̯* (< *колкави*)
(некол'каф)
(никол'каф)

ол'каф, ол'ка: (< *ол'кава*), *ол'ко:* (< *ол'каво*), *ол'каи̯* (< *ол'кави*)
т̄ол'каф, т̄ол'ка: (< *т̄ол'кава*), *т̄ол'ко:* (< *т̄ол'каво*), *т̄ол'каи̯* (< *т̄ол'кави*)
онол'каф, онол'ка: (< *онол'кава*), *онол'ко:* (< *онол'каво*), *онол'каи̯* (< *онол'кави*)

Формата *акоф* превладува во Поле и Жупа, а во Малесија се јавуваат паралелно *акоф* и *вакоф*.

Општата заменка за количество се јавува во следниве форми:

сво̄т, сво̄та, сво̄то, свӣте; *свон, свона, своно, свине* (Жупа);

сво̄т, сво̄та, сво̄то, но: *свиов, свева, свево, свиве; свион, свена, свено, свине* (Баништа);

сио̄т, се̄та, се̄то, сӣте; сиов, сева, сево, сиве; сион, сена, сено, сине (Малесија).

3.47. Општ преглед на заменските типови и форми

Вид заменки	Лично-предметни	Присвојни	Качествени	Количествени
Лични	*ја ми(ј)е* *ти ви(ј)е* *тој* *таја ти(ј)е* *те(ј)а*	*мој, а, е наш, а, е* *твој, а, е ваш, а, е* *неѓоф нимни* *нејзин*		
Повратни	*себе*	*свој, а, е*		
Прашални	*кој, а, е што*	*чиф, чива, о*	*какоф, каква, о*	*кол'каф*
Неодредени	*некој, а, е* *нешто*	*нечиф*	*некакоф*	*некол'каф*
Одречни	*никој,а,е* *ништо*	*ничиф*	*никакоф*	*никол'каф*
За секое лице	*с(в)екој, а, е,* *с(в)ешто*	*с(в)ечиф*	*с(в)екакоф*	*свот с(в)иот*
Показни	*овја ови(ј)е* *тој ти(ј)е* *оња они(ј)е*	*овоѓоф овимни* *неѓоф нимни* *оноѓоф онимни* *овојзин* *оној зин*	*(в)акоф* *такоф* *онакоф*	*ол'каф* *тол'каф* *онол'каф*

3.5. Глаголи. – **3.50.** Во областа на глаголот дијалектни посебности наоѓаме во глаголските основи, во разновидностите на суфиксот '-ува' и кај некои флексивни морфеми.

3.51. Дебарскиот говор ги познава сите три групи глаголи. Меѓутоа, тој не е единствен во поглед на продуктивноста на поодделни глаголски модели. Најмногу промени среќаваме кај глаголите од *е*-група. Најдобро таа се држи во говорот на Торбешите во Жупа, сп. *перет, легнет, ќе сенеш, да станеш, пиет, се миет, ќе чует, пл'уеш,* но: *вејат, се грејаме, пејаш, сесмејаш, сејат* (Г. Папрадник), *вејат, пејат* (Цепишта). Како што се гледа, глаголите што им завршува општиот дел на *-е* преминале во *а*-група, а причините се и фонетски и морфолошки. Согласката *ј* поради својата нестабилност во позиција меѓу две *е* не можела да ја попречи евентуалната контракција на *-ее-> е-*. Освен тоа, во 3 л. мн. би се добила група од три *е* (**сееет*).

На другата територија *е*-група е во процес на разлагање. Со исклучок на глаголите што им завршува општиот дел на *-и* и *-у,* сите други глаголи од оваа група преминале во *и*-група, сп. *берит, земит, сечит, печит, колит, мелит, знаит > знаи̯т, траит > траи̯т, веит > веи̯т, сеит > сеи̯т*. Во последниве *и* (добиено од *е*) зад вокал преминува во *ј*, како и во *броит > број̯т, кроит > крој̯т.*

Кај глаголите од типот 'бие' пак поради фонетски пречки – да се избегне контракцијата на двете *и* – овие измени не настанале и тие глаголи единствено останале во *е*-група, сп. *биет, виет, криет, се миет, пиет, спиет, шиет* (Локов), или: *вијет, крије̯т, спије̯т* (Горенци).

3.52. Суфиксот '-ува' се јавува во разновидностите *-уа-*, *-оа-*, *-ве-*, [карта 25]. Образувањата на *-уа-* се ограничени на торбешкиот говор во Жупа, на пр.:

веруат, кажуат, купуат, сонуат, дотечуат (Г. Папрадник). Во говорот на Поле и во граничните реканси села, како и во говорот на православните во Жупа, овие глаголи завршуваат на *-оа-* (< *-ова*): *бендисоат, ѓладоат, претечоат, истечоат, претресоат, наредоат, слеѓоат, излеѓоат,* дури и: *видоат, поѓодоат, зајдоат, пројдоат, најдоат, осетоат, ѓрешоат, кăрстоат, простоат* (Горенци).

3.53. Сегашно време:

вика, викаш, викат, викаме, викате, викаеш / вике:ш;
носа, носиш, носит, носиме, носите, носеш / носе:ш [карта 26];
сеча, сечиш, сечит, сечиме, сечите, сечеш / сече:ш;
ткa, ткаjш, ткаjт, ткаjме, ткаjте, ткаеш;
сеја, сеjш, сеjт, сеjме, сеjте, сеjеш;
сиjа, сиеш, сиет, сиеме, сиете, сиеш.
Од глаголот 'сум': *су(м), си, је (ести, естит), сме, сте (све), се.*

Како карактеристична особеност за еден дел од овој говор се јавуваат облиците за 3 л. едн. *ести, естит* [карта 27]. Првиот (*ести*) е пообичен во западниот дел: *брат ести оному* (Мал Папрадник), *немирен ести, што ести* (Цепишта), а формата *естит* (со *-т* добиено од другите глаголи) е пообична во говорот на Торбешите во Жупа: *куќата туѓа естит* (Г. Папрадник).

Мали диференцирања покажува и 2 л. мн. Формата *сте* се употребува во Малесија (Локов, Збажди, Селци) и во потесната дебарска област (Дебар, Баништа, Цепишта), додека во Жупа превладува разновидноста *све*, одн. *сфе* [карта 28].

3.54. Минато определено свршено време:

викаф, вика, вика, викафме (-вме, -фне), викафте, викае
станаф, стана, стана, станафме (-вме, -фне), станафте, станае
влеѓоф, влезе, влезе, влеѓофме (-фне), влеѓофте, влеѓое
носиф, носи, носи, носифме (-фне), носифте, носие
научиф, научи, научи, научифме (-фне), научифте, научие
постоjф (постоиф), постоj, постоj, постоjфме (-фне), постоjфте, постоје
остареф, остаре, остаре, остарефме (-фне), остарефте, остарее
чуф, чу, чу, чуфме (-фне), чуфте, чуе
биф, би, би, бифме (-фне), бифте, бие
Некои глаголи од *о*-раздел се повеле по глаголите од *и*-раздел, сп. *се искаjиф, слетиф, испредиф* (Горенци).

3.55. Минато определено несвршено време:

а) *викаф, викаше, викаше, викафме (-фне), викафте, викае / вике:*,

б) *носеф, носеше, носеше, носефме (-фне), носефте, носее / носе:*
береф, береше, береше, берефме (-фне), берефте, берее / бере:

в) *беф, беше, беше, бефме (-фне), бефте, бее / бе:.*

Наставката за 1 л. мн. се јавува во две разновидности: *-фме* (*-вме*) и *-фне* (*-вне*) [карта 29]. Втората (*-фне*) се употребува редовно во Малесија, додека во Жупа и во Поле е пообична варијантата со *м* (*-фме*), сп. *бефне*, *имафне, чуфне* (Присовјани): *бефме, зедофме* (Цепишта), *чувме, бедевме* (Дебар, Г. Косоврасти).

3.56. Заповеден начин:

викај – викајте
купој – купојте
ткај – ткајте
чуј – чујте
пи – пијте
сеј – сејте // сеај – сеајте
носи – носите
бери – берите

Разновидноста *сеај – сеајте* се употребува таму каде што тој тип глаголи преминале во *а*-група.

3.57. Глаголски прилог: *викаејќи, носеејќи, плачеејќи* (Дебар, Горенци), *сакаешќи, одеешќи* (Локов) [карта 30]. – Во Г. Папрадник наспоредно со формите на *-ејќи* се употребуваат и образувања на *-ејќин*: *викаејќин, носеејќин, сечеејќин, ткаејќин*. Оваа наставка(*-ејќин*) би можело да се објасни како секундарно преобразување од формите со *-ејќи* и *-ејќем*. Последнава наставка може да се сретне во некои голобрдски села (види подолу).

3.58. Глаголска придавка: *викан, викана, викано, викани*; *викнат, викната, викнато, викнати*; *носен, носена, носено, носени*. Со глаголите од типот 'викне – викнат' се повеле и глаголите од *и*-група што им завршува општиот дел дел на *-н*: *женат, канат, ранат, ценат* (Баништа, Г. Косоврасти, Г. Папрадник).

3.59. Глаголска *л*-форма: а) *викал, -ла, -ло, -ле, викнал, носил, брал, рекол*, б) *викнел, -ла, -ло, -ле, носел, берел, речел*.

3.510. Преглед на флексивните морфеми на простите глаголски форми

Глаголска форма	Морфеми					
	Еднина			Множина		
	1 л.	2 л.	3 л.	1 л.	2 л.	3 л.
Сегашно време	*-ø*	*-ш*	*-т*	*-ме*	*-те*	*-ет / -т*
Минато определено свршено време	*-ф*	*-ø*	*-ø*	*-фме(-вме)/ -фне(-вне),*	*-фте*	*-е*
Минато определено несвршено време	*-ф*	*-ше*	*-ше*	*-фме(-вме)/ -фне(-вне)*	*-фте*	*-е*

Заповеден начин	*-ј, -јте; -и, -ите*
Глаголски прилог	*-ејќи / -ејќин*
Глаголска придавка	*-н, -на, -но, -ни / -ен, -ена, -ено, -ени* *-т, -та, -то, -ти / -ет, -ета, -ето, -ети*
Глаголска именка	*-ње*

3.511. Сложени глаголски форми со 'сум' + глаголска *л*-форма:

а) *су викал, си викал, викал, сме викале, сте викале, викале;*
б) *беф викал, беше викал, беше викал, бефме викале, бефте викале, бее викале // беше су викал, беше си викал, беше викал, беше сме викале, беше сте викале, беше викале.*

3.512. Сложени глаголски форми со 'сум' + глаголска придавка:

а) *су дојден (биден), си дојден (биден), је дојден (биден), сме дојдени (бидени), сте дојдени (бидени), се дојдени (бидени);*
б) *беф дојден (биден), беше дојден (биден), беше дојден (биден), бефме дојдени (бидени), бефте дојдени (бидени), бее дојдени;*
в) *су бил дојден, си бил дојден, бил дојден, сме биле дојдени, сте биле дојдени, биле дојдени;*
г) *беф бил дојден, беше бил дојден, беше бил дојден, бефме биле дојдени, бефте биле дојдени, бее биле дојдени.*

3.513. Сложени глаголски форми со 'ќе'.

Прво да истакнеме дека партикулата *ќе* се јавува и во разновидноста *ќа*. Втората *(ќа)* е пообична, пораспространета, особено во областа Поле. Формата *ќе* се употребува наспоредно со *ќа* во Жупа, поретко и во полските села, но сè повеќе се диференцира како особеност на торбешкиот говор.

Се употребуваат следниве четири форми со *ќа / ќе*:

а) ќа (ќе) носа, ќа носиш, ќа носи, ќа носиме, ќа носите, ќа носат;
б) ќа (ќе) носеф, ќа носеше, ќа носеше, ќа носефме, ќа носефте, ќа носеа;
в) ќа (ќе) су викал, ќа си викал, ќа викал, ќа сме викале, ќа сте викале, ќа викале;
г) ќа (ќе) беф викал, ќа беше викал, ќа беше викал, ќа бефме викале, ќа бефте викале, ќа бее викале;
ќа беше су викал, ќа беше си викал, ќа беше викал, ќа беше сме викале, ќа беше сте викале, ќа беше викале.

Како дијалектна особеност за дебарските говори се јавува последнава форма – образувана со *ќа (ќе)* и предминато време: *ќа беше бил и Спиро со ними* (Горенци), *Исмаил не ќа беше бил тога* (Цепишта). По овој начин на дебарскиот терен се оформил конјугациски систем со *ќа (ќе)* кој можеме да го спротивставиме на системот од временски форми без партикулата *ќа*. Сп.

а) *вика, викаш* : *ќа вика, ќа викаш*
б) *викаф, викаше* : *ќа викаф, ќа викаше*
в) *су викал, си викал* : *ќа су викал, ќа си викал*

г) *беф викал* : *ќа беф викал*
беше су викал : *ќа беше су викал*

3.514. Сложени глаголски форми со ‘има / нема’:

а) *има(м) земено, дојдено* : *ќа има(м) земено, дојдено*
б) *имаф земено, дојдено* : *ќа имаф земено, дојдено*
в) *су имал земено, дојдено* : *ќа су имал земено, дојдено*
г) *беф имал земено, дојдено* : *ќа беф имал земено, дојдено*
беше су имал земено : *ќа беше су имал земено*

3.515. Преглед на глаголските форми (в. приложената табела на крајот на главата).

3.6. Прилози. – Ќе приведеме само некои покарактеристични прилози кои можат да бидат интересни или во лексички или во фонетски поглед.

а) Именски: *го̄ре – долу, ӯго̄ре / ӯго̄ре – удулу, зго̄ра – здола, надвор – внӑ̄тра, скраја – фсто̄реде, близу – далеку, напре̄т – наза̄т, опто̄реди – одзади, фкуќи, наземи, вземи* (за место); *денеска, ноќеска, синека, зимоска, лето̄ска, пролето̄ска, есеноска, дење / дења, ноќа, лете, зиме, есени, пролети, фчера, ӯтре, вечер, фчеравечер, ӯтревечер, фчераноќ, ӯтреноќ, некни, по̄некни, задӯтре, по̄задутре, лани, во̄година, го̄дин'ава, недел'ава, ӯтрин'ава, зим'ава, пролетӣн'ава, есен'ава, лет'ово, рано, доцно, допа̄ра* ‘допрва’ (за време); *веднуш, фчас, одма, близу, далеку најаве, насоне, ничкум, редум, силум, скришум, го̄ѓзечки, по̄го̄ѓзечки, по̄мешечки* (за начин); *баш, дури висто̄ина, то̄аман / то̄амӑ̄н, одвај* (за уточнување); *веќе, по̄ќе, тро̄шка, мно̄го̄у, малу, мошне, ӯшто̄е* (за количество и степен);

б) Заменски: *овде, онде, то̄је, овдека, ондека, то̄јека, одовде, одонде, о̄то̄је, ваму, то̄аму, онаму, кеде, кеј, ке, о̄ткеде, докеде, не̄го̄де, нӣго̄де* (за место); *се̄го̄а, то̄го̄а, досе̄го̄а, до̄то̄го̄а, о̄тсе̄го̄а, о̄то̄го̄а, ко̄го̄а, доко̄го̄а, о̄тко̄го̄а, неко̄го̄а / некош, ни-ко̄го̄а / никош* (за време), *ваке, то̄аке, онаке, како, некако, никако, с(в)екако* (за начин), *ол'ку, то̄ол'ку, онол'ку, кол'ку, некол'ку, никол'ку, све, све̄ре̄ре,* и др.

3.7. Службени зборови. – Сите предлози познати во литературниот јазик се застапени и во дебарскиот, со исклучок на предлогот ‘врз’. Само некои се јавуваат во поизменета форма. Предлогот ‘низ’ се среќава само во формата *из*: *оди из река, излезе из врата, по̄мина ис село, се ше̄та̄т ис куќи*. Предлогот *кӑ̄де* се јавува и во фонетските разновидности *кеде, кеј, ке*. Предлогот *кон* го наоѓаме и како *кун*.

3.8. Лексика. – Зборообразувачка особеност претставува зборот *мравја*, од кој е изведен *мравјалник*. Морфемата *-ја* е пренесена секако од именските образувања од типот *шкра̄ја*. – Меѓу зборообразувачките морфеми особено паѓа в очи со својата продуктивност суфиксот *-уле* (Pavlović, 1957 : 94-100) со деминутивно и хипокористичко значење, сп. *брадуле, брашнуле, го̄лауле, ӯстуле, мӑ̄жуле, женуле, куќуле, јунчуле, мачуле, пра̄суле, пе̄тл'уле, пил'уле, тел'уле, змиуле*. Се шири за сметка на суфиксите *-це, -че*: *месуле, млекуле, винуле, го̄ускуле,*

коскуле, мäскуле. Тој може да стапува во корелација и со други деминутивни и хипокористички суфикси и на тој начин се добиени варијантите *-чуле* : *ѓлафчуле, пäрфчуле*. – Паралелно со *-уле* со ова значење чест е и суфиксот *-иче* : *ѓускиче, коскиче, мäскиче, пушкиче* и др. Овие примери се посебно карактеристични поради тоа што се нашло ново деривационо решение за да се избегне фонетската тешкотија што би настанала со суфиксот *-че* (*ѓусче*).

Од зборообразувачки аспект претставуваат интерес исто така и изведените именки со суфиксот *-ул'ка*: *невестул'ка, цереул'ка* (исто што и *невестулка*), *парул'ка* (лушпа од риба), *носул'ка* покрај *носал'ка, светул'ка, смäрдул'ка* и др.

Кај придавките сп. *орäтен, пäситен* (коњ, вол); *јаѓнечко, пилечко, телечко* (месо).

Дебарскиот говор заедно со голобрдскиот и реканскиот се карактеризира и со повеќе лексички и семантички посебности кои во другите западни говори се или непознати или помалку фреквентни. Ќе приведеме неколку од нив што ни се чинат покарактеристични. Овие лексички дијалектизми ќе ги дадеме по семантички групи.

Човекот, делови на неговото тело и роднински односи: *буза* 'усна', *бебе* Цеп, *чоече* (Локов) 'црнка во окото', *косма* 'коса', *жур* 'глужд', *ѓл'уч* (Локов) 'глужд', *цуце*, 'девојче', *посестрица* 'посестрима', *тäшт, тäшта, јунак* 'зет, младоженец', *побрäтим*, 'девер', *цаѓуре* 'мало дете', во говорот на Торбешите: *бабо* 'татко', *нана* 'мајка', *нена* 'баба', *коцо* 'дедо', *мицо* 'стрико', *дајо* 'вујко', *бабалак* 'тест'. Облека, обувки, украси: *риза* 'крпа за бришење' (во Луково: женска шамија за на глава), *рутишта* 'алишта', *чели* 'чевли' (во говорот на православните), *кундри* (во говорот на Торбешите), *ушници* 'обетки, менѓуши', *колчини* (Луково) // *чораби* (Баништа), *бокчејнца* (Луково) 'бовча', *дулец – дул'ци* 'набор на платно', *придафка* 'накит на коса'. Куќа, пукуќнина, други постројки: *тајанда, -и* 'мали потпори на кои се држат големи греди', *фурда* 'грубо изделкани штички', *мертек*, мн. *мертеци* или *роѓ - роѓоі* 'мали дирези', *мäија* 'голема греда на слемето', *соклок* 'трем', *телиз* 'продолжување на чардакот', *буаре* 'дел над огништето низ кој поминува чадот', *пот - подот* 'душеме покриено со земја', *крошни, покуќнојна* 'покуќнина', *одајка* 'одаја', *ноштu* 'ноќви', *шилте* 'еден вид постилачка во торбешка куќа', *ќерал* 'пондила'. Храна: *качамак, комат мазник* 'баница, пита', *потпечалник* 'турипечи', *дробец* 'попара', *тул* 'удина', *скрупец* 'крушец сол', *сиратка, урда* 'вид јако сирење', *изварка* (= урда во кичевскиот). Земјоделство: *ноалиште* 'новиште', *улешка* 'крајниот дел на нивата каде што го врти орачот плугот', *одорвање* (Луково) 'крајот на орањето', *палешник, тевлик – тевлиsи, уметки* 'скувал', *чарк* 'воденичко тркало', *рокачка* (Луково) 'рачка на плуг'. Животни, риби, птици, инсекти: *мäчурек* 'мачорок' *туричка* 'рило, чурило на свиња', *сполцаф* 'полжаф', *дрождален* 'дождовник', *пара - пари* 'паринка на риба', *пул'че* 'непроносена кокошка', *цвеќе* 'кикиришка на петел', *патка, паторок, белтук* 'белката во јајце', *жäлтук* 'жолчката во јајце', *утален* 'був', *стоножица* 'стонога, стоногалка'. Дрвја и растенија: *лопушка* 'лопен, лопув', *наѓезма* 'нане, зачин', *треска* 'ситно суво гранче', *сäк* 'дрво исечено за горење', *муринка, јатро* 'јатка', *ѓäрл'ушка* 'семка', *кäртален* (Селци): *комтери* (Луково): *комтири* (Бањиште), *треш* 'праз' *картус* 'лубеница', *каун* 'диња', *магдинец* 'магдонос', *памбук, ноут* 'наут', *дуан / тутун, шипин* 'шип', *плетивина* 'плева', *вондак* : *два*

вондака тр̄еш 'китка', *жбӯтар* 'деблото на дрво пресечено над земјата', *сто̄лн* 'стебло', *бафча* (за овошје), *гр̄адина / ва̄рт* (за зеленчук). Транспорт и комуникација: *чунче, ло̄пата / ло̄патка* 'весло', *тр̄он* 'горниот дел на сањата', *тр̄ечник* 'делот на сањата што ги поврзува плазовите', *кривал'ка* 'плаз на сања'. Географски поими: *секајца* 'молња', *свет̄кат̄* 'молскат', *божило = божурлок* (Луково) 'виножито', *дождојца, снег̄ојца, шушлек, клапајца* 'лапавица', *навеј* 'намет', *бран, по̄ток, клакојна* 'матежина', *стипс, жг̄лип - жлибој, укма* 'горештина', *цибрина, клак* 'син варовник', *банелица* 'неродна земја', *музг̄а* 'леплива земја'. Називи на разни предмети: *буклица* 'ведро', *буклинка* 'дрвен сад за вода', *бакрач, бл'ӯт* 'тарун', *лучник* 'толчник', *машт̄рапа* 'чаша', *пт̄ин* (Локов) = *т̄ин* (Г. Папрадник) 'бутин', *стрела* 'сукало', *тӯтален* 'совалка', *склапуца* 'стапица'. Качества: *афрат̄* 'горчлив', *запо̄лтӯшен* 'облачен, задимен', *кочено, накочено* 'гален', *навра̄пит̄, па̄лешт̄* 'лут', *па̄тисан, па̄тисано куче* 'бесен', *по̄таксан* 'запуштен', *шенлија* 'весел', *чакар* 'разрок'. Дејство: *берит̄* 'собира', *бурет̄* 'боде', *ба̄шкат̄* 'турка', *ба̄шкат̄* 'чепка', *ворнит̄* 'вдене', *зарчит̄, ма̄мит̄, о̄перит̄, па̄лит̄* 'лути', *по̄зинат̄, по̄кират̄, та̄лат̄* 'лута', *тр̄о̄тит̄* 'остави', *укат̄* 'гласно плаче', *шќӯтит̄* 'демнее, потслушнува', *се церит̄* 'се криви'. Други називи: *ба̄шкеш* 'бакшиш', *виг̄е* 'повојница', *ворзанка* 'јазол', *жг̄ан* 'маса народ', *иман* 'вера', *ра̄тај* 'орач', *ремина* 'кијавица', *симсиле* 'потекло, сој', *чемра* 'крај'.

3.9. Од претходниов преглед на фонетско-фонолошките и морфолошките особености видовме дека има еден број црти што не се познати на целата територија на дебарскиот говор, туку се ограничени на помали ареали. Најчесто тие се јавуваат на периферијата. Така, на пример, говорот на Малесија од другата дебарска област се диференцира со континуантот *о* место *ъ*$_2$ пред *м* (*седом*), со изговорот *шќ, жѓ* (*огнишќе*), нефонетската замена на *ј* со *ќ, ѓ* (*нивѓе*), наставката *-фне*, глаголските образувања од типот 'купвет' и др. Едни од тие особености се познати и во граничните говори. Групите *шќ, жѓ,* видовме, се среќаваат во Дебарца. Некои црти говорот на Малесија го сврзуваат со дримколскиот, како, на пример, глаголите на *-ве*. Наставката *-фне* е позната и во дримколскиот и во струшкиот.

Во граничните села меѓу Жупа и Река се среќава по некоја особеност карактеристична за реканскиот говор.

Од друга страна наоѓаме особености со кои се диференцира говорот на Торбешите од говорот на православното население. Една таква диференцијална црта претставува, видовме, гласот *е* во примерите од типот *језик* и *јеже*. Во торбешкиот говор поинаку е рефлектирано *ъ*$_2$ пред *р*: *ве̄тер*; кај глаголите се пази *е*-група доста добро, што не е случај во говорот на православните; глаголскиот прилог во говорот на Г. Папрадник завршува на *-еште̄н*; за тој говор е карактеристичен глаголскиот суфикс *-уа-* и др. Повеќе разлики меѓу говорот на Торбешите и Македонците христијани можат да се набележат особено во областа на лексиката.

4

ДРИМКОЛСКО-ГОЛОБРДСКИОТ ГОВОР

4.0. Дримколско-голобрдскиот говор се простира по левата страна на реката Дрим. Ги опфаќа географските области Дримкол и Голо Брдо.

Во својата основа, како што се истакна порано, тој е дебарски говор. Во потесна врска стои со централната говорна област (Поле, Жупа, Малесија) со која граничи на север и исток. Но во него наоѓаме и ред особености кои во другите околни говори се непознати и коишто го карактеризираат како посебна дијалектна индивидуалност.

Поголем дел од карактеристичните дијалектни диференцијални црти се од областа на фонетиката.

4.1. Самогласки. – Самогласниот фонолошки систем и во овој говор се состои од шест фонеми. Меѓутоа, системот на голобрдско-дримколскиот во типолошки поглед се разликува од дебарскиот. Тој претставува четириаголен, тристепен и двокласов тип:

и	*у*
е	*о*
а	*å*

Како фонолошки релевантен признак на корелацијата овде се јавува лабијализацијата, што не е случај во дебарскиот.

4.11. Најкарактеристична структурна дијалектна особеност претставува фонемата *å* (широко *о*) [карта 3]. Фонетски таа се реализира со ниска положба на јазикот и со активно учество на усните. Фонолошки влегува во корелација со *а* по признакот лабијалност ~ нелабијалност, и со *о* по степенот на отвореноста како отворен член на корелацијата (сп. *пå̄т* 'пат' ~ *по̄т*; *кå̄са* 'касам' – *коса* 'косам')[5].

Во поглед на дистрибуцијата на *å* важи онаа определба што ја дадовме за *ă* во дебарскиот: може да стои само во коренската морфема.

И на историски план се поклопува со фонемата *ă* во дебарскиот: се јавува како континуант на **ǫ* и *ъ*$_2$ во коренската морфема, во група со *р* и *л* од вокалните **r̥* и **l̥* и во ограничен број примери се среќава место *а* во контакт со назалните и некои други согласки.

4.12. **ǫ* > *å* : *бå̄бо̄шӣ, бå̄бунисан, внå̄шӣра, гра̄ди, гå̄зер, по̄гå̄зечки, гна̄с, гна̄сно, гла̄бок, гå̄жба* (< *гожва*), *дå̄га, дå̄п – дå̄бје, дå̄бо: дå̄рво, дра̄к – дра̄го̄шӣ, зå̄п, зå̄пци, зå̄зобица, јå̄глен, јå̄дица, јå̄же, јå̄жичка, јå̄то̄к, јå̄то̄р, јå̄дро, кå̄де, некå̄де, никå̄де, кå̄ј* (< *коде*), *кå̄клица, кå̄пӣшӣ, кå̄пење, кå̄дел'а, кå̄са̄шӣ, кå̄шӣ* (кај

---

[5] Лазар Димитров (Димитровъ, 1905) истакнува дека има разлики во изговорот меѓу етимолошкото *о* и *о* од носовката **ǫ* во дримколско-голобрдскиот говор. Димитров е роден во голобрдското село Дренок и тој добро ја чувствувал разликата меѓу фонемите *о* и *å*. Таа разлика ја уочува и В. Облак врз материјалот од од говорот на селото Клење. Облак истакнува дека се изговара широко и *о* во група со *р* и *л* (Oblak, 1896 : 23,41).

огништето), *кӑ̄тник, клӑ̄че, лӑ̄говно мес̄то, лӑка, лӑчӣт, одлӑчӣт, мӑдро, мӑжи, мӑшко, мӑжиш̄те, мӑ̄тна вода, п̄ӑ̄т, двап̄ӑ̄ти, пр̄ӑ̄т, пр̄ӑчка, п̄ӑ̄тец, п̄ӑ̄тишт̄а, п̄ӑ̄пок, р̄ака, р̄ачка, р̄акаф, р̄ӑбје, пор̄ӑби, свӑноќ, скӑ̄й, скӑ̄пија, сӑбо̄та, сӑ̄т – сӑдоі̯, сӑжен, сӑчка, сӑк – сӑкоі̯* (**sǫk-*), *ст̄ӑ̄пал'ка, т̄ӑ̄га, т̄ӑжӣт, т̄ӑ̄тнӣт; јӑ̄гул'а, јӑзик, јӑnsa, јӑчӣт, јӑчмен, јӑчмејница* [карта 4].

Во другите позиции **ǫ* е заменето со *а* : *желади, обрач, п̄онада, п̄о̄пра̄к, п̄о̄пра̄si, г̄олаӣ – г̄олаби,* покрај *г̄олоӣ – г̄олоби* (Клење, Луково), одн. *г̄улаӣчиња, г̄олуӣчиња* (Себишта [карта 5]), *п̄ајак, п̄ајачина* [карта 7], *зӑ̄јак* (Дренок) покрај пообичната форма *зӑ̄ек* (Луково) [карта 6]. Формата *еднаш* се изменила во *еднош*.

Самогласката *у* место **ǫ* се среќава во сите оние случаи што ни се познати од другите западни говори, сп. *г̄уска, куќа, п̄ӯпул'ка, сӯт, судија* и др.

4.13. *ъ₂ > å* : *бӑ̄дник, мӑ̄гла, мӑска, снӑа.*

4.14. **ŗ > ӑр* : *бӑ̄ршлен, вӑрт̄, вӑрнӣт, вӑрзачка, г̄ӑрне, г̄ӑрнчар, г̄ӑрклен, дӑржалје, зӑрно, кӑрт̄, кӑрф, кӑрчӣт, кӑрс̄т, кӑрс̄топ̄ӑ̄т, ӑржајница, п̄ӑрс̄т, сӑрп̄, т̄ӑрн, цӑрно, чӑрф, чӑрп̄ење* (Луково), *дӑрво, ӑрг̄́а, цӑрвен* (Клење), *п̄ӑрво, чӑрвосан* (Цепишта), *вӑрзи ме, ӑржнал, п̄ӑрс̄тен, фӑрлӣт, сфӑршӣл,* (Себишта), *извӑрвел* (Стеблево), *задӑржил, сӑрп̄* (Гинеец), *бӑрзина, т̄ӑрчал, т̄ӑрп̄иле* (Дренок) [карта 13].

4.15. **ļ > ӑл* : *бӑ̄лва, вӑлк, вӑлчица, вӑлна, дӑлг̄о, жӑ̄лња, жӑлт̄, жӑлт̄ок, жӑлт̄ица, јабӑ̄лко, кӑлк, мӑлзӣт, мӑлкум, мӑлчӣт, ӑлsица, п̄ӑ̄лн, п̄ӑ̄лф, сӑlsa, ст̄ӑ̄лп̄, ст̄ӑ̄лп̄оі̯,* 'стебло', *т̄ӑлчӣт, сӑнце* (со загубено *л*, Луково), *вӑлна, јабӑ̄лко, сӑlsa* (Клење), *жӑлт̄ук, сп̄ӑ̄лцаф* (Цепишта), *измӑlsиш, нап̄ӑ̄лнал* (Стеблево), *жӑлт̄и, јабӑ̄лка* (Гинеец), *вӑлк, п̄ожӑлт̄ело* (Дренок) [карта 14].

Исклучок и овде се: *Бӯг̄арин* и *п̄уковник.*

4.16. Преку секундарната назализација на самогласката *а* се добило широко *о* во зборовите: *зӑмба, знӑ(м), кӑнт̄ар, мӑмӣт, мӑш̄т̄еа, ӑндон, ӑндрија, ӑнг̄ел* (Луково). Сп. уште: *зӑ̄бан, зӑш, зӑ̄јак* / *зӑ̄ек, јӑ̄г̄о̄тка, јӑ̄г̄урина* (Луково), *р̄ӑжен.*

4.17. Позицијата на зборот во развојот на сите споменативе гласови играла пресудна улога. Во почетокот на зборот континуантот на **ǫ* и *ъ₂*, така и на **ŗ, *ļ*, се развивал во правец на отворен но лабијализиран глас. Таа тенденција доследно е спроведена и во оние случаи каде што се извршила секундарна назализација. На крајот на зборот во разни случаи наоѓаме различни резултати. Место **ǫ* редовно има *а*, не сметајќи ги оние примери каде што тоа (*а*) после претрпело секундарни промени (сп. *г̄олоб, еднош*).

На дримколскиот терен во *а* се рефлектирал и сек. *ъ₂* на крајот на зборот пред сонантите *р, н, л.* Сп.: *бис̄т̄ар, ве̄т̄ар, г̄абар, ос̄т̄ар, одар; о̄г̄ан, ја̄г̄анцата; донесал, исп̄екал, п̄ресекал, рекал,* пак потоа и во *дошал, нашал* (Луково). Во соседство со *м* сек *ъ₂ > о* : *осом, осомдесе̄т̄, седом, седомдесе̄т̄* (Луково).

Во голобрдскиот пак, како и во дебарскиот, континуантот за *ъ₂* во оваа позиција се лабијализирал во сите случаи: *ве̄т̄ор, свекор* (Цепишта), *о̄г̄он* (Гинеец), *о̄г̄оњ* (Клење), *п̄ресекол, рекол* (Дренок, Себишта), *осум, седум* (Клење, Цепишта) [карта 10, 11, 12].

4.18. Промени на самогласките. – Промените на самогласките извршени во дебарскиот говор се јавуваат и на дримколско-голобрдскиот терен. Сп.: *а – е* : *бӑ̄ршлен, г̄ӑрклен, челе̄т̄, есенојца* (Луково), *г̄реда есенојца* (Дренок); покрај *чека̄т̄* (Дренок), *п̄речека̄т̄* се употребува и формата со *а* : *чака̄т̄* (Луково), *чакај*

(Себишта), *чакаф* (Клење), *пречака* (Модрич) [карта 16]. Во *печалит, чакија* исто така не е извршено прегласување.

о – у : *збогум, молкум, ничкум; бумба, кумита, кумисија; дури, пуздер, рогус, гувеит, улера*. Зборот 'уште' се употребува само во формата *иште* (Луково, Клење), одн. *ишче* (Дренок, Себишта, Гинеец), позната и во говорот на Малесија (сп. *ишќе* во Селци) [карта 19]. Тешко е да се објасни *и* од *у*, одн. *о* фонетски, зашто на овој терен немаме друга потврда за делабијализација на *у* во *и*. Поверојатно ми се чини да се претположи дека на дебарскиот терен се употребувале во постаро време разновидностите *оште*, која во дебарскиот дала *уште*, и *еште*, која во дримколско-голобрдскиот и во Малесија се изменила фонетски во *иште*.

Во *такеќере* (< *такуќере* < *такоќере*) *е* место *у* е добиено со аналогија на *свеќере*. – Во *чубук* имаме вокална асимилација. Сп. уште *маторка* (*матерка*), *трондафил'* (*трендафил'*).

Што се однесува до самогласните групи што настанале по губењето на согласките *в, ј, х, д* и др. во меѓувокална позиција треба да се констатира следното. Две еднакви самогласки, како и во другите западни дијалекти, се стегаат: *гла:* (*глава*), *мека:* (*мекава*), *поне:лник* (*понеделник*), *него:* (*негово*). Групата *-ао-* се асимилира и потоа контрактира во корист на втората компонента, сп. *убо:* (*убаво*), *уло:* (*улаво*). Другите групи се пазат најчесто неизменети, сп. *Јоан, тоар, осноа, готоа, троа*; Зборот *свал'ка* (*совал'ка*) е внесен од струшките села, каде што *-оа-* се изменило во *-ва-* (сп. таму *твар, квач*); *гоедо, гоедар, чоек, јазоец, тардгоец; леа, реа, смеа, стреа, череа* или *леја, стреја,* и сл. Примерите *пара* (*пареа*) и *смарда* (*смардеа*) се секундарни преобразувања.

4.2. Согласки. – По бројот на согласните фонеми дримколско-голобрдскиот не се разликува од дебарскиот. Тие не се разликуваат меѓу себе ни по структурата на согласниот систем, ниту по бројот на релевантните дистинктивни признаци на согласките. Не се забележуваат разлики меѓу овие два говора ни во поглед на фонетските особености на согласните фонеми. По некоја разлика може да се најде само во дистрибуцијата и во развојните тенденции на неколку согласки и тоа посматрани од историски аспект.

4.21. Така, на пример, палаталните африкати *ќ, ѓ* се јавуваат во уште поограничен број примери во споредба со дебарскиот. За подобар увид и споредување и овде ќе ги приведеме сите случаи каде што се јавуваат *ќ, ѓ* место старите групи **tj, *kt', *dj*. Сп.: *божиќ, ноќ, полноќ, домаќин, гаќи, ќерка, поќе, кут, врека, куќа, среќа, мека:* (*мекава*), *некит, ка; тук, тугина, свеќере, такеќере, арга, аргосан,* во изведениките од типот *ориѓани, белграѓани,* но *бротчани* (Брод), *сопотчани* (Сопот). Во другите случаи има *шт (ш), жд (ж)*: *брошт, горешт, помош, немошен, ношти (ношви), пешник, пешт, пештера, гашник, имашен, лешта, маштеа, маштејница, плешти, прашта* (за камен), *прашти* (на самар), *свешта, свештални; вежда, межда, напрежно време, сажди, премреже, еднош, гоеждо;* во морфемата *-ешти* : *одеешти, викаешти* (Луково, Клење). Редовно со *шт* и *жд* се употребуваат во овој говор и глаголските образувања изведени со суфиксот *-ја* : *плаштат, прашштат, фаштат, попрашштат, вешта:т; погождат, не му се виждат, наождат, паждат, се раждат / рождат* (Луково). Во дебарскиот, видовме, во овие примери најчесто наоѓаме *ќ, ѓ*.

4.22. Во северниот дел на голобрдскиот говор покрај согласните групи *шт, жд* се среќаваат и *шч, жџ,* сп. *горешчо млеко, фашчат, превращчат* (Гинеец), *спијешчем* (Стеблево), *нишчо, горешчина, фрушче ноже* (Гинеец), *шче, рутшча* (Дренок) [карта 19].

4.23. Палаталниот назал (*њ*) најдоследно се пази во дримколскиот: *коњ, бања, жолња, се клањат, лињак, кучиња, дрење, мајтење* (Луково). Тука се јавува и секундарно *њ* од *јн*: *вуња, оња.* Во голобрдските села наоѓаме и примери со *њ*: *сирење, кучиња* (Себишта), потоа примери со *јњ*: *којњчето, сеејње* (Себишта), *којњите* (Дренок), и примери со наполно затврднато *н*: *џагуринаша, одејнето* (Гинеец). Примерите *јена, јенушка, јустина, сарна, сино* редовно се употребуваат на целата територија со *н.* Приведениве примери ги одразуваат сите фази во процесот на затврднувањето на фонемата *њ.*

4.24. Фонемата *л'* (алвеоларно *л*) < **l'* се пази релативно добро: *бл'уш, кл'уч, недел'а, носал'ка, зел'ка, мол'ба, пријател', жал', сол' – сол'ца, чешел'.* Во дримколскиот се јавува и секундарно *л'*, но не по фонетски пат, сп. *пејл'уле ~ пејле, пил'ци, пил'чиња ~ пиле, тел'ци ~ теле, пал'ци ~ палец, мол'ци ~ молец, скакул'ци ~ скакулец, Павл'а ~ Павле, Стол'а ~Столе.* Се работи за израмнување на коренската морфема: *пил' -е – пил' -ци – пил' -уле.*

4.25. Звучните африкати *s-џ* се јавуваат во истите позиции како и во дебарскиот: *молсиш, олсица, мносина, белесu, дисасu, полцаф, ноце.*

4.26. Фонемата *х* на крајот на слогот е заменета со *ф (в)*: *здивна, евла, чевли, крефко,* но има и примери со загубено *х*: *дуна, вејо, мелем, молосан.* Последниве се почести во говорот на Торбешите.

4.27. Од консонантските промени како дијалектни на овој терен се јавува дисимилацијата на *мн* во *мл*: *млогу* (Клење), покрај *ногу* (Цепишта).

Консонантите *с,ш* пред *ц, ч* на составот на морфемите во северните голобрдски села преминуваат во *ф*: *лифче, мофче, мефце,* дури и во префиксите: *ифчади, рафцијит* (Цепишта). Во дримколскиот тие обично не се менуваат: *расцутит, пјрсче* (Себишта, Гинеец), *масца, месце, класче, вошче, крушче, опашче,* или *сч* > *шч*: *гушчиња, клашче, лишче, мошче* (Луково), но и: *прафци* (Модрич).

Разни видови асимилации се извршиле и во примерите: *стјркат, стјрк* покрај *шторк*; *песна, пасонце; џојсан, џци, џчејница;* сп. уште: *цекна* (секна) : *краваша цекна; лињак* (лилјак), *сист, вејверица / верверица, преперица; тнок, тноко* (Клење, Луково). – Почетното *ч* во група со *р* (**črt-*) во неколку случаи и во овој говор се запазило: *чјрви* (Клење), *чјрф, чјрвосан, чјрпит* (Цепишта), *чјрвојадина, чјрпење*, но *цјрн* (Луково). – Групите *в + сонант* и *ј + ч* во почетокот на зборот и овде не се стабилни. Покрај *јченка, јчејница* (Луково) се среќава и *ченка, ченица* (Цепишта), како во дебарскиот, но редовно *јчела.* Сп. и *Ладе, Ладимирица* (Владимирица), *внајтра ~ однајтра* (Луково).

Крајните групи *-сш, -шш* се пазат релативно добро: *болест, грост* (грозд), *гјрст, sист, кјрст, лист, мост, џјрст; брошш, горешш, дошш, пешш.*

Нови консонантски групи на апсолутниот крај се јавиле по морфолошки пат кај придавките *ниск, жешк, тешк, горк, тифк, ретк* (в. т. 3.16.).

Согласните групи *-стр-, -здр-* и овде се пазат редовно: *страф, здраф.* Секундарни *т, д* имаме меѓу *с, з + р*: *стреда, уздреал.*

Интервокалното *в* се губи на целата територија на овој говор, но во дримколскиот таа е особено раширена, сп. *гла:, џра:* (*џрава*), *најра:, поста:* (*поста-*

ва), *меќа:* (*меќава*), *не:сто, скориот* (*скориват*) и др. [карта 23]. Согласките *д, ж, ј* и др. се губат во онаа мера како што е покажано во дебарскиот, сп. *даел, доjт, поjт, јаjт, сеjт, пове:лник* и др.

4.3. Именски зборови. – 4.31. Кај личните имиња од машки род има тенденција за упростување на деклинациските типови. Имињата што завршуваат на *-е* и по дативната и по општата форма се изедначиле со имињата на *-о*. Сп.

Н. *Марко* : *Петре*
Д. *Маркое* : *Петрее*
А. *Марка* : *Петра*

Наставката *-а* во општата форма станала граматичка ознака за сите имиња од машки род и се додава непосредно на општиот именски дел, сп. *Стојан – Стојана, Марко – Марка*, според нив и *Веле – Вел'а, Митре – Митра, Миле – Мил'а, Столе – Стол'а* (Луково).

Личните и роднинските имиња од женски род датив образуваат со *-е* : *је рече Стојне, Бојане, Илине* (Луково), *је рекол жене си* (Себишта).

Имињата од ж.р. на *-а* множина образуваат со наставката *-и*, која се проширила и на именките *рока, нога,* мн. *рåци, носи* (Луково). Наставката *-и* ја приведува и Облак за говорот на Клење (Oblak, 1896 : 95). Ивковиќ во својот извештај за дијалектните испитувања во Дебарско тврди дека во голобрдскиот именките на *-а* во множинската форма имаат наставка *-е* и ги приведува примерите: *жене, женете, беје побегнате, куќеве ни се лоше* (Ивковиќ, 1934; Павловиќ, 1940). Ивковиќ во истата статија пишува дека во голобрдскиот говор забележил множински образувања со наставката *-ења* : *јарења, кучења, магарења*. Меѓутоа, во печатените материјали од Голо Брдо ја наоѓаме само наставката *-иња* : *пилиња, волчиња* (Себишта).

4.32. Кај заменките како дијалектни по однос на дебарскиот се јавуваат кратките заменски форми *ни, ви* покрај *не, ве* (во акузатив): *да ни браниш ти* (Гинеец), *шчо ни најде тол'ку нам, ни виде нас* (Дренок). Во врска со разновидностите *ни, ви* се поставува прашање дали тие треба да се сметаат како континуанти на старите *ны, вы*, или се тие нови образувања што настанале на овој терен. Во овој говор, и воопшто во дебарското говорно подрачје, има тенденција за израмнување како на полните, така и на кратките заменски форми, сп. *је виде Мара* : *је рече Маре; нами ни рече* : *нами ни виде*. Тешко е, меѓутоа, да се тврди дека и акузативните форми *ни, ви* се добиле во резултат на една ваква тенденција, до толку повеќе што тие сè уште остануваат како најважни морфолошки белези за диференцирање на дативниот и акузативниот предмет.

Во голобрдскиот покрај дативната форма за женски род *је (е)* може да се сретне и *му* : *му рекол на жената* (Себишта). Во дримколскиот во акузатив за женски род се употребува само формата *је* : *је виде момичката, неа је виде* (Модрич, Луково), *измешај е калта, истури је пепелта* (Дренок). Таа превладува и во голобрдскиот, сп. *је зеде јаболката* (Гинеец), *је викнале старата* (Цепишта). Но во материјалите од тој крај можат да се сретнат и примери со *ја* : *ја видел мечката* (Стеблево), *су ја остајл ќерка ми* (Дренок). Двојство наоѓаме во овој говор и во употребата на полната дативна форма за женски род. Во дримколскиот се употребува обликот *нејзе*, а во Клење (според Облака) *нејзи*.

Се среќаваат уште следниве разновидности: покрај *го* и *о* (Цепишта), покрај *овја* (Луково) и *ојав* : *ојав ошол ке попот* (Цепишта), *свичички* : *свичичките (риби) испаднале од кола* (Луково). Покрај формите *овеа, онеа* за среден род во дримколскиот често се среќаваат и разновидностите *ове, оне*, особено кога се тие употребени атрибутски, сп. *ов'е дете, он'е дете.*

4.4. Глаголи. – Состојбата на глаголските групи е како во говорот на Малесија. Во *е*-група останале само глаголите што им завршува општиот дел на *-и* и *-у*, сп. *бијет, пијет, шијет, чујет,* и глаголите изведени со суфиксот *-ве* : *бендисвет, грешвет, купвет, менвет, седвет, стално се сретвет* (Луково), *заминвет, поминвет, прикажвет, прашвет, ќе се радвет, распоредвет* [карта 25]. Сите други глаголи од *е*-група преминале во *и*-група: *речит, знаит* (< *знаит*), *сеит* (< *сеит*).

Порано спомнавме (врз материјалот на дебарскиот говор) зошто се задржале во *е*-група глаголите од типот 'пие'. Но не објаснивме зошто во *е*-група се задржале глаголите изведени со суфиксот *-ве*, од типот *купвет*. Нашето објаснување е следното. Во една постара етапа од развитокот на овој говор споменативе глаголи завршувале на *-уе*, како што завршуваат тие денеска во кичевскиот, поречкиот, велешкиот, скопскиот и полошките. Значи, сме имале: *кажует, купует, стануе̄т ~ чуе̄т ~ миет*. Потоа во повеќесложните глаголи самогласката *у* преку неслоговно *ў* фонетски се изменила во *в*. Целиот процес се одвивал по овој начин: *купует* > *купўет* > *купвет*. Во времето кога се вршела оваа фонетска појава разложувањето на *е*-група веќе било завршено (барем кај глаголите што им завршува општиот дел на согласка), така што процесот на разложувањето не го засегнал овој тип глаголи.

Овие глаголи претставуваат дијалектна карактеристика и од аспектот на нивното образување. Северната граница на суфиксот *-ве* оди по правецот на селата Дренок – Селци. Северно од споменативе села доминираат образувањата со суфиксот *-оа-* (в. т. 3.52.).

Глаголите на *-ве* покажуваат некои посебености и во образувањето на заповедниот начин, сп. *купвеј – купвејте, станвеј – станвејте*. Морфемите *-ј, -јте* – до колку не се пренесени од постарите облици на овие глаголи (*купуј – купујте*) – можеле да се јават по аналогија на другите глаголи од *е*-група. По овој начин во императивот се издеференцирале два глаголски типа: а) *носи – носите, бери – берите,* б) *викај – викајте, вај – вејте, ткај – ткајте, спиј – спијте* (после: *спи – спите*), *чуј – чујте* и *купвеј – купвејте*.

Во поглед на бројот на глаголските форми дримколскиот говор се слага со дебарскиот. Сите глаголски форми што ги приведовме во дебарскиот ги познава и дримколско-голобрдскиот.

Овој говор не покажува никакви посебности ни во образувањето на глаголските форми. Треба само да констатираме дека и овде наставката *-фме* (*-вме*) и *-фне* (*-вне*). Првата е пообична во голобрдскиот: *чекафме* (Клење), *бефме* (Стеблево), а во дримколскиот превладува *-фне* : *имафне, рекофне, бефне* (Луково). Изоглосата меѓу овие две форми на дебарско-дримколското подрачје оди по правецот Селци – Дренок. Во говорот на Торбешите во Цепишта се извршила метатеза на *-вме* во *-мев* : *бемеф, викамеф, остаремеф, рекомеф,* но: *бефте, викафте.*

Глаголскиот прилог завршува на *-ешти*, а само спорадично во голобрдскиот може да се сретне *-ештем*, од. *-ешчем*, сп. *носешти, пишеешти, работаешти* (Луково, Клење): *спијешчем сме се загубиле* (Стеблево). – Во говорот на Торбешите во Цепиште покрај формата на *-ешти* забележен е и обликот *молчејнчук* : *молчејнчук замина*. Можеби е разновидност на формата 'молченичкум', која се среќава доста често во струшкиот и охридскиот.

Партикулата *ќе* се јавува и во формата *ќа*. Вторава е почеста во голобрдските села, сп. *ќа работа* (Дренок), *ќа ти дојме* (Стеблево), *ќа с-избања* (Себишта), *ќа ода, ќа си ода,* но и: *ќе виделе* (Гинеец). Во Дримкол пообична е разновидноста *ќе* : *ќе работаш, ќе сме работеле* (Луково).

Формата *ести* (во 3 л. едн. од 'сум') се среќава и во голобрдскиот и тоа главно во говорот на Торбешите: *Тој ести ф село* (Цепишта). Во дримколските села и во Клење во употреба е обликот *је* одн. *е*.

1968

ИЛУСТРАТИВНИ ТЕКСТОВИ

Дебар

Двоица браќа

Б'иле дв'оица бр'аќа.'Еднијот 'одел н'а-дорва, др'уг'ијот с'едел д'ома. Т'ој шчо-'одел н'а-дорва б'ил б'удала, а т'ој шчо-с'едел д'ома 'арен. Му-р'екол буд'алата на-'арнијот: "Да-с'еда да-је-п'очина 'измет м'ајк'е". И т'ака буд'алата с'едел до-м'ајка-си, а др'уг'иот 'ошол н'а-дорва. Буд'алата згр'ел еден-к'отел в'ода, је-т'урил во-едно-к'орито. Т'амо је-кл'ал и м'ајка-си и ф'атил да-м'аат н'а-неја. Откор'итото је-'однесол во-ј'аслите, је-д'ал една-ф'урка да-пр'едит. Д'ошол 'умнијот, је-н'ашол 'опрана м'ајка-си. Му-р'екол буд'алата: "'Одај, к'опај гр'оп", а т'ој је-з'ел м'ајка-си. 'Одел, 'одел до-една-ч'ерешна. На-чер'ешната н'ашол една-м'омичка, и је-в'елит буд'алава: "Ф'орли едно-в'етче". Мом'ичката му-не-ф'орл'ала. Т'ој ф'орлил со-едно-д'орво и је-'урнал д'олу 'опрана. А 'арнијот 'одел да-к'опат гр'оп. Буд'алата му-в'икат: "Бр'ате! к'опај дв'а-гроба, ти-н'оса дв'е мајќи".

...'Иделе, 'иделе и се-скр'иле во-една-вод'ејница. В'елит буд'алата: "'Овеја-је врет'еното мајк'ино со-пр'ешленот, ќа-го-з'ема". Му-в'елит бр'ат-му: "Не-з'емај-го, ќа-н-'оперит вод'ејнчарот". Т'ој в'елит: "Н'е, ј'а ќа-го-з'ема; 'овеја-је-врет'еното м'ајк'ино и пр'ешленот м'ајк'ин". Го-з'ел и 'одел, 'одел, д'ошол до-една-ј'асика, и си-се-к'ачил на-јас'иката и му-в'елит на-бр'ата-си: "Ми-т'ежит врет'еново мајк'ино, да-го-б'увна д'олу?"Под-јас'иката 'имало к'арван к'ир'аџии. Г-'отпушчил; каменот 'од-ветка н'а-ветка п'аднал д'олу, а к'ираџ'иите поб'егнале 'оттује. К'ираџ'иите 'имале то'арено к'арванот т'емјан. Будалата му-в'елит набр'ата-си: "Ќа-го-з'апал'а т'емјаноф". И го-з'апалил. На-Г'оспода му-б'олело

з'оп, а от-т'емјанот му-'оздравел, и п'ушчат Г'оспот: "К'ој ми-'оздрај з'обов, н'ека д'ојт 'амо". буд'алата 'ошол т'амо. Г'осподм у-в'елит: "Шчо-с'акаш, одб'ери-си 'овде". Т'ој с-'опулил и в'идел едно-ш'упел'че и го-п'осакал. Г'оспод в'елит: "Н'ешо др'уго з'емај, н'е-земај 'овеја". Т'ој р'екол: "Н'е, 'овеја го-с'акам." Г'оспод му-р'екол: "К'ој ќа-те-в'идит, сф'е да-р'азиграт, ко-ќа-з'асфириш". Буд'алијот одел, 'одел и го-стр'етил еден-п'оп. П'опот го-з'ел за-'измеќар, да-му-п'асит к'озите. Го-п'ушчиле буд'алијот 'измеќар со-к'озите да-и-п'асит. Т'ој ф'атил да-св'ирит. К'озите ф'атиле да-'игрет. На-в'ечерта д'ошле 'ослабени. Му-в'елит п'опот: "Шчо-'ол'ку осл'абени к'озиве?" А поп'аѓата му-в'елит на-п'опот: "Да-п'ојш, да-в'идиш шчо-сл'абет 'ол'ку к'озиве?" П'опот п'ошол да-в'идит. Ко-ф'атил буд'алата да-сф'ирит со-шуп'ел'чето, к'озите п'ак ф'атиле д-'игрет. В'елит п'опот на-поп'аѓата: "'Имале м'ок'и 'овје, шчо-'идет 'ол'ку гладни". Т'ога поп'аѓата му-в'елит: "Н'ека д'ојт в'ечер да-ни-п'освирит; д'ецата ќ-и-кл'ајме в-'амбар, а мије, г'оре н'агреди". В'ечерта будалијот з'асвирил; д'ецата в-'амбар с-изопрале, а п'опот и поп'аѓата ск'окнале д'олу. Му-в'елит п'опот на-буд'алава: "Ко-ќа-к'укнит кук'ајцата, да-си-'ојш". К'ачиле едно-м'омиче на-едно-д'орво. П'опот му-в'елит: "К'укна кук'ајцата; да-си-'ојш". Буд'алата му-в'елит: "К'оде-је, да-је-в'ида ј'а?" Ф'орлил со-едно-д'орво и је-'урнал д'олу.

Дримкол - Голо Брдо

Самовилите и пåтникот

Некоја-ж'ена си-р'одила д'етенце. На-тр'ите в'ечери д'ошле самов'илите, наречн'иците, да-му-е-к'ажет судб'ината на-д'етето, а м'ајка-му сп'иела. 'Ама т'уе 'имало еден-п'åтник да-прен'оќеет. И самов'илите му-нав'ел'веле на-д'етето : П'ăрвата му-р'екла : "Ко-ќа-ст'орит седумн'аесет г'одини да-'умрит". Фт'ората му-р'екла: "Ко-ќа-одит н'егде н'а-пåти да-п'аднит т'уе да-п'огинит". Тр'етата му-р'екла: "Ко-ќа-се-ж'енит и ко-ќа-д'онесит н'естата да-п'ојдит да-ск'очит во-б'унарот и да-се-'удајт". Ама п'åтникот н'е-спиел и-ч'ул што-в'елеле. Самов'илите р'екле: "Ако-н'екој ч'ует и ако-к'ажит, к'амен да-се-ст'орит." Ко-си-'одел п'åтникот, се-благ'одарел што-прен'оќеал и му-р'екал: "Нека-ви-е-ж'иво д'етето, да-ви-п'орастит и ко-ќа-го-ж'ените да-ме-в'икате н'а-свадба, ќа-ви-к'ажа от-к'е-су". Му-к'ажал ке-ж'ивеет и си-'ошал. Д'етето р'асло и п'орасло. Д'ошло вр'еме да-се-ж'енит и л"уѓето пам'етвеле шт'о-рекал ч'оекот и го-в'икале н'а-свадба. Ч'оекат д'ошал н'а-свадба и му-р'екал на л"уѓето: "Ј'а с'ака да-ми-пост'елите наб'унарон". Т'ие, л"уѓето, му-пр'ајле ц'ефа. "Стр'амота-е на-б'унарот да-сп'иеш, 'имат к'åде да-ти-пост'елиме, т'и си-ни-прij'ател'" – му-в'елеле. Н'икако т'ој непр'истанвел и р'екал: "Ќа-с'еда с'ам на-б'унарон". Л"уѓето се-прин'удиле и му-п'ослале на-б'унарот. Б'иле по-н'естата, је-д'онесле д'ома. И младож'енецот л'етнал пр'ао на-б'унарот и го-г'онит прij'ател'от да-ст'анит 'одма. Т'ој н'икако н'е-станвел зошто-зн'åел шт'о-е раб'отата. Ама т'ој, з'етот, со-с'ила го-т'арнал од-на-б'унарот и ск'очил во-б'унарот, се-'удајл в'о-него.

3.516 Преглед на глаголските форми

	Временски глаголски форми	
	Прости форми	**Сложени форми со *сум***
	вика	*су викал*
	викаш	*си* ”
	викаш	- ”
	викаме	*сме викале*
	викаше	*сше* ”
	викаеш	- ”
	викаф	*беф викал* *беше су викал*
	викаше	*беше* ” ” *си* ”
	викаше	*беше* ” ” - ”
	викафме	*бефме викале* ” *сме викале*
	викафше	*бефше* ” ” *сше* ”
	викае	*бее* ” ” - ”
	викаф	
	вика	
	вика	
	викафме	
	викафше	
	викае	
Глаголски форми со *има/нема* + глаголска придавка	*има(м) викано*	*беф имал викано* *беше су имал викано*
	имаш ”	*беше* ” ” ” *си* ” ”
	има ”	*беше* ” ” ” - ” ”
	имаме ”	*бефме имале* ” ” *сме имале* ”
	имаше ”	*бефше* ” ” ” *сше* ” ”
	имаеш ”	*бее* ” ” ” - ” ”
	имаф викано	*су имал викано*
	имаше ”	*си* ” ”
	имаше ”	- ” ”
	имафме ”	*сме имале* ”
	имафше ”	*сше* ” ”
	имае ”	- ” ”
Глаголски форми со *сум* + глаголска придавка	*су дојден*	*су бил дојден*
	си ”	*си* ” ”
	је ”	- ” ”
	сме дојдени	*сме биле дојдени*
	сше ”	*сше* ” ”
	се ”	- ” ”
	беф дојден	*беф бил дојден* *беше су бил дојден*
	беше ”	*беше* ” ” ” *си* ” ”
	беше ”	*беше* ” ” ” - ” ”
	бефме дојдени	*бефме биле дојдени* ” *сме биле дојдени*
	бефше ”	*бефше* ” ” ” *сше* ” ”
	бее ”	*бее* ” ” ” - ” ”

Сложени форми со *ќе*

ќа вика	*ќа су викал*	
” викаш	*” си ”*	
” викаш̄	*” - ”*	
” викаме	*” сме викале*	
” викаш̄е	*” сш̄е ”*	
” викаеш̄	*” - ”*	
ќа викаф	*ќа беф викал*	*ќа беше су викал*
” викаше	*” беше ”*	*” ” си ”*
” викаше	*” беше ”*	*” ” - ”*
” викафме	*” бефме викале*	*” ” сме викале*
” викафш̄е	*” бефш̄е ”*	*” ” сш̄е ”*
” викае	*” бее ”*	*” ” - ”*

Глаголски форми со *има/нема* + глаголска придавка

ќа има(м) викано	*ќа су имал викано*	
” имаш ”	*” си ” ”*	
” имаш̄ ”	*” - ” ”*	
” имаме ”	*” сме имале ”*	
” имаш̄е ”	*” сш̄е ” ”*	
” имаеш̄ ”	*” - ” ”*	
ќа имаф викано	*ќа беф имал викано*	*ќа беше су имал викано*
” имаше ”	*” беше ” ”*	*” ” си ” ”*
” имаше ”	*” беше ” ”*	*” ” - ” ”*
” имафме ”	*” бефме имале ”*	*” ” сме имале ”*
” имафш̄е ”	*” бефш̄е ” ”*	*” ” сш̄е ” ”*
” имае ”	*” бее ” ”*	*” ” - ” ”*

Глаголски форми со *сум* + глаголска придавка

ќа су дојден	*ќа су бил дојден*	
” си ”	*” си ” ”*	
” је ”	*” - ” ”*	
” сме дојдени	*” сме биле дојдени*	
” сш̄е ”	*” сш̄е ” ”*	
” се ”	*” - ” ”*	
ќа беф дојден	*ќа беф бил дојден*	*ќа беше су бил дојден*
” беше ”	*” беше ” ” ”*	*” ” си ” ”*
” беше ”	*” беше ” ” ”*	*” ” - ” ”*
” бефме дојдени	*” бефме биле дојдени*	*” ” сме биле дојдени*
” бефш̄е ”	*” бефш̄е ” ” ”*	*” ” сш̄е ” ”*
” бее ”	*” бее ” ” ”*	*” ” - ” ”*

Заповеден начин	*викај*	*викајш̄е*
Можен начин	*би викал*	*би викале*

Карта 1


ДЕБАРСКО
ДЕБАР
Радика
Мала Река
Црни Дрим
Населенеие:
Македонци
Албанци
Торбеши
Турци

Карта 2



Населби со македонски мајчин јазик

Карта 2а


ДЕБАРСКО
ДЕБАР
Радика
Мала Река
Црни Дрим
101
102
99
100
98
103
107
106
104
97
108
105
96
94
95
93
92
83
82
81
80
69
78
68
79
67
77
91
64
76
65
75
63
74
66
90
62
89
61
60
73
87
57
59
58
71
56
86
53
52
72
84
55
54
70
85
49
48
26
47
25
50
45
27
46
23
44
43
24
42
41
40
22
21
11
39
10
38
18
19
36
17
35
37
34
20
16
33
32
9
13
15
31
14
8
30
7
29
6
12
5
28
4
3
2
Говори:
дебарскиот
дримколско-голобрдскиот
реканскиот
малореканскиот

Карта 3



фонемата ă фонемата å

Карта 4



Континуанти на *o ă o å å/ą

Карта 5


ДЕБАРСКО
ДЕБАР
Рашка
Мала Река
Црни Дрим
голаби
голоби
голуби
гулаби

Карта 6



за(ă,o,å)ек ☐ зă(а)јак ☐

Карта 7



пајак, пајачина

песак, песчина

Карта 8



тäст, täшта тос(т) дедо,баба

Карта 9



олsица, олдица ложица, лојца, лăјца

Карта 10



седум седом седам

Карта 11



огон

оган

Карта 12



ветар ветор ветер

Карта 13: континуанти на вокалното **р**



р̥ ăр åр åр/ạр

Карта 14: континуанти на вокалното **л**



л̥ ăл åл åл/ạл

Карта 15



снăга снăга снога

Карта 16



чакат чекат

Карта 17



уште (ушче)

иште (ишче)

Карта 18



фаштат фаќат

Карта 19



шт, жд

шч, ж(ц)

шќ, жѓ

Карта 20



чăрвец/чăрвец

цăрвец/црвец

Карта 21



лист, дошт

лис, дош

Карта 22


ДЕБАРСКО
ДЕБАР
Радика
Мала Река
Црни Дрим
101
102
99
100
98
103
104
107
106
105
108
97
96
94
95
93
92
83
82
81
80
78
79
77
69
68
67
64
65
63
66
91
75
76
74
90
89
62
61
60
73
87
57
59
58
56
71
86
72
84
55
53
52
51
70
85
54
49
48
47
26
50
45
46
44
25
27
43
23
24
42
41
40
22
21
11
10
39
38
18
19
17
36
37
34
35
20
16
33
32
9
13
15
31
30
14
8
7
29
6
12
5
28
4
1
2
3
ТНОКО
КНОКО

Карта 22а



тноко,кноко тенко тåнко

Карта 23



интервокално **в**: се пази ▤ се губи □

Карта 24


ДЕБАРСКО
ДЕБАР
Радика
Мала Река
Црни Дрим
Петреа
Петрету
Петре(в)е

Карта 25


ДЕБАРСКО
ДЕБАР
Радика
Мала Река
Црни Дрим
101
102
99
100
98
107
106
103
104
105
108
97
96
94
95
93
92
83
81
82
80
69
78
68
79
67
77
91
64
75
76
65
74
63
66
90
62
89
61
60
73
57
59
87
56
58
71
86
72
84
53
52
55
70
51
54
85
49
48
26
47
50
45
25
46
44
27
23
43
24
42
41
40
22
21
11
10
39
38
18
19
36
17
34
35
37
20
16
33
9
32
13
15
31
8
30
14
7
29
6
12
5
28
4
1
3
2
купу(в)ат
купоат
купвет
купвит

Карта 26



носет,берет

носит,берет

Карта 27



ести(т) (j)е

Карта 28



сте све (сфе) сте//све

Карта 29



бев(ф)ме

бев(ф)не

Карта 30



викаешти (-ешчи,-ешќи)

викаеќи

4.2. ОХРИДСКО-СТРУШКИТЕ ГОВОРИ

Охридско-струшките говори го зафаќаат котлинскиот дел околу Охридското Езеро. На југоисток од преспанското говорно подрачје нив ги разграничува планинскиот венец Галичица – Петринска планина. На исток спрема централните говори границата оди по правецот Петрино – Буковскиот преслап – Пљакенска планина – Илинска планина – Пресека. На север тие граничат со дебарските говори, а границата на тој дел оди приближно по линијата Пресека – Кораорман, го сече Дрим кај Глобочица и излегува на Јабланица нешто малку посеверно од селото Бороец. На запад дијалектната граница на охридско-струшкото говорно подрачје се поклопува со етнографската граница спрема Албанија. На албанска страна остануваат неколку македонски села на јужниот и југозападниот брег на Охридското Езеро – Тушемиште и Пискупија кај Поградец, и Лин на струшкиот дел од брегот.

Јазичните особености на охридско-струшкото говорно подрачје можеме да ги поделиме во две големи групи

Една група сочинуваат оние особини што им се заеднички на сите локални говори на разгледуваниов терен. Поголем дел од нив ги поврзуваат охридско-струшките говори со другите западни дијалекти. Во таа група спаѓаат меѓу помаркантните: фиксираниот третосложен акцент, стегањето на два исти вокали во долги фонови: *снаа* > *сна:*, *неѓоо* > *неѓо:*, *змии* > *зми:*, образувањето на цела серија дифтонзи од вокални секвенци со /*и*/ како втор член, сп. *снаи* > *снаj*, *стреи* > *стреj*, *мои* > *моj*, *лебои* > *лебоj*, *муи* > *муj*, испуштањето на вокалите во проклитичките зборови кога следната зборoформа почнува со вокал, како во случаите: *м-изеде*, *т-остаj* (*те остави*), *ѓ-удри* (*ѓо удри*), *ќ-оjт* (*ќе одит*), губењето на интервокалното /*в*/ во одредени фонетски услови, потоа заменатa на *в* во старата секвенца **ъ* со /*у*/ во примери како *цутит*, *осунит*, појавата на протетичко /*j*/ пред рефлексот на иницијалното **ѫ*, сп. *jажe*, *jаѓлен*, *jаток*, одн. *јаже*, *јаток*, *јаглен*. Во сите западни говори запазени се остатоци од старата замена на носовката **ę* во **ǫ* зад /*j*/, сп. *јазик* (< **językъ*). Од граматичко-структурните особини охридско-струшките говори со другите западни дијалекти ги поврзуваат: разликувањето на номинативната и општата форма кај личните и роднинските имиња од м.р. што завршуваат на *консонант*, на *-о* и на *-е*, сп. *Стојан дојде* : *Го виде Стојана*, или: *Јанко, Миле, тетин, татко, тате,* општа форма: *Јанка, Милета, тетина, татка, татета*, множинската наставка *-о(в)и* кај едносложните именки од м.р.: *лебо(в)и*, *ридо(в)и*, тројниот член, сп. *лебов, лебот, лебон*, кај личните заменки се пази дативната флексивна форма: *мене ми* (*рече*), *нему му*, *нам ни* итн.; како лична заменка за 3 л. се употребува *тој*. Сите западни говори, меѓу кои и охридско-струшките, познаваат три вида демонстративни заменки: *овој, оној, тој*. Во охридско-преспанските и во дел од централните говори се пази наставката *-т* во 3 л. едн. на презентот: *имат, носит*. На широк ареал во Западна и во Централна Македонија се испушта по-

мошниот глагол во 3 л. на перфектот. Во областа на синтаксата најкарактеристична западномакедонска црта е консеквентното удвојување на објектот и употребата на заменските и глаголските клитики на почетокот на реченицата, сп. *Го виде Стојана, Му рече на детето, Си го виде соноќ.*

Втората група заеднички црти охридско-струшкото говорно подрачје го поврзуваат со дебарските и со преспанските говори. Заправо тие особини им се заеднички на сите западни периферни говори што се наоѓаат на граничниот појас со албанската јазична територија од Шар Планина па скоро до Грамос на југозапад. Дел од тие црти претставуваат архаизми, како што се: пазењето на алвеоларната артикулација на /л'/ во сите позиции на зборофомите, сп. *л'уќ, кл'уч, недел'а, пријател', зел'ка*, пазењето на фонемата /s/ пред множинската наставка *-и* : *белеѕи, ќолоѕи, бубреѕи*, одн. пред *-е* во *ноѕе*, чувањето на /ч/ во групата *чере-*: *череќ, черево, черепна, черен, череш(н)а,* а понегде се чува /ч/ и од старата група **čŗ-: чăрќиќ, чăрви*. На еден тесен појас во ред случаи се пазат и финалните групи *-сќ, -шќ*: *чесќ, мосќ, ќришќ*. Место старите палатални **t', *d'* како во охридско-струшкиот регион, така и во другите периферни говори превладуваат примерите со */шќ, жд/* или со нивните фонетски варијанти */шч, жџ/,* односно */шќ, жѓ/*. Замените со */ќ, ѓ/* се ограничени на неколку одделни лексеми: *веќе, куќа, ќојќе, – меѓу, ăрѓа, ќакуѓере, свеѓере*, во глаголот *нејќиќ* и партикулата *ќе* / *ќа*. На поголем дел од западната периферија не е извршено и јотувањето на групите *-ќј-, -дј-* (< **tьj, *dьj*), сп. *браќја, цвеќје, ливадје*. Поинаков развој во охридско-струшките и во другите периферни говори имал сонантот /л/ по испаѓањето на слабиот **ъ* во лексемата **lъžiса* и групата *-ќн-*, исто така по загубата на **ь*, во лексемата **tьпъкъ*. Во првиот пример се добило вокално *ļ*, кое после се рефлектирало во повеќето говори во секвенцата */ол/*: *олжица*, кое после со дисимилација можело да се развие во *олѕица, олцица*, како што е денеска во охридско-струшките говори, а во лексемата **tьпъкъ* се добила секвенцата *-ќн-*: *ќнок,* која негде се дисимилирала во *-кн-*: *кнок, кночко*. Во охридско-струшките говори се среќаваат и двете разновидности.

Меѓу позначајните иновации што се образувале во крајните западни говори спаѓаат: метатезата на секвенцата *-ни-* во *-ин-* во повеќесложните збороформи од типот *водеј̣нца, бранеј̣нца, ќоџеј̣нца* (< *водеинца* < *воденица*), асимилациите извршени во лексемите *чуждо, чуждина, олѕица* / *олцица, солѕи, молѕиќ, ќолцаф,* па дисимилацијата во *церѓа* (< *черѓа*). Во крајните западни говори видно е одразено старото изедначување на назализираното /a/ со рефлексот на **ǫ* во акцентирана, одн. почетна позиција, сп. *снăѓа, знăј̣ќ, мăмиќ, мăшчј̣а*, како *мăш, рăка* – во охридскиот и струшкиот говор, *сноѓа, момиќ*, одн. *снåѓа, мåмиќ* – во дебарските и преспанскиот **ǫ* > *å*-говор.

Во областа на морфологијата охридско-струшките со другите западни периферни говори ги поврзуваат: глаголските образувања со суфиксот *-в-* од типот *купѕиќ, кажиќ* – во охридско-струшките и дебарските говори, одн. *кажаќ, купѕаќ* во преспанско-леринските, наставката *-еќ* во 3 л. мн. на презентот: *викаеќ* > *викееќ*, и наставката *-е* во 3 л. мн. на минатото определено време, сп. *дојдое, викае* / *вике*. На нешто поширок ареал во Западна Македонија глаголската *е*-група е дезинтегрирана наполно, како, на пример, во градскиот охридски говор и во дел од преспанските, или се извршило ново прегрупирање на глаголите спрема гласот на кој завршува општиот дел на глаголот, сп. *ќиеќ,*

чуеш̄, броеш – кога тој завршува на вокал, но: *берит̄, речит̄, сечиш* – кога завршува на консонант. Еден зборообразувачки модел се добил и во *н/т̄*-партиципот кај глаголите што им завршува општиот дел на *-н*, сп. *паднат̄, легнат̄, – женат̄, канат̄, засенат̄, бранат̄*. Посебно е карактеристична за охридско-струшките и за другите западни периферни дијалекти многу честата употреба на конструкциите со 'има' и со 'сум' и *н/т̄*-партиципот. Во некои дијалектни пунктови тие готово наполно го истиснале стариот перфект. – Од зборообразувачките морфеми како дијалектна особина во овие говори се јавува суфиксот *-уле* со деминутивно-хипокористичко значење, сп. *дет̄уле, куќуле, куќичуле*, а од службените зборови дијалектно се издиференцирани предлозите *кон*, со разновидноста *кун*, и *из* со значење 'низ, преку'. Овие говори ги поврзуваат меѓу себе, а истовремено ги диференцираат од другите западни дијалекти, и цела редица лексички дијалектизми, како, на пример: *бл'ут̄, буза, крāг̄, риза, скепар, тест̄, тешта, кочено,* и др.

Во групата на западните говори охридско-струшкото говорно подрачје не претставува некаква дијалектна посебност. Оние црти што се јавуваат на тој терен како поспецифични не се простираат на целата географска област. Повеќето од нив зафаќаат помали, поограничени ареали, и токму тие црти го разбиваат дијалектното единство на регионот. Меѓу внатрешните диференцијални особини спаѓаат: континуантите на носовката **ǫ* и на вокалните **ŕ* и **ĺ*, дистрибуцијата на некои вокали во вокални секвенци, реализацијата на повеќе консонантски фонеми */л, њ, ќ, ѕ̄, к, г̄, х/* или нивно отсуство, а во морфологијата цела редица заменски форми и глаголски флексивни морфеми.

Во зависност од географската локација на сите тие особености на охридско-струшкото говорно подрачје можеме да изделиме шест помали говорни индивидуалности – три на охридскиот терен: градскиот охридски говор, пештанско-љубанишкиот и говорот на Дебарца, и три на струшкиот: градскиот струшки говор со говорот на околните села, вевчанско-радошкиот и говорот на Торбешите во селата Лабуништа и Подгорци. Во понатамошното излагање ќе ги истакнеме поважните диференцијални особености во секој говор поодделно, ограничувајќи се во анализата и интерпретацијата на јазичните факти во рамките на најнеопходната потреба за еден општ преглед, како што е замислен нашиов. Повеќе податоци ќе дадеме за градскиот охридски и струшки говор, кои ги земаме како основни во групата, а кај другите ќе ги истакнуваме само поважните дијалектни црти.

ГРАДСКИОТ ОХРИДСКИ ГОВОР

Градскиот охридски говор зазема централно место во охридската говорна област.

Фонологија. – Во фонолошкиот систем на градскиот охридски говор од дијалектен аспект интерес побудуваат фонемата */ă/* и нејзината дистрибуција, реализацијата на вокалите */е/* и */о/* во акцентирана позиција, реализацијата на вокалот */а/* во акцентиран неиницијален слог, а во консонантизмот согласката */х/* и некои појави сврзани со дистрибуцијата на одделни консонанти.

Вокалниот систем на овој говор го сочинуваат следниве шест фонеми:

и *у*

е *ă* *о*

а

Фонемата /ă/ претставува најмаркантна црта на вокализмот на градскиот говор, иако е позиционо поограничена во однос на другите вокали. Таа не може да се јави во финална позиција, а во почетокот се јавува само во секвенцата /ăр/, сп. *ăрш*, *ăрт̄*. Историски таа се добила на повеќе начини: како регуларен континуант на носовката *ǫ, сп. *ḡ̆ба, ḡ̆зер, ḡ̆жва, ḡ̆нăс, ḡ̆рăди, дăп̄, дрăг̀, зăби, јăдица, јăже, јăг̀лен, јăг̀орец, јăт̄ок, кăде, кăдел'а, кăт̄ина, се кăпит̄, кăсат̄, крăк, кăклица, кăндро* (со запазен назализам), и во случаите каде што е *ǫ добиено од *ę зад /j/: *јăзик, јăчмен, јăт̄ăрва, јăдро,* и зад /ч/ во *чăдо – чăда,* – како континуант на сек. ъ$_2$ во почетен слог *мăг̀ла, мăска, бăдник, сăна* (< *снаа*), *ст̄ăбло*, – во секвенцата /ăр/ како континуант на вокалното *ŗ: *ăрг̀а, ḡ̆рне, мăрт̄оф, пăрсти*, во неколку лексеми место вокалното *ļ во секвенцата /ăл/: *бăл'ваи̯ца, сăнце* (со загубено *л*), потоа место /а/ во соседство со назален сонант, сп. *мăшча* / *мăшчеа, снăг̀а, мăмит̄*. Освен тоа вокалот /ă/ се јавува место /а/ во акцентиран слог кога не е во иницијална позиција. Неутрализацијата на /а/ со /ă/ се врши во споменатава фонетска позиција како во одделни лексеми, така и во синтагми што претставуваат една акцентска целина, сп. *аргˈăт̄ите* (: *'аргˈат̄*), *бунˈăрите, бунˈăрчето* (: *бˈунар, бˈунарче, бунар'ишчено*), *везˈăлото* (: *вˈезало*), *воденичˈăрите* (: *водˈеничар, воденˈичари*), *другˈăрите, клепˈăлото, магˈăрето* (: *мˈагаре, магар'инат̄а*), *ливˈăдат̄а, влачˈăрница, ченкˈăрница* (: *влачарнˈицат̄а, ченкарнˈицат̄а*), *брадˈăи̯ца, ужˈăлени* (: *'ужален*), *п̄обˈăраф̄те*; – *на-рˈăбот̄а* (: *рˈабот̄а*), *овˈăј-чоек, овˈă-жена, деснат̄ă-рăка, велˈ'ă-среда.*

Вокалите /е/ и /о/ во акцентиран слог имаат отворени алофони, сп. *јɛ̄г̀ри, чɛ̄ло, т̄рɛ̄т̄о, п̄ɛ̄ј̄т̄, п̄ɛ̄т̄ок, т̄ɛ̄ст̄о, ḡ̆рнˈɛ̄т̄а, сеп̄т̄ˈɛмбар, новˈɛмбар, леп̄ˈɛза, модˈɛрно, факулт̄ˈɛ̄т̄, – ф̄т̄ɔ̄ри, брɔ̄ːт̄, кɔ̄мши:, окт̄ɔ̄мбар.* Оваа црта особено е забележлива кога акцентот паѓа на пенултима или на ултима во повеќесложните туѓи лексеми.

Во врска со дистрибуцијата на вокалите охридскиот говор се разликува од другите говори во групата по секвенцата /еа/. Овде таа не претрпела промени, понекогаш се јавува и едно факултативно /j/, сп. *леа, ст̄реа, п̄ареа, неа, реа*, а во 3 л. мн. на минатото определено време редовно се разделува со /j/: *беја, носеја*. – Групата /оа/ кога не е на морфемска граница меѓу две лексички морфеми по правило се асимилира во долго [о:], сп. *Јо:н, т̄о:, т̄о:р, т̄ро:, осно:, со:л'ка, бро:м, ст̄о:м* (*Јоан, т̄оа, т̄оар, т̄роа, осноа, броам*). По оваа особеност градскиот говор стои поблиску до говорот на Дебарца.

Во вокализмот на охридскиот говор треба да се истакнат уште две диференцијални црти – континуантот за вокалното *ļ и замената на сек. ъ$_2$ пред сонантите во финална позиција. Место вокалното *ļ има секвенца /ол/: *болфа, волна, ḡ̆олт̄ат̄, долг̀о, јаболко, жолт̄, колк, колнит̄, молзит̄, полн, полцаф, солза, т̄олчник,* и само во неколку случаи се јавува /ăл/: *бăл'вˈăи̯ца, сăнце* (< *сăлнце*) и /ал/ во лексемата *малчит̄* и дериватите *малчит̄олчи, малчлиф*. – Место сек ъ$_2$

има различни вредности – пред /р/ има /а/: *бистар, ветар, вепар, штар, остар, јадар,* пред /н/ има /о/: *огон, огонче*, а пред *м* редовно се јавува *у* : *седум, осум.*

Консонантскиот систем на градскиот охридски говор се состои од 25 фонеми:

б – п		*в – ф*	*м*		
д – т	*ѕ – ц*	*з – с*	*н*	*л*	*р*
ѓ – ќ	*џ – ч*	*ж – ш*		*л'*	*j*
г – к		*х*			

Во однос на литературната норма, како што се гледа, овој говор не ја познава палаталната назална фонема /њ/. Таа овде се дефонологизирала со губењето на признакот диезност и се изедначила со /н/ директно или преку антиципација на мекоста на /j/, сп. *бана, се кланит, пенушка, којн – којни, дејна, јадејне, тарња.*

Интересен материјал охридскиот говор ни дава во врска со фонемата /х/. Веднаш да истакнеме дека фонемата /х/ се среќава само во стариот дел на градот – Варош и таа подоследно се пази во речта на најстарата генерација. Во говорот на помладите (под 50 години) може да се чуе уште во неколку лексеми, сп. *Охрид, храм, тихо*. Во поновите квартови во градот – Месокастро, Кошиште веќе нема /х/ во системот, како и во говорот на приезерските села. Таму каде што се пази оваа фонема, таа се јавува во сите позиции на зборoформите, сп. *хира, хор, хубаф, хунер, хърчит, бухал, пахало, рухо, ухо, чоха, кихат, збихат, збухна, пахкат, крехко, мухла, мехлем, чехре, Влах, прах, страх, уплах, грех, мех, здих, тих, мох, бух, глух, задих, върх,* и др. Меѓутоа, има и ред случаи со загубено /х/. По правило тоа се губи на почетокот и во интервокална позиција, поретко пред консонант, сп. *абер, аван, штар, оди, лет, ладно, ма:на, ра:т, са:н, граор, тро:* (*троа*), *реа, мјеур, чели*, а на крајот, понекогаш и пред консонант преминува во /ф/ или /в/, сп. *болфа, офтика, сиромаф, ореф, очуф,* и редовно во морфемите за минато определено време: *беф, бефме, бефте*. Во другите делови на градот пред консонант и на крајот место /х/ редовно стои /ф – в/: *греф – гревот, змеф – змевот, меф – мевот, кожуф – кожуви, вăрф – вăрвот,* и во интервокална позиција зад вокалот /у/: *мува, суво, сува ветка, руво, уво*, и др.

Кај другите консонанти во овој говор се јавуваат некои посебности во врска со дистрибуцијата.

Фонемите /ѕ/ и /џ/ овде се среќаваат почесто во однос на другите македонски дијалекти, па имаат и поширока дистрибуција. /ѕ/ се јавува како алтернант на /г/ пред множинската наставка *-и*, сп. *белези, бубрези, диреѕи, илеѕи, капаѕи, полоѕи, долѕи,* и во *нозе*, често место *з* во група со сонантите /л, н/: *молѕит, солѕи, јăнѕа, бенѕин*, во група зад *д*: *одѕади, подѕеде*, како и во група пред *в* и *р*: *ѕвезда, ѕвер, ѕвоно, се осѕиват, наѕре, меѕре, обѕре*. – Африкатот /џ/ исто така во ред случаи се јавува место *ж* – пред деминутивниот суфикс *-е* како алтернант со /ж/: *бубреџе, беџе, бреџе, враџе, книџе, ноџе, стоџе,* зад сонантот *л*: *олџица, полџаф*, потоа во секвенци со звучните плозиви /б, д, г/: *џбун, џбарат, џган, џгалет, подџолте, наџџивејт* (< *наджживејт*), и регуларно зад *д* во секвенцата /жд – жџ/: *дожџот, чужџо, межџа, сажџи* и др. – Од друга страна палаталните /ќ – ѓ/

се среќаваат многу поретко. Прасловенските палатали **t' *d'* во поголем број случаи овде се заменети со */шч – жџ/*, сп. *врешче, г̄ашчи, г̄орешчи, г̄орешчо, лешча, мăшча, мăшчеј̣нца, п̄лешчи, п̄рашча, сфешча, сношчи, п̄ашчерка, п̄лашчаш̄, врашчаш̄*, или: *ношви, п̄олнош* – со редуцирано *ч*, во морфемата за глаголски прилог *-шчем*: *викаешчем*; *меж(џ)а, п̄режџа, сажџи, г̄раж(џ)анец, чуж(џ)о, чуж(џ)ина, вижџаш̄, рожџаш̄, по̄г̄ожџаш̄*. Значително е помал бројот на примерите со */ќ, ѓ/*, сп. *веќе, домаќин, ќерка, куќа, п̄ојќе, сш̄реќа, ќуш̄, ќе, нејќиш̄, – меѓу, п̄реѓе, ăрѓа, сфеѓере, ш̄акуѓере*, и во некои изведенки: *броѓанец, охриѓани*.

Групите *-ш̄ј-, -дј-* (< **tьj, *dьj*) во говорот на Варош останале неизменети, сп. *браш̄ја, п̄ăш̄је, цвеш̄је, водје*, пак дури и во *дјавол*, покрај *ѓаол*, но само *л'уѓе*, или пак место нив наоѓаме секвенци *-ш̄ќ-, -дѓ-*, кои се добиле најверојатно по морфолошки пат: *браш̄, п̄ăш̄, цвеш̄ – цуш̄, вод(а), ливад(а) + -ќе, -ѓе*, сфатени како наставки од соседните дијалекти. Така е образувана и формата *сфаш̄ќа* (: *сваш̄*), додека во *ш̄реш̄и* тој услов не е исполнет.

Веларните */к – г̄/* пред предните вокали во варошкиот говор се изговараат како [*к'* – *г̄'*] – благо палатализирани, додека во говорот на помладото поколение степенот на палатализацијата е поизразен, сп. *к'исел, к'иснеш̄, к'ивăј̣ца, вошк'и, ќе заг̄'иниш̄, шк'ембе*.

Од консонантските промени за дијалектната диференцијација на охридско-струшкото подрачје имаат важност оние што се извршиле во групите */вн/, /п̄с/, /п̄ш/, /шш̄/* и */жд/* во сите позиции, потоа во почетните секвенци */п̄/* + африкатите */ц, ч/*, групите */сш̄р, здр/* и финалните *-сш̄, -ошш̄*.

Групата */вн/* во охридскиот се асимилирала во */мн/*, сп. *мнук, оѓламник, п̄лемна, нимно*, покрај *нихно*, а во *нăш̄ре* се упростила со испаѓање на сегментот */в/*.

Поучен материјал охридскиот ни дава во врска со дистрибуцијата на */шш̄, жд/*. Тие можат да се сретнат, и тоа многу ретко, во говорот на најстарите во Варош. Во речта на средното и младото поколение тие се асимилирале во [*ш'ч', ж'џ'*], односно во [*ш'ќ, ж'ѓ*]. Понекогаш е тешко да се установи правата нивна фонетска вредност. Во секој случај и двете секвенци се палатализирани, сп. *г̄уш'ч'ер, оѓниш'ч'е, п̄иш'ч'иш̄, уш'ч'е, сфеш'ч'а, снош'ч'и, фаш'ч'аш̄, ш'ч'ăрбаф, ш'ч'ица, – дож'џ'ош̄, веж'џ'а, меж'џ'а, нуж'џ'а, рож'џ'аш̄, саж'џ'и, чуж'џ'о*.

Прегрaдната согласка */п̄/* пред африкатите */ц, ч/* во иницијална позиција се испушта, до колку не се јават некои фонетски пречки, сп. *џојса, џојсано, цалвиш̄, ченка, чеј̣нца*, но *п̄чела* (плозивот во последнава лексема се задржал за да се избегне омонимијата со множинскиот облик од именката 'чело').

Фрикативните */с, ш/* во група со */п̄/* како прв член преминале во африкати: */п̄с/ > /п̄ц/*, */п̄ш/ > /п̄ч/*, сп. *ап̄ц'а:на, сшип̄ица, ш̄епција, п̄цалвиш̄* (> *цалвиш̄*), *п̄џојсан* (> *џојсан*), *п̄чеј̣нца* > *чеј̣нца*.

Во поглед на дистрибуцијата на тричлените групи */сш̄р/* и */здр/* постои разлика меѓу градскиот говор и говорот на селата. Во градскиот говор овие групи се пазат, сп. *сш̄ража, сш̄рела, сесш̄ра, здравје*. Кај помладите генерации се среќаваат и нови такви секвенци со вметнати */ш̄, д/*: *сш̄ребро, сш̄реда, сш̄рејќа, здрело*, покрај *среда, сребро, срејќа, зрело, зрак*, но само *ждребе*.

Финалните групи *-сш̄, -шш̄* не се непознати во градскиот говор, особено во варошкиот, но силна е тенденцијата за нивното упростување. Во говорот на младите едвај тие да се сретнат. Сп.: *п̄акос$^{ш̄}$, дош$^{ш̄}$ / дошч*, но *болес, г̄рос, п̄риш, г̄л'уш*.

Охридскиот градски говор од другите соседни говори се разликува и по консонантските секвенци составени од струјните /*с, ш*/ и африкатите /*ц, ч*/ на морфемска граница. Овде најчесто тие се пазат неизменети, сп. *месце, ќе расцу-тиш, вошче, крушче, пушче, опашче*, освен групата /*сч*/ која се асимилира во /*шч*/: *квашче, лишче, мошче, фешче, ишчисти, ишчешл'а, се рашчади*.

Од другите фонетски особини сврзани со дистрибуцијата на консонантите ќе ги спомнеме уште следните:

групата /*зв*/ во иницијална позиција по правило и во овој говор се изменила во /*св*/: *свер, свиска*;

звучните фрикативи /*з, ж*/ во група зад /*л*/, видовме порано, исто така преминале во соодветните африкати: /*лз*/ > /*лс*/, /*лж*/ > /*лц*/, сп. *солsа*, *молсиш, долцина, олцица, полцаф*;

во неколку случаи дентално-алвеоларните плозиви /*д, т*/ пред /*л*/ преминале во заднонепчени плозиви /*г, к*/: *глето, глан* покрај *злан и длан*, *кланик, клеј̣ш* покрај *тлеј̣ш*; секвенцата /*тн*/ > /*кн*/ во *кнок, кночко* (*тноко*).

Еве уште неколку позитни фонетски промени:

/*зв*/ > /*жв*/: *ѓежве* / *цежве;*

ж - ж > *ц - ж*: *цежок;*

з - з > *s – з*: *suc, suздар;*

ч - р > *ц – р*: *церга;*

Сп. и: *черешло* / *чересло, квачка* > *клачка, веливден*.

Метатеза освен во групата *-ни-* > *-ни-* (> *ј̣н*) во повеќесложни збороформи од типот *воденица* > *водешица* > *водеј̣ница*, се извршила во лексемите: *ејзеро* (< *језеро*), *све*, *сйна* (< *снйа*), *олумнани* (< *оломнани* < *ономлани*), *олтица*, *л'урче* (< *рул'че*).

Епентеза е констатирана во лексемите: *умба* 'ума', *стрежер* покрај *стежер, желездо* покрај *железо*.

И испуштањето на консонантите е честа појава во охридскиот говор. Во почетни консонантски групи се испуштаат: /*в*/ пред сонантите /*н, р*/ во примерите *нйтре, райче – райчина*, и пред /*ч*/ во *чера*; /*т*/ пред африкатите /*ц, ч*/ во одделни лексеми: *цојсал, ченка, чеј̣нца*, но и: *тцалвет, тчела*; /*м*/ пред /*н*/ во *ногу*, покрај *нолгу*.

Во финална позиција со мали исклучоци се испушта /*т*/ во група зад фрикативните /*с, ш*/, сп. *лис, мос, мас, радос, шилес, – гл'уш, дош, триш*.

Значително се побројни случаите со загубени консонанти во медијални групи. И во оваа позиција најчесто се губат оклузивните опструенти: /*д*/ *ено, заено, сеено*, /*т*/ во *сене* (*сетне*), во секвенцата /*стн*/ кај придавките од типот *масно, тосно, радосни*, и кај именските образувања како *вйрсник, кйрсник*, потоа во групите /*штн, штк*/: *мошне, немошница, томошник, ношви, гашник, ношја, тлешка, трашка*. /*в*/ редовно испаѓа во групите /*вск*/ во суфиксот *-вск(и),* сп. *Маркоски, Димоски, тетоски*, *кически*, /*тв*/ во *торче*, /*св*/ во заменските форми *сиот, сите*. Кај сонантите имаме примери со загубено /*л*/ во секвенцата /*лнц*/ во лексемата *сйнце*.

И во интервокална позиција се губат ред консонанти. Процесот најмногу напреднал, како и во другите западни говори, при губењето на /*в*/, сп. *гла:, биол, ѓаол, лој̣ш* (*ловиш*), *осно*: (*осноа*), *теѓаец, деној̣*, и др. Фонетскиот и морфолошкиот фактор го попречиле губењето во изведените девербативни глаголи со суфиксите *-в(а), -ив(а), -ав(а), -ев(а),* сп. *навиват, познават, кйршчеват*.

Значителен е и бројот на случаите со загубено /д/. Освен во десетичните броеви, сп. *дваесет, тееесет, девеесет,* /д/ често се испушта во 2 и 3 л. едн. и во 1 и 2 л. мн. на презентот кај глаголите од типот 'даде, јаде, кладе, оди' и др., сп. *јаи̯ш, јаи̯т, јаи̯ме, јаи̯те* (: *јаде:т*), *изеи̯т, даи̯ш, клаи̯ш - клаи̯т, ои̯ш, гледаш*).

Интересен материјал говорот на Варош ни дава во врска со загубата на /х/.[1]

Граматика. – Морфологијата на охридско-струшките говори е доста уедначена. Некои разлики меѓу одделни локални говори наоѓаме во формите за искажување на дативниот однос кај личните и роднинските имиња од машки и женски род, во некои заменски форми, а кај глаголите отстапувањата се сврзани, главно, за наставките за 1 л. едн. и 3 л. мн. на презентот, 3 л. мн. на определените минати времиња и глаголскиот прилог.

Именки. – Дативниот однос кај личните и роднинските имиња во охридскиот градски говор се искажува аналитички, сп. *Му рече на Стојана, Му даде тро: пари на Марка, Ама шчо не је нарече на Елица.*

Вокативната форма кај именките од ж.р. на *-а* се образува претежно со наставката *-о* : *Маро, Божано*, редовно така и кај имињата што завршуваат на *-ка* : *Ела мори Душко, Стојанко, Загорко, Милко*. Со наставката *-е* вокатив образуваат само имињата на *-ица*, сп. *Ела мори Колеи̯це да те опитвам нешчо! Дојди, Мар'ице:!* – Според тоа кај личните и роднинските имиња од м.р. на консонант во градскиот говор наоѓаме три форми – номинативна, општа и вокативна, сп.: *Стојан (дојде) – Стојана (го виде) – Стојане (дојди)!* Имињата што завршуваат на *-е* и на *-о* имаат по две форми: *Марко – Марка, Петре – Петрета.* Кај именките на *-а* општата и номинативната форма се исти, а вокативот се разликува само со интонацијата. Кај именките од ж.р. разликуваме две форми – една номинативно-општа и вокативната, сп. *Мара (дојде) – (Је видоф) Мара* : *Маро!*

Во врска со категоријата на бројот треба да истакнеме дека во охридскиот говор покрај обичната множина во широка употреба е и збирната, додека избројаната е доста расколебана. Множински наставки за обичната множина се: *-и*, *-оi̯* / *-еi̯* (< *-ови*, *-еви*), *-офци*, сп.: *зѐби, пѐрсти, работници, судии* > *суди:*, *лебоi̯, ветроi̯*; со *-оi̯* множина често образуваат и двосложните именки од м.р. што означуваат сродство, сп. *дедоi̯, татоi̯, сфекроi̯, шуроi̯, вујчеi̯,* покрај: *дедофци, вујкофци, стрикофци*. Со наставката *-овци* множина образуваат и пејоративите од м.р. на *-ло*, *-ле*, *-ко*: *гѐрбл'о – гѐрбл'офци*, *мешко – мешкофци*. Именките од ж.р. множина образуваат со наставката *-и*, со исклучок на именките 'нога' и 'рака', кај кои се задржале старите дуалски форми *нозе, рѐце*. Множински наставки за с.р. се: *-а, -ина*, сп. *села, јајца, јадејна, лозја, пилина*, и *-и* во *очи, уши.*

Збирната множина се образува, главно, со наставките: *-је, -ја* за сите три рода, сп.: *камејне* / *камејна, тѐрнје, тѐрња, дѐбје* / *дѐбја, прѐтје* / *прѐтја, кол'је* / *кол'ја, гл'ужје, – водје* / *водја, тревје* / *тревја, болезје, – крил'ја, житја, перја, дѐрвја*. Во оваа група спаѓаат и формите со наставките *-ишча* : *ридишча, ветришча, -ци* : *прасци, телци, пилци,* и *-ца* : *јагѐнца* (: множинските форми *ветроi̯, прасина, телина, јагнина*).

---

[1] Богат материјал за тоа е приведен во шестата глава од првиот дел на третиот том од ова издание.

Избројаната множина на *-а*, како што спомнавме, се наоѓа во процес на губење. Денеска се пообични множинските форми на *-и*, *-оӣ* со број, сп. *два лебоӣ, два волоӣ,* поретко *два, три леба, вола*.

Категоријата род е нешто порасколебана кај именките од ж.р. на консонант. Така, именките *ăрш, нош / нощ* во членските форми се од ж.р., сп. *ăршта, ношта, ношва / ноќва*, а во множината се јавуваат наспоредни форми со наставките *-ој*: *ăржоӣ, нощчоӣ, ноќоӣ,* покрај *ăржје, нощчи / ноќи*.

Морфеми за категоријата определеност се: *-от, -ов, -он*, итн., сп. *денот, деноф, денон; земјата, земјава, земјана; полето, полево, полено,* итн., кај придавките: *добриот, добриоф, добрион*, итн. За охридскиот говор, па и воопшто за сите говори во охридско-струшкото подрачје, карактеристична е широката употреба на определените форми со морфемите *-он, -на, -но*, особено кога се работи за именки коишто сигнализираат место, сп. *Шеташе покрај брег̄он на ејзероно. Прошетај по г̄лавнана улица, кај чинарон, кăрши милицијана.*

Заменки. – Лични заменски форми се: *јас – мене ми – мене ме; ние – нас ни – нас нè; ти – тебе ти – тебе те; вие – вас ви – вас ве; тој, то: (тоа) – нему му – нег̄о г̄о; та: (таа) – нејзе е – неа (ј)е; тие – ними му – ними и; себе си – себе се.*

Лично-предметни заменки се: *кој, ко(ј)е – кому му – ког̄о г̄о,* мн. *коӣ (кои); некој, неко(ј)е – некому (му) – неког̄о (г̄о), некоја – на некоја*, мн. *некоӣ; никој, нико(ј)е – никому – никог̄о, никоја; секој, секо(ј)е – секому (му) – секог̄о (г̄о), секоја; ш(ч)о, нешчо, нишчо, сешчо; чи, чио, чија – чи: (чии),* сп. *Чи си, бре пиле? Чија е момичкана? Чи си, море момче? Чи: се децана?*

Показни заменки: *тој – нему му – нег̄о г̄о, та: (таа), то:*, мн. *тие; овај – овему (му) – овег̄а (г̄о), ова: (оваа), ова,* мн. *овие*; *онај – онему (му) – онег̄а (г̄о), она: (онаа), она,* мн. *оние*.

Со присвојно значење се употребуваат: *мој, моја, мое – моӣ; наш, -а, -е, -и; тфој, тфоја, тфое – тфоӣ, ваш -а, -е, -и; нег̄оф, нег̄о: (нег̄оа), нег̄о: (нег̄оо < нег̄ово), нег̄оӣ (нег̄ои – нег̄ови), нејзин, -а, -о, -и, нихни, -а, -о, -и // нимни*.

Општата заменка се јавува во формите: *сиот, сета, сето / сфе, сите; сиоф, сион*.

Глаголи. – Глаголскиот систем на охридскиот градски говор во поглед на граматичките категории не дава ништо посебно во споредба со другите западни говори. Некои разлики можат да се уловат само во поглед на фреквенцијата во употребата на некои форми. Така, на пример, глаголските форми со ‘има / нема’ + *н*-партиципот овде се многу чести. Сп.: *Имат работено, имат имано, имат дојдено; имаше дојдено, имал дојдено.* Исто така и конструкциите со ‘сум’ овде се многу чести, сп. *Сум биден. Овде сум дојден прет пед-г̄одини*. Од друга страна, пак, опаѓа фреквенцијата на класичниот перфект за непрекажани дејства, така што тој функционира овде, главно, како форма за прекажаност. Многу се ретки и формите на потенцијалот со *би*.

Кај простите глаголски форми се забележува силна тенденција за изедначување на глаголските основи. Во градскиот говор наполно се разложила *е*-групата. Глаголите што им завршува општиот дел на консонант се интегрирале во *и*-група, сп. *берит, сечит, перит*. Исто така во *и*-група преминале и глаголите кај кои коренската морфема завршува на *-е-* и на *-а-*, сп. *пеит, сеит, таит, ткаит*, одн. *пеӣт, сеӣт, ткаӣт, знаӣт*. Глаголите што завршуваат во општиот

дел на *-и-* и на *-у-* се интегрирале во *а*-група: *се мијаш, пијаш, шијаш, се обујаш, ќе чујаш.*

Во областа на глаголската флексија за охридското подрачје карактеристични се наставките за 1 л. едн. и 3 л. мн. на презентот, аористно-имперфектните наставки за 1 и 3 л. мн. и посебно наставката за глаголскиот прилог.

Во 1 л. едн. на презентот во градскиот говор се генерализирала наставката *-м* кај сите глаголи, сп. *викам, носам, одам, берам*, а во 3 л. мн. наставката *-еш*: *викееш, носееш, зборвееш, переш, сечееш, стојееш, пијееш, се смејееш,* одн. *вике:ш, носе:ш, пере:ш, сто(ј)е:ш, се сме(ј)е:ш,* по извршената контракција. Во 3 л. мн. како што се гледа, превладала наставката од старата *и*-група глаголи. Кај глаголите од *а*-група се извршила асимилација на секвенцата */ае/* во */ее/* > [*е:*], сп. *викаеш* > *викееш* > *вике:ш*. Удолженият вокал [*е:*] се пренесол и на другите глаголи: *носеш* > *носееш* > *носе:ш*.

Целата презентска парадигма во охридскиот градски говор ни се предлага во следниов вид:

викам	*берам*	*пијам*
викаш	*бериш*	*пијаш*
викаш	*берш*	*пијаш*
викаме	*бериме*	*пијаме*
викаше	*берише*	*пијаше*
викееш /	*береш* /	*пијееш* /
вике:ш	*бере:ш*	*пије:ш*

Во 1 л. мн. на аористот и имперфектот наставката се јавува во фонетската разновидност *-фме*, а во 3 л. мн. како наставка се оформила *-ја*, сп.:

викаф	*пијаф*	*носеф*	*се смееф*	*рекоф*	*пиф*
викаше	*пијаше*	*носеше*	*се смееше*	*рече*	*пи*
викаше	*пијаше*	*носеше*	*се смееше*	*рече*	*пи*
викафме	*пијафме*	*носефме*	*се смеефме*	*рекофме*	*пифме*
викафте	*пијафте*	*носефте*	*се смеефте*	*рекофте*	*пифте*
викаја	*пијаја*	*носеја*	*се смееја*	*рекоја*	*пија*

Во 3 л. */ј/* добиено прво како хијатски глас во секвенцата */иа/* се искористило како составен дел на морфемата *-ја* за да се избегнат вокалските контракции.

Во заповедниот начин глаголите од типот ‘пие’ имаат двојни форми: *пијај – пијајте* и *пи – пијте, напи се – напијте се, скри се – скријте се* – во вторава форма редовно без */ј/*. Кај глаголите од *и*-група во 2 л. мн. има наставка *-ијте* : *речијте, носијте, станијте*.

Во глаголската *н/ш*-форма кај глаголите што им завршува општиот дел на *-н-* се генерализирала наставката *-ат*, сп.: *паднат, станат,* исто така и: *женат, канат, наполнат, изронат*.

Глаголскиот прилог завршува на *-ејќи*: *викаејќи / вике:јќи, плачеејќи / плаче:јќи, носеејќи / носе:јќи*.

Прозодија. – Во областа на прозодијата охридскиот градски говор, и воопшто говорите од охридската група, не отстапуваат поосетно од другите западномакедонски дијалекти. Тој не познава фонолошки квантитет. Долгите вокали добиени со контракција, како во случаите *г̄ла:* (< *г̄лаа* < *г̄лава*), *вике:т̄* (< *викает̄*) и др. не се фонолошки релевантни. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Акцентот е фиксиран на третата мора од крајот во трисложните и повеќесложните збороформи. Како дистинктивен признак тој се користи во неколку одделни случаи, сп. *зим'ава, лет̄'ово* (прилози) : *з'имава, л'ет̄ово* (членски форми). Пошироко е застапена неговата фонолошка функција во разни видови синтагми, сп. во предлошките состави: *Падна 'од-дӑрво* (со прилошко значење) : *кутија од-д'ӑрво*. Во случаите како *изб'ере:т̄* (*избереет̄*), *прог̄'о:ри*, како и во вокативните форми кај повеќесложните имиња, на пр. *Гор'ицо:*, и други слични случаи, акцентот паѓа на третата мора, бидејќи долгите вокали имаат две мори. Вака се објаснува акцентирањето на пенултима и во глаголскиот прилог, сп. *нос'е:шчем* и во прилозите *недел''а:ва*, *г̄один'а:ва*. Ист е случајот и кај збороформите што содржат двоморни дифтоншки секвенци од типот *луб'е̯инца, крас-т̄'а̯ица, пол'о̯ина*. Отстапување од правилото за акцентирањето на третата мора покажуваат само неколку туѓи лексеми, на пр. *факулт̄'ет̄, докум'ент̄и, пробл'еми, мод'ерна, г̄арн'ет̄а, се̯пт̄'ембар, лет̄'еза* и др. Во случаите како: *одв'ај, од'ӑмна, т̄ам'ӑм* се работи за емфатичко акцентирање.

ПЕШТАНСКО-ЉУБАНИШКИОТ ГОВОР

Најблиску до градскиот охридски говор во охридско-струшкото подрачје стои говорот на приезерските села на југоисточниот брег на езерото – Пештани, Трпејца (Трпезица), Љубаништа, заедно со говорот на селата Тушемишта и Пискупија, кои се наоѓаат на јужниот брег на езерото на албанска страна. Од охридскиот градски говор пештанско-љубанишкиот се разликува само по следниве особености.

Фонемата /*а*/ овде има слободна дистрибуција во сите позиции на збороформите, што значи таа не се неутрализира со /*ӑ*/ во акцентиран неиницијален слог, сп. *бун'ариt̄е*, *клеп̄'алоt̄о*, *лив'адаt̄а*. Фонемите /*е*/ и /*о*/ независно од акцентот имаат само по̀ еден основен алофон [*е*], [*о*]: *чело*, *т̄е̯ит̄, ф̄т̄ори*. Вокалната група /*оа*/ во пештанскиот говор најчесто се реализира како секвенца /*ва*/, сп. *т̄ва* (*т̄оа*), *зат̄ва*, *т̄варено маг̄аре*, *т̄варка*, *никваш* (*никоаш* < *никог̄аш*), *секваш, сфал'ка* (*соал'ка* < *совал'ка*), *буква* (*букоа* < *букова*), *г̄от̄ва, дӑбва шума*, *нег̄ва*, во 3 л. мн. на минатото определено време: *реква* (*рекоа*), *дојдва, влег̄ва, остриг̄ва, п̄ресеква*. Во примерите: *Јо:н* (*Јоан*), *осно:* (*осноа* < *основа*) поради фонетски пречки развојот на групата /*оа*/ одел во друг правец – како во охридскиот. Фонетските околности ја попречиле исто така и загубата на /*в*/ и /*ј*/ во *ковач, моја*, *т̄фоја, броја(м),* а во *сова* и *чова* (*соа, чоа* < *соха, чоха*) се развил хијатски глас /*в*/. Оваа појава, ќе видиме подоцна, ја познава уште струшкиот говор и спорадично во одделни лексеми ќе ја најдеме и во западните периферни преспански села. Во Љубаништа во еден пример е констатиран и преминот на групата /*ое*/ во /*ве*/, сп. *чвек* (*чоек* < *човек*).

Во вокализмот како диференцијални по однос на охридскиот овде се јавуваат континуантот /*а*/ место сек. *ъ*$_2$ во *о҆ган* и во *лаи҆ца, лаи҆чарник* Пеш[2], замената на /*а*/ во /*е*/ зад /*ј*/ во неколку одделни случаи: *есен, (ј)еребица, г҆раничер* Љуб.

Во консонантизмот за пештанско-љубанишкиот говор карактеристични се: отсуството на фонемата /*х*/ и нејзината замена со /*в*/, одн. /*ф*/, сп. *мевлен, мувлосан, здивна, мавна, меф – мево҆т, вӑрф – вӑрвои҆, г҆раф – г҆рово҆т, г҆луф – г҆лува, кожуф – кожуви, уво, п҆ифт҆ија, т҆ифко,* потоа палатализираната реализација на веларите /*к, г҆*/ пред предните вокали, сп. *к'исел, к'иснит҆, вошк'и, заушк'и, мӑзул'к'и, п҆ӑршк'и, ќе заг҆'инит҆, шк'ембе* Пеш, *к'иска, сејк'ира, ук'ит҆* Љуб. Пештанско-љубанишкиот говор од градскиот се разликува освен тоа и по реализацијата на палаталните /*ќ, г҆'*/ и по секвенците /*ш т҆, жд*/. Фонемите /*ќ, г҆'*/ кога не се во иницијална позиција најчесто се реализираат како /*јќ, јг҆'*/, сп. *брајќа, п҆рибрајќа, сфајќа, кујќа, срејќа, домајќин, вејќе, нејќит҆, нојќе, нојќеска, п҆опајг҆'а, ливајг҆'е, п҆рејг҆'е, т҆акујг҆'ере,* па дури и *рајќија, сејќира*, наспоредно со *ӑрг҆'а* се слуша и *ӑрјг҆'а*, но: *ќерка, ќут҆, г҆'он, г҆'аол* Пеш – на почетокот; *кујќа, сфајќа* Трп. Изделувањето на палаталниот признак претставува почетна фаза во процесот на депалатализацијата и понатаму дефонологизацијата на основните гласови. – Бројот на случаите со /*ќ, г҆'*/ во овој говор е значително поголем, бидејќи тие се добиени овде и од секвенците /**ťьj*/, /**dьj*/, сп. *брајќа, цвејќе, п҆ликe, п҆риќе* (: *п҆лит҆, п҆рит҆*), *л'ујг҆'е, ливајг҆'е, о҆грајг҆'е.*

Групите /*ш т҆, жд*/ се реализираат како силно палатализирани [*ш'ч' – ж'џ'*], а често се слушаат и како [*ш'ќ – ж'г҆'*], сп. *г҆уш'ч'ер, уш'ч'е, сфеш'ч'а, о҆г҆ниш'ч'е, – веж'џ'и, чуж'џ'о,* односно: *г҆уш'ќер, уш'ќе, о҆г҆ниш'ќе, веж'г҆'и,* покрај *чуж'о, г҆л'уж'о҆т҆* Пеш. Но во Трпејца и во Љубаништа кај постарите можат да се сретнат и разновидностите /*ш т҆, жд*/ : *межда, вежда, сажди, п҆ришт҆ои҆т҆.*

Во ограничен број случаи во говорот на постарите претставници на односниов говор се чува и палаталниот назал, сп.: *коњ, п҆ланиње*, но *јадејне, п҆олина* Трп, Љуб.

Консонантските групи *-ст҆р-, -здр-* во пештанско-љубанишкиот говор не се можни, по правило тие се упростуваат со редукција на плозивите, сп. *сража, срам, сраф, среа, среда, срико, срижит҆, срој, сружит҆, сруја, сесра, зраф, зравје, зравец.* Групата *-ждр-* се избегнува по друг начин, сп. *жг҆ребе, жг҆репче* Пеш.

Преградната согласка /*т҆*/ често се губи и пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемска граница: *браче, г҆раче, п҆ače мало* (: *брат҆, г҆рат҆, п҆ат҆*).

За разлика од градскиот говор овде фонемите /*с, ш*/ пред /*ц, ч*/ на морфемска граница со суфикси алтернираат со /*ф*/, како во повеќето западни говори: *клас – клафче, мос – мофче, лис – лифче, фес – фефче, п҆расе – п҆рафци, мас – мафца, месо – мефце, круша – круфче, о҆п҆ашка – о҆п҆афче* Пеш. Меѓутоа, на морфемската граница со префикс овие гласови најчесто се губат, сп. *рацеп҆и, ќе рацут҆ит҆, г҆о рачеп҆и, рачеречи* (*расцеп҆и, расчеп҆и*). Пред /*ч*/ со /*ф*/ алтернира и /*ј*/ во вакви случаи: *кут҆ија – кут҆ифче, рајќија – рајќифче, шамија – шамифче.*

---

[2] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Бел(чишта), Биц(ево), Бор(овец), Вев(чани), Велес(тово), Виш(ни), Вран(иште), Врб(јани), Глоб(очица), Год(ивје), Гор(енци), Драс(лајца), Лаб(уништа), Лак(тиње), Лож(ани), Љуб(аништа), МВ (Мали Влај), Мис(лодежда), Мор(уништа), Оп(еница), Пеш(тани), Прис(овјани), Рад(ожда), Реч(ица), Слат(ино), Слив(ово), Стр(уга), Таш(маруништа), Треб(еништа), Трп(ејца).

Кога станува збор за консонантските групи да спомнеме дека во пештанско-љубанишкиот говор крајните секвенци *-сѓ* и *-шч* (< *-шѓ*) се среќаваат почесто отколку во градскиот говор, сп.: *бѐрсѓ, гросѓ, гѐрсѓ, пѐрсѓ, посѓ, чисѓ,* покрај *болес, радос* Пеш, *лосѓ, мресѓ, мосѓ, зѐблесѓ*, но *болес* Љуб, *пѐлешч, пришч* покрај *гл'уш, вешѓ* Љуб.

Разликите меѓу пештанско-љубанишкиот и градскиот охридски говор во областа на граматиката се минимални.

Кај именките и во пештанско-љубанишкиот дативниот однос се изразува аналитички, но не се непознати и синтетички форми во говорот на постарите говорни субјекти. Во нашиот материјал се среќаваат примерите: *Му рекоф Јакову*, *Му рекол Цвете да оѝѓ Погрàдец* Љуб.

Кај заменките покрај облиците *ја, јас, ѓи* се среќаваат и разновидностите со партикулата *-ка* : *јаска, ѓиска*. Во множината кај заменките за 1 и 2 л. се пазат разликите меѓу полните форми за дативен и директен објект, сп. *нас не, вас ве* (*виде*): *нам ни, вам ви* (*рече*), додека во 3 л. се употребува само обликот *ними* : *ними и* (*виде*) *ними му* (*рече*) Пеш, одн. *неми и* (*виде*), *на неми му* (*рече*) Љуб. Во 3 л. дативниот објект во Љубаништа почесто се изразува аналитички: *на негѡ му* (*рече*), *на неа му* (*даде*). Кратката форма *му* се генерализирала за сите лица како во еднината, така и во множината: *нему* / *на негѡ му рече, на неа му даде*, *ними* / *на ними му рече*. Другите отстапувања кај заменките се од фонетска природа, сп. *ѓива* (*ѓоа*), *сàта*, *сàто* : *сиоѓ, нејзин, негѵва* (*негѡа*), *нимно* Пеш. Овој говор ги познава демонстративно-присвојните заменки: *овегѵоф*, *овегѵва* (*овегѡа*), *овегѡ:* (овегово), *онегѵоф*, *онегѵва* (*онегѡа*), *онегѡ:* (*онегѡво*), *овејзин, онејзин, овифни, онифни*. Во градскиот вакви облици се среќаваат поретко.

Во глаголскиот систем треба да истакнеме дека во разгледуваниот говор *е*-групата сè уште не е наполно интегрирана. Таа се пази кај глаголите што им завршува општиот дел на вокалите *-и* и *-у*, сп. *виеѓ, се криеѓ, се миеѓ, пиеѓ, шиеѓ, чуеѓ, обуеѓ*. Кај овој тип глаголи и 2 л. мн. на заповедниот начин има наставка *-еѓе* : *измиеѓе се, собуеѓе се*. Во 1 л. едн. на презентот наставката *-м* редовно се јавува само кај глаголите од *а*-група: *викам, копàм, работàм – работàш,* додека кај другите глаголи таа се јавува факултативно, сп. *бера(м), не спија(м), стоја(м),* а редовно во *сум* и *нејќум*. Во 3 л. мн. на презентот и во овој говор се јавува само наставката *-еѓ*, меѓутоа без фонетското удолжување на вокалот /*е*/ што е карактеристично за градскиот говор, сп.: *ѓие викаеѓ* / *викеѓ, копàеѓ* / *копеѓ, имаеѓ* / *имеѓ, береѓ, носеѓ, нејќеѓ, ткаеѓ, спиеѓ, стоеѓ, купвеѓ*. По овој начин кај глаголите од типот 'пие, чуе' дошло до изедначување на 3 л. ед. и 3 л. мн.: *пија(м), пиеш, пиеѓ, пиеме, пиеѓе, пиеѓ*; *чуја(м), чуеш, чуеѓ, чуеме, чуеѓе, чуеѓ*. – Во минатите определени времиња само во 3 л. мн. кај глаголите од *о*-раздел има отстапување од градскиот говор, бидејќи овде групата /*оа*/, како што видовме, преминала во /*ва*/: *дојдва, реква, пресекùва* Пеш, Љуб. Во Љубаништа има тенденција кај овој тип глаголи во 3 л. мн. да се генерализира како основен вокал *-е,* сп. *дојдеја, оѓидеја, поседеја*, но *рекоја* покрај *реква*. Во Трпејца како наставка се оформила секвенцата *-ја* : *дојдоја, игрàја, кажàја, вардеја*. – Во Љубаништа во говорот на помладата генерација има тенденција во имперфектот да се генерализира една основа на *-е-* кај сите глаголи, сп. *имеф, имеше, имеше, имевне, имефѓе, имеја*; *кажвеф, кажвеше, кажвеше*, *кажвевне, кажвефѓе, кажвеја; клавеф, клавеше, клавеја; бареф,*

бареше, бареја; одеф, одеше, одеја, спрема: *имаф, имаше, имаше, имавне, имафте, имаја* Трп. Во Љубаништа и во Трпејца во 1 л. мн. почеста е наставката *-вне*, додека во Пештани превладуваат примери со *-вме*. – Во говорот на Љубаништа има колебање и во основниот вокал во аористот кај глаголите од *и*-раздел. Покрај формите: *затвориф, прифатиф, се измăчиф* и др. констатирани се и форми со *-е* : *се измачеф, се измаче, се измачеја*; *прифатеф – прифатеја, затвореф – затворе – затвореја,* спрема: *се измăчиф – измăчи – измăчија, затвориф – затворија* Трп. – Од глаголот 'сум' има и аористна форма: *биф, би, бифне, бифте, бија* : имперфект : *беф, беше, бефне, бефте, беја*.

Глаголскиот прилог овде е многу редок, но до колку се употребува, тој завршува на *-еќи* (*-ејќи*) : *викаејќи, носеејќи*, одн. *в'икајќи, н'есејќи, раб'отејќи* Пеш – со поместен акцент.

Форми со *би*, освен во клетви, не се констатирани.

По другите диференцијални црти карактеристични за градскиот охридски говор пештанско-љубанишкиот не се разликува.

ГОВОРОТ НА ДЕБАРЦА

Говорот на Дебарца ја опфаќа сета географска Дебарца на запад до Караорман, потоа рамничарските села на запад сè до линијата Мислеше(в)о – Моро(в)ишта – Драсла(в)ица. На исток тој граничи со преспанскиот и со централните говори. Дијалектната граница на тој дел оди по венецот што го чинат планините Галичица и Петрина сè до Буковскиот преслап, откаде што продолжува преку Голи Врв на Плакенската планина. Плакенската и Илинската планина го разграничуваат овој говор од централните. На северозапад планината Караорман го дели охридското од дебарското говорно подрачје.

Поголем дел од диференцијалните црти со коишто се разликува говорот на Дебарца од градскиот се од фонетско-фонолошки карактер.

Говорот на Дебарца не ја познава фонемата /*ă*/. Вокалниот систем се состои од пет фонеми:

и *у*

е *о*

а

Тие се реализираат поедначкво и во акцентирана и во неакцентирана позиција. Признакот заокруженост овде е редундантен, бидејќи вокалот /*а*/ од другите фонеми се диференцира само со признакот компактност. Освен тоа во разгледуваниов говор функција на силабема врши и /*р̥*/, кога се наоѓа меѓу два консонанта и/или на почетокот на зборoформите ако следи консонант, сп. *р̥шта, р̥гă, пр̥сти, вр̥ф,* а по загубата на /*х*/ се изменила дистрибуцијата во формите *вр̥ф, вр̥от, вр̥он, вр̥ој*.

Во поглед на дистрибуцијата на вокалите за овој говор се карактеристични две појави – стегањето на вокалните секвенци /*оа*/ во дифтонг [*о*^{а}] и на /*еа*/ во дифтонг [*ја*], сп.: *бро*^{а}, *бро*^{а}*т, сто*^{а}*т, зедо*^{а}, *него*^{а}, *то*^{а}*р, осно*^{а}, – *ља* (*леа*), *ња*

(*неа*), *стр̥ја* (*стреа*), *Петр̥ја* (*Петреа*), *Павл'ј̥а* (*Павлеа*), *овде ʲе живј̥ан* (*живеан*), *бј̥а* (*беа*).

Групата /*оа*/ многу често се реализира и како долго [*о:*]: *осно:, т̄о:р, ко:ч* (*коач*), *т̄ро:* (*т̄роа*), *секо:ш* (*секоаш* < *секог̄аш*), *со:л'ка* (*соал'ка*), *се засто:* (*засто̄а*).

Во ограничен број случаи вокалот /*е*/ се реализира како [*ј̥*] и во групите /*ое*/ и /*ае*/ : *г̄ој̥до, г̄ој̥дар, јазој̥ц, т̄р̄г̄ој̥ц, чој̥к*, покрај *чоек, ој̥ше* (*одеше*), *мој̥ше* (*моеше* < *можеше*), – *забор'ај̥но* (*заборaено* < *заборавено*), *знај̥фне* (*знаефне*). Сите овие промени се вршат само кога за тоа нема фонетски или семантички пречки, и кога вокалните секвенци не се настанати во резултат на состав на коренската и афиксната морфема, вклучувајќи ги и префиксите.

Во другите вокални секвенци ситуацијата е како и во градскиот говор. Две исти фонеми и овде се стегаат во долги алофони, сп. /*ее*/ > [*е:*] *не:ст̄а* (*невест̄а*), *п̄ре:ска* (*п̄рееска* < *п̄рег̄еска*), *вике:т̄* (*викеет̄* < *викает̄*); /*ии*/ > [*и:*] *зми:* (*змии*), *коп̄ри:*, *кори:* ; /*оо*/ > [*о:*] *нег̄о:* (*нег̄оо* < *нег̄ово*), *буко:, дедо:* (*дедово*); /*аа*/ > [*а:*] *г̄ла:* (*г̄лаа* < *г̄лава*), *сна:* (*снаа*). Групата /*ао*/ кај придавките исто така се стегнала во [*о:*] *п̄ало:* (*п̄алоо* < *п̄алаво*), *убо:* (*убаво*), и во други одделни случаи, сп. *бло:соф* (*блаософ* < *благ̄ослов*), но и: *п̄рао, здрао* (*п̄раво, здраво*).

Вокалните секвенци со /*и*/ како втор член на групата под веќе погоре споменатите фонетски услови доследно образуваат дифтоншки секвенци од по две мори [*еј̥, ај̥, ој̥, уј̥*]: *орej̥, г̄лај̥, г̄ој̥ој̥*, или во случаите со извршена метатеза: *водеј̥нца* (*водеинца* < *воденица*), *машт̄еј̥нца, сип̄ај̥нца*.

Од другите особености во вокализмот со коишто се диференцира овој говор од градскиот треба да се истакне континуантот /*а*/ за носовката **ǫ* во коренските морфеми, сп. *баботит̄, бабрит̄, бабуњосан, внат̄ре, г̄асеј̥нца, г̄насно, дабје, длабук, заби, јаг̄лен, јат̄ок, јадица, јадро, јажица, какол', кат̄ина, кат̄ници, кат̄ит̄, клап̄че, лачит̄, мат̄ит̄, п̄ат̄, п̄рат̄, рака, рабој̥, т̄рат̄, саноќ,* потоа: *јаг̄ул'а, јазик, јат̄р̥ва, јачмен, зајак,* и др. Се разбира, ист резултат има и за т.н. сек. *ъ*$_2$: *маг̄ла, маска, лај̥ца, т̄анко*. На крајот сек. *ъ*$_2$, како и во градскиот говор, пред /*л, н, в*/ преминал во /*о*/ : *рекол, п̄екол, јазол, ог̄он, мр̥т̄оф,* пред /*м*/ се развил во /*у*/ : *седум, осум*, а пред /*р*/ има /*а*/ : *вет̄ар, ит̄ар*.

Вокалното **ļ* доследно во сите случаи дало секвенца /*ол*/, сп. *болва, волк, г̄олт̄ат̄, колк, молчит̄, п̄олно*, итн.

Во областа на консонантизмот говорот на Дебарца од градскиот се разликува по отсуството на фонемите /*ф*/ и /*х*/, по реализацијата на латералот /*л*/, на /*ќ, ѓ*/ и на групите /*шт̄, жд*/.

Гласот [*ф*] се јавува само во алофонски статус на фонемата /*в*/ на крајот и пред безвучен опструент, сп. *офца, мафца, г̄реф, кр̥ф, беф – бефт̄е*. Во другите позиции се јавува /*в*/, сп. *вурна, воја* (*фоја*), *венер, вишек, се валит̄, вр̥л'ат̄, ват̄и п̄уст̄ина* Треб, *вит̄ил', вуст̄ан* Реч, Мис, *вес, виданка, винцал, каве* Бел, *вакат̄, вут̄а* Гор.

Фонемата *х* се загубила наполно на почетокот и во интервокална позиција, а пред консонант и на крајот е заменета со /*в*/: *нивни, ст̄ивна, видовне* Гор, *враф, вр̥ф, п̄аст̄уф, п̄аф̄тало* Лак, и во два-три случаја со /*к*/ : *икт̄иза, икт̄ибар* Гор.

Фонемата /*л*/ се јавува во два основни алофона – [*л*] пред вокал и [*ў*] – билабијален латерален фон – пред консонант и на крајот, сп. *п̄оўноќ, Веўг̄ошт̄и, боўно, воўна, беў, биў, доў, даў, коў* (: *колот̄ – кол'је*). Билабијалниот ало-

фон особено е изразен во јужниот дел на областа на линијата Волино – Требеништа – Оровник – Косел – Велгошти – Рамне – Велесто(в)о, додека во говорот на Дебарца степенот на лабијалноста е значително помал, понекогаш и незабележлив.

Фонемите /ќ, ѓ/ се реализираат во по две позиционални варијанти – со појачана фрикација пред задните вокали и на крајот [ќ, ѓ] и со помал степен на фрикација пред предните вокали [к', г']. Во однос на градскиот говор овие две фонеми овде се пофреквентни, имаат поширока дистрибуција, бидејќи во ред примери тие се јавуваат и на местото на прасловенските палатали **t' *d'*, сп: *веќе, врека, гак'и, домак'ин, куќа, ноќ, свека, стреќа, к'ерка, ќут, ќутит, – веѓа, граѓанец, меѓа, преѓа, преѓеска, саѓа, рѓа, туѓо, такуѓере*; редовно тие се јавуваат и во морфемите за глаголскиот прилог: *носеќи / носејќи,* во глаголските образувања со суфиксот *-ја(ва)* од типот *ваќат, раѓат, доаѓат, плаќат, виѓат*, како и во дериватите со суфиксот *-јанец* од типот *ориѓанец, броѓанец, граѓанец*. Освен тоа на овој терен и групите *-тј-, -дј-* (од **tьj, *dьj*) се изменили во /ќ, ѓ/, сп.: *браќа, враќа, плиќе, праќе, треќи, цвеќе, – ливаѓе, оѓраѓе, л'уѓе*. Во говорот на с. Горенци во речта на помладите говорни субјекти не ретко место /ќ, ѓ/ се слушаат и секвенците /јч, јџ/: *кујча, врајче, л'ујџе*, или само /ч/ на почетокот: *че, черка*.

Палаталниот назал /њ/ се среќава само во најсеверните села на пограничјето со кичевскиот говор, сп. *коњ – коњи, трње* Слив, *магарења, прасења, трње*. Год, *трње*, но *јарина, пилина* Врб. На другата територија од овој говор *њ* се дефонологизирало како и во градскиот говор, сп. *којн, сирејне, пилина*.

Во врска со реализацијата на консонантските групи */шт, жд/* говорот на Дебарца не е единствен. Во северниот дел на областа тие се реализираат како */шт, жд/*: *штица, штавеј, клешти, стрниште, машт'ејница, дождот, гл'уждоји, Брждани* Бел. Лак, *чуждо* Треб. Во јужните села, јужно од линијата Требеништа – Оровник – Велгошти превладува изговорот */шќ, жѓ/*: *свешќа, машќеа, врешќе, плешќи, сношќи, машќејница, горешќина, межѓа, дожѓоји* Гор, *огнишќе, пушќи, гл'ужѓоји* Велес, *гушќер, клешќи, огнишќе* Рамне. Географската распространетост на групите */шќ, жѓ/* укажува дека тие настанале во резултат на меѓудијалектен контакт, сп. *сфеш'ч'а* – во градскиот говор; *свеќа* – во Дебарца : *свешќа* – во граничните села. Потоа тој изговор се проширил и на целата група */шт/*, одн. */жд/* како во *огнишќе, клешќи, гушќер, дожѓот* итн.

Што се однесува до реализацијата и дистрибуцијата на фонемите /л', *s*, ц/, важи и за овој говор констатацијата за овие гласови во градскиот говор, сп.: /л'/ *л'уѓе, кл'уч, недел'а, постел'а, зел'ка, сол', жал'*; /*s*/ *семнит, supa, suври, sунит, sвер, јansa, се ганsат, менsа, мансер, naspe, sрцки, eserо;* /ц/ *ноце, бреце, цуце,* и др.

Во морфологијата на именките меѓу говорот на Дебарца и охридскиот наоѓаме разлики само во употребата на дативната флексивна форма кај личните и роднинските имиња од м. и ж. род. Во Дебарца таа е многу почеста, пообична, во говорот на постарите *на*-формите се многу ретки. Сп.: *Му рекол Стојану, Му стори абер Јанкулу, Му нарача Радету да донесит леј, Му даоф Илију тро: пари, Речи му Маркоје*. Кај именките од ж.р. како дативна наставка се јавува *-е* : (*Је рече*) *Маре, Цвете, Грозданице, тетке*.

Од множинските форми треба да ги истакнеме овде поради честотата збирните со наставката *-је* : *бозје, вирје, дабје, трајје, ридје, дрмуње, праќе, нивје,*

планиње, падиње, дудиње, враќе, ливаѓе, оѓраѓе. Од именките ‘нога’ и ‘рака’ и во овој говор се задржале старите двоински форми: *нозе, раце*.

Кај заменките како дијалектни карактеристики на овој терен се јавуваат формите: *ја* за 1 л. едн., показните *овај, онај*, посесивно-демонстративните заменки: *овеѓов, онеѓов, овејзин, онејзин*, и дативните облици: *нему, овему* / *овому, онему* / *оному*, за ж.р. *нејзе је, овејзе, онејзе*, и со посесивно значење: *Татко му овому беше кмет* Слив. И во говорот на Дебарца има тенденција да се генерализира дативната клитика *му* за сите лица и во еднинската и во множинската форма. Сп. *Му рекоф на мајка ми*, *Му дадоф на пилината вода* Гор.

Глаголскиот систем во говорот на Дебарца од градскиот отстапува по наставките за 1 л. едн. и 3 л. мн. на презентот, по множинските наставки за 1 л. на минатите определени времиња и по образувањето на глаголскиот прилог. Во 1 л. на презентот овде отсуствува наставката *-м* воопшто, дури и кај помошниот глагол ‘сум’, сп. *су*, *не су оден Кича:, ја ќе работа, носа*, *бера, ора*. Во 3 л. мн. се употребуваат две наставки: *-ат* и *-ет*. На *-ат* завршуваат глаголите од *и-* и *е*-група, додека наставката *-ет* е ограничена на глаголите од *а*-група, сп.: *носат, пал’ат, мол’ат, сечат, јадат, ткат, сѣат* (*сеат*), *пијат* : *имеет* (*име:т*), *викеет, копеет, иѓреет*, *збиреет,* или во контрактирана форма: *име:т, копе:т,* итн. Наставката *-ет* кај глаголите од *а*-група се употребува на исток сѐ до линијата Врбјани – Сливово – Слатино – Велмеј – Брежани – Речица – Скребатно – Рамне. Јужната граница на наставката *-ат* кај глаголите од *е-*/*и*-група допира до линијата Требеништа – Оровник – Лакочере(в)и – Велесто(в)о – Коњско. Во с. Горенци *-ет* се генерализирало кај сите глаголи, сп. *спиет, предет, водет, викеет*.

По однос на глаголските групи треба да истакнеме дека на теренот на Дебарца во *е*-група се задржале само уште глаголите што им завршува општиот дел на *-и* и на *-у* од типот *спиет, се миет, пиет, чует, обует*, како во пештанско-љубанишкиот говор.

Наставката за 1 л. мн. на минатите времиња се јавува во разновидноста *-фне* : *имафне, рекофне, бефне*. Во 3 л. мн. не се развило хијатско /j/, па поради тоа доаѓа до фонетски измени, сп.: *бѣа* (*беа*), *носѣа* (*носеа*), *седѣа* (*седеа*), *дојдо:* (*дојдоа*), *има:* (*имаа*), освен во најјужните села, каде што под влијание на градскиот говор како наставка се јавува *-ја* : *рекоја, донесоја, окосија* Треб.

2 л. мн. во императивот кај глаголите од *и*-група завршува на *-ете* : *носете, земете, сечете, купете*.

Глаголскиот прилог е жива категорија и се образува со наставката *-(е)ќи*, одн. *-јќи* на целата територија на односниов говор, сп. *работеќи, ораќи, сечеќи* Год, *оде:ќи, седе:ќи* Треб, *копајќи, вр̀тејќи* Слат. Во крајните југоисточни села наспоредно се употребуваат и прилошки образувања со наставката *-еќу* : *седеќу* Оп, а во најјужните села се среќаваат и форми на *-ешкум*, како: *молчешкум, крадешкум* Гор, поретко и образувања на *-ешќем*: *викаешќем, седеешќем* Гор, кои по структурата одговараат на охридските *викаешчем, седеешчем*.

СТРУШКИОТ ГОВОР

На струшкиот терен можеме да изделиме три помали говорни индивидуалности: струшкиот говор во потесна смисла на зборот, **вевчанско-радошкиот** и торбешкиот струшки говор.

Струшкиот говор ги опфаќа градот Струга и селата: Враниште, Октиси, Вишни, Лабуништа, Подгорци, Боровец, кои се наоѓаат на западниот дел од реката Дрим, и Присовјани, Глобочица, Брчево, Боговица, Ташмаруништа и Ложани, кои се распоредени по десната (источната) страна на Дрим.

Фонологија. – Струшкиот говор по своите основни карактеристики стои најблиску до градскиот охридски говор. И тој ја познава фонемата /*ă*/, што значи дека неговиот вокален систем се состои од шест вокални фонеми:

и		*у*
е	*ă*	*о*
	а	

Фонемата /*ă*/ историски и овде е добиена како континуант на **ǫ* во коренска морфема, сп. *гр̆ади, з̆аби, ј̆аглен, ј̆адица, к̆аде, к̆асаш, м̆ака, п̆аш, р̆ака,* или во случаите каде што **ję > *jǫ*: *ј̆азик, ј̆ачмен, ј̆адро* Стр, *гн̆асно, гаӂва, ј̆аже, др̆ак* Глоб, *ј̆агул'а, м̆адро, п̆аш, р̆ака, скăй, тăга*·Прис, *ј̆агурец, ј̆ачмен, л̆ачиш, р̆аци* Таш, *гăзер, ј̆адица, ј̆азик, м̆ашка, пр̆ачка, п̆аш* Лож. По оваа црта струшкиот се поврзува и со дебарскиот, со кој преку малесиските села Збажди, Локов, Селци сочинува континуиран ареал.

На сето струшко подрачје каде што **ǫ* е заменето со /*ă*/ иста вредност наоѓаме и место сек. *ъ*$_2$ во почетен слог, сп.: *б̆адник, л̆аг̃а, м̆аг̃ла, м̆аска.* На крајот, пак, пред сонантите има различни вредности – пред /*н, р*/ редовно стои /*а*/: *ог̃ан, вет̆ар, добар, ит̆ар, ј̆адар*, пред /*л*/ наоѓаме само /*о*/: *рекол, п̆екол*, а пред /*м*/ во потесното струшко подрачје има /*у*/: *седум, осум*, додека во некои периферни села се јавува /*о*/: *седом, осом, седомдесеш* Прис, Виш.

На разгледуваниов терен вокалното **ŗ* дало секвенца /*ăр*/: *д̆ърво, г̃ăрло, с̆ърна.*

Место вокалното **ļ* се среќаваат две вредности – /*ăл*/ во градскиот говор и во најблиските села, сп. *в̆ълк, в̆ълна, г̃ăлташ, д̆ълг̃о, ӂълш, к̆ълниш, м̆ълзиш, п̆ълно, п̆ължаф* / *п̆ълцаф, с̆ълза* Стр, Виш, Вран, и /*ол*/ во северниот дел на говорот: *болва, волк, жолш, јаболко, молзачка* Лож, *болви, волна, молзница, жолшок* Таш, *болва, волк, молкниш,* покрај *б̆ăл'ваш, ӂăлшица, к̆ăлник* Глоб, *болва, долг̃о, молчиш, полцаф,* но и *г̃ăлташ, к̆ăлниш, с̆ăнце* Прис, *долцина, јаболко, молзиш, полцаф, ползиш, толчиш* : *с̆ăнце,* и /*ăл*/ зад веларните /*к, г*/: *г̃ăлташ, г̃ăлшка, к̆ăлк, к̆ăлчка, к̆ăл'ваш, к̆ăлниш, к̆ăлбаси,* покрај *лукаj̆нци* Виш.

Фонемата /*ă*/ во ред случаи се јавува и место /*а*/ најчесто зад сонантите /*м, н*/, сп. *м̆ашиња, м̆амиш, м̆амеj̆ница, знăj̆ш, снăг̃а, познăj̆ница, измăмч, м̆ашка* (< *машка*), *м̆акар, знăел, к̆ăнтар, м̆ăнг̃ал* (т. mangal), *м̆ăнг̃ар* (т. mangar), *с̆ăндак* (т. sandık), во неколку лексеми и во соседство со /*j*/: *к̆ăјче, одăјче, ј̆ăсика, ј̆ăг̃ошка, ј̆ăг̃лика, ј̆ăг̃урина* Виш, и зад /*з*/ во *з̆аш, з̆ăр, з̆аек* Лаб, *п̆ăјак, з̆ăјак* Бор (: *з̆ек* Виш).

Со /ă/ се заменува турскиот вокал /ı/ во турските заемки, сп. *зăбан* (т. zıbın), *зăмба* (zımba), *зăндан* (zından), *кăна* (kına).

За разлика од охридскиот говор, струшкиот не ја познава измената на /а/ со /ă/ во нагласен неиницијален слог, сп. *ар'амија, маг'арето, ов'а-дете*, итн.

Вокализмот на струшкиот говор се одликува со цела серија дифтоншки секвенци настанати со десилабизација на предните вокали /*и, е*/ и на задните лабијализирани, главно /*о*/, во одделни лексеми и /*у*/.

Фонемата /*и*/ како прв член во група со сите вокали се десилабизира во [*i̯*] образувајќи со следниот вокал двофонемна дифтоншка секвенца: /*ие*/ > [*i̯е*], /*иа*/ > [*i̯а*], /*ио*/ > [*i̯о*], теориски би можело и /*иу*/ да премине во [*i̯у*], но во нашиот материјал немаме потврда. Овие измени се позиционо ограничени. Тие не можат да се вршат на границата меѓу лексички морфеми од основата, вклучувајќи ги тука и службените зборови, сп. *ниеден, иако*, или со префиксите: *приака, приоди, приучи* и др. Оваа појава е ограничена само на струшкиот говорен ареал. Сп. примери:

/*ие*/ > [*i̯е*]: *измиен* > *измi̯ен, го фатие* > *го фатi̯е* Стр;

/*иа*/ > [*i̯а*]: *ловциа* > *ловцi̯а, копрi̯а, раќиа* > *раќi̯а, машти̯а* (*машциа*), *судi̯а, шамi̯а* Стр, *почi̯ало* (*почиало* < *почивало*), *прежi̯ат* (*прежиат* < *преживат*), *прежi̯ач, спi̯а* (*спиа), мămелеци̯а, сиромашти̯а, пi̯ач* (*пиач*) Таш, *спi̯а* Вран;

/*ио*/ > [*i̯о*]: *бел'i̯от* (< *белиот*), *цăрнi̯от, сечi̯о* (*сечио*), *печi̯о* (*печио*), *варi̯о* (*варио*) Стр, *глувi̯от* (*глувиот*), *слабi̯от, простi̯от, сi̯ одвит* (*си-одвит*) Таш, *цел'i̯от, нивнi̯от* Лож.

Вокалот /*е*/ исто така во секвенци со задните вокали образува дифтонзи: /*еа*/ > [*i̯а*], /*ео*/ > [*i̯о*]. Промената на групата /*еа*/ во [*i̯а*] позната е на поширок ареал во Западна Македонија. Констатирана е во говорот на Дебарца и готово на целото преспанско говорно подрачје, а во нешто поограничена мера се среќава и во некои кичевски и демирхисарски села. Меѓутоа, промената на /*ео*/ во [*i̯о*] ограничена е само на струшкиот терен, и повеќе е изразена во говорот на селата. Сп. примери:

/*еа*/ > [*i̯а*]: *н'i̯а* (*неа*), *се смi̯а* (*смеа*), *гл'i̯а* (*глеа* < *гледа*), *испi̯ано* (*испеано*), *черi̯а* (*череа* < *черева*) Стр, *отсi̯ан* (*отсеан*), *л'i̯а* (*леа*), *изл'ал* (*излеал*) Таш;

/*ео*/ > [*i̯о*]: *черi̯о* (*черео* < *черево*), *л'i̯онка* (*леонка*), *н'i̯ол'а* (*неол'а*), *орi̯от* (*ореот*), *Петрi̯о* (*Петрео* < *Петрево*) Стр, *орi̯он* (*ореон*), *тел'i̯о* (*телео* < *телево*) Таш, *Петрi̯о* (*Петрео*), *Стол'i̯о* (*Столео* < *Столево*) Вран, *черi̯о* Виш, Лаб.

Широко е распространета на струшкиот терен и десилабијализацијата на /*о*/ во /*в*/ во вокалните секвенци /*оа*/ и /*ое*/, сп.:

/*оа*/ > [*ва*]: *квач* (*коач* < *ковач*), *тва* (*тоа*), *твар* (*тоар* < *товар*), *тварено магаре, некваш* (*некоаш* < *некогаш*), *никваш, негва* (*негоа* < *негова*), *буква* (*букоа* < *букова*), *дабва, свал'ка* (*соал'ка* < *совал'ка*), *водвач* (*водоач*), *чва* (*чоа*) Стр, *сва* (*соа*), *наквално* (*наковално*), *готва* (*готоа*), *ства(м)* (*стоам*), *ства* (*стоа*) Таш, *неква* (*некоа*), *никва* (*никоа*) Виш, *твар, квач, негва, наквално, Глигорва* (*Глигороа* < *Глигорова*), но *Јо:н, осно:* (*Јоан, осноа*) Драс, *ква* (*коа*), *ства* (*стоа*), *тва* (*тоа*) Лож;

/*ое*/ > [*ве*]: *чвек* (*чоек* < *човек*), *гведо* (*гоедо*), *гведар* Виш, *јазвец* (*јазоец* < *јазовец*), *рекве* (*рекое*, 3 л. мн. аор.), *зедве, дојдве* Стр, *квел* (*коел*), *гвечко* (*гоечко*), *чвек, чвечки, ствел* (*стоел*) Таш, *ствет* (*стоет*), *најдве* (*најдое*),

јазвец, тӑрг̄вец (*тӑрг̄оец* < *тӑрг̄овец*), *г̄ведо*, *ст̄веше* (*ст̄оеше*), *рекве* Драс, *чвек, г̄ведо* Вран, Лож.

Во одделни случаи појавата се морфологизирала. Така, на пример, придавската форма за с.р. *нег̄во:* (*нег̄оо* < *нег̄ово*), *букво:* (*буково*), *дӑбво:* (*дӑбово*), и др. слични се образувани според формите за ж.р., сп. *нег̄оа* > *нег̄ва*, и според овој облик преобразувана е целата парадигма: *нег̄оф – нег̄ва: – нег̄во:* (место очекуваното *нег̄о:* < *нег̄оо* < *нег̄ово*).

Таму каде што фонетските услови не допуштаат, процесот одел по друг пат, сп. *осно:* (< *осноа* < *основа*), *Јо:н* (*Јоан* < *Јован*), *т̄ро:* (*т̄роа*), *кре:т̄* (< *кроет̄*), *по̣ли* (*п̄оели* < *п̄овели*), или во *г̄реот̄*, *бре:* (*брое*), *бре:т̄* (*броет̄*), *бре:л* (*броел*), *г̄ојадар,* и *г̄ојадо* Стр, покрај *г̄ведо,* – или пак процесот се задржал, како на пример, кај глаголите од типот: *ст̄иет̄, жниет̄, шиет̄,* во заменските форми *мие, т̄ие,* и др. Меѓутоа, во ваквите случаи вокалните секвенци се разделуваат со слабо артикулирано [ʲ], сп. *ст̄иʲет̄, виʲе, миʲе*, или *биʲол, г̄реʲот̄а,* покрај *биол, г̄реот̄а.*

Сите споменативе појави во помала или поголема мера се познати на целото струшко говорно подрачје. Меѓутоа, тие се пофреквентни во западниот дел на областа на пограничјето со албанскиот јазик на правецот Боро(в)ец – Вевчани – Вишни – Радожда. – Измените на групите */оа, ое/* во [*ва, ве*] освен во струшкиот се среќаваат, видовме, и во говорот на охридските села Пештани и Љубаништа, и во одделни лексеми, како лексикализирана појава, се констатирани во преспанските села што се наоѓаат на југозападниот брег на Преспанското Езеро. – Уште поширок ареал, како што спомнавме, зафаќа промената извршена во секвенцата */еа/*.

Другите вокални групи се реализираат како во охридските говори. Групите со */и/* како втор член */еи, аи, ои, уи/*, како и во сите други западни говори, се измениле во дифтоншки секвенци: *е̣ј, а̣ј, о̣ј, у̣ј*, сп. *ст̄ре̣ј* (*ст̄реи*), *ле̣ј* (*леи*), *г̄ла̣ј* (*г̄лаи* < *г̄лави*), *п̄ра̣ј* (*п̄рави*), *лебо̣ј* (*лебои* < *лебови*), *по̣ло̣ина* (*п̄о̣ло̣ина* < *п̄о̣ловина*). Исто и во секвенцата */еи/* добиена со метатеза на *-ни-* во *-ин-* во примери од типот *воде̣ница* (*водеинца* < *воденица*), *т̄опе̣ница* и др. – Два исти вокали се стегаат во долг фонетски глас, сп. *ова:, она:, ра:т̄* (*оваа, онаа, раат̄*), *п̄е:т̄* (*п̄еет̄*), *сече:т̄* (*сечеет̄*), *оде:шчи* (*одеешчи*). Групата */ае/* во повеќето села се асимилирала во [*ее*], сп. *зе:к* (*заек*), *зне:т̄* (*знает̄*) Виш, *зе:ци, зне:* (*знае*), *зе:дно* (*заедно*), *де:т̄* (*дает̄*), *де:н* (*даен*) Таш. Од другите вокални секвенци не можат да стојат уште оние што имаат како прв член */у/*; тие по правило се разбиваат со вметнување на */в/*, сп. *мува, суво, руво, п̄азува.*

Другите вокални промени се исти како во охридскиот. Само да истакнеме дека на струшкиот терен бројот на примерите со */у/* место */о/* како во акцентирана, така и во неакцентирана позиција е значителен, сп. *г̄уве̣ит̄, убет̄ка, ушче, дури, т̄акуг̄ере, кун, јӑг̄ут̄ка, кумендја, кумисја*, и др.

Консонантскиот систем на струшкиот говор го сочинуваат следниве 25 фонеми:

б п̄		*в ф*	*м*		
д т̄	*ѕ ц*	*з с*	*н*	*л*	*р*
	џ ч	*ж ш*		*л’*	
г̄ ќ			*њ*		*ј*
г̄ к					

Во поглед на реализацијата некои посебности покажуваат само фонемите /г̄ - к/ и /ѓ - ќ/. Веларните /г̄ - к/ имаат по два алофона – [г̄ - к] пред задните вокали, пред консонант и на крајот и [г̄' – к'] пред предните вокали, понегде и во одделни лексеми тие преминуваат дури и во /ѓ – ќ/, сп. *ќитка, Ќиро, ќирија, раќја* (*раќиа*), *сеќира, ретќи, широќи*.

Фонемите /ѓ – ќ/ како палатални фонови се реализираат, главно, во селскиот говор. Во градскиот говор тие како самостојни гласови се јавуваат на почетокот и на крајот, додека во средината по правило се реализираат како секвенци /јѓ – јќ/, сп. *ќерка, ќор, ѓаол, ѓон, ноќ,* но: *кујќа, сфајќа, брајќа, л'ујѓе*. Во речта на помладото поколение овие два гласа се многу ретки, или воопшто не се слушаат, бидејќи се дефонологизирале преминувајќи во /ч – џ/, одн. /јч – јџ/, сп. *че, брајча, цвејче, кујча, несрејча, да очорит, срејча, сфајча, домајчин, шејчер, нејчу, л'ујџе, ливајце,* па дури и во *чиселина, рајчија* / *рајча*.

Историски /ѓ – ќ/ на овој терен се добиле со палатализација на групите *-тј-, -дј-* (< **tьj, *dьj*): *браќа, цвеќе, рабоќе, бруќе, праќе, – воѓе, ѓармаѓе, ливаѓе, лобоѓе, оѓраѓе,* и во извесен број лексеми место прасловенските палатали **t' *d'*, сп. *веќе, куќа, ноќ, по(ј)ќе, среќа, несреќа, ќерка, домаќин*, во партикулата *ќе* / *ќа*, и во формите на глаголот *нејќум, – меѓу, ăрѓа, уѓе, такуѓере* Виш.

Старите палатали **t' *d'* на струшкото говорно подрачје, како и во градскиот охридски говор и соседните дебарски говори, се рефлектирале во /шт, жд/, одн. /ш, ж/, сп.: *врешче, ѓашчи, мăшчја, мăшчеја, сфешча, фашчат, вращчат, носеешчи, – вежа, межа, сажи, ѓражани, чужина* Стр, Вран, *ѓашчи, лешча, плешчи, свешча, вежа, межа, прежа, сажи, чужо* Драс, *плечши, сфешчи, ношчи, вижат, прежа* Таш, *свешќа, плешќи, вежѓа, межѓа, прежѓа, сажѓи, чужѓи* Лож, *ѓледаешти, виждат, поѓождат* Глоб, *ѓашти, межда, чуждо* Лаб, *плешти, прашта, викеːшти, веждица, прежда* Виш.

Приведениве примери нè водат кон заклучок дека во градскиот говор и во најблиските села Врањиште, Драслајца, Ташмаруништа превладуваат секвенците /ш, ж/, во Ложани тие се реализираат како /шќ, жѓ/, додека во другите села се пази стариот изговор на групите /шт, жд/ во сите позиции, сп. *шчица, нешчо, шчавеј, оѓнишче, ѓл'ужој, дожот* Стр, *ѓушчер, шчука, оѓнишче* Таш, – *нишќи, шќица, ѓушќерица, стăрнишќе* Лож, – *ѓуштер, клешти, рутиште, дуждалник* Прис, Виш, Лаб.

Меѓу градскиот и селскиот говор има разлики и во поглед на дистрибуцијата на назалниот палатал /њ/. Во градскиот говор оваа фонема е доста ретка. Може да се сретне во одделни случаи само во говорот на постарото поколение, и тоа, главно, во морфемата за збирна множина *-ње*, сп. *тăрње, планиње, камење*. Младите генерации веќе не ја употребуваат, сп. *којн, јарина, навланчина, бана, пенушка, сирејне*. Слична е положбата и во селата Врањиште и Драслајца, сп. *камење, тăрње, планиње* : *кучина, полина* Вран. Меѓутоа, во говорот на селата таа има поширока дистрибуција, сп.: *коњ, бања, камења, планиње, ѓумење, јадење, орање, дечиња, телиња* Лаб, *коњи, сирење, телиња* Бор, *коњи, јадење, пилиња* Виш, *дрење, носење, мориња* Глоб, *свиња, ждребиња* Таш, *дење, свиња, ѓодиње, жниење* Прис, *коњ, пиралчиња* Лож.

Фонемата /s/ во струшкиот, како и во охридскиот говор, е значително пофреквентна отколку во другите западни говори, сп. *блаse, нose* / *нosи, белesи, кофчesи, полosи,* и во група со сонантите: *молsам, солsи, јănsа, наspe,* пред вокал: *suc, семнит*, и редовно во група со /в/: *свер, свечит, свезда* и др.

Фонемата /џ/ и овде се јавува редовно место /ж/ пред деминутивната наставка *-е* : *бреџе, полоџе, ноџе, стоџе*, и во групите /џб/ и /џг̃/: *џбарат̃, џг̃урат̃* Лаб, Бор.

Фонемата /х/ струшкиот говор не ја познава. Таа се загубила наполно на почетокот и меѓу вокали, а на крајот и пред консонант по правило преминала во /в/, во одделни случаи и во /ф/, сп. *евла, мевлен, мувлосан, чевли, ќе мавнит̃, бафча, бофча, моф – мофт̃а, п̃олф – п̃олфој, кожуф – кожуфи,* во морфемите за минатото определено време: *беф, бефме, бефт̃е*. Само во по некој пример и во оваа позиција таа се загубила наполно, сп. *дуна вет̃ар, вет̃, мул'ја* (*мулиа*), *т̃ула* Бор.

Од другите фонетски појави, значајни за дијалектната диференцијација на западното наречје, ќе ги одбележиме:

– пополнувањето на групите /ср, зр/ со дентален плозив: *стреќа, стреда, страмот̃а, стребро, здрел, здрак* Виш, Прис;

– промената на групите /бн, вн/ со /мн/: *демнит̃, семнит̃, мнук, о г̃ламник, нимно,* покрај *п̃левна* Виш, *нимни онимни* Прис;

– алтернациите на фрикативните /с, ш/ пред африкатите /ц, ч/ на морфемската граница со /ф/: *мафца, мефце, п̃рафци, п̃ојафче, круфче*, поретко и на морфемската граница со префикс: *ифчист̃и, се ифчади, се ифчаши* Лаб;

– асимилацијата на /з, ж/ зад сонантот /л/ во африкат: *молѕит̃, солѕи, п̃олџаф, олџица,* и на секвенците /жб, жг̃/ во /џб, џг̃/: *џбун, џбарат̃, џг̃ан, џг̃лет̃, џг̃урало*;

– промената на /с/ во /ц/ во секвенцата /п̃с/ : *цојсан* (< *п̃совисан*), *т̃ецја, стиц̃а* Виш, *прокоп̃ан, стиц̃а* Драс, *цалвит̃, цалт̃ир* (*п̃салт̃ир*) Лаб, како и во групата /нс/ во одделни лексеми: *дој̃нце* (*донесе*), *ќе дој̃нцит̃, дејнцка* (*денеска*);

– како и загубата на плозивот /т̃/ пред африкатите /ц, ч/ : *цојса, цалт̃ир, цалвит̃, – ченка, чеј̃нца, чела*.

Не се без интерес и промените на консонантите извршени во лексемите: *чужџо* (*т̃уг̃о*), *черг̃а, кнок, кночко* покрај *т̃нок, п̃есма, п̃риказма, г̃лобок, кланик*.

Метатеза освен во групата *-ни-* во *-ин-* кај многусложните збороформи од типот *водеј̃нца, цепеј̃нца, п̃укај̃нца*, констатирана е и во лексемите: *ларо* (*рало*), *алт̃ица, п̃окират̃, чеп̃урка* Бор, *лојзе* Таш покрај *лозје* Стр, Виш.

Испуштањето на консонантите /в, ј, д/ и други е широко распространета појава и во струшките говори. Сп. примери:

/ј/ *Македоњ̃а* (*Македониа*), *раќ̃а* (*раќиа*), *шамј̃а* (*шамиа*), *број̃т̃* (*броит̃*);

/д/ *сеј̃т̃* : *седа, ој̃т̃* : *ода, јај̃ш* : *јадет̃*;

/в/ *г̃ла:, не:ст̃а, т̃вар* (*т̃оар*), *чвек* (*чоек*), и др.

Поцврсто овие гласови се држат во оние случаи кога вршат некоја морфолошка функција, или кога се јавуваат фонетски пречки. Така, на пример, /ј/ добро се пази во примери од типот *броја, моја*, кај глаголите од типот *крије̇т̃, стије̇т̃*, па кај заменките *мије, вије, које, моје*, и др.

Во консонантски групи најчесто се испушта /т̃/, сп. *радосни, п̃осно, – мошне, п̃лешки,* на крајот во групите *-ст̃, -шт̃*: *п̃омош, п̃риш, дош, ѕис*, покрај *ѕист̃* Виш. Согласката /п̃/, видовме, се испушта пред африкатите на почетокот на збороформите, сп. *цојса, цалт̃ир, цалвит̃, ченка, чеј̃нца, чела* Драс, покрај *п̃цојса, п̃ченка, п̃чела* Глоб.

Од дијалектен аспект вреди да се истакне дека во западните периферни струшки села во неколку лексеми се запазила фонемата /ч/ во групата **čr-*, сп. *чӑрвец, чӑрвоса, чӑрвеӭнца, чӑрӣӣт* Виш. Групата *чере-* има поширок ареал*: черетна, черен, чересло, черӭо* (< *черео* < *черево*).

Овде би сакале посебно да ги истакнеме оние фонетски процеси што се во тек. Меѓу нив, како што видовме, најмногу до израз доаѓа тенденцијата во градскиот говор да се дефонологизираат палаталните консонанти. Во говорот на помладото поколение во Струга палаталниот ред на консонантите */њ, ќ, ѓ/* е ликвидиран со изделување на палаталниот признак во посебна фонема, сп. *коњ* > *којн, куќа* > *кујча, л'уѓе* > *л'уӭе*, или со негово полно губење, сп. *бања* > *бана, ӣилиња* > *ӣилина, ќе* > *че, ќерка* > *черка, ѓаол* > *ӭаол, ѓон* > *ӭон*. Овој процес ги зафатил и случаите каде што се */ќ, ѓ/* добиени од */к, г/* пред */и/*, сп. *ракиа* > *раќиа* > *раќӭа* > *рајча, сеӭчира*. Во рамките на оваа тенденција може да се објасни и метатезата извршена во секвенцата */л'ј/* во */јл'/* во примерите *ӣојл'ак, војл'а, невојл'а*.

Граматика. – Кај **именските зборови** за струшкиот говор карактеристични се две појави – искажувањето на дативниот и на директниот објект со предлогот *на*. Дативната *на*-конструкција е општа појава на целото струшко говорно подрачје, сп. *Му дал ӣари на Никола, Му рекол на Спасеӣа д-оӭӣ на Дрим, Је рекоф на Цвеӣа да доӭӣ* Стр., *Речи му на Абаза нека ӣреӣӑрчиӣ наваму* Бор. *Је сӣоре абер на Ленка* Виш. Искажувањето на директниот овјект со *на* ограничено е на градскиот говор и, главно, во речта на помладото поколение од претшколска и школска возраст. Сп.: *Го викна на Но:мчеӣа, Го фаӣи на Кузеӣа за рӑка* Стр. Овој *на*-објект ограничен е на лични и воопшто на одушевени именки. Во говорот на струшките села вакви форми се необични. Сп.: *Го виде Јончеӣа / Стојана / Марка, Је викна Милица*. Во поисточните села можат да се сретнат дури и синтетички дативни форми, сп. *Му ӣорӑчаф Кӑрсӣану / Трајану / Маркоӣу / Тодеӣу*, покрај: *Му рекоф на Кӑрсӣана / на Марка / на Тодеӣа* Драс. *Му ӣриврескаф Вел'јану / Николу* Вран.

Во множинските категории кај именките струшкиот говор не покажува поголеми отстапувања од охридскиот и од другите западни говори. Кај именките од м. и ж.р. е во жива функција и збирната множина, сп. *ӣӑрње / ӣӑрјне, дӑбје, бруќе, ӣрӑќе, нивје* Стр, *враќе, ливаѓе, оѓраѓе, камење* Бор, *враќе, рабоќе, воѓе, ливаѓе, оѓраѓе, лобоѓе, боринье, ӣланиње* Виш. Кај именките од ж.р. на *-а* има тенденција да се генерализира наставката *-и* и на лексемите 'нога, рака'. Така, покрај старите облици *нозе, рӑце* се употребуваат и формите *нози, рӑци* Виш, Таш. Множинските форми на *-а* кај именките од м.р. се многу ретки кога е именката придружена со бројот 'два', сп. *два ӣетли, куӣи два лебоӭ* Стр. Сп. други множински форми: *лакӣи, ноктӣи; дедофци, ӣаткофци, ӣетинофци*, но и: *дедоӭ, ӣаткоӭ, ӣетиноӭ, вујкоӭ, зеӣоӭ, чичкоӭ, сӣрикоӭ*, и *лакӣоӭ, ноктоӭ* Виш; *ридишӣа, сонишӣа* Таш. Кај именките од с.р. сѐ повеќе продира множинската наставка *-ишӣа* (*-ишча*) со неутрално значење, сп. *времишӣа, дечишӣа,* покрај *времиња, дечиња, јаѓнишӣа* покрај *јаѓанца* и *јаѓниња* Виш. Формите со наставката *-ци* од типот *ӣелци, ӣрафци, ӣилци* повеќе се чувствуваат како збирни, спрема множинските *ӣрасиња, ӣелиња*.

Од остатоците од старите падежни форми впечаток прават акузативната *цӑрков*, која се употребува денеска како општа еднинска форма, и *Стругав*, сп. *идиш от Стругаф*, *беф Стругаф* (< *Стругах*).

Морфеми за категоријата определеност кај именките се: *-от* (*-та*, *-то*, *-те*, *-та*), *-он* (*-на*, *-но*, *-ни*, *-на*), *-ов* (> *-оф* : *-ва*, *-во*, *-ви*, *-ва*), сп. *дворот*, *гласот*, *градот*, – *кошоф*, *кл'учоф*, – *мӑжон* Вин.

Разнообразен материјал струшкиот говор ни нуди во областа на заменките. Личните заменки се јавуваат во следниве форми: *ја* / *јас (мене ми, мене ме), ми(ј)е (нас ни* / *нам ни, нас нѐ* / *нам нѐ), ти, ви(ј)е (вас ви* / *вам ви, вас ве* / *вам ве), тој* / *тоја, то:* / *тва* / *те(ј)а (нему му, него го), та:* / *таја (нејзе* / *нејзе је, неја* / *нӷа (ј)е), ти(ј)а* / *тие* / *тӷе (ними им* / *му, ними и), себе се, себе си*. Личнопредметните гласат: *кој, ко(ј)е (кому му, кого го), која, коӷ* (< *кои*), *ш(ч)о* / *што, некој, нешчо* / *нешто, никој, нишчо* / *ништо, секој, сешчо* / *сешто, чи* / *чиф, чива, чиво, чиви*; демонстративни се: *овој* / *овај* / *ојве (овему* / *овому му, овега* / *овога го), ова: (оваа) (овејзе* / *овојзе је), ова* / *ове* / *овеја, ови(ј)е* / *овӷе; оној* / *онај* / *ојне (онему* / *оному му, онега* / *онога го), она: (онаа, онејзе* / *оноӷзе је), она* / *оне* / *онеја, они(ј)е* / *онӷе; тој, то: (тоа)* / *тва, те(ј)а, таа* / *та:* / *таја, ти(ј)е* / *тӷе*. Со посесивно значење покрај заменките *мој, твој, негов, нејзин*, итн. се употребуваат уште: *овегов, онегов, овејзин, онејзин, овифни, онифни*. Општата заменка се јавува во фонетските разновидности: *сиот, сиоф, сион*, одн. *сијот, сето* / *сӑто, сета* / *сӑта, све*.

Забелешки. – Како и во другите западни говори, и овде има тенденција да се изедначат полните форми за дативен и директен објект кај личните заменки. Во 1 и 2 л. мн. негде превладува акцентираниот облик *нас, вас* (*не, ни; ве, ви*) Лаб, Бор, во други села се наложила дативната форма: *нам, вам* (*ве, ви; не, ни*) Виш. Во 3 л. мн. насекаде се генерализирала дативната форма *ними и, ними им* / *му* Бор. Во градскиот говор овој процес се наоѓа во почетна фаза. Кај некои говорни субјекти сѐ уште се чува разликата меѓу дативниот и акузативниот облик кај заменките за 1 и 2 л мн. *нам ни, вам ви – нас не, вас ве,* но само: *ними и – ними им(му)*. Во торбешкиот говор во Боро(в)ец кратката заменска дативна форма од 'тие' се среќава во две разновидности – *им* и *му*, сп. *му рече на л'уѓето* / *им рече на децата*. Заменската форма *јас* се јавува паралелно со *ја* во градскиот говор. Заменскиот облик *теја* Лаб, Виш карактеристичен е за дебарските говори. Таму каде што се употребува *теја* се јавува и *овеја, онеја*. Обликот *тоја* за м.р. покрај *тој* во градскиот говор е секако иновација од поново време. Заменските форми *ојве, ојне* за м.р. ограничени се на говорот на Муслиманите во Боро(в)ец, сп. *ојве леӣ, ојне вол*. Формите *сӑта, сӑто, сӑво*, покрај *сијот*, забележани се во Вишни.

Глаголи. – Во глаголскиот систем и во овој говор како во охридскиот од дијалектен аспект интерес претставува образувањето на 1 л. едн. и 3 л. мн. на презентот, 1 и 3 л. мн. на определените времиња, 2 л. мн. на императивот и глаголскиот прилог.

Во 1 л. едн. на презентот на сето струшко подрачје отсуствува наставката *-м*, сп. *бера, носа*. Во 3 л. мн. се обопштила наставката *-ет*, сп. *берет, носет, вике:т* (< *викает*). Во некои села должината се пренесла од глаголите од *а*-група и на другите глаголи, сп. *беге:т, сече:т, носе:т*.

Во говорот на с. Вишни *-м* е ограничено на глаголите од *а*-група, сп. *имам, орам, копам, терам*, исто и *знӑм*, но: *бера, кол'а, сӷа* (*сеа*), *тка, чуја*.

Целата презентска парадигма гласи:

ора	*носа*	*сеча*	*пија*	*чуја*
ораш	*носиш*	*сечиш*	*пијеш*	*чујеш*
орат	*носит*	*сечит*	*пијет*	*чујет*
ораме	*носиме*	*сечиме*	*пијеме*	*чујеме*
орате	*носите*	*сечите*	*пијете*	*чујете*
оре:т /	*носет* /	*сечет* /	*пијет* /	*чујет* /
орает	*носе:т*	*сече:т*	*пије:т*	*чује:т*

Забелешка. – Обликот со неконтрактираната група *-ае-* превладува во североисточните села, каде што нема и удолжување на вокалот */е/* кај другите глаголи, сп. *играет, викает, седет* Глоб, спрема *вике:т* во Стр, Лож, Биџ, Драс, Мор, Мис.

Презентот од глаголот 'сум' гласи: *су, си, (ј)е, сме / сне, сте / сфе, се*. Облиците *сне, сфе* почести се во североисточните села (Лож, Биџ, Мор, Драс).

Наставката за 1 л. мн. на аористот и имперфектот се јавува во аломорфите *-фме* и *-фне* (последнава во Боровец), а 3 л. мн. завршува на *-е*, како и во соседните дебарски говори, сп. *има(ј)е, носе(ј)е, бро(ј)ее* Бор, Лаб, *викее, носее, берее* (> *вике:, носе:, бере:*) Стр, Виш, а кај глаголите од *о*-раздел: *дојдве* (< *дојдое), зедве, рекве, донесве* (со фонетска реализација: *дојдве:, зедве:, донесве:)* Лаб, Бор, каде што се јавила должината по аналогија, одн. *дојдо^{ј}е, реко^{ј}е* Виш. Целата парадигма гласи:

викаф	*носеф*	*береф*	*викнаф*	*рекоф*	*измиф*
викаше	*носеше*	*береше*	*викна*	*рече*	*изми*
викаше	*носеше*	*береше*	*викна*	*рече*	*изми*
викафме/	*носефме/*	*берефме/*	*викнафме/*	*рекофме/*	*измифме/*
викафне	*носефне*	*берефне*	*викнафне*	*рекофне*	*измифне*
викафте	*носефте*	*берефте*	*викнафте*	*рекофте*	*измифте*
викае/	*носее*	*берее*	*викна(ј)е*	*реко(ј)е/*	*изми(ј)е*
викее				*рекве*	

Глаголите од типот 'сплетит, сметит, испредит' во аористот се од *и*-раздел, сп. *сплетиф, сметиф, испредиф – сплетифме, сплетифте, сплети^{ј}е* Лаб.

2. л. мн. на императивот завршува на *-ите* : *берите, седите, донесите, легвите, купвите* Стр, и на *-ете* : *носете, седете* Виш, *предете, станете* Вран, Драс, Вол.

Глаголскиот прилог се образува со наставката *-ејчи*, одн. *-ејти* : *викаејчи, носеејчи* Стр, *викаејти, одеејти, седеејти* Виш (фон. *вике:јти, име:јти, седе:јти*), *влегве:јти* Вран, Лаб, Бор.

Партикулата за идните времиња се јавува во разновидностите *ќе* и *че* Стр, *ќе* и *ќа* Лаб, Бор, *ќа* Глоб.

Што се однесува за другите глаголски форми треба да констатираме дека перфектот со *л*-формата се употребува, главно, за прекажани дејства. За минати дејства се употребуваат формите со *н*-партиципот и тие се многу фреквентни. Сп.: *Ова нешчо е бидено, На Мушмоф што му ^{ј}е гледано, Од Струга ^{ј}е биден, Сите шчо се бидени турски војници, Долноно е бидено порано, Таја*

шо ʲе бидена учител'ка, Тиʲе се бидени стружанци, Ѓорг̄о Чакар је биден, Беф ојдена во Стр̄уг̄аф Виш, *Су оден војник, – Имат̄ имано еден г̄олем г̄рат̄, Овдека имало имано учители, Не г̄о имам по̱сіано, Немам зап̱іано, Не им имат̄ кажано, Од олко: не г̄о имаф видено, Миje г̄-имаме опрано ишт̄е лани, Имам одено сег̄дека, Имат̄ јадено сешто, Имам забореːно прикази.*

Во струшкиот, како и во другите охридски говори, најпродуктивни се несвршените глаголи со суфиксот *-в-*, сп. *купит̄, лег̄вит̄*. Тие се шират за сметка на старите образувања на *-а-, -ја-, -ва-, -ава-, -јава-,* сп.: *земвит̄* (: *земит̄*), *т̄урвит̄, растоварвит̄* (: *т̄урит̄, растоварит̄*), *собервит̄, збервит̄, набервит̄, истервит̄* (: *соберит̄*), *ветвит̄, г̄решвит̄, сметвит̄, стретвит̄, менвит̄, дојдвит̄, преодвит̄* (: *ветит̄, видит̄, г̄решит̄, стретит̄, менит̄, дојдит̄*), потоа: *видвит̄, фатвит̄,* покрај *фаштат̄, плаштат̄, рождат̄.* Паралелни форми има кај глаголите од типот 'препина, сопина' во литературниот јазик, сп. *т̄урвит̄, лег̄вит̄, платвит̄, препвит̄, сопвит̄,* покрај: *воринат̄, запинат̄, сопинат̄, препинат̄* Виш. Кај глаголите што им завршува општиот дел на *-в* од типот 'оздрави, поправи, остави' несвршени форми се образуваат со суфиксот *-ј(а),* сп. *оздравјат̄, поправјат̄, оставјат̄,* а со нив се изедначиле и: *повевјат̄, запевјат̄, дошивјат̄, уг̄ревјат̄, изг̄ревјат̄, насмевјат̄, напивјат̄, исмевјат̄* (: *запејт̄, дошиет̄*), потоа: *т̄урјат̄*, покрај *т̄урвит̄* (: *т̄урит̄*), а покрај *вижд̱ат̄, плашчат̄, пушчат̄,* и: *видвит̄, платвит̄, пушвит̄* Виш, Вран, Таш. Овој тип девербативни глаголски образувања карактеристичен е за сето струшко подрачје, а надвор од струшките се среќава во граничните дримколско-голобрдски, во охридскиот и во сите преспански и костурски говори.

Од службените зборови од дијалектен аспект интерес претставуваат:

предлозите: *из, ке, кун, накун, от̄сем*, сп.: *шет̄аше из-двор, одефме ис шумата* Таш, *из ливада замина; ќе си до̱ит̄ ке Велиг̄ден, ќ-ода ке т̄ашка ми*; *ќе се врат̄ит̄ кун недел'а, накун Враништ̄е се свăрт̄е*; *немаше друг̄ от̄сем нег̄о* Виш;

сврзниците: *аку, ерког̄а, от̄коли, по̄чим*, сп.: *Аку до̱іш сиг̄урно, да т̄е чека, Ерког̄а да о̱іт̄, г̄о чекам* Виш, *Поарно да до̱іт̄ брат̄ ми, от̄коли кој друк* Лаб, *Почим ќе седиш, дојди по̄можи ми, Почим сакаш, ајде со мене, Тој по̄ќе сакат̄ да пе̱іт̄ от̄коли да иг̄рат̄* Таш.

Предлогот *од* почесто се среќава со посесивно значење, сп.: *Му рече на брат̄ му од Стојана* Вран, *Се женит̄ от̄ Петрета мнук от̄ пăрва брачеда* Бор.

Прозодија. – Во врска со местото на акцентот во струшкиот говор ги истакнуваме следниве констатации.

Прво, овде не ретко се среќаваат случаи кога акцентот се префрла врз предлогот и во предлошки синтагми со сопствени именки, сп.: *'От̄-Струг̄аф дојде, Н'а-Вишни г̄-'опре: Ј'ак̀има, Д'ојде 'од-Орит̄, Одавд'е - Дрим се з'аст̄о̱і.*

Второ, не се необични овде акцентски целости со глагол, кога акцентот се префрла врз кратка заменска форма и во ненегиран, одн. непрашален исказ, сп.: *Олк'у-знăм Глоб, т̄олк'у-о̱іт̄ н'а-пазар* Таш. Сп. други видови акцентски целости: (именски) *од друг̄ат̄'а-ст̄ăрна, сет̄'а-нива сет̄'о-село*; *ал се мијеш секв'о-ӯт̄ро; т̄е̱'а-дет̄е, мног̄'у-л'уг̄е; г̄о виждат̄ сек'ој-ден, т̄окм'у-нос̄е, т̄аков'о-нешчо, на жив'а-г̄ла:, т̄ак'а-време б'еше, ац̀и-Тодор б'еше 'еден*; (глаголски) *Добре-т̄'е-најдоф, Милан не-беш'е-овде, не-ј'е-т̄ука*; (прилошки изрази) *'Ајрлија нек'а-т̄и-је, сег̄'а-дојдоф.*

Во селскиот говор има тенденција акцентот и во туѓи лексеми да се управува по моделот за третосложното акцентирање, сп.: *д'инамо, т'елефон, р'ешо* Вран, *р'ешото п'адна* Лаб.

Трето, струшкиот говор дава богат материјал за потврда дека местото на западномакедонскиот акцент се определува според бројот на морите во зборо-формите. Сп. ги примерите: *Не-'е- зеоф сабј'ата, р'аќја – раќј'ата, судј'ата мув'елит, к'опрја – копрј'ата, авлј'ана* (*авлиана*), *Ит'ал'јана, Мал'есја, живј'ала, дого-напј'ате* (*напиате*), *имам забор'е:но пр'иказми, испј'ано* (*испеано*), *сато је посј'ано* (*посеано*), *сед'е:шти, г-исп'екве: л'ебот, да-фърл'ј'аве:т, плашт'аве:т.* Местото на акцентот во приведениве примери покажува дека дифтонзите добиени со стегање на вокални секвенци, како и оние што настанале со десилабијализација на предните вокали и на /o/ ја задржале должината од две мори. По таков начин во овој говор се добил нов квантитет, но позиционо ограничен, што значи без фонолошки статус.

ВЕВЧАНСКО-РАДОШКИОТ ГОВОР

Вевчанско-радошкиот говор ги опфаќа западните периферни струшки села Вевчани, Радожда, Мали Влај и селото Лин, кое се наоѓа на албанска територија.

Од струшкиот говор вевчанско-радошкиот се разликува најмногу по вокалниот систем и по континуантите на носовката **ǫ* и вокалните **ŕ, *ĺ*.

Вокалниот систем во овој говор го сочинуваат седум фонеми:

и		*у*
е		*о*
ä	*а*	*å*

Како дистинктивен признак, како што се гледа, покрај степенот на отворот и местото на артикулацијата се јавува и заокруженоста (лабијалноста). По дистинктивните признаци вокалите во кореlативни парови го даваат следниов дијаграм:

1. отворени
2. затворени
3. предни
4. заокружени



Вокалите /*ä, å*/ во споредба со другите имаат нешто поограничена дистрибуција. Тие се јавуваат во акцентиран слог, не можат да стојат во фи-нална позиција, не се среќаваат во една иста зборо-форма, што значи дека тие не образуваат група. По правило се среќаваат во коренски морфеми. Извесно ограничување тие покажуваат и по однос на консонантското соседство. Фонемата /*ä*/ не е констатирана зад лабијална согласка, додека /*å*/ се јавува претежно зад лаби-

јална, многу поретко и зад нелабијална. Зад нелабијален консонант констатирана е во следниве лексеми: *лȁк, тȁгa, тȁпан, тȁпнит, стȁпица, сȁбота* (сите примери се од Вевчани).

Фонемите /*ä, å*/ историски се добиени, главно, како континуанти на носовката **ǫ*, сек. *ъ*$_2$ и вокалните **ļ, *ŗ*, и во ограничен број случаи од вокалот /*a*/, во сите случаи само во коренска морфема и во акцентиран слог. Врз рефлексацијата на споменативе гласови важна улога играл претходниот консонант. Зад лабијален глас **ǫ* > /*å*/, **ŗ* > / *åp*/, **ļ* > / *ål*/, и нема пример во оваа позиција со поинаква замена. Зад нелабијален консонант по правило **ǫ* > /*ä*/, **ŗ* > /*äp*/, **ļ* > /*äл*/. Меѓутоа, во оваа позиција има и по некој пример со рефлексот /*å*/ и тоа најчесто место вокалното **ļ* и во неколку лексеми место **ǫ*, и тоа повеќе во вевчанскиот говор, кој се наоѓа поблиску до дримколско-голобрдскиот, каде што за **ǫ* има регуларен рефлекс /*å*/. Вокалното **ŗ* зад лабијална согласка се рефлектирало во /*åp*/, одн. зад нелабијална во /*äp*/ без исклучоци. Примери:

**ǫ* > /*å*/ : *мȁш, се мȁжит, мȁштеịница, се мȁчит, мȁде, мȁдро, пȁт, пȁтец,* Вев, Рад, зад нелабијална согласка во: *лȁка* Рад, *дȁп, зȁби, лȁк, рȁбоị, прȁт, трȁба, стȁпица, стȁпало, тȁгa, тȁжит, сȁбота* Вев; > /*ä*/ во: *гäжва, гäс, гäзер, гäсеịница, гнäс, гнäсен, гнäсотịа, грäди, внäтре, дäгa, јäзик, јäчит, јäчмен, јäтäрва, јäже, јäток, јäтор, јägорец, јäдица, јäдар, јänsa, кäдел'а, кäклица, кäтник, кäсат, кäпина, рäка, скäпо, стрäгa, сäк, сäноќ, трäт* Рад. Вев, *дäп, дäбје, зäби, кäј, тäпани, сäзима, сägодина, сäбота, дрäк, сädоị, нäтре* Рад, МВ;

**ŗ* > /*åp*/: *бȁргo, бȁрзат, пȁрво, пȁрсти, вȁрба, вȁрф, вȁрти, фȁрл'ат, мȁртоф;* > /*äp*/: *гäрне, кäрф, кäрши, дäрво, дäржит, тäрн, тäрчит, цäрно, зäрно, сäрп, сäрце* – и редовно така зад нелабијален консонант;

**ļ* > /*ål*/: *бȁл'вит, јабȁлко, пȁлцаф, пȁлно, вȁлк, вȁлна, мȁлsит, мȁлчит* Вев, Рад, зад нелабијален консонант: *гȁлтат, жȁлт, жȁлчка, кȁлк, тȁлчит* Вев; > /*äл*/: *сäнце, сäнчоглет* Вев, *гäлтат, кäлк, кäлни, сäнце* Рад, МВ; > /*ал*/ *малчиме* Рад.

Сек. *ъ*$_2$ во почетни слогови исто така се рефлектирал во /*å*/: *бȁдник, мȁгла, мȁска.*

Вокалот /*a*/ е прегласен во /*å*/, одн. /*ä*/ во лексемите: *мȁмит, мȁмка, мȁштịа, – јägутка, знäịт, знäịме* Вев, и во туѓи лексеми: *кäсмет, зäбун, – зäмба.*

Со изговорот на /*ä*/ во акцентиран слог совпаднала и артикулацијата на удолженото [*e:*] добиено со контракција на дифтоншките секвенци, сп. *сäф* < *сееф, нäста* (< *не:ста*), *зäк* (*заек*), *гвädo* (*гоедо*), *чвäк* (*чоек*), *ост'äно* (*остаено*), *напр'äно* (*напраено*), *прäно* (*праено*), *зädно* (*заедно*).

Вокалните групи /*oa*/ и /*oe*/ овде со уште поголема доследност се дифтонгизираат, сп. *волвар, квач, накв'ално, сва* (*соа*), *тва* (*тоа*), *твар* (*тоар*), *ква* (*коа* < *когa*), *готва* (*готоа*), *негва* (*негоа*), *поства* (*постоа*), *згван* (*згоан*), *застван* (*застоан*), *ква – коịт, ства* (*стоа*); *гведар, чвек* / *чвäк, пвели* / *пвäли* (*поели* < *повели*), *јазвец* (*јазоец*), *вдвец* (*вдоец* < *вдовец*), *ствет* (*стоет*), *квеф* (*коеф*), *квет* (*коет* – 3 л. мн. презент), *идве, рекве* (*рекое*, 3 л. мн. аорист), *јадве* (*јадое*) Рад, МВ. Овде дури и вокалот /*y*/ во секвенцата /*уа*/ се десилабизирал, сп. *обват* (< *обуат*).

Вокалната група /*ae*/ се асимилира во /*ä*/ или [*e:*], во одделни случаи образува и дифтонг [*aị*], сп. *зädno* (*заедно*), *нädno* (*наедно*), *зäк* (*заек*), *знät* (*знает*), *знäл* (*знаел*), *ткäф – ткät* (*ткаеф, ткает*), *прät* (*прает* < *правет*), *заборäно* (*забораено*), но и [*aị*] кај броевите: *дваịсет, дванаịсет.*

По другите дијалектни диференцијални особини во областа на вокализмот вевчанско-радошкиот говор не се разликува од струшкиот. Промените на вокалите */е, и/* во секвенците */иа, ио, ие, еа, ео/* се вршат во обем и со последователност како во градскиот говор, сп. *коӣриа* > *коӣрі̯а, белиоӣ* > *белі̯оӣ, измиен* > *измі̯ен, неол'а* > *ні̯ол'а, мӑшӣеа* > *мӑшӣі̯а*. – Сек. *ъ*$_2$ пред крајните */р, н/* и овде е заменет со */а/*: *оґан, иӣар, јадар, веӣар* Вев, покрај *веӣер* Рад, а пред */м/* наоѓаме покрај */у/* во *седум, осум* и */о/* во *седомдесеӣ, осомдесеӣ*.

Во консонантизмот вевчанско-радошкиот говор од струшкиот отстапува по реализацијата на фонемите */ќ, ѓ/* и на групите */шӣ, жд/*, по фонемата */њ/* и некои согласнички групи. Консонантите */ќ, ѓ/* овде се реализираат, како и во говорот на другите струшки села, како заднопалатални фонови [*ќ, ѓ*]. Таква артикулација имаат и етимолошките веларни */к, ґ/* пред предните вокали, сп. *Маќед'оні̯а, раќі̯а* (< *раќиа*), *сеќира*. Назалниот палатал */њ/* овде се пази релативно добро, особено кога е на крајот на основата, сп. *сирење, ӣӑрње, ӣолиња, коњ*. Се јавува и секундарно */њ/* од секвенци со */ј/*, сп. *вуња* (< *вујна*) *цӑрњоӣ* (< *цӑрні̯оӣ*), *Маќед'оња* / *Маќедоні̯а*. Групите */шӣ, жд/* не претрпеле промени, сп. *ӣлешӣи, лешӣа, ґашӣи, ӣрашӣа, сфешӣа, клешӣи, шӣавеј, вежди, сажди, чуждинец, ӣрежда, виждаӣ, рождаӣ*. Нешто се почести на овој терен и примерите со запазено *ӣ* во крајните групи *-сӣ, -шӣ: сиси, ӣлошӣ*, и др.

Иновација е во овој говор метатезата на групата */зј/* во */јз/*: *ґројзе, лојзе,* и измената на */с/* во */ц/* во секвенците *-ск-* во суфиксот *-ск(и)* кога му претходи консонант: *дебарцки, сӣаринцки, селцки, сӑрӣцко време* МВ.

За увид ги регистрираме и другите појави на консонантите: *вн* > *мн*: *мнук, оґламник,* но и *ӣлевна*; *ӣс* > *ӣц*: *ӣцоі̯сало*; *жв* > *цв*: *цвакаӣ*; *лж* > *лц*: *олцица*; *лз* > *лз*: *солза*; *нз* > *нц*: *доі̯нце* (*донесе*), *дејнцка* (*денеска*); *кв* > *кл*: *клачка* (*квачка*); сп. уште: *ӣесма, ӣриказма, ӣнок, чажди* (*сажди*), *чуждинец, церґа, сӣреда, сӣреде, чеі̯нца*.

И во областа на граматичката структура нема некои поособени разлики меѓу вевчанско-радошкиот и струшкиот говор. Дативните флексивни форми и овде се загубиле, сп. *Му рекоф на Марка, на Сӣолеӣа, на Сӣојана*; *Је рекоф на Киӣа*. Кај заменките поради нивната форма заслужуваат да се одбележат облиците: *јаса* покрај *ја* Рад, *овеа, ове, ові̯е, оні̯е, ӣі̯е* Вев, *ӣије* Рад, *сӑӣо, сӑӣа* : *сијоӣ* Вев, *соӣо село, соӣа кујќа* МВ, посесивните *овоґоф, оноґоф, овејзин, онејзин* Вев, *еркој, еркоја*, сп. *еркоја ӣруба да је* Вев.

Во глаголскиот систем како дијалектни особини во вевчанско-радошкиот говор по однос на градот се јавуваат: обликот *сфе* во 2 л. мн. од 'сум', императивната наставка *-еӣе* во 2 л. мн. кај глаголите од *и*-група: *носеӣе, јадеӣе, седнеӣе, купвеӣе*, наставката *-ешӣи* во глаголскиот прилог: *носеешӣи, иґреешӣи* (> *носе:шӣи, иґре:шӣи*), партикулата *ќа*. Во 1 л. едн. на презентот наставката *-м* може само спорадично да се чуе кај глаголите од *а*-група во говорот на Вевчани: *имам, викам, орам*, покрај пообичните форми без *-м*: *вика, ора*, и редовно: *носа, бера, сеча, јада* (кај глаголите од *и*-гр.) па и во помошниот глагол: *су, не су*. Глаголот 'сум' има две форми за минатото определено време – имперфектна: *беф, беше, бефме, бефӣе, бее,* и аористна: *биф, би, бифме, бифӣе, бије*.

Треба посебно да ги истакнеме овде и девербативните образувања од типот: *добивјаӣ, ӣурјаӣ, оздравјаӣ* (со секундарно *ј*). На овој терен промена претрпеле и цела редица други глаголи, сп. *ґрешвиӣ, сӣреӣвиӣ, дојдвиӣ, зајдвиӣ,*

преодвиш, приодвиш, потоа: *падвиш, препинвиш, збервиш, собервиш, растоварвиш.* Од старите образувања со *-ја* незасегнати останале: *виждаш, рождаш, плашташ, фашташ.*

СТРУШКИОТ ТОРБЕШКИ ГОВОР

Во струшкиот регион муслиманското население (Торбешите) живее во селата Боро(в)ец, Лабуништа, Подгорци и Октиси. Говорот на Торбешите во Боро(в)ец не се разликува по својата структура од говорот на македонското христијанско население во истото село. Неколку лексички разновидности сврзани со религиозната терминологија и домашниот живот не му даваат нему посебен дијалектен белег. Меѓутоа, говорот на Торбешите во Лабуништа и Подгорци отстапува од струшкиот и по цела редица структурни особини. Оние црти со коишто се разликува тој од струшкиот говор карактеристични се за соседниот дримколско-голобрдски говор. Негова најважна диференцијална фонетско-фонолошка особина е вокалот /*å*/. Негови фонолошки признаци се широкиот отвор и заокруженоста, така што образува две корелации – со /*a*/ како заокружен корелат (*a : å*), и со /*o*/ се опонира по признакот компактност. Според тоа вокалниот систем на овој говор ни се предлага во следниов вид:

и	*у*
е	*о*
а	*å*

а графички изразен според дистинктивните признаци го дава овој лик:



Фонемата /*å*/ во однос на другите вокали има нешто поограничена дистрибуција. Таа не може да стои во финална позиција, ретко се среќава и во иницијална положба, по правило се јавува само во коренска морфема. Историски таа се добила како континуант на носовката **ǫ* и вокалните **ļ, *ŗ,* во секвенци со сонантот, сп.: (**ǫ* > *å*) *гр̊ади, гр̊азер, гн̊ас, д̊ăш, з̊ăби, ј̊аже, к̊аде, се к̊ăпиш, к̊адел'а, л̊ака, м̊аш, п̊ăш, р̊ака, ск̊ăпо, ш̊ăга,* (**ŗ* > *år*) *в̊ăрш, гр̊ăрне, з̊ăрно, к̊ăрф, г̊рш, п̊ăрсти, с̊ăрп,* (**ļ* > *ăл*), *в̊ăлк, д̊ăлго, ж̊ăлш, јабăлко, к̊ăлк, п̊ăлно,* и др. Во извесен број лексеми /*å*/ се јавува и место вокалот /*a*/ сп. *зн̊ајш, м̊амиш, м̊ашиеа, з̊аш, з̊ајак, ј̊аготка, сн̊ага* (во сите овие примери во струшкиот има /*ă*/).

Торбешкиот говор од струшкиот отстапува во областа на фонетиката и по замената на сек. *ъ*$_2$ пред /*н*/ во /*о*/: *огон, јагонца,* по континуантот /*а*/ пред крајното /*л*/: *рекал, пекал, пресекал,* по замената на почетната група *мн-* во *мл'*: *мл'огу, мл'ук* (< *мнук* < *внук*). Торбешкиот говор не ги познава промените на

вокалот /о/ во /в/ во секвенците /оа, ое/ и промената на /и, е/ во /j/ во секвенците /ие, иа, ио, еа, ео/. Овде не се врши ни асимилација на група /ае/ кај глаголите во 3 л. мн. на презентот, сп. *копаеш, имаеш*. Во консонантизмот нема разлики меѓу говорот на Торбешите и на православните Македонци во истото село.

Од морфолошките особености во торбешкиот говор би ги истакнале заменските форми *ни*, *ви*, кои се единствени и за директниот и за дативниот објект, сп. *нам ни даде, вам ви рече*, и: *нам ни виде, вам ви викна*, потоа заменката *сошо* 'сето'.

Готово сите споменативе особености ги наоѓаме, како што спомнавме, во дримколско-голобрдскиот говор, со којшто струшкиот непосредно граничи на северозапад.

1984

ИЛУСТРАТИВНИ ТЕКСТОВИ

Охрид

На риби со коча

Пред-неколку-г'одини н'ие риб'ăрите р'азбрафме оту-н'а-море ф'ашчет р'иби со-к'оча и-с'акафме и к'ăј-нас со-т'аква к'оча да-ф'ашчаме р'иби, з'ашчо со-к'оча се-ф'ашчаше и-п'ојќе и-п'олесно. 'Арно-ама 'овде к'ăј-нас н'емафме п'ампури, а-со-к'очата се-ф'ашат с'амо со-п'ампури. Ј'ас 'ојдоф н'а-море и-в'идоф риб'ăрите како-ф'ашчет со-к'оча. 'Овде ми-в'елеа риб'ăрите оту-ејз'ерово н'аше е-с'амо пл'амин'е и-чкарпи, ј'ас ко:-'ојдоф на-м'оре м'ене ми-ф'ати 'умоф оту-ќе-м'ожит да-се-ф'ашчет р'иби со-к'очата. И-п'омолиф риб'ăрите да-ми-д'адет една-к'оча т'аква. Ми-је-д'адоª к'очата сосе-ф'ортоми и-дв'а-дни с'о-ними б'еф на-к'оча. Ко:-је-д'онесоф овде к'очата, с'ите р'ибари се-с'обра. 'Едни в'елеа: Ж'иво ако-ф'атиш, ж'иво ќе-г-'изедам. – 'Арно-ама п'отем неколку-д'ена 'овдека п'ампурот гонапр'ăјфме со-овд'ешниве п'ампури да-раб'отиме. Т'ака еден-д'ен се-с'обрафме с'ите р'ибари и-'ојдофме со-к'очата, ʲе-ф'ăрлифме; т'ăргај, т'ăргај, 'онамо кон-Кр'ивина је-изв'ăдофме, ж'иво не-ф'ăтифме. Ко:-ф'атија риб'ăрите да-в'ике:т: "'Ај-бре в'ие мл'ади н'ишчо не-зн'ăјте, ви-се-ч'инит св'е шо-л'етат се-ј'ајт. В-ова-'ејзеро какви-м'ăжи 'име:т пом'инато, ама-н'ишчо не-напр'ăјле. Потем-дв'атри д'ена п'ак 'ојдофме, 'ојдофме кун-Свети-Н'о:м. Је-ф'ăрлифме т'амо, пăрви'от-пăт ф'атифме некој-три'естина к'ила б'ел'вици. С'едне је-ф'ăрлифме от-П'ешчани к'он-вака. Колку-дојдофме до-Г'орица, је-изв'ăдофме, н'екој двест'е-к'ила б'ел'вици фатифме. Ко-к'иниса: риб'ăрите с'едне да-в'икет: "Леле: мајко, ш'о-је овар'абота, ејзерово ќе-г'-исц'ăрпите, н'ишчо жив'о не-ќ-'останит". И-в'истина, потем-дв'етри г'одини с'амите н'ејќеме да-'ојме да-л'ојме со-к'очата.

Струшко
Требеништа

Двајцата браќа шо се делиле

Б'иле дв'ајца бр'аќа. И-т'ије, 'едниот 'имал п'омалу д'еца а-б'ил п'остар, п'остар и п'обистар б'ил. Пом'алиот б'ил н'огу пр'ос, с'иромаф, а т'рчал н'огу, ќ'умур пр'ael, д'рва н'осел, 'едно, др'уго, сф'е шо-п'ечалел п'арите, му-д'а:л н'ему, набр'атоф п'остар. А-'имал н'огу д'еца. И-'овој в'елит попам'етниоф: "Бр'ату, ќе-се-д'елиме". ама-'имал ж'ена 'умна т'ој, 'ако б'ил пр'остуф. И-н'ејсе, го-д'елит. "А б'е т'и – р'ече – 'одиш н'а-пазар, н'осиш 'едно, н'осиш др'уго, н'ема да-ти-пр'ечам, ке-ќе-ме-т'ераш т'и ќ-'ода, з'аш да-се-д'елиме?" – му-в'елит бр'атоф п'омал напост'ариоф. "Н'е, ќе-се-д'елиме", му-в'елит бр'атоф п'остар. И го-д'елил. 'Имале едно-р'ало в'олоj: едниот-вол б'ил ст'ар и-сл'ап. 'Имале една-кр'ава и едно-т'еле, едно-м'агаре и еден-к'ојн. С'ега 'овој, пам'етниоф, го-з'ема к'ојнот, на-бр'атоф му-го-да:т маг'арето, е-з'емат кр'авата, н'его му-го-д'а:т т'елето, го-з'емат в'олот 'убаф, нему, на-бр'атоф му-го-д'а:т сл'абиот. И н'ејсе. И т'ије се-д'елиле. 'Овој пом'алиоф 'имал кал'абалак д'ечијна, т'рчат, ќ'умур пр'аjт, 'едно, др'уго, 'ама н'естасвит н'ишчо. Ид'е:jќи се-сл'изнал пусти'от-вол, сл'ап, си-е-ск'ршил н'огата. "Ж'ено: – р'ече – в'олот си-е-ск'рши н'огата". "Па ко-е-скршил, зак'оли-го – р'ече – нек-го-j'адет д'ецава – р'ече –, шо-ќе-пр'ајме с'ега." И го-з'аклале в'олот. 'Ама гр'адот н'е-бил н'огу д'алеку, преку-една-т'умба се-пр'ефрлал да-'оjт да-епр'одаjт кожата. Р'ече: "Ж'ено", ќе-е-пр'ода: к'ожава j'ас." "Пр'одај-а, бре-м'ажу, пр'одај-а кожата." И т'ој с'ега 'оjт, ќе-пр'ефрлит преку-т'умбата, 'ама ч'афки нас'обрани и т'ије "г'а – г'а – г'а"! А т'ој им-в'икат: А б'е, ќе-ви-е-д'адам, ама-ф-с'абота и-с'ака п'арите!" И им-е-ф'рлил к'ожата на-в'етките на-гавр'аниве, нач'афките, и се-вр'атил н'азат. Дур-д'ошол д'ома, се-ст'емнало. "Шо-напраj? – гопр'аша ж'ената. "Им-е-д'адоф на-ч'афките к'ожата, им-е-пр'одадоф- р'ече т'ој – ама дури-ф-с'абота да-ми-и-д'е:т п'арите.: "Н'алет да-се-ст'ориш, от-ч'афки-ли ќе-з'еjш п'ари?" – му-в'елит ж'ената. "Па-ми-р'екоја т'ије – р'ече – д'ојди ф-с'абота, ќ-и-з'еjш п'арите."

ОХРИДСКО-СТРУШКИ ГОВОРИ



4.3. ПРЕСПАНСКИТЕ ГОВОРИ

01. Преспанските говори го исполнуваат котлинскиот дел околу Преспанското Езеро. Источната граница спрема централните говори ја сочинува планинскиот венец Бигла – Ѓавато – Пелистер – Баба. Од Баба се спушта на југ и оди по водоводот меѓу Преспа и охридскиот слив и преку планината Горбец излегува на јужниот брег на Мало Преспанско Езеро. На западната страна спрема Албанија во преспанските говори спаѓаат сите приезерски села сè до Галичица на север. На северната страна спрема охридското говорно подрачје исто така имаме природна граница која ја сочинува планинскиот венец Галичица – Петрина и преку превојот Буково излегува на јужниот крај на Бигла.

02. Преспанските говори сочинуваат дел од западното македонско наречје. Со другите западни говори – централните, охридско-струшките, дебарските и полошките ги поврзуваат следниве особености – од областа на фонетиката: третосложниот фиксиран и синтагматски акцент, образувањето на дифтоншките секвенци со [i̯] како втор член, сп. *снаi̯, стреi̯, деноi̯, пол'оi̯на, муi̯*, испуштањето на вокалот во клитичките зборови кога следната збороформа почнува со вокал, сп. *м-удри (ме-), г̄-опра* (*г̄о-*), *в-обра* (*ве-*), *ќ-оi̯ме* (*ќе одиме*), *д-излезиш* (*да-*), *н-умират* (*не-*), *н-опаку* (*на-*), *з-инает* (*за-*), *п̄-убо:* (*по̄-*), *што̄-уба:* (*што̄ уба(в)а*), потоа загубата на интервокалното /*в*/ во определни позиции, заменатa на *х* на крајот на слогот со /*в*/, одн. /*ф*/: *мавнит̄, пафкат̄, ореф, г̄реф*. Од поважните граматички особености заеднички за сите западни говори, респ. и за преспанските, се: разликувањето на општата од номинативната форма кај личните и роднинските имиња од м.р. на консонант, на *-о* и на *-е*, сп. *Стојан - Стојана, Јанко - Јанка, Л'убе – Л'убета, тате̄ – тате̄та*, множинската наставка *-ој* (< *-ови*) кај именките од м.р. од типот *деноi̯, синоi̯*, тројниот член: *дено(т̄), денов, денон*, личната заменка *тој* (*т̄аа, т̄оа*) за 3 лице, пазењето на синтетичкиот датив кај личните и лично-предметните заменки: *мене ми, нему му, не(ј)зе, (ј)е / му*, а кај глаголите: пазењето на наставката *-т̄* во 3 л. едн. на презентот: *имат̄, орат̄, носит̄*, испуштањето на помошниот глагол во 3 л. на перфектот: *(т̄ој) дошол, (т̄ие) дошле,* големата фреквенција на конструкциите со 'има / нема', сп. *имат̄ дојдено, имаше дојдено, имал дојдено, беше имал дојдено,* и со 'сум' и глаголската *н/т̄*-форма: *(ј)е дојден, беше дојден, бил дојден*, итн. Од синтаксичките особености како најмаркантни за западномакедонските говори се јавува препозитивната употреба на кратките заменски форми и на формите на помошниот глагол 'сум' по однос на глаголот, сп. *ме викна, т̄и рече, е дојден,* и др (Vaillant, 1924 : 53-66).

0.3. Потесна целост преспанските говори чинат со охридско-струшкото говорно подрачје, а со еден број црти и со другите западни периферни говори (дебарските, горнополошкиот). На целата западна периферија старата група

**črě-* се изменила во *чере* : *черетна, череш(н)а, чере(в)о, черет, чересло*. Место прасловенските **tj, *dj* превладуваат примери со двофонемските секвенци */шт, жд/* или */шч, жџ/*: *плешти, лешта, плаштат, вежди, межда, рожда(т) - раждa(т)*. Кај сонантите стариот палатал **l'* не е наполно веларизиран, сп. *л'ут, недел'а, пријател'*. На еден потесен појас на сето пограничје со албанската јазична територија во одделни лексеми сè уште се јавува гласот */т/* во финалните секвенци *-шт, -ст*: *дошт, пришт, лост, чест*. Меѓу фонетските иновации преспанските и другите западни говори ги поврзуваат: метатезата на гласовните секвенци *-ни-* во *-ин-* во повеќесложните зборoформи од типот *вод'еjница, сиj'аjница,* дисимилацијата на */т/* во */ч/* во зборoформата *чуш - чуждо*. На еден поширок појас во Западна Македонија се употребува групата *гл-* во *глобок*, одн. *гломбок*.

0.4. Со охридско-струшкото говорно подрачје преспанските говори ги поврзуваат и реализациите на вокалните групи */ea/*, */oa/* и */ae/*. Првата – */ea/* на еден широк ареал се реализира како дифтоншка секвенца [ја]: *л'ја* (*леа*), *стрја* (*стреа*), *бја* (*беа*), */oa/* се асимилирало во [*o:*]: *то:* (*тоа*), *то:р* (*тоар* < *товар*), *ко:ч* (*коач* < *ковач*), *осно:* (*основа* < *основа*), а групата */ae/* се стегнала во [*e:*]: *зне:т* (*знает*), *зе:дно* (*заедно*).

Доста сличности меѓу тие две групи говори има и во глаголскиот систем. Во образувањето на глаголите особено е продуктивен во тие говори суфиксот *-в-*: *купвит* / *купват, кажвит* / *кажват*. Во 1 л. едн. на презентот кај глаголите од *и*-група, негде и кај сите глаголи, отсуствува наставката *-м*, сп. *носа, бера*. На еден дел од тоа подрачје во 3 л. мн. на презентот се генерализирала наставката *-ет*: *викает* / *вике:т, носет* / *носе:т*, итн.

0.5. Говорите во преспанското подрачје не претставуваат апсолутна структурна целост. Како диференцијални црти меѓу поодделни локални говори на преспанскиот терен се јавуваат рефлексите на носовката **ǫ* во почетните слогови и на вокалните **ļ* и **ŗ*. Тие многу придонесле во оформувањето на денешните вокални системи во односниве говори. Место **ǫ* наоѓаме три континуанти: */ăl/*, */ål/* и */al/*. Исто така три различни вредности има и место вокалното **ļ*: */ол/*, */ăл/* и */ål/*, одн. */å – ål/*, па негде дури и */ăl/*. За вокално **ŗ* наоѓаме две вредности: */ăр/* и */ꞅр/*. Во областа на консонантизмот меѓу поодделни локални говори се јавуваат разлики во реализацијата на консонантот */л/*, на */ќ, ѕ́/* и во поглед на присуството на фонемата */ф/*. Извесен број разлики меѓу поодделни дијалектни региони се среќаваат и во морфологијата – кај некои заменски форми, во наставките за аорист и имперфект, во присуството или отсуството на одделни глаголски форми, на пример, *л*-партиципот и формите што се образуваат со него, глаголскиот прилог и други.

0.6. Во зависност од реализацијата и распространетоста на диференцијалните црти на преспанскиот терен можеме да изделиме четири говорни индивидуалности: *горнопреспански (ресенски), долнопреспански *ǫ* > */ăl-говор, долнопреспански *ǫ* > */ål-говор* (или *љубојнско-германски*) и *штрбовско-арватски говор*.

0.6.1. Најголемо пространство зафаќа *горнопреспанскиот (ресенскиот)* говор. Во него спаѓаат градскиот ресенски говор со говорот на околните села: Јанко(в)ец, Болно (Боўно), Петрино, Избишта, Илино, Крушје, Лев'а-Река (Л''о-река), Кривени, Златари, Сопотско, потоа селата во Преспанското поле и во крајбрежјето: Претор, Асамати, Курбино(в)о, Рајца, Грнчари, Подмочани, Перо(в)о, Езерани, Дрмени, Ц'арев Двор, Горно Дупени, Евла, Лавци, Покрвеник, Шурленци, и селата на северозападниот брег на езерото: Отеше(в)о, Лесko(в)ец, Стење и Коњско (Којнско).

0.6.2. Со извесен број фонетски и морфолошки особености потесна целина чинат долнопреспанските села: Туминец (Tuminec), Безмиште (Bezmište), Горна и Долна Горица (Gorica), Гломбочени (Glomboci), Шулин, Пустец (Pustec), Леска (Leitica), Зрноско (Zaroška) и Церје (Cerja), кои се наоѓаат на западниот брег на езерото на албанска страна, и десетина села околу Малото Преспанско Езеро на грчка страна: Граждено (Βροντεβόν), Оро(в)о (Πύξός), Дробишта (Δασερή), Трно(в)о (грч. 'Ανκαθωτον), Дрено(в)о (грч. Κρανειαί), Лăк (Лăнк, грч. Μικρολίμνη), Буковик (грч. 'Οξνά), Оровник (Оромник, грч. Καρναι).

0.6.3. Долнопреспанскиот **ǫ* > */å/*-говор (љубојнско-германски) ги опфаќа селата на југоисточната страна на Преспанското Езеро: Наколец, Љубојно (Љубовино), Долно Дупени, и на грчка страна: Герман (грч. ''Αγιος Γερμανός), Роби (Рåби, Рăмби, грч. Λαιμός), Штрково (Стрково, грч. Πλατύ), Рудари (грч. Καλλιθεα) и Нивица (грч. Ψαρᾶδες), кои се расположени на источната страна на Малото Преспанско Езеро, а Нивица на северниот брег на полуостровот.

0.6.4. Најмал простор зафаќа штрбовско-арватскиот говор. Него го репрезентираат селата: Брајчино, Сливница, Штрбо(в)о, Крани и Арвати, кои се наоѓаат на источната страна на езерото во полите на планината Пелистер.

1. ГОРНОПРЕСПАНСКИОТ (РЕСЕНСКИОТ) ГОВОР

1.1. Фонологија

1.1.1. Вокализам

Вокалниот систем во горнопреспанскиот говор го сочинуваат фонемите:

и		*у*
е	*ă*	*о*
	а	

Од дијалектен аспект интерес претставува фонемата */ă/*. Таа се дефинира како задна, нелабијална и ненапрегната. По однос на другите вокали */ă/* има поограничена дистрибуција: се јавува само во коренска морфема, што значи на крајот на збороформите не може да се сретне, а во иницијална позиција по правило се јавува само во група со сонантот */р/*, сп. *ăрш, ăрґа*. Историски таа се до-

била како континуант на назалот *ǫ во коренски морфеми, место сек. ъ$_2$ исто така во почетен слог, како и место вокалното *ɤ во секвенцата /ăр/. Сп.:

*ǫ > /ă/: *бăботӣт, гă̄жва, гă̄ска, гнăс, дăбје, зăби, јăже, јăгла̄н, јăбел*, *јăдица* и *јăндица* Стење, *кăде, кăтина, кăклица, кăшај, лăк, лăчӣт, мăжи, мăдро, мăтно, нăтре, рăка, ра̄т*, и со метатеза во секвенцата /рă/ во /ăр/ кога не е на почетокот: *гă̄рди, дăрк - дăргоi̯, пăрт, стăргă, тăрба* ЦДв[1], потоа во случаите каде што е *ǫ добиено од *ę во секвенцата **јę, јăчмен, јăзик, јăтро, јăтăрва, јănsa* (со запазен назализам), и зад /ч/: во *чăдо* Стење. Во овој ред примери спаѓаат и оние со т.н. секундарен ъ$_2$, како: *бăдник, мăгла, măска, лăi̯ца, лăi̯чник* Лес, *лăжичка* Претор, Леска, *лăi̯ца* покрај *лоi̯ца* Рајца;

*ɤ > /ăр/: *бăргу, вăрба, пăрстӣ, гă̄рло, дăрво, цăрно, сăрп*, и редовно така.

Освен тоа фонемата /ă/ се јавува во еден број случаи и место /а/ кога се наоѓа во непосредно соседство со назален сонант (*м, н*) или со /j/, сп. *знăi̯т, Вăнгел, мăштеа* / *мăшти̯а* Лес, *снă - снăi̯* Ст, *снăва* Лес, *снăга* Прет, Лес, *кăндило, Стăмбол* Г. Д., *јăсика, јăгурина, мăтика* покрај *матика* Прет, и во неколку случаи во друго фонетско соседство: *пăдина* Лес, *фчăс, кăпица, кăп'аi̯ца* ЦДв, Ст.

Горнопреспанскиот говор покажува посебност во однос на другите соседни периферни говори и во поглед на континуантот на вокалното *ɫ. Овде тоа е заменето со секвенцата /ол/, одн. [оў]: *боўва* (во Стење и *боўба*), *воўк, воўна, гоўтат, доўго, жоўтук, жоўшка, жоўтица, јабоўко, јабоўшница, коўк, коўнӣт, моўчӣт, моўзӣт, моўкум, поўнӣт, поўжак, соўза, тоўчиш, тоўчник*. Исклучок претставуваат *Богарин, стопец* и *пăф* Лес.

Често во западните говори како диференцијална црта се јавува и континуантот за сек. ъ$_2$ пред крајните /р, м, н/. Во горнопреспанскиот пред /р/ и /н/ редовно стои /а/: *бистар, ведар, ветар, итар, – оган*, а пред /м/ има /о/: *осом, седом*.

Вокализмот на горнопреспанскиот говор, како и во другите околни говори, се одликува со бројни дифтоншки секвенци. Надолни дифтонзи се образуваат, како и во другите западни дијалекти, кога вокалот /и/ се наоѓа зад друг вокал а да не е на морфемската граница со префикс, сп. [еi̯, аi̯, оi̯] *стреi̯, снаi̯, соi̯* (*сои*), *зеi̯т* (*зеит* < *земит*), *сеi̯т* (*седит*), *јаi̯т* (*јадит*), а нагорни од групите /еа, ео/ > [i̯а, i̯о], сп. *л'i̯а* (*леа*), *сi̯а* (*сеа* < *сега*), *рi̯а* (*реа*), *бi̯а* (*беа*), *пi̯а* (*пеа*), *говi̯ат* (*говеат*), *л'i̯онка* (*леонка*), *пол'i̯о* (*полео* < *полево*), *Смил'i̯о* (*Смилео* < *Смилево*) Крушје, *мăшти̯а* (*мăштеа*), *жнi̯а* (*жнеа*), *пi̯ат* (*пеат*), *нi̯а* (*неа*) ЦДв, но: *неарен, преора* – на морфемската граница со префикс.

Вокалната група /оа/ се реализира како дифтонг [о^а] или пак се асимилира и дава долго [о:], сп. *ко^{а}м, то^{а}р, то^{а}рвам, бо:* (*боа* < *боја*), *осно:* (*осноа*) Крив, *со:л'ка* (*соал'ка* < *совал'ка*), *воло:р, вол'о:рка* (*воловарка*), *нак'о:ўна, осн'о:та*

[1] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Арв = Арвати, Асам = Асамати, Брај = Брајчино, Гер = Герман, Гломб = Гломбочени, Граж = Граждено, ГДуп = Горно Дупени, Езер = Езерани, Зрн = Зрноско, Злат = Златари, Изб = Избишта, Кр(ани), Коњ = Коњско, Крив = Кривени, Круш(је), Курб = Курбино(в)о, Леска, Лес = Леско(в)ец, Љуб = Љубојно, Нак = Наколец, Нив = Нивица, Отеш = Отешево, Пер(ово), Прет(ор), Пус = Пустец, Слив = Сливница, Соп = Сопотско, ЦДв = Царев Двор, Штрб = Штрбово, Шул = Шулин.

(*осноата*), *ко:* (*коа* < *коѓа*), *со:* (*соа*), *тро:* (*троа*), *шума дабо:* (*дабоа*), *зедо:* (*зедоа*) Крушје, па дури и на морфемската граница со *по-*: *по:рен* (*поарен*) Соп.

Место секвенцата */oe/* наоѓаме различни реализации: [*ое*] *јазоец, благоец,* [*оi̯*] *гоi̯до, гоi̯дар,* [*е:*] *че:к* (*чоек* < *човек*), *че:чки* (*чоечки*) Лес, Ресен. Реализацијата овде е условена од позицијата во зборoформата и од фонетските услови.

Групата */oa/* се чува неизменета: *ѓаол, јаор,* освен во формите за среден род кај придавките на *-ав* од типот *крастав – красто:* (*крастао* < *краставо*), *убо:* (*убаво*) Лес, *но:паку* (*наопаку*).

Различно се реализира во одделни села и групата */ae/*. Најчесто се пази неизменета, сп. *се наежи,* во други случаи и во други позиции таа се асимилира во [*е:*]: *препр'е:но* (*препраено*), *оспе:но* (*остаено*), *заб'е:но* (*забаено* < *забавено*), *забор'е:но, окарв'е:но* (*окарваено*) Рајца, покрај: *ткаеш, лает, лепкаец, разлаен* Злат.

Во другите вокални групи нема некои позабележителни промени, сп. */ue/ вриет, тие, /uo/ биол,* поретко и *бијол, /ey/ меур*, */ay/ аур*, *паун*, */ye/ обуеш, /ya/ чуат, /yo/ уото* Лес.

Секвенци од исти вокали во сите западни дијалекти, респ. и во преспанскиот, освен на морфемската граница со префикси, се реализираат како долги фонови: */uu/* > [*и:*] *зми:*, */ee/* > [*е:*] *не:ста*, */aa/* > [*а:*] *гла:*, *сна:*, *уба:* (*убава*), */oo/* > [*о:*] *оло:* (*олово*), *остро:* (*острово*), *дабо:* (*дабово*).

Од промените на вокалите на преспанскиот терен познати се:

Прегласот на */a/* во */e/* зад */j/* и некогашните палатали во одделни лексеми, сп. *гарклен, лишеј, челет* покрај *чел'ат* Лес, Прет, Ресен, *кашеј* Стење, покрај *кашај* Лес, Ресен, *есен* (јасен), *ес'ено: дарво* Лес, *баеч, баечка* ЦДв, *еребица* ЦДв, *јеребица* Прет, *чеша* покрај *чаша* Стење.

Чести се овде примери со заменето */o/* со */y/*, сп. *кулера* Стење, *улера* Ресен, *урел'а* Лес, *уфкат* Стење, покрај *офкат* Лес, *гулуп, гулуби* Стење, Лес : *гулат* Прет, *уште, дури, собур* ЦДв, *ути* Кр.

Во *стежер* Слив, *стецер* Прет, покрај *стожер* Ресен, се работи за асимилација.

1.1.2. Консонантизам

Консонантскиот систем на горнопреспанскиот говор го сочинуваат 6 сонанти:

м			
н	*л*		
	л'	*р*	
			j

и 17 шумни консонанти (опструенти):

б	*п*	*в*	
д	*т*		
ѕ	*ц*	*з*	*с*
џ	*ч*	*ж*	*ш*
ѓ	*к*		
г	*к*		

Како што гледаме, горнопреспанскиот не ги познава фонемите /ањ/, /ф/ и /х/.

Место /ањ/ се јавува само /н/ или секвенците /јн, нј/, последнава, главно, во збирната множина, сп. *банја* / *бајна, којна - којни, тијна* / *тина*, *јадејне, полоџијна, денја, сењак, ременја, јагленја, дренје, тăрње, лединје, кăпинје, голинје* Лес, *којн, камејна, свинја, тăрње, пилина* Ресен. Во материјалите од Коњско и од Стење се среќава во секвенците со *ј* и алофон [*н*']: *којн'а - којн'и, јаден'је*, но *пилина* Стење, *сајна,* но *којн'а, планин'је*, *камен'ја* Коњ, сп. и*: бајн'а, којн'ар, свијн'ар, јаден'је* : *сајна, којни* ЦДв, *којн', камејн'е, корејн'а,* покрај *којн*, *камејна* Рајца.

Фонот [*ф*] се јавува само како алофон на /*в*/ на крајот и пред безвучен консонант. Во слободна (јака) позиција место /*ф*/ се јавува /*в*/ и во туѓи лексеми, сп. *ваши, се валит, ваўбација, вабрика, ванела, вăртуна*, *вăрл'ат, ровја, вишеци* ЦДв, Ресен, Лес, Коњ, *вал'ба, вурна, вереце, каве*, *кадиве, кувер, Вранција* Рајца.

Гласот *х* наполно се загубил на почетокот и во интервокална позиција; во секвенци со /*у*/ како прв член место него наоѓаме /*в*/, сп. *мува*, *уво, руво,* потоа кај придавките од типот *суво - сувн, глуво - глува* : *глуф*, *суф,* како и во формите на именките *қожуф, очуф*, сп. *кожуво(т), кожуви*, *очув - ми, очувот*.

На крајот и пред консонант по правило *х* се заменило со /*в*/, како и во другите западни говори, но овде се среќава и по некој пример со наполно загубено *х*, сп. *ела, чели, мулија, мул'ја, тула, мелем*, покрај *чевли*, *евла, мувла, мувлосан* Лес.

Во врска со реализацијата и дистрибуцијата на фонемите од дијалектен аспект нашето внимание го привлекуваат сонантите /*л, л'*/, звучните фрикативи /*s, џ*/ и палаталните /*ќ, ѓ*/.

Фонемата /*л*/ се јавува во два основна алофона – [*л*] пред задните вокали, сп. *лани, лош*, и [*ў*] – билабијален латерален фон на крајот на зборовите и пред консонант: *стоў – стоўче, коўце* (: *коло*), *воўк*. Алофонот [*ў*] се јавува во сите горнопреспански села северно од линијата Коњско – Сливница. Пред предните вокали и пред /*ј*/ изговорот на /*л*/ се неутрализира со изговорот на /*л'*/, сп. *кол'и* (: *кола – коўце*), *кол'је* (: *коў – колоі*).

Алвеоларното /*л'*/ се јавува во сите позиции на зборообразувањето, сп.: *сол', жал', секал', пријател', зел'ка, со:л'ка, бил'ка, мешл'о, бол'а, кашл'ат, бл'ут, кл'уч, л'утит*.

Место старото палатално **l'* само во одделни пунктови може да се сретне во по некој пример /*л*/, сп. *учитеў* Лес.

Фонемите /*s, џ*/ во овој говор имаат поширока дистрибуција во споредба со централните говори.

/*s*/ се јавува пред множинската наставка *-и* како корелат на /*ѓ*/, сп. *полоsи, бубresи, диresи, белesи, попrasи* / *папrasи, врasи, кофчesи, попosи* (: *попок*) и пред *-е* во множинската форма од 'нога' – *нose*, и во прилогот *блase му* Лес. Доста е фреквентна оваа фонема и во група со сонантите /*л, н*/, сп. *моўsит, соўsи, се гинsа* 'ружи' Ресен, Лес.

Фонемата /*џ*/ во ред случаи на преспанскиот терен, како и во охридските и дебарските говори, е добиена од /*ж*/ пред деминутивната наставка *-е*, сп. *бреце, враце, книце, ноце, полоце, попраце*, *снеце,* и во некои други одделни случаи, сп. *џежок* (со дисимилација), *стеџер* Стење, Прет.

Фонемите /ќ, ѓ/ во некои северни преспански села се реализираат во секвенците /јќ, јѓ/ кога не се во иницијална позиција, сп. *кујќа* Крушје, *л'ујѓе* Крив, *домајќин, кујќа, свајќа, брајќа, цвејќе, бејќар, шејќер, шејќерлија, рајќија,* но: *ќаја, ќош, ќумур, ќерал, ќе, ќерка, ќут, – л'ујѓе, попајѓа, прејѓе,* покрај *сеѓер, такуѓере, гаѓат, ѓрѓа, ѓрѓосвит, ѓон, ѓубре* Лес, Стење. На другата територија од односниов говор се јавуваат само *ќ, ѓ*: *куќа, браќа, цвеќе, меѓу, л'ујѓе* Ресен, Езер, Прет.

Во поглед на фреквенцијата треба да истакнеме дека овие гласови се почести во североисточниот дел на областа, бидејќи таму нив ги наоѓаме и место групите *-тј-, -дј-*, (< **tьj, *dьj*), сп. *цвеќе, пѓрќе, рабоќе, л'уѓе* Ресен, *брујќе, врајќе, војѓе, ливајѓе, л'ујѓе* Крив, *свајќа, цвејќе, л'ујѓа* Стење, *попајѓа* Лес, *свајќа, цвејќе, попајѓа* ЦДв, *л'ујѓе, ливајѓе* Отеш, *брајќа, цвејќе, трећи, л'ујѓе, ливајѓе,* покрај *водје, оѓрадје* Рајца, *браќа, ливаѓе,* но и *братја, водје, лободје, расадје* Прет.

Место прасловенските **tj, *dj* замена со /ќ, ѓ/ наоѓаме само во неколку лексеми: *домаќин, куќа* / *кујќа, ќерка, веќе* / *вејќе, појќе, среќа* / *стреќа, Божиќ* покрај *Божик*, во формите на глаголот *нејќум*, во партикулата *ќе*, – *меѓу, такуѓере, ѓрѓа*, покрај *ѓржа, сеѓер, преѓе*, поретко и во некои суфиксни образувања: *ориѓанец, беўграѓани.*

Во другите случаи како регуларни континуанти за **tj, *dj* се секвенците /шт, жд/, сп. *врешше*, мн. *врешша, горешшина, гашши, гаштерес пешел, разгаштен, лешша, мѓшшја, мѓштеја, плешши, свешша, сношши, врашшаш, плашшаш, поврашташ, прашшаме, вашшаш, вештаваш*, или со загубено /т/: *нош, ноша, поўнош, ношеска, ношви, помош, помошник, плешка, ноши, мошне, овош* (дрво), *овошје* (плод), потоа во образувањата од типот *сопоштанец*, и по аналогија после во *велештанец, прилепштанец, крашштанец, тешштанец, – вежда, межда, прежда, пражда, паждар, виждаш, рождаш, чуждо, чуж-(д)ина,* поретко и *чужо.*

Фонемите /к, г/ пред предните вокали се неутрализираат со /ќ, ѓ/ сп. *ќисел, ќиселина, мајќин, раќија* / *рајќија, уќит* (окит), *сќипници, дренќи, рѓчќи, сќепар,* вок. форма *Миўќе, Стојќе, тешќе*, – *глоѓин, блаѓи, долѓи, черѓи* Крушје, *ќиваш, рајќија* Лес, Стење, *сеќи ден, мѓќи, ѓибаш, друѓипше* ЦДв.

Од фонетските промени за горнопреспанскиот говор карактеристични се:

замената на почетна група /ш/ во /ч/: *чеја, ченкарница* покрај *мисерница* Лес,

и на /с/ во /ц/: *ци, цоја, ацц'а:на, теција, стипца, (ц)цалвиш*,

замената на /с/ во /ц/ во групата /ск/ во суфиксот *-ск(и)* кај придавките кога претходи консонант: *биштоўцки, прилепцки, скопцки, воўцки*

и на групата /тн/ во /кн/ во *кноко*, покрај *тнок* Лес, и *тенок* Ресен.

Во одделни случаи извршена е замена на:

/жв/ во /цв/ : *цвакаш,*

/мн/ во /вн/ во *вноѓу* Прет,

/кл/ во /тл/ во *ѓартлан*,

/чк/ во /шк/ во *жоўшка* Лес,

/дл/ > /гл/ во *ѓлето* и /зл/ во *злањ, злашша* Пер.

Групата /вн/ со прилична доследност се асимилирала во /мн/: *оѓламник, ѓламна, ѓламница, одамна, племна, рамно, димна ѓора, мнук* От, Лес, Прет.

Старите групи */стр, здр/* се изедначиле со етимолошките */ср, зр/* по тој начин што во последниве се вметнува секундарно */т/*, одн. */д/*, сп. *стреќа, стреда, стребро, здрак* Лес, *страмота, стребро* Стење, *стрејќа, стреда, страм, здрак, здрело, здригна* Рајца, но не насекаде, сп. *среда, срам, сребро* : *стрико, сестра* Прет.

Во поглед на дистрибуцијата на */с, ш/* пред африкатите */ц, ч/* на морфемската граница нема единство. Во едни случаи наоѓаме замена на фрикативната компонента во */ф/*: *кофче* (: *коска*), *обрафче, круфче, мафче* (: *маска*), а во други дисимилацијата не е извршена: *гасче, бресче, расцути*.

Групите */шт, жд/* само во градскиот ресенски говор и во Јанковец се реализираат како */шч, жџ/* и тоа не регуларно, а на другата територија се пазат неизменети, сп. *гуштер, огниште, дождој* ЦДв, Прет, Лес.

Од дијалектен аспект интерес претставуваат и промените извршени во примерите како *церево, церетна* во некои југозападни села на областа при паралелна употреба со *черешна, черен, черет, черемуша, чересло* Стење, Прет. Се работи за еден резултат што се добил на меѓудијалектниот контакт со говорите во кои старата група **črě* е заменета со *цре- (черево ⨳ цревo > церево)*. Оваа појава е доста раширена во нашите јужни говори на целиот појас од Преспа до Воден на пограничјето со централните говори.

Од лексикализираните фонетски појави како поинтересни ги приведуваме заменатa на:

/ж/ со */џ/* во *џежок* / *џешк* Стење, Отеш, Прет,

/з/ со */ж/* во *чижми* Стење, покрај *чизми* Лес, Прет,

/с/ со */ш/* во *шлеме* Ресен, Круш;

паралелно се употребуваат фонетските облици *штожер* и *штоџер,* одн. *штецер - штежер*, *чкрапја* и *шкрапја, ѓежве* и *џежве, жоўшка* и *жоўчка*, *чергa* и *цергa*.

Доста примери во горнопреспанскиот наоѓаме и со извршена метатеза, сп. *гарван, сегвар, урел'а* (< *улера*), *оломнани, олтица, винџал* Лес, *ејзеро* Стење, покрај *езеро*. Редовно се врши метатеза на фонетската група */рă/* во */ăр/* кога не е во иницијална позиција, сп. *гărди, дăрк, пăрт, пăрчка, стăргa, тăрба,* како и во секвенцата *-ни-* во *-ин-*, сп. *водејница, кал'ејница, туп'аjница, ч'ејница,* и во глаголскиот прилог *викајнчкум, плачејнчкум* (< *плаченичкум*).

Вокалите се губат, како и во другите западни говори, во клитичките зборови кога следната зборформа почнува со вокал, и таа појава овде е доста интензивна. Сп.: *с-обдена* (*се-*), *с-измиф*, *г-удри, ќ-ода, н-убо:* (*не убаво*), *д-излезит* (*да-*), *п-еден пешник* (*по-*), *з-инает* (*за-*), итн. – Освен тоа */о/* се испушта на почетокот во одделни повеќесложни лексеми, сп.: *гледало* Лес, *пашка* покрај *опашка*.

И испуштањето на консонантите е широко распространета појава. Најраспространета е, како и во другите западни говори, загубата на */в/* во интервокална позиција. Најдоследно таа се врши во одделни завршоци, сп. (*-ови*) *лебоj, кл'учоj,* (*-овица*) *ласт'оjца, сур'оjца*, (*-авица*), *капjаjца, пиjаjца*, (*-овина*) *кал'оjна, ждригоjна*, (*-ово*) *јас'ено:, д'ăбо:* (*дăбово*), (*-аво, -ава, -ави*) *уба: – убо:, крастаj* (*крастави*), и др. Во приведениве случаи, и уште во некои други */в/* се загубило на целата територија на преспанскиот говор. Постојат некои локални разлики во поглед на испуштањето на */в/* во основната морфема на зборoформите.

Така, покрај *ѓојдо, лекој̄т̄, леј̣чар, ќијај̣ца, ќија, обуало, осно:, коачница / ко:чница, оло:, јаор,* во јужните периферни села можат да се сретнат и форми со /в/: *левичар, ќивај̣ца, обувало* Прет, *основа, ковачница, олово* Леска. Нешто е постабилно /в/ во двосложните зборформи кога се наоѓа зад предните вокали, сп. *нива, слива, диво, крива, живо, сиво, врева, т̄рева, лево, т̄лева, девер,* итн (Китанчев, 1893 : 857-915; 1898 : 163-217).

Од другите консонанти најчесто се испушта во интервокална позиција /д/, сп. *Боѓор'ој̣ца, ѓосп̄ој̣н, клај̣нец, ливает̄о, е:н* (*еден*), кај глаголите готово редовно во 2 и 3 л. едн. и во 1 и 2 лице множина: *сеј̣т̄* (*седит̄*), *ѓреј̣ме* (*ѓредиме*), *изеј̣т̄е, ој̣т̄, извај̣т̄* (*извадит̄*), *изва:т̄* (*извадат̄*), *јај̣ш - јај̣т̄* (*јадит̄*), *ќе дој̣т̄* (*дојдит̄*), *клај̣т̄* (*кладит̄*).

Во одделни лексеми се испуштаат уште:

/м/ неаме Коњ, *зеј̣т̄* Лес, *иам* Лес,

/н/ дој̣соф, зај̣си (*занеси*),

/ѓ/ ко - дојде (*коѓа*), *ко[а], сеа / сј̣а* (*сеѓа*) Лес, *овео, онео* (*овеѓо, онеѓо*) Стење,

/ж/ јајичка (*јажичка*), *ноички / ној̣чки* (*ножички*),

/ш/ т̄рој̣чка (*т̄рошичка*) Лес,

/с/ ѓо т̄реекоф, т̄реј̣чен (*т̄ресечен*), *т̄ој̣чено* (*т̄осечено*), *т̄ој̣коме* Коњ.

Во иницијална позиција се загубиле: */в/* во *име* (*виме*), *оја* (*воја* < *фоја*) Лес, *нат̄ре* Ст, Рес, Прет, *чера*. Во *изба* и *ист̄ина* не се развило */в/*.

Фонемата */т̄/* редовно во горнопреспанскиот се губи на крајот во консонантските секвенци *-ст̄, -шт̄*: *ѓарс, т̄арс, лос, лис, брес, ѓлис, чис, ѓус, веш, нош, т̄риш, ѓореш, чуш, дош,* освен во неколку периферни села на западниот брег на езерото, каде што може сè уште да се чуе факултативно едно слабо *т̄*, сп. *вешт̄, т̄ришт̄, брошт̄, лост̄, чист̄* Лес, Коњ.

Понегде */т̄/* се испушта и пред */ч/* на морфемската граница во случаи како *т̄аче* (*т̄ат̄че*), *сваче* (*сват̄че*) Рајца.

1.1.3. Прозодија

Горнопреспанскиот говор, како и другите западни дијалекти, не познава фонолошки квантитет. Меѓутоа, во него наоѓаме бројни случаи со фонетски должини добиени со контракција на две исти самогласки, како во примерите: *не:сѓа, ѓла:* (< *ѓлаа*), или со контракција, сп. *осно:* (< *осноа*), *со:л'ка* (< *соал'ка* < *совал'ка*), *т̄о:* (*т̄оа*).

Овој говор не отстапува од другите западни дијалекти ни во поглед на местото и функцијата на акцентот. Во трисложните и повеќесложните зборформи тој паѓа на третата мора од крајот, сп. *бр'ачет̄ - бр'ачеди - брач'едит̄е.* Во примерите од типот *вод'еј̣ница, ласт̄'ој̣ца, т̄ол'ој̣на, вик'ај̣нчкум, јал'ој̣т̄е* и други слични дифтонзите [*еј̣, ој̣, ај̣*] имаат по две мори, така што и во нив акцентот стои на третата мора. Таков е случајот и кај зборформите што содржат долги вокали, на пример: *јасен'о:т̄о* (*јасеновот̄о*), *осн'о:т̄а* (*основат̄а*), *уб'а:т̄а* (*убават̄а*).

Како дистинктивен признак акцентот се користи кај прилозите: *лет̄'ово, зим'ава, недел'ава, ѓодин'ава* (: членуваните именски форми *л'ет̄ово, нед'ел'ава, ѓод'инава*), и во именските состави со предлог од типот: *черет̄ната е од-з'емја, вја:на на-к'ојн не на-м'ашка, копанкат̄а е од-д'арво,* – во кои синтагмите семантички се посебно маркирани, за разлика од оние што носат прилошка ознака, на пр. *ќе т̄-удра 'од-земја, се качи н'а-којна, т̄адна 'од-дарво.*

1.2. Граматика

1.2.1. Именки

Морфологијата на именските зборови не отстапува осетно од морфологијата во охридските и централните говори. Кај личните и роднинските имиња на консонант, на *-о* и на *-е* општата форма и во преспанскиот завршува на *-а*, сп. *Го виде Божина, го викна тетина, беше со Ванча, со татка*, одн. на *-та* кај имињата што завршуваат во номинативот на *-е* : *Кърсте - Кърстета, Миле - Милета.*

Во северниот дел на областа не се ретки и флексивни дативни форми кај личните и роднинските имиња од м. и ж.р. Сп. *Му даде Стојану, Јанку, Марку, Петрету, Илију, а рекоф Цвете, Босил'ке, Марије, мајке, тетке, вујне* Крушје, Изб. *Однеси-и-је чорабите мајке* Г. Дуп, *Видану, Николу, Спиру, Зорету, Павлету, Невене,* покрај *на Невена* Рајца, и со посесивно значење: *Талету син му* Арб. Како што се гледа, кај именките од м.р. се генерализирала една наставка за датив – *-у* кај сите основи, а во ж.р. наставката *-е*. Во селата што се наоѓаат јужно од линијата Отешево – Лескоец превладува дативната *на*-конструкција, сп. *Му рекоф на Јанка, на Милета,* итн.

Во вокативот кај именките од ж.р. се генерализирала наставката *-о* кај сите именки на *-а,* вклучувајќи ги и повеќесложните на *-ица* и на *-ка*, сп. *Горицо, Катицо, лисицо, Босил'ко, Заѓорко, Донко, Милко* Стење.

Наставки за обична множина се *-оі* (< *-ови*), *-еі* (< *-еви*), *-и, -ишта, -офци, -а,-ина*, сп. *лебоі, бројоі, ѓрошеі, ножеі, кл'учеі, шуреі, вујчеі* Лес, *бојеі,ројеі* ЦДв, *мажи, воўци, кони, – татишта, ридишта, – таткофци, дедофци*, покрај *таткоі, дедоі, вујкоі, стрикоі* Рајца, и кај образувањата на *-л'о* : *смăрдл'офци, ѓăрбл'офци; – жени, офци; – полина, пилина*. Од именките –'нога' и 'рака' се среќаваат двојни множински форми – со *-е* : *нозе, рăце* Ресен, Прет, Отеш, и со *-и* : *нози, рăци* ЦДв, Стење, Лес.

Во именските основи некои промени претрпеле именките *пот* и *којн*, кои почесто се среќаваат во формите со *-а* : *пота, којна,* сп. *имаше еден којна* Отеш, *пота* Тодор. Именката *стапица* се јавува и во обликот *стапиц* Лес.

Категоријата определеност кај именските зборови граматички се изразува со морфемите *-ов, -ва, -во, -от, -та, -то, -он, -на, -но*, сп. *лебоф, рăкава, детево; лебот, каменот, денот, нивата, полето; ридон, планинана, езероно*.

Може да се сретне и понекој остаток од деклинацијата на определените форми, сп. *волутому во роѓот, ѓлуфчетому на плакоіне* Рајца.

Во деривацијата на именките во преспанскиот во целина многу се продуктивни деминутивните образувања со суфиксот *-е*, сп. *возе, воле, вăрше, едно ѓроше, ѓрозде, мостe, кърсте, столе, дашле, овне* и др. Отеш.

Иновација на овој терен претставуваат образувањата од типот: *бротјанец* (: *Брод*), *сопоштанец* (: *Сопот*), *прилептанец, велештанец* (: *Велес*), *тетоштанец, кичоштани, кратоштанец* ЦДв.

Именските форми *сретја, несретја* ЦДв се преобразувани спрема *сватја*.

1.2.2. Заменки

Кај личните заменки како дијалектни разновидности се јавуваат формите: *јаска* покрај *јас*, кратките форми за директниот објект *ма, та, са, на, ва,* формите *ја* и *а* за ж. р., дативната *је* покрај *(ј)а* и *му* за ж.р. Целата парадигма на личните заменки ни се претставува во следниов вид:

јас // јаска – мене ми – мене ма
ни(ј)е – нам ни – нам / нас на
ти – тебе ти – тебе та
ви(ј)е – вам ви – вам / вас ва
тој, с.р. *то: – нему му – не(г̄)о г̄о*
таја / та: – нејзе је / му / (ј)а – н̨ја / неја ја / а
ти(ј)е – ним(и) му – ним(и) и
Сп.: *мене ма виде, нам ни виде, меѓу нас / нам, со нас, н̨ја ја зеде, неја не а виде, нејзе му рече, ними му даде, на ними му таднало* Рајца.

Лично-предметни заменки се:
кој, која, кое – кој̨; што / шо,
некој, неко(ј)а, некое – некој̨; нешто / нешчо,
никој, нико(ј)а, никое – никој̨; ништо / нишчо,
секи / секој, секоја, секое,
еркој, ерко(ј)а, еркое; ерш(т)о,
чи, чи(ј)а, чие – чи:
Лично-предметните заменки имаат и посебни форми за директниот објект: *кого̄, некого̄, никого̄, секого̄*, и за дативен: *кому, некому, никому, секому*.

Демонстративни заменки се:
овој, ова:, ова – ови(ј)е,
тој, таја / та:, то: – ти(ј)е,
оној, она:, она – они(ј)е.
Во северните села на разгледуванава област се среќаваат и посебни форми за објектот, сп. *овег̄а, онег̄а* ГДуп, *овему, онему, овејзе* Круш.

Демонстративни заменки за признаци и количество се:
вакоф, ваква, вакво, вакви,
такоф, таква, такво, такви,
онакоф, онаква, онакво, онакви;
оўкаф, оўка:, оўко:, оўкај̨; тоўкаф, тоўка:, тоўко:, тоўкај̨ //
// токаф, тока:, токо:, токај̨,
оноўкаф, оноўка:, оноўко:, оноўкај̨.
Во појужните села се среќаваат и формите: *оакоф, оаква, оакво, оакви*, покрај *вакоф, -ва, -во*.

Со присвојно значење се употребуваат следните форми:
мој, моја, мое – мој̨; наш, -а, -е, – наши;
твој, твоја, твое – твој̨; ваш, -а, -е – ваши;
нег̄оф, нег̄о: / нег̄о[а], нег̄о: – нег̄ој̨; нимни, нимна, нимно, нимни;
незин, -а, -о, -и;
свој, -а, -е, -и.

Забелешка: Посвојно-демонстративни форми од типот на охридските *овег̄ов, онег̄ов, овејзин* не се забележани.

Општата количествена заменка се јавува во формите:

сӑјоф, сӑво, сӑто, сӑно Ресен, *сӑјоф, сӑјон, сӑјот, сӑта, сӑто*, ГДуп, Евла, *сӑјот, сӑта, сӑто* ЦДв. Во оваа функција почесто се употребува *цел, -а, -о*, сп. *Цело село се смеѭт*, Г-*изеде цел лебот, целиот леѓ.*

1.2.3. Глаголи

Горнопреспанскиот говор ги познава сите граматички категории на глаголот познати во стандардниот јазик и во другите западни говори. Меѓутоа, во него денеска не се многу фреквентни можниот начин и глаголскиот прилог. Во некои говорни пунктови глаголскиот прилог во анкетите не се покажува воопшто. Во споредба со централните говори овде повеќе доаѓаат до израз сложените форми со 'има / нема' и со 'сум' + глаголската *н/т*-форма.

Како дијалектни посебности во овој говор во областа на глаголот се јавуваат промените извршени во глаголската *е*-група, наставките за 3 л. едн. и мн. на презентот, множинските наставки за 1 и 3 л. во минатото определено време, и неколку други поситни промени.

Глаголската *е*-група овде е готово наполно дезинтегрирана. Глаголите што им завршува општиот дел на консонант преминале во *и*-група и морфолошки се изедначиле со старата *и*-група, *сечиш, ѓечиш, бериш, колиш, ѓадниш*. Глаголите кај кои општиот дел завршува на вокал во одделни пунктови наполно преминале во *а*-група, сп. *мијаш - мијаш, ткајаш - ткајаш, дујаш - дујаш* Ресен. По нив се повеле и глаголите од *и*-група што им завршува општиот дел на вокал, сп. *бројаш, кројаш, ѓнојаш*, како *ѓрајаш - ѓрајаш, вијаш - вијаш, сѓијаш - сѓијаш* ГДуп. Прегрупирањето се извршило, како што се гледа, според завршокот во основната морфема, дали е тој вокал или консонант. Меѓутоа, дезинтеграцијата на глаголите со вокал во коренската морфема не е наполно завршена на сета територија на горнопреспанскиот. Во некои говорни пунктови процесот е во тек, сп. *ѓијаш - ѓијаш - ѓијаме, кројаш - кројаш, обујаш - обујаш, чујам - чујаш,* но и: *ткаеш - ткаеш* ЦДв, *вијаш, врија̄ш, мијаш, сѓијаш, ѓрајаш, ѓнојаш, бројаш,* но: *сееш, вееш, ѓееш, одн. се:ш, ѓе:ш* ГДуп, *бројам - бројаш, ѓијам - ѓијаш, ткајам - ткајаш, ѓрујаш,* но: *сја* (< *сеа*) – *сееш* (*се:ш*), *сеет* (*се:т*) Езер.

Од *и*-група во горнопреспанскиот се и изведените глаголи со суфиксот *-в-*, сп. *куѓивиш, кажвиш.*

Презент. – Во 1 л. ед. наставката *-м* е ограничена само на глаголите од *а*-група и тоа на сето преспанско говорно подрачје: *викам, орам.* Во северозападните села спорадично *-м* може да се сретне и кај глаголите од *и*-група, сп. *сечам, носам*, покрај пообичните форми без *-м*: *сеча, носа* Лес, Стење. На другата територија од овој говор во анкетираниот материјал не се констатирани форми со *-м* кај глаголите од *и*-група. Ова важи и за глаголите од типот 'пие, пее, чуе, брои' – каде што минале тие во *а*-група во 1 л. едн. завршуваат на *-м*, а каде што останале уште во *е*-група, тие во 1 л. едн. завршуваат на *-а*, сп. *бројам – бројаш, шијам – шијаш, сејам – сејаш, обујам – обујаш* Стење, но: *ткаја – ткаеш, сја* (сеа) – *се:ш, са смја – сме:ш, ѓја – ѓе:ш* Крушје.

Во 3 л. едн. се пази наставката *-т* на сета територија на горнопреспанскиот говор: *викат, имат, носит, берит*. Јужната граница оди по правецот Гломбочени – Претор (Конески, 1957 : 173-219).

Во 3 л. мн. на горнопреспанскиот терен се среќаваат две наставки – *-ат* и *-ет*, кои се географски јасно разграничени. Наставката *-ет* превладува во селата на северозападниот брег на езерото, сп. (*тие*) *спиет, пеет, носет, викает* Лес, Стење, Коњ. По оваа црта говорот на споменативе села се поврзува со охридскиот. На другата територија 3 л. мн. завршува на *-ат*: *вика:т* (*викаат*), *носат*.

Целата презентска парадигма гласи:

викам	*носа*	*сеча*
викаш	*носиш*	*сечиш*
викат	*носит*	*сечит*
викаме	*носиме*	*сечиме*
викате	*носите*	*сечите*
викаат	*носат*	*сечат*
[*вика:т*]		

Во Стење и околните села: 3 л. мн.: *викает, носет, сечет*.

Презентските форми од 'сум' гласат: *су // сум, си, е // (ј)ет, сме // сне, сте, сет // са // сă // сăт*. Формите: *сум, сет, сăт* ограничени се на северозападните крајезерски села (Стење, Лескоец).

Аорист. Имперфект. – Наставката *-ф* (< *-в*) во 1 л. едн. е општа на целото говорно подрачје. Во 1 л. мн. има две разновидности: *-вме* во северозападните села, и *-вне // -фне* во источниот дел на областа, сп. *рековме, имавме, дојдовме* Стење, Лес, Коњ : *дојдовне, знаевне, бевне паднавне* Прет, Езер, *с-измифне* Соп. Во централните села се јавуваат наспоредно и двете наставки, сп. *паднавме // паднавне* Пер.

Во 3 л. мн. наставката *-а* е општа, сп. *летнаа, пијаа, легнаа*, одн. *легна:, вика:,* – по извршената контракција, *зедоа, најдоа (зедо:, најдо:)* Курб, *беа, носеа, мелеа*, т.е. *бја, носја, мељја*, со фонетската измена на */ea/* во [*ја*], *ватија, свăршија, с-измија* ЦДв, *како да дојдја, берја, бја, вăрлија, обете умрја* Отеш. Во северозападните села за да се попречи контракцијата и другите фонетски промени елементот *-ј-* од глаголите од типот *ватија, свăршија* е пренесен на сите глаголи, па се оформила двочлена наставка *-ја* : *легнаја, рекоја, викнаја, покосија, носеја, седеја* Стење.

Забелешка: Томиќ дава и форми на *-е* во 3 л. мн.: *седае, вежае, нижае, сторје* покрај *дојдоа, бреа, носеа* (Конески, 1957 : 188). Во нашите материјали вакви форми не се констатирани.

И во аористната основа, како во презентот, можеме да следиме некои интеграциони процеси што имаат за последица сведување на глаголите на поуедначени модели. Како критериум исто така послужил карактерот на гласот на којшто завршува општиот дел на аористната основа. Така, на пример, во еден конјугациски модел се групирале глаголите од *н*-основи од типот 'паднит'

и ‘менит’ сп. *п̄аднаф, п̄адна, п̄аднавме, п̄аднафт̄е, п̄адна(ј)а, – менаф, мена, менавме, менафт̄е, мена(ј)а, п̄осинаф – п̄осинавне, збунаф – збунафт̄е, г̄о п̄оканаф, г̄о п̄роменаф дет̄ет̄о, са оженаф, са ст̄емна, испоўнаф* ГДуп.

Во друг конјугациски модел се интегрирале глаголите од *и*-раздел, од типот ‘згазив, сварив, вратив’, од *е*-раздел, тип. ‘наѕрев, проврев’, и дел од глаголите од *о*-раздел, на пр. ‘сметов, сплетов, напасов’. Сите тие образувале нов *и*-/*е*-раздел, сп.:

наѕриф	*сп̄лет̄иф*	*зг̄азиф*	*обричиф*
наѕре	*сп̄лет̄е*	*зг̄азе*	*обриче*
наѕре	*сп̄лет̄е*	*зг̄азе*	*обриче*
наѕривме	*сп̄лет̄ивме*	*зг̄азивме*	*обричивме*
наѕрифт̄е	*сп̄лет̄ифт̄е*	*зг̄азифт̄е*	*обричифт̄е*
наѕрија	*сп̄лет̄ија*	*зг̄азија*	*обричија*

Сп. и: *свариф - сваре, врат̄иф - врат̄е, зг̄от̄виф - зг̄от̄ве, ст̄ориф - ст̄оре, окосиф - окосе, ов̆ар̆шиф - ов̆ар̆ше, - нап̄асиф - нап̄асе, ст̄рет̄иф - ст̄рет̄е, смет̄иф - смет̄е, п̄роврип - п̄ровре, зап̄риф - зап̄ре* Езер, ЦДв, Стење.

Извесно колебање во основите се забележува кај глаголите од типот ‘брои’, сп. *изброаф* (> *изброːф*), *изброа* (*изброː*), *изброавне* (> *изброːвне*), *изброафт̄е* (*изброːфт̄е*), *изброаја* (> *изброːја*) Езер, Ресен, и: *изброиф* (> *изброi̯ф*), *изброифне* (> *изброi̯вне*), *изброифт̄е* (*изброi̯фт̄е*), *изброија* Прет.

Во имперфектот нема некои поособени промени на основите. Во говорите каде што глаголите од типот ‘брои, ткае, сее, шие, чуе’ преминале во презентот во *а*-група, и имперфектната основа завршува на *-а*, сп.:

ораф	*бројаф*	*п̄ијаф*	*носеф*
ораше	*бројаше*	*п̄ијаше*	*носеше*
ораше	*бројаше*	*п̄ијаше*	*носеше*
оравме /	*бројавме* /	*п̄ијавме* /	*носевме* /
оравне	*бројавне*	*п̄ијавне*	*носевне*
орафт̄е	*бројафт̄е*	*п̄ијафт̄е*	*носефт̄е*
ора: /	*броја:* /	*п̄ија:* /	*носi̯а* /
ораја	*бројаја*	*п̄ијаја*	*носеја*

Императив. – И во императивот на горнопреспанскиот се појавува тенденција за упростување на конјугациските модели. Тоа е постигнато со генерализирање на наставката *-ј̄т̄е* во 2 л. мн. кај сите глаголи, сп. *викај - викај̄т̄е, носи - носеј̄т̄е, седни - седнеј̄т̄е*. Така е на сето преспанско говорно подрачје. Извесни разлики меѓу горнопреспанскиот и долнопреспанскиот говор се забележуваат само кај глаголите што им завршува општиот дел на вокал. Во долнопреспанскиот, каде што се тие глаголи од *е*-група, наставката *-ј̄т̄е* се додава на *е*-основата, сп. *бројеј̄т̄е, т̄кајеј̄т̄е, сејеј̄т̄е чујеј̄т̄е* Гломб. Така е и во горнопреспанските села, каде што се задржале овој тип глаголи во *е*-група, сп. *п̄иеј̄т̄е, сееј̄т̄е* Стење, Лес, но не се туѓи формите *број̄т̄е, сеј̄т̄е, дуј̄т̄е са, напиј̄т̄е са*. Таму пак каде што се тие глаголи од *а*-група, наставката *-ј̄т̄е* во 2 л. мн. на

императивот се додава на основниот вокал *-а* : *бројајте, ткајајте, пијајте, сејајте, трујајте* Прет.[2]

Именски форми на глаголот. – Веднаш треба да истакнеме дека во поглед на глаголскиот *л*-партицип преспанското говорно подрачје не е единствено. Во крајните јужни преспански села *л*-партицип нема (в. подолу). На другата територија тој се образува како и во другите западни говори, сп. *имаў, носиў - носеў, браў - береў*. Кај глаголите од *о*-раздел од типот 'речит, печит' *л*-формата се образува, главно, од старата основа: *рекоў, пекоў, остриг̄оў, дошоў*. Ретки се партиципи на *-ел*. Но од друга страна забележани се форми како *можиў, сечиў, печиў* ГДуп.

Во образувањето на *н/т*-партиципот овде имаме само една иновација: кај глаголите со завршок на *-н-* во општиот дел се генерализирала наставката *-ат*, сп. *пленат, изронат, стемнато, испразнат, испоўнат,* како *паднат, станат*. Кај глаголите од типот 'шие, сее, труе' глаг. *н*-парт. се образува од соодветната презентска основа, сп. *скројани са, не јет измијан, отрујани са* Прет.

Глаголскиот прилог е многу редок, а во западните села готово и не се јавува. Таму каде што не е загубен, тој се образува со наставката *-јќум*: *викајќум, кревајќум, дăржејќум, плачејќум, моўчејќум, миејќум* ГДуп.

Во поглед на образувањето на глаголската именка преспанскиот не покажува ништо посебно, сп. *викајне, одејне, играјне, жал'ајне* ГДуп. Во појужните села поретко се среќаваат и образувања на *-ање*, кои се карактеристични за костурското говорно подрачје, сп. *играње, жнаење* Рајца.

Сложени глаголски форми. – Минатото неопределено време со *л*-партиципот не е така често како во централните говори, а до колку се употребува тоа се јавува во функција за прекажување. Сп.: *Су бил канат, ама јаска не знаеф, Вистина ли ет, си бил Битол'а?! Партизаните дошле ф село и са сместиле по куќите.*

Предминатото време е многу ретко во употреба особено во говорот на помладите.

За изразување на минати дејства почесто се употребуваат формите со 'има' + глаголската *н/т*-форма:

а) имам дојдено	*имаме дојдено*
имаш дојдено	*имате дојдено*
имат дојдено	*имаат дојдено*
б) имаф дојдено	*имавне дојдено*
имаше дојдено	*имафте дојдено*
имаше дојдено	*има(ј)а дојдено*
в) су(м) имал дојдено	*сме имале дојдено*
си имал дојдено	*сте имале дојдено*
имал дојдено	*имале дојдено*

[2] Формите од типот *сурвајте, видајте, берајте*, кои ги приведува Томиќ од Стење (Конески, 1957 : 188) при нашите теренски испитувања не се констатирани.

Формите под а) и под б) се многу фреквентни.

Можниот начин со 'би' + *л*-формата во горнопреспанскиот е во отстапување. Неговата функција ја преземаат конструкциите со 'ќе' + имперфектот за иреални ситуации, и други модални искази.

Од сложените форми со 'ќе' застапен е покрај формата за идно време, сп. *ќе носа, ќе носиш, ќе носит, ќе носиме, ќе носите, ќе носат*, и обликот за идно минато време, сп. *ќе носеф, ќе носеше, ќе носеше, ќе носевме, ќе носефте, ќе носе(ј)а*. Сп: *Божем ќ - одевне зе:дно на сноїје* ГДуп. *Тешки ѓодинје бїа, ништо немаше, само еднуш во денот ќе јадевне, неко:ш само ѝченка* ГДуп. *Да не завърнеше дош ќ - одеф на дърва. Ќе ѓо земеф и неѓо да зне:ф. Штом ќе са забе:ше, зне:ф во што је работата.*

Формата за прекажување на идни дејства се образува со аористниот *л*-партицип, сп.: *ќе су(м) носил, ќе си носил, ќе носил, ќе сме носиле, ќе сте носиле, ќе носиле*, *Тие ќе ти одиле на работа, Мори, утре ќ-имало свадба в Евла, Ми рече оту ќе му ѝуштиле колет, Миле дошоў, ќ-имало утакмица велїа, али е вистина*?

За комплетен увид во глаголската флексија ги приведуваме и следниве форми:

а) *ќе имам одено*	*ќе имаме одено*
ќе имаш одено	*ќе имате одено*
ќе имат одено	*ќе имаат одено,*

поретко и со 'ќе да': *Ќе да имаат видено* ГДуп;

б) *ќе имаф одено*	*ќе имавме одено*
ќе имаше одено	*ќе имафте одено*
ќе имаше одено	*ќе има(ј)а одено;*

в) *ќе су(м) имаў одено*	*ќе сме имале одено*
ќе си имаў одено	*ќе сте имале одено*
ќе имаў одено	*ќе имале одено*

Доста се фреквентни на преспанското говорно подрачје и конструкциите со 'сум' + глаг. *н/т*-форма од типот:

а) *су(м) дојден*	*сме дојдени*
си дојден	*сте дојдени*
(ј)е дојден	*са / сет дојдени,*

б) *беф дојден*	*бевме дојдени*
беше дојден	*бефте дојдени*
беше дојден	*бїа дојдени.*

Во деривацијата на глаголите секако се најинтересни од дијалектен аспект девербативните несвршени глаголи со суфиксот *-в-* од типот *купит / купат, кажвит / кажват*. Тие се наложиле на местото на образувањата на *-ува*, Сп.: *легнит - легват, паднит - падвит, зајдвит, бидвит*. Овој тип образувања се

шират за сметка на старите девербатива на *-а-, -ја-, -јава-*. Така во горнопреспанскиот покрај образувањата *плашташ, врашташ, раждаш / рождаш, наиждаш, преиждаш, обиждаш,* се употребуваат и форми на *-в-*: *вратваш, наожвам, падваш, зајдвиш* Езер, *најжваш / најждвиш, зајдвиш, преожваш* Крушје.

1.2.4. Службени зборови.

Од предлозите ги истакнуваме: *кăј* поради фонетската разновидност, *мејґу, кон*, и посебно *прекај, кăрз / кăрс*. Последниов се употребува со значење 'низ', сп.: *Помина кăрс-село, кăрз-ливада* Асам. *Не цапај кăрз-река* Курб.

Предлогот *во* често се испушта, сп.: *Ќ-ода планина. – Али беше Битол'а? – Беф Кича:* ГДуп, *– Јаска ојдоф Брајчино* Прет.

Од сврзниците дијалектно се ограничени *уш̄и*, поради фонетскиот лик, и *ш̄ака* со каузално значење, сп. *Не дојде ш̄ака бил болен. – Го избăркаф момокоѝ ш̄ака не работеше* ГДуп.

2. ДОЛНОПРЕСПАНСКИОТ ГОВОР

2.1. Долнопреспанскиот говор по своите најкарактеристични дијалектни структурни особености не отстапува многу од горнопреспанскиот. И тој ја познава фонемата */ă/* како континуант на **ǫ* и во секвенцата */ăр/* место **ŗ,* сп. *рăка, пăш̄, пăрсш̄и.* Меѓутоа, во долнопреспанскиот таа е добиена и како континуант на вокалното **ļ* во секвенцата */ăл/*, сп. *кăлк, пăлно, жăлш, сăлза, мăлчи, ґăлш̄а, жăлш̄ица, бăлва, кăлни* Граж, *вăлк, вăлна, са бăлвеш̄, жăлш̄, кăлниме, кăлко* Зрн, или само */ă/* во говорот на крајните југоисточни села Лăк, Буковик, Оровник и Пăпли, сп. *кăк, жăш̄, жăчка, сăза, ґăш̄а, дăґо, мăчи, бăва, ш̄ăчи, мăзиш, пăшок,* покрај *кăлни, сш̄ăлп, дăлжина, вăлна, вăлк, пăлно, мăлкум* Лăк. Северната изоглоса на континуантот */ăл/* за вокалното **ļ* оди по правецот Шулин – Орово – Пăпли.

Поголем број од диференцијалните фонетски особини на долнопреспанскиот се архаизми. Во вокализмот, на пример, во него среќаваме значителен број лексеми со запазен назализам, сп. *ґрăнди, дрăнк, зăмби, мăнде, крăнґо, јăндица, јăндар, пăндар, пăндарница, сш̄рăнґа, ш̄рăмба, кломко* Лăк, *ґрăнди, зăмби, сăмбош̄а, кломко* Зрн, *ґăнґарец, Рăмбе, лăнґо, мăнде, зазăмбица, јăнґул'а, јăндица, ґренда, ґренди, лендина, пенда, девендесе, пендесе, ґрендел', јарăмбица, чомбрица* Леска.

Остатоци од старата промена на **ę* во **ǫ* освен зад */j/*: *јăзик, јăчмен*, се среќава и зад */ч/* во *чăдо*, мн. *чăда* Леска, Гломб.

Во вокализмот во долнопреспанските села воопшто има помал број дифтоншки секвенци. Во него, на пример, групата */ea/* се пази неизменета, сп. *леа, неа, сш̄ре(ј)а* Гломб. Во јужниот дел на овој говор не подлежат на промена ни групите */ae, ео, оа/*, сп. *зае(д)но, неол'а, ш̄оа.* Таму пак каде што дошло до нивно отклонување, како, на пример, во селата на западниот брег на езерото, процесот одел понекогаш во друг правец. Во с. Гломбочени групата */оа/* различно се реализира во одделни лексеми, сп. *осно: – осн'о:ша, ш̄о:, ш̄ро:* – како во горнопреспанскиот, но: *ш̄вар, ш̄вариш, свал'ка* (< *ш̄оар, соал'ка*) : *снојам* : *ковач, коваш̄, ковална* (со запазено *в*), *свал'ка,* но и *основа, ш̄овар, ковач* Леска.

Место групата /*oe*/, до колку таа не се запазила во одделни лексеми, се добиле нови резултати, сп. *чојак, ѓојадар,* покрај *вдоец* Леска, Гломб, *чвек* покрај *чек* и *чоек* Пус.

Повеќе примери овде наоѓаме и со прегласено /*a*/ во /*e*/, исто така остаток од еден стар процес, сп. *Гломбочени, чеша, есен, есено дăрво, ес'е̯ица* (< *есеница*), *кăшеј, лишеј, челеш, бăршлен, полена* Гломб, *чиреј, чекија* Леска, *илеч* Шул.

Фонемите /*ќ - ѓ*/ овде се многу ретки во словенски лексеми. Констатирани се во лексемите: *куќа, домаќин, ќерка, веќе, појќе*, во партикулата *ќе* и во формите на глаголот *нејќи* Леска, Граж, покрај *нејеш, нејеши* Лăк, Зрн, *Божиќ* покрај *Божик,* понегде уште во *среќа* и *несреќа* Гломб, но и *среќа, несреќа* Леска, – *меѓу, преѓе, сеѓере, такуѓере, ăрѓа* Граж, Леска, покрај *ăржа* Лăк.

Во сите други случаи како континуанти за **tj, *dj* се јавуваат секвенците /*шт*/ и /*жд*/, одн. /*ж*/ во крајните јужни села на пограничјето со костурскиот говор, сп. *врешше, ношши, ношја, ношшен, лешша, свешша, ѓашши, пешша, – вежда, межда, сажди, чуждо* Гломб, *вежда, вижда, прежда, чуждина, пражда* (секундарно од *прашша*) Граж, *вежа, чужина, ăржа* Лăк.

Групите *-шј-, -дј-* (< **tьj, *dьj*) на сета територија на долнопреспанскиот говор останале неизменети, сп. *брашја, пăшје, цвешје – цвешја, трешʼа – вечер, лʼуди* Гломб, *брашја, сваšја, цвешја, лʼуди, дјавол, пошадја,* според нив и *ѓрадјанин* Граж, *цвешје, ливадје* Лăк.

Во западните периферни села не се ретки и случаи со запазено *-ш* на крајот во секвенците *-сш, -шш*: *ѓорешш, пришш, ношш, брешш* Леска, *брошш, пăрсш* Зрн, *ѓăрсш, чисш* Лăк.

Во одделни лексеми и во одделни пунктови на долнопреспанскиот терен се задржал и палаталниот назал – /*њ*/, сп. *коњ – коњо* : *кони* Лăк, *бања - бањи* Граж, *свиња* Леска. Во другите случаи во повеќето села *њ* преминало во /*н*/: *кон, ѓуна, дуна*, и во наставката *-ина* : *дечина, ноцина*, или пак депалатализацијата се вршела со антиципација на мекоста во /*ј*/, па се добила секвенцата /*јн*/: *бајна, сајна, којнар, којнцка кола, сирејне, јадејне*, или без метатеза – /*нј*/ *бабунјосан, денја, сењак, синјак, шăрњак, дренје, јăѓленје, коренје, лединје, сваšошшинје, шăрње* Гломб.

Преспанскиот говор, како што видовме, не ја познава фонемата *х*. Во иницијална и интервокална позиција таа се загубила без трага, сп. *снаа, леа, арен*, а пред консонант и на крајот, како во другите западни говори, /*х*/ се изменило во /*ф*/ во најголем број случаи, сп. *бафча, бофча, пифшија, сшраф, рекоф, рекофше,* одн. /*в*/ *ѓлуф - ѓлуво, суф - суво*. Само во одделни случаи во оваа позиција /*х*/ се загубило наполно, сп. *чели, шула, ишиза*, и во наставката *-хме* во 1 л. мн. на минатото определено време, сп. *рекоме, викаме.*

Во јужниот дел од областа во 1 л. ед. на аористот и имперфектот место /*х*/ се среќава и /*к*/: *бек, имак, носек* – претежно во речта на постарите говорни субјекти.

Од другите фонетски особености како диференцијални по однос на горнопреспанскиот овде се јавуваат:

фонемата /*ф*/: *фашва, фурна, фурка, филʼан* Леска, Пус, Граж, Лăк.

испуштањето на крајното *-ш* во десетичните броеви: *дваесе* / *двајсе, пендесе, девендесе* Леска, Граж,

загубата на /j/ во секвенци од две *а* во одделни лексеми, сп. *заак* / *за:к, ѣаак* / *ѣа:к* Лăк, *заачица, ѣаак, ѣаачина, шаак, одаа* Граж,

испуштањето на /в/ во групи зад денталите /ѣ, д/: *четорѣок* Зрн, *надор, заѣорено, оѣорени* Граж, *жеѣар* Леска.

2.2. Од морфолошките особености со коишто се диференцира долнопреспанскиот говор како покарактеристични ги истакнуваме:

кај именките и придавките – отсуството на членските морфеми на *-в* и *-н*, загубата на *-ѣ* во членската морфема за машки род, сп. *чојако, сѣисо, вăлко, крăнго* Шул, *коно, сивио* Пус, множинските форми *носи, рăци,* покрај *носе, рăце*, множинската форма *деци* од 'дете',

а кај заменките – облиците *него го* за ж.р. покрај *неа (ј)а*, *неми* покрај *ними*, *нејн -а, -о* место горнопреспанската форма *нејзин*, формите *нија*, *вија, ѣија* Шул, покрај *ние, вие, ѣие*, и општата заменка *свички*, како и честата употреба на *на*-конструкцијата за изразување на дативниот објект, сп. *на него му рече*, *на ними му даде* Леска.

Членските форми на *-в* и *-н* (*-ов, -он*) се доста ретки и во јужниот појас на горнопреспанското говорно подрачје, а јужно од линијата Коњско – Арвати готово и воопшто не се употребуваат. Северната изоглоса на членскиот облик за м.р. *-о* (*дено*) допира до Шулин и Арвати. Во Гломбочени на западниот брег и во Претор на источниот веќе превладува формата *-оѣ*: *деноѣ, зеѣоѣ* Гломб.[3]

Во долнопреспанскиот говор кај именките карактеристично е тоа што избројаната множина на *-а* е многу ретка, готово се загубила. Именките од машки род во синтагми со број множина обично образуваат со наставките *-и, -оі*, како и обичната множина, сп. *два лебоі, доѣера два кони* Граж, Леска.

Множинската наставка кај именките од среден род на *-е* на целото долнопреспанско подрачје се јавува во фонетскиот облик *-ина* : *ѣилина, ѣелина, ѣолина*.

Множинските форми на личните заменки се јавуваат во две разновидности: *ние, вие, ѣие*, кои се пораширени, и: *нија, вија, ѣија*, коишто се среќаваат наспоредно со првите во западните села (Шулин, Леска). – Формата *неми* покрај *ними* се среќава во јужните села, како и разновидноста *свички*, сп. *Неми и удриме*, *на неми му рекоф* Лăк. – Формата *него го* за директниот објект за ж.р. од 'таа', која е констатирана во Граждено, е ново образување спрема облиците за м. и с. род *него го*, а со наслон на *неа (ј)а*. На целиот преспански терен, видовме, има силна тенденција да се упрости системот на зависните форми на личните заменки. Така се објаснуваат и формите *него го* за ж.р., и кратката заменка *му* : *на него* / *неја му рече, му рече на женаѣа* Граж. Во долнопреспанскиот говор силно е изразена и тенденцијата дативниот објект да се изразува аналитички со предлогот *на* : *на кого му рече, на него му даде, на ними му испăѣи здравоживо* Лăк. – Прашално-присвојната заменка 'чиј' има само еден облик за сите три рода, сп. *Чи есѣи, мори момиче*? *Чи есѣи она дете*? Но во вакви случаи присвојноста почесто се изразува аналитички – со предлогот *на* + општата форма од заменката 'кој': *На кого си*? *На кого е детето*?

---

[3] Кон крајот на минатиот век Томиќ забележал неколку форми на *оѣ* и во с. Граждено, сп. *мъжоѣ - мъжо*, *конакоѣ - конако* (Конески, 1957 : 186).

Во областа на глаголот долнопреспанскиот говор покажува некои специфичности во образувањето на презентот, минатото определено време, глаголскиот прилог, како и во деривацијата на некои девербативни глаголи.

Во 1 л. едн. на презентот и овде, како во горнопреспанскиот, наставката *-м* е ограничена на глаголите од *а*-група: *орам, викам*. Во 3 л. едн. на овој терен наставката *-т̄* веќе не се среќава, сп. (*тој*) *вика, носи, сечи, шие*. Исто така *-т̄* се загубило и во 3 л. мн. на презентот, и тоа завршува на *-е* кај сите глаголи, сп. (*тие*) *вике, носе, бере, шие*.[4]

Некои дезинтеграциони процеси кај глаголите се извршиле и во овој говор, но нешто поинаку отколку во горнопреспанскиот. Глаголите од *е*-група што им завршува општиот дел на вокал останале неинтегрирани, сп. (*тој*) *знае, сее, шие, обуе*. Кон овој модел се приклучиле и глаголите од *и*-група кај кои коренската морфема завршува на *-о-*, сп. *брое, сто̄е, крое*. Сите други глаголи од поранешната *е*-група (што им завршува општиот дел на консонант) преминале во *и*-група, сп. *сечиш - сечи, дојдиш - дојди*.

Целата парадигма на презентот го има следниот вид:

викам	*носа*	*бера*	*т̄раја*	*сеја*	*мија*	*броја*
викаш	*носиш*	*бериш*	*т̄раеш*	*сееш*	*миеш*	*броеш*
вика	*носи*	*бери*	*т̄рае*	*сее*	*мие*	*брое*
викаме	*носиме*	*бериме*	*т̄раеме*	*сееме*	*миеме*	*броеме*
викат̄е	*носит̄е*	*берит̄е*	*т̄рает̄е*	*сеет̄е*	*миет̄е*	*броет̄е*
вике	*носе*	*бере*	*т̄рае*	*сее*	*мие*	*брое*

Изведените глаголи со суфиксот *-в-* во долнопреспанскиот се од *а*-група, сп. *фатваш, памет̄ва* Пус, *куп̄ва, зборва, влег̄ва* Леска, *менват̄, наречват̄* Гломб. Границата меѓу формите *кажвиш - кажвит̄* и *кажваш - кажва(т̄)* оди по правецот Коњско – Претор. Во овие две села превладуваат формите од *и*-група: *памет̄вит̄, разбервит̄* Коњ, *лег̄вит̄, куп̄вит̄* Прет.

Во минатото определено време од дијалектен аспект интерес претставуваат наставката *-к* во 1 л. едн. која се употребува паралелно со *-ф* (< *-в*) во говорот на селата што се наоѓаат на западната страна од Малото Езеро, и наставките *-ме* и *-т̄е* во 1 и 2 л. мн., сп. *бек, зедок, лег̄нак*, покрај *беф, зедоф, лег̄наф* Граж, *викаме - викат̄е, јадоме - јадот̄е, јадеме - јадет̄е, носеме - носет̄е* Лăк, Граж. Во селата на западниот брег како наставки за 1 и 2 л. мн. се јавуваат *-ме* и *–фт̄е* : *викнаме - викнафт̄е, дојдоме - дојдофт̄е, зг̄решиме - зг̄решифт̄е, изг̄ореме - изг̄орефт̄е* Леска, Гломб. Во говорот на с. Шулин диференцијација се извршила меѓу наставките за аористот и за имперфектот на тој начин што во имперфектот се обопштиле морфемските форми *-фме, -фт̄е*, а во аористот *-ме, -т̄е*, сп. аорист *викнаф, викна, викна, викнаме, викнат̄е, викнаја*; *дојдоф, дојдоме, дојдот̄е, дојдоја*, имперфект: *викаф, викаше, викафме, викафт̄е, викаја; носеф, носеше, носефме, носефт̄е, носеја*. Во 3 л. мн. на двете определени времиња има

[4] Кон крајот на минатиот век Томиќ од Пустец и од Граждено дава за 3 л. едн. и форми со *-т̄*: *ојт̄, велит̄, чинит̄*; и во 3 л. мн. примерите од Граждено ги дава и со *-т̄*, одн. *-ет̄*, и без *-т̄*: *велет̄, одет̄, беѓе:т̄, са сме:т̄ – веле, име:, оде:* (Конески, 1957 : 188).

наставка *-а*, во некои пунктови и *-ја*, сп. *викаа, носеа, дојдоа* Лăк, *јадеја, дадоја* Граж, *носеја, сечеја, дојдоја, зг̄решија, изг̄ореја, викнаја* Леска, Шулин, Гломб. Во Граждено се забележани и неколку форми со *-ва* : *седнава, дојдова*, покрај *седнаја, дојдоја*, но само *зг̄решија, са напија, беја* (зад преден вокал).

Во западните села има уште една тенденција во минатото време. Во множинската форма на имперфектот има тенденција да се генерализира една основа – на *е* кај сите глаголи. Така глаголите од *а*-основа се изедначиле со оние од *е*-основа, сп. *носеме, носете* / *носефте*; *викеме, викефте, викеја* Леска, Гломб. Очигледно овде се работи за формално диференцирање на имперфектот од презентот за да се избегне омонимијата (сп. презент *викаме, викате, вике:*, имперфект *викеме, викете* / *викефте, викеја*).

Целата парадигма на минатите определени форми гласи:

а) аорист:

викнаф	*дојдоф*	*с-измиф*
викна	*дојде*	*с-изми*
викна	*дојде*	*с-изми*
викнаме	*дојдоме*	*с-измиме*
викнафте	*дојдо(ф)те*	*с-изми(ф)те*
викна(ј)а	*дојдо(ј)а*	*с-измија*

б) имперфект:

викаф	*носеф* / *носек*
викаше	*носеше*
викаше	*носеше*
викаме / *викеме*	*носеме*
викате / *викете* / *викафте*	*носете* / *носефте*
вика(ј)а / *викеја*	*носе(ј)а*

За императивот кажавме погоре дека се образува во 2 л. мн. со наставката *-ајте* (кај глаголите од *а*-група) и *-ејте* (кај глаголите од *е*-/*и*-група). Кај глаголите од типот 'брое, ткае, сее, пие, труе' во 2 л. мн. има двојни форми, сп. *броејте* / *броејте, ткајте* / *ткаејте, сејте* / *сеејте, трујте* / *труејте*.

Глаголскиот прилог во јужните преспански села е многу редок, негде и воопшто не се добива. Таму каде што не се загубил наполно, тој се образува со суфиксот *-ичкум*, кој се додава на глаголската *н*-форма, сп. *викаɲичкум* (< *виканичкум*), *носеɲичкум, плачеɲичкум* Леска, *јаденичкум, оденичкум* Шулин, *виканичкум* Лăк. Поретко се среќаваат во овој говор и прилошки образувања од типот *мăлчен'ата* Леска.

Во крајните јужни села, каде што е влијанието на костурскиот говор доста силно, се загубил и глаголскиот *л*-партицип (во Лăк, Граждено) со што се редуцирал глаголскиот систем на сложените форми. Денеска на овој дел од преспанското говорно подрачје формите со 'сум' + *л*-партиципот (перфектот, плусквамперфектот, идното прекажано време), вклучувајќи го тука и потенцијалот со *би*, не се употребуваат. Функциите на сложените минати времиња ги презеле

конструкциите со ‘има / нема’ и глаголскиот *н/т*-партицип од типот: *имам одено, имаш одено, …*и: *имаф одено, имаше одено…* Категоријата прекажаност како морфолошка формација во тој дел на разгледуваниов говор не постои. Функциите на *би*-конструкцијата (можниот начин) ги презела формата со ‘ќе + имперфект’: *ќе седеф, ќе седеше, ќе седеше, ќе седеме, ќе седе(ф)те, ќе седе(ј)а*. Инаку, основното значење на оваа форма е, како и во другите западни говори, да изразува идни дејства по однос на минат момент, како и за изразување на категоријата повторливост. Сп: *Ќе му а земеф пушката од рака, ама се накашл’аф прет тоа и се разбуди* Граж.

Неколку посебности во долнопреспанскиот говор наоѓаме и во деривацијата на несвршените девербативни глаголи. Образувањата со *-в-* овде готово наполно ги истиснале старите форми на *-а, -ја, -јава,* сп.: *оборва, отвора, пофторва, турва, платва, вратва, фатва, сметва, падва, родва, обидва, наотва, заотва, видва, досадва, дојдва, преидва, приодва,* или: *отворва, растоарва, поттирва сопинва* Лăк, *менват, леґват, са стемват, запletват, препletват, седват, падват, поґодват, прејдват, растворват* Гломб. – Кај глаголите на *-ва* (од типот *заборава* во литературниот јазик) оваа наставка се проширила и се добила нова – *-ива*, сп. *заборавива, оздравива* Лăк, одн. *-ева* : *оздравевават* Гломб, *оздравева, заборавева, оживева* Леска, секако според моделот *кăрштева, проштева*. – Од глаголот ‘извади’ несвршената форма гласи *извава*, а од ‘собери, збери’ несвршените завршуваат на *-ува* : *соберува, збирува*; од ‘фăрли’ се среќаваат две несвршени форми: *фăрл’а и фăрл’ува*, покрај *фăрґа*. Кај глаголите од типот ‘обуе, собуе’ несвршените корелати гласат: *обува, собува, са отрува*, а од ‘заспие, зашие, испие’ – *заспива, зашива, испива*.

Во јужниот дел на долнопреспанскиот говор како дијалектна разновидност се јавуваат и негираните форми од стариот глагол **хъѣti*: *нејта, нејташ, нејти, нејтиме, нејтите, нејте* Лăк, кои се употребуваат наспоредно со формите: *нејќам, нејќиш, нејќи, нејќиме, нејќите, нејќе*.

Помошниот глагол ‘сум’ во презентот се јавува во следниве форми:

су // са	*сме / сне / сме*
си	*сте / ста*
е / (ј)ет / (ј)ести	*са*

Во 3 л. едн. формите *(ј)ет* и *(ј)ести* се употребуваат готово паралелно, со тоа што негде превладува едната, во други пунктови другата. Множинските форми *сма, ста* ни се познати од говорот на с. Граждено (сп. *са, си, е, сма, ста, са*) и добиени се по аналогија. Множинскиот облик *сне* забележан е во Лăк: *са, си, јет, сне, сте, са*. Во с. Шулин парадигмата од ‘сум’ гласи: *су, си, ести, сме / сне, сте, са*, а во Леска: *сум / са, си, ет / ести, сме, сте, са*.

2.3. Интересен материјал долнопреспанскиот говор ни дава и во поглед на местото на акцентот во одделни зборформи како и во синтагматски групи.

Во јужниот негов појас завршува изоглосата на третосложниот стабилизиран акцент. Селата Трново, Дреново и Буковик се последни пунктови на тој дел од нашата јазична територија каде што доминира третосложното акцентирање. Во с. Дреново се чувствува и костурскиот акцент.

Во селата на западната страна на Малото Езеро од Трново па до Нивица се забележува тенденција акцентот да се стабилизира на иницијалниот слог и во зборoформите со повеќе од три слога (мори), сп.: *м'озоци - м'озоците, 'образи - 'образите, н'осо̯и – н'осо̯ите, г̄ăрс – г̄'ăрсто̯ите, л'ендина - л'ендината, ј'арамбица, ј'ангурида, 'овесница, ј'ăчменишите, д'ăбо̯ица, смр'еко̯ица, кр'аста̯ица, л'убенца, т̄'упа̯нца,* покрај: *ждриг̄'овина, кисл'овина, ес'е̯нца, бăл'в'а̯ица* Граж.

Иницијалниот акцент во долнопреспанските села не е изолирана појава во нашата дијалектна акцентуација. Таков акцент наоѓаме на целиот појас меѓу западното наречје и костурско-леринските говори од Преспанското Езеро преку селата Рула, Бесвина, Трново (на преспанско-костурското пограничје), Ошчима, Желино, Буф, Опцирина, Драгош (на пограничјето меѓу централните говори и леринскиот) па сè до пограничјето со мариовското говорно подрачје. Бидејќи овој акцентски систем е малку познат во нашата дијалектолошка литература, ќе приведам повеќе примери од сите споменативе села. Сп. примери: *г̄'отовач - г̄'отовачи, л'остови - л'остовите, ч'еканче - ч'еканчина - ч'еканчината, д'уало - д'уалото, с'ирење - с'ирењето, п'онеделник, 'улишчарник, л'опата - л'опатата, ј'алица - ј'алицата, в'оденица, в'алевица, ј'аловица, к'овачница, б'иолица, н'азăмбица, с'уодолица, 'ечменишче, 'овезишче, м'учуришче, г̄р'озјебранје, к'аменливо, п'есокл'аа земја, з'аветорно, з'адушливо, ј'аворово, 'есеново, 'астелито, пр'екосено, к'озинени чорапи, пр'есекое, 'истругаме - 'истругае, р'асцветое* Рула, *г̄'оендари, б'уништарец, г̄'улдупарник, ј'аранбица, в'ерверица, н'евестул'ка, п'ерјаница, н'арăквица, к'иселина, ц'уберинки, ц'ерево - ц'еревото - ц'ерефцина, м'очуришче, 'измăлг̄у - 'измăлг̄име, 'избрикоме, 'испараме, п'омислиме, 'облеквиме, п'омладио, в'иканичкум,* во акцентски групи: *н'а-орање, н'акосење* Ошчима, *г̄'аба̯ица - г̄'аба̯ицата, 'ораница, р'амената* Желево, *'Америка, кр'аставица, 'осумдесет, д'онесоа,* и во акцентски целости: *н'е-видоа, шт'онаправи, к'ој-ти-рече* Буф (Леринско), *б'иоли - б'иолите, л'исица - л'исицата, к'окошк'и - к'окошк'ите, г̄'авашќани,* 'жители на Ѓавато', *фăрли а ј'адицата, к'окошарник, г̄'улабарник, ж'абјарник - ж'абјарници, 'орешлини* 'мекиот дел на кората од орев', *с'иромашчија, з'акадено, к'аменливо,* потоа во зборoформите од типот: *в'оде̯нчар, в'ал'а̯ичар, в'оде̯нца, в'оло̯ите, н'ожо̯ите,* и во акцентски целости: *н'е-бериме* (: *ќе-б'ериме*), *н'е-жнијеме* Драгош (Битолско).

Негде во вакви случаи се јавува на пенултима еден слаб акцент, сп. *'Опцирина, м'ашината, н'евестата, б'орина - б'оринатa, п'арамајка, к'опил'че - к'опил'чиња, с'ирачина, пр'ијатели, ф'амилија, п'осестрима, св'екărвата, с-'испоболи,* и во целини: *н'е-ојдоа, тр'и-месеци, н'е-велиме* Опцирина (Леринско).

3. ЉУБОЈНСКО-ГЕРМАНСКИОТ ГОВОР

3.1. Меѓу поважните дијалектно-диференцијални црти на љубојнско-германскиот говор во областа на гласовниот систем спаѓа фонемата /*å*/. Со неа тој има шесточлен вокален систем:

и	*у*
е	*о*
а	*å*

Како релевантен дистинктивен признак покрај степенот на отворот се јавува заокруженоста (лабијалност). Вокалот /å/ образува корелација со /a/ како негов заокружен (лабијализиран) член, додека со /o/ се опонира по отворот: /å/ е низок (отворен, широк) вокал. Сп. минимални парови: *кå̄пи,* 'капе, бања' : *ка̄пи*, *пå̄т* 'пат': *по̄т*, *зå̄п* 'заб' : *зо̄п* 'зоб', *мå̄тка* 'матка во бутин' : *мо̄тка* 'дрво', *рå̄п* 'раб' : *ро̄б*, *сå̄т* 'сад' : *со̄т* 'сот кај пчелите', *мå̄гла* 'магла' : *мо̄гла* (*л*-партицип ж.р. од *може*), *гр̄ådи* 'гради' : *гр̄ади* (3 л. ед. презент од глаголот *гр̄ади*). Фонемата /å/ по однос на нејзините корелати /o, a/ има поограничена дистрибуција. По правило таа не се јавува во иницијална и во финална позиција. Се јавува само во коренска морфема. Историски /å/ се добило во односниов говор како континуант на носовката **ǫ* во коренски морфеми, на секундарниот *ъ*$_2$ во почетен слог, потоа како континуант на вокалното **ļ* само или во група со *л* /ål/, и во неколку примери се јавува место вокалот /a/ во соседство со назален сонант. Сп. примери:

**ǫ* > /å/: *вна̄тре, гр̄åбаи̯ца, гр̄лå̄бок, гр̄åс, гр̄åзер, по̄гр̄åзечки, гр̄åсаи̯нца, гр̄нåсно, гр̄нåс, гр̄åди, дå̄п - дåбје, зåби, јåгр̄лен, јåже, јå̄ток, јådица, кåсни, кåшеј, кå̄т, кå̄тник, кådел'а, ка̄пина, кåклица, са ка̄пи, лå̄чи, одлå̄чи, мåка, мåш, - мåжи, мå̄ти, мå̄тка, пådар, пå̄ди, пå̄пок, пå̄т - пå̄тје, пå̄тец, пр̄åчка, рå̄п - рåбоi̯, по-рåби, сå̄т - сådоi̯, сåжен, скå̄по, ст̄å̄пало, ст̄å̄пица, сåнош, т̄å̄тни, т̄å̄пан,* и во случаите каде што секвенцата **ję* се изменила во **jǫ* : *јådар, јåзик, јåчмен, јå̄тро, јåчи* (Шокларова, 1972 : 298). Во говорот на с. Нивица забележани се уште: *жолå̄ди, по̄нå̄да, по̄нå̄диш.*

Во неколку лексеми вокалот /å/ се јавува место **ǫ* во секвенца со назален сонант /ån/, одн. /åм/, сп. *гр̄ånгр̄ло, јåндро, кр̄ånк - кр̄ånгр̄о, т̄р̄åмба* Љуб, *гр̄åмба, мåндро, кåндел'а, ст̄р̄ånга, пå̄ндар, др̄ånк - др̄ånгр̄о* Нив.

Поинаква замена на **ǫ* во овој дел од преспанското говорно подрачје констатирана е во лексемите*: јат̄ъ̄рва, рака, ракаф, рачка, јат̄ор, падар, падарница, чабрица, јангр̄орец, јангр̄ар, јангр̄ул'а* Гер, во Љубојно уште и: *гр̄ади, дап, капина, гр̄асаи̯нца, каклица, садоi̯, јазик, јачмен.*

Патем да споменеме дека освен во споменатите случаи (*гр̄ånгр̄ло, гр̄åмба, др̄ånгр̄о, јåндро, кр̄ånгр̄о, кåндел'а, јарамбица, јангр̄ул'а, мåндро, т̄р̄åмба, пандар*) остатоци од назализмот има во лексемите: *лендина* Љуб, *гр̄ренда, гр̄овендо, гр̄овендар* Нив.

Место сек. *ъ*$_2$ вокалот /å/ е забележан во лексемите: *бå̄дник, лаи̯ца, мå̄гла, мåска.*

а место вокалното **ļ* во: *бåам, са бåва, Бå̄гарин, Бå̄гарија, вåк, гр̄å̄та, гр̄å̄теш* 'голтка', *гр̄åфа* 'колва', *дå̄го, жå̄то, жåчка, жå̄тица, јабåко, кåк - кåкоi̯, кåчиш-т̄а* (од коноп), *мåзи, мåкум, мåчи, мåња, пå̄шок* 'полжав', *са смåкнаф, сåза, сåнце, т̄å̄чник, т̄å̄чи лук, смåкнаф е(д)но влакно,* и во група со *л* /ål/ во: *вå̄лна, кå̄лни, гр̄о пр̄екå̄лна, пå̄лно, са напå̄лна* Гер.

Во лексемите: *вåкаф, т̄åкаф* (< *волкаф, т̄олкаф*) /å/ е добиено аналошки.

Важна диференцијална особина на љубојнско-германскиот говор претставува и вокалното /ъ̄/: *дъ̄рво, зъ̄рно, пъ̄рсти, рi̯т̄и, рi̯ъ̄́га.* Во лексемите: *гр̄ъ̄рмада, ст̄ъ̄рна, т̄ъ̄рпеза* тоа е од секундарно потекло.

По другите црти во вокализмот љубојнско-германскиот говор не отстапува видно од долнопреспанскиот **ǫ* > /ă/-говор. Вокалните секвенци /ea/ и /oe/ се пазат неизменети, сп. *ст̄реа, мåш̄теа, гоедо, чоек, вдоец, неол'а, леонка.* Освен

тоа и групата /оа/ најчесто не се асимилира: *коач, тоар, соал'ка, осноа, дадоа, рекоа,* покрај: *то:, зато:, тро:.*

Консонантизмот на љубојнско-германскиот говор е готово идентичен со долнопреспанскиот. Тој ја познава фонемата /ф/: *фашта, фурна, са фали.* Нешто е пофреквентна овде само фонемата /њ/, бидејќи процесот на затврднувањето не ги опфатил сите позиции. Редовно /њ/ се јавува во збирната множина кај именките: *планиње, трње, камење – камења, јесење* (< *јасење*), во наставката за глаголската именка: *јадење, косење, орање* Нив, и во неколку одделни лексеми, сп. *бања, мања, синьак, дења* покрај *денја*, но почесто: *пилина, прасина, телина*, иако не се непознати и форми со /њ/ во посеверните села. Во говорот на помладото поколение процесот на депалатализација на /њ/ е во тек и во наставката *-ње.* Така покрај *дрење, камење, орање* се среќаваат и разновидностите со *н'ј*: *дрен'је, оран'је, трн'је.*

Фонемата /л/ на крајот на слогот има алофон [л], а не [ў] како во горнопреспанскиот, сп. *стол, столче.*

Фонемите /ќ, ѓ/ и овде се ретки. Место **tj, *dj* тие се среќаваат само во неколку лексеми, сп. *домаќин, куќа, ќерка, параќерка, веќе, појќе, Божиќ* покрај *Божик, ќе, – меѓу, рѓа, свеќере, такуѓере*, во Нивица е забележана и формата *заоѓва.* Во другите случаи **tj, *dj* се континуирале во /шт, жд/, сп. *врешше, гашти, горешто, лешта, маштеа, ношти, ношшви, сношти, плешти, сфешта, сфештални к, плашта, фашта,* или со загубено /т/ во: *нош, полнош, пешник, плешки, сфешник*, а место **dj* – /жд/: *вежда, межда, прежда, саждди, чуждо, чуждина, гражданец, белграждане ц,* одн. /ж/ во: *ржа, ржосан,* покрај *рѓа, чужо, наожва, преожва.* Во лексемата *мрежда* се работи за секундарно /д/.

Групите *-тј-, -дј-* (< **tьj, *dьj*) овде се пазат неизменети: *братја, праште, паште, пролеште, цветје, грмадје, ливадје, л'удје, дјавол, попадја.*

За фонемите /s/ и /ц/ важи и за овој говор сè што е речено за нив во другите преспански говори, сп. /s/ *диresи, полосu, попрasи, кофчesи*, /ц/ *бреце, кофчеце, полоце, ноце.*

Веларните /к, г/ пред предните вокали /и, е/ не се неутрализираат со /ќ, ѓ/, сп. *кива, китка, кисел, гини.*

Нема доследност овде во промените на фонемите /с, ш/ пред африкатите /ц, ч/ на морфемската граница. Пред суфиксите *-це, -че* /с, ш/ најчесто алтернираат со /ф/: *брес - брефче, лис - лифче, месо - мефце, пушка - пуфче,* но и: *клас - класче* Нив, *масца* Љуб. Меѓутоа, во префиксите во оваа фонетска позиција /с/, понекогаш и /ш/, обично се испушта, сп. *рацепи, рацути, да а ичисти, ичешл'ај си а косата* Љуб, *рацути, ичисти,* покрај *исчисти, ичеша* Нив.

Патем да ги споменеме и алтернациите *к - ф* во *лакт - лафти, нокт // нофт - нофти* Нив.

Испуштањето на вокалите се врши во рамки и во мера како во другите преспански говори. Овде се нешто почести случаите во кои се загубило /ј/ меѓу две *а*, сп. *заак, заачица, паак, паачина, одаа, шаак*, како и во групата /иа/: *змиа, ракиа.*

Овде се губи согласката /т/ редовно на крајот во десетичните броеви: *осомдесе, деведесе* Љуб, *тринајсе, триесе, пеесе, седомдесе* Нив.

3.2. И морфолошките особености на љубојнско-германскиот говор во најголем дел се исти како во долнопреспанскиот *ǫ > /ă/-говор. Тој не познава членски форми на *-в* и на *-н*, членската морфема за машки род е без *-т̄*: *бре̄го, дено, мозоко, ӷлувијо*,[5] множинските форми од именките 'нога, рака' завршуваат на *-е* : *nose, раце*. Понегде се среќаваат остатоци од синтетичката деклинација на членот, сп. *жали се по̄пӯтому*, и со посесивно значење: *по̄пӯтому чупа̄та, царӯтому дворо, царӯтому сарајо*, и кај личните имиња*: Ристо̄тому чупе̄то, Петре̄тому куќа̄та* Нив.

Кај глаголите во 3 л. едн. и 3 л. мн. се загубила наставката *-т̄*, сп. (*то̄ј*) *бери, носи, вика,* мн. (*то̄ие*) *бере, носе, ка̄пе, викае, сее, мие, то̄кае, обуве*.

Отстапувањата од долнопреспанскиот во граматиката се ограничени на одделни збороформи и лексеми. Така, на пример, кај придавките во определените форми за м.р. вокалот /*и*/ пред членската морфема *-о* по фонетски пат се изменил во [*і*], така што се оформила како морфема секвенцата *-і̯о* : *слабі̯о, слепі̯о, здраві̯о, младі̯о, бр̥зі̯о, босі̯о, лоші̯о, чужі̯о, мекі̯о, зелені̯о, бел'і̯о, итр̥і̯о*. Во одделни заменски форми често се испушта гласот /*ӷ*/, сп. *нео ӷо,* покрај *неӷо ӷо, овео, онео* (*овеӷо, онеӷо*) Нив. Во случајов имаме тенденција за израмнување на формите за м.р. и с.р. *нео* со формата за ж.р. *неа*, одн. *нео о* : *неа а*. – Покрај заменката *нејзин* можат да се сретнат и формите *нејн, нејна, нејно*, а не се непознати и посесивните *то̄ен, то̄ејна, то̄ејно, то̄ејни* Нив, кои се карактеристични за соседниот костурски говор. Кратката заменска форма *му* се генерализирала за сите три рода и во еднината и во множината. Меѓутоа, често за ж.р. се употребува и акузативна форма, сп. *на неа а* // *му рекоф, на Љуба а казаф, на Љуба ваша а дадоф калем* Љуб. Индиректниот објект кај заменките овде често се изразува и со предлогот *на* : *речи му на не(ӷ)о, на ними му каза* Нив, *на нејзе му викна* Нак. Прашално-присвојната заменка 'чиј' се јавува само во еден облик, сп. *Чи е овој саа̄т*? *Чи е ова ка̄па*? *Чи е ово де̄те*? *Чи са овје деца*?

Во глаголскиот систем како посебност во љубојнско-германскиот говор се јавува наставката за 1 л. мн. на минатото определено време *-меф*, сп. *викамеф, имамеф, носемеф*, која се употребува наспоредно со *-ме*. Таа може да се објасни на два начина – со метатеза од *-фме*, ако судиме според *-фте*, или пак *ф* е внесено од 1 л. едн. за да се избегне можната омонимија со 1 л. мн. на презентот кај еден број глаголи: *имаме – имамеф, носиме – носимеф, сееме – сеемеф* (: през. *имаме, носиме, сееме*). Целата парадигма на аористот и имперфектот изгледа како што следува:

дојдоф	*викнаф*	*носеф*	*по̄иеф*
дојде	*викна*	*носеше*	*по̄иеше*
дојде	*викна*	*носеше*	*по̄иеше*
дојдомеф	*викнамеф*	*носемеф*	*по̄иемеф*
дојдофте	*викнафте*	*носефте*	*по̄иефте*
дојдоа	*викнаа*	*носе(ј)а*	*по̄иеја* / *по̄ијеа*

[5] Членски форми на *-о̄т̄*, какви што приведува Томиќ (Конески, 1957 : 187), денеска веќе не се слушаат.

Од службените зборови како дијалектна посебност и овде го истакнуваме предлогот *кр̀з*: *прȍјде кр̀с-селȏто, кр̀з-ливада.*

3.3. Акцентскиот систем во љубојнско-германскиот говор е како во горнопреспанскиот – третосложен со широки можности за образување на акцентски целости.

Една посебност во акцентирањето покажува само говорот на с. Нивица, кое се наоѓа на северниот брег на полуостровот. Во нивичкиот говор во зборформите со три и повеќе слогови се јавуваат по правило два акцента, од кои едниот, појакиот, паѓа на пенултима, а другиот стои на иницијалниот слог. Треба при тоа да се нагласи дека претпоследниот акцентиран слог се изговара нешто подолго од другите слогови во зборформата. Сп.: *ј̏ӑз'и:ци (: ј'ӑзик), ˌим'а:ње, рȁб'о:ȗа, ˌмин'у:ȗи, Г̏ерм'а:нци, г̏од'и:на – г̏ˌодин'а:ȗа, дȁмб'и:ца – дȁмбиц'а:ȗа, б̏ел'в'и:ца – б̏ˌел'виц'а:ȗа, ј̏дрӑмб'и:ца – ј̏дрӑмбиц'а:ȗа, п̏ȁтер'и:ца – п̏ȁтериц'а:ȗа, ндракв'и:ци – ндраквиц'и:ȗе, мдг̏ар'и:ца – мдг̏ариц'а:ȗа, крдст'а:ˌ̏ица – крдстаˌ̏иц'и:ȗе, ȗ̏енцер'и:на – ȗ̏енцерин'а:ȗа, лдстаг̏'а:рка, б̏ˌојац'и:ја, лˌ̏ерин-ч'а:нка, нˌ̏естрам'а:рец, нˌ̏естрам'а:рка, г̏ˌол'е:ма – г̏ˌолем'о:ȗо (: г̏'олем), в̏ик'а:ме (: в'икам), ˌ̏опиȗ'а:ја, ˌим'а:ше, с-ˌ̏отворв'а:ше,* и во акцентски групи: *нд-р'е:ка, нˌ̏арек'а:ȗа, п̏рˌед-враȗ'а:ȗа.*[6]

4. ШТРБОВСКО-АРВАТСКИОТ ГОВОР

Штрбовско-арватскиот говор е преоден говор меѓу горнопреспанскиот и љубојнско-германскиот, од една страна, и битолскиот, од друга. Преодноста се состои во тоа што овој говор содржи црти во помала или поголема мера од сите споменативе говори со коишто непосредно граничи.

4.1. Со битолскиот говор, а преку него со централните дијалекти, него го поврзува на прво место рефлексот */a/* на носовката **ǫ*, сп. *г̏ради, г̏лабок, г̏асаˌ̏ица, г̏азер, даȗ, забиȗ, заȗок, јаȗор, јанг̏орец* (со запазен назализам), *јадица, јаȗро, каклица, кадел'а, мака, маȗен, наȗре, паȗ, ȗадар, п̏рачка, рабоˌ̏ј, ȗораби, раце, рачка, сабоȗа, садоˌ̏ј, санош, сак, скаȗ, смаȗок, страг̏а, ȗраба, ȗаȗни, чабрица,* потоа во случаите каде што е **ǫ* добиено до **ę*: *јадро, јаг̏ул'а, јачи, јачмен, јазик, зајак,* покрај *заек – заеци, заече* Арв, Крани. Но од друга страна наоѓаме и континуант */ă/* во неколку лексеми, сп. *г̏ăс, кăса, кăшај* Штрб, *г̏ăзер, г̏ăс, г̏ăсаˌ̏ица, ȗог̏ăзички, кăса, кăсна, кăшај* Брај, како во горнопреспанскиот, и *ј̏ăˌ̏ичка* (*ј̏ăжичка*) – како во соседниот љубојнско-германски говор.

Исто така континуант */a/* наоѓаме и место сек. *ъ*$_2$ во почетните слогови, сп. *лаˌ̏ица, лаˌ̏ичка, маг̏ла, маска, мафче,* додека на крајот пред */м/* се јавува */o/*: *седом, осом*, и */a/* пред */н, р/*: *ог̏ан, ведар, ве̏ȗар, ј̏адар*, како во љубојнско-германскиот.

Од друга страна место вокалното **ļ* има континуант */ȁл/*, и во неколку лексеми */ȁл/* – како во љубојнско-германскиот, сп. *бȁ̏ва, бȁ̏аȗ, бȁаˌ̏ица, вȁк, г̏ȁȗа,*

[6] Удолжувањето на акцентираниот претпоследен слог нема фонолошко значење. Сп. поинаку за тоа кај Б. Шклифов, 1979 : 40.

дâг̄о, жâчка, жâт̄ица, јабâко, кâк, мâзи, мâзница, мâчи, сâнце, сâзи, и: *вâлна, вâлнен, т̄âлн, засâлни.* Поинаква замена има само во *Бӯгарин, Бӯгарија, чун* и *т̄ашок* 'полжав'.

Вокалното /р̥/ овој говор го поврзува и со битолскиот, и со љубојнско-германскиот: *вр̥ф, т̄р̥во, ср̥це.*

Од претходново излагање произлегува дека штрбовско-арватскиот говор има седумчлен вокален систем:

и		*у*
е	*ă*	*о*
а		*å*

Како важен дистинктивен признак и овде се јавува заокруженоста, како во љубојнско-германскиот, бидејќи /å/ образува корелација со /а/ како заокружен член на корелацијата, а вокалот /о/ со истиот признак образува корелација со /ă/. Треба, меѓутоа, веднаш да истакнеме дека фонемата /ă/ во арватскиот фигурира како маргинална фонема; таа е ограничена на еден мал број лексеми. Што се однесува до дистрибутивните карактеристики на /å/ и за овој говор важат порано изречените констатации.

Штрбовско-арватскиот со љубојнско-германскиот поблиску стои и во поглед на реализацијата на вокалните секвенци /еа, ео, ое/. Тие овде не се стегаат, остануваат двосложни, сп. /еа/ *ле(ј)а, леат̄а, беа*, /ео/ *леонка*, /ое/ *чоек, г̄оецко месо*. Исто така овде не подлежи на асимилација ни групата /оа/, сп. *коач, коачница, осноа, сноаш, соа, соал'ка* Арв.

Консонантскиот систем на штрбовско-арватскиот говор е готово идентичен со долнопреспанските говори: тој ја познава фонемата /ф/: *фурна, фр̥ли, фат̄и*; фонемите /ќ, ѓ/ се реализираат без јотов придружник, сп. *куќа, сваќа, цвеќе, л'уѓе, р̥ѓа, преѓе, заоѓва, поп̄аѓа*. Веларните /к, г̄/ пред предните вокали /и, е/ се реализираат со многу слаба палатализација: *к'ифа, к'исне, ск'еле, г̄'ини,* но не се врши неутрализација со /ќ, ѓ/ како во горнопреспанскиот. Сонантот /л/ не се лабијализира на крајот на слогот, сп. *дел, бел, столче*. И овој говор ја познава фонемата /њ/, како љубојнскиот, и таа се јавува, главно, во наставките, сп. *т̄р̥ње, камење - камења,* но: *т̄илина, т̄елина, кон / којн, сајна, орајне, јадејне* Брај.

Поинаков развој овде имале секвенците **тьј, *дьј*. Во повеќето случаи место нив наоѓаме /ќ, ѓ/, како во горнопреспанскиот, сп. *браќа, сваќа, цвеќе, поп̄аѓа* Арв, *ливаѓе* Слив, *цвеќе, л'уѓе*, покрај *бра̄т̄ја, сва̄т̄ја, водје, расадје* Брај, *сваќа, цвеќе, л'уѓе*, но и *бра̄т̄ја, п̄ра̄т̄је, ливае, г̄р̥мае* Штрб. Во формата *лозѓе,* топ. Под - *лозѓе* Слив, *-ѓе* се сфатило како збирна наставка.

По другите консонантски особини штрбовско-арватскиот говор поблиску стои до љубојнско-германскиот. Така, на пример, и овде се губи *-т̄* во десетичните броеви, сп. *т̄риесе, п̄ејесе*; согласките /с, ш/ пред африкатите на морфемската граница со префиксите најчесто се испуштаат: *рацӯт̄и, ичешл'а*; /с/ во суфиксот *-ск(и)* се африкатизира: *во т̄урцко време* Слив. Овие говори ги поврзуваат исто така фонетските разновидности од типот *церево, церѣ̄на*, покрај *черешна,* потоа *чужо, чезма*, и др.

4.2. И морфолошките особености на штрбовско-арватскиот говор во најголем број се исти како во долнопреспанските говори. Членските форми на *-в* и *-н* се многу ретки, а членот *-от* се јавува во разновидноста *-о*, сп. *сино, попо, носо, забо, стисо, скапио*. Во одделни изрази можат да се сретнат остатоци од деклинацијата на определените форми на именките, сп. *гробутому вратата, оди на попутому ако ти е криво* Брај. Во материјалот ја најдовме и членската форма *мажити-му*.

Кај заменките како дијалектни особености ги истакнуваме: употребата на една иста кратка форма и за директниот и за дативниот предмет од заменката 'таа': *неа а видоф, незе а дадоф,* и кратката заменска форма *о* за м. и с.р.: *ќе о сомелиме житото, ти не о кажваш него* Крани. Кратките дативни форми често се среќаваат со посесивно значење во случаи од типот: *мнуче-ми, на брата-му овегоф* Крани, *со лупата-ми* Слив.

Во глаголскиот систем со долнопреспанскиот **ǫ* > /ă/-говор и со љубојнско-германскиот овој говор го поврзуваат: губењето на наставката *-т* во 3 л. едн. на презентот, сп., *тој јади, носи, има,* наставката *-меф* во 1 л. мн. на минатото определено време: *бемеф, носемеф, беремеф, броемеф*, *орамеф,* наставката *-јте* во 2 л. мн. на императивот: *носејте, перејте*, *станејте*, наставката *-ничкум* во глаголскиот прилог: *седејничкум* Брај. Но овде наоѓаме и неколку иновациони појави што настанале на овој терен. Една таква иновација претставува интегрирањето на глаголите од типот 'пее, сее' (со вокалот *е* во општиот дел) во *а*-група, сп. *сејаш, сеја*. Оваа појава се наоѓа во процес кој уште не е завршен. Така во односниов говор од *е*-група останале само глаголите што им завршува општиот дел на *-и*, *-а, -о,* сп. *пие, ткае, брое*. Наставката *-м* во 1 л. едн. на презентот не еограничена само на глаголите од *а*-група: *имам, орам*, а често се среќава и кај глаголите од *е*-група, сп. *траам, знам, трујам* (: *траеш, знаеш, труеш*). – Во говорот на с. Штрбово во 1 л. мн. на минатото време покрај наставката *-меф* се среќава и *-мо*, поретко и *-моф*, сп. *викамо, посеамо*, *паднамо - паднамоф, иструјмоф*. Најверојатно таа се преобразувала за да се избегне можната омонимија на 1 л. мн. на имперфектот и презентот. Според тоа целата парадигма на минатото определено време гласи: *ораф, ораше, ораше, орамеф* / *орамо, орафте, ораа* (имперфект); *паднаф, падна*, *падна, паднамеф* / *паднамо* / *паднамоф, паднафте, паднаа.*

Меѓу синтаксичките особености ја истакнуваме како честа појава испуштањето на предлогот *во*/*в*, сп. *Љубојно имам учено, Татко ми заошто ојде Америка* Брај.

4.3. Во оваа група села со неколку црти отстапува говорот на с. Брајчино. По реализацијата на фонемите /*л*/ и /*ќ, ѓ*/ тој поблиску стои со горнопреспанскиот. Во одделни лексеми место /*ќ, ѓ*/ наоѓаме секвенци /*јќ, јѓ*/: *цвејќе, не е плајќано, кујќа, л'ујѓе, тенејќе, прејѓеска*. /*л*/ на крајот и пред консонант има алофон [*ў*]: *доў, даў, воўнен, воўна*. Вокалната група /*оа*/ се контрактира во [*о:*]: *осно:* (*осноа*), *ко:чница* (*коачница*), но: *дојдоа, рекоа* (3 л. мн. аорист). Во морфологијата со горнопреспанскиот говор го поврзуваат: тројниот член, сп. *брегоф, брегон, брего, колективо, падаро*, *место* (секогаш без крајното *т*). Не се непознати и дативни флексивни форми кај личните имиња од м. и ж. род, сп. *Му рече Стојану, Марку, Наде*, *Стојне*, покрај аналитичките: *на Стојана,*

на Марка, на Стојна. Кај глаголите со горнопреспанскиот говор го поврзуваат: наставката *-т* во 3 л. едн. на презентот: *сирит, стигат, не сеjт* (*седит*); во 1 л. мн. на аористот и имперфектот покрај формите со *-ме*, *-меф*, кои се пообични, се среќава и наставката *-вне* : *и фативне арами:те*.

Како дијалектни разновидности во брајчинскиот говор се јавуваат: кратките заменски форми *ме, те, се,* и множинските *ни, ви* за директниот објект, сп. *што ни не викат нам, нам ни виде, вам ви стрети*, потоа наставката *-ет* во 3 л. мн. на презентот: *Ќе одет работниците за Маврово*; *Носет киселец да сфарет*; *После мајсторите се клавает*. Брајчинскиот говор од другите околни говори се разликува и по образувањето на 2 л. мн. на императивот кај глаголите од *е-* и *и*-група, сп. *носете, косете, одете, легнете, измиете се, отруете-ј- рибите*.

1982

ИЛУСТРАТИВНИ ТЕКСТОВИ

Горна Преспа
Кривени

Петлето и лисицата

Б'ил-еден-д'едо и-една-б'аба, б'иле многу сир'омаси. Си-'имале с'амо едно-к'уче и едно-п'етле. К'учето му-р'екло на-п'етлето: "'Ајде, бр'ате, д'едо и-б'аба са̨-мн'огу сир'омаси, 'ај да-си-б'араме р'ана". 'Одиле ц'ел д'ен и-н'ашле една-н'ива ко-са̨-смр'ачило. Во-н'ивата 'имало еден-д'ăп д'упен. К'учето му-р'екло на-п'етлето: "Брате-п'етле, к'ачи-са на-д'ăбот", т'уа ќе-ноќ'еваат. К'учето вл'егло во-д'упката во-д'ăбот да-н'оќеват. Ко-д'ошло вр'еме п'етлето поп'еªло: кики-р'игу-у-у! Го-д'очула кум'а-линдра и-д'ошла д'о-него бл'изу и му-са̨-оп'улила: "А-може-п'етле, од-д'алеку те-ч'ув, мн'огу 'убав гл'ас си-'имало и мн'огу 'убаj̨ п'ерца си-'имало, слези да-се-пор'адува". П'етлето р'екло: "Кум'а-линдро, j'ас н'е-су с'ам, 'има и-др'угар". – "К'ăj-ти-е др'угарот?" – т'а: му-к'азала. "'Ето-го во-д'упката во-д'ăбот". Т'а го-ст'орила п'етле, л'апнала да-го-д'авит и к'учето ск'оknало, ја-уд'авило лис'ицата.

Долна Преспа
Герман

Свадба

Св'адбата п'очва во-сăб'отата кај-'ужина. Са-б'ереа пријат'елите и д'ецата мл'ади и 'одеа да-и-ч'еке тăп'аните. Коа-ќе-зб'лижва: до-с'елото тăп'аните заф'атва: да-св'ире. Гр'едеа, вл'егва: во-дв'оро и са-ф'атва: да-'игре 'оро л'ўдјето.

Свек'рвата со-п'огача н'а-гла: ќ-'играше п'рва, а с'етне пријат'елите. 'Одвечер со-св'ирките 'одеа по-к'умо и по-побрат'имите и бл'изните р'однини. Сåнош 'игра:, ј'адеа, п'иеја. На-'утрото во-н'е:л'ата о-з'ева: з'ето, (г)о-кл'ава: во-дв'оро н'а-стол и (г)о-бр'ичеа к'умо и побрат'имите и п'ееја б'абите : "З'ето ми-са-бр'ичи та к'ој ми-(г)о-бр'ичи", а св'ирките св'иреа. Брич'ен'ето о-св'ршваше б'ербер. З'ето 'обричен 'одеше д'ома да-са-сл'ечи, а св'ирките 'одеа п'о-куќи к'анеа л"удје. Са-б'ереа пријат'елите и 'одеа по-н'е:стата. Пр'ед да-т'ргне кл'ава: п'огача на-ст'оло водв'оро, а нат-п'огача ч'еша в'ино. Пријат'елите ф'рл'а: п'ари во-ч'ешата и в'елеа: "Да-са-ќ'ердоса". К'умо о-ист'урваше в'иното н'а-земја, а п'арите му-ј-ф'рл'аше во-п'олата на-з'ето. Кин'исва: по-н'е:стата со-к'ојнте. Ако-б'еше н'е:стата д'алеку, 'одеа с'ите со-к'они, ако-б'еше бл'изу 'одеа ч'етири. На-едни'о-кон фк'ачваше свекоро, на-др'угио з'ето, на-тр'етио к'умо, на-четв'ортио која да-б'еше. На-к'ојнте му-беа-в'рзани оп'ашките, на-б'ул'ката ш'ами: в'рзано (на-к'оно, на-н'е:стата, на-з'ето и на-к'умо). 'Еден о-н'осеше б'арјако, а дв'амина к'артата со-вино. На б'арјако на-в'рво 'имаше ј'абåко нак'ачено, а на-к'артата 'имаше цв'етја в'рзано н'а-крс. Деч'ињата шо-а-н'осеа к'артата по-пåто с-ја (си-ја) исп'и-ва: пол'ојната. 'Одеа н'апре и з'ева: с'ијарик : "Гр'еде сват'оjте". Ако-беше-н'е:стата д'алеку, строjнич'арите и-граб'ина: к'ојнте, ч'ij к'он ќ-'излези п'рф.

ПРЕСПАНСКИТЕ ГОВОРИ



А Горнопреспански (ресенски) говор
Б Долнопреспански *ǫ > ă - говор
В Долнопреспански *ǫ > å - говор (љубојнско-германски)
Г Штрбовско-арватски говор

5. ГОВОРИТЕ НА ИСЛАМИЗИРАНИТЕ МАКЕДОНЦИ ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

0. Во Западна Македонија исламизирано македонско население живее во неколку географски региони на македонско-албанското пограничје: во областа Река по долината на Радика (Жировница, Видуше, Болетин, Требиште, Велебрдо, Ростуша, Аџиевци, Јанче, Присојница, Скудриње, Горно и Долно Косоврасти, Могорче, Баланци, Мелничани), во Дебарско – во Жупа (Броштица, Бајрамовци, Горенци, Житинени, Кочишта, Мал и Голем Папрадник, 'Рковци) и Голо Брдо (Врбница, Владимирци, Гиневци, Клење, Лешничани, Љуболези, Големо и Мало Острени, Окштун, Отишани, Пасинки, Радовиште, Себишта, Српетово, Стеблево, Тучепи, Торбач, Џепиште), во Струшки Дримкол (Боровец, Лабуништа, Октиси, Подгорци), во селото Јабланица, во неколку оази во Централна Македонија – во Кичевијата (Бачишта, Другово, Лисичани, Србјани, Староец, Челопеци), во Бродско (Пласница, Преглово), во Прилепско (Дебреште, Лажани, Пешталево), Велешко (Горно Врановци, Мелница), во Скопско (Држилово, Евлово, Д. Количани, Умово, Цветово), во Полог (Јеловјане, Урвич). Една поголема компактна група исламизирано македонско население со македонски мајчин јазик живее во областа Гора на српската и на албанската територија.

За домицилно може да се смета она исламизирано население што се наоѓа на пограничјето со Албанија – во Гора, Река, Жупа, Голо Брдо, Дримкол, дел од жителите во споменатите села во Кичевско и Прилепско, додека населението во скопските и велешките села, како и она во селата Урвич и Јеловјане во Полог е доселено кон крајот на 17 и во почетокот на 18 век, и тоа во Урвич и Јеловјане од Гора, а во скопските и велешките оази од Река.

Во повеќето од приведениве села покрај исламизираните Македонци живеат и Македонци христијани – православци. Такви мешани села на конфесионален план се: Ростуша, Веле Брдо, Требиште, Јанче, Долно Косоврасти (во Река), Горенци, Житинени (Жупа), Обоки, Орбеле (Поле), Џепиште, Себишта, Пасинки, Г. и М. Острени, Клење, Требиште (Голо Брдо), сите споменати дримколски села, и во централна Македонија трите села во Прилепско, бродските муслимански села и кичевските по долината на Треска (Велика).

Во селата: Жировница, Видуше, Болетин, Аџиевци, Присојница, Скудриње, Г. Косоврасти (Река), 'Рковци, Кочишта, Мал и Голем Папрадник (Жупа), Отишани, Лешничани, Требиште, Српетово, Торбач, Љуболези, Владимирци, Тучепи (Голо Брдо), Бачишта (Кичевско), Урвич, Јеловјане (Полог), споменатите села во Скопско и во Велешко, како и во селата во Гора живее само исламизирано население.

Во еден број села во Гора, Голо Брдо и Поле (Дебарско) покрај македонското население од двете конфесии живее и албанско население со мајчин албански јазик.

Нашата тема е говорот или поточно говорите на македонското население од мухамеданската конфесија и нивниот однос кон дијалектите на македонските православци во истите региони и во истите населби каде што живее мешано население.

1. Веднаш треба на прво место да ги изделиме оние црти што им се заеднички на сите говори во Западна Македонија без оглед на конфесионалната припадност на нивните говорители. Во таа група заеднички дијалектни диференцијални особености како покарактеристични ги изделуваме:

– фонетски фиксираниот акцент на третата мора сметајќи од крајот и неговите синтагматски карактеристики, сп. *п̄л'анина – п̄лан'ината, вод'еничар – воден'ичаро̄т – воденич'арите, н'а-г̄ла(в)а, п̄рек'у-рамо, з'еми-г̄о, зем'ете-г̄о, земе̄т'е-му-г̄о,* итн.;

– отсуство на редукција на неакцентираните самогласки;

– можноста да се образуваат дифтоншки секвенци од типот *мо̯ш* (*можеш*), *сна̯ј* (*снаи*), *чире̯ј* (*чиреи* < *чиреви*), *г̄ла̯ј* (*г̄лаи* < *г̄лави*);

– множинската наставка *-о(в)и* : *дено(в)и*;

– чувањето на синтетичките дативни и генитивно-акузативни форми кај личните и роднинските имиња од м.р. и дативната форма кај личните и роднинските имиња од ж.р., сп.: *му рече Сто̄јану / Бислиму – Марко(в)е / Сулеве – Петре̄ту / Сулету; г̄о виде Сто̄јана / Бислима – Марка / Фејза – Петре̄та / Дулета; му рече те̄тину, с(т̄)рико(в)е; г̄о виде те̄тина, деда; ѝ/је рече Фа̄тими / Борјанки,* одн. *Фа̄тиме / Борјанке*;

– во сите западномакедонски говори добро се чуваат синтетичките дативни и акузативни форми и кај личните заменки, сп. *нему му рече, нејзи(е) ѝ/је рече, нам ни даде, ним им рече, него̄ г̄о виде, неа ја / је виде,* итн., исто и кај демонстративните заменки: *овој – овему – овега̄, ова(ј)а, ова(ј)зи(е)* и др.;

– за сите западни говори карактеристична е употребата на три вида членски морфеми (на *-т̄, -в, -н*): *лебо(т̄), лебоф, лебон*;

– и три вида демонстративни заменки: *т̄ој, овој / овај, оној / онај*.

Од областа на конјугацијата западните говори ги обединуваат:

– наставката *-т̄* во 3 л. едн. на сегашно време: *викат̄, носит̄*;

– наставката *-ле* во глаголската *л*-форма во множината: *биле, дошле*;

– испуштањето на помошниот глагол во 3 л. во пефектот: *т̄ој дошол*, *т̄ие дошле*.

Важна дијалектна диференцијална особеност за западните говори е широката употреба на глаголските форми со помошниот глагол ‘има / нема’ + глаголската *н/т̄*-форма од типот *имат̄ дојдено, имаше дојдено, имал дојдено, беше имал дојдено*, и во конструкциите со *ќе* : *ќе имат̄ дојдено, ќе имаше дојдено* итн.

Видна особеност за тие говори е и препозитивната употреба на заменските и глаголските клитики во искази од типот: *му рече на дете̄то, и виде деца̄та, си бил на одмор*.

Приведениве дијалектни особености ја потврдуваат генетската поврзаност на сите говори во Западна Македонија од двете конфесии.

2. Во рамките на западното македонско наречје можат да се изделат две групи диференцијални дијалектни црти.

Едната група особености ги диференцира западните периферни говори од централното дијалектно подрачје, од една страна, но истовремено ги поврзува сите македонски говори на македонско-албанското пограничје на целиот простор од Кораб до Јабланица вклучувајќи ги и македонските говори што се наоѓаат на албанска страна (во Гора, Дебарско Поле, Голо Брдо и говорните оази во охридскиот и преспанскиот базен), од друга страна.

Меѓу покарактеристичните особености од таа група спаѓаат:

– фонемата /л'/ како континуант на старото палатално **l'* и на секвенцата **-lь*: *кл'уч, л'уѓе, пријател', сол', жал', мол'ба*;

– чувањето на финалните секвенци *-сѓ, -шѓ*: *лисѓ, пришѓ, дошѓ*;

– групата *чере-* место старата **črě-*, сп. *черѓ, чересло, чере(в)о, череш(н)а*;

– како основни континуанти за прасловенските групи **tj, *kt' / *dj* на сето ова подрачје доминираат */шѓ - жд/* и/или */шч - ж(џ)/*, сп. *лешѓа / лешча, плешѓи / плешчи, вежда / веж(џ)а*;

– во повеќесложните зборoформи секвенцата *-ни-* се метатезира во *-ин-*: *воденица > водеинца*, а потоа *водејнца*.

Во областа на флексијата би можеле да ги истакнеме како покарактеристични:

– дативната наставка *-о(в)е* кај личните и роднинските имиња што завршуваат на *-е* од типот *Петре – му рече Петреве, Столеве*;

– заменскиот облик *ми(ј)е*;

– наставките *-еѓ* во 3 л. мн. на сегашно време и *-е* во 3 л. мн. на минатото определено време, сп. *викаеѓ / викееѓ, носеѓ / носееѓ – вика(ј)е, дојдо(ј)е*.

Особеностите од оваа група западните периферни говори по однос на централните ги претставуваат како поархаични на историски план.

Втората група дијалектни диференцијални црти го разбиваат дијалектното единство на периферните говори. Оваа група не е бројна, но е доста значајна за дијалектната поделба. Од оваа група како покарактеристични ги издвојуваме:

– рефлексите на стариот назал **ǫ* во коренските морфеми, во тој контекст и рефлексите на т.н. секундарен $ъ_2$ во истата позиција;

– рефлексите на старите **ļ* и **ŗ*;

– рефлексите на сек. $ъ_2$ пред сонантите */р, н, м/* во финална позиција;

– чувањето или отсуството на назалниот сонант */њ/*;

– чувањето или испуштањето на согласката */в/* во интервокална позиција;

– присуството или отсуството на фонемите */s, џ/*;

– процесите сврзани со гласот */х/*;

– реализацијата на групите */шѓ, жд/* и на некои вокални и консонантски групи на морфемскиот состав;

во морфологијата:

– видот на дативната наставка кај именките од ж. р.;

– множинската наставка кај именките на *-а*;

– присуството или отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн. на сегашно време;

– видот на некои конјугациски модели;

– како и бројни зборообразувачки и лексички дијалектизми.

Во зависност од реализацијата на споменативе појави во рамките на периферната група можеме да изделиме шест помали говорни индивидуалности: *ѓорански, ѓостиварски* (*ѓорнополошки*), *рекански* (*жировнички*), *малорекански* (*ѓалички*), *дебарски* и *дримколско-ѓолобрдски ѓовор*.

Најпрво ќе се осврнеме на говорите во областите каде што живее само исламизирано македонско население. Такви се горанскиот и жировничкиот говор.

3. *Горанскиот говор.* – Горанскиот говор го репрезентираат триесетина села распоредени на самото пограничје меѓу македонската, српската и албанската јазична територија. Повеќето од тие села денеска се наоѓаат на српската територија: Баќка, Брод, Враништа, Глобочица, Диканце, Драгаш, Зли Поток, Голем Крстец, Мал Крстец, Крушево, Кукуљане, Лештане, Љубовиште, Млике, Орќуша, Радеша, Рапче, Рестелица, Шајновец, десетина се на албанска страна: Борје, Запот, Кошаришта, Ново Село, Оргоштa, Орешек, Пакиш, Црнолево, Шиштевец, и две села – Јеловјане и Урвич се расположени на падините на Рудока на полошката страна југозападно од Тетово.

Говорот на набројаниве села по неговиот фонолошки систем и по граматичката структура во целина и на синхрониски и на дијахрониски план влегува во составот на македонскиот дијасистем.

Со македонскиот дијасистем него го поврзуваат: рефлексите /*е*/ и /*о*/ место **ь, *ъ* во сите позиции на зборoформите, сп. *ден, пес, темно, лесен, жеден, овен, овес, оцет, старец, – бочва, вошка, дош, сон, петок, низок, со, во*, чувањето на /*в*/ во секвенците **vь- / *vъ-*, сп. *внатре, влезе*; замената на **ǫ* со /*ă*/: *дăб, зăби, гнăс*; рефлексот /*ăл > ăв*/ за **ł*, сп. *вăвна, сăвза* (< *вăлна, сăлза*); отсуството на епентетско **l′*, сп. *сабја, земја*; во морфологијата: категоријата определеност кај именската флексија (*лебот, лебоф, лебон*); множинската наставка *-ина* (< *-иња*) кај именките од с.р. на *-е* (*полина*); во глаголската флексија: наставките *-ме* во 1 л. мн. и *-т* во 3 л. мн. на сегашно време (*носиме, носет, викајет*), наставката *-ле* на глаголската *л*-форма (*рекле*), и уште ред други структурни особености.

По однос на основните наречја горанскиот говор потесно е поврзан со западното македонско наречје. Со другите западни говори тој ги споделува следниве црти: рефлексот /*а*/ место носовката **ǫ* во некоренски слогови (*пајак, паачина, имаа, берат, панат*), протетичкото *ј* пред рефлесот на **ǫ* во иницијална позиција (*јуже, јеток*), загубата на /*в*/ во интервокална позиција во одреден број лексеми (*лебој, гуедо, куач, туар, негуа*), третосложниот акцент (*пл'анина – план'ината, с'ирома – сир'омаси – сиром'аситн, се к'ачи н'а-дрво, п'о-река, виш'е-куќа*); и во овој говор кај именските зборови се пази тројниот член (*лебот, лебоф, лебон*); кај личните и роднинските именки од м.р. се чуваат синтетички форми за директен и индиректен предмет (*му рече Адему, го виде Адема*); добро се чуваат синтетичките дативни и ген. -акуз. форми кај личните заменки во сите три рода (сп. *он – нему му, него го; она – нејзи и, ња ја / гу*, и во мн.: *они - оне - ним им, ни(х) ѓи / ѓе*); и во овој говор како во западното наречје во 3 л. на минато неопределено време се испушта помошниот глагол (*он дошол, они биле*). Од синтаксичките особености заслужува да се истакне местото на клитиките по однос на глаголот: и во горанскиот говор тие можат да стојат пред глаголот во искази од типот: *му рече Асану, го виде Адема, сме з'еле паре.*

Извесен број црти горанскиот говор го поврзуваат со западните периферни говори на правецот Гостивар – Река – Дебар – Струга – Охрид, или со еден дел од нив.

Во горанскиот говор во еден број лексеми место носовката **ǫ* во коренските морфеми има рефлекс /*ă*/ како во гостиварскиот и дебарскиот, сп. *гр'ăги*

(**grǫdi*), *гӑс, гнӑс, гӑсенца, дӑш, зӑби, се кӑпе* и др. Таков развој имала и самогласката /*а*/ во соседство со назален сонант, сп. *знӑм, снӑга*. Рефлексот /*е*/ место сек. *ъ*$_2$ пред финалното *р* овој говор го поврзува со гостиварскиот, сп. *бистер, ветер, итер, мокер,* и редовно така, како и пред *-ањ* во *огењ*, а рефлексот /*о*/ пред *-м* во лексемите *сом, седом, осом* стои поблиску до реканскиот. Во некои локални говори во Гора и вокалното **ļ* се рефлектирало во */ӑл/* во некои фонетски позиции, сп. *вӑвна, жӑфт*, се *кӑвне, сӑвза, длӑк* (< *ӑл*), покрај *бује, вук, јабука, пуно, пужот*. Во еден број села, пак, има рефлекс */ол/*: *вовна, жофчка, јабовко*, *мовзе* и др. И двата рефлекса (*ӑл, ол*) се карактеристични за западните говори. – Со периферните говори горанскиот го поврзуваат и резултатите од развојот на старите палатали **l′* и **n′*; првиот се затврднал на алвеоларен фон со вредност на посебна фонема, сп. *л'ут, л'уби, кл'уч, недел'а, сел'анин* – како во гостиварскиот и сите западни периферни говори. Таква вредност наоѓаме и место секвенцата **lь* во примери од типот *сол', жал', мол'ба, жал'ба, бришал'ка* и др. /*њ*/ се наоѓа во фаза на депалатализација, сп. *којн, бана, сирене, пилина,* поретки се примерите во некои локални говори со запазена мекост, сп. *камењ, сирење* (Млике). Гласот /*s*/ и овде има статус на посебна фонема и со дистрибуција како во западните говори, сп. *себе, сит, свер*, и др. Како во соседните западни периферни говори се реализираат и консонантските групи: *ис* > *иц* (*ицује*), *ср, зр* > *стр, здр,* (*среда, страм, здрел* – во некои села); групите *д, г* + *н* се упростуваат со испуштање на плозивите, сп. *сенале, зајено* (*заедно*), *ќе пане, лејни* (*легни*), *ќе стејнем* (*стегнем*), *забејнале*.

Посебен интерес привлекуваат примерите од типот *јеток, кедел'а, кеде, откеде,* во кои место назалот **ǫ* се јавува /*е*/. Овие примери ги објаснуваме како импорт од дебарските говори.

Од морфолошките особености горанскиот со западните периферни говори го поврзуваат: наставките *-ои* (< *-ови*) и *-офци* (*лебои* > *лебој*, *Адемофци*), чувањето на *-т* во членската форма за м. род *(чујекот*), заменските форми *ја, мије*, кај глаголите наставката *-ет* во 3 л. мн. сегашно време (*викајет, стијет, сипет, носет*).

Со една група дијалектни диференцијални црти горанскиот се поврзува со долнополошките говори на македонска страна и со призренските на српската јазична територија со кои непосредно граничи. Како покарактеристични меѓу нив ги истакнуваме: чувањето на *ј* пред иницијалното *е*, сп. *јеш, јела, јелен, језеро*, палатализацијата на веларните /*к, г*/ пред предните вокали /*и, е*/, сп. *рук'е, сек'ира, ог'ин, ног'е*, веларизацијата на /*л*/ во [*ў*] и потоа со лабијализација во /*в, ф*/ на крајот на слогот, сп. *рекоў, петеў, раўник зоўва,* одн. *воф* (*вол*), *котеф* (*котел*), *вӑвна* (*вӑлна*), рефлексот /*у*/ место **ǫ* во еден број лексеми, сп. *вруќина, голуби, јуже, јужица кукол', муш – мужи, се мучи, мутно, обруч, рука, тупан, туга, удица,* и место **ļ* зад лабијални согласки, сп. *бује, вук, јабука, пужој, пуно, вуна* покрај *вӑвна* и *вовна*, во флексиите: множинските наставки *-е* кај именките што завршуваат во едн. на *-а* : *жене, ловџије,* и кај еден број именки од м.р., сп. *беневреке, обојке, пологе, потоке, мустаќе, чорапе, ораје, рукаје,* наставката *-еќи* во глаголскиот прилог: *барајеќи, држееќи, идееќи*. Во 1 л. едн. се генерализирала наставката *-м* кај сите глаголски основи, сп. *копам, сечам, берем, стијем, купујем, носим.*

Најпосле можеме да издвоиме еден број особености со кои горанскиот говор се разликува од сите околни дијалекти и на македонската и на српската страна.

Еден дел од тие црти се архаизми, кои во граничните говори денеска не се среќаваат. Како покарактеристични од тие особености ги истакнуваме: фонемата /*x*/ и процесите сврзани со неа, палатализацијата на согласките /*т, д*/ во старите секвенци со **ь (*tь, *dь)*, а во флексијата чувањето на флексивните дативни форми во едн. и мн. и кај определените и кај неопределените именски форми.

Во еден дел од горанските села се чува /*x*/ најчесто во финална позиција и пред согласки во средните слогови, многу поретко во иницијална и интервокална позиција. Еве примери од говорот на с. Брод: *влах, грах, орах, прах, сиромах, страх, грех, мех, них, мух* (*мох*), *врх, глух, задух, очух*, пред согласка: *врхче, махка* со *крилата, охка, тахтабита*, пред сонанти /*x*/ се реализира како звучен спирант [*γ*]: *здиγна, маγна, киγна, ниγно, оглγна, тиγна, муγлисано,* во наставките: *бех, беγме, бехте*. Од печатени материјали ексцерпирани се и примери со /*x*/ во други позиции, сп. *јахај коња, механа, зехер, јоха, јанаха, издојдоха, Хасан, Хедија, хрдоква* но и *кожуф – кожуфи, суф - суво*.

Место старите секвенци **tь, *dь* редовно има /*ќ, ѓ*/, сп. *зеќ, домазеќ, клеќ, лакоќ, нокоќ, пролеќ, глаќ – глаѓот, гърѓи* (**grǫdь*), *челеќ – челеѓот, пеќ, назаќ, окиќ, папраќ*.

Стара диференцијална црта на македонскиот ареал е појавата на сек. *ъ*$_2$ во секвенците **cvь-* и **svь-*, сп. *цъфти, сънве, сънује*.

Горанскиот е единствен западномакедонски говор каде што се запазил синтетичкиот датив кај општите именки и во еднината и во множината, сп. *старец*, дат. *старцу – старцим, цар* : *цару - царим, сестра* : *сестри – сестрем, дете*: *детету – децам,* и во членуваните форми: *старецот* : *старцутому – старциим, старецов* : *старцувому – старцивим, старецон* : *старцуноому – старциним, сестрата* : *сестрити – сестретем, сестрава* : *сестриви – сестревем, сестрана* : *сестрини – сестренем, детето* : *дететому – децатам, детево* : *детевому – децавам, детено* : *детеному – децанам*. Кај именките од м.р. што завршуваат на консонант, на *-е* и на *-о* се чува и генитивно-акузативната падежна форма, сп. *старца, деда, бабета*, со член: *старцатоѓо, старцавоѓо, старцаноѓо*.

Дативните и акузативната синтетичка форма се задржале и кај придавките, сп. *добер чујек* : *доброму чујеку – доброѓо чујека – добрем л'уѓем, добра жена* : *добројзи жени – добрем женем,* и членувани: *добројет чујек, добројев чујек, добројен,* дат. *доброτому / добровому / доброноому* (*чујеку*), акуз. *доброτоѓо / добровоѓо / доброноѓо (чујека),* итн.

Овој говор е единствен на целата македонска јазична територија и по фонетскиот облик на членските морфеми за м.р. кај придавките, сп. *добројет, добројев, добројен,* одн. *добрујет, добрујев, добрујен*.

Од друга страна, во историскиот развој на горанскиот говор се јавиле и еден број иновациони појави од кои некои се задржале во рамките на тој географски регион. Лабијализацијата на /*л*/ во [*ў*] одн. /*в - ф*/, видовме, ја познаваат и други говори во шарскиот регион – сретечкиот и сириниќскиот на призренската страна и долнополошките од македонската група. Во горанскиот /*л*/ пред предните самогласки се реализира како палатализиран фон, сп. *мол'и, се сел'и,*

сл'ива, тел'е, јасл'е, па така имаме цела редица алофони условени од фонетското опкружување; *беў* (*беф*) – *бела* – *бел'и*.

Посебност на горанскиот говор претставува промената на /*о*/ во /*у*/ во секвенци со друг вокал и најчесто таму каде што се испуштаат согласки (*в, ј*) во интервокална позиција, сп. *гуедо, зуала* (*зовала*), *сонуа, пуас, пуе* (*пое*), *суел'ка, туар, чуек* (*чоек* < *човек*), *муа* (*моа* < *моја*), *твуа, негуа, готуа* (*готоа* < *готова*), *донесуа* (*донесоа*), *окуана* (*окована*), и др. Оваа појава се задржала, главно, во рамките на односниов говор, додека во другите говори на шарскиот регион е ограничена на неколку лексеми, сп. *чуек* во тетовскиот.

Во именската флексија иновација претставува множинската наставка *-ића* со разновидноста *-ићина* и *-ика* кај именките од с.р. на *-е*, сп. *внучика, братчика* (*внуче, братче*), *брадичика* (*брадиче*), *мачића, кучића, тилића* и *тилићина* покрај *тилина*.

Посочивме и редица иновации во членуваните форми (сп. *гладнујет, гладнујев, гладнујен*; *старцити, старциви, старцини* : *женете, женеве, женене,* и др.)

Во глаголската флексија се пазат старите категории и форми; во простите минати времиња се задржале наставките *-х, -хме, -хте,* поретко и *-ха*. Во некои локални говори покрај старата формација на имперфектот се употребуваат и форми со проширување на наставките, сп. *викашох, викашохме, викашохте, викашуа – викаше, носешох – носешохме, бешох – бешохме – бешуа,* покрај *виках – викахме, носех – носехме*.

Нова формација претставува обликот со *би* + аорист од типот: *би дојдох, би дојде, би дојдохме, би дојдохте, би дојдуа,* кој се јавува наспоредно со формата од типот: *ја би сом читаф* (*читал*), *ти би си читаф*, …

Формите со 'има / нема' (*има дојдено, имаше дојдено* и др.) на овој терен уште не допреле.

Лексиката е, главно, словенска. Турцизмите се ограничени, како и во другите говори на исламизираните Македонци, на религиозно-битовото семантичко поле.

3.1. Автентичниот горански говор добро го чуваат и жителите во муслиманските оази Урвич и Јеловјане во Тетовско иако тие подолго време живеат во друго дијалектно окружување. Во тој говор некои особености се случиле дури подоследно во однос на матичниот горански говор. Така, на пример, фонемата /*х*/ овде се јавува во сите фонетски позиции и со поголема доследност, сп. *харен, ходим, хрбет, ухо, рухо, киха, мехлем, охка, глухци, орах, грех, мох, врх, глух* и др. Добро се чува во урвичко-јеловјанскиот говор и фонемата /*њ*/, сп. *њива, његово, њезин, коњ, бања,* дури и во глаголската придавка: *жењет, кањет*, а во ред случаи се јавува и ново /*њ*/, сп. *камењ, трњ, јасењ, дењ, кочањ, угњиште* и др. Примерите од типот *камењ, дењ* укажуваат дека на горанскиот терен назалот *н* пред малиот *ер* (**катепь, *дьпь*) се палатализирал, како што е случајот и со согласките *т* и *д* во истата позиција (**зętь* > *зеќ*, **рǫть* > *пуќ*). Вака добиеното /*њ*/ после се проширило во финалната позиција и по нефонетски пат (сп. *трњ, кочањ* и др.). За одржувањето на /*њ*/ во овој говор, секако, придонесле и полошките говори во кои /*њ*/ добро се чува. – Говорот на овие две села не ја познава палатализацијата на *л* пред предните вокали, сп. *лице, биле, лето* (: *л'ице, бил'е* во горанскиот). Овој факт упатува на заклучок дека палатализацијата на /*л*/ во споменатата фонетска позиција во горанските села се извршила по миграцијата на жителите во Урвич и Јеловјане од старите огништа.

Од морфолошките посебности во урвичко-јеловјанскиот говор како карактеристични ги истакнуваме: продуктивноста на множинската наставка *-ој* (< *ови*), сп. *браф – бравој, пуќ – пуќој, зеќ – зеќој, песој, петеф – петлој, котлој, песој,* и на наставката *-иња* наспоредно со *-иќа* и новообразуваната *-иќиња*, сп. *дечиња, дејќиќа, јагњиќиња*, како и испуштањето на *-т* во 3 л. мн. сегашно време кај глаголите од *а*-група, сп. *викае, копае*, но *берет, носет*. Последнава особеност карактеристична е и за полошките говори.

Бројот на особеностите со кои се разликува урвичко-јеловјанскиот говор, како што се гледа, е ограничен на неколку црти. Но тие се важни показатели за утврдување на времето кога настанале иновационите појави во едната и во другата средина. Предците на денешните жители на Урвич и Јеловјане ги чувале во својот систем фонемите /*х*/ и /*њ*/ и во новото дијалектно окружување овие гласови се зачувале, а тоа значи дека во горанскиот загубата на тие гласови започнала подоцна од времето на миграцијата на горанското население во Полог. Од друга страна, во матичниот говор наставката *-т* во 3 л. мн. се чува, а во говорот на тетовските муслимани процесот на загубата се извршил во новото куќиште.

Горанскиот говор се формирал на еден поширок ареал во сливот на реката Љума и во долината на двата Дрима, а на јужната страна непосредно граничел со дебарската група говори. Со време под притисок на албанскиот етнички елемент, кој бил особено изразен кон крајот на 17 и во почетокот на 18 век, границите на овој говор се стеснувале и со албанизацијата на Горна Река се прекинала и врската со говорите по долината на Радика. Како сведоштво на тој континуитет останале повеќе десетици топоними по долината на Љума и Црни Дрим. Приведуваме само неколку од богатата македонска топонимија, сп. Бела, Белова, Белица, Бистрица, Боровјан(и), Велешта, Галица, Добрача, Деброва, Дупјак, Душиште, Забел, Заград, Коловоз, Колесјан(и), Лешница, Манастирец, Молчани, Нанковце, Осталица, Подбреѓа, Плоштан, Положан(и), Радомир, Радоја, Радиште, Стрезова, Сопаник, Слатина, Светиград, Стредок, Староец, Суходол, Тровјак, Ујмиште, Чернава, и др.

Дијалектните особености што го репрезентираат горанскиот говор како посебна индивидуалност во рамките на западното наречје се од два вида.

Една група од нив се зачувани стари црти кои во другите околни говори во разни временски периоди претрпеле промени и денеска се веќе необични, да ги наречеме „архаизми“. Тие се претежно од областа на флексијата. Како карактеристични на структурен план ни се наложуваат: чувањето на дативната флексивна форма и кај општите именки од сите три рода и во едн. и во множ., како и кај атрибутските зборови, сп. *добер муш*, датив едн. *доброму мужу*, датив мн. *добрем мужим*, членувани: *мужот – мужутому, мужов – мужувому, мужон – мужуному*, мн. *мужити – мужитим, муживи – муживим, мужини – мужиним*, член. *добро(ј)ет муж - добротому мужу,* итн., *жена* : *жени*, мн. *женем*, чл. *жената – женити*, мн. *женетем, дете – детету*, мн. *деца – децам*, чл. *детету, детево – детевому, детено – детеному,* мн. *децатам, децавам, децанам,* итн.; чувањето на генитивно-акузативната флексивна форма кај именките од м.р. на *-ø, -о, -е* во едн., сп. *старец – старца, дедо - деда, бабе – бабета*, чл. форма: *старецот – старцатоѓо, старецов – старцавоѓо, старецон – старцаноѓо,* со атрибутска придружба: *доброѓо старца*, чл. *добро(ј)ет старец – добротоѓо*

старца, доброног / добровог старца. – Кај еден број именки од м.р. се задржала мн. наставка *-е* : *ора – ораје, рукаф – рукаје, чораје, мустаќе, потоке,* и др. – Во горанскиот говор наполно се зачувани старите глаголски форми за минатост и идност. Формите со 'има / нема' и со 'сум' и глаголска придавка се необични, би рекол, дури непознати. – Од областа на фонологијата ќе ја споменеме фонемата */x/*, која во некои села, особено оние што се наоѓаат на албанска страна и во Полог, уште се чува во сите фонетски позиции.

За запазувањето на приведениве особености во нашиов говор можеле да придонесат и граничните српски призренски говори, со кои непосредно граничи, а посредно во некои случаи и албанските дијалекти. Чувањето на флексивните членски форми покажува дека горанскиот говор подолго време бил откинат од другото западномакедонско јазично подрачје.

Од иновационите појави еден број зафаќаат пошироки ареали на шарскиот регион. Така, на пример, лабијализацијата на */л/* во [*ў, в - ф*] на крајот на слоговите, палатализацијата на */л/* пред */и, е/* и на */к, г/* во истата позиција, или испуштањето на преградните */г, д/* во секвенци со */н/*, сп. *дине, пане,* ги познаваат и другите говори и на српската и на македонската страна на Шара. Тоа се однесува и на процесите извршени во 1 л. едн. на сегашно време – генерализирањето на наставката *-м* и проширувањето на основниот вокал од 2 и 3 едн. и во 1 л., сп. *сака-м, нос-и-м, бер-е-м* (: *нос-и-ш, нос-и-ø,* одн. *бер-е-ш, бер-е);* оваа појава се среќава на сето македонско-српско јазично пограничје.

Како типични горански иновации можеме да ги третираме: преминот на */о/* во */у/* во фонетски позиции со испуштена согласка во интервокална позиција, сп. *ӣ* (*ӣојас*), *чуек* (*човек*), *ӣуар* (*ӣовар*), палатализацијата на */ӣ, д/* од групите **-ть, *-дь,* сп. *зеќ, грӑѓи,* и во флексијата - множинската наставка *-иќина* и глаголската форма со *би* + аорист: *би дојдох*.

4. *Жировничкиоӣ* (*реканскиоӣ*) *ӷовор* го претставуваат жителите на селата Жировница (диј. Жернаница), Видуше и Болетин, кои се наоѓаат во горниот (изворишниот) тек на реката Радика. Во сите три села живее само исламизирано македонско население.

Меѓу најкарактеристичните дијалектни особености на овој говор со кои тој се разликува од другите говори во дебарската група на прво место доаѓаат до израз континуантите на носовката **ǫ*, на **ļ, *ŗ,* секундарниот *ъ*$_2$ во коренските морфеми и пред финалните сонанти */р, н, м/*.

Место **ǫ* во коренските морфеми во жировничкиот има континуант */å/* (еден вид лабијализирано *а*), кој се реализира во два алофона: [*å*] во едносложни и двосложни збороформи во акцентирана позиција и [*ą*] (еден вид затемнето *а* кое се реализира во неакцентирана позиција, а во акцентиран слог само во збороформи со три и повеќе слогови). Ваква дистрибуција на рефлексот на **ǫ* не познава ниту еден од другите македонски дијалекти. Во некоренските морфеми, како во сите други западномакедонски говори, има рефлекс */а/*. Сп. примери: *дåӣ – дåбоӣ, два дåбје,* но *д'ąбица, дąбицаӣа, се качи н'а дąӣ, з'åӣ – з'åбоӣ – з'åби* : *з'ąбиӣе, з'ąбиве, п'о-зąби, дрåк – дрåгоӣ* : *др'ąгови, гр'åди: н'а-грąди, гр'ąдиӣе, гåс, гåзер, гнåс, гнåсен* : *гнąс'оӣија, к'åсаӣ, к'ąӣинка, к'åӣник – к'ąӣници, к'ąӣникоӣ, мåш – мåжи* : *м'ąжиӣе, се м'åжи* : *се 'омąжи, м'ąжуле, м'ąжишче, мådро, мåка, се мåчиӣ* : *се м'ąчиме, пåӣ – п'åӣоӣ*: *п'ąӣишча, н'а-*

п̄а̄т, п̄'а̊дит : *да 'испа̨дит, р'а̊ка* : *р'а̨ката, н'а-ра̨ка, ра̊п̄* – *р'а̊бот* : *р'а̨бови, п̄'ора̨би, р'а̊каф, ска̊п̄* – *ска̊по* : *ск'а̨пија*, и во примери каде што е **ǫ* добиено од **ę* во секвенцата **ję* : *ј'а̊зик* : *ј'а̨зикот, ј'а̨зици, ј'а̊тро, ј'а̊чмен* : *ј'а̨чмејне, ј'а̊же* : *ј'а̨жина, ј'а̨г̄ул'а* но: *'обрач, п̄'опрак* – *п̄'опраси, п̄'онада, 'отаде, п̄ај'ажина, неа, сп̄'анал* – *сп̄'анале, б'ерам* (во некоренски морфеми). – Така е и во примерите со сек. *ъ₂ м'а̨г̄ла* : *м'а̨г̄лата, м'а̊ска, л'а̊јца, л'а̊јам*: *л'а̨жеме, т̄'а̊нко*: *т̄'а̨нкичко*.

На ист начин под споменатите фонетски услови се рефлектирале и **ļ, *ŗ,* сп. *в а̊лк – в'а̊лци*: *в'а̨лците, в'а̨лчица, в'а̊лна – в'а̨лната, жа̊лт̄* – *ж'а̊лта* : *ж'а̨лтиот, ж'а̨лтило – жа̨лт̄'илото, б'а̊лва, г̄'а̊лтат* – *г̄'а̨лтаме, д'а̊лг̄о* – *д'а̨лцина, ка̊лк – к'а̨лкови, к'а̨лчишча, к'а̊лнет* – *к'а̨лнеме, ј'аба̨лко, м'а̊лзет* – *м'а̨лземе, м'а̨лзница, п̄а̊лн – п̄'а̊лни: н'ап̄а̨лнит, сп̄'а̊лцај, с'а̊лsа – с'а̨лsата*; *в'а̊рба – в'а̨рбете, ќа в'а̊рнет, г̄'а̊рне – г̄'а̨рнина, г̄'а̊рло – г̄'а̨рлово ме б'олит, д'а̊рво – д'а̨рвото, д'а̊ржит – д'а̨ржава, м'а̊рдат – м'а̨рдате, ј'ат̄а̨рва, т̄'а̊рн – т̄'а̊рнот* : *т̄'а̨рнинка, п̄'а̊рст̄и – п̄'а̊рст̄ен* : *п̄'а̨рст̄ени, с'а̊рце*: *н'а-са̨рце*, и редовно така без исклучоци.

Рефлексите на **ǫ* и на **ļ, *ŗ* придонесле жировничкиот говор и на типолошки план да се диференцира од другите локални говори во дебарско-реканскиот регион. Вокалниот систем во него ни се претставува во следниов вид:

/*u*/	/*y*/		[*u*]		[*y*]
/*e*/	/*o*/	одн.	[*e*]		[*o*]
/*a*/	/*å*/			[*ạ*]	
				[*a*]	

Од вокализмот како дијалектна карактеристика на жировничкиот говор се јавуваат рефлексите на сек. *ъ₂* пред финалните сонанти: /*a*/ пред *-р*, сп. *бист̄ар, ведар, вет̄ар, ит̄ар, ост̄ар, г̄абар, сфекар*, /*o*/ пред *-н*: *ог̄он*, /*a*/ пред *-м*: *седам, сам, не сам,* но *осом*, веројатно со асимилација на почетното *о*; – фонетскиот облик *заек* (: *зајак* во централните говори); – стариот преглас на /*a*/ во /*e*/ се задржал во примерите: *еребица, ба̊ршлен, г̄а̊рклен, челет̄.* – И во жировничкиот говор, како во другите западни периферни говори, самогласката /*a*/ во соседство со назалните сонанти се затемнила и гласовно се совпаднала со рефлексот на **ǫ*, сп. *зна̊м – зна̨еме, н'е-зна̨м, сна̊г̄а – сна̨г̄ата, п̄'о-сна̊г̄а, п̄озн'а̨ница, ма̨шчеа*. Така се развил и темниот вокал во турските заемки од типот *за̊мба – за̨мбата* (т. *zımba*), *за̊бан – за̨баног̄* (т. *zıbın*). – Во *јог̄отка* /*o*/ место /*a*/ можело да се јави со асимилација според следниот слог.

Актуелниот консонантски систем на жировничкиот говор го сочинуваат фонемите: (сонантите) *м, н, л, л', р, ј,* (опструентите) *б-п̄, в-ф, д-т̄, s-ц, з-с, џ-ч, ж-ш, ѓ-ќ, г̄-к*. Фонемата /*њ*/, како што се гледа, отсуствува. Старото **п́* во едни позиции затврднало и се изедначило со /*н*/, сп. *п̄илина, т̄елина*, а во други палаталниот признак се излачил во /*ј*/, сп. *бајна, дејна, којн, јадејне, сирејне, шеп̄ејне*. – Фонемата /*в*/ е доста стабилна; таа се чува и во интервокална позиција, сп. *ковач, јавор, основа, т̄овар, човек, п̄оловина*, и по оваа особина жировничкиот оди заедно со соседниот малореканси (галички) говор. – Звучните африкати /*s*/ и /*џ*/ се чести: /*s*/ се јавува готово редовно како корелат на /*г̄*/ пред

множинската наставка *-и* кај именките од типот: *белеѓоѿ – белеѕи, ѿолоѓоѿ – ѿолоѕи, блаѓа – блаѕи,* а /ѫ/ корелира со /ѓ/ пред деминутивниот суфикс *-е* : *брек / бреѓоѿ – бреце, снек / снеѓоѿ – снеце, бубреце, сѿок / сѿоѓоѿ – сѿоце*. На историски план тие се добиени и со африкатизација на */з, ж/* во групи со сонантите */л, н, р/*: *сȃлса – сȃлсе, мȃлсиѿ, сѿȃлцај, бенѕин*, и др.

Порано спомнавме дека во периферните говори на пограничјето со албанската јазична територија се среќаваат сè уште примери со запазено *ч* во старите секвенци **čɣ-* и **čvɣ-*, и финалните групи *-сѿ* и *-шѿ*. Во жировничкиот говор се забележани примерите: *чȃрвец, чȃрви, чѫрвојадина, чѫрвеница, чȃрѿиѿ, чвȃрсѿ, чвȃрсѿина,* но и *цȃрн, цȃрвен*; групите *-сѿ* и *-шѿ* > (*-шч*) редовно се чуваат во едносложните збороформи, додека во суфиксот *-осѿ, ѿ* се редуцира, сп. *бресѿ, лисѿ, мосѿ, пȃрсѿ, пришч, дошч* (*дожд*), но *радос, милос*.

Во западните говори како диференцијална особеност се јавуваат и рефлексите на прасловенските групи **tj* / **kt'* и **dj,* како и реализацијата на групите */ѿј/* и */дј/* од постарите секвенци **tьj, *dьj*.

Во жировничкиот говор, како и во повеќето македонски дијалекти, и за двете групи место *ѿ* и *д* наоѓаме двојни рефлекси – за **tj* > */шч, ш/* и */ќ/*, сп.: *ѓорешчо, мѫшченица, мѫшчеа, плешчи, прашча, мошен, мошне, немошница, помош, имашен, овошка*, но: *веќе, вреќа, ѓаќе, леќа, домаќин, куќа, меќава, ноќ, ноќно време, полноќ, сваноќ, сѿреќа, несѿреќа, ќерка,* кај глаголите: *ќа, неќеѿ, плаќаѿ, фаќаѿ, сѿреќаваѿ*, освен во наставката за глаголски прилог каде што се задржал стариот облик *-ешчи* : *викаешчи, одеешчи*; на поинаков начин е добиена формата *синека* (сп. *синојќа, синојка, сношѿи* во други говори); и за **dj* покрај стариот рефлекс */жџ/* се јавува и */ѕ́/*: *вежџа, вежџица, межџа, прежџа, нужџа, наѿрежен, енаш, дваш, ѿриш,* но: *меѕ́у, ȃрѕ́а, саѕ́е, ѿуѕ́и, ѿуѕ́ина, прежѕ́е(ска), свежѕ́ере, ѿакежѕ́ере, белѓраѕ́ани, ориѕ́ани, виѓаѿ, навраѕ́аѿ, паѓаѿ, роѓаѿ*.

Слична е положбата и со реализацијата на групите */ѿј, дј/* < **tьj, *dьj,* сп.: *браѿја, распаѿје, цвеѿје,* покрај *браќа, сваќа, саќе, ѿреќи, цвеќе,* и: *л'уди, ѓредје, ѓȃрмадје, ливадје, оѓрадје,* но *лаѕ́а, ѕ́авол*.

Таков незавршен и нестабилизиран процес наоѓаме и при трансформацијата на фонемата */х/*, која овој говор не ја познава. Во морфемите за минатото определено време *х* > */в/*, одн. */ф/*, сп. *беф, бевме, бефѿе,* во бројни случаи и пред согласка: *бȃлва, бувна, мавна, ѿивна, чевре*, но и: *дуна, елла, пȃл* (*полх*), *пȃруѿ* (*пѫрхуѿ*), *мулла* (*мухла*), *челли* (*чехли*), а во финална позиција имаме*: ѓра, сирома, сѿра, вȃр* (*вѫрх*), – *Влаф, моф, буф, кожуф,* и *ѓреј, меј, ѓлуј, суј, пердуј*, и */с/* во *орес – ореси*, каде што е добиено по морфолошки пат.

Во примерите: *елла, мулла, челли,* одн. *ел:а, мул:а, чел:и*, сонантот се удолжил, потоа се удвоил, како компензација за *х*.

Во централните и во повеќето западни периферни говори во */х/* се асимилирале и согласките */с, ш/* на морфемска граница пред африкатите */ц, ч/* и понатамошниот процес се одвивал заедно со етимолошкото */х/* (сп. *месо – месце* > *мехце* > *мефце*, *круша – крушче* > *крухче* > *круфче*).

Во жировничкиот, во кој фонемата */х/*, веројатно, подолго време се чувала по однос на другите западни говори, овој процес не се извршил, па така согласките */с/* и */ш/* во споменатата позиција се задржале, сп. *бресѿ – бресче, квас – квасче, вос* (*воз*) *– восче, месо – месце, круша – крушче*, или во одделни лексеми */с/* се асимилирало во */ш/* во секвенцата */сч/*, сп. *лисѿ – лишче, квас – квашче*.

Од консонантските особености релевантни за овој говор се уште: реализацијата на групите */шт, жд/* како */шч, жџ/*, сп. *шчица, г̄ушчер, ог̄нишче, дожџот̄*, – редукцијата на */г̄, д/* пред */н/*: *едно – ено, ена, п̄ана*, *сена* (*п̄адна, седна*), *лена* покрај *лег̄на*, – асимилацијата на групите */вн, бн/* во */мн/*, сп. *одамна, рамно, г̄ламна, г̄ламница, ог̄ламник, п̄лемна, осамнет̄*, *мнук, мнука, нимнин, – демнет̄, семнет̄,* – метатезата на групата *-зј-*: *г̄ројзе, лојзе,* потоа пополнувањето на етимолошките групи *-ср-, зр-, -жр-* со соодветен прегласен плозив, сп. *стреќа, стреда, стребро, здрак, здрел*, *ждребе*.

Во областа на флексијата жировничкиот говор од другите говори во дебарската група се разликува со следните црти: именките на *-а* множина образуваат со наставката *-е* : *нива – ниве, овце, вар̀бе, куќе*, во *нозе* и *рàце*, судејќи по согласките */s, ц/*, се задржала старата двоина; – датив̀ната синтетичка форма кај личните и роднинските имиња од м. и ж. род се пази добро и се образува со наставките: *-у* кај именките од типот *Илија – Илију*, *му рече Ил'ију, -ове* кај именките на *-о* : *Рамко – Рамкове* (*му рече*), *бабо – бабове, мицо – мицове, дајцо – дајцове, -ету* кај именките на *-е* : *Сале – му даде Салету, Рамче – Рамчету,* и со наставката *-е* кај именките од ж.р. на *-а,* сп. *Ат̄ица – (ј)е рекоф Ат̄ице, Ајша – Ајше,* но: *је рече на нане*. – Збирната множина исто така добро се чува и морфолошки се изразува со наставката *-је*, сп. *бос – бозје, лисје, сноп̄је, т̄ар̀нје*, и кај именките од ж.р.: *вода – водје, река – рекје* (: мн. *реке), ливадје, нивје, ог̄радје, п̄ланинје*, *т̄ревје,* главно кај именки што означуваат географски поими. – Избројаната множина како граматичка категорија овој говор не ја познава, формите на обичната множина се употребуваат и кога се со број, сп. *два лебови, два п̄етли, три шиници, два зàби, два бунари, т̄ри месеци, два ноќови*. – Кај именките од ж. р. на согласка нема поголеми промени, сп. *нашата власт̄, ката вечер, ена вечер* (*добро вечер* според *добро ут̄ро*), *лоша кàрф, убава сол'* и др. Кон оваа група се придружиле и еден број именки од м. р. од типот *кал – калта*, *г̄олема кал, п̄еп̄ел – п̄еп̄елта, п̄есок – ситна п̄есок, п̄есокта* (главно од семантичкото поле на почвата). Членските форми имаат нормално образување, сп. *лебот̄, лебоф, лебон*, итн. – Множинската наставка *-и* кај придавките се употребува и кога се тие во атрибутска употреба со именки од ж.р., сп. *бели кошуле, високи п̄ланине, от̄ровни змие*.

Во заменската флексија како дијалектни се предлагаат формите: *нимнин (нивни), овог̄оф, овејзин, онејзин, овимнин, онимнин, овакоф – оваква, овол'-каф – овол'кава,* кај личните заменки: *ја, мие, нами не (виде), нами ни (рече), вами ве, вами ви, неа ја (виде), нејзе е (рече), т̄ие, ним и* (*виде*), *ними им (рече),* кај демонстративните: *овја, ојна (човек), овеа, онеа*, *т̄еа (дет̄е), овог̄о, оног̄о, овому, ономy, овејзе, онејзе*.

Во глаголската флексија за жировничкиот се карактеристични, истовремено и диференцијални по однос на околните говори, формите: *сам, ест̄и* (1 и 3 л. едн. од **byti*), наставката *-м* во 1 л. едн. сегашно време, сп. *коп̄ам*, *носам, берам, сечам,* – наставката *-ешчи* во глаголскиот прилог: *викаешчи, носеешчи, сечеешчи,* суфиксот *-ува* за образување несвршени од свршени глаголи: *купуват̄, кажуват̄, стануват̄*. – Посебност во овој говор претставуваат промените што се извршиле во основите кај глаголите од *е-* и *и*-група; тие се слеале во еден конјугациски модел, сп. *бро-и-ш, нос-и-ш, бер-и-ш, сеч-и-ш* : *бро-е-т̄, нос-е-т̄, п̄еч-е-т̄, бер-е-т̄,* мн. *броеме, носеме, береме*, *сечеме – броет̄е, носет̄е,*

бере̄ше, – броеш̄, носеш̄, берет̄, сечеш̄. – Со другите особености од конјугацијата жировничкиот се слага со другите говори од дебарската група: 3 л. мн. на сегашно време завршува на *-еш̄*: *викаеш̄, носеш̄, берет̄*, 3 л. мн. на простите минати форми се образува со наставката *-е* : *викае, дојдое, берее, носее, п̄ие(ј)е, зг̄решие*, 2 л. мн. на заповедниот начин кај глаголите од *и-/е*-група има наставка *-ите* : *носите, донесите, наберите, отворите*. Глаголската *л*-форма може да се образува и од аористната и од имперфектната основа, сп. *рекол – речел, мог̄ол – можел, јал – јадел, млел – мелел, п̄рел – п̄редел, брал – берел, носил – носел;* – двојни форми се среќаваат и во *н/т̄*-партиципот: *бран – берен, п̄ран – п̄ерен, клан – колен*; кај глаголите од старата *и*-група се генерализирала наставката *-ат̄*: *женат̄, канат̄, п̄ал̊нат̄, ранат̄, ценат̄*, како во *п̄анат̄, ле(г̄)нат̄*; партикулата за идни глаголски форми се јавува во фонетскиот облик *ќа* : *ќа викам, ќа викаф, ќа сам викал*. Глаголските форми со помошниот глагол 'има / нема' + глаголска придавка се доста фреквентни (*имам дојдено, имаф дојдено, сам имал дојдено, ќа имам дојдено*). Во деривацијата на имперфективни од перфективни глаголи превладуваат старите модели, сп. *добиеш̄ – добиваш̄, менеш̄ – менаваш̄, г̄решеш̄ – г̄решаваш̄, г̄остеш̄ – г̄ошчаваш̄, п̄латеш̄ – п̄лаќаш̄, родеш̄ – раѓаш̄* и *роѓаш̄, отворет̄ – отвораш̄, туреш̄ – тураш̄* и *туруваш̄, оставеш̄ – оставаш̄;* по моделот *сопнеш̄ – сопинаш̄, клекнеш̄ – клекинаш̄* е образуван и обликот *п̄озинаш̄* (: *зна̊еш̄*).

Меѓу приведениве диференцијални особености во жировничкиот говор се изделуваат два главни слоја. Од една страна, во него се чуваат не мал број архаични црти, на пр. фонемата /*s*/ пред мн. наставка *-и* (*блаsи*), групата **čr-* во фонетскиот облик *ча̊р-* / *чар-*, финалните групи *-сш̄, -шч,* групите *-ш̄ј-* / *-дј-* во примери од типот *браш̄ја, ливадје*, и други, од друга страна, пак, среќаваме и иновации, на пр. депалатализацијата на *њ*, африкатизацијата на звучните фрикативи /*з, ж*/, наставката *-м* во 1 л. едн. сегашно време, нови модели во глаголските групи и др. Но најкарактеристична црта за жировничкиот говор претставуваат рефлексите на носовката **ǫ* и на старите вокални **ļ* и **ŗ*. Токму тие рефлекси нему му даваат обележје на автономен микродијалект во рамките на западната група македонски говори и истовремено укажуваат дека денешниот жировнички говор релативно рано, сигурно пред исламизацијата на предците на денешните негови претставници, почнал да се диференцира од околните говори. Порано тој зафаќал поширок ареал, веројатно и се формирал подлабоко на запад во соседство со денешниот голобрдски **ǫ* > /*а̊*/-говор во Албанија. Подоцна претставниците на тој говор се повлекувале кон исток и североисток по долината на Радика како најпогодна комуникација и дел од нив се задржал на денешното станиште, каде што потоа почнал процесот на исламизацијата. Со исламизацијата жителите во споменативе села во жировничката група почнале да живеат како еден вид изолирана социјална група во православно окружување негувајќи ја својата традиционална реч. Така може да се објасни, на пример, чувањето на /*в*/ во интервокална позиција, нејотуваните групи /*т̄ј*/ и /*дј*/, финалното *-т̄* во групите *-сш̄, -ш̄т̄,* или *ч* во секв. *ча̊р-* / *чар-* и *чва̊р-*. Во овој говор подолго време се чувала и фонемата /*х*/ во споредба со говорите на новите соседи, а кога почнал процесот на дефонологизација во некои позиции и во одделни лексеми *х* давало поинакви резултати отколку во соседните говори, сп. *орес – ореси, г̄рej, мej, г̄луј, суј, п̄ердуј, дуна, елла, челли, г̄ра, сш̄ра,* покрај

тивна, моф, и во глаголските наставки: *беф, бевме, бефте* (: *ореф, греф, праф, граф, дувна, евла,* значи редовно *х* > *в*/*ф* во соседниот малореканси (галички) говор. Во рамките на жировничкиот говор во новото станиште се јавиле и некои иновациони појави кои околните говори не ги познаваат, сп. дефонологизацијата на /*њ*/, генерализирањето на наставката *-м* во 1 л. едн. сегашно време, прегрупирање на глаголите од старите *-е-* и *-и-* групи, и др.

4.1. Кон крајот на 17 и во почетокот на 18 век дел од исламизираното население од Река, претежно од жировничката група села, мигрирало на исток и формирало населби на падините на Карацица на скопската страна и на падините на Бабуна и Голешница во Велешко. Така настанале селата Горно Врановци и Мелница во Велешко и селата Држилово, Евлово, Д. Количани, Умово, Цветово во Скопско. Според прекарот „ торбеш“ и целата таа област е наречена Торбешија.

Говорот на споменатите муслимански енклави во Скопско и во Велешко е готово идентичен со жировничкиот говор. Неслагање меѓу тие говори има, главно, во реализацијата на консонантските групи /*шт – жд*/, /*с, ш + ц, ч*/ на морфемска граница, по некои појави сврзани со фонемата /*х*/, и во флексијата во глаголските групи.

Во говорот на скопските и велешките муслимани групите /*шт*/ и /*жд*/ не претрпеле измени, сп. *огниште, рутишта, одеешти, вежда, дождот* (Држилово, Мелница) : *огнишче, вежца* (Жировница).

Во говорот на Мелница и Врановци процесот на загубата на /*х*/ уште не е наполно завршен во сите позиции. Пред согласка и во финална позиција во некои лексеми кај постарите информатори забележавме слабо /*х*/ без фонолошка вредност, сп. *бâˣла, креˣко, меˣлем, тиˣко, маˣна, здиˣна, ниˣно, Меˣмет, змеˣ, глуˣ, суˣ,* или пак /*х*/ наполно се загубило оставајќи како компензација должина на претходниот вокал, сп. *бâ:ла, ме:лем, ја:на, ма:на, ни:но, глу:, стра:, гре:, ме:,* а во ограничен број примери преминало во /*ф*/ и/или во /*в*/: *глуф, суф*, покрај *глу:, су:, вâрф, кожуф*, и редовно во морфемите во 1 л. едн. и 1 и 2 л. мн. на имперфектот-аористот: *беф, бефме, бефте; рекоф, рекофме, рекофте*. Во говорот на скопските муслимани /*х*/ наполно се загубило: *Вла, вра, гра, стра, сирома, ме, гре, глу, вâр, бâла – бâле, елла, нинни,* но и: *кожуф – кожуфи, кожуфче, рекоф*, *рекофме, рекофте* (Држилово).

Во говорот на двете енклави промени претрпеле и фрикативните /*с, ш*/ пред африкатите /*ч, ц*/ на морфемската граница преминувајќи во /*ф*/, а процесот одел преку /*х*/, како и во други западномакедонски говори, сп. *мост – мофче, квас – квафче, појас – појафче, пâрфче, круфче, мефце, мафца* (Држилово), *брест – брефче, трошка – трофче, фефче* (Мелница). Во жировничкиот говор во оваа позиција фрикативите се чуваат неизменети: *брест – бресче, клас – класче, круша – крушче,* или, пак, во одделни случаи /*с*/ се асимилира во /*ш*/ пред ч: *квас – квашче, лист – лишче*.

Во говорот на Држилово множинската наставка *-ови* се генерализира и зад историски меките согласки, сп. *кл'учови, жарови*, спрема *кл'учеви, жареви, огневи* во Жировница.

Незнатни отстапувања меѓу жировничкиот и говорот на скопската и велешката енклава има и во конјугациските модели. Во говорот на Држилово гла-

голите од *е*-група се интегрирале во *и*-група: *сечам, сечиш, сечит, сечиме, сечите, сечет; чуш, чуит, чуиме, чуите.* Во мелничкиот говор интеграцијата на *е-* и на *и*-група се извршила нешто поинаку, сп. *кажиш, ткаиш, печиш, носиш* : *кажет, ткает, печет, носет, месет*, и мн. : *печеме, печете – носеме, носете.* Во говорот на Д. Количани се задржал жировничкиот модел: *сечам, сечиш, сечет, сечиме, сечите, сечет*, и: *носам, носиш, носет, носиме, носите, носет.* – Формите на глаголот 'сум' во сегашно време гласат: *сум, си, (ј)е, сме, сфе, се* – како во централните говори; обликот *ести* во 3 л. едн., карактеристичен за жировничкиот говор, во Држилово не е констатиран.

Како што се гледа, во новите станишта и во окружување на говори од централната група, говорот на исламизираното население не претрпел позабележителни промени. Приведените примери со издишно слабо *х* во мелничко-горноврановскиот говор покажуваат дека миграцијата во тие села се извршила уште во времето кога /*х*/ имало статус на фонема во жировничкиот говор.

5. Од социолингвистички аспект посебен интерес можат да претставуваат говорите во населбите каде што живее население од двете конфесии.

Прво ќе го разгледаме говорот на селата од ростушката група (Ростуша, Требиште, Велебрдо, Аџиевци, Јанче, Присојница) кој непосредно се надоврзува на жировничкиот и условно ќе го наречеме **ростушки** по името на централното село Ростуша, кое порано било и општински центар за целата област Река.

Ростушкиот говор го карактеризираат три групи особености, не земајќи ги предвид и оние што ги истакнавме порано како заеднички за сите локални говори во дебарската група.

5.1. Една група црти е карактеристична само за речта на исламизираните жители. Повеќето од тие црти говорот на ростушките муслимани го поврзуваат со *жировничкиот*. Во таа група како покарактеристични ги изделуваме: рефлексот *а̊ – а̨* место носовката **ǫ* и сек. *ъ*$_2$: *за̊п – за̨би* : *за̨бите, п'о-за̨би, ја̊зик* : *ја̨зици, ма̊ска* : *ма̨ската, ма̨шtеа,* – рефлексите *а̊л – а̨л* и *а̊р –а̨р* место старите **ļ* и **ŗ*: *ва̊лк – ва̊лци* : *ва̨лците, ва̨лчица, да̊рво* : *да̨рвото, н'а-да̨рво,* – замената на сек. *ъ*$_2$ со /*а*/ пред финалните *-р, -м*: *ветар, итар, седам, осам*, отсуството на фонемата *њ*, сп. *којн, бајна, тилина*, чувањето на финалните групи *-ст, -шт*: *тарст, лист, дошт, пришт,* и на *ч* во старата секвенца **čŗ-*, сп. *ча̊рвец, ча̊рви, ча̊рпит,* покрај *ца̊рн, ца̊рвен*, испуштањето на согласките *д* и *г̄* пред *н* во средината на зборот, сп. *тана*, *се дина* (*тадна, се диг̄на*), чувањето на спирантите /*с, ш*/ пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемска граница, сп. *мосче*, *месце, крушче,* глаголскиот облик *ести*.

Но од друга страна наоѓаме и црти со кои говорот на ростушките муслимани се разликува од жировничкиот. Во него се чуваат согласничките групи /*шт, жд*/: *тлешти, ма̨шtеа, ог̄ниште, вежда, межда, дождот, дождалник*; – интервокалното /*в*/ се губи под условите како и во другите западномакедонски говори, сп. *волој, деној, волоар, г̄оедо*, *биулица, чоек, толојна,* дури и во членските морфеми: *работаа наша, г̄а̨рнео*; групите *-тј-* и *-дј-* (од **tьj, *dьj*) се асимилирале во /*ќ, ѓ*/: *брака, бруќе, рабоќе, вода – воѓе, г̄реда – г̄реѓе, ливаѓе, лобоѓе, л'уѓе* и др.; именките на *-а* множина образуваат со наставката *-и* : *врати, книг̄и, куќи*; личната заменка за 1 л. мн. гласи *ние*; кај глаголите во 1 л.

едн. сегашно време отсуствува *-м*: *гледа, кажуа, ида, ода, седа*; во 3 л. мн. се генерализирала наставката *-ет* кај глаголите од сите групи, сп. *викает, идеет, одеет, броеет*; интеграцијата на глаголите од *е-* и *и*-група во овој говор се извршила во корист на првата, сп. *носеш, носет, носеме, носете, носеет*, како во *идеш, идет, идеме, идете, идеет*.

Со овие црти говорот на ростушките муслимани се поврзува со дебарскиот, со кој непосредно граничи на југ.

5.2. Во говорот на православците приведениве особености се реализираат како во соседниот *малореканскu* (*галички*) *говор*. Спореди: /*о*/ како рефлекс на **ǫ* и сек *ъ*$_2$ во коренските морфеми: *зоп – зоби – зобите – п'о-зоби, рока – рокаа – н'а-рока*; *могла – моглата, моска – моската, ложет – ложете*; *снога – сногата, мошќеа*; *ветор, итор, огон, седом, осом*; /*ǫ*/ ја задржало слоготворната функција, сп. *вǫрф – вǫрот, вǫрба, пǫрсти*; /*ње*/ се чува во сите позиции: *коњ – коњи, коњче, јадење, пилиња*; освен тоа овде и групата /*јн*/ се асимилирала во /*ње*/, сп. *војник* > *воњик*, *вујна* > *вуња*; *х* на крајот на слогот е заменето со /*в - ф*/: *вǫрф, граф, праф, меф, греф, суф, мафта, дуфна, ефла,* и во случаи каде што е *х* добиено со асимилација од /*с, ш*/ пред африкатите /*ц, ч*/: *мас – мафца, лис – лифче, круша – круфче*; согласките /*с, ш*/ се испуштаат во финалните групи *-ст*, *-шт*, сп. *лис, пǫс, приш, дош;* – групата **čr-* се дисимилирала во *цр-* во сите случаи: *цǫрн, цǫрвен, цǫрви, цǫрпит*; во овој говор подоследна е замената на групите **tj, *dj* со /*ќ, ѓ*/, сп. *викаеќи, носееќи* (: *викаешти* во говорот на муслиманите); глаголскиот облик *естu* ограничен е само на говорот на муслиманите.

Посебност на говорот на ростушките православци во однос на малореканскиот, од една страна, и говорот на локалните муслимани, од друга, претставуваат: рефлексот /*ол*/ на старото вокално **ļ*, сп. *волк*, *волчица, жолто, жолчка, јаболко, колк, полно,* – реализацијата на групите /*шт, жд*/ како /*шќ, жѓ*/: *мошќеа, плешќи, огнишќе, пошишќа, межѓа*, *дожѓот, дожѓалник* (: *плешти, междa* во говорот на муслиманите, *огнишче, дождот* во малореканскиот); говорот на ростушките православци ги познава звучните африкати /*s, џ*/, сп. *звезда, suc, оџа*, *џамија*, и во примери каде што се добиени тие од звучните фрикативи /*з, ж*/ во групи со сонант: *молsит, полџаф* (: *звер, звезда, жеп, ожа* во малореканскиот); – согласката /*в*/ се губи во меѓувокална позиција, сп. *гоедо* / *гојдо, коач, оснoа, тоар, чоек*; – глаголите од *и*-група овде се интегрирале во *е*-група, сп. *носа, носеш, носет, носеме, носете, носеет*, а во 3 л. мн. како што покажува последнава форма, се генерализирала наставката *-ет* (: *берет, носет* во малореканскиот); натаму: /*о*/ за **ǫ* и сек. *ъ*$_2$, вокалното *ǫ*, фонемата /*ње*/, замената на *х* во /*ф*/ во споменатите позиции, групата *цр-*, испуштањето на *т* во финалните групи *-ст* и *-шт*, отсуството на *-м* во 1 л. едн. сегашно време, заменските форми *овеа, онеа, теа*. Во малореканскиот **ļ* ја зачувало старата вредност (*вǫк, вǫна*), групите /*шт, жд*/ се реализираат како /*шч, ж*/, сп. *нешчо, дожот*; во него *в* во интервокална позиција добро се чува; тој не ги познава звучните африкати /*s, џ*/, сп. *звер, ожа, жеп*; кај глаголите добро се чуваат три глаголски групи: *викат, носит, берет*; наставката *-ет* е ограничена во 3 л. мн. кај глаголите од *а*-група, сп. *викает* : *носит, берет*.

Како што се гледа, во речта на ростушката група може да изделиме три групи особености: а) црти што се карактеристични за жировничкиот говор,

б) црти што се карактеристични само за малореканскиот (галичкиот) говор, и в) црти што се разликуваат и од жировничкиот и од малореканскиот. Овде не ги земаме предвид оние особености што им се заеднички на сите западни и/или на западните периферни говори коишто ги истакнавме на почетокот од нашево излагање.

Диференцијалните особености под а) се карактеристични за речта на исламизираните жители. Тоа укажува дека исламизираните жители во ростушката група ги чуваат особеностите, одн. дел од особеностите на говорот од старото пребивалиште, чиј најдоследен претставник е жировничкиот.

Диференцијалните црти под б) се карактеристични за малореканскиот говор. Претставниците на малореканскиот говор во ростушката група, денешните православци, ги сочувале особеностите на матичниот говор.

Особеностите под в) се иновации што се развиле на ростушкиот терен во времето на заедничкото живеење на денешниве два конфесионални ентитета. Нив не ги познаваат ни денешниот малореканси, ни жировничкиот говор. Можеле да настанат на два начина: под влијание на надворешните фактори со подновување на население од друга дијалектна средина, најверојатно од соседните дебарски села, со мешање на автохтоно население, и/или во резултат на внатрешни вкрстувања, како и со генерализирање на една од особеностите на едниот или на другиот говор. По последниот начин би можело да се објасни генерализирањето на вокалното *ꙑ*, кое е карактеристично за малореканскиот, одн. за говорот на православните жители во ростушката група. Рефлексот /*ол*/ м. **ł* (карактеристичен за малореканскиот) во речта на ростушките православци најверојатно е преземен од жировничкиот преадаптиран по малореканскиот модел. Согласничките групи /*шќ*/ и /*жѓ*/ во говорот на православците можеле да настанат во резултат на вкрстување на старите групи /*шт, жд*/, сочувани во говорот на ростушките муслимани, и групите /*шч, жџ*/ во жировничкиот, одн. /*шч, ж*/ во малореканскиот. Процесот на загубата на /*в*/ во интервокална позиција, генерализирањето на наставката *-ет* во 3 л. мн. сегашно време и на глаголите од *е-* и *и*-група, директниот објект со предлогот *на*, сп. *И овја ја закол'уат на ламјата* Битуше, *Чоекот (ѓ)о исече на арсланот* Ростуша (во речта на двата ентитета) – најверојатно се јавиле под влијание на дебарскиот говор, каде што се овие црти наполно стабилизирани. Интеграцијата, пак, на *и-* во *е*-група (*нос-е-т*) е внатрешен процес.

Како заклучок за карактерот на говорот на двата конфесионални ентитета во ростушката група села можеме да го кажеме следното: исламизираните жители во ростушката група во добра мера го задржале својот говор, поточно постарите особености на својот говор, а потоа во заедничкото живеалиште со православците развиле еден број нови црти. Тоа важи и за православните жители како претставници на малореканскиот говор.

6. *Дебарскиот говор* зазема централно место во поширокото дебарско говорно подрачје, подразбирајќи ги тука и говорите во Голо Брдо, Дримкол и Река. Него го репрезентираат градскиот дебарски говор и говорот на македонското население со мајчин јазик македонски од двете конфесии во географските области Поле, Жупа, Малесија и во јужните реканси села Могорче, Горно и Долно Мелничани и Горно и Долно Косоврасти.

Како што истакнавме порано, на дебарскиот терен покрај жителите со македонски мајчин јазик живее и население со албански и со турски мајчин јазик. Население со албански мајчин јазик живее во градот Дебар (заедно со Македонци од двете конфесии), во полските села Хаме, Спас, Селокуќи, Конари, Сушица, Бомово, Кривци, Трнаник (само Албанци), во областа Жупа во селата Власиќе, Баланци, Житинени, Броштица (во последниве три села заедно со Македонци од муслиманската конфесија), турски етнички елемент во областа Жупа – во селата: Коџаџик, Новаци, Брештани, Елевци, Евла, Долгаш, Осолница и Праленик, и нешто во градот Дебар. Население со мајчин јазик македонски живее во гр. Дебар (од двете конфесии), во селата: Присовјани, Локов, Збажди, 'Ржаново, Буринец, Селци (православни) – во Малесија, Горно Косоврасти, 'Рковци, Кочишта, Мал и Голем Папрадник (муслимани), Долно Косоврасти, Мелничани, Броштица, Житинени, Горенци (од двете конфесии), Елевци, Рајчица, Пареши, Баниште (православни).

Во речта на православните и исламизираните Македонци готово нема разлика, ако ги исклучиме неколкуте лексикализирани фонетски црти и еден број лексеми од верската и обичајната терминологија. Оваа констатација ќе ја потврдиме со дијалектниот материјал од речта на информатори муслимани од селата Голем и Мал Папрадник (ГП, МП), Горно Косоврасти (ГК), од православни информатори од Баниште (Бан), и од информатори од двете конфесии од Д. Косоврасти (ДК) и Горенци (Гор).

Најмаркантна типолошки релевантна фонетска особеност на дебарскиот говор во однос на реканскиот и дримколско-голобрдскиот говор спаѓа фонемата /ă/ како рефлекс на носовката *ǫ во коренската морфема, сп.: *гъ̆ба, гъ̆зер, гръ̆ди, дъ̆п, дъ̆бје, дъ̆гa, дръ̆к – дръ̆гот, зъ̆би, се къ̆пит, къ̆тник, къ̆пина, къ̆сат, лъ̆чит, мъ̆ка, пръ̆т, пъ̆т, ръ̆ка, съ̆бота, съ̆дој, тъ̆гa, тръ̆ба* (Бан, ГК, Гор, ГП). Примерите со /o/: *глобок, клопче, попук, отоде, своноќ, свозима* (Бан, ГП), *кодраф, подит, топан* (Бан) претставуваат импорт од дримколско-голобрдскиот говор, но со адаптиран дебарски изговор.

Во оваа серија треба да ги приклучиме и примерите со /ă/ добиено од секундарниот ъ$_2$ од типот: *бъ̆дник, мъ̆гла, мъ̆ска, тъ̆сит, тъ̆шта*, и од секундарно назализираното /a/ во соседство со назален сонант во лексемите: *знъ̆јт, снъ̆гa, мъ̆мит, мъ̆мец, мъ̆штеа, мъ̆чурек, одъ̆мна*, и во туѓи лексеми: *ъ̆нгел, къ̆нтар, къ̆ндисат, мъ̆нгар, зъ̆мба, съ̆ндак*, и уште во неколку случаи исто така од /a/ но во друго фонетско окружување: *зъ̆гар, зъ̆ек, зъ̆ш, јъ̆зоец, јъ̆сика, јъ̆сен* (Бан, ГП).

Со рефлексот на *ǫ се поклопува и вокалната компонента на рефлексите на вокалните *ļ, *ŗ – /ър/: *бъ̆ргу, гъ̆рсти, зъ̆рно, пъ̆рсти, съ̆рп*, и /ăл/: *бъ̆ла, къ̆лк, къ̆лчка, къ̆лнет, мъ̆лзница, пъ̆лф* (ГП), *въ̆лна, бъ̆лва, жъ̆лчка, жъ̆лтарка, къ̆лнит* (Бан), *жъ̆лчка, јабъ̆лко, гъ̆лтат* (ГК). Овој рефлекс треба да се смета за основен во дебарскиот говор и кај православците и кај муслиманите. Примерите со /ол/ што се јавуваат во одделни пунктови, како и примерите со /o/ од *ǫ, треба да се сметаат како импорт од околните говори, и нив ги наоѓаме нерамномерно распоредени и по селата и во говорот на претставниците на двете конфесии, сп: *волна, жолтак, жолња, солsа, толчет, молчет, молсет, јаболко* (ГП), *солsа, молчит, молсит, јаболко* (Бан). Во ГК превладуваат примерите со рефлексот /ăл/, сп. *къ̆лчник, съ̆нце* (*съ̆лнце*), *съ̆лsа, мъ̆лчит*, по аналогија и *зъ̆лва*

(: *золва* ГП, Бан). Кон оваа група примери ја приклучуваме и лексемата *олѕица* (ГК), *олѕица* и *олцичка* (ГП), *олцица* (Бан (< *џжица* < **lъžica*).

Како карактеристични за овој говор во областа на вокализмот се јавуваат примерите со запазен преглас на /*а*/ во /*е*/: *н'ајеве, есен, есено: дăрво, раеш, печелиш, гăрклен, челеш, Житинени* (Бан, ГП), *одеја* (ГП) : *одаја* (Бан), но *чакаш* (Бан), *чакај, чакаештин* (ГП).

Значителен е и бројот на примерите со промена на /*о*/ во /*у*/, сп. *гувејш, убешки, улера, пасумце* покрај *пасăмце, еднуш,* и во суфиксот *-ок*: *белшук, восук, жолшук, пешук* (ГП, Бан).

Наполно е идентичен во речта на двете конфесионални групи и консонантскиот систем како по бројот на фонемите, така и по дистрибуцијата, со неколку исклучоци и во реализацијата на согласничките групи.

На сето говорно подрачје се пази фонемата /*њ*/: *коњ, бања, сфиња, жолња, камење, пилиња* (Бан, ГК, ГП).

Звучните африкати /*ѕ, џ*/ имаат стабилна позиција: /*ѕ*/ редовно алтернира со /*з*/ пред множинската наставка *-и* : *белеѕи, бубреѕи, полоѕи, диреѕи, кофчеѕи, чивлиѕи, ноѕи,* а /*џ*/ се јавува како алтернант на /*з*/ пред деминутивниот суфикс *-е* : *бубрегош – бубреџе, врагош – враџе, книга – книџе, нога – ноџе, снегош – снеџе.*

И двата гласа редовно се јавуваат во групи со сонантот /*л*/, сп. *молѕиш / молеш, соляа, олѕица,* и *олцица, долцина, столцаф.*

Основни рефлекси за прасловенските групи **tj* / **kt', *dj* се /*ш, жд*/: *брош, гореш, леша, măшшеа, măшшејница, плеши, праша, викаеши / викаештин* (Бан, ГП, ГК), *пеша* (ГП), – *вежди, веждица, межда, прежда, сажди*, и др. (Бан, ГП, Гор). Примерите со /*ќ, ѓ*/: *ноќ, синоќ, соноќ, вреќа, сфеќа, стреќа, гаќи, – ăрѓа, меѓу, граѓани, сфеѓере, шакуѓере,* и во некои суфиксни образувања, сп. *плаќаш, враќаш, виѓаш, заоѓаш*, се импортирани од северните дијалекти, како и во повеќето македонски дијалекти.

Групите /*ш̄ј, дј*/ < **tьj, *dьj* во сите случаи се палатализирале во /*ќ, ѓ*/: *браќа, бруќе, прăќе, цвеќе, – греѓе, ливаѓе, лобоѓе, ограѓе, л'уѓе* покрај *л'уди* – во говорот на сите претставници во дебарскиот регион.

Заеднички црти на сето дебарско говорно подрачје претставуваат и: чувањето на старата група **čr-* во еден број лексеми, сп. *чăрвец, чăрви, чăрвојадина, чăрвјосан, чăрпиш / чăрпеш,* но *цăрн, цăрвен,* чувањето на финалните групи *-сш, -ш̄* во еднословните лексеми, сп. *гăрсш, кăрсш, пăрсш, лисш, чисш, – брош, вешш, дошш, пришш,* но: *болес, радос, жалос* и др. (во суф. *-осш, -есш*), испуштањето на плозивот /*ш̄*/ пред африкатот /*ч*/ во иницијална позиција, сп. *ченка, ченкен леш, чејнца*, како и испуштањето на /*д, з*/ во групи со сонантите /*н, л*/ во средината на зборот: *енуш, венуш, ено, пана, сена, Паираник*, – *сфăрле, пăрни се* (*едно, падне, сфăрдле, пăргни се*).

За африкатизацијата на /*з, ж*/ пред сонантот /*л*/ спомнавме погоре, сп. *сăлѕа / соляа, долцина.*

Старите групи /*ср, зр*/ и /*стр, здр, ждр*/ се изедначиле во корист на вториве: *стреда, страм, здрел, здрак, ждребе, – страна, здравје.*

Загубата на /*в*/ во интервокална позиција е општа појава на сето дебарско говорно подрачје, сп. *коач, тоар, чоек, јаор, јалојна, полојна, чуаш,* дури и во членските морфеми: *кућаа, ракаа, дешео, житоо* (ГК).

Од дијалектен аспект на македонскиот терен интерес претставуваат и финалните групи од типот *воск* (покрај *восук*), *ниск, сниск, г̄орк, жешк, т̄ешк, рет̄к, т̄ифк, нок̄т, лак̄т, стиц̄*, добиени спрема формите за ж. и с. р. (*ниск-а, г̄орк-а, -о, -и,* итн.)

Нема повидни разлики во речта на православните и исламизираните Македонци ни во областа на флексиите.

Личните и роднинските имиња од ж.р. датив образуваат со наставката *-е* : *Цвет̄а*, датив: *је рече Цвет̄е* (Бан), *је даде леп̄ Емрије* (ГП).

Именките од м. р. на *-а* и на согласка во датив имаат наставка *-у* : *Стојан*, датив: *му рече Стојану, Николу* (Бан), *му стор̄е абер Ирфану* (ГП), а кај именките што завршуваат на *-о* и на *-е* како дативна наставка се генерализирала *-е* (< *-ве*): *Маркоје, Петрее, Митрее* (Бан), *Сул'оје, Рецоје* (ГП, ГК). Меѓутоа, не се необични и аналитички дативни форми, сп. *Му рече на Јоана, је рече на Стојна, на Шефика.*

Во говорот на помладите генерации, и тоа претежно кај мажите, можат да се чујат и синтагми со аналитички директен објект, сп. *да ми г̄о опер̄ит̄ на дет̄ето* (ГК), *ќе ја дăрж̄ет̄ на невест̄ата* (ГП).

Кај заменките како дијалектна разновидност по однос на околните говори се јавува кратката заменка *је* и за дативен и за директен објект: *је рече на жената,* и: *је виде жената* (Бан, ГП).

Демонстративните заменки за с. р. се јавуваат во формите *ове, оне* : *ове дет̄е, оне село*.

Во глаголската флексија го обединуваат сето дебарско говорно подрачје: отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн. сегашно време: (*ја*) *вика, носа, бера*, наставката *-ет̄* во 3 л. мн.: *викает̄, носеет̄, береет̄, сечеет̄*, одн. *вике:т̄ носе:т̄* (по извршената контракција), наставката *-е* во 3 л. мн. на простите минати времиња: *викае* / *викее* > *вике:, дојдо(ј)е*, *реко(ј)е*, наставката *-ит̄е* во 2 л. мн. кај глаголите од *и-* и *е*-група: *земи – земит̄е, речи – речит̄е*, *донесит̄е*, наставката *-ат̄* (*-ат̄а, -ат̄о*) кај глаголите од типот *п̄анат̄, женат̄, ранат̄*; партикулата за идни времиња се јавува во разновидностите *ќе* и *ќа* во речта на сите говорители.

Бројот на диференцијалните црти во речта на православците и на исламизираните македонски говорители на дебарскиот терен се сведува само на неколку системски и на еден број лексикализирани појави и одделни лексеми.

Во областа на вокализмот како значајна диференцијална особеност се јавува рефлексацијата на носовките **ǫ* и **ę* во позиција зад *ј*.

Во говорот на православните говорители рефлексот на **ję* се изедначил со рефлексот на **jǫ*, како и во најголем број западномакедонски говори, сп. **językъ* > *јăзик, јăзиче, јăчмен, јănsa, јăдар, јăчит̄, јăт̄ро* (како во: *јăже, јăт̄ор, јăг̄лен, јăдица*), во малесиските села: *јог̄ул'а, јозик, јоnsa*, *јот̄ка, јочит̄, јочменец* (Селци), бидејќи таму **ǫ* се рефлектирало во /*o*/: *рока, п̄от̄*, итн.

Во говорот на муслиманите во Г. Папрадник во оваа позиција изедначувањето се извршило во корист на **ję,* сп. *језик, јет̄ăрва, јечит̄, јечмен, јечменче, јенsa, јет̄ро,* но и *јег̄лен, јеже, јежица, јет̄ок*, во одделни случаи и кај другите муслимански жители во Жупа, сп. *г̄реди* покрај *г̄рăди, кеде, кеј* (Гор). Само во лексемата *зăек* (Бан), *зоек* (ГП) **ję* е заменето со /*e*/ на поширокото дебарско подрачје, вклучувајќи ги тука и галичкиот говор (сп. *зоек*), делумно и дрим-

колскиот (*зајек*). Одделни лексеми со /*e*/ место **jǫ* имавме можност да констатираме и на костурско-леринското говорно подрачје, сп. *'еглен, ед'ица, 'еток, еж'ица, еж'ичка* (Видоески, 1983 : 27). Овие примери во двата говора упатуваат на заклучок дека на некој дел од западните македонски говори носовката **ǫ* во секвенцата **jǫ* се изедначила со **ję* (!).

Нема полно единство во говорот на православците и муслиманите на дебарскиот терен ни во резултатите од рефлексацијата на вокалното **l̥* и на сек. *ъ*$_2$ пред финалното *р*.

Во говорот на муслиманите во посеверните села превладуваат примери со рефлексот /*ăл*/, сп. *вăлна, жăлчка, јабăлко, кăлк, кăлчка, мăлзница* (ГК), *вăлк, дăлго, жăлтица, кăлнит* (Могорче), додека во говорот на православците во Дебар и во Поле превладува рефлексот /*ол*/, сп. *болва, волна, волк, долго, жолто, жолчка, јаболко, молчит, молкум, молсит, полно, солsа, сполцаф* (Дебар). Во говорот на Г. Папрадник (муслимани) овие два рефлекса се јавуваат наспоредно, сп. *волна, долцина, молзница, жолток, солsа, полно, молна, јаболка,* но и *бăла* (**bl̥ха*), *бăл'вење, кăлк, се кăлнит, пăф* (**pl̥хъ*), *сăнце* (**sl̥nce*).

Познато е дека во периферните говори на македонско-албанското пограничје рефлексите на **l̥, *r̥* оделе заедно со рефлексот на **ǫ*. Ако ова правило важи за дебарскиот говор, тогаш како основен рефлекс за **l̥* треба да се смета /*ăл*/.

Секундарниот *ъ*$_2$ пред *-р* во говорот на православците се рефлектирал во /*о*/: *бистор, ветор, итор, добор, Дебор* (*Дебар*), во селата во долниот тек на Радика има /*а*/: *бистар, ведар, ветар, итар* (Гор), а во говорот на муслиманите /*е*/: *ветер, мадер, итер* (ГП).

Во консонантизмот некои разлики во говорот на муслиманите и православците се откриваат во резултатите од загубата на /*х*/ на крајот на слогот и на согласките /*с, ш*/ пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемските граници.

Во речта на православците /*х*/ во споменатата позиција се изменило во /*в - ф*/, сп. *болва* / *бăлва, евла, дувна, здивна, беф, бевме, бефте*, како и во случаите од типот *обрафче, појафче, лифче, круфче* (< *појахче* < *појасче*) (Бан), додека во говорот на муслиманите ваква замена на /*х*/ редовно има во наставките за минато определено време: *беф, бевме, бефте*, и во финална позиција: *граф, вăрф, ореф*, додека пред согласка во бројни примери *х* се загубило наполно, сп. *буне, здине, мелем, мулосан, чели, тула* (ГП). Групите /*с, ш* + *ц, ч*/ се чуваат непроменети, сп. *брест – бресче, класче, мосче, обрасче, појасче, крушче, пушка – пушче* (ГП).

Во говорот на муслиманите често се слуша прејотација на *е*, сп. *јемиш, јетим, јетимче, језик, јечмен, јечит, јетăрва,* но и: *еден, есен, еш, езеро* (ГП).

Неколку посебности говорот на муслиманите покажува и во областа на глаголот.

Глаголски прилог во него се образува со наставката *-ештин* (< *ештим*): *викаештин, носеештин, седеештин*.

Глаголите од *и*-група се интегрирале во *е*-група, сп. *брана – бранеш, бранет, бранеме, бранете, бранеет, носа – носеш, меса – месеш.*

Глаголите од типот 'вее, сее' преминале во *а*-група, веројатно да се избегне контракцијата на *-ее-*, сп. *веја, вејаш, вејат, вејаме, вејате, вејает, пеја – пејаш, се смеја – се смејаш, сеја – сејаш,* но: *ткаја – ткајеш, ткајет, пија – пијеш, чуја – чујеш, чујет* (ГП, Гор, Џеп).

Во говорот на православците глаголскиот прилог завршува на *-ешти* : *викаешти, носеешти*; глаголите од *е*-група се интегрирале во *и*-група, како што бидува најчесто и во други западни дијалекти, сп. *бера – бериш, берит, бериме, берите, бересет, зема – земиш, пера – периш, кол'а – колиш, веја – вејш* > *вејш, знајт* (< *знаит*), и др.

Имперфективни глаголи се образуваат со суфиксот *-оа* (< *-ова*), сп. *купоа – купоаш, бацоат, меноат,* и по тој модел се преобразувани и глаголите од типот *грешоат, простит – простоат, испечоат, видоат, зајдоат, турит – туроат*, спрема: *купуат, дотечуат, кажуат* (< *купуват*, …) во говорот на муслиманите.

Еве и неколку лексикализирани фонетски црти во говорот на муслиманите во Г. Папрадник: *стр'ăнга, ламба, јасика, мотика, зоек, одеја, пасинек, чокор, чакат, дăрман, пасăмце, колуба, ноут, четвортук, петук, воск, стипс, глуфец, земја, теблик, вијат, преје, довец, мнук,* покрај *нук, обгала, шкрапка, зејле, појл'ак, острем, пăрстем, такегере, омуројна, гăзар*. Еквивалентните форми во говорот на православците во Баниште гласат: *лăмба, јăсика, măтика, зăек, одаја, пасинок, чекор, чекат, дăрмен, пасомце, гојадо, колиба, наут, четвăрток, петок, восук, стипца, глушец, земња, желездо, тевлик, вигат, прегe, вдовец, внук, објала, шкрапја, зелје, пол'јак, остен, пăрстен, такугере, омаројна, гăзер*.

Во поодделни пунктови во говорот на двете конфесии можат да се сретнат разлики и во некои морфолошки облици сп. : *ове, оне* (*дете*), *естит* (3 л. едн. од *сум*) (ГП), *ести* (МП, Цеп), *овеа, онеа* (*дете*) во другите пунктови.

И во областа на лексиката разликите во речта на овие две етно-конфесионални групи се минимални. Тоа го потврдува лексичкиот материјал добиен преку единствена анкета со околу 3500 одбрани лексички позиции од околу триесетина семантички полиња. Анкетирани се повозрасни луѓе, главно мажи, во селата Баниште и Голем Папрадник. Од анализата на тој материјал го констатиравме следното.

Основниот лексички фонд е словенски и ист во говорот на претставниците на двете конфесии. Во речта на муслиманите можат да се сретнат дури и некои поархаични лексеми од тој фонд, сп. *ведро* 'кобел', *драга* 'длабнатина направена од снежен нанос', *пешта* 'пештера', *тајшта* 'мајката на сопругата', и др.

Во голема мера се идентични и по фонетскиот облик и по значењето во говорот на двете конфесионални групи и турските заемки. Нешто повеќе турцизми (заедно со арапско-персискиот слој) превладуваат во говорот на муслиманите во областа на религиозната и обичајната терминологија. Ќе приведам само неколку карактеристични лексеми од таа сфера на лексиката, кои се јавуваат како лексички дијалектизми во регионот, сп. (од роднинската терминологија) *ала* тетка, *бабо, бабај* татко, *бабалак* родителите на сопругата, *балдаска* свеска, *дајо, дајцо* вујко, *дајојца* вујна, *јетим* сирак, *каин* шура, *коцо* дедо, *старкоцо* предедо, *мицо* чичко, стрико, *нона, нана, нена* мајка, *нун, нунко* (алб. nun крстен кум), *теза* тетка, *цуца* (алб. cucë) девојка, *цица* стрина, *кабиле* род, роднина, сој; (од други области) *бакрач* котел, *маштрапа* чаша, *суџуци* колбаси, *тузлик* соларник, *серген, асар* рогожа, *сандак* ковчег, *оклагија* сукал'ка, *шервета* шамија; *џенезе* закоп, погреб, *џенем* пекол, *џенет* рај, *до(в)а* молитва; *астар* постава, *кундри* чевли, кондури, *сетре* палто, *пантули* панталони, *миндил'* шамивче, *учкур* гашник; *ауч* морков, *корук* зелено грозје, јагурина, *карпус* лубеница, *пиринч* ориз; *акшам* вечер, *шефак* мугри, *газеп* бура, многу

лошо време, *дере* дол, *бастра* есенска роса; *аскер* војник, *араба* кола, *шејтан араба* велосипед, и др.

Но кога зборуваме за разлики во речта на муслиманите и на православците на дебарското говорно подрачје, тоа не значи дека говорот на одделните конфесионални групи е апсолутно единствен. Постојат помали или поголеми разлики и во речта меѓу одделни села во рамките на истата конфесија. Така, на пример, во говорот на муслиманите во Скудриње место старите групи **jǫ* и **ję* има рефлекс /*jă*/, како и во говорот на православните, сп. *jăглен, jăзик*; место вокалното **ļ* редовно се јавува /*ăл*/: *жăлто, пăлно*; во бројни примери место /*ѓ*/ се среќава /*j*/, сп. *вија, паја, попаја, ограја, преје* (м. *вига, пага, попага, преге*). Во областа на конјугацијата за тој говор се карактеристични: отсуството на *-м* во 1 л. едн. во *су* (*си, е*), партикулата *ќа* (*ќа носит*), суфиксот *-оа-* (*купоат*); се чуваат неизменети *е-* и *и*-група: *носиш – носит, береш – берет*, глаголскиот прилог завршува на *-ешти* : *викаешти*. Во говорот на муслиманите во Г. Папрадник, видовме, групите **jǫ* и **ję* се изедначиле во корист на втората: *јеглен, језик*; за **ļ* превладува рефлексот /*ол*/; глаголот *сум* се јавува редовно во обликот со *-м*; глаголите од *е-* и *и*-група се интегрирале во еден модел; за образување на несвршени глаголи превладува суфиксот *-уа-* (*купуат*); глаголскиот прилог завршува на *-ештин* (в. погоре).

Ваквото шаренило во дијалектната реч на ова подрачје може да се објасни како резултат на мешањето на населението. На дебарскиот терен низ вековите се слевало население од поширокаата западна дебарска област, од Мат, Пискупија и други места подлабоко во Албанија, но претежно од дијалектните области со рефлексот /*ă*/ за **ǫ*. Секоја социјална група, зависно од бројноста на говорителите и компактноста во новите станишта, можела да задржи по некоја црта од старата дијалектна база, понегде дури и да ја афирмира неа пошироко во областа, а со мешањето со домицилното население и да презема од неговата реч. Имајќи ја предвид рефлексацијата на **ǫ* во сите фонетски и морфолошки позиции во денешниот поширок дебарски регион, не сме склони да веруваме дека замената на **jǫ* во **ję* > /*je*/ можела да се изврши на овој терен. Тој процес, секако, настанал на еден поширок регион во денешна централна и/или јужна Албанија. По време, со албанизацијата на регионот одделни миграциски групи ја сочувале оваа особеност од стариот дијалект и ја пренесле во новите станишта. Порано спомнав дека односната црта е констатирана како лексикализирана појава во повеќе пунктови во Костурско и во Леринско.

7. *Дримколско-голобрдскиот говор* го репрезентираат селата: 1. Лакавица, 2. Јабланица, 3. Пискупштина, 4. Безово, 5. Нерези, 6. Луково, 7. Модрич, 8. Дренок – во областа Дримкол, и: 9. Џепиште, 10. Отишани, 11. Стеблево, 12. Гиневци (Гинеец), 13. Клење, 14. Себишта (Себишча), 15. Окштун, 16. Лешничани, 17. Големо Острени, 18. Мало Острени, 19. Требиште (Требишќе), 20. Тучепи, 21. Радовиште (Радоешта), 22. Пасинки, 23. Владимирица, 24. Српетово, 25. Торбач, 26. Љуболези (Љуболеш), 27. Горица, 28. Врбница (Врмница) – во географската област Голо Брдо. Во селата под бр. 1–8 и 11 живее православно население, во селата под бр. 10, 13, 14, 22 населението на конфесионален план е мешано – Македонци православци и муслимани, а во дру-

гите села превладува македонско исламизирано население, понегде измешано со Албанци (со мајчин јазик албански).

Меѓу поважните дијалектни диференцијални особености на говорот на двете македонски конфесионални групи спаѓаат:

во областа на фонологијата: фонемата /å/, која историски е добиена како континуант на носовката *ǫ во коренските морфеми, сп. *внåтра, гåди, гåзер, гнåс, гåжба, јåже,* на секундарниот ъ$_2$: *мåгла, måска, снåа, снåга, мåмит, знå (м), måштеа, зåјак / зåек, јåготкa,* и во секвенците /åр/ и /ål/ како континуант на вокалните *ŗ и *ļ, сп. *бåршлен, вåрнит, гåрклен, дåрво, чåрф, – бål̀ва, вål̀к, вål̀на, жål̀тица, јабål̀ко, сål̀sa,* рефлексот /a/ на сек. ъ$_2$ пред финалните *-р* и *-л* во примери од типот *бистар, ветар, остар, рекал, испекал, дотекал,* во *оган* покрај *огон*, рефлексот /o/ пред *-м* во *осом, осомдесет, седом,* чувањето на вокалните групи /oa, oe, ea/, сп. *тоар, чоек, леа,* африкатизацијата на согласките /з, ж/ во /s, ц/ во групи со сонантите /л, р/, сп. *мål̀sит, сål̀sa, ål̀цица, пål̀цаф, дåрцит*, чувањето на финалните групи *-ст* и *-шт*, сп. *sист, гåрст, лист, брошт, горешт, дошт, пешт,* и на групите /сц, сч, шч/ на морфемска граница во примери како *гусче, класче, мосче, масца, месце, крушче*, како и образување на нови консонантски групи во финална позиција од типот *ниск - ниска, жешк, тешк* (: *жешка, тешка*), *горк, тифк, ретк* (: *горка, горко, тифко, ретко*). Старите групи /шj/ и /дj/ (< *tьj, *dьj) и овде, како во другите говори во Дебарско, се асимилирале во /ќ, ѓ/: *браќа, цвеќе, ливаѓе, ограѓе*.

Од морфолошките црти на дримколско-голобрдскиот ареал се ограничени: образувањето на општата форма кај именките од типот *Митре, Миле, Сале* (на *-е*) со наставката *-а* : *го виде Митра, Столе – Стол'а, Миле – Мил'а, Сале – Сал'а*, како *Марко – Марка*, – множинската наставка *-ења* кај именките од с.р. на *-е*, сп. *јаре – јарења, кучења, магарења*, покрај поретките форми на *-иња* : *јариња*. Кај личните именки на *-а* добро се чува дативната флексивна форма и се образува со наставката *-е* : *Фикрија – Фикрие, мицојца – мицојце*, а кај двосложните има наставка *-ее* : *Фата – му / је рече Фатее, Ајша – Ајшее*. Избројаната множина кај именките од м. р. е во фаза на загуба, сп. *два цебој, три ножој*. Множинските форми од именките *нога, рåка* се образуваат со наставката *-и*, како и кај другите именки од ж.р. на *-а* : *нози, рåци* (со комбинација на двоинската основа).

Во глаголската флексија како посебност на овој говор се издвојуваат: глаголските форми изведени со суфиксот *-в-* од типот *купвет, менвет, прашвет* (: *купит, менит*), наставката *-фне* во 1 л мн. на минатите определени форми (*бефне*), наставката *-ештем* во глаголскиот прилог, сп. *носештем*, покрај *носејќи*.

Меѓу поодделни села можат да се сретнат и неколку разлики, сп. *уште* и *иште*, *чакат* и *чекат*, *млогу* и *ногу*, *ченка* и *ченка, ни виде* и *нѐ виде, овја* и *ојаф*, *ќа* и *ќе*, и др.

Како посебност во говорот на исламизираните Македонци во некои села се констатирани форми со загубено *х* пред согласки, сп. *вето, дуна, мелем, молосан,* заменката *му* покрај *је* : *му рече Фатиме,* формите од типот *бемеф, викамеф* – со извршена метатеза, но *бефте, бее* (Цепиште), глаголската форма *ести* (*тој ести*), прилошки образувања од типот *мål̀чејнчук* 'молчејќи' (Цепиште).

Дримколско-голобрдскиот *ǫ > /ås/-говор се формирал на еден поширок ареал во областите Голо Брдо, Черменика и во изворишниот дел на реката Мат, а можеби и подлабоко по долината на Шкумба. Тоа го потврдуваат и бројни топоними од тие области, сп. Белева, Годи̇вја, Згожда, Костења, Моглица, Мокра, Орешја, Предани, Привал, Сопоти, Споленик, Скроски, Черменика, Черника, и др. И на овој терен, како и на другата западна македонска јазична периферија, дијалектната граница се повлекувала кон исток, и тој процес трае и денеска. Со примањето на исламската религија и филозофија на дел од претставниците на овој дијалект структурата на говорот не претрпела промени, со исклучок на оној дел од лексиката што е сврзана непосредно со религиските обреди и обичаи.

8. Исламизираните Македонци во струшките села Јабланица, Боро(в)ец, Октиси, Подгорци и Лабуништа живеат заедно со православното население.

Говорот на селата Боровец, Октиси, Подгорци и Лабуништа (со исклучок на Долно маало) наполно се поклопува со говорот на Струга и другите македонски струшки села и по фонолошкиот состав и по граматичката структура. Неколку лексички разновидности сврзани со религиозната терминологија и во областа на обичајната лексика на говорот на исламизираните жители не му даваат посебен белег од лингвистички аспект.

Како дијалектни особености на говорот на споменативе села заедно со целиот струшки говор се истакнуваат: фонемата /ă/ како рефлекс на носовката *ǫ, секундарниот ер (ъ$_2$) и вокалните *ŗ и *ļ, сп. *зăби, рăка, пăт; мăмит, мăшт̇а, знăт̇, снăга; вăлк, вăлна, кăлнит; гăрне, пăрсти;* рефлексите на сек. ъ$_2$ – /a/ пред /н, р/: *оган, ветар, итар, јадар*, /о/ пред /л/: *пекол, рекол*, /у/ пред /м/: *седум, осум*; – измените на вокалните секвенци /оа/ и /ое/ во /ва, ве/, сп. *коач > квач, тва (тоа), твар (тоар), негва (негоа), свал'ка (соал'ка), водвач (водоач), чоек > чвек, гведо (гоедо), јазвец (јазоец), ствеше (стоеше), дојдве (дојдое), рекве (рекое)*, или во /оо > о:/ и /ее > е:/, а каде што не ја допуштале горната промена фонетските околности, сп. *оснoа – осноо > осно:; Јо:н (Јоан), тро: (троа)*, – девокализацијата на предните вокали /е, и/ во [ı̯] во секвенците /еа, ео/ и /ие, иа, ио/, сп. *смеа > смı̯а, лı̯а (леа), гл'ı̯а (глеа < гледа), черı̯а (череа < черева), неол'а > ньı̯ол'а, черı̯о (черео < черево), Петрı̯о (Петрео), орı̯он (ореон)*; *измиен > измı̯ен, фатı̯е (фатие), Македониа > Македоньı̯а; раќиа > раќı̯а, шамı̯а (шамиа), спı̯а (спиа), варио > варı̯о, слабı̯от (слабиот), цăрньı̯от (цăрниот)*.

Од консонантските диференцијални црти карактеристични за ова говорно подрачје се изделуваат: фонемата /ньı̯/: *деньа, саньа, јадење, јариньа, тăрње*, широката дистрибуција на фонемата /s/, сп. *сист, свер, одсаде, осемните*, потоа место /з/ во секвенци со сонантите /н, л, р/: *олсица, носри, наспи, бронса*, и како корелат на /г̄/ пред множинската наставка *-и*, сп. *белегот – белеси, потрасu, многу – мносина*, – фонемата /ц/ како корелат на /г̄/ во примери од типот: *дăлго – дăлцина, брегот – бреце, бубрегот – бубрече, нога – ноце*, – палатализацијата на /к, г̄/ во /ќ, ǵ/ пред /и/: *раќиа / раќја, сеќира, лăга – лăги*, – промената на фрикативите /с, ш/ во /ф/ пред африкатите /ц, ч/ на морфемска граница, сп. *măска – măфче, клас – клафче, круша – круфче, мас – мафца*, – рефлексите /шт, жд/ за прасловенските *tj / *kt', *dj: вреште, гашти, носеешти, вежда, сажди, межда*, – пополнувањето на групите /ср, зр/ со дентален плозив: *стреќа, стреда, здрак,*

здрел, асимилацијата на */вн/* во */мн/* во *мнук, мнука*, африкатизацијата на согласките */з, ж/* во */s, ц/* пред сонантот */л/*: *мäлsиш, сäлsи, пäлцаф, олцица*.

Во именската флексија како дијалектни се нагласуваат: чувањето на флексивната дативна форма кај личните и роднинските именки, сп. *Му рече Рамадану, Саме – Самее* и *Самеш̄у, му рече бабеш̄у* покрај *на бабо*, но: *је рече на Фикрија, на Самија,* – множинските форми *носи, рäци,* – заменските форми: *ми(ј)е*, посесивните *овег̄оф, онег̄оф, овејзин, онејзин*, потоа *сејош̄ – сäш̄а – сäш̄о* (Октиси) покрај *сиош̄, сеш̄а, сеш̄о* во другите села и демонстративните *ове, оне* за с. р.

Во глаголската флексија како покарактеристични особености ги истакнуваме: отсуството на *-м* во 1 л. едн. сегашно време (*ора, носа, сеча, пија*), наставките во 3 л. мн. *-еш̄* за сегашно време (*ораеш̄, носееш̄* / *носе:ш̄*) и *-е* во минато определено време (*викае* / *викее, носее, изми(ј)е, рекое* / *рекве*), наставката *-иш̄е* во 2 л. мн. на заповедниот начин кај глаголите од *е-* и *и*-група (*седиш̄е, купиш̄е*), наставката *-еш̄и* за глаголски прилог (*викаеш̄и, носееш̄и*), глаголските образувања со суфиксите *-в-* и *-ј-* од типот *ш̄урвиш̄* (: *ш̄урич̄*), *г̄решвиш̄, менвиш̄, видвиш̄* (: *видиш̄*), *фаш̄виш̄* (: *фаш̄иш̄*) и/или: *оздравјаш̄, осш̄авјаш̄, поправјаш̄* (: *оздравиш̄, поправиш̄*), одн. *кровјаш̄, сновјаш̄* (: *кроi̯ш̄, сноi̯ш̄*). – Партикулата за идни времиња се јавува во формата *ќа*.

Сите приведениве црти се карактеристични за говорот на двете конфесионални групи во истите села, како и во говорот на околните села со православно население.

Говорот на муслиманите од говорот на нивните православни соселани се разликува, како и во другите области со мешано население на конфесионален план, со извесен број лексеми од конфесионалната терминологија кои веќе беа спомнати во претходното излагање.

Говорот на селата Боровец, Октиси, Подгорци и Лабуништа преставува дел од струшкиот говор, но задржал и особини од дебарскиот **ǫ* > */ă/*-говор, како што се: реализацијата на секвенците */шш̄/* и */жд/*, сп. *г̄ушш̄ер, ог̄нишш̄е, дождош̄*, фонемата */њ/*, дативната флексивна форма кај личните и роднинските имиња од м. и ж.р., и некои заменски форми (*ш̄еја, оне, ове, сäш̄а, сäш̄о, саво* и др.). Во потесното струшко подрачје старите групи */шш̄, жд/* се реализираат како */шч, жц/*, сп. *г̄ашчи, шчица, вежци, дожцош̄*, во некои села и како */шќ, жѓ/*: *свешќа, вежѓа* (Ложани); во градскиот струшки говор фонемата */њ/* се наоѓа во процес на депалатализација, сп. *којн, сирејне, бана, јарина*. Примери со флексивен датив во градот и околните села се веќе реткост; почести се дативните *на*-форми, сп. *Му дал п̄ари на Никола, Му рекол на Спасеш̄а, Је дал п̄ари на Ленка*. Во градскиот говор дури и директниот објект се изразува често аналитички, сп. *Го викна на Номчеш̄а*.

Говорот на селата Јабланица и во долната маала на Лабуништа ги има сите особини на дримколско-голобрдскиот. Жителите на овие две населби се преселници од голобрдските села со исламизирано население.

9. Говорот на исламизираните оази во Кичевско (Бачишта, Лисичани, Челопеци и др.), Пореч̄е (Пласница, Перглово) и во Прилепско (Дебреште, Лажани, Пешталево) во својата основа се поклопува и на синхрониски и на дијахрониски план со говорот на локалното православно население, како што е случајот и во дебарското говорно подрачје.

На синхрониски план сите говори од централната група (кичевскиот, поречкиот, прилепскиот, битолскиот со демирхисарскиот, велешкиот и скопските блатски и каршијачки говори) ги поврзуваат: петочлениот вокален систем /*и, е, у, о, а*/, слогообразната функција на *р̥* во позиција меѓу две согласки и во иницијална позиција пред согласка (*р̥ѓа, ср̥це*), широка дистрибуција на фонемите /*ќ, ѓ*/, отсуството на сонантот /*л'*/; на дијахрониски план: рефлексите /*а*/ за носовката **ǫ* во сите позиции (*пат, рака – раката*), /*ол*/ место **ł (жолт, полно*). Сите овие црти карактеристични се и за говорот на исламизираните жители во споменатите населби. Потесна целина нивниот говор сочинува со кичевско-поречкото говорно подрачје. Во сите локални говори во таа област, вклучувајќи ги и говорите на муслиманите, вокалните групи /*оа*/, /*еа*/ се чуваат неизменети, со исклучок на западните кичевски села, сп. *коач, тоар, неа, беа*; фонемите /*њ*/ и /*ф*/ се чуваат, сп. *коњ, бања, јадење, пилиња, фурна, фаќат*, како и согласничките групи /*шт*/ и /*жд*/: *штица, огниште, дождот*.

Како диференцијални црти во областа на граматиката во кичевско-поречкиот дијалект по однос на другите централни говори се јавуваат: членската морфема *-от* (со запазено *т*): *лебот,* чувањето на синтетичкиот датив кај личните и роднинските имиња од м. и ж.р., сп. (*му рече*) *Стојану, Илију, дедое, Стојанки*, фонетскиот лик на заменката *ја* (во 1 л. едн.), наставките *-т* во 3 л. едн. сегашно време, сп. *имат, носит*, *-фне* (поретко *-фме*) во 1 л. мн. аорист-имперфект: *бефне, рекофне*. Сите овие црти се јавуваат и во речта на споменатите муслимански оази.

Отстапувањата на говорот на исламизираните жители од говорот на православците се сведуваат на следниве црти.

Фонемата /*х*/ по правило и во говорот на муслиманите пред согласка и на крајот на зборoформите преминала во /*ф*/: *граф, греф, моф, суф, врф, бефне, бефте, графче, кожуфче*; во интервокална позиција во најголем број случаи *х* се загубило: *маат, раат, саат, саан, греот, граот*. Во иницијална позиција пред самогласка и пред *р* процесот на загубата уште не е наполно завршен. Во говорот на постарите генерации може уште да се чуе едно слабо издишно *х* без фонемска вредност, сп. *ˣаван, ˣајван, ˣан, ˣалва, ˣајде, ˣем, ˣојт, ˣрт, ˣр̥ш, ˣр̥ѓа, ˣркат, ˣр̥кулец* Дебреште, *ˣарно, ˣалва, ˣунер,* во ограничен број примери и пред согласки и меѓу самогласки, сп. *јаˣат, саˣан, пр̥ˣут, еˣла, ниˣно, маˣрама* Пласница. Оваа особеност, видовме, ја познаваат и други муслимански оази во Западна Македонија.

Групата *-ни-* во повеќесложните зборoформи се метатезирала, сп. *маштеница* > *маштеинца* > *маштејнца, р̥жајнца, топејнца* (: *топеница* во говорот на православците). Звучните африкати /*s, џ*/ и во дебрешкиот и во пласничкиот говор имаат поголема фреквенција; /*s*/ се јавува готово редовно како алтернант на /*ѓ*/ пред множинската наставка *-и* во примери од типот *белеѓот – белези, полози, кофчези, друзи,* а /*ѓ*/ алтернира со /*џ*/ пред деминутивниот суфикс *-е,* сп. *бреѓот – бреџе, ноѓа – ноџе, снеџе*. Освен тоа /*s*/ и /*џ*/ во овој говор се добиле и со африкатизација на /*з, ж*/ во групи со сонантите /*л*, н, р/, сп. *солза, полџаф, бронза, ќе наспрт*. Во областа на флексијата во говорот на муслиманите има тенденција да се загуби избројаната множина, сп. *два лебој, три коњи*. Во пласничкиот говор именките на *-е* од типот *Мале*, *Симе* дативна форма образуваат со наставката *-е* : *Малее му рече, Муче – Мучее* (: *Мучету* во поречкиот), а во

дебрешкиот превладува аналитичкиот датив: *му рече на Мурата*, *му продаде тутун на Мучета*. И во двата говора во 3 л. едн. и мн. од глаголот 'сум' се чува наставката *-т*: *јет*, *сет*. Во 3 л. мн. сегашно време се генерализирала наставката *-ат* и кај глаголите од *е-* и *и*-група, сп. *викаат, носаат, бераат*. Од стариот глагол **byti* се чуваат и аористната и имперфектната форма, сп. *биф, би, би, бифне, бифте, бија* (аорист) и: *беф*, *беше, беше, бефне, бефте, бе(ј)а* (имперфект). Глаголскиот прилог се образува со наставката *-(ј)ќум*: *викајќум, одејќум* Дебреште, *викаќум*, *седеќум* Пласница. Неколку посебности во говорот на прилепските и поречко-кичевските муслимани можат да се откријат и во сферата на глаголските конјугациски модели. Глаголите од *и*-раздел, на пример, во аористот и партиципските облици се интегрирале во *е*-раздел, сп. *се вратеф, се врате, се вратефнѐ, се вратефте, се вратеа, овршеф, сфареф*, во дебрешкиот говор по нив се повлекле и некои глаголи од *о/е*-раздел: *донесеф, истресеф,* но само *рекоф - рече*. Од новата основа се образува кај овој тип глаголи и *л*-партиципот, сп. *се врател, го овршел граот, го сфарел граот, го запалел огнот*. По морфолошки пат дошло до изедначување на основите кај глаголите што им завршува општиот дел на *-н-* од типот *пока-н-иш* и *пад-н-еш*. Интеграцијата е извршена во корист на вториот тип во аористот и во двата партиципа, сп. *го женаф детето, го наранаф коњот, го поканаф на гости, го исполна планот*, и во партиципите: *се оженал, наранал,* одн. *оженат, наранат, променат,* како во *паднаф*, *паднал, паднат*.

Некои промени се извршиле и во презентските основи. Во дебрешкиот говор глаголската *е*-група се дезинтегрирала: глаголите што им завршува општиот дел на согласка преминале во *и*-група, додека глаголите со вокал во тематскиот дел се интегрирале во *а*-група, сп. *бериш, берит, бериме, берите, бераат,* така и глаголите од типот *сееш* > *сеиш* > *сејш, сејт, пејт, жнејт*, како во *бројш, бројт* (< *броиш*), но: *мијаш, мијат*, *мијаме, мијате, мијаат, спијаат*. Во 1 л. едн. сегашно време во дебрешкиот се генерализирала наставката *-м*: *орам, носам, сејам, пијам*. И уште една посебност во дебрешкиот говор сврзана со имперфектот. Во 2 и 3 л. едн. кај глаголите од *и*-групата тематскиот дел завршува на *-и-*, како и во презентот, сп. (*тој*) *нос-и-ше, бер-и-ше, јад-и-ше* (: *јад-и-ш),* и целата парадигма гласи: *јадеф, јадише, јадише, јадефне, јадефте, јаде(ј)а*.

Во пласничкиот говор се дезинтегрирала *и*-група во корист на *е*-група, сп. *носа, носеш, носет, носеме, носете, носаат,* како во *береш, берет*. Во 1 л. едн. наставката *-м* во овој говор отсуствува, како и во говорот на поречките и кичевските православци.

Овде не ги зедовме под внимание некои лексикализирани фонетски особености. Што се однесува до лексичките особености во говорот на прилепските и кичевско-поречките муслимани, важи онаа констатација што ја искажавме за говорот на исламизираното население во другите региони во Западна Македонија.

Приведениве особености со кои се диференцира говорот на муслиманите во споменатите населби од говорот на православните соседи и/или соселани можеме да ги поделиме во три групи според нивната провениенција. Една група од тие црти е карактеристична за прилепското говорно подрачје; тука спаѓаат: наставката *-м* во 1 л. едн. сегашно време (*седам*, *викам*), генерализирањето на наставката *-ат* во 3 л. мн. (*носаа*(*т*), *бераа*(*т*)), облиците *јет* и *сет*, дезин-

теграцијата на *е*-група кај глаголите (*бериш, сѫијаш),* наставката *-јќум* во глаголскиот прилог (*одејќум*), аналитичкото искажување на дативниот објект. Овие црти, видовме, се лоцирани, главно, во говорот на дебрешката група муслимани и веројатно се јавиле уште во времето пред исламизацијата на македонскиот етнос во тие села. Иновационите појави што настанале во прилепскиот говор по ова време, како што се: дифтонгизацијата на групите */еа/* и */оа/*, депалатализацијата на */њ/*, сп. *бајна, јадејне, ѯилина*, загубата на *ф* во селските говори, согласничките групи */шч, жџ/*, загубата на *-т̄* во членската морфема *-о(т̄)*, сп. *лебо*, и во 3 л. едн. и мн. сегашно време (*вика – викаа, носи – носаа*) – во говорот на муслиманите од дебрешката група не нашле место. Но од друга страна, во тој временски интервал во дебрешкиот говор се јавиле неколку нови црти, меѓу кои како покарактеристични ги одбележивме формите од типот *носише, јадише* (2–3 л. едн. имперфект), *вра̄теф, овк̄ше̄ф – овк̄ше,* кои се задржале во рамките на тој говор. Во посебна група ги набројуваме: африкатизацијата на согласките */з, ж/* во */ѕ, џ/* во покажаните фонетски услови, метатезата на групата */ни/* во */ин > јн/*, тенденцијата на губење на избројаната множина, дативната наставка *-е* кај личните имиња на *-е* од типот *Муче – Мучее,* промените што настанале во основите кај некои глаголски групи (сп. *носеш, оженаф, оженал, оженат̄*). Овие црти карактеристични се за дебарската дијалектна област, а некои од нив познати се и во други западни периферни говори. Тие можеле да продрат во говорот на кичевско-поречките и прилепските муслимани по пат на мешање на жителите од двете дијалектни зони. Во географско-етнографските проучувања на односниве области утврдено е дека во последниве три столетија миграцијата на населението од граничните региони со Албанија непрекинато тече. Исламизираниот дел од македонското население се задржувал во стаништата на својот етнос до колку преселувањето на населението не било поорганизирано во нови населби, како што е случајот со денешните муслимански населби во Полог, Скопско и Велешко.

Да заклучиме:

1) На географски план населбите со исламизирано население со мајчин јазик македонски распоредени се на денешното пограничје меѓу Р. Македонија и Р. Албанија готово континуирано по долината на реката Дрим од нејзиниот изворишен дел (Охридското Езеро) па до составот со Бели Дрим и до пл. Коритник. Најголема концентрација на муслимански населби има на комуникациите Дебар – Полог по долината на р. Радика (Река, Жупа, Поле), Дебар – Струга – Охрид (Поле, Дримкол и Голо Брдо), и на север на главната комуникација што води од Албанија по долината на Бели Дрим за Призрен и споредниот крак од таа комуникација по долината на р. Љума преку Гора за Полог. Муслиманските оази во централна Македонија исто така се распоредени на комуникацијата Дебар – Кичево – Брод (Челопеци, Лисичани, Пласница) – Прилеп (Дебреште, Лажани, Пешталево).

Географскиот фактор може да послужи пред сѐ за одредување на правците на движењето на предците на денешните муслимански оази во Полог (Гора – Урвич и Јеловјане), Скопско (Река – Скопска Торбешија), Кичевско и При-

лепско (Дебар – кичевските и прилепските муслимански села), а до извесна мера и за причините и поводите за нивното раздвижување.

2) Претходната анализа на дијалектниот материјал покажа дека говорот на македонското исламизирано население во наброените села и на историски план и по современата состојба на севкупниот граматички состав е идентичен со говорот на христијанското македонско население во истите населби и/или во соседните села. Мали разлики можат да се откријат единствено во фреквенцијата на употребата на еден број лексеми од турско потекло од областа на обичајната и религиозната номенклатура, која не го нарушува ни фонолошкиот состав, ниту граматичката структура на односниот дијалект.

1991

Говорите на исламизираните Македонци во Западна Македонија



6. МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО АЛБАНИЈА

0. На територијата на Албанија денеска се наоѓаат педесетина населби со македонскиот мајчин јазик, кои се раштркани по целиот граничен појас од Кораб на север па до Грамос на југ.

Целта на нашево излагање е да се фиксираат македонските говори во границите на Албанија, да се претстават тие со најглавните дијалектни диференцијални црти, како и да се одреди нивниот однос и поврзаност со главните дијалектни бази во Западна Македонија.

1. *Голобрдскиот говор.* – Најголема група со македонско население претставува *голобрдската*. Неа ја сочинуваат дваесетина села во областа Голо Брдо, која се наоѓа на западната страна од планината Јабланица на правецот Охридско Езеро – Дебар. Тука спаѓаат селата: Стеблево, Гиневци (Гинеец), Клење, Себишта (Себишча), Окштун, Лешничани, Големо и Мало Острени, Требиште (Требишќе), Тучепи, Радовиште (Радоешта), Пасинки, Владимирица (Ладимирица, Ладомирица), Српетово (Серпетово), Торбач (Трбач), Љуболези (Љуболеш), Горица, Врбница (Врмница).

Во повеќето од спомнативе села живее мешано население – со македонски и со албански мајчин јазик. Албанското население доминира во северните голобрдски села (Себишта, Пасинки, Врмница, Големо и Мало Острени). Селата: Лешничани, Требиште, Српетово, Торбач, Љуболези, Владимирица и Тучепи се населени со Македонци муслимани (Торбеши), а во Себишта, Требиште, Г. и М. Острени живее мешано население – православни и Торбеши.

Системски говорни разлики меѓу Торбешите и православните нема, ако не се земат предвид оние лексички диференцијални црти што се сврзани со религијата, домашното уредување и обичаите во поширока смисла на зборот.

Говорот на споменатите села во литературата е познат под името *дримколско-голобрдски говор*.

Голобрдскиот македонски говор спаѓа во групата на дебарските говори. Со нив го поврзуваат следниве особености: метатезата на гласовната секвенца *-ни-* во *-ин-* во повеќесложните зборoформи, сп. *водејнца* (< *водеинца* < *воденица*), фонемата */л'/* како континуант на старото **l'*: *л'уто, кл'уч, недел'а,* групата *чере-* место старото **črě* : *черешина, черен, черево,* во морфологијата: пазењето на дативната синтетичка форма кај личните и роднинските имиња од машки и женски род: *Му рече Маркое, Петрее, Николу, дедое; Је рече Цвете, тетке*, личната заменка за 1 л. мн. *мие*, демонстративните заменки за среден род *тоа, овоа, онеа*, дативните облици *овому, оному, тому* (за м.р.) *овојзе, онојзе* (ж.р.) и облиците за директниот објект *ового, оного, того*.

Повеќе заеднички црти меѓу голобрдскиот и другите дебарски говори наоѓаме и во областа на глаголската флексија, меѓу кои особено се забележливи: партикулата *ќа* за образување на футурските облици: *ќа носиш, ќа носеше,*

ќа носел, пазењето на наставката *-т* во 3 л. едн. на презентот: *викат, носит*, *-ет* во 3 л. мн.: *ѓрешет, купвет, средет, речет,* наставката *-е* во 3 л. мн. на минатите определени времиња: *дојдое, имае, носее,* потоа наставката *-ите* за 2 л. мн. на императивот кај глаголите од *и*-група: *носите, сечите*, и партиципската наставка *-ешти* (*-ешчи*): *викаешти*, *носеешти*, одн. *викаешчи, носеешчи* во јужниот дел на областа.

Поголема целост голобрдскиот образува со говорот на областа Дримкол, со којашто непосредно граничи на источната страна.

Голобрдскиот и дримколскиот говор ги обединува покрај погоре приведените црти уште и фонолошкиот систем како на синхрониски, така и на дијахрониски план. Вокалниот систем и овде се состои од шест фонеми */и, е, у, о, а, ȧ/*, а консонантизмот го сочинуваат 25, од кои се седум сонанти */м, н, њ, л, л', р, ј/* и 18 опструенти */б, п, в, ф, д, т, s, ц, з, с, ѓ, ќ, ц, ч, ж, ш, ѓ, к/*. Како дијалектна разновидност и за двата говора по однос на околните дијалекти се јавува фонемата */ȧ/*, која во системот образува корелација со */а/* по признакот лабијалност. Историски таа е добиена како регуларен континуант на носовката **ǫ* во коренските морфеми, сп. *внȧтре, ѓрȧди, ѓнȧс, дȧбја, зȧби, јȧѓлен,* и на вокалните **ļ, *ŗ* во секвенците */ȧл/*, */ȧр/*: *бȧлва, вȧлк, вȧлна, жȧлт, јабȧлко, кȧлк, мȧлзит, – бȧршлен, вȧрт, ѓȧрне, зȧрно, кȧрф, пȧрсти, тȧрн, чȧрф.* Дијалектна особеност на голобрдско-дримколскиот говор е и замената на */а/* во */ȧ/* во соседство со назал: *знȧм, мȧмит, мȧштеа, кȧнтар, ȧнѓел*, и во неколку други лексеми во друѓо консонантско окружение, сп. *зȧш, зȧјак – зȧек, јȧѓотка, јȧѓурина, рȧжен*. Во областа на морфологијата како диференцијални особености на голобрдско-дримколскиот се јавуваат: изедначувањето на наставките за директниот и дативниот објект кај личните имиња од м.р. на *-е* и на *-о* : *Петрее – Маркое, Петра – Марка*, изедначувањето на заменските форми за директен и индиректен објект во 1 и 2 л. мн.: *нами ни* (*рече*), *вами ви* (*рече*) – *нами ни* (*виде*), *вами ви* (*виде*), а во глаголската флексија: глаголските образувања од типот *купвет, менвет, седвет, прикажвет, се радвет*, кои се од *е*-група (спрема: *купвит, менвит* – во соседниот струшки говор, одн. *купоат, меноат* во дебарскиот). Овој тип глаголи посебност покажуваат на овој терен и во образувањето на императивот, сп. *купвеј – купвејте.*

Цртите со коишто се разликува голобрдскиот од дримколскиот говор се минимални, и се ограничени главно на поодделни лексеми. Од дијалектен аспект интерес претставуваат фонетските разновидности: *оѓон*, *ветор, итор, пресекол, рекол,* со */о/* место секундарниот *ъ*$_2$ пред сонантите */н, р, л/* – во голобрдскиот, спрема: *оѓан, ветар, остар*, *рекал* во дримколскиот (со *а*), *осум, седум* во голобрдскиот спрема *осом, седом* во дримколскиот. Во голобрдскиот во споредба со дримколскиот наоѓаме поголем број примери со */шт, жд – ш, жц/* место **tj, *dj*: *ношти, пешт, плаштат, вештат, вежди, паждат, наождат, рождат*. Во северните голобрдски села покрај */шт, жд/* се среќава и изговорот */ш, жц/*: *фашчат, стијешчем, вижцат.* Поброjни се во голобрдскиот и примерите со запазено */ч/* во старата група **čŗ-* : *чȧрви, чȧрпит*. Поредовно во него се пазат и финалните групи *-ст, -шт,* сп. *сист, кȧрст, пȧрст, лист, брошт, ѓорешт, дошт, пешт*. Од морфолошките диференцијални црти меѓу голобрдскиот и дримколскиот како покарактеристични се истакнуваат: множинската наставка *-е* кај именките од ж.р. на *-а* : *жене – женете, ниве,* наставката *-ења*,

која се јавува во конкуренција со *-иња* во говорот на Торбешите, сп. *јарења, кучења, маѓарења*, покрај *јарињa, кучињa*, поретко и *јарина, маѓарина,* потоа кратката дативна форма за ж.р. *му* покрај обликот *је* : *му рече на женатa* (Себишта), и кај глаголите партиципските форми со наставката *-ештем* (*-ешчем*), која се употребува во конкуренција со *-ешти* (*-ешчи*) и *-ејнчук*, сп. *спијешчем, носеешчем* (Стеблево), *носешти, работаштu* (Клење), *мaлчејнчук* (Гинеец). Во голобрдскиот значително почесто се употребува и обликот *ести* во 3 л. едн. од 'сум', особено во речта на торбешкото население.

2. До последната деценија на минатиот век македонско население со македонски мајчин јазик имало и во селата: Блато, Клобучиште, Алајбеговци (Алајбегија, Алај Беги), Крчиште, Почести (Почешти), Макеларе, Граждани, Попинаре, (Попијавра), 'Рбеле (Орбеле, Хербели), Обоки, Песјак, Деољане (Деволјани), Еребар, Бреждани, кои се распоредени меѓу планината Дешат и Дрим на правецот Дебар – Пискупија. За говорот на овие села дознаваме, главно, од студијата на Ватрослав Облак „Macedonische Studien" (Oblak, 1896 : 5; Селищев, 1931б : 11) во која е претставен во најопшти црти и говорот на селото Обоки.

Обочкиот говор, како репрезентант на споменатава група села, ги има готово сите одлики на дебарскиот полски говор.

Во неговиот вокален систем како дијалектна посебност се јавува вокалот /ă/, кој претставува континуант на носовката **ǫ* во почетните слогови, сп. *грăди, гнăсно, гăба, пăт,* на секундарниот *ъ*$_2$ исто така во почетни слогови, сп. *мăгла, мăска*, и на вокалното **ŗ* во секвенцата /ăр/: *бăргу, пăрсти, сăрце*. Во одделни примери може да се сретне и во секвенцата /ăл/ место вокалното **ļ*, сп. *гăлташ, кăлниш*. Инаку за вок. **ļ* во повеќето случаи има континуант /ол/ како и во дебарскиот, сп. *болва, волк, јаболка, полно, солза, сонце* (< *солнце*).

И консонантскиот систем во обочкиот говор е скоро идентичен со системот во дебарскиот градски и полски говор. И овде во повеќе лексеми како континуанти за прасловенските групи **tj *dj* се јавуваат секвенците /шт/ и /жд/: *лешта, фаштат, плешти, моштеа, помош – междa, сажди*, но и: *куќа, ноќ, свеќа, вреќа, домаќин, ќерка – туѓо, аѓра, меѓу*. Фонемите /ќ/ и /ѓ/ редовно се јавуваат место поновите групи /тј/ и /дј/, сп. *браќа, цвеќе, треќи – л'уѓе,* покрај *л'уди.* Старото /s/ се задржало во повеќе случаи, сп. *носи, полоси, белеси.* Африкатот /џ/ е значително пофреквентен отколку во другите околни говори, бидејќи на овој терен тој се добил од /ж/ пред вокалот *е* во деминутивните образувања од типот *бреџе, ноџе, стоџе, полоџе,* и др.

Во номиналната флексија како дијалектни карактеристики за ова говорно подрачје се јавуваат: флексивната дативна форма кај личните и роднинските имиња од машки и женски род, сп. *Стојану, Николу, Марко(је)е, Митрее, – Цвете,* заменските облици: *мије* и демонстративните за с.р. *теа, овеа, онеа*, а во областа на глаголот: наставките *-т* за 3 л. едн. и *-ет* за 3 л. мн. на презентот, сп. *тој јадет, имат, тије јадет, имает,* потоа наставката *-е* во 3 л. мн. на минатите определени времиња, сп. *тије отидое, дојдое, зедое, умрее, – земае, знаее*, и партикулата *ќа*.

3. На западниот и југозападниот брег на Охридското Езеро има три населби каде што живее македонско население – во селото *Лин*, на северозападниот дел

покрај македонско-албанската граница, *Тушемишта* и *Пискупија*, кои се наоѓаат нешто поисточно од Поградец, на јужната страна на езерото. Нешто население со македонски мајчин јазик има и во градот Поградец.

Говорот на с. Лин. – Говорот на македонското население во Лин е многу сличен, поточно идентичен, со говорот на соседните Радожда и Мали Влај (Струшко). Лин, Радожда, Мали Влај и Вевчани образуваат посебна говорна индивидуалност во охридско-струшката група говори. Од другите македонски дијалекти во Охридската котлина тие се разликуваат со повеќе фонетски особености, меѓу кои како покарактеристични се јавуваат фонемите /ä/ и /å/. Со нив односниов говор има седумчлен вокален систем:

и		*у*
е		*о*
ä	*а*	*å*

и тој е единствен говор со таква вокална структура на македонскиот јазичен ареал (Видоески, 1981 : 667).

На историски план вокалите /ä/ и /å/ се континуанти на носовката *ǫ во коренските морфеми, сп. /ä/ *гр̄ади, гнäс, гäжва, дäп̄, зäби, рäка, сäбота* – секогаш зад нелабијален консонант, /å/ *мåжи, мådро, п̄åт̄, п̄ådар* – претежно зад лабијален консонант, поретко во друга позиција: *лåка, т̄рåба*; место т.н. секундарен ъ$_2$ исто така само во почетна позиција: *бådник, мåгла, мåска*; во секвенците /är, ål/ и /åр, ål/ како континуанти на вокалните *ŗ, *ļ: /är, ål/ *äрш, гäрло, дäрво, зäрно, сäрце, т̄äрње, – кälк, кälнит̄, сänце* (зад нелабијални консонанти и во иницијална позиција), /åр, ål/ *бårгу, мårт̄оф, п̄årсти, фårл'ат̄, – вålк, мålsит̄, п̄ålно* (зад лабијални согласки), но и: *жålт̄, т̄ålчит̄*.

Во говорот на Лин, и воопшто во вевчанско–радошкиот, со поголема доследност по однос на другите струшки говори се врши стегање на вокалните групи /оа/ во /ва/, /ое/ во /ве/: *волвар, квач, наквално, сва, т̄ва*, *гот̄ва* (< *волоар, коач, соа, т̄оа, гот̄оа*), – *гведар, чвек, квеф* // *гвädар, квäф, чвäк, јазвец, рекве* (*гоедар, чоек, коеф, јазоец, рекое*), како и на групите /иа, ио, ие, еа, ео/ кои дале дифтонзи [i̯a, i̯o, i̯e], сп. *копр̄i̯а* (*копр̄иа*), *бели̯от̄* (*белиот̄*), *измi̯ен* (*измиен*) *мåшт̄i̯а* (*мåшт̄еа*).

И по ред други особености линскиот говор оди заедно со вевчанско-радошкиот (Hendriks, 1976).

4. *Говорот на селата* ***Тушемишта*** (алб. Tushemishti) и ***Пискупија*** (алб. Peshkëpia). – Говорот на овие две села претставува целина со говорот на селото Љубаништа, кое се наоѓа непосредно до границата на македонска страна. По основните дијалектни особености овој говор стои најблиску со говорот на охридските крајбрежни села Трпејца и Пештани. Сите нив ги поврзува фонемата /ă/, која е добиена како континуант на носовката *ǫ во коренските слогови: *гр̄ăди, гăжва, гăсаi̯ница, јăже, јăгарец, п̄ăт̄, рăка, прăчка, стрăга, т̄рăт̄, т̄рăба,* и со запазен назализам во *дрăнк,* на вокалното *ŗ во секвената /ăр/: *бăргу, вăрба, кăрстот̄, сăрце*. Во повеќе случаи /ă/ среќаваме и место /а/ кога се наоѓа тоа во група со назалните сонанти /м, н/ и со /j/: *снăга, нăна* (алб. *nëpë*), *мăшчеа, снăа,*

мăмиш, јăсика, јăгурина, јăгушка, во одделни лексеми и во други случаи, *зăден, зăш,* покрај *зашто*, место вокалното **ļ* во: *сăнце, пăф, бăл'виш, кăлниш,* и редовно место вокалот *ı* во турските заемки: *зăмба, азгăн.*

Вокалното **ļ* во повеќето случаи е заменето со */ол/*: *болва, голташ, јаболко, колк, солsа, толчиш,* а место секундарниот *ъ*$_2$ наоѓаме */а/* пред */р, н/*: *ветар, штар, оган.*

Остатоци од старата замена на **ę* во **ǫ* наоѓаме редовно зад */ј/*: *јăгул'а, јăчиш, јăзик, јăчмен,* и зад */ч/* во лексемата *чăдо*, мн. *чăда.*

Од вокалните секвенци, ако ги исклучиме групите со */и/* како втор член, кои и овде образуваат дифтонзи, сп. *лебој, снај, леј,* на промена подлежи */оа/*, којашто редовно се асимилира во */оо/* > [*о:*]; сп. *што:* (*штоа*), *осно:* (*основа* < *основа*). – Групата */ое/* само во одделни лексеми се изменила во [*ој*]: *гојдар* покрај *гојадар*, и во */ве/* во *чвек*, но *вдоец*. Многу се чести во овој говор контракции на два исти вокали, сп. *пе:ш, пе:ше, пе:л* (*пееш, пееше, пеел*), *се:ф* (*сееф*), *пре:коф* (< *преекоф* < *пресекоф*).

Во системот на сонантите треба да се одбележи алвеоларната реализација на старото палатално **l'*: *кл'уч, л'уќе, недел'а*, и затврднувањето на старото палатално **n'*: *којн, бајна, дуна, дујна, сајна*, што подразбира дека во системот отсуствува фонемата *њ*.

Системот на шумните консонанти е релативно стабилизиран. Сите опструенти се опфатени во корелацијата по признакот звучност, вклучувајќи ги и африкатите */ц–s/*, */ч–џ/*, а кај веларите таква опозиција образуваат само */к–г/*, додека *х* се загубило, одн. пред консонант и на крајот на зборoформите преминало во */ф–в/*. Фонемите */ќ, ѓ/* се значително поретки во споредба со другите охридски говори, бидејќи **tj, *dj* најчесто се заменети со */шч/* и */жд/*, одн. */жџ/*, сп. *врешчи, гашчи, плешчи, пришчи, мăшча, лешча, палешч, сфешча, прашча, фашчаш – вежда, прежда, сажди – вежџа, сажџи, чужџо, гражџанец,* поретко и */жѓ/*: *чужѓо*. Меѓутоа, групите *тј, дј* (< **tьj, *dьj*) во односниов говор редовно се заменуваат со */ќ, ѓ/*: *браќа* / *брајќа, ливаѓе, л'ујѓе* / *л'уѓе.*

Во врска со дистрибуцијата на опструентите како дијалектни посебности на тушемишко-љубанишкиот говор се јавуваат: преминувањето на */к, г/* пред предните вокали во */ќ, ѓ/*: *шќембе, сеќира, ќиска, уќиш,* замената на групата */шт/* во */шч/* во почетокот и во средината на зборoформите: *шчица, огнишче*, но *вешт* (на крајот), пополнувањето на групите *-ср-, -зр-* со преграден дентал: *стребро, здрел,* африкатизацијата на спирантите */з, ж/* во */s, џ/* зад */л/*: *солsи, молsиме, долџина, полџаф*. Фонемата */џ/* место */ж/* редовно алтернира со */г/* пред деминутивниот суфикс *-е* кај именките: *бреготе – бреџе, ногта – ноџе, стогот – стоџе, полоџе, шилеџе.* – Во групата на овој вид дијалектни особености треба да се одбележи во овој говор и упростувањето на групата *-дн-* со испаѓање на */д/*: *пана, енуш* (*падна, еднуш*) и чувањето на секвенците *-шт* и *-ст* на крајот: *бăрст, брест, кăрст, пăрст, sист, лост, чист, мрест, – гл'уштe, дошт, вешт, чушт* / *чушч*. Воопшто во разгледуваниов говор консонантските групи на крајот не се реткост, сп. и: *нофт, лакт, ниск* (: *ниска, ниско, ниски*), *горк* (: *горка*), *полк* (*полог*).

И морфолошките особености на тушемишкиот говор во најголем број случаи се совпаѓаат со говорот на приезерските охридски села. Во членската морфема за м.р. крајното *-т* редовно се пази: *лебот, ножот, нашиот*. Кај

именките од ж.р. наставката *-и* се проширила и на именките 'нога, рака', мн. *нози, рйци*. Кај личните и роднинските имиња од м. и ж. род синтетичките дативни форми се многу ретки. Обично датвниот однос се изразува со предлогот *на* : *На Марка му рече*. Пообични се дативните форми со *на* и кај личните заменки за 3 лице: *на негѡ му рече, на неа му викна,* мн. *на неми му рече.* Личната заменка за 1 л. се јавува во две разновидности: *јас* и *јаска*. Кратката акузативна форма за ж. р. гласи *је* : *неа је виде.* Полната зависна множинска форма од 'тие ' гласи *неми* : *неми и виде, на неми му даде*. Кратката форма *му*, како што кажуваат претходниве примери, се генерализирала како општа форма за дативен однос: *на негѡ му* (*рече*), *на неа му* (*рече*), *на неми му* (*рече*). Општата заменска форма се јавува во фонетската разновидност *сйт, сйта, сйто*.

Глаголскиот систем во тушемишкиот говор исто така во голема мера се совпаѓа со глаголската флексија во охридскиот пештанско-трпезички говор. Во 1 л. едн. на презентот се генерализирала наставката *-м* кај сите глаголи: *некам, носам, сечам, викам*; во 3 л. едн. се пази наставката *-т*: *викат, носит, сечит*, а во 3 л. мн. се генерализирала наставката *-ет*: *некет, носет, сечет, (ќе) речет, викеет* (< *викает*) во фонетската реализација *викеːт* (по извршената контракција). Прегрупирањето во основите извршено е спрема гласот на којшто завршува општиот глаголски дел, сп. *нос-и-т, бер-и-т* (кога е консонант), *знй-и-т, тка-и-т, се-и-т, бро-и-т,* во фонетска реализација *знаіт, ткаіт, сеіт, броіт,* но: *ви-е-т, се кри-е-т, пи-е-т, обу-е-т, чу-е-т* (со основниот вокал *-е-* само кај глаголите што им завршува општиот дел на *-и* и на *-у*). Од дијалектен аспект вредно е да се споменат наставките: *-фме* и *-фне*, кои се употребуваат паралелно: *викафме – викафне, носифме – носифне* (1 л. аорист), *носефме – носефне* (имперфект) и наставката *-ја* во 3 л. мн.: *викаја, дојдоја, постојаја*. Доста се ретки во тушемишкиот форми како *реква, дојдва* – кај глаголите од *о*-раздел (со фонетска измена на *оа* во *ва*), но не се и непознати. – Во тушемишкиот, како и во љубанишкиот говор, има тенденција во имперфектот да се генерализира како општ основен вокал *-е-* кај сите глаголи, сп. *викеф, викеше, викефме, викефте, викеја*, како *носеф, носеше*. – Кај глаголите што им завршува основата на *-н-* се обопштила во глаголската *н*/*т*-форма наставката *-ат* и кај глаголите од старата *и*-основа, сп. *женат, бранат, канат*, како во *па(д)нат, станат*.

Посебност е во овој говор отсуството на глаголскиот прилог и на потенцијалот со *би*.

Лексиката на тушемишкиот говор се одликува со бројни заемки од албанскиот, сп. *нйна* 'мајка', *нусе* 'невеста', *цаце* 'стрико', *зојна* 'постарата јатрва по однос на помладата', *гишче* 'латица', *шкумба* 'пена', *вија* 'бразда', *дамал'ук* покрај *илуг*, *кудра* 'наковално', и др.

5. *Западнопреспанскиот говор*. – Третата група села со македонски мајчин јазик е расположена на западната страна од Преспанското Езеро. Тука спаѓаат селата: Туминец, Безмиште, Горна Горица, Долна Горица, Гломбочени (алб. Glomboci), Шулин, Пустец, Леска (алб. Leitica), Зрноско (диј. Зйрноско, алб. Zaroshko), Церје (алб. Cerja). Говорот на споменативе села, да го наречеме условно западнопреспански, претставува дел од преспанското говорно подрачје (Конески, 1957 : 173-219). Него го карактеризираат три групи особености. Една група црти западнопреспанскиот го поврзуваат заедно со горнопреспанскиот

(ресенскиот) со другите западни дијалекти, меѓу кои како карактеристични се истакнуваат: третосложното акцентирање, образувањето на дифтоншки секвенци со /и/ како втор член: *стреј, деној, муј*, испуштањето на вокалот во клитиките кога следната зборoформа почнува со вокал: *м-удри, г̄-оӣра, ќ-оӣи* (*ме удри, го оӣра, ќе оди*), потоа губењето на интервокално /в/ во одредени фонетски позиции, замената на /х/ со /в/ на крајот на слогот: *г̄реф, страф – стравоӣ, мавниӣ*, а во граматиката: разликувањето на општата од номинативната форма кај личните и роднинските имиња од м. р. на консонант, на *-о* и на *-е* : *Стојан – Стојана, Јанко – Јанка, Л'убеӣа, вујко – вујка,* личната заменка *ӣој* за 3 л., пазењето на синтетичкиот датив кај личните и лично-предметните заменки; *мене ми, нему му*, кај глаголите испуштањето на помошниот глагол во 3 л. во перфектот: *ӣој рекол, ӣие рекле.*

Втората група ја сочинуваат оние особености што се ограничени на потесниот периферен дел од западното наречје – во преспанско-охридската и делумно во дебарската дијалектна зона. Во таа група диференцијални црти спаѓаат: метатезата на *-ни-* во *-ин-* во зборoформите како *водеј̇нца, сиӣај̇нца*, секвенцата *чере-* место старата група **črě-*: *черей*, пазењето на /л'/ како посебна фонема: *кл'уч, л'уӣ*, во областа на граматиката: пазењето на *-ӣ* во 3 л. едн. на презентот, глаголските образувања од типот *купвиӣ*, силната фреквенција на глаголските форми со 'има / нема' и со 'сум' од типот *има(ӣ) дојдено, имаше дојдено, имал дојдено,* и *сум дојден, беф дојден, сум бил дојден*

Со потесното охридско-преспанско подрачје западнопреспанскиот говор го поврзуваат уште: континуантите на носовката *ǫ и на вокалното *ŗ. Носовката *ǫ и овде е заменета со /ă/ во коренски морфеми, сп. *бăбоӣиӣ, г̄ăжва, г̄ăска, дăбја, г̄нăс, јăже, јăг̄лен, кăпиӣ, лăчиӣ, рăка, пăӣ* Горица, *г̄ăрди* (< *г̄рăди*), *зăби, кăӣник, јăзик, мăдро, скăпо* Гломбочени, *пăӣец, рăка* Леска, а место *ŗ наоѓаме секвенца /ăр/: *г̄ăрло, вăрба, сăрӣ, г̄ăрне, пăрсӣи.*

Во тесна врска со континуантот на *ǫ стои и реализацијата на /а/ во коренските морфеми во соседство со сонантите: *знăм, снăг̄а, снăа, мăмиӣ, мăмелеџија, мăшӣја, мăӣика* (од *маӣика*), *јăг̄урина, јăребица, јăнг̄уличка* 'бел гороцвет' Гломб, *јăсика* Горица.

Во поглед на континуантот на вокалното *ļ преспанското подрачје не е единствено. Во горнопреспанскиот *ļ е заменето со /ол/, во југоисточните преспански села со /ă/, во јужнопреспанскиот со /ăл/ и /ăл/. Западнопреспанскиот по оваа црта поблиску стои со горнопреспанскиот – има рефлекс /ол/, со таа разлика што овде не се лабијализира сонантот /л/, сп. *волна, волк, жолӣ, жолчка, долк, полн* Горица, *болва, бол'ваӣ, волк, г̄олӣаш, долг̄о, јаболко, колк, молчиӣ, полшок, солза, ӣолчиӣ* Гломб, *колк, жолиӣ, молчи, г̄олӣа* Леска. Во Зрноско може да се сретне и по некој случај со /ăл/, како во соседните јужнопреспански села, сп. *бăл'ва, сăнце.* – Во оваа група црти вреди да се споменат уште фонетскиот облик на лексемите *чуж(д)о, чужина, г̄лобок, олџичка* Леска, *ӣнок* (< **tъпъкъ*).

Во третата група дијалектни црти спаѓаат оние со коишто се диференцира наполно или делумно западнопреспанскиот од горнопреспанскиот и од другите преспански говори. Дел од тие црти претставуваат архаизми и повеќето се од фонетски карактер. Така, на пример, овде среќаваме доста лексеми со запазен назализам, сп. *г̄рăнди, зăмби, сăмбоӣа, кломко, г̄ăнг̄арец* Зрноско, *лăнг̄о,*

мӑнде, зазӑмбица, јӑнг̄ул'а, јӑндица Рӑмбе, *јарӑмбица, чомбрица* Гломбочени (со континуанти на **ǫ*), *г̄ренда, г̄рендел', лендина, п̄енда, п̄ендесе, девендесе* (со рефлекс *ен* од **ę*) Леска. Стариот премин на **ę* во **ǫ* освен зад */j/*: *јӑчмен, јӑзик, јӑт̄ро, јӑт̄ӑрва, јӑнsa, јӑндар,* го наоѓаме на овој терен и зад */ч/* во лексемата *чӑдо*, мн. *чӑда* Леска, Гломб.

Добро се пази овде и фонемата */s/*: *нosu, вrasu, п̄олosu* Гломб, *п̄оп̄osu, кӑрлusu, п̄оп̄rasu, јаnsa* Леска. Ново */s/* се среќава во група со *в* */вs/*, со некои сонанти и во одделни лексеми пред вокал, сп. *солsa, молsu, звезда, семнит̄, sudар, saден* Гломб. Доста е фреквентен и африкатот */џ/*, кој освен во туѓи лексеми се јавува како алтернант на */г̄/* место */ж/*: *ноце, бреце, ст̄оце*, и др. Подоследно се пази во западните преспански села во споредба со другите преспански говори крајната група *-ст̄*: *брест̄, лист̄, кӑрст̄,* поретко и групата *-шт̄*: *брошт̄*, покрај *г̄л'уш, чуш, овош* Леска, Зрноско.

Во западните преспански села не се развиле во полна мера оние процеси што се сврзани со вокални групи */еа/* и */оа/*. Првата се пази неизменета, сп. *леа, неа, ст̄реа,* додека место */оа/* наоѓаме различни резултати – [*о:*], како во горнопреспанскиот: *осно:* (*осноа* < *основа*), *т̄о:, т̄ро:*, и така е најчесто на крајот, во одделни лексеми се јавува */ва/*: *т̄вар, т̄вариш, свал'ка* (*соал'ка* < *совал'ка*) Гломб. Групата */ое/* најчесто се пази неизменета, сп. *чоек, вдоец* Леска, покрај *чвек* во Пустец и *чојак* во Зрноско. – Во неколку лексеми е запазен и стариот преглас на */а/* во */е/* зад палатален консонант, сп. *есен, есено: дӑрво, есе̯ница, чеша* Гломбочени, *кӑшеј, лишеј, п̄олена, бӑршлен, челет̄* Гломб, *илеч* Шулин.

Во консонантизмот на синхрониски план во овој говор треба да се истакне многу ретката употреба на фонемите */ќ, ѓ/*. Во домашни зборови тие се среќаваат само во неколку лексеми, сп. *куќа, п̄ојќе, ќе, нејќи, веќе, ќерка, домаќин, среќа, несреќа* Гломб, покрај *сре̯т̄ја, несре̯т̄ја* Леска, *меѓу, п̄реѓе, сеѓере, т̄акуѓере, ӑрѓа.* Во сите други случаи место **tj, *dj* има */шт̄, жд/*. Новите групи *т̄ј, дј* (< **tьj, *dьj*) овде се неизменети, сп. *бра̯т̄ја, п̄а̯т̄је, цве̯т̄ја, т̄ре̯т̄а вечер, л'уди* Гломб, *дјавол, ливадје п̄оп̄адја* Леска, а според нив се преобразувани и *сва̯т̄ја* (: *сва̯т̄*), *г̄радјанин* (: *г̄рад*). Интересен материјал западнопреспанскиот говор ни нуди во врска со фонемата */њ/*. Таа се задржала само во неколку лексеми: *бања, коњ, свиња* Леска. Во другите случаи место */њ/* наоѓаме или */нј/*: *дуна, дечина,* или */јн/*: *сајна, сирејне*, или без метатеза */нј/*: *денја, бабунјосан*, и редовно така каде што */j/* влегува во состав на суфикс: *сенјак, синјак, т̄ӑрнјак, дренје, коренје, лединје, т̄ӑрнје* Гломб.

Со неколку црти западнопреспанскиот од другите говори во преспанскиот базен отстапува и во областа на граматичката структура. Тој, на пример, не ги познава членските морфеми со *-в* и *-н*, така што овде има само еден член. Со оваа црта односниов говор стои поблиску со јужните преспански села. Членската морфема за м.р. во појужните села од оваа група почесто се среќава без крајното *-т̄*: *чојако, ст̄исо, г̄л'ужо* Шулин, *сивио* Пустец, но: *денот̄, зет̄от̄* Гломб, *носот̄, мӑжот̄* Горица. – Во врска со множината западнопреспанскиот говор го карактеризираат две црти – отсуството на избројаната множина со наставката *-а* и образувањето на збирната множина со *-ја* : *т̄ӑрнја, дӑнја, нивја, цве̯т̄ја.*

Глаголскиот систем е доста уедначен на сето преспанско говорно подрачје. Најпродуктивни се глаголите од *а*-група. Од *е*-група се само глаголите што им завршува општиот дел на вокал, сп. *мие(т̄), т̄рие(т̄), сее(т̄), г̄ре̯е(т̄), т̄кае(т̄),*

брое(т̄). Некои разлики меѓу одделни локални говори се јавуваат во образувањето на 1 и 3 л. едн. и 3 л. мн. на презентот, во 1 и 2 л. мн. на минатите определени времиња и во глаголскиот прилог. Во поглед на тие црти западнопреспанскиот стои поблиску со долнопреспанскиот. И во него, како во долнопреспанскиот, во 1 л. едн. на презентот наставката *-м* доследно се јавува кај глаголите од *а*-група: *викам, орам,* додека кај другите глаголи таа се јавува факултативно. Во 3 л. едн. наставката *-т̄* се задржала уште во посеверните села, сп. *викат̄, берит̄, носит̄,* во Горица и Гломбочени, додека во јужните села таа е многу ретка: *јади, носи* Шулин, *п̄и(ј)е, т̄кае, бери* Леска. Во 3 л. мн. редовно на целиот терен од разгледуваниов говор има наставка *-ет̄*: *берет̄, носет̄* Горица, *викет̄, сечет̄* Гломбочени, *јадет̄, п̄и(ј)ет̄* Шулин, а во Леска се губи крајното *-т̄*, така што како наставка останува само *-е*, како и во долнопреспанскиот и костурскиот: *бриче, п̄ере, т̄рие, обуве, сее, снове* Леска.

Во поглед на наставките за 1 и 2 л. мн. на аористот нашиов говор не е единствен. Во најсеверните села наставки се: *-фне* / *-фме* и *-фт̄е*, како во горнокостурскиот: *рекофне* / *рекофме, рекофт̄е* Горица. Во Гломбочени и во селата јужно од него 1 л. мн. завршува на *-ме*, а 2 л. на *-фт̄е*, сп. *викаме – викафт̄е, викнаме – викнафт̄е, дојдоме – дојдофт̄е, носеме – носефт̄е* Гломб, *береме – берефт̄е* Леска, *јадоме – јадофт̄е, дăрцеме – дăрцефт̄е* Шулин, Пустец. За да се избегне можната омонимија со презентските форми, кај глаголите од *а*-група во множинските лица во имперфектот како основен вокал се генерализирал *-е-*, сп. имперфект *викеме – викефт̄е – викеја* (: през. *викаме – викат̄е – викет̄*) Гломб. Во 3 л. мн. како наставка се обопштила секвенцата *-ја* кај сите глаголи: *викеја, носеја, викнаја, дојдоја.*

Во 2 л. мн. на императивот исто така се генерализирала една наставка *-јт̄е* која се додава на основниот вокал: *викајт̄е, купејт̄е, носејт̄е, бројејт̄е, сејејт̄е, т̄кајејт̄е, чујејт̄е* Гломб.

Интерес претставуваат во овој говор и презентските форми од глаголот ‘сум’, сп.: *са, си, ет̄, сме, ст̄е, са* Гломб, *(ј)ет̄* / *(ј)ести* Пустец, *су, си, ести, сме* / *сне, ст̄е, са* Шулин.

Глаголскиот прилог е многу редок, во некои села во анкетите не е добиен. Таму каде што се среќава, се јавува во формата со наставката *-ничкум*: *виканичкум, носеничкум, сееничкум* Шулин.

Во областа на глаголската деривација од дијалектен аспект интерес претставуваат образувањата од типот: *п̄адва, видва, п̄оѓодва, родва, п̄лат̄ва, фат̄ва, дојдва, п̄рејдва,* кои наполно ги истиснале старите творби со *-ја* од типот *п̄лашт̄ај, рождат̄* во другите преспански говори. Образувањата со суфиксот *-ева* како *оздравева* познати се и во костурските говори.

6. *Врмничкиот ѓовор.* – На југозападниот дел од Малото Преспанско Езеро на албанска страна се наоѓа селото *Врмник* (диј. *Вăрмник* < *Врбник*) во кое живее македонско население.

Говорот на ова село е ист со костурскиот корешчански говор (Vidoeski, 1981 : 763-768). Него го карактеризираат – во фонетиката: фонемата /*ă*/, која историски е добиена од **ǫ* во коренските морфеми: *кăшча, рăка*, и во секвенци со *м* (пред лабијална согласка) и со *н*: *ѓăмба, ѓăлăмби, дăмбја, кăндел'а, крăнк*, место секундарниот *ъ*$_2$: *măнѓла* (со секундарен назализам), место вокалните **ŗ, *ļ* во секвенците

/ăр, ăл/: *вăлк, т̆ăлно, жăлт̆о*, – *дăрво, сăрце,* од */а/* во соседство со назален сонант: *знăе, сăна*, и во турски лексеми место вокалот *ı* : *кăна*, а во консонантизмот: отсуството на палаталниот назал, сп. *бана*, *садејне*, и на звучните африкати *s, ц*. Многу се ретки и фонемите */ќ, ѓ/*, бидејќи прасловенските **tj, *kt′, *dj* овде се рефлектирале во */шч, ж/*, сп. *кăшча, т̆лешчи, шчерка, – вежа, межа, ăржа, сажи*, а новите групи *т̆j, дj* (< **tьj, *dьj*) останале неизменети*: брат̆ја, л'уди*. Освен тоа за консонантизмот на врмничкиот говор карактеристични се: замената на *х* со */ј/* на крајот зад */е/*: *мej, орej,* палатализацијата на */к, ѓ/* пред предните вокали во [*к'* *ѓ'*] : *к'исел, заѓ'ина,* пополнувањето на групите *-ср-, -зр-* со преграден плозив: *ст̆рам, ст̆реда, здрак,* асимилацијата на групата *-бн-* во */мн/*: *Вăрмник,* отсуството на групите *-шт̆, -жд* (првата е заменета со *шч* : *оѓнишче*, а *жд* се асимилира во *жж* > *ж* : *дожо*).

И во поглед на местото на акцентот врмничкиот говор оди со говорот на Корешчата. Тој не може да стои на последниот слог. Кај многу именски групи тој е стабилизиран на пенултима или покажува тенденција за таква стабилизација, сп. *брек – брeѓ'ови, д'евер – дев'ери, 'елен – ел'ени, з'елен – зел'ена – зел'ено – зел'ени*. Од ова се исклучуваат членските морфеми, сп. *д'еверо, зел'ената*.

Во областа на морфологијата и синтаксата исто така нема поголеми разлики меѓу врмничкиот и корешчанскиот. Во именската флексија отсуствуваат членските форми со *-в* и *-н*. Членската морфема за м.р. редовно се јавува во разновидноста *-о* (без *т̆*) : *човеко, лебо*. Не се непознати множински форми со наставката *-нишча* од типот *т̆'еле – т̆елен'ишча, п̆'оле – п̆олен'ишча,* иако не се толку чести како во костурските говори. – Во глаголската флексија како дијалектни особености се јавуваат: наставката *-е* во 3 л. мн. на презентот: *вике, носе,* и во 3 л. мн. на минатите определени форми: *рек'ое*. Сите тие особености карактеристични се и за говорот на соседното корешчанско село Вăмбел.

7. *Бобошт̆енскиот ѓовор*. – Во непосредната околина на градот Корча во Јужна Албанија се наоѓаат уште две македонски говорни оази – селата Бобоштица (алб. Boboshtica) и Дреновени (алб. Drenova). Говорот на овие две села спаѓа меѓу најархаичните македонски дијалекти. Меѓу архаизмите посебно значење за дијалектната диференцијација имаат: фонемата */ä/* во акцентиран слог, сп. *рjäка – рек'ат̆а, млjäко – млек'от̆о* (стариот изговор на **ę*), *ѓрjäнда, jäзик, жjät̆ва, т̆jäшк* (како континуант на **ę* во акцентиран слог), *jäѓне, jäjце, jäс* (во секвенцата *ја* под акцент), запазениот назализам во бројни примери, сп. *ѓамба, самбот̆а* (пред *б*), *ѓранди, канд'ел'а, дранк, кранѓо* (континуанти на **ǫ*), *ѓрjäнда, п̆jäнда, ленд'ина* (континуанти на **ę*), прегласот на */а/* во */ä/* под акцент и во */е/* во неакцентиран слог зад палатален консонант*: jäѓне, жjäба – jер'емче, п̆'ojес, к'очен,* во морфологијата: чувањето на дативот кај именките како во неопределената, така и во определената форма, сп. *ж'ене – женj'ät̆уj*, мн. *женj'ät̆ем*, демонстративните заменки *соj, сози* како континуанти на **sь,* и др. Во поглед на иновациите во однос на костурските говори бобоштенскиот покажува посебност во развојот на носовката **ǫ*, која е овде заменета со */а, ан–ам/*: *рака, кашча, ѓранди, ѓамба*, на вокалните **ŕ* и **ĺ*, кои се рефлектирале во секвенци */ар, ал/*; *барѓу, жалт̆о, валк*, стабилизирањето на акцентот на пенултима: *с'ело – сел'от̆о, м'орје – морj'ет̆о – морjен'ишча*, и др.

Бидејќи е овој говор опстојно опишан од А. Мазон (сп. Mazon, 1936; Vidoeski, 1981 : 745-761), нема потреба да се задржуваме поопширно и на ова место.

8. Во областа Гора, северозападно од Враца и Рудока, на албанска страна остануваат селата Пакиша, Запод, Очикле, Борје, Орешек, Шиштевец, Ново Село, Оргоста и Црнолево, кои се населени со муслиманско (торбешко) население. Говорот на споменативе села спаѓа во горанскиот дијалект, кој претставува преод меѓу реканскиот дебарски говор и горнополошкиот, од една страна, и призренско-сретечкиот, од друга (Селищев, 1929 : 406-410; Видоески, 1984-1985 : 127-137). Бидејќи располагаме со материјал само од селата Запод и Борје, ќе го именуваме *западско-борјански говор* како дел од горанскиот.

Во областа на вокализмот *западско-борјанскиот* со горанскиот го поврзуваат: континуантите на носовката **ǫ* и секундарните вокали во сите позиции, континуантите на вокалното **ļ*, потоа некои измени на вокалите, пред сè на вокалот *о* во некои позиции, а во консонантизмот: вредностите место прасловенските групи **tj, *kt′, *dj*, реализацијата на фонемите /л/ и /л'/ и нивната дистрибуција, како и повеќе промени сврзани со согласките /в/ и /х/.

Место носовката **ǫ* во коренски морфеми во повеќето случаи има рефлекс /у/, сп. *вруќ, гуска, голуби, желудец, јуже, клупко, мука, мужи, напудим, одовут, пут, путник, путќе, рука, скут, тупан, удица,* во извесен број лексеми има *а*, сп. *граѓи, гасеница, дабје, дабоина, заби, капина праќе, рабој, сат – садој, сабота, стапало, тапаф.* Лексемите *јеток, кеде, кедел'а* во формите со /е/ познати се во сите горански села, како и во говорот на Муслиманите во тетовските села Урвич и Јеловјане (Видоески, 1973 : 21-32).

Нема разлики меѓу горанскиот и разгледуваниов говор ни во поглед на резултатите од замената на носовката **ę*; во сите позиции има рефлекс *е*, сп. *језик, јечмен, јетрва, зајец.* Во *пајак* најверојатно било **ǫ*.

И секундарниот *ъ*$_2$ во почетните слогови се рефлектирал во /ă/, сп. *јагăнца, лăже, излăжа, măгла, сăвнује, цăвте*, со исклучок во *ложица*, каде што е /о/ од секундарно потекло, како во призренскиот и долнополошкиот. Во *тенок* вокалот /е/ е аналошки (*тенка, тенко* > *тенок*). Во крајните слогови пред сонантите *ъ*$_2$ имал поинаков развиток: пред *р* тој се изменил во /е/: *добер, итер, модер, остер,* пред *м* има /о/: *сом, седом, осом*, и /и/ во лексемата *огин*.

За вокалното **ļ* има неколку вредности: /у/, сп. *буа – бује, вук,* /ул/ во *Булгар, Булгарија,* /ол/ (> *ов*) : *вовна* (< *волна*), *жофчка, повни,* /ăл/ : *кăвне, сăвза, мăвзница,* /ă/ во *сăбец, сăбица, сăнце*, и /лă/ во *длăк – длăго*.

Од вокалните промени како дијалектна посебност се јавува промената на /о/ во /у/ во поголем број лексеми во кои има загубен консонант во интервокална позиција, сп. *гуецко, куач, куачница, куа* (: *кој*), *муа* (: *мој*), *пуас, пуе, запуаф, суел'ка, накуално, чуек, тогуа, оногуа, голему(ј)ет* (< *големојет*), и во некои суфиксни образувања: *восук, мозук, попук* и др.

Сонантот /л'/ овде има поширока дистрибуција отколку во околните дијалекти, бидејќи старото **l′* уште не затврднало, сп. *кл'уч, жел'ка, осил'ка, гредел', жул'*, а пред предните вокали /и, е/ исто и **l* преминало во /л'/, како во горанскиот (Видоески, 1984-1985 : 129-137), сретечкиот (Павловиќ, 1939), урвич-

киот (Видоески, 1973 : 21-32), вратничкиот, сп. *дел'име, кол'иба, г̄л'исте, сл'ива, л'ет, вл'ечем, тел'е, кл'ечи, обл'екло*.

Фонемите /ќ/ и /ѓ/ се доста чести, зашто покрај континуантите за **tj, *dj,* сп. *веќе, воќка, вреќа, вруќ, куќа, маќеа, ноќ, ноќви, плеќо,* мн. *плеќи, среќа, ќе, ќерка, божеќ, сестриќ, држеќи, веќава, праќа, – веѓа, госпоѓа, меѓу, преѓа, рѓа, туѓо, чаѓе*, тие редовно се јавуваат место групите *тј, дј* (< **tьj *dьj*), сп. *браќа, праќе, пуќе, треќи, – лаѓа, л'уѓи*, и место секвенците **tь*, **dь* на крајот на лексеми од типот: *г̄лаќ – г̄лаѓот, зеќ – зеќот, кл'еќ, лакоќ – лакоќи, назаќ, нокоќ – нокоќи, окиќ, папраќ, пеќ* (: *пети*), *пролеќ, челеќ*.

Замената на краесложното /л/ во /в/ е општа појава во горанскиот дијалект, сп. *воф – волоj, вреф* (: *врела*), *г̄оф* (: *г̄оло*), *жиф (*: *жила*), *котеф* (: *котли*), *жофч, равник, зова* (< *зоввa* < *золва*).

Фонемата /х/ доста е присутна во говорот на с. Запод, сп. *г̄рах, прах, joха, г̄рех,* во морфемите за аорист: *викнах, викнахме, викнахте* (Видоески, 1973 : 21-32). Во Борје се среќава само во неколку лексеми, сп. *г̄рах, прах*, додека во другите случаи таа по правило се губи, сп. *вр, ора, ме – меоj, су – суо*, а во одделни лексеми таа преминала во /j/ : *г̄рej – г̄реоj*, и /ф/ : *кожуф – кожуфи*.

Именската флексија во односниве села во целина се поклопува со флексијата во Гора и во урвичко-јеловјанскиот говор. Кај одушевените именки се пази дативната флексивна форма и во еднината и во множината, сп. *син – сину, г̄ости – г̄остим, г̄олуби – г̄олубим, деца – децам, г̄уске – г̄ускем*, и кај атрибутските придружби: *сину мојему, доброму*, ж.р. *доброjзи*. Именките на *-а* множинска форма образуваат со наставката *-е* : *дејка – дејке*, со атрибутски збор: *беле г̄уске*. Множинската наставка *-иќа* за с.р. која ни е позната од горанскиот и урвичкиот говор, се јавува и во говорот на овие села, сп. *куче – кучиќа, маче – мачиќа*, кај деминутивите на *-иќе* : *криликe* (: *крило*), мн. *криличиќа*.

Посебност за овој говор, како и за горанскиот, чинат и членуваните форми. Има три вида членски морфеми сп. *зăбов, зăбон, зăбот*, мн. *зăбиви, зăбити, зăбини; брадава, брадата, брадана,* мн. *брадеве, брадете, брадене*. Кај придавките посебен интерес претставува членската форма за машки род, сп. *бос* : *босојеф, босојен, босојет*; *остер* : *остројет, г̄отоф* : *г̄отовојет, јалоф* : *јалојеф, јалојет*, или : *босујет, острујет* итн.

Заменскиот систем исто така е единствен за сето горанско подрачје. Од личните заменки за 3 л. *он, она, оно*, дативните форми гласат: *нему му*, за ж.р. *њејзи г̄у,* мн. *њима г̄и*, сп. *кажи г̄и да земет* (= им), акузативните: *него г̄о*, ж.р. *ња ја*, мн. *њи г̄и*. Општата заменка за сите лица се јавува во формата *свакој*.

Во областа на глаголот исто така нема разлика меѓу заподско-борјанскиот и говорот на другите горански села. Како дијалектни карактеристики во сите нив се јавуваат формите на глаголот 'сум': *сом, сме, сте, се*, презентските наставки: *-м* за 1 л. едн. кај сите глаголи, сп. *иг̄рам, носим, сечем, -ет* во 3 л. мн.: *спремајет, растет, смијет, учет*, наставките за имперфектот: *-ше* за сите форми во еднината, *-ме, -те, -а* за множина, сп. *береше, – береме, берете, береа* Борје, одн. *берехме, берехте, береа* Запод, а кај аористот формите од типот: *дојдо, цăфто, зарасто, засеко, назебна, фрл'и* – во 1 л. едн. и во множината: *дојдоме, дојдоте, дојдоа*, потоа наставката *-ите* во 2 л. мн. императив кај глаголите од *е-* и *и*-група, сп. *спремите, спиите*, како и наставката *-еќи* во глаголскиот прилог: *идееќи, зборееќи*.

9. И покрај тоа што разгледуваниве говорни оази меѓу себе се разликуваат, сепак има еден број особености со кои тие се поврзуваат. Тие особености се, главно, запазени постари црти, коишто во другите македонски дијалекти претрпеле целосна или делумна промена. Меѓу нив од дијалектен аспект посебно се значајни: пазењето на крајните консонантски групи *-сѫ, -шѫ,* на гласот *ч* од старите групи **čŗ-* и **črě- (чӑрӣшѫ, чӓрӣшѫ, чӊрӣшѫ, – череша);* во сите овие говори се пази фонемата /*s*/. Место **tj, *kt', *dj* во нив најдоследно се пази старата континуација со /*шѫ, жд*/, одн. /*шч, жц – ж*/, со исклучок на горанските села. Во појужните говори видовме бројни остатоци од стариот назализам. Во повеќето од нив се пази дативната флексивна форма кај личните и роднинските имиња од м. и ж. род, во бобоштенскиот и нешто пошироко.

Втората група заеднички црти се иновации. Во фонетиката такви се: развојот на групата **črě-* во *чере* (*черӣ*), појавата на ново /*s*/ место /*з*/ во група со сонанти (*солsа, сӓлsа, сӊлsа*) и на /*ц*/ место /*ж*/ пред деминутивната наставка *-е* (*ногӯа – ноце, пологӯ – пологе*), образување на консонантски групи на крајот како во случаите *гӯорк, тӣешк, ниск, пӣолк* (< *пологӯ*), испуштањето на /*д*/ во групата /*дн*/ (*ено, пӣана*), преминот на секвенцата *-ни-* во *-ин-* во примери како *водеӣница*, и во глаголската флексија: глаголските образувања од типот *купӣви(ш) – купӣве(ш) – купӣва(ш)*, прегрупирањето на глаголите според завршниот глас во општиот глаголски дел, наставката *-е(ш)* во 3 л. мн. на презентот и *-е* во 3 л. мн. на аористот и имперфектот, обликот *естӣи* во 3 л. едн. од 'сум', и уште неколку други.

1985

Македонските дијалекти во Албанија



БИБЛИОГРАФИЈА

БЕЛИЋ, Александар
Галички дијалекат, Српски дијалектолошки зборник, књ. VII, Београд 1935

ВЕСЕЛИНОВИЋ, М.
Реферат редакционом одбору „Братства“ о рукопису г. Симе Н. Томића „Народне песме и приповетке из Горње Реке (Дебра) “, Братство, IX-X, с. 450-504, Београд 1903

ВИДОЕСКИ, Божидар
Белешки за говорот на селата Мелница и Горно Врановци во Велешко, Македонски јазик, II, Скопје 1951

ВИДОЕСКИ, Б.
Битолскиот говор, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, X-2, Скопје 1985

ВИДОЕСКИ, Б.
Вокалните фонолошки системи во македонските дијалекти, Предавања - IV семинар за македонски јазик, литература и култура, с. 22-27 + 1 карта, Скопје 1971

ВИДОЕСКИ, Б.
Говорот и топонимијата на кичевските села од тајмишката група: I. *Говор,* II. *Топонимија*, Македонски јазик, IX, 1-2, с. 17-65, Скопје 1958

ВИДОЕСКИ, Божидар
Говорот на полошките торбешки села Урвич и Јеловјане, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, с. 21-32, Тетово 1973

ВИДОЕСКИ, Б.
Дијалектна диференцијација на македонскиот јазик, Зборник во чест на Блаже Конески по повод шеесетгодишнината, с. 53-76, Скопје 1984

ВИДОЕСКИ, Б.
Дијалектна карта македонског језика, Проблеми сучасної ареалогії, с. 111-119, Київ 1994

ВИДОЕСКИ, Божидар
Кичевскиот говор, Македонски јазик, VIII, 1, с. 31-90, Скопје 1957

ВИДОЕСКИ, Божидар
Поречкиот говор, Скопје 1950

ВИДОЕСКИ, Божидар
Прилози за македонската дијалектологија: Гласот х во охридскиот говор, Македонски јазик, VI, 2, Скопје 1955

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошки описи на македонските говори (101. Дихово, 94. Ракотинци, 97. Звечан, 100. Извор, 99. Пештани, 96. Радожда, 106. Бобошчица, 107. Вăмбел), Fonološki opisi srpskohrvatskih/hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih punktova obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, c. 711-721, 679-685, 705-710, 655-659, 695-703, 667-677, 745-761, 763-768, Sarajevo 1981

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошки опис на Охридскиот говор, Studia linguistica Polono-Jugoslavica, 3, c.185-209, Sarajevo 1983

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошкиот систем на говорот на с. Млике, Зборник за филологију и лингвистику, XXVII - XXVIII, с. 127-137, Нови Сад 1984-1985

ГРИГОРОВ, Марко
Говоръть на Малореканците (мияците) въ Дебърско, Известия на семинара по славянска филология при Университета въ София, II, с. 201-304, София 1907

ДИМИТРОВЪ, Лазаръ
Кратки етнографски белешки за Дебърско съ огледъ къмъ говора въ тоя край, Известия на семинара по славянска филология при Университета въ София, II, с. 263-274, София 1905

ИВАНОВЪ, Йор.
Северо-западнитя македонски говори: Тетовско, Скопско и Кратовско, Минало I, кн. 1, София 1909

ИВКОВИЋ, Милош
Извештај о дијалекатским истиживањима, Годишњица задужбине Саре и Васе Стојановић, I, с. 25-30, Београд 1934

ИВКОВИЋ, Милош
***Л. Милетич**, Важна фонетична особеност на един западномакедонски говор*, Списание на Българската академия на науките, кн. XVI, с. 35-42, Јужнословенски филолог, II, књ. 1-2, с. 147-149, Београд 1927

ИЛИЋ, Воислав
Извештај о истиживању говора Ореше и Пăрадишта, Годишњак Филозофског факултета у Новом Саду, кн. V, с. 467-468, Нови Сад 1960

ИЛИЋ, Воислав
Извештај о испитивању говора Смилева, Годишњак Филозофског факултета у Новом Саду, кн. IV, с. 400-403, Нови Сад 1959

ИЛИЋ, Воислав
Малореканскu говорни тип на новом, централномакедонском дијалекатском терену, Годишњак Филозофског факултета у Новом Саду, кн.VI, с. 213-227, Нови Сад 1961

ИЛИЋ, Воислав
Мијачко-брсјачке варијанте деназализације у једном микродијалекатском померању у аспекту, Зборник за филологију и лингвистику, кн. IV-V, с. 103-109, Нови Сад 1961-62

ЈАСТРЕБОВ, И. С.
Обычаи и песни турецкихъ Сербовъ, Петерсбург 1889

КИСЕЛИНОВИЋ, Ђ. Ј.
Лингвистичка посета једном македонском селу, Луч, I, 1, с. 191-196, Скопље 1935

КИСЕЛИНОВИЋ, Ђ. Ј.
Охридско-преспанска лира, Битољ 1926

КИТАНЧЕВ, Трайчо
За ударението върху думите в ресенския говор от западномакедонското наречие, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, XLI-XLII, с. 857-915, София 1893

КИТАНЧЕВ, Трайчо
Съчинения на Трайчо Китанчев, с. 163-217, София 1898

КОНЕСКИ, Блаже
Два прилога кон историјата на македонскиот јазик, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. II, Скопје 1949б

КОНЕСКИ, Блаже
Еден охридски текст од 19 век, Македонски јазик, II, с. 97-102, Скопје 1951

КОНЕСКИ, Блаже
Материјали за преспанскиот говор од збирката на С. Н. Томиќ, Македонски јазик, VIII, с. 173-219, Скопје 1957

КОНЕСКИ, Б.
Прилепскиот говор, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 2, с. 247-301, Скопје 1949а

КЪНЧОВ, В.
Македония, етнография и статистика, София 1900

МИЛЕТИЧ, Л.
Важна фонетична особеност на един западномакедонски говор, Списание на Българската академия на науките, кн. XVI, Клон историско-филологически, бр. 9, с. 35-42, София 1918

МИЛОШЕВ, Ѓ.
Титов-велешкиот говор, Нов ден, III, бр. 3, с. 3-15, Скопје 1947

МИРЧЕВ, Д.
Бележки по прилепския говор, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, XX, с. 1-40 (II), София 1904

МИРЧЕВ, К.
Најхарактерните особености в охридския говор, „Охрид", 8. XII, с. 5, Охрид 1943

МИХАИЛОВ, Панче
Градскиот дебарски говор, Скопје 1954

ПАВЛОВИЋ, М.
Говор Сретечке Жупе, Београд 1939

ПАВЛОВИЋ, Миливој
Говор Торбеша из околине Скопља у еволутивној перспективи, Зборник у част Белића, с. 433-449, Београд 1937

ПАВЛОВИЋ, Миливој
Извештај о дијалекатском испитивању у Пологу и Срецкој, Гласник Скопског научног друштва, XII, 6, с. 253-254, Скопље 1933

ПАВЛОВИЋ, М.
О велешком говору. Поводом језичких особина у велешком парохијалнику, Гласник Скопског научног друштва, XIII-7, с. 141-157, Скопље 1934

ПАВЛОВИЋ, Миливој
О испитивању дебарске групе говора, Годишњак САН, 50, с. 262-281, Београд 1940б

ПАВЛОВИЋ, Миливој
О резултатима испитивања говора Дримкола, Годишњак САН, 49, с. 424-430, Београд 1940а

ПАВЛОВИЋ, Миливој
О тетовском говору. Поводом књиге А. Селишчева: Полог и его болгарское население - Исторические, этнографические и диалектологические очерки северозападной Македонии, София, 1929, Гласник Скопског научног друштва, XI, 5, с. 168-178, Скопље 1932

ПЕТРУШЕВСКИ, Михаил
Неколку црти на говорот на Жировница, Македонски јазик, II, с. 56-67, Скопје 1951

ПОПОСКИ, Аритон
Реканскиот говор, Македонски јазик, X, с. 107-154, Скопје 1959

РУСИЋ, Бранислав
Жупа дебарска, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, Посебни изданија, кн. 4, Скопје 1957

РУСИЋ, Бранислав
Малесија, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, Историско-филолошки оддел, кн. 6, Скопје 1953

РУСИЋ, Бранислав
Поље дебарско, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, Историско-филолошки оддел, кн. 7, Скопје 1954

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Говоры области Скопья, Македонски преглед, VII, 1, с. 33-82, София 1931а

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Отчетъ о занатіяхъ за границею въ лятнее вакаціонное время 1914 года, (*Замятки о говорахъ тетовскаго округа, 1-33*), Казань 1915

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Полог и его болгарское население: Исторические, этнографические и диалектологические очерки северозападной Македонии, (*Говоры Полога*, 281-437), София 1929

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Славянское население в Албании, София 1931б

СИЛЯНОВЪ, Н.
*Редукция на звука **а** въ охридския и тетовския говори*, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XI, с. 582-585, София 1894

СМИЉАНИЋ, Т.
Мијаци, Горња Река и Мавровско Поље, Насеља, кн. 20, Београд 1925

СПРОСТРАНОВ, Ефтим
По ѓовора на ѓрад Охрид, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, XVIII, с. 534-544, София 1901

СТАМАТОСКИ, Тр.
Градскиот тетовски ѓовор, Македонски јазик, VII, 2, с. 210-242, VIII, 1, с. 91-115, Скопје 1956, 1957

ТОШЕВ, Крум
Дијалектолошки материјали од Струга од XIX век, Македонски јазик, XI-XII, с. 1-11, Скопје 1960-1961

ТОШЕВ, Крум
Струшкиот ѓовор (Според некои материјали од XIX век), Скопје 1979

УГРИНОВА, Радмила
Говорите во Скопско, с. 40 + 1 карта, Скопје 1951

ФИЛИПОВИЌ, Миленко
Голо Брдо, Скопје 1940

ФИЛИПОВИЌ, Миленко
Дебарски Дримкол, Скопје 1939

ШКЛИФОВ, Б.
Долнопреспанският ѓовор, София 1979

ШОКЛАРОВА, Германија
Фонолошкиот систем на ѓоворот на с. Герман, Македонски јазик, XXIII, с. 298, Скопје 1972

ЯКИМОВА, Мария
Охридския ѓовор, Известия на Семинара по славянска филология, III, с. 223-256, София 1911

GROEN, B.M.
A Structural Description of the Macedonian Dialect of Dihovo, Lisse 1977

HENDRIKS, P.
The Radožda-Vevčani Dialect of Macedonian, Lisse 1976

MAZON, A.
Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, Paris 1936

OBLAK, Vatroslav
Macedonische Studien, Sitzungsberichte der philosophische-historischen Classe der Kaiserliche Akademie der Wissenschaften, Wien 1896

PAVLOVIĆ M.
Romanskog tipa nastavak ***-ule*** *u debarskom dijalektu*, Slavistična revija, X, št. 1-4, s. 94-100, Ljubljana 1957

REITER, N.
Der Dialekt von Titov Veles, Berlin 1964

VAILLANT, A.
Les parlers de Nivica et Turija (Macédoine occidentale), Revue des études slaves, IV, s. 53-66, Paris 1924

In place of a summary

The Dialects of the Macedonian Language

The book before us is the first of three volumes that together form a monographic description of the dialects of Macedonian. Before we turn our attention to the publication itself, I would like to say a few words on the special place that Macedonian occupies in the world of the Slavic languages as a unique dialectal complex that has undergone two different standardization processes. The first, and earliest, was the Cyrillo-Methodian standardization, which gave literacy to the entire Orthodox Slavic world. The second, one of the latest among the Slavic languages, brought Macedonian into the group of modern standard languages. I write "one of the latest" and not "the latest" despite the fact that we often encounter the idea that Macedonian is the "youngest Slavic standard language" in works on Slavic languages. This latter formulation would be justified if we took the date of the political-administrative declaration of Macedonian as the official language of the People's Republic of Macedonia (2 August 1944) as the only valid criterion. However, from a broader perspective, this view appears to be incomplete and even mistaken. I would argue that the more important chronological limit is the one determined by the first attempts of a society to choose and codify consciously a common linguistic standard as a reflection of its own spiritual unity. The political opportunity to create a single powerful center that will make those efforts official is something secondary and rarely depends exclusively on the cultural group in question. Seen from such a perspective, the process of the standardization of Macedonian is an integral part of a variety of parallel efforts begun during the first half of the 19th century, efforts that led to codification of Slovak, Ukrainian, and Bulgarian -- to mention only the processes most closely correlated temporally to the Macedonian national awakening. Of course, the date of official recognition is a turning point in the life of any dialectal complex, one that leads to the normativization and legalization of its standard expression. Nonetheless, that date, that official act, in and of itself is a consequence of a lengthy preparation without which there would be no hope of success.

The official recognition of the standard Macedonian language in 1944 occurred at a time when many prominent representatives of Slavic studies - among them Sandfeld, Vaillant, Mazon, Małecki and others -- had already confirmed and proclaimed the independence of Macedonian based on the results of research on its dialects. Only after 1945, however, was systematic research begun by the first generation of Macedonian dialectologists, the most competent to analyze their mother tongue. Among the representatives of that first generation a central role belongs to the author of this monograph, Božidar Vidoeski. Now, finally I can state why it seems appropriate to me that this work should begin with remarks connected with the late official recognition of the Macedonian standard language. The delayed entrance of a dialectal complex and/or a standard language into the circle of generally recognized languages has its advantages insofar as during the course of that process the appropriate people are to be found in the appropriate place. In the case of Macedonian, this is exactly what occurred: Blaže Koneski and Božidar Vidoeski appeared on the Slavic linguistic scene, and they knew -- each in his own way -- how to avail themselves expertly of

the many tools provided by modern linguistic theory for achieving the goal of providing a scientific description and analysis of Macedonian linguistic reality.

A rare and lucky coincidence happened to Macedonian dialectology: The analysis and description of living dialect systems, which until recently had not been subjected to the influence of the young standard, became the life's work of a scholar who mastered contemporary linguistic theory as well as the methodology of dialectology, and he was able to apply them creatively and originally. Vidoeski knew Macedonian dialectal differentiation in its entirety, down to the smallest detail, and when he worked on these details, the whole picture was always before his eyes. As a result of this, every new datum enriched the synchronic mosaic and at the same time made the reconstruction of the diachronic path of the Macedonian dialectal complex that much easier.

The dialects of Macedonian are an invaluable source of new knowledge not only for Slavic studies, but also for Balkan studies and even for general linguistic typology. Vidoeski's works are an expert and reliable guide to all these riches and are, moreover, extremely competent because many of the discoveries as well as the synthesis are based on his own research.

To the Slavist working on Macedonian studies, the works of Vidoeski offer a fascinating overview of the past of the linguistic material in question. Macedonian dialectal territory is on the periphery of the Slavic linguistic world and is one of the oldest such peripheries. It is one where the Slavic (Macedonian) linguistic boundary has been gradually retreating, albeit slowly, for many the centuries, mainly before Greek in the south and Albanian in the west. Vidoeski's research has enriched our knowledge of the path of this retreat and, above all, of the earlier linguistic situation in the areas from which living Macedonian dialects withdrew. He paid much attention to the connections between Macedonian and Montenegrin dialects which have left numerous traces on today's Albanian linguistic territory. The results of this research led to the conclusion that the western Macedonian dialect region, beginning with the earliest period of its independent development, formed an extremely strong center from which linguistic innovations radiated. During this earlier period this region was located more centrally in relation to the limits of Macedonian ethnic and linguistic territory, and only later did it undergo significant losses along its western boundary. These data confirm and complete the picture of two polarized Slavic linguistic and cultural centers in the central Balkans in the early Medieval period: A west Macedonian center and an east Bulgarian center.

To the comparative Slavist, Vidoeski's works provide richly documented confirmation of that which linguistic theory tells us is characteristic of any linguistic periphery, namely, that here are preserved archaisms which contribute to the internal reconstruction of the older situation, in our case not only for the Macedonian but also for the Slavic diasystem in its broadest sense. On the phonological level, we can mention such phenomena as the preservation of old phonetic values and phonological distinctions in the vocalic system, the different phases in the evolution of the vocalic sonorants preserved in individual dialects, as well as the stages of the evolution of the accentual system from a mobile and free, morphologically motivated accent, to different types of phonetic stabilization, to mention only the most important and the most complex phenomena. On the morpho-syntactic level we can mention the preservation of the old synthetic past tenses, the stabilization and functional evolution of the three-partite system of demonstrative pronouns, the preservation of possessive adjectives in their genitive function, the preservation and evolution of collective nouns as a grammatical category, etc. Finally, on the lexical level we should mention many of the unmotivated and motivated formations that were lost in the center of Slavic territory

and preserved in one, two, or even more peripheral areas, as well as many semantic archaisms, and finally some ancient borrowings that are evidence of the linguistic contacts of Common Slavic with non-Slavic linguistic communities. In a word, the Macedonian dialect area, thanks to its peripheral position and centuries of independent development, presents a picture of the well-known truth -- a truth that is difficult to accept for some other parts of the Slavič linguistic world as a result of other historical developments -- that linguistic geography is a record of linguistic history. Vidoeski was aware of this fact and was able to utilize it to the greatest degree possible.

I have already mentioned that the Macedonian dialects represent an especially important source of information not only for Slavists and those concerned with Macedonian studies, but also for Balkanists. In essence, every student of the Macedonian language must, like it or not, be a Balkanist. The Balkan Sprachbund is known as a classic example of a community of dialect complexes (diasystems) of different origins that for centuries have had a convergent development and have achieved significant structural parallelism. However, the theoreticians, utilize this example also emphasize that it is quite isolated as a phenomenon. By this I mean that in Europe, aside from the Caucasus perhaps, we do not have other language communities of a similar type. This leads to the conclusion that the specific historical conditions of the linguistic and cultural development of multi-ethnic communities in the Balkans created a situation almost without precedent. This situation in its linguistic aspect is the subject of research for the Balkan linguist and the relevant processes reach their culmination precisely in the Macedonian dialects. Here we must mention again the connection between language history and language geography. The tremendous differentiation among Macedonian dialectal systems permits the investigation of the stages of their "Balkanization", which is most evident in the modern-day central area of the western Macedonian dialect region. The cause of this can be sought not only in the central position of this section of the Balkan peninsula, but above all in the intensive symbiosis of the Macedonian and Aromanian populations precisely in this area. These are well-known facts, but their increasingly richer documentation and more precise historical contextualization is due to the multi-faceted and rigorous analysis of the Macedonian dialects that has been pursued during the last fifty years by specialists in Macedonian, above all by the author of this work.

Balkan linguistics is a branch of dialectology. The young Balkan standard languages either eliminate their Balkanisms in the process of standardization or impede their further development. Even on the level of the dialects, new political borders are barriers to convergent innovations. To a lesser degree, however, in the border zones or in the zones of mixed linguistic populations, a small degree of convergence continues, all of which is carefully documented in Vidoeski's minutely detailed analysis. The precision and scope of his observations allow the Balkan comparativist to discover new Balkan parallelisms, even when the author himself does not mention it. The two basic lines of development in the process of Balkanization -- i.e., 1) the semantic and morpho-syntactic restructuring of case relations, and 2) the semantic and morpho-syntactic restructuring of the aspectual-temporal and temporal-modal systems -- are "inscribed" in Macedonian dialectal geography in all their details and are precisely reflected in Vidoeski's work.

All the characteristics of the Macedonian dialects mentioned to this point make them an attractive subject of analysis for general linguistics and for theoreticians interested in synchronic and diachronic typology, mechanisms of language change, interference between two systems, etc. I would also like to mention some other characteristics which are, in my opinion, especially interesting from a typological point of view. They are all closely con-

nected with centuries of unregulated, unstandardized development, without the unifying influence of "their own" common prestigious code. Namely, this situation has allowed some tendencies, present also in the other Slavic and non-Slavic environments, to be developed to their ultimate conclusion, thus revealing the natural logic and hierarchy of numerous mechanisms of development. In other words, Macedonian dialect systems represent an unusually well-equipped laboratory for research on the spontaneous life of language as such. Of special interest are those tendencies which, while spreading horizontally on one level of linguistic structure, with time achieve a vertical dimension and cause structural changes on other, higher levels. First of all, I should mention a tendency connected with the character of stress, that is the tendency towards the qualitative and quantitative reduction of vowels, which through a chain reaction leads to secondary long syllables, to the change of syllabic structure of words, to the syncretism of categorial morphological markers, and, finally, to the restructuring of categorial paradigms and the loss of a part of their grammatical (grammaticalized) information. Secondly, among the more frequent processes whose spread leads to far-reaching changes are analogical levelings in the field of derivation. Here, first and foremost one should mention formal imperfectivization with the suffix *-uva* in all of its morphological variations. The spread of this suffix to all the inherited derivational models leads not only to the formal simplification of verbal morphology, but also -- depending on the lexical meaning of the verb -- initiates a change in the internal structure of the category of aspect. These two tendencies with all of their far-reaching consequences are known to us from Vidoeski's work.

A separate complex problem is the way in which the Macedonian dialectal system has reacted in the course of every day communication to the numerous impulses that arose, and to some extent still arise, from the dialectal systems of other languages. We place them together under a common heading "Balkan languages"; however, we should be aware that these (e.g. Greek, Albanian, Aromanian, Megleno-Romanian and on the margins of the "Balkan union", Osmanli Turkish and Romani) are languages with very different grammatical heritages. At issue here is also how borrowed syntagms are adopted at all levels of linguistic structure and -- perhaps most important of all -- how borrowed grammatical functions and meanings are adapted, i.e. how inherited grammatical and lexical material is made suitable for use in new functional complexes.

The general impression gained from contact with Macedonian dialect systems, above all with the "most Balkan" among them, is that, generally speaking, all changes caused by the Balkan cultural and linguistic environment were conditioned by pragmatic and/or semantic factors and led to increased transparency of grammaticalized information, i.e. towards ease of communication with representatives of other language codes.

As I said above, we have before us the first volume of the monographic description of the dialects of Macedonian. This volume contains the general synthetic part, i.e., a series of studies that describe and explain the dialectal differentiation of the Macedonian language area, as well as a series of monographs on the dialectal complexes that make up the western Macedonian dialect region. That which in the course of the research itself would come at the end of the work, i.e. the general synthetic view based on conclusions derived from detailed descriptions of the individual dialect systems, we have here at the beginning as the first segment of the complete description: A systematic overview of this rich and multifaceted topic that I have tried to outline above. Only a linguist who through his own experience knows the whole dialect territory and the dialectological problems of his native language can offer this type of solution.

The book begins with a general synthetic review of the present dialectal differentiation of the Macedonian language along with a dialectal map of Macedonian. The next three chapters contain a richly-documented reconstruction of the stages of dialectal differentiation in the Macedonian diasystem. This reconstruction culminates in the following two chapters with the presentation of the main dialect groups that were formed as the result of these processes, the character of the borders, or, more precisely of the transitional zones, between those groups, the main directions of the isoglosses, etc. Following this presentation and discussion of internal dialect borders, the subject of analysis in the eighth chapter turns to the relation between the dialects of Macedonian and the dialects of the other, neighboring languages as well as the contribution of interference from language contact to the differentiation of the Macedonian dialects. This is followed by an overview of dialectal differentiation from the perspective of the social axis: relations between rural and urban dialects and the influence of religion as a factor in differentiation. The general part should have concluded with a chapter on the place of Macedonian among the other Slavic and non-Slavic languages in the Balkans. Unfortunately the author did not finish that text -- we have presented only the main theses on which such a text would have been constructed in accordance with his plan.

I am not aware of another synthesis of this type whose subject is limited to a single Slavic language in all its dialectal variations, viewed both synchronically and diachronically. Usually synchronic syntheses are published separately, i.e. the current dialectal differentiation of the given territory is separate from the diachronic synthesis, the so-called historical grammar, where the history of the standard language dominates at the expense of the study of the development of dialectal systems. And yet again, a separate publication will be devoted to the social differentiation of the dialects, etc. In this work, the entire enormous corpus of factual material that is the subject of description and analysis is synthesized and interpreted in all the aspects mentioned above. Only an author who masterfully controlled this material and knew how to put it in a broad theoretical perspective could have accomplished such a task.

In the second part of this volume the western Macedonian dialect region is treated. The second volume of this publication includes monographic descriptions of the dialect complexes that comprise the southeast dialect region and also an overview of the northern dialects. The third volume consists of monographs on individual structural characteristics of vital significance for the dialectal differentiation of Macedonian.

Zuzanna Topolinjska

Издавач
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Коректура
Дејан Геговски
Марјан Марковиќ

Компјутерска обработка
Горан Ивковиќ

Корица
Јана Ацевска
Марјан Марковиќ

Печат
"Бошели"- Скопје

Тираж
1000 примероци